Број дваесет и шест

СВЕДОШТВО ЗА ЦРКВАТА

---

1. БИБЛИСКИ БИОГРАФИИ

Биографиите опишани во Библијата претставуваат историски записи за поединци кои навистина постоеле. Од Адам, во текот на неколку поколенија па сè до апостолските времиња имаме јасни и неразубавени записи за она што навистина се случувало и за вистинските доживувања на наведените личности. Многумина се чудат што вдахновената историја за животот на побожните луѓе изнесува факти кои фрлаат сенка на нивниот морален карактер. Неверниците со големо задоволство ги истакнуваат овие гревови и ги исмејуваат оние кои ги направиле. Вдахновените писатели не сведочеа лажно како светите страници не би биле замаглени од записите кои говорат за човечките слабости и грешки. Од Бога повиканите писатели го пишувале она што Светиот Дух им го диктирал, немајќи контрола самите над работата. Изнесувајќи ја вистината во нејзината потполност, откривале тешки и одвратни факти од причини кои нашиот ум во својата ограниченост не може потполно да ги сфати. {4C 9.1}

Еден од најсилните докази во прилог на автентичноста на Светото Писмо е токму во тоа што тука не се прикрива вистината ниту се намалуваат гревовите и на најистакнатите личности. Многумина сметаат дека е лесно да се прераскаже она што се случува околу нас во секојдневниот живот. Меѓутоа, докажано е дека на човекот му е невозможно да има потполно непристрасно мислење и суд за секој од своите современици. Исто така, речиси е невозможно, не отстапувајќи ни најмалку од строгата вистина, да се прераскаже историјата на поединци или народи со чиј живот сме запознати. Човечкиот ум е толку подложен на предрасуди, така што непристрасното расудување му е речиси невозможно. Или недостатоците и грешките на лицата кои се опишуваат премногу се истакнуваат, или пак премногу сјај се придава на нивните доблести, во зависност од тоа дали писателот му е наклонет или не. Колку и историчарот да сака да биде непристрасен, сите критичари ќе се согласат дека е многу тешко навистина да се биде таков. {4C 9.2}

Меѓутоа, божественото помазание ги издигнало вдахновените писатели над човечките слабости, и тие едноставно ја изнесувале суштинската вистина. Колку биографии се напишани за беспрекорните христијани кои со својот секојдневен живот и во семејството и во црквата оставиле блескави примери на побожност. Никаква мана не ја помрачува убавината на нивната светост, не е забележана ниту една нивна грешка според која би се видело дека и тие биле само луѓе од земјен прав како и останатите и подложни на вообичаените искушенија на човештвото. Но, ако нивната историја е пишувана со перото на вдахновение, колку поинаку таа би изгледала. Би биле разоткриени човечките слабости, борбата со себичноста, занесеноста и гордоста, можеби и сокриените гревови и постојаната борба помеѓу духот и телото. Дури ниту личните дневници не ги откриваат на своите страници грешните постапки на авторите. Понекогаш е забележан и понекој судир со злото, но обично дури тогаш кога доброто

веќе победило. Тука можат да се најдат верни записи за постапки вредни за пофалба и благородни потфати; но би било премногу да се очекува од писателот и кога има најчесни намери да води верен дневник за својот живот. За човекот е исто така речиси невозможно своите мани отворено да ги стави на увид на своите пријатели. {4C 10.1}

Ако нашата добра Библија ја пишувале невдахновени луѓе, таа би изгледала сосема поинаку и би претставувала обесхрабрувачки материјал за проучување за заблудените смртници, кои се борат со своите природни склоности и искушенија на итриот непријател. Меѓутоа, ваква каква што е, таа ни дава точни записи за верските искуства на најистакнатите личности од светата историја. Луѓето на кои Бог особено им бил наклонет и им доверувал големи одговорности понекогаш биле совладувани од искушение и правеле грев, како што и ние денес се бориме, се колебаме и често паѓаме во заблуда. Но, охрабрувачко е за нашите очајни срца сознанието дека овие луѓе преку Божјата благодат добивале нова сила и повторно се издигнувале над своите природни слабости. Имајќи го тоа на ум, и ние одлучуваме повторно да се впуштиме во борба. {4C 10.2}

Мрморењето на Израелците во пустината, нивните бунтови и незадоволства, силните чуда направени во нивна корист и казните кои ги стигнувале поради нивното идолопоклонство и неблагодарност кон Бога, сето тоа е запишано за наше добро. Примерите на Израелците во Стариот Завет се запишани за наша опомена, за да не го предизвикаме Божјиот гнев со слично неверство како и тие. Ако во Светиот Запис не се запишани и гревовите на Израелците, туку само нивните доблести, нивната историја за нас не би била таква поука каква што е. {4C 11.1}

Неверниците и оние кои го сакаат гревот ги оправдуваат своите злосторства повикувајќи се на гревовите на луѓето на кои Бог им дал авторитет во старо време. „Ако тие свети луѓе, попуштале на искушенијата и грешеле, тогаш не е никакво чудо што и ние правиме така”, заклучуваат тие. Со тоа тие сакаат да кажат за себе дека конечно и не се толку зли, имајќи ги пред себе примерите на така истакнати луѓе кои и покрај тоа грешеле. {4C 11.2}

Начелата на правдата барале во Светата Историја точно да се запишат фактите за доброто на оние кои подоцна ќе го читаат тоа. Во тоа гледаме докази на божествената мудрост. Од нас се бара да го држиме Божјиот закон, не само заради казната за непослушност, туку за наша корист и предупредување дадена е и историјата на Адам и Ева во рајот и за тажните последици на нивната непослушност на Божјите заповеди. Сето тоа е запишано целосно и многу јасно. Тука е и записот за законот кој му бил даден на човекот во Едем и за казната предвидена за неговата непослушност. Потоа следи историјата за искушението, падот и казната нанесена врз нашите заблудени прародители. Нивниот пример ни е даден нас како опомена против непослушноста, за да можеме да бидеме сигурни дека плата за гревот е смрт, дека Божјата правда мора да биде задоволена и дека Тој од Своите созданија бара строго држење на Неговите заповеди. Кога законот бил објавен на Синај, колку јасно била одредена казната за престап, колку неизбежна била казна за престапниците и колку јасно се забележани случаи кои тоа очевидно го потврдуваат тој факт! {4C 11.3}

Вдахновените писатели, верни на својата задача, не ги сокриваат гревовите на кои подлегнале: Ное, Лот, Аврам, Мојсеј, Давид и Соломон, па дури и Илија, човекот со толку силна вера, паднал со духот во моментот на својата тешка неволја. Верно се забележани Јонината непослушност и идолопоклонството на Израелците. Петровото срамно откажување од Христа, острата препирка помеѓу Павле и Варнава, слабостите и

недостатоците на пророците и апостолите, сето тоа го разоткрива Светиот Дух кој го подига превезот на тајната од човечкото срце. Пред нас се отворени животите на многумина верници со сите нивни недостатоци и лудости, за тоа да послужи како опомена и поука на сите идни генерации. Ако биле без никакви недостатоци, тие би биле повеќе од луѓе, и ние во својата грешност очајно би се сомневале дека некогаш ќе се воздигнеме на такво ниво на совршеност. Но гледајќи како тие се бореле и паѓале, како повторно станувале и со Божја благодат стекнувале победа, и ние стануваме охрабрени да ја продолжиме борбата во совладување на препреките кои нашата изопачена природа ни ги става на патот. {4C 12.1}

Бог секогаш бил верен да ги казни злосторствата. Тој ги испраќал Своите пророци да ги предупредат виновниците, да ги жигосаат нивните злосторства и над нив да искажат суд. Оние кои поставуваат прашања зошто Божјата реч ги открива гревовите на Неговиот народ на толку јасен начин за потсмевачите да се потсмеваат, а побожните да оплакуваат, треба да имаат на ум дека сето тоа е напишано токму за нивна поука, за да се чуваат од споменатите зла, а за пример да ги земаат само доблестите на оние кои Му служеле на Господа. {4C 12.2}

Нам ни се потребни токму такви поуки какви што ни изнесува Библијата, зашто покрај откривањето на гревовите нагласена е и казната која неизбежно ги следи. Болката и каењето на осведоченият виновник, болното лелекање на душата ранета од грев, допираат низ вековите и до нашите дни и ни говорат колку на човекот, и тогаш, како и денес, му е неопходна Божјата милост и простување. Тоа нè учи дека Бог, иако го казнува гревот, има сожалување и му простува на грешникот кој се кае. {4C 12.3}

Во Своето провидение, Бог нашол за сообразно припадниците на Својот народ да ги поучува и да ги опоменува на различни начини. Познавањето на Својата волја Тој им го открива со непосредна заповед, со посредство на Светите списи на Библијата и духот на пророштвото. Моја задача е отворено и јасно да укажувам на грешките и заблудите на Божјиот народ. Тоа што гревовите на извесни поединци се изнесени на виделина не е никаков доказ дека во Божји очи тие се полоши од оние чии недостатоци останале неоткриени. Меѓутоа, мене ми е покажано дека не е мое да бирам што треба да работам, туку понизно да се потчинам на Божјата волја. Заблудите и престапите во животот на таканаречените христијани се запишани за поука на оние кои се склони да паднат во исти искушенија. Искуствата на едните, како светилник на морската шир, претставуваат силно предупредување за другите да се чуваат од опасните карпи. {4C 12.4}

На тој начин откриени се стапиците и лукавствата на непријателот, важноста на усовршувањето на христијанскиот карактер и средствата со помош на кои можеме и да ја остваримe таа цел. Така Бог ни укажува на она што е неопходно за да го осигуриме Неговиот благослов. Многумина се склони бунтовнички да реагираат кога ќе се укаже на гревовите кои ним не им се особено својствени. Духот на нашето време е: „Зборувајте ни мили работи” (Исаија 30:10). Но духот на пророштвото ја зборува само вистината. Беззаконието се намножило и љубовта на многумина кои тврдат дека се Христови следбеници оладила. Тие се слепи за беззаконијата на сопственото срце и не ја увидуваат својата слаба и беспомошна состојба. Во Својата милост, Бог ја подига завесата и им покажува дека зад сè што е видливо постои око кое ги гледа не само нивните тајни гревови, туку и побудите кои ја поттикнуваат секоја нивна постапка. {4C 13.1}

Гревовите на популарните цркви се варосани. Многумина од нив се оддаваат на најлоши пороци и тонат во беззаконие. Вавилон паднал и станал кафез на секакви нечисти и одвратни птици! Под превезот на христијанството наоѓаат закрила најодвртаните гревови на ова време. Многумина јавно проповедаат дека Божјиот закон е укинат и со својот живот тоа навистина и го потврдуваат. Ако нема закон, тогаш нема ниту престап, па според тоа ниту грев, бидејќи гревот е престап на законот. {4C 13.2}

Телесното мудрување е во непријателство со Бога и се бунтува против Неговата волја. Кога еднаш ќе го отфрли јаремот на послушноста, човекот несвесно се втурнува во беззаконие и злосторство. Беззаконието сè повеќе зема замав меѓу оние кои се фалат со чиста и совршена верска слобода. Нивниот живот е одвратен за Господа, и тие се соработници со непријателот на душите. Тие го свртуваат својот поглед од светлината на сегашната вистина и убавината на светоста за нив е само сенка. {4C 13.3}

Несфатливо е на колку несигурен темел многумина ја засноваат својата надеж за спасение! Потсмевајќи се на законот на Семоќниот, тие како да сакаат да Му се спротивстават на Својот Законодавец и Неговата реч ја прават потполно ништожна. Дури и самиот сатана, со сето свое знаење за божествениот закон, не би се осмелил така да зборува за него, како што зборуваат од проповедалната некои проповедници кои се полни со омраза кон законот; но сепак слушајќи го нивното богохулење, тој ликува. {4C 14.1}

Покажано ми е што е човекот без познавање на Божјата волја. Неговиот живот е полн со злосторство и беззаконие. Но, до каква промена доаѓа во неговото срце кога Божјиот Дух во потполност ќе му ја открие сета големина и значење на законот! Слично на Валтазар, тој со пробудена свест го чита она што е напишано со раката на Семоќниот, а осведочувањето му ја обзема душата. Громовите на Божјата реч го будат од неговата духовна замреност и тој бара милост во Христово име. Бог е секогаш подготвен да слушне вакви понизни молитви и Тој никогаш не го остава неутешен искрениот покајник. {4C 14.2}

Господ нашол за соодветно да ми ги открие потребите и заблудите на Својот народ. Иако тоа за мене беше многу болно, верно и во склад со упатствата на Светиот Дух им ги откривав на престапниците нивните гревови, како и средствата со кои можат да се излекуваат од тоа. Во многу случаи, ова предизвика озборување и огорченост против мене токму од страна на оние за кои се залагав и страдав. Но поради тоа, јас не скршнав од својот пат. Сам Бог ми ја даде оваа задача и, потпомогната од Неговата сила, ги извршував болните должности кои Тој ги стави пред мене. Така Божјиот Дух упатуваше преку мене не само опомени и осуди, туку исто така и слатки ветувања на милост. {4C 14.3}

Кога припадниците на Божјиот народ би го препознале Неговото постапување со нив и кога би ги прифатиле Неговите поуки, би нашле сигурен пат за своите нозе и светлина која би ги водела низ темнината на неизвесноста и честите обесхрабрувања. Божјото постапување со Давид го научило на вистинска мудрост и пред казната на Семоќниот тој се понизил до самата земја. Пророкот Натан верно му ја прикажал на Давид неговата вистинска состојба, му ги открил неговите гревови и на тој начин му помогнал да ги признае и да ги отфрли. Тој во кротост го прифатил советот и се понизил пред Бога. „Господовиот закон”, извикал тој, „е совршен, ја обратува душата”. {4C 14.4}

Грешниците кои се каат немаат причина да очајуваат поради тоа што се потсетени на нивните гревови и што се предупредени на опасност. Токму тие напори направени поради нив им покажуваат колку Бог ги љуби и сака да ги спаси. За да го

наследат вечниот живот, тие треба само да го послушаат Божјиот совет и да ја извршуваат Неговата волја. На заблудените во Својот народ Бог им ги открива нивните гревови за, во светлината на божествената вистина, да ги согледаат во сета нивна одвратност. И тогаш нивна должност е да ги отфрлат засекогаш. {4C 15.1}

Бог и денес е моќен да спасува од гревот како што бил и во времето на патријарсите, во времето на Давид, на пророците и апостолите. Мноштво случаи забележани во светата историја, кои покажуваат како Бог ги ослободувал припадниците на Својот народ од нивните беззаконија и гревови, треба да ги направат христијаните на нашите денови поревни во прифаќањето на божествените поуки и усовршувањето на карактерот, за да се подготват за строгото испитување на судот кој доаѓа. {4C 15.2}

Библиската историја ги храбри срцата на обесхрабрените, исполнувајќи ги со надеж и вера во Божјата милост. Не треба да очајуваме кога од тие историски записи гледаме дека и други поминувале низ слични обесхрабрувања како и ние, паѓале во слични искушенија, па сепак излегувале како победници и примиле Божји благослов. На заблудената душа зборовите на вдахновение секогаш ѝ донесуваат утеха и охрабрување. Иако патријарсите и апостолите биле подложни на човечки слабости, сепак со вера добивале признание и одобрување од небото, ја извојувале својата битка во Господова сила и славно победиле. Така и ние можеме да се потпреме на Христовите заслуги на откупувачката жртва и да победиме во Негово име. Човечката природа е само човечка од Адамови денови па сè до денешната генерација, а Божјата љубов останува неспоредлива низ вековите. {4C 15.3}

---

2. ЕДИНСТВО ВО ЦРКВАТА

Драги браќа, како што различните органи на човечкиот организам обединети го сочинуваат телото комплетно, и секој ја извршува својата улога покорувајќи се на власта на разумот кој управува со целината, така и членовите на Христовата црква треба да бидат обединети во една складна организација и потчинети на посветениот разум на целината. {4C 16.1}

Напредокот на црквата го попречуваат самите нејзини членови со своите погрешни постапки. Самиот чин на пристапување на црквата, иако многу значаен и неопходен, никого не го прави христијанин, ниту може да му осигура спасение. Право на спасение не може да стекнеме само со тоа што името ни е запишано во книгата на црквата, ако со срцето сме далеку од Христа. Ние треба да бидеме Негови верни претставници на оваа Земја, работејќи во потполна хармонија со Него. „Возљубени, сега сме Божји деца”. Да го имаме секогаш на ум тоа свето сродство и да се трудиме да не направиме ништо со што би го обесчестиле делото на нашиот небесен Татко. {4C 16.2}

Верата која ја исповедаме е многу возвишена. Како адвентисти кои ја празнуваат саботата, ние исповедаме послушност кон сите Божји заповеди и го очекуваме скорото доаѓање на нашиот Откупител. На Своите малубројни верни Бог им ја доверил најсвечената вест на опомена за овој свет. Со своите зборови и дела мораме да покажеме дека ја сфаќаме големата одговорност што ни е доверена. Нашата светлина треба да блеска толку јасно што и други ќе видат дека со својот секојдневен живот го

славиме Бога, дека постојано сме поврзани со небото како Христови сонаследници, дека кога ќе се појави во голема сила и слава, ќе бидеме како Него. {4C 16.3}

Сите ние, како членови видливата црква и како работници во Неговото лозје, треба да чувствуваме лична одговорност. Да не очекуваме нашите браќа, кои се исто така слаби смртници како и ние самите, постојано да ни помагаат; бидејќи нашиот драг Спасител го повикува секого поединечно да се обединиме со Него, да ја соединиме својата слабост со Неговата сила, своето незнаење со Неговата мудрост, својата недостојност со Неговите заслуги. Никој од нас не може да остане неутрален. Со своето влијание ние сведочиме или за Христа или против Него. Ние сме активни соработници или за Христа или за непријателот. Или собираме со Христа, или пак растураме. Вистинската обратеност претставува радикална промена. И самиот тек на мислите и склоностите на срцето треба да се изменат и животот треба потполно да се обнови во Христа. {4C 16.4}

Бог води еден народ кој во совршено единство треба да стои на платформата на вечната вистина. Христос дошол на светот да се жртвува за спасението на изгубените и да „очисти за Себе избран народ кој копнее за добри дела". Тој процес на чистење и облагородување треба да ја очисти црквата од секоја неправда и да го отфрли духот на неслога и расправија, за да можат нејзините припадници да градат, а не да рушат, насочувајќи ги сите свои енергии на големото дело што им е доверено. Божја намера е Неговиот народ да дорасне во потполно единство на верата. Непосредно пред Своето распнување, Христос се молел Неговите ученици да бидат едно како што е Тој едно со Таткото, за да може светот да поверува дека навистина Таткото Го испратил. Таа најтрогателна и најпрекрасна молитва допира низ сите векови сè до наши денови, бидејќи Тој нагласува: „Не молам само за нив, туку и за оние што ќе поверуваат во Мене поради нивните зборови". {4C 17.1}

Каква сесрдност би требало да покажат Христовите следбеници во настојувањето со својот секојдневен живот да одговорат на оваа Христова молитва. Многумина не ја сфаќаат светоста на поврзаноста со црквата и со незадоволство ѝ се потчинуваат на дисциплината и ограничувањето. Со своите постапки и живот тие покажуваат дека за нив личното мислење е покомпетентно од единствено прифатениот став на црквата и не се притеснуваат да поттикнуваат дух на спротивставување кон гласот на црквата. Оние кои се наоѓаат на одговорни положби во црквата можат да имаат свои недостатоци како и останатите луѓе, можат и да згрешат во своите одлуки; но, и покрај сето тоа, Христовата црква на Земјата им дала авторитет кој не смее да се потценува ниту презира. По Своето воскресение, Христос ја пренел власта на Својата црква, велејќи: „На кој ќе му ги простите гревовите, простени му се, а на кој ќе ги задржите, задржани се". {4C 17.2}

Поврзаноста со црквата не треба лесно да се раскинува; па сепак некои кои тврдат дека се Христови следбеници, кога ќе им се застане на патот или кога нивниот глас го нема она влијание кое според нивно мислење го заслужува, тие се заканuваат дека ќе ја напуштат црквата. Но, ако ја напуштат црквата, најголеми губитници ќе бидат токму самите тие; бидејќи - напуштајќи ја заштитната ограда на нејзиното влијание - потполно се изложуваат на сите можни искушенија на овој свет. {4C 17.3}

Секој верник треба со сето срце да биде поврзан со црквата. Напредокот на црквата треба да му биде на прво место; но ако тој не чувствува света обврска со своето членство да биде на благослов на целината, а не да го гледа својот личен интерес, тогаш на црквата ќе ѝ биде многу подобро без него. Секој од нас е во можност да направи

нешто за Божјото дело. Има и такви кои трошат големи суми на пари на непотребен луксуз; тие му угодуваат на апетитот и на сите свои барања, а сметаат дека е голем товар со своите средства да ѝ помогнат на црквата. Тие со задоволство ги користат сите предности кои таа им ги пружа, додека плаќањето на сметки попрво им го препуштаат на другите. Оние на кои навистина им е до напредокот на Божјото дело нема да се притеснуваат со своите средства да го потпомогнат ширењето на истото секаде каде што ќе затреба. Тие исто така сметаат за света обврска Христовото учење да го украсуваат со својот живот и карактер, живеејќи во мир и совршена слога со своите браќа како нераскинлива целина. Своето лично мислење тие треба да го потчинат на судот на црквата како целина. Многумина живеат само за себе. Потполно се задоволни со својата состојба, ласкајќи си себеси дека се беспрекорни, додека всушност не прават ништо за Бога и живеат во потполна спротивност со Неговата јасно изразена волја. Надворешното почитување на обредот и формата никогаш не може да ја задоволи големата потреба на човечката душа. Самото исповедање на верата во Христа не е доволно за да се одржиме на денот на Божјиот суд. Неопходна е потполна доверба во Бога, детска доверба во Неговите ветувања и потполна предаденост на Неговата волја. {4C 18.1}

Припадниците на Својот народ Бог секогаш ги проверувал во огнот на неволи и страдања за да се покаже нивната цврстина и верност и за да се очистат од секое беззаконие. Откако Аврам заедно со својот син го издржал најтешкиот испит на кој можеле да бидат изложени, Бог, преку Својот ангел, му рекол: „Сега дознав дека се боиш од Бога, кога не го пожали својот син единец поради Мене". Овој голем чин на вера придонесол Аврамовиот карактер да заблеска со извонреден сјај. Тоа најубедливо ја илустрира неговата доверба во Господа, на чие барање не можел да скрати ништо, па дури ниту синот единец кој бил дете на ветувањето. {4C 18.2}

За нас ништо не би смеело да биде толку драгоцено за тоа да не би можеле да Му го дадеме на Исуса. Ако Му ги вратиме талентите што ни ги доверил на чување, Тој ќе ни даде уште повеќе. Секој напор кој ќе го направиме за Христа ќе биде награден и секоја должност што ќе ја извршиме, кога тоа Му го правиме Нему, ќе придонесе за нашата лична среќа. Бог го предал Својот љубен Син на страшна смрт со распнување на крст, за сите кои веруваат во Него да станат едно во Христа Исуса. Кога Христос се согласил на толку голема жртва за да ги спаси луѓето и да ги доведе до такво меѓусебно единство, како што е Тој едно со Таткото - која денес жртва смее да биде преголема за Неговите следбеници да го сочуваат тоа единство? {4C 19.1}

Кога луѓето на овој свет ќе го видат совршеното единство и слога во Божјата црква тоа за нив ќе биде силен доказ во прилог на христијанската вера. Со неслога, несреќни кавги и незначителни тешкотии во црквата ние го срамиме Својот Откупител. Сето ова би можело да се избегне кога сопственото „јас" би се потчинило на Бога и кога Христовите следбеници би го уважувале гласот на црквата. Неверството ни дошепнува дека личната независност го подига нашиот углед и значење и дека своите сфаќања за тоа што е добро и исправно да се подредат на судот на црквата значи слабост. Меѓутоа, опасно е да се попушта на ваквите чувства и погледи, бидејќи тоа води во анархија и збрка. Христос ја имал во вид неопходноста од единство и христијанско братство во Божјото дело и затоа тоа им го ставил во должност на Своите ученици. И историјата на христијанството оттогаш па сè до наши дни непобитно докажува дека силата е само во единството. Личното мислење треба да се потчини на авторитетот на црквата. {4C 19.2}

Апостолите, сфаќајќи ја неопходноста од цврсто единство, најсесрдно работеле на тоа. Имајќи го токму тоа во вид, апостол Павле ги бодри своите браќа со овие зборови: „Ве молам, браќа, во името на Господа Исуса Христа сите едно да зборувате и да нема меѓу вас расправии и судири, да бидете утврдени во еден разум и во еднакво расудување". {4C 19.3}

На браќата во Филипи тој им пишува: „И така, ако во Христос има некаква утеха, ако има некаков поттик од љубовта, ако има некакво заедништво со Духот, ако има некое милосрдие и сострадание, исполнете ја мојата радост: бидете со една мисла, бидејќи имате една и иста љубов и бидете еднодушни и едномислени; не правете ништо од честољубие или за празна слава, но од понизност сметајте се еден друг за погорен од себеси! Не грижете се секој само за себе, туку и за другите". {4C 20.1}

На Римјаните тој им пишува вака: „А Бог на трпението и утехата да ви даде да бидете едномислени меѓу себе, според примерот на Христос Исус, та еднодушно и со една уста да Го славите Бога и Таткото на нашиот Господ Исус Христос. Затоа примајте се еден со друг, како што и Христос ве прими, заради славата Божја". „Бидете меѓу себе едномислени; не ставајте си во умот високи работи, туку предајте се кон скромни нешта; не мислете дека сте мудри". {4C 20.2}

На црквите расеани по светот апостолот Петар им пишува: „А најпосле, бидете сите еднодушни, сочувствителни, братољубиви, милосрдни, дружељубиви, понизни; не враќајте зло за зло или навреда за навреда, туку напротив: благословувајте, знаејќи дека за тоа сте повикани за да наследите благослов". {4C 20.3}

И Павле, во своето послание до Коринтјаните нагласува: „Најпосле, браќа, радувајте се, усовршувајте се, утешувајте се, имајте мир и Бог на љубовта и мирот ќе биде со вас". {4C 20.4}

---

3. ДА ОДИМЕ САМО НАПРЕД

Огромно мноштво Израелци радосно и со триумф излегло од Египет, од земјата која била сцена на нивното долго и тешко ропство. Египќаните не се согласиле да ги ослободат сè додека не биле принудени од страшните Божји судови. Ангелот на одмаздата ја посетил секоја египетска куќа донесувајќи смрт на првороденото во секое семејство. Никој не бил поштеден, од фараоновиот наследник па до првенецот и на последниот затвореник во неговиот затвор. Поморот, како што заповедал Господ, ги зафатил и првенците до стоката. Меѓутоа, ангелот на смртта поминал крај домовите на Израелевите синови и таму не влегувал. {4C 20.5}

Згрозен од оваа страшна неволја, која ја погодила целата негова нација, истата ноќ фараонот ги повикува Мојсеј и Арон и им наредува да го напуштат Египет. Побарал веднаш да тргнат без никакво одложување, бидејќи, заедно со своите поданици, смртно се исплашил дека целата негова земја ќе се претвори во огромна гробница ако Бог не го повлече ова страшно проклетство. {4C 21.1}

Примајќи ја радосната вест за своето конечно ослободување, Израелевите синови со воодушевување побрзале да ја напуштат земјата на своето ропство. Но, патот бил напорен и нивното воодушевување и храброст набргу исчезнале. Патот ги водел преку голи ридови и пусти рамници. Третата ноќ ги затекнала опкружени со планински

венци од сите страни, додека пред нив била морската шир на Црвеното море. Биле ужаснати од својата безизлезна состојба. Почнале да го обвинуваат Мојсеј затоа што ги довел до тоа место, верувајќи дека ги повел по погрешен пат. „Тоа сигурно не е патот за пустината Синај и Хананската земја ветена на нашите татковци", зборувале тие. „Не можеме да продолжиме понатаму; бидејќи мораме во Црвеното море, или назад во Египет". {4C 21.2}

А тогаш, за безизлезноста на нивната положба да биде уште поцелосна, ја здогледале египетската војска која тргнала во потера по нив. Таа страшно опремена војска ја предводел самиот фараон, кој се покајал што ги пуштил Израелците, стравувајќи дека на тој начин им овозможил да прераснат во голема непријателска нација. Колку за Израелците била страшна и полна со неизвесност оваа ноќ! Каква спротивност со она величествено утро кога ослободени од египетското ропство радосно марширале кон пустината! Колку се чувствувале беспомошни пред своите силни непријатели! Со лелекањето на престрашените жени и деца, со заглушното рикање на вознемирената стока и блеењето на овците уште повеќе се зголемила и онака мачната конфузна ситуација. {4C 21.3}

Но дали Бог престанал да се грижи за Својот народ, препуштајќи ги да бидат потполно уништени? Нема ли Тој да ги предупреди на опасноста и да ги ослободи од нивните непријатели? Тој не наоѓа задоволство во неволјата на Својот народ. Преку Мојсеј, Тој им наредил да се улогорат покрај Црвеното море и ги известил за фараоновата намера со следниве зборови: „И така фараонот ќе рече за синовите израелски: 'Заскитале во таа земја, пустината ги затворила.' А Јас ќе направам да се ожесточи срцето на фараонот и тој да појде во потера по нив. Но Јас ќе се прославам над фараонот и над сета негова војска. И сите Египќани ќе познаат дека Јас сум Господ". {4C 22.1}

На чело на огромното мноштво Израелци стоел сам Христос. Таинствениот столб кој дење личел на облак, а ноќе на оган, го претставувал нивниот божествен Водач. Но, Израелците не го поднесувале трпеливо тестот со кој Бог ги проверувал. Тие го подигнале својот глас во бунт и напад на Мојсеј, својот видлив водач, мислејќи дека тој ги изложил на таа голема опасност. Тие немале доверба во Божјата заштитиничка сила, ниту ја препознавале Неговата рака која ги спречувала злата кои ги опкружувале. Во својот бесен ужас заборавиле на стапот со кој Мојсеј го претворал во крв водите на големиот Нил и ги придвижувал големите зла со кои Бог ги казнувал Египќаните затоа што го мачеле Неговиот избран народ. Заборавиле толку чуда кои Бог ги направил за да ги изведе од земјата на нивното ропство. {4C 22.2}

„О", викале тие, „колку поодобро ќе ни беше да останевме во ропство! Подобро е да се живее како робови отколку да се умре од глад и исцрпеност во пустината, отколку да изгинеме во војна со нашите непријатели". Горчливо го осудувале Мојсеј што не ги оставил таму каде што биле, отколку да ги води да пропаднат во пустината. {4C 22.3}

Мојсеј бил многу болно погоден што неговиот народ има толку малку вера, особено по толку повторени докази за Божјата чудесна сила манифестирана во нивна корист. Го болело што толку слепо го обвинуваат за сите опасности и неволи кои ги снаоѓаат, додека тој едноставно само го извршувал она што Господ му наредил. Но, верувајќи цврсто дека Господ ќе ги изведе од таа опасност, ги стивнал стравувањата и обвинувањата на вознемиреният народ иако ниту самиот не знаел на кој начин ќе бидат ослободени. {4C 22.4}

Положбата во која се нашле била навистина толку тешка и безизлезна, така што само Божјата сила можела да ги спаси; но тие во тој безизлезен теснец се доведени покорувајќи се на божествените заповеди и затоа Мојсеј не се плашел од последиците. Тој „му рекол на народот: Не плашете се, застанете и ќе видите како Господ ќе ве спаси денес: Египќаните, како што ги гледате денес, нема повеќе никогаш да ги видите довека. Господ ќе се бори за вас, а вие бидете спокојни!” {4C 23.1}

Не било ниту малку лесно да се смират масите Израелци да чекаат на спасението од Господа. Тие биле многу вознемирени и уплашени. Ненавикнати на дисциплина и самоконтрола и под влијание на страшната стварност на својата положба, станале подготвени на насилни и непромислени постапки. Им се чинело дека само што не паднале во рацете на своите поробувачи, па во своето лелекање и обвинувања станале уште погласни и подлабоки. Чудесниот столб од облак ги следел на нивниот пат и ги штител од силните сончеви зраци. Во текот на денот величествено лебдел над нив за да не бидат изложени ниту на сонце ниту на невреме, а ноќе се претворал во огнен столб кој го осветлувал патот пред нив. Досега го следеле како од Бога даден знак, како и во која насока треба да го продолжат својот пат; а сега почнале да се прашуваат: не е ли тоа можеби предзнак на некоја страшна несреќа која само што не паднала на нив; зар токму тој не ги завел по другата страна на планината во оваа страшна беспатица? Така Божјиот ангел за нивниот заслепен ум изгледал како предвесник на пропаста. {4C 23.2}

Меѓутоа, кога египетската војска им се приближила очекувајќи дека лесно ќе ги направи свој плен, столбот од облак величествено се подигнал кон небото, преминал преку Израелците и се спуштил меѓу нив и египетските чети. Непросирен ѕид од темнина се поставил помеѓу прогонетите и нивните гонители. Египќаните веќе не можеле да го забележат еврејскиот логор и биле принудени да застанат. Меѓутоа, кога ноќната темнина станала сè погуста, столбот од облак од израелска страна блескал со сè поголема светлина така што во нивниот логор се гледало како сред бел ден. {4C 23.3}

Тогаш се повратила надежта во срцата на Израелците дека сепак можат да бидат избавени. Мојсеј го подигнал својот глас кон Господа. „А Господ му рече на Мојсеј: ‘Зошто викаш кон Мене? Кажи им на синовите на Израел нека врват. А ти земи го стапот свој и протегни ја раката своја врз морето и раздели го, и нека минат синовите израелски, среде море по суво.’” {4C 24.1}

Покорувајќи се на божествената заповед, Мојсеј го испружил својот стап кон морето и морската шир се разделила на два дела, формирајќи ѕидови од пенливи бранови и од едната и од другата страна и оставајќи на Израелевите синови широк премин по дното на морето. Светлината што ја ширел огнениот столб ги осветлувала пенливите врвови на брановите, осветлувајќи го патот кој како огромна длабока бразда се протегал преку водените пространства на Црвеното море и се губел во далечината на спротивниот брег кој едвај се назирал. {4C 24.2}

Цела ноќ пешачеле Израелевите синови по тој чудесен премин кој Бог го отворил пред нив преку Црвеното море, додека облакот ги криел од очите на нивните непријатели. Египќаните пак, изморени од маршот се улогориле на брегот да ја поминат ноќта. Гледајќи дека Израелците се пред нив и дека никако не можат да им избегаат - одлучиле да се одморат преку ноќта и изутрина да ги направат свој лесен плен. Ноќта била исклучително мрачна, а облаците кои се надвиле над нив, им се приствориле толку близу како да можат да ги допрат со раце. Сите војници бргу потонале во длабок сон, дури и стражарите задремале на своите стражарски места. {4C 24.3}

Продорниот звук на трубата за узбуна одеднаш ја пробудил од сон сета египетска војска. Облакот се подигнал! Израелците тргнале! Од далечина, од страна на Црвеното море, допирале гласови и одекот на силното мноштво во движење. Сè уште било толку мрачно, така што не можеле да го видат и да го препознаат народот кој се оддалечувал, но била издадена заповед без одложување да се тргне во потера. Тогаш се слушнал звекот на оружје, чкрипење на борбени коли, врисок на коњи и постројување на војската во разни формации. Најпосле се оформила долга колона и тие тргнале низ темнината во правец на мноштвото кое сè повеќе се оддалечувало. {4C 24.4}

Во мрак и забуна продолжиле беспомошно да одат по прогонетите, не знаејќи дека одат по морското дно и дека, и од една и од друга страна, како карпи во некој кањон, се наоѓаат масивни морски бранови. Едвај чекале да се раздени за да ги откријат Израелците и да утврдат каде се наоѓаат и самите. Тркалата на нивните кочии почнале сè подлабоко да пропаѓаат во песокта, преморените коњи да се заплеткуваат и да паѓаат, конфузијата да станува сè подлабока; но тие сепак продолжиле понатаму, сигурни во својата победа. {4C 24.5}

Конечно пред нивните зачудени очи, таинствениот облак се претворил во огнен столб. Ненадејната грмотевица, светкањето на молњите и страотниот виор на бранови кои бесно се кршеле околу нив, ги исполниле нивните срца со страв. Зажарената светлина на огнениот столб најпосле ги открила пред вчудовидените Египќани страотните маси на вода и од едната и од другата страна. Тогаш тие го здогледале широкиот пат, кој сам Господ го отворил за Својот народ преку длабочината на морето, и Израелците како во сигурност ликуваат на другиот брег. {4C 25.1}

Тогаш ги обзеле паника и ужас. Среде разбеснетите стихии во кои го слушнале гласот на разгневениот Бог, се обиделе да се вратат по своите траги и да побегнат на брегот од кој тргнале. Но, Мојсеј го испружил својот стап и огромните маси на вода насобрани од двете страни, рикајќи страотно и безумно за својот плен, се срушиле со писок и татнеж на египетската војска. Горделивиот фараон и неговите легии, позлатената кочија и сјајното оружје, коњите и коњаниците, биле проголтани од брановите на разбеснетото море. Силниот Израелев Бог ги ослободил Своите избраници и тие радосно упатиле кон небото песни на благодарност за своето чудесно избавување. {4C 25.2}

Историјата на Израелевите синови е запишана за поука и бодрење на сите христијани. Кога би се нашле во опасност и тешкотии и кога им се чинело дека ситуацијата во која се наоѓаат е безнадежна, покажувале недостаток на вера и мрмореле против водачот кој сам Бог им го поставил. Го обвинувале дека без потреба ги изложува на опасност, иако тој само се покорувал на Божјиот глас. {4C 25.3}

Божествената заповед гласела: „Напред!” Не смееле да чекаат патот пред нив да стане потполно јасен и во целост да го сфатат планот на своето ослободување. Божјото дело треба да напредува и Тој ќе го отвори патот пред Својот народ. Да се колеба и да се мрмори значи да се манифестира недоверба во Израелевиот Светец. Во Своето провидение, Бог ги довел Израелците во ова планинско утврдување со Црвеното море пред нив - за со Својата чудесна интервенција засекогаш да ги ослободи од нивните непријатели. Тој можел да ги спаси и на друг начин, но го избрал токму овој за да ја испита нивната вера и силата на нивната доверба во Него. {4C 25.4}

Вината за тоа што Израелците постојано мрмореле не можеме да му ја припишеме на Мојсеј. Нивниот бунтовнички дух и непокорност на срцето ги наведувале

постојано да го обвинуваат човекот кого Бог го избрал да ги води. Додека Мојсеј, раководејќи се од Господовиот страв и Неговите упатства во потполност верувал во Неговите ветувања, оние кои биле должни да го поддржуваат манифестирале обесхрабреност, гледајќи пред себе само несреќа, пораз и смрт. {4C 26.1}

Денес Господ е во врска со Својот народ кој верува во сегашната вистина. Тој сака во Неговото дело да се остварат значајни резултати и, додека во Своето провидение не престанува да работи на тоа, Тој постојано им порачува на припадниците на Својот народ „Одете напред!" Навистина, патот сè уште не е отворен; но кога тие храбро и во сила на верата одат напред, Бог ќе направи патот по кој треба да продолжат да им биде потполно јасен. Секогаш, како и во старозаветниот Израел, ќе има такви кои се жалат и кои за настанатите тешкотии ги обвинуваат токму оние кои се од Бога повикани да го унапредат Неговото дело. Таквите не увидуваат дека Бог ги проверува со тоа што дозволува да се најдат во незавидна положба, од која може да ги ослободи само Тој со Својата рака. {4C 26.2}

Има моменти кога христијанскиот живот е преполн со опасности и кога должноста која треба да се изврши изгледа многу тешка. Во својата имагинација гледаме слика според која пред нас е неизбежна пропаст, а зад нас ропство и смрт. Но над сета таа обесхрабреност сепак јасно се слуша Божјиот глас: „Само напред!" На таа заповед треба да ѝ се покориме, без оглед на последиците, дури и тогаш кога со својот поглед не можеме да продреме низ темнината на неизвесноста и кога под нозете веќе ги чувствуваме студените бранови. {4C 26.3}

Израелците навистина биле уморни и преплашени; но да не послушале кога Мојсеј им наредил да одат напред, ако не пристапиле до самата вода на Црвеното море, Бог никогаш не би го отворил патот пред нив. Чекорејќи до самата вода покажале дека веруваат во Божјата реч изговорена преку Мојсеј. Направиле сè што било во нивна моќ, а тогаш Семоќниот го направил Своето - раздвојувајќи го морето за да отвори пат за нивните нозе. {4C 26.4}

Облаците кои толку често се натрупуваат над нашиот пат никогаш нема да се разидат пред колебливиот дух на оние се сомневаат. Неверството вели: „Препреките кои се пред нас не можеме да ги совладаме на никаков начин; да почекаме тие да се отстранат за да можеме појасно да го видиме патот пред себе". Но верата на охрабрително не ургира да одиме напред, надевајќи се во сè, верувајќи во сè. Послушноста кон Бога донесува сигурна победа. Небото можеме да го достигнеме само со вера. {4C 27.1}

Помеѓу нашата историја и библиските записи за Израелевите синови постои голема сличност. Како Свој народ, Бог ги извел од Египет и ги одвел во пустината, каде што можеле да го држат Неговиот закон и да го слушаат Неговиот глас. Египќаните, кои не мареле за Господа, се улогориле недалеку од нив. Меѓутоа, она што за Израелците претставувало извор на светлина, која го осветлувала целиот нивен логор, осветлувајќи го со своите блескави зраци и патот кој се пружал пред нив, тоа за фараоновата војска бил вистински ѕид на мрачни облаци, кои темнината на ноќта ја направиле уште понепросирна. {4C 27.2}

Така и денес постои народ чии припадници Бог ги смета за чувари на Својот закон. За оние кои ги држат, тие заповеди се како столб од оган кој го осветлува нивниот пат и ги води во вечно спасение. Но за оние кои ги презираат и отфрлаат, тие заповеди се како мрачни облаци кои темнината на ноќта ја прават уште погуста. „Почеток на мудроста е стравот Господов". Разбирањето на Божјата реч е подобра од секое друго

знаење. Послушноста на Божјите заповеди донесува најголема награда и никаков повод на овој свет не би смеел да го наведе христијанинот ниту за еден момент да се поколеба во својата верност кон Бога. Богатството, почестите и сјајот на овој свет претставуваат само згура која ќе исчезне во пламенот на Божјиот гнев. {4C 27.3}

Гласот со кој Господ им наредува на Своите верници: „Само напред", често претставува најтешка проба за нивната вера. Но ако тие ја одлагаат послушноста сè додека од нивната свест не исчезне и последната сенка на неизвесност и додека не се осведочат дека нема никаква опасност од неуспех или пораз, никогаш нема ни да тргнат. Оние кои мислат дека им е невозможно да се потчинат на Божјата волја и да веруваат во Неговите ветувања сè додека сè не им стане јасно - никогаш нема да се потчинат потполно и во сè. Верата не е неизвесност до која се доаѓа со стекнување на знаење; таа е „подлога за увереноста во она на кое се надеваме, докажување на она што не го гледаме". Послушноста кон Божјите заповеди претставува единствен пат да стекнеме Негово одобрување. „Само напред" - тоа треба да биде лозинка на христијанинот. {4C 27.4}

_____

4. ПОПУШТАЊЕ НА АПЕТИТОТ

Драги браќа и сестри, покажани ми се некои поединости во врска со црквата во _____. Укажано ми е на состојбата на поединци кои по многу нешта ги претставуваат и случаите на многу други. Меѓу таквите се наоѓаат и Сестрата А и нејзиниот сопруг, кого Господ го осведочил во поглед на вистината. Тој бил воодушевен од хармонијата и духот на вистината и се чувствувал среќен исповедајќи ја. Меѓутоа, сатаната му се приближи со неговите искушенија за попуштање на апетитот. {4C 28.1}

Брат А долго попуштал на своите барања за надразнувачки средства кои значително придонесуваат кон слабеење на духовните, умните и моралните сили. Разумот и расудувањето паѓаат во ропство на изопачените и неприродни барања, а човековото право по раѓање и неговата од Бога дадена мажевност се жртвуваат на навиките на неумереност. Ако брат А проучувал Божјата реч и ја сметал за свое животно правило, ако со вера се потпрел на Бога и во молитва барал благодат да победи, би добил сила во Христово име да ги осуети намерите на искушувачот. {4C 28.2}

Но брат А никогаш не ги сфатил возвишените барања кои Бог ги има во однос на него. Со своите навики во јадењето и пиењето и со распуштениот живот, тој значително ги ослабел своите морални способности. Прифаќајќи ја вистината, тој требал својот карактер да го формира така што ќе биде соодветен за на небо. Бог сака да го испита и да го провери. Тој има задача која никој друг не може да ја изврши за него. Со својствениот начин на живот тој пропуштил многу драгоцени години на милост и проба, години во кои можел да стекне суштинско искуство во верата, знаење за Христовиот живот и за Неговата неизмерна жртва направена за да го ослободи човекот од сатанските окови, и да може да го слави Неговото име. {4C 28.3}

Христос го платил откупувањето на човекот со многу висока цена. Во пустината на искушението ги издржал најстрашните маки на гладување. И додека така измачен од долг пост немоќно лежел на земјата, Му пришол сатаната со своето искушување, и користејќи ја Неговата физичка изнемоштеност, се обидел да Го совлада и така да го

осуети планот на спасение. Но, Христос останал непоколеблив. Тој победил во корист на човечкиот род за да го подигне од пониженоста предизвикана од падот во грев. Ова Христово искуство е многу значајно за нас. Неговиот пример во совладување на апетитот укажува на патот на должноста на сите кои сакаат да бидат Негови следбеници и на крајот како победници да седат со Него на Неговиот престол. {4C 29.1}

Христос поднесувал глад во потполна смисла на зборот. Општо земено, луѓето имаат сè што е неопходно за одржување на животот. А сепак, слично на нашите прародители, го сакаат и она што Бог им го ускратува затоа што тоа не би им служело за нивно добро. Лишувајќи се спротивставил на искушенијата на сатаната во поглед на апетитот. Попуштањето на неумереноста во јадењето поттикнува кај паднатиот човек неприродна желба за сето она што е нездраво и што конечно ќе предизвика негова пропаст. {4C 29.2}

Човекот излегол од раката на Творецот совршен во сите свои способности на духот и телото и со совршено здравје. Поминале повеќе од две илјади години попуштање на апетитот и на телесните страсти пред забележливо да се почувствуваат последиците на престапот во намалувањето на животната сила. Во текот на следните генерации склоноста кон опаѓање била сè поизразена. Попуштањето на апетитот и страстите водело кон сè поголемо пречекорување на дозволеното и кон насилство; распуштеноста и гнасотиите од секаков вид ја слабееле енергијата и навлекувале на човечкиот род секакви болести, сè додека не исчезнала силата и славата на сите поколенија и веќе во третата генерација од Адама, човекот почнал да покажува знаци на опаѓање. Генерациите по потопот дегенерирале уште побргу. {4C 29.3}

Сето тоа огромно бреме на болести, неволи и страдања натрупани низ вековите има свое потекло во попуштање на апетитот и страстите. Раскошниот живот и употребата на вино ја расипуваат крвта, ги распалуваат страстите и предизвикуваат болести од секаков вид. Но злото не завршува со тоа. По пат на наследство, родителите пренесуваат болести на своите деца. Како по правило, секој неумерен маж или жена кои имаат деца обично ги пренесуваат своите склоности и лоши навики на своето потомство. На своите деца тие ја пренесуваат болеста од својата раздразнета и инфицирана крв. Распуштеноста, разните болести и малоумноста се пренесуваат како трагично наследство од таткото на синот и од генерација на генерација. Тоа во светот внесува постојано неспокојство, страдање и болка и претставува постојано повторување на човековиот пад. {4C 30.1}

Постојаното престапување на законот на природата е и постојано престапување на Божјиот закон. Тежината на страдањата и маките на кои наидуваме на секој чекор, сегашната деградација, опаднатоста, малоумноста, разновидните болести кои го преплавуваат светот, го претвораат - во споредба со она што можел да биде според Божјата намера - во една болница за лечење на ужасни болести. Умните, моралните и физичките сили на денешните генерации се многу ослабнати. Сета таа беда и несреќа со секоја нова генерација станува сè поизразена, бидејќи паднатиот човек не престанува да го престапува Божјиот закон. Поради попуштање на изопачениот апетит, доаѓа до извршување на најголеми гревови. {4C 30.2}

Стекнатиот вкус кон одвратниот и валкан отров, тутунот создава кај пушачите желба за посилни стимуланси, како што е алкохолот, кој под овој или оној изговор се употребува за да се спречи некоја замислена или реална болест. Така се создава неприродна желба за тие штетни надразнувачки средства. И тие барања растат и зацврстуваат до таа мерка, така што неумереноста на оваа генерација станала

загрижувачка. Луѓе кои се наклонети кон пиење на алкохол можеме да сретнеме секаде каде и да се свртиме. Нивните умни и морални сили потполно ослабуваат, а духовната чувствителност отапува до таа мерка, така што тие барања кои ги имаат Бог и небото кон нив, воопшто не ги сфаќаат и не ги ценат вечните вредности. Библијата вели дека ниту еден пијаница нема да го наследи Божјото царство. {4C 30.3}

Тутунот и алкохолот го отапуваат разумот и ги осквернуваат оние кои ги употребуваат. Но, злото не застанува само на тоа. Својата раздразлива природа, загадена крв, ослабените умни и морални сили, пијаницата ги пренесува на своето потомство и со самото тоа станува одговорен за сите лоши последици кои со својот распуштен живот ги остава во наследство на своето семејство и човечкото општество. Човечкиот род воздивнува и тешко дише под товарот на страдањата, болестите и злата предизвикани од гревовите на поранешните генерации. А сепак, мажите и жените на сегашното поколение без никаква загриженост се оддаваат на лакомо јадење и пијанство и со тоа, како наследство ѝ оставаат на следната генерација болест, малоумност и валкан морал. {4C 30.4}

Неумереноста во било кој поглед е најлош вид на себичност. Оние кои навистина се бојат од Бога и ги држат Неговите заповеди секогаш гледаат на тоа во светлината на разумот и верата. Како некој може да тврди дека ги држи Божјите заповеди - законот кој бара да го љубиме ближниот како самиот себеси - а во исто време да се оддава на неумереност во јадењето и пиењето, со што ја отапува бистрината на својот мозок, ги слабее своите умни сили и се изложува на разни болести? Неумереноста ги поттикнува страстите и ги пушта уздите на сетилните копнежи. На тој начин ниските страсти ги заслепуваат и разумот и совеста. {4C 31.1}

Се прашуваме: Што ќе стори сопругот на сестра А? Зар, како некогаш Исав, ќе го продаде своето првенство за едно јадење? Зар ќе се согласи да го продаде своето од Бога дадено достоинство, попуштајќи му на изопачениот апетит кој донесува само несреќа и деградација? „Плата за гревот е смрт”. Зар тој брат нема да собере морална храброст да се одрече од апетитот? Неговите навики не се ускладени со вистината и Сведоштвата на укор кои според Божјиот налог му се упатуваат на Неговиот народ. Неговата совест не е сосем замрена. Знаел дека не може да Му служи на Бога и истовремено да им попушта на своите барања, а сепак им попуштал на искушенијата на сатаната, кои биле премногу силни за тој да може да им се спротивстави со сопствена сила. Тој му подлегнал на тоа искушение. Но својата незаинтересираност за Божјото дело тој ја припишува и на други причини за да ја прикрие својата слабост и вистинската причина за своето застранување од Бога, а тоа е попуштањето на апетитот. {4C 31.2}

Овде паѓаат многумина, колебајќи се помеѓу попуштањето на апетитот и одлучното спротивставување на тоа, сè додека не бидат совладани од непријателот и конечно не ја напуштат вистината. Многумина од оние кои ја напуштаат вистината како причина за тоа наведуваат дека не веруваат во Сведоштвата. Меѓутоа, испитувањето открило дека тие имаат некои грешни навики кои Бог ги разоткрива и ги осудува преку Сведоштвата. Сега се поставува прашањето: Дали тие ќе ги жртвуваат своите идоли кои Бог ги осудува, или ќе продолжат по својот погрешен пат, отфрлајќи ја од Бога дадената светлина која го разобличува и осудува токму она во кое тие уживаат? Прашањето кое секој таков треба да го реши е: Треба ли да се откажам од себеси и да ги прифатам Сведоштвата кои како Божји глас ги осудуваат моите гревови, или да ги отфрлам Сведоштвата само затоа што истите ги осудуваат моите гревови? {4C 31.3}

Во многу случаи луѓето целосно ги прифаќаат Сведоштвата, прекинуваат со гревот и своите зли навики и веднаш почнуваат да се реформираат во склад со светлината која Бог им ја дал. Во други случаи, поединци и понатаму попуштаат на своите грешни барања, ги отфрлаат Сведоштвата и тоа отфрлање го оправдуваат со нереални причини кои им ги нудат на другите. Тие не ја наведуваат вистинската причина. Тоа е недостаток на морална храброст - волја, која со Божја помош и контрола на Божјиот Дух, може да придонесе да се отфрлат штетните навики. {4C 32.1}

Не е лесно да се совлада веќе вкоренетата склоност за наркотици и стимуланси. Таа голема победа може да се стекне само во Христово име. Тој победил во пустината на искушението во име на човекот преку Својот долг пост од речиси шест седмици. Тој сочувствува со слабостите на човекот. Неговата љубов кон паднатиот човек била толку голема така што Тој приложил бесконечна жртва за да допре до човекот во неговата деградација и преку Својата божествена сила на крајот до го издигне до Својот престол. Сепак, од човекот зависи дали Христос ќе го направи за него она што Тој навистина би можел да го направи. {4C 32.2}

Дали човекот е подготвен со вера да се фати за божествената сила и со одлучност и истрајност да му се спротивстави на сатаната, како што Христос Му дал пример со Својата победа во пустината на искушението? Бог не може да го спаси човекот од силата на сатанските лукавства ако човекот се спротивставува на тоа. Тој мора да вложува напори и од своја страна, колку тоа и да го чини, за да може со помош на Христовата божествена сила да стане победник. Накратко, човекот мора да победи како што победил и Христос. И тогаш, благодарение на победата стекната со семоќното Христово име, тој станува Божји наследник и сонаследник на Исуса Христа. Меѓутоа, тоа не може да се случи само благодарение на Христовата победа. И човекот мора да го направи своето; тој мора да победи за себеси со силата и благодатта кои Му ги дава Христос. Човекот мора да соработува со Христа во стекнувањето на победа, за да може да учествува со Него и во Неговата слава. {4C 32.3}

Делото во кое сме ние ангажирани е свето. Апостол Павле ги бодри своите браќа: „Имајќи вакви ветувања, о љубени, да се очистиме од секаква нечистотија на телото и духот, творејќи правда во Божји страв". Наша света должност пред Бога е целото свое битие, кое претставува храм на Светиот Дух, да го сочуваме во чистота. Ако со сето свое срце и ум се посветиме на Божјото дело, покорувајќи се на сите Негови заповеди и љубејќи го Него со сето срце, со сета душа, со сиот ум и со сета своја сила, а ближниот како самиот себеси, ќе се најдеме верни и вистинити на барањата на небото. {4C 33.1}

Исто така, апостолот нагласува: „Да не царува грев во вашето смртно тело, да го слушате во неговите сласти". На сесрдноста и истрајноста во напорите за што почист и посвет живот, апостолот ги повикува браќата со следниве зборови: „Секој пак, кој се бори од сè се воздржува; тие за да добијат распадлив венец, а ние нераспадлив". {4C 33.2}

Христијанското војување

Во спротивност со разните игри кои незнабошците ги приредувале во чест на своите богови, апостол Павле ја истакнува духовната борба и наградата која таа ја донесува. Младите луѓе во својата подготовка за таквите игри, морале да се подложат на потполно самооткажување и на најстрога дисциплина. Секое попуштање на

задоволствата кое би можело да ја ослаби нивната физичка сила, било забрането. На натпреварувачите во процесот на подготовка не им била дозволена употреба на вино ниту било какви раскошни јадења, бидејќи тоа би ја намалило наместо да ја зголеми нивната сила, здрава активност, цврстина и издржливост. На таквите приредби обично присуствувале царевите и најистакнатите личности; и се сметало за исклучителна чест да се стекне ловоров венец кој ќе овене за неколку часа. Меѓутоа, натпреварувачите за овој распадлив венец, иако би се подложиле на најстрога дисциплина и на сите подготовки неопходни за стекнување на кондиција и толку посакуваниот успех, не биле сигурни во наградата. Наградата можел да ја добие само еден. И многумина други, исто како и самиот победник, можеле да се напрегаат до крајни граници на својата сила за да дојдат до посакуваната чест; но во моментот кога веќе би ја пружиле раката да го дофатат венецот, некој друг пред нив можел да ја зграби толку посакуваната награда. {4C 33.3}

Во христијанската борба тоа не е случај. Во оваа трка сите можат не само да трчаат, туку и сигурно да стекнат победа и бесмртна слава, ако ги исполнат поставените услови. „Така трчајте", нагласува Павле, „за да добиете". А потоа ги изложува условите кои се неопходни за стекнување на успех: „Секој пак, кој се бори, од сè се воздржува". {4C 34.1}

Кога тие незнабошци, кои не се раководеле од просветената совест и Божјиот страв, можеле да се подложат на лишување и строга дисциплина, откажувајќи се од секоја желба која ја слабее отпорноста на организмот за да заслужат распадлив венец и аплауз на насобраните - колку повеќе тоа треба да го прават оние кои учествуваат во христијанската трка во надеж за бесмртност и одобрување од небото да се откажуваат од нездравите опојни средства и штетни навики со кои се понижува моралот, се слабее интелектот, а вишите сили на битието се доведуваат во подреденост на животинските апетити и страсти. {4C 34.2}

Оваа животна трка на христијанското војување не ја набљудуваат само масите на овој свет. Далеку повеќе од тоа, во улога на набљудувач е и самиот Владетел на вселената и безбројната војска на небесните ангели. Сите тие со копнеж чекаат да ги видат среќните победници овенчани со венец на слава, венец кој никогаш не венее. Бог и небесните ангели со најголемо внимание го следат и бележат самооткажувањето, пожртвуваноста и мачните напори на учесниците во таа христијанска трка. Наградата која секој од учесниците на крајот ќе ја прими ќе биде во сооднос со истрајноста, верата и сесрдноста со која тие учествуваат во овој голем натпревар. {4C 34.3}

Во спомнатите игри, наградата можел да ја добие само еден. Во христијанската трка не е така. Апостолот вели: „Јас не трчам на несигурно". Ние не мораме да бидеме разочарани на крајот на трката. За оние кои ќе ги прифатат условите дадени во Божјата реч и со чувство на одговорност ќе ги чуваат своите физички сили, за да имаат урамнотежен ум и здрав морал, трката нема никаква неизвесност. Сите такви можат да ја добијат наградата, за здобијат со венецот на бесмртна слава кој не венее. {4C 35.1}

Апостол Павле исто така вели дека ние „станавме гледање за светот, и за ангелите и за луѓето". Мноштво сведоци го набљудуваат и следат нашиот христијански живот. „Затоа и ние, имајќи околу себе мноштво на сведоци, да го отфрлиме секое бреме и секој грев кој се прилепил за нас и со трпение да трчаме во битката која ни е одредена; гледајќи на Исуса, Родоначалникот и Завршителот на верата, Кој наместо радост претрпе крст, не марејќи за срамот и седна од десната страна на Божјиот престол". {4C 35.2}

Светот не треба да биде мерило за нас. Вообичаено е да се попушта на желбата за раскошни јадења и неприродни надразнувачки средства, зацврстувајќи ги на тој начин животинските склоности и попречувајќи го растот и развојот на моралните способности. На ниту еден помеѓу Адамовите синови и ќерки Божјата реч не дава никакво охрабрување дека ќе бидат победници во христијанската борба, ако не одлучат во сè да бидат умерени. Ако го прифатат ова, тие нема да се борат како оној кој го вее ветрот. {4C 35.3}

Ако христијаните го држат телото во потчинетост и сите свои желби и страсти ги стават под надзор на просветената совест, сметајќи го покорувањето на законите на животот и здравјето за своја должност кон Бога и кон ближните, Бог ќе им подари благослов во физички и умни сили. Тие ќе имаат морални сили да се впуштат во борба против сатаната и во име на Оној Кој одамна го победил апетитот во нивна корист, и самите ќе станат повеќе од победници. Оваа борба стои пред сите кои сакаат да ја прифатат. {4C 35.4}

Покажано ми е дека братот Б е обвиен со густ облак на темнина. Во неговото престојувалиште нема небесна светлина. Иако тврди дека верува во вистината, со својот секојдневен живот тој не покажува дека таа навистина го посветила неговото срце. По својата природа, тој не е склон кон љубезност, добрина, сочувство и учтивост. Неговиот темперемент е многу неповолен и за него самиот, за неговото семејство и за црквата во која се чувствува неговото влијание. Тој мора за самиот себеси да направи нешто што никој друг не може да го направи. Неопходно му е преобратувачкото влијание на Светиот Дух. Како Христови следбеници, ние мораме да го проверуваме својот живот и своите постапки, споредувајќи ги со примерот на нашиот Откупител. Духот кој го манифестираме и начинот на нашето однесување треба да одговараат на примерот кој ни го оставил нашиот Спасител. {4C 36.1}

Темпераментот на братот Б не е таков да внесува ведрина во семејството. Токму тука е местото каде што тој треба да отпочне со својата работа. Тој повеќе потсетува на мрачен облак отколку на зраци на светлина. Премногу е себичен за на членовите на семејството да им упати некој збор на одобрување, а посебно на сопругата на која најмногу треба да ги прикажува својата љубов и нежно внимание. Тој секогаш е мрзоволен, властољубив и диктаторски настроен. Со своите зборови тој често само сече и задава рани кои и не се обидува да ги залекува со признавање на своите грешки и своето лошо однесување. Тој не вложува никакви напори да излезе на светлина. Не се труди со преиспитување на сопственото срце, природа, зборови и постапки да увиди дали е воопшто сличен на својот Пример. Тој не го зема Божјиот закон за правило на своето однесување во животот и карактерот. Господ бара припадниците на Неговиот народ да бидат пред Него секогаш чесни и исправни. {4C 36.2}

Сестра Б има многу искушенија и лични слабости со кои мора да се бори и не треба со било што уште повеќе да ѝ се отежнува животното бреме. Братот Б треба да биде поблаг, поблагороден и полубезен во однесувањето. Особено треба да биде нежен и благороден кон својата сопруга, која му е рамна во секој поглед и не би смеел да изговори ниту еден збор кој би фрлил сенка на тага на нејзиното срце. Тој треба да го започне делото на реформа во својот дом, негувајќи љубов и победувајќи ги гревовите и неблагородните црти на својата природа, кои сè повеќе се вкоренуваат во него. За да можеме ние, обичните смртници да дојдеме на небо, мораме да победиме како што победил Христос. Мораме да станеме слични на Него. Нашиот карактер мора да стане беспрекорно чист. {4C 36.3}

Покажано ми е дека брат Б нема возвишена претстава за неопходното совршенство на христијанскиот карактер. Тој нема вистинска претстава за својата должност кон ближните. Само ако му се укаже можност, тој е во опасност да го стави својот интерес пред сè друго, без оглед како тоа ќе се одрази на неговите ближни. На своите успеси тој не им придава претерано голема важност, а среќата или пак несреќата на другите воопшто не го интересираат, што како Христов следбеник не би смеел да го допушти. Поради сосем безначајна добивка, дозволува сатаната да го заведе од неговата честитост. Тоа внесува мрак во неговата душа, а фрла темна сенка и на црквата. „Сето ова", вели сатаната, „ќе биде твое ако застраниш од патот на строга чесност. Сето ова ќе ти го дадам, само ако ме послушаш, или ако го направиш тоа и тоа". И непријателот често успева да го измами братот Б на негова лична штета и на штета на другите. {4C 37.1

Има и други во црквата кои треба да се издигнат на повисоко духовно ниво за да можат да го разликуваат духовното од обичното, да ја разберат Божјата волја и да изнесуваат светлина, а не темнина. На братот Б му е неопходен духовен мевлем за очи, за да може да го разликува духовното од земното и да ги препознае сатанските стапици. Христијанскиот критериум е висок и возвишен, но, таканаречените Христови следбеници, за жал, го спуштаат во правта! {4C 37.2}

Брате Б, мораш да бидеш многу внимателен сатаната да не те совлада со своите искушенија. Чувај се да не живееш само за себе, да не бидеш љубоморен, завидлив и сомнителен кон другите изнаоѓајќи им само грешки. Ако и понатаму само мрмориш, нема да напредуваш ниту за еден чекор на својот пат до небото. Ако и за момент престанеш со будно стражење во молитва и со сесрдните напори да владееш со себеси, се наоѓаш во опасност да подлегнеш на некое потешко искушение: непромислено да преземеш некои чекори, да манифестираш нехристијански дух со што ќе го загорчиш не само сопствениот живот, туку ќе им задаваш болка и на другите. Можеш да им нанесуваш такви неволи и таги кои го загрозуваат и самиот нивен живот и пред Бога да бидеш одговорен за такво судбоносно и кобно влијание. Брате Б, ако сакаш да ја избегнеш изопаченоста која го зафатила светот поради попуштање на страстите, мораш да ја украсуваш својата христијанска вера во сите нешта. {4C 37.3}

Можеби ќе кажеш: Тоа е премногу тешка задача, патот е премногу тесен за да можам да одам по него. Дали патот изложен во ова писмо е потесен од оној кој е толку јасно откриен во Божјата реч? Небото е вредно за истрајните и неуморни напори вложувани во текот на целиот живот. Ако сега ја изгубиш храброста и отстапиш, сигурно ќе го изгубиш небото - вечниот живот и венецот на слава кој никогаш не венее. Место покрај Христовиот престол ќе имаат само оние кои ќе победат како што победил и Тој. Љубовта кон вистината која ја чисти и посветува душата, љубовта кон Спасителот, го прави лесен секој напор во поглед на стекнување на победа. Тој со задоволство дава сила на сите кои тоа навистина го сакаат. Секој сесрден и истраен напор направен во Негово име, Тој ќе го круниса со Својата благодат и мир. {4C 38.1}

Ако секој ден со сето срце копнееш да го прославиш Бога и покориш своето „јас", Тој совршено ќе ја манифестира Својата сила во твоите слабости и ќе бидеш во состојба да живееш така што совеста нема да те обвинува. Добро мислење за тебе ќе имаат и оние кои не се во црквата. Совесниот начин на живот ќе претставува голем благослов не само за твојата душа, туку со блескави зраци ќе ја осветлува животната патека и на другите околу тебе, покажувајќи им го патот на спасението. {4C 38.2}

Брате Б, колку си настојувал да ја скротиш својата природа? Дали се трудеше да го контролираш својот избувлив дух? Со своите сегашни склоности и особини не можеш да отидеш на небо. Тоа е толку сигурно како што е сигурно дека небото постои. Поради својата душа и поради Христа кој ти пружил толку несомнени докази за Својата бескрајна љубов, приближи Му се поблиску, за да може Неговиот Дух во потполност да ја обземе твојата душа. Негувај во себе дух на будност и молитва, за да можеш правилно да ја претставуваш светата вера која ја исповедаш како следбеник на нашиот драг Откупител, Кој ни оставил пример со Својот живот. Учи се од Христа и следи го Неговиот пример. Храбро поднесувај ги тешкотиите како добар војник на Исуса Христа, победувај ги искушенијата како што победувал Тој и излези како победник над сите свои карактерни недостатоци. {4C 38.3}

Христос бил совршен победник; и ние мораме на крај да бидеме совршени и потполни, без никакви мани и недостатоци. За да го откупи човекот, Христос се согласил на непроценлива жртва. Победата која треба да ја стекнеме над своето зло срце и над сите искушенија кои сатаната ни ги подметнува ќе нè чини големи напори, постојана будност и истрајна молитва, но наградата за тоа ќе ја пожнееме не само во дарот на вечен живот, туку тоа ќе ја зголеми нашата среќа уште на оваа земја, со свеста за извршената должност и поголема почит и љубов кон оние кои нè опкружуваат. {4C 39.1}

Покажано ми е дека во црквата се забележува сеопшт недостаток на побожност и сесрдни и искрени напори. На многумина им недостига потполна обратеност. Братот Ц не претставува никаква поддршка ниту сила за црквата. Паралелно со своето напредување во годините, тој не напредува и во богоугодниот живот. Тој многу години ја исповеда вистината, но бавно учи да живее според нејзините начела и затоа не е посветен со вистината. Во верското искуство тој е сè уште дете и самиот често се доведува во положба каде што постанува вистинска мета за сатанските искушенија. Тој будно ги следи другите и укажува на нивните грешки, додека би требало внимателно да го преиспита своето срце. Оваа подготвеност да се воочат грешките кај своите браќа и тоа да се пренесува на другите, осудена е во Христовите зборови упатени на ученикот кој - како што Тој видел - повеќе се грижел за животниот пат на своите браќа отколку будно да стражи, молејќи се за самиот себеси да не стане плен на лукавиот непријател. Обраќајќи се на спомнатиот ученик, Исус му рекол: „Што се однесува тоа до тебе? Ти следи ме Мене”. {4C 39.2}

Сè што брат Ц може да направи во слабоста на својата природа, е да ја чува својата душа, затворајќи го секој приод со кој сатаната би можел да му се приближи за да му дошепнува сомнежи во поглед на другите. Пропуштајќи ја можноста да го усоврши христијанскиот карактер додека сè уште трае времето на милост, тој се наоѓа во голема опасност да ја изгуби својата душа. Тој бавно го следи Христа. Неговиот ум како да е помрачен и речиси парализиран, така што не придава вистинска вредност на она што е свето и неминливо. Но ако е подготвен со вера и молитва да се фати за силната Божја рака, тој сè уште има можност да се поправи и да ги победи своите недостатоци. {4C 39.3}

Неколку од членовите во црквата во _____ чии имиња не можам да ги спомнам, мораат одлучно да се борат за да извојуваат победа над својот апетит и страсти. Тие заземаат ист став како и оние од времето на пророкот Еремија кои зборувале: „Раскажете, . . . и ние ќе раскажеме”. Таквите се наоѓаат навистина во бедна положба. Кога сите такви би го имале на ум фактот дека ангелите постојано ги следат и

ги запишуваат нивните зборови, би имало помалку раскажување, а многу повеќе молитва. {4C 40.1}

Постојат деца на оние кои ја празнуваат саботата кои од мали нозе биле учени да ја празнуваат саботата. Некои од нив се многу добри деца и многу совесно ги извршуваат овоземните должности; но им недостига длабоко осведочување за гревот и за потребата од каење. Таквите се во опасна состојба. Тие го набљудуваат однесувањето и напорите на оние кои за себе тврдат дека се христијани. Тие забележуваат дека некои од нив додека со зборови високо ја издигнуваат верата, всушност не се совесни христијани и ги споредуваат своите гледишта и постапки со таквите кои претставуваат само камен на сопнување. И бидејќи - во споредба со таквите - немаат очевиден грев во својот живот, тие си ласкаат себеси дека се сосем исправни. 4C 40.2}

Овластена сум на тие млади да им кажам: Покајте се и обратете се, за да можат вашите гревови да бидат избришани. Не пропуштајте го залудно своето време. Небото и вечниот живот се драгоцено богатство кое не можете да го добиете без никаков напор од своја страна. Иако вашиот живот можеби бил беспрекорен, постојат чекори кои како грешници морате да ги преземете. Од вас со право се очекува да се покаете, да верувате и да се крстите. Христос бил праведен и во сè совршен, па сепак и самиот, како Спасител на светот, ги преземал тие чекори кои ги бара и од секој покајнички грешник, за да стане Божје дете и наследник на спасението. {4C 40.3}

Кога Христос, безгрешниот и пречист Откупител на човечкиот род, се согласил да ги преземе чекорите кои се бараат од грешникот во процесот на обратување, зашто било кој, кога светлината на вистината ќе го осветли неговиот пат, би се воздржувал да го потчини своето срце на Бога, признавајќи во понизност дека е грешник, и со зборови и дела да ја покаже својата вера во Христовата жртва на откупување, поистоветувајќи се јавно со оние кои се декларираат како Негови следбеници? Секогаш ќе има и такви кои не живеат во склад со својата вера, чиј секојдневен живот покажува дека се сè друго, само не христијани; но зар тоа е доволна причина некој поради тоа да се облече во Христа преку крштавањето со кое се потврдува верата во Неговата смрт и воскресение? {4C 40.4}

Дури и додека Христос лично бил на Земјата, одејќи со Своите ученици и поучувајќи ги, еден помеѓу тие дванаесетмина бил ѓавол. Тоа бил Јуда кој на крајот го предал својот Учител. Христос совршено го познавал Јудиниот живот. Знаел за себичноста која Јуда никогаш не ја победил и во Своите јавни говори Му пружил многу поуки токму за тоа. Со постојано попуштање на оваа своја склоност, Јуда дозволил таа длабоко да се вкорени во неговото битие и да го задуши семето на вистината посеано во неговото срце. Злото преовладало до таа мерка така што, од љубовта кон парите, го продал и својот Учител за неколку сребреници. {4C 41.1}

Фактот дека Јуда бил изопачен во своето срце, дека себичноста и среброљубието го навеле на такво страшно злосторство, не претставува никаков доказ дека во тоа време немало и вистински христијани, вистински Христови ученици кои навистина го љубеле својот Спасител, трудејќи се најсердно да се угледаат на Неговиот живот и пример и да бидат послушни на Неговото учење. {4C 41.2}

Фактот дека Јуда, покрај сите свои недостатоци и карактерни мани, бил примен меѓу дванаесетминатa претставува поучна лекција која може да биде многу корисна за христијаните. Кога нашиот Господ го одбрал Јуда, тогаш неговиот случај сè уште не бил безнадежен. Тој поседувал и некои добри особини. Соработувајќи со Христа во

Неговото дело, слушајќи ги Неговите излагања, Јуда имал поволни можности да ги увиди своите недостатоци и ако навистина сакал да биде вистински ученик можел да ги запознае своите карактерни мани и да се ослободи од нив. Христос дури го ставил во положба каде што својата лакомост можел, по сопствен избор, или и понатаму да ја развива или да ја увиди и совлада. Тој ги чувал оние малку средства собрани за сиромашните и најнеопходните издатоци за Христа и учениците во нивната работа на ширење на евангелието. {4C 41.3}

Таа мала сума на пари за Јуда била извор на постојани искушенија; и од време на време кога би му направил некоја мала услуга на Христа или би посветил малку време на верските цели, често сам себе се исплатувал од тие скромни залихи собрани за ширење на евангелието. Конечно станал толкав скржавец, така што со огорченост приговарал што на Христовата глава се истура толку скапоцено миризливо масло. Размислувајќи постојано за тоа колку пари би можеле да дојдат во неговите раце ако тоа миризливо масло било продадено, неговата себичност сè повеќе растела додека не дошол до заклучок дека ризницата е во голема загуба што вредноста на миризливото масло не е примена во пари. Конечно отворено негодувал поради толку прескапиот подарок жртвуван за Христа. Прекорот кој Спасителот Му го упатил поради неговата себичност го нагризал Јудиното срце сè додека не се согласил да го издаде својот Господ за неколку сребреници. И денес меѓу почитувачите на саботата има такви кои во своето срце не се ниту малку поверни и подобри од Јуда, но тоа не треба за другите да биде изговор да не го следат Христа. {4C 42.1}

Господ ги сака децата на братот Д, но тие се наоѓаат во голема опасност да мислат дека се здрави и дека не им е потребен лекар. Потпирањето на сопствената праведност никогаш нема да ги спаси. Тие мораат да чувствуваат дека им е неопходен Спасител. Христос дошол да го спаси грешникот. Тој вели: „Јас не дојдов да ги повикам праведните туку грешните на покајание”. На фарисеите, кои за себе мислеле дека се праведни и се потпирале на своите добри дела, не им бил потребен Спасител. Тие сметале дека се доволно добри и без Христа. {4C 42.2}

Драгите деца на братот Д треба најсесрдно да Му се молат на Исуса да им ја открие нивната грешност, а потоа да им се открие како Спасител кој простува гревови. Тие драги деца не смеат да бидат измамени и да го пропуштат вечниот живот. Ако не се обратат тие не можат да влезат во небесното царство. Облеките на својот карактер тие мораат да ги исперат во крвта на Јагнето. Исус ги повикува да преземат чекори кои им се неопходни на сите грешници за да станат Божји деца. Прифаќајќи го обредот на крштавање, Тој им пружил личен пример. Тој е наш Пример во сè. {4C 42.3}

Бог бара од тие млади да Му ги предадат своите срца и своите најубави и најсвети чувства. Тој ги откупил со крвта на Својот Единороден Син и со право очекува да Му служат. Тие не си припаѓаат сами на себеси, бидејќи Исус ги откупил со Својата непроценлива жртва. Спасителот, полн со сочувство и љубов, едвај чека да ги прими ако Му пријдат такви какви што се, повикувајќи се на Неговата правда, а не на некакви свои заслуги. {4C 43.1}

Младите од _____ претставуваат предмет на Божјата љубов и сомилост и Тој сака тие во Него да најдат блаженство и среќа. Христос умрел за да ги откупи и нив. Тој сака да ги благослови ако Му пријдат понизно и искрено и ќе им помогне да Го најдат ако Го побараат со сето свое срце. {4C 43.2}

5. ЗЕМНОТО БОГАТСТВО КАКО ИЗБОР НА ЖИВОТОТ

Покажана ми е состојбата во која се наоѓа Божјиот народ. Умртвени од духот на овој свет, тие ја негираат својата вера со сопствените дела. Укажано ми е на Израелевите синови. Тие имале голема светлина и возвишени предности; но бидејќи не живееле во склад со примената

светлина и предност, нивната светлина се претворила во темнина. Наместо со доверба да го следат Божјото водство, се раководеле од светлината на сопствените погледи. Историјата на Израелевите синови е напишана за добро на оние кои живеат во последните денови, за да се чуваат од слично неверство. {4C 43.3}

Брате Е, те видов потполно обвиткан со темнина. Љубовта кон светот господари со целото твое битие. Твоите најдобри денови веќе изминаа. Твојата виталност и издржливост, особено кога се во прашање физичките напори, сè повеќе исчезнува. И сега, кога би требало на своето минато да се осврнеш како на живот на благородни напори вложени за добро на другите и на слава на Божјото име, можеш само со жалење да констатираш дека си ја проиграл својата среќа и мир. Со таквиот начин на живот каков што живееше досега, не можеш да очекуваш Божје одобрување. Своите духовни и вечни интереси ги стави на второ место. Својот мозок, коски и мускули, ги оптовари до крајни граници. Зошто толку трошење на сила? Поради што со толкаво бреме на грижи и напори го оптовари своето семејство? И каква е твојата награда за сето тоа? Задоволство што - спротивно на Христовото учење - стекна богатство на Земјата кое ќе се покаже како стапица за твојата душа. {4C 43.4}

Во Својата беседа на гората, Христос вели: „Не собирајте си себеси богатство на Земјата, каде што молците и р'ѓата го расипуваат и каде што крадците поткопуваат и крадат; туку собирајте си себеси богатство на небото". Да си стекнувал богатство на небото, ти би работел за свое добро и во свој вечен интерес. Брате мој, ти го натрупуваше своето богатство на овој свет и сите твои интереси и твои чувства се сконцентрирани тука каде што е и твоето богатство. Дозволи љубовта кон парите и купувањето на куќи и имот да ги обземат сите сили на твојот ум и целото твое битие, така што љубовта кон овоземните интереси во твоето срце ја надмина љубовта кон Творецот и душите за кои Христос го дал Својот живот. Богот на овој свет ги заслепил твоите очи така што не ја увидуваш вредноста на она што е вечно. {4C 44.1}

Во пустината на искушението Христос бил изложен на сета жестина на главните искушенија кои го опсипуваат човекот. Тука Тој се нашол потполно сам во судирот со итриот и подмолен противник и го победил. Првото големо искушение било во поглед на јадењето - апетитот; второто, пречекорување на дозволеното; трето, љубовта кон светот. Со искушувањето во поглед на апетитот сатаната победува милиони искушани. Со угодувањето на апетитот се надразнува нервниот систем, умните способности слабеат и тоа го онеспособува човекот смирено и трезвено да размислува. Умот ја губи својата урамнотеженост; неговите возвишени и благородни способности се изопачуваат и служат на животинските страсти, додека вечните и свети интереси потполно се занемаруваат. Кога ќе успее во ова да ја оствари својата цел, сатаната знае дека му е отворен патот и за преостанатите две главни искушенија. Овие три главни искушенија тој подоцна ги разгранува во безброј слични. {4C 44.2}

Пречекорувањето на дозволеното е распространето искушување и кога во тој поглед ги искушува луѓето, сатаната во девет од десет случаи постигнува успех. Оние кои тврдат дека се Христови следбеници и мислат дека само со својата вера можат да се впуштат во борба против сè што е лошо во нивната природа, често без размислување стрмоглаво паѓаат во искушенија од кои само со чудо можат да излезат неизвалкани. Размислувањето и молитвата би ги сочувале да ги избегнат опасните и критични ризици на кои се изложуваат самите кога ќе му дозволат на сатаната да ги искушува на тој начин. Не смееме брзоплето да се повикуваме на Божјите ветувања, додека без размислување тонеме во опасност, кршејќи ги законите на природата и не обрнувајќи внимание на гласот на разумот и здравото расудување со кои Бог нè надарил. Тоа е најдрско пречекорување на дозволеното. {4C 44.3}

На Христа Му биле понудени престолите и царствата на овој свет и сета нивна слава, само да се поклони пред сатаната. Толку тешко никогаш не бил искушуван ниту еден човек освен Христа. За да го заведе Христа, сатаната Му ги прикажал сите царства и славата на овој свет и сите задоволства на овој живот во најпривлечни бои. „Сето ова", му нагласил тој на Христа, „ќе ти го дадам на Тебе ако паднеш и ми се поклониш". Но Христос го одбил итриот непријател и излегол како Победник. {4C 45.1}

Во искушувањето на луѓето, сатаната многу полесно успева. Сето ова - парите, стоката, земјата, власта, почестите и богатството - ќе ти ги дадам. Но, под кој услов? Неговите услови се главно: човекот да му се предаде, да го задуши гласот на совеста и да ѝ попушта на себичноста. Кога искушуваниот потполно ќе им се предаде на овоземните интереси, сатаната добива сè што барал. Му се отвора вратата слободно да влегува кога ќе посака, заедно со своите зли особини, како што се: нетрпението, самољубието, горделивоста, нечесноста и мноштво зли духови. На тој начин тој го маѓепсува искушуваниот и подмолно го одвлекува во пропаст. Ако се согласиме со срцето и со животот да се поврземе за минливостите на овој свет, сатаната е задоволен. {4C 45.2}

Христос ни оставил пример во сè. Со Својата победа над непријателот, Тој ни покажува како и ние можеме да победиме. Во Своето спротивставување на сатаната, Христос ги користел Светите Списи. Наместо да ја користи Својата божествена сила или да употреби некои Свои зборови, Тој рекол: „Пишано е: 'Не живее човекот само од леб, туку од секој збор кој излегува од Божјите усни". Во одговорот на второто искушение, Тој рекол: „Пишано е: Не го искушувај својот Господ Бог". Христовиот пример е пред нас. Кога христијаните внимателно би ги проучувале Светите Списи и би ги применувале во пракса, би имале доволно сила да му се спротивстават на итриот непријател; но Божјата реч е занемарена и последица на тоа се пораз пред непријателот и пропаст. {4C 45.3}

Драги брате, ти не ги послуша опомените кои ти беа упатувани со години преку сведоштвата, да се чуваш од непријателот кој не престанува да те маѓепсува со привлечностите на овој свет, наговарајќи те со изборот на земното богатство да ја изгубиш небесната награда. Брате Е, не смееш себеси тоа да си го дозволиш, бидејќи тоа би бил преголем ризик. „Зашто каква корист има човекот ако го придобие сиот свет, а ѝ напакости на својата душа? Или каков откуп ќе даде човекот за својата душа"? Ти многу евтино ја продаваш својата душа. Не би смеел да си дозволиш себеси толкава голема жртва. Бог те направил повереник на Своите таленти. Тоа се твоите финансиски средства и твоето влијание. Тој сака да те испита и провери. Не си смеел ниту малку да губиш време туку си бил должен веднаш да почнеш со зголемување на богатството на

својот Господар. Ако така си постапувал, твојот успех би бил соодветен на истрајноста и ревнувањето во раководењето со имотот кој ти е доверен. Со своето влијание, кое исто така претставува талент, би можел многу души да обратиш од заблуда во вистина и правда, освен она што би можел да придонесеш со своите финансиски средства кои ти се ставени на располагање. Потоа тие души би се залагале за обратување на другите и така твоето влијание и пари постојано би се зголемувале во корист на Господарот. А за таквата верност во умножување на своите таленти ти би слушнал од Христовите усни најмилозвучни зборови кои некогаш допреле до човечкото уво: „Добро направено, добар и верен слуго, во малку ми беше верен, над многу ќе те поставам; влези во радоста на својот Господар". {4C 46.1}

Брате Е, ако на правилен начин ги употребеше умните способности служејќи му на својот небесен Татко, би станувал сè посилен во вистината, во духот и во силата, така што сега би претставувал столб на црквата во _____ и би бил успешен учител на вистината, како со својот пример така и со докажување на нашата вера со цитати од Светите Списи. Ако своите умни способности, кои толку успешно ги користиш во стекнување на имот, би ги употребил во спасување на душите, би стекнал Божје одобрување и би бил многу успешен. {4C 46.2}

И луѓето со поскромни капацитети, кога од љубов ќе Му се посветат на Бога, можат да прават добро за својот Господар; додека оние кои се поостроумни можат да остварат големи резултати во ова возвишено дело. Да се замотаат во крпа од Бога дадените таленти и да се сокриваат во земја, закинувајќи Му ја на тој начин добивката од нивното намножување е голем грев во Неговите очи. Ние сме ставени на проба. Господарот доаѓа да ја преиспита нашата работа и ќе нè праша како сме ги употребиле талентите што ни ги доверил. {4C 47.1}

Брате Е, како ти ги користиш талентите кои Бог ти ги доверил? Правиш ли сè што е во твоја моќ да им ја објасниш вистината на луѓето или поради своите обврски и грижи не наоѓаш време да му се посветиш на ова дело? Така да се користат Божјите дарови на добрина како што ти ги користиш, упропастувајќи ги своите физички сили и ускратувајќи ја својата љубов кон Бога е вистинско злосторство. „Не можете да му служите на Бога и на мамона". Не можете да го сакате овој свет и да ја љубите Божјата вистина. „Не знаете ли дека пријателството на овој свет е непријателство на Бога? Зашто кој сака да му биде пријател на светот, станува Божји непријател". „Не го љубете светот ниту што е на светот. Ако некој го љуби светот, во него нема Таткова љубов". Ти не си среќен човек, ниту е среќно твоето семејство; бидејќи Божјите ангели не престојуваат во твојот дом. Кога Христовата вера владее во срцето, совеста е мирна и човекот е спокоен и среќен; а неговата душа, иако можат да наидат неволи и тешкотии, сепак ја осветлува светлина. {4C 47.2}

Потчинетоста, љубовта и благодарноста кон Бога внесуваат сончеви зраци во душата и срцето, колку и да е мрачен и облачен денот. Пред тебе се наоѓаат самоодрекување и Христовиот крст. Дали си подготвен да го подигнеш крстот? За твоите деца, молитвите на нивната мајка биле вистински благослов. Тие биле наклонети кон верата. Тие се обидоа да се спротивстават на искушенијата и да живеат живот на молитва. Меѓутоа, понекогаш доаѓале во тешко искушение; имајќи го постојано пред себе твојот негативен пример, твојата љубов и верност кон светот, твојата постојана зафатеност со работа, и тие од духовното и неминливото повторно се свртија кон земното. Следејќи ги во чекор, сатаната ги навел да го љубат светот и сè што

е на светот. Тие постепено ја изгубија својата доверба во Бога, ја запоставија тајната молитва и верски должности и го изгубија интересот за она што е свето. {4C 47.3}

Драги брате Е, страшно си згрешил што сите свои копнежи си ги посветил на овој свет. Ти си престрог и многу нетрпелив, и во такво расположение често премногу бараш од својот син; и тој поради тоа станува малодушен. Во твојот дом секогаш само се работи, работи, работи од утро до мрак. Со зголемување на својот имот, ти во својот дом постојано внесуваш нови грижи и товари. Ти постојано зборуваш само за работа, бидејќи тоа ги обзема сите твои мисли и копнежи, а „усните говорат од вишок на срцето". Дали со својот пример во семејството некогаш го воздигнуваш Христа и Неговото дело на спасение над своите финансиски грижи и желба за добивка? Ако твоите деца го изгубат вечниот живот, крвта на нивните души сигурно ќе се најде на облеките на нивниот татко. {4C 48.1}

Мајката верно ја исполнувала својата должност. На денот на воскресението, таа ќе ги слушне Христовите зборови на добредојде: „Добро направено, добар и верен слуго". Таа прво ќе праша за своите деца за кои најмногу се молела на Бога во последните денови од својот живот. Дали можеш да ги претставиш со прекрасен христијански карактер со кој се стекнува право на друштвото на светите ангели, или ќе бидат извалкани и опоганети од изопаченоста на овој свет? Дали тие ќе „имаат дел во божествената природа, одбегнувајќи ја изопаченоста која постои во светот преку телесните желби? Ќе бидат ли и тие како прекрасни столбови изработени во дворот: или ќе се најдат како оние кои љубејќи го овој свет - под проклетство на скржавоста ги погребале своите светли и благородни способности во темнината на заборавот? Патот по кој продолжуваш, брате мој, пресудно влијае на вечната судбина на твоите деца. Ако и понатаму продолжиш своите умни сили да ги исцрпуваш само на земските грижи и работи, ќе бидеш камен на сопнување за своите деца. Тие гледаат дека ти, иако исповедаш христијанство, не напредуваш духовно и дека во морален поглед си џуџе. Тоа е вистина. Сосредоточувајќи ги своите мисли само на земните интереси, разви големи способности во тој поглед и како деловен човек значително напредуваше. Но Бог сака своите способности и влијание да ги посветиш на повозвишена цел. {4C 48.2}

Тебе потполно те зашеметил и заслепил богот на овој свет. О, колку е грозно лудилото со кое потполно си обземен! Колку и да натрупуваш земно богатство сето тоа ќе биде уништено во големиот пожар на денот на Божјиот суд. Но ако Му се вратиш на Господа, користејќи ги своите таленти - пари и влијание - во Негова слава и ако своето богатство го испратиш пред себе на небо, ќе бидеш поштеден од голема загуба. {4C 49.1}

Големите пожари и несреќи на копно и на море, кои Бог во Своето провидение ги допушта таму и ваму, предупредуваат на она што наскоро ќе го снајде светот. Бог сака да Му покаже на светот дека тие негови идоли може да ги запали со таков оган кој со вода не може да се изгасне. Претстои голем сеопшт пожар кој за еден ден или ноќ ќе го проголта сиот тој огромен труд кој луѓето го собирале во текот на целиот живот. Сигурно е само она богатство кое се стекнува на небото, каде што ниту еден разбојник нема пристап и каде што ниту молецот ниту р'ѓата не нагризуваат. {4C 49.2}

Пристапувајќи Му на Христа, едно момче поставило прашање: „Учителу добар, што да направам за да имам вечен живот?" Кога Христос Му рекол да ги држи Божјите заповеди, момчето самоуверено продолжило: „Сето ова го сочував од својата младост, што уште ми недостига?" Погледнувајќи со љубов на ова момче, Христос верно Му укажал токму на она што му недостигало во неговото наводно држење на заповедите.

Тој не го љубел ближниот како самиот себеси. Христос Му го открил неговиот вистински карактер. Себичната љубов кон богатството била неговата мана која доколку не ја победи, ќе му го спречи влезот во небото. „Исус му рече: Ако сакаш да бидеш совршен, оди продај сè што имаш и раздели го на сиромасите и ќе имаш богатство на небото; па ајде по мене". Со ова Христос практично Му објаснил дека од него не бара ништо повеќе од она што и лично го искусил. Сето она што Тој го барал било да тој го следи Неговиот пример. {4C 49.3}

Христос ги оставил сите Свои богатства и слава и станал сиромашен, за да можеме ние да се збогатиме со Неговото сиромаштво. И сега бара од нас за тоа богатство да го оставиме земното и да го осигуриме небесното. Христос знаел колку земното богатство ги одвојува од Бога сите оние кои со срце се врзани за него; затоа Му нагласил на законикот: „Оди продај сè што имаш и раздели го на сиромашните и ќе имаш богатство на небото; па ајде по Мене". Како тој ги примил овие Христови зборови? Дали се израдувал на можноста да си осигура себеси небесно богатство? Тој беше многу тажен; зашто беше многу богат. За него богатството претставувало слава и моќ. Така да го раздели својот огромен имот, му изгледало потполно невозможно. {4C 49.4}

Токму во тој поглед богатството претставува опасност за скржавецот. Колку што има повеќе, толку му е потешко да биде дарежлив. Да го намали својот имот со давање, му е толку тешко како да се одвојува од самиот живот. Полесно ќе се откаже од толку привлечната небесна награда, само за да го задржи ненамалено своето земно богатство. Тој само собира и натрупува. Ако живеел во склад со Божјите заповеди, неговиот имот не би бил толку голем. Како некој додека живее и мисли само за себе, може да го љуби Бога со сето свое срце, сета своја душа и сета своја сила, а ближниот свој како самиот себеси? Ако им давал на сиромашните и на оние кои имаат потреби и настојувал со дел од својот имот да ги усреќи своите ближни, и самиот би бил многу посреќен и би имал повеќе богатство на небото, а помалку на Земјата, за кое сега е толку врзан. {4C 50.1}

На богатото момче Христос Му рекол дека со држењето на Божјите заповеди може да си осигура себеси богатство на небото. Тоа многу го растажило овој човек кој го љубел светот. Тој го сакал небото, но сакал да го задржи и своето богатство. Поради љубовта кон парите и почестите на овој свет, тој се откажал од вечниот живот. О, колку бедна замена! Па сепак, слично постапуваат и многумина кои тврдат дека ги држат сите Божји заповеди. И ти, драги брате, си во опасност да правиш така, но не си свесен за тоа. Не се навредувај што вака отворено ти го пишувам тоа. Бог те љуби, а колку бедно Му возвраќаш за сета Негова љубов! {4C 50.2}

Покажано ми е како твоето срце во почетокот на твоето верско искуство горело од жарот на вистината, твојот ум бил обземен од проучувањето на Светите Списи и во секој стих си гледал нова убавина и привлечност. Доброто семе на вистината тогаш успевало во твоето срце, донесувајќи плод во слава на Бога. Но, по извесно време, грижите на овој живот и лажливоста на богатството почнаа сè повеќе да го гушат доброто семе на Божјата реч во твоето срце и ти престана да донесуваш род. Во борбата помеѓу вистината и љубовта кон светот, победи ова последното. Сатаната не престанува во своето настојување да те зароби со привлечноста на овој свет и да ги парализира твоите морални сили, така што немаш вистинска претстава за барањата кои Бог ги има во однос на тебе, и во тоа речиси во потполност успеал. {4C 50.3}

И сега, драг мој брате, мораш да преземеш најодлучни и најистрајни напори да го избркаш непријателот и да ја повратиш својата слобода, бидејќи тој те направил немоќен роб на овој свет, сè додека љубовта кон добивката не стана твоја најголема страст. Ти им даваш многу негативен пример на другите. Себичните интереси кај тебе доаѓаат на прво место. Со своето исповедање ти му зборуваш на светот: Моето живеење не е овде туку горе. Меѓутоа, твоите дела одлучно зборуваат дека во потполност живееш за овој свет. Денот на судот ќе дојде како стапица за сите кои живеат на лицето на Земјата. Твоето неискрено исповедање е само камен на сопнување за другите. Ти недостигаат соодветни дела. „Ги знам твоите дела" (не твоето исповедање) вели Верниот Сведок. Бог го решета Својот народ, тестирајќи ги намерите и побудите на поединци. Многумина ќе се покажат како плевел, а не како пченица - бидејќи во нив нема никаква вредност. {4C 51.1}

Христос ти доверил таленти во материјални средства и влијание, очекувајќи да ги умножиш додека Тој не дојде. Кога Тој ќе се врати како Господар и од секој слуга ќе побара точна сметка како ги искористил талентите кои му биле доверени, како ти, драг мој брате, ќе го издржиш тоа проверување? Ќе бидеш ли во можност да Му вратиш двојно на Господарот, докажувајќи со тоа дека си бил верен и истраен работник во службата за Него? Брате Е, ако продолжиш по патот по кој веќе со години одиш, ќе се најдеш токму во таа положба на слугата кој го завиткал својот талент во крпа и го закопал во земја, сокривајќи го од очите на светот. Наградата на работниците во Христовата парабола на кои господарот им ги доверил талентите била во точен сооднос со нивната верност и истрајност во ракувањето со примените добра. {4C 51.2}

Бог те смета за Свој должник, а должник си исто така и на своите ближни до кои светлината за вистината сè уште не допрела. Бог ти подарил светлина, не за да ја ставиш под сад, туку на свеќник за да им свети на сите во куќата. Со светлината на својата запалена светилка ти треба да го осветлуваш патот и на други души за кои Христос умрел. Кога Божјата благодат би владеела со твоето срце, доведувајќи ги умот и мислите во покорност кон Христа, би те направила моќно орудие на страна на Христа и на вистината. {4C 52.1}

Павле вели: „Должен сум и на Грците и на варварите; и на мудрите и на необразованите". Откривајќи Му ја Својата вистина, Бог го направил апостолот должен да поучува и да ги просветува оние кои сè уште биле во темнина. Ти немаш вистинска претстава за големината на својот долг кон Бога. Ти располагаш со талентите на својот Господар. Кога своите умни способности би ги насочил во најдобар правец, тоа би те направило успешен соработник за Христа и за Неговите ангели. Да си се посветил на тоа, правејќи добро и изнесувајќи ја вистината на другите, би можел да се оспособиш за успешен работник во Божјото дело и како награда за тоа радосно би здогледал многумина спасени како блескави ѕвезди во твојата круна. {4C 52.2}

Каква вредност имаат твоите куќи и имот во споредба со драгоцените души за кои Христос умрел? Благодарение на твоите напори и средства, тие души можат да се спасат и заедно со тебе да се најдат во царството на славата; додека од своето земно богатство таму не можеш да понесеш ништо. Можеш незаситно да продолжиш со натрупување на богатства и тоа љубоморно да го чуваш со најголем трепет; сепак, ако Господ тоа го дозволи, сè што си стекнувал цел живот огнот може за неколку моменти да го претвори во куп урнатини. Тоа се случило со Чикаго. Во Божјата реч е навестено дека градовите ќе станат урнатини. Тоа не е единствениот град кој мора да ги почувствува видливите докази на Божјото неодобрување. Тоа претставува почеток, а не

крај. Мечот на гневот заканувачки лебди над луѓето кои со својата горделивост и беззаконие дрско го предизвикуваат незадоволството на праведниот Бог. Бури, земјотреси, виори, оган и меч ќе шират пустош на сите страни, сè додека човечкото срце не затрепери од страв и чекање на она што доаѓа на светот. Ти не знаеш колку малку време уште ти преостанува и колку бргу може да се заврши твоето време на проба? {4C 52.3}

Подготви се, мој брате, за средба со Господа Кој наскоро доаѓа да побара сметка за секој талент и тоа не само за основниот капитал, туку и за каматата. Спасувањето на душите треба да биде животна задача за секој оној кој верува во Христа. Благодатта која ни е од Бога дарувана, светлината која го осветлува нашиот пат и убавината и силата на вистината која ни е откриена - нè прават должни сето тоа да го пренесуваме и на други. На натрупувањето на земното богатство можеш да го посветиш целиот свој живот, но каква корист ќе имаш од тоа кога на твојот живот ќе му дојде крај или кога Христос ќе дојде? Ниту еден денар нема да можеш да понесеш со себе. И токму за толку за колку овде си се издигал со земни почести и богатство, занемарувајќи го својот духовен живот, за толку пониско паѓаш на скалата на морална вредност пред големото собрание на Божјиот суд. {4C 53.1}

Што ќе ти значат сите тие богатства за кои си ја продал својата душа кога одненадеж ќе бидеш повикан да го завршиш своето земно патување и кога веќе нема да има никакви можности за избор? „Зашто каква корист има човекот ако го стекне сиот свет, а на душата своја ѝ наштети? Или каков откуп ќе даде човекот за својата душа?” Твоето богатство - ако не го употребиш за подмирување на секојдневните животни потреби, за благослов и добро на другите и за помагање на Божјото дело - не вреди повеќе од обичен песок. Бог ти упатуваше сведоштва на опомени и охрабрувања, но ти не ги прифати. Се сомневаше во Сведоштвата. Кога повторно ќе собереш зраци на светлина и ќе се увериш дека Сведоштвата се од Бога, ќе се зацврстиш во верата и нема веќе така да скиташ во темнина и немоќ. {4C 53.2}

Кога би живеел во склад со светлината која ти е дадена, би можел да бидеш вистински благослов за црквата во _____, па дури и еден од столбовите. Бог повторно те повикува. Тој копнее да допре до твоето срце иако е потполно обземено од себичноста и грижите на овој живот. Тој те повикува својата љубов и внимание, наместо на минливостите на овој свет, да ги посветиш на она што е небесно и неминливо. За да ја познаеш Божјата волја, мораш внимателно да ја проучуваш Неговата реч, не поведувајќи се по природните склоности на својот непрепороден ум. „Што сакаш да направам Господе?” - тоа треба да биде искрено прашање на твоето срце. {4C 53.3}

Тежината на Божјиот гнев ќе ги погоди сите оние кои својот живот го поминуваат во служба на мамона - богот на овој свет, наместо на својот Творец. Ако живееш за Бога и за небото, укажувајќи им на другите за патот на животот, можеш во тоа уште овде да наоѓаш сè поголема радост; и на крајот да бидеш награден со зборовите на добредојде: „Добро извршено, добар и верен слуго… влези во радоста на својот Господар”. Христовата радост била во тоа што однапред ги гледал душите на откупените, спасени и среќни во царството на славата. „Кој наместо одредена радост за Себе претрпе страдање на крстот, не водејќи грижа за срамот и седна од десната страна на Божјиот престол”. {4C 54.1}

Да се придобие земно богатство и употреби онака како што ти го направи тоа, одвојувајќи ја твојата љубов и внимание од Бога, на крајот ќе се покаже како страшно проклетство. Ти не одвојуваш време за читање, размислување и молитва; не наоѓаш

време ниту да ги поучуваш своите деца, укажувајќи им на нивните највозвишени интереси. Бог Ги љуби твоите деца, но тие примаат малку охрабрување да живеат верски живот. Ако ја уништиш нивната вера во Сведоштвата, нема да можеш веќе да допреш до нивните срца. Умот на сиротите и грешни смртници треба да се дисциплинира и да се привикнува на духовно размислување. Когао бучувањето во секој поглед е насочено исклучиво на овој свет и на стекнување на имот, каков тогаш развој може да се очекува во духовен поглед? Тоа е потполно оневозможено. Ако, мој брате, наполу се трудеше да го усовршиш својот христијански карактер и да Му служиш на Господа како што му служеше на светот, и ти и членовите на твоето семејство би можеле да постигнете потполна возраст на мажи и жени во Исуса Христа. {4C 54.2}

На Бога не Му е по волја оние кои се сметаат за Негови слуги да бидат толку неуки во познавање на Неговата божествена волја и духовни сознанија, а толку добро упатени во знаењата и мудроста на овој свет. Твоите земни интереси не можат да се споредат со твојата вечна благосостојба. Бог за тебе има дело надалеку повозвишено од стекнувањето на богатство на овој свет. Тебе ти е неопходна длабока и сестрана промена, а тоа му е исто толку потребно и на целото твое семејство и Бог нека ви биде на помош да достигнете совршенство на христијанскиот карактер. Твоите деца можат и треба да бидат благослов за младите во своето опкружување. Со својот пример, со своите зборови и постапки, тие можат да го украсуваат делото на својата вера и да го прослават небесниот Татко. {4C 54.3}

---

6. ВИСТИНСКО ДОБРОДЕТЕЛСТВО

Драги брате и сестро Е, ќе се обидам да го напишам она што во визија ми беше покажано за вас, бидејќи чувствувам дека за оваа црква крајно време е да ги преиспитаат своите срца во најсериозна подготовка за вечноста. Вие двајцата ја љубите вистината и сакате да ѝ се покорувате, но во тоа сте неискусни. Покажано ми е дека можете да се најдете во ситуација искушенијата и пробите да откријат во вас такви црти на карактерот за кои до сега воопшто не сте свесни. {4C 55.1}

Многумина кои никогаш не биле во неволја изгледаат одлични христијани и нивниот живот изгледа беспрекорен; меѓутоа, Бог гледа извесни црти во нивниот карактер на кои мора да им се обрне внимание за тоа да можат да го увидат и да го отстранат. Пророкувајќи за Христа, Симеон под вдахновение на Светиот Дух ѝ рекол на Марија: „Гледај, овој е поставен за паѓање и издигнување на мнозина во Израел и да биде знак против кој ќе се зборува. А и на тебе самиот меч ќе ти ја прободе душата, за да се откријат помислите на многу срца”. Во Своето провидение, Бог дозволува да се најдеме во положба која бара активирање на умните способности неопходни за развој на карактерот под различни околности: „Зашто кој ќе го одржи сиот закон, а ќе згреши во едно, виновен е за сè”. Оние кои тврдат дека се христијани, можат, однадвор гледано, да живеат сосем беспрекорен живот; но кога променетите животни околности ќе ги доведат во потполно поинаква положба, доаѓаат до израз некои силни црти на нивниот карактер кои би останале сокриени ако и понатаму живееле во исто опкружување. {4C 55.2}

Покажано ми е дека вие имате црти на себичност, од кои морате будно да се чувате. Ќе бидете во опасност да копнеете само за својата удобност и напредок, не обрнувајќи ниту малку внимание на интересите на другите. Вие не поседувате дух на самооткажување кој христијаните ги прави слични на нивниот голем Пример. Негувањето на добродетелството би ве довело во поблиска хармонија со Христа и со Неговиот Дух на несебично добродетелство. Треба да покажувате повеќе хуманост и сочувство кон другите. Тоа е особина која сам Бог ја всадил во нашата природа за да нè направи полубезни и понежни кон оние со кои доаѓаме во допир. Таа особина се забележува кај мажите и кај жените чии срца не се обединети со Христа и навистина е жално кога на оние кои тврдат дека се Христови следбеници им недостига тоа суштинско обележје на христијанството. Тие не го следат Христовиот пример и затоа не можат со својот живот и однесување да го одразуваат Неговиот лик. {4C 56.1}

Човечкото сочувство проследено со љубов и добродетелство и посветено со Христовиот Дух, станува сила која може да направи многу добра. Оние кои го негуваат добродетелството како христијанска доблест не само што им прават добро на другите и ги благословуваат оние кои ја примаат нивната помош, туку се усреќуваат и самите себеси со тоа што го отвораат своето срце на благотворното влијание на добродетелството. Секој зрак на светлина кој совесно го пренесуваме на други, остава свој одблесок и во нашето срце. Секој збор на сочувство упатен на оној кој е во неволја, секој чин со кој се олеснуваат страдањата на угнетените, секој дар со кој ги помагаме загрозените - сето тоа донесува благослов не само на оние кои примаат туку и на оние кои даваат, ако е направено на слава на Бога. Оние кои така постапуваат, се покоруваат на законите на небото и ќе примат Божје одобрување. Задоволството што ќе го почувствуваме правејќи им добро на другите, делува многу благотворно на нашите чувства и на нервниот систем, го оживува крвотокот и го подобрува умното, моралното и физичкото здравје. {4C 56.2}

Знаејќи како добродетелството влијае на срцето и на животот на добродетелот, Христос копнеел Неговите ученици правилно да ги сфатат благодатите кои произлегуваат од практичното применување на таа особина. Тој вели: „Поблагословено е да се дава отколку да се прима”. Духот на вистинско добродетелство кое треба да им се укаже на пријателите, соседите и странците, Тој го илустрирал со параболата за патникот кого на патот за Ерихон го нападнале разбојници, „кои го соблекле и раниле, па заминале, оставајќи го полумртов”. Срцата на свештеникот и на левитот, иако на зборови исповедале возвишена побожност, не биле трогнати од сомилост кон настраданиот човек. По истиот пат наидел еден Самарјанин, кој немал толку високо мислење за својата праведност, и увидувајќи ја неволјата на непознатиот човек, „се сожали над него”; тој не го погледнал само љубопитно на минување, туку во него видел човечко суштество во неволја и тоа го пробудило неговото сочувство. Тој веднаш „му ги преврза раните и ги залеа со масло и вино; и качувајќи го на својот коњ го доведе во гостилница и остана околу него. А утредента го остави на грижа на гостилничарот, ветувајќи му дека на враќање ќе му ги плати сите дополнителни трошоци. Тогаш Христос го праша цариникот: „Кој од оние тројца му бил ближен на оној што го фатиле разбојниците? А тој му рече: ‘Оној кој се смилувал на него’. А Исус Му рече: ‘Оди и ти прави така.’” {4C 56.3}

Со ова Исус сака да ги поучи Своите следбеници на моралните обврски кои ги имаат кон своите ближни. Сите оние кои го занемаруваат начелото илустрирано во оваа поука не ги држат заповедите и слични се на свештеникот и левитот кои тврделе дека

го држеле Божјиот закон додека со оваа своја постапка практично го газеле. Има луѓе кои, слично на овој Самарјанин, не ја истакнуваат својата побожност, но имаат силно чувство на должност кон своите ближни и многу повеќе милосрдие и добрина од некои кои се фалат со голема љубов кон Бога, но се толку сиромашни во добрите дела кон Неговите созданија. {4C 57.1}

Навистина го љубат ближниот како самиот себеси само оние кои ги сфаќаат своите должности и обврски кон оние кои се во неволја и кои во својот секојдневен живот практично ги спроведуваат основните начела на Божјиот закон. „И ете, еден човек, пристапи до Него и Му рече: 'Учителе добар, какво добро треба да направам за да имам живот вечен?' А Тој Му одговори: 'Што е напишано во законот'? А тој одговарајќи рече: 'Љуби го Господа својот Бог со сето срце свое и со сета душа своја и со сета сила своја и со сите мисли свои, а ближниот свој како самиот себе.' Исус Му рече: 'Право кажа; прави го тоа и ќе бидеш жив.'" Христос тука му покажува на законикот дека да се љуби Бог со сето срце и нашите ближни како самите себеси претставува вистински плод на побожноста. „Прави го тоа", нагласил Тој, не само верувај туку прави, „и ќе бидеш жив". Самото верување во задолжителноста на Божјиот закон не прави никого христијанин, туку подготвеноста да се применуваат барањата на законот во практичниот живот. {4C 57.2}

Во оваа своја парабола Христос го издигнува Самарјанинот над свештеникот и левитот кои теоретски многу ревносно се залагале за славата на законот. Тој се покорувал на духот на тој закон и на неговите прописи, додека тие се задоволувале само со исповедање на верата во него; но што е верата без соодветни дела? Кога поборниците на Божјиот закон цврсто се држат за неговите начела, докажувајќи ја својата верност не само со зборови туку и со срце и откривајќи го во својот секојдневен живот духот на тој закон во делата на вистинското добродетелство, тогаш ќе имаат морална сила да го придвижат светот. Оние кои исповедаат верност кон Божјиот закон не се во можност коректно да ги прикажат начелата на тој свет Декалог додека ја занемаруваат љубовта кон ближните, што претставува составен дел од светите прописи. {4C 58.1}

Со држењето на Божјите заповеди може да се даде најречита проповед за нивната светост и задолжителност. Послушноста кон тие заповеди треба да ја направиме своја лична должност; а да се запостави таква должност навистина е голем грев. Бог нè обврзува да се бориме не само за своето спасение туку исто така да се чувствуваме должни со својата несебична љубов на другите да им го покажеме патот, и преку грижа и несебична љубов, да ги водиме кај Христа оние кои ќе дојдат во сферата на нашето влијание. Загрижувачки е недостатокот на начелност кој се гледа во животот на таканаречените христијани. Нивното непочитување на Божјиот закон ги обесхрабрува оние кои ја признаваат светоста на неговите барања и ги одвраќа од вистината оние кои се склони да ја прифатат. {4C 58.2}

За да дознаеме како изгледаме во Божјите очи, треба да се погледнеме во огледалото на Божјиот закон; и увидувајќи ја својата грешност ќе ја користиме Христовата крв како извор отворен за грев и нечистота, во кој можеме да ги испереме облеките на својот карактер и да ја отстраниме секоја дамка на гревот. Но многумина не сакаат да ги увидат своите заблуди и да се поправат; тие не сакаат да имаат вистинска претстава за себе. {4C 58.3}

За да се издигнеме на повисоко ниво во морален и во духовен поглед, мораме да живееме за тоа. Должноста кон ближните нè обврзува на тоа, за постојано да

ширите спасоносно влијание и позитивно мислење за Божјиот закон. Со својот живот треба да светлите така што сите околу нас, во нашето покорување на секоја Божја заповед и секое Негово начело, ќе го видат посветувачкото влијание на евангелието. Во голема мерка сте одговорни за душите кои се околу нас. Христос дошол на Земјата за да ги оправда барањата на Божјиот закон и ние со своите зборови и дела постојано зборуваме за или против Христа и тој закон. Светот нека види дека ние интересите и радостите на верскиот живот не ги ограничуваме себично само на себе; туку сакаме и други да учествуваат во благословите и среќата на познавањето на вистината. Нека видат дека верата што ја исповедаме не ги затвора и не ги замрзнува приодите на душата, ниту нè прави бесчувствителни и претерано строги. Сите кои тврдат дека го нашле Христа нека им служат на другите како што служел и Тој, негувајќи дух на добродетелство на ист начин како што правел Тој. Тогаш ќе видиме дека многу души ќе појдат по светлината на нашето учење поткрепено со личниот пример. {4C 59.1}

Сите треба да негуваме дух на љубезност и да се потчинуваме на контролата на сопствената совест. Духот на вистината ги облагородува сите оние кои ќе го примат во своето срце. Во срцето на оние кои ќе ја примат, вистината делува како квасец, сè додека целото битие не се прилагоди на нејзините начела. Таа го крши срцето стегнато од скржавост и ја отвора раката која секогаш била затворена за хуманоста кон оние кои се во неволја; додека милосрдието и вистинската љубезност ги донесува како свои постојани плодови. {4C 59.2}

Бог бара од секој од нас да бидеме самопожртвувани работници. Секој дел од вистината има своја практична примена во нашиот секојдневен живот. Блажени се оние кои ја слушаат Господовата реч и држат сè што е напишано во неа. Меѓутоа, не е доволно само да се слуша; мораме тоа и со дело да го потврдиме. Голема награда ќе примат само оние кои ги извршуваат Божјите заповеди. Оние кои пружаат вистински докази за своето добродетелство во делата на милосрдие кон сиромашните, загрозените и несреќните, не само што ги ублажуваат страдањата на угнетените, туку многу придонесуваат и за сопствената среќа, подобрувајќи го своето душевно и физичко здравје. Пророкот Исаија јасно ги опишува постапките кои Бог со право ги очекува од Својот народ, кои ги одобрува и наградува со Својот благослов: {4C 59.3}

„Ете го постот што го избрав: раскини ги оковите на неправдата, одврзи ги врските на јаремот и угнетените пушти ги на слобода и скрши го секој јарем; раздели го лебот свој со гладните и бездомните сиромаси закрили ги во домот свој; ако видиш гол - облечи го, и од крвните сродници не крај се. Тогашт војата светлина ќе светне како зора и твоето здравје наскоро ќе процути, твојата правда ќе тргне пред тебе и славата Господова ќе те придржува. Тогаш ти ќе повикаш - и Господ ќе те чуе, ќе извикаш - и Тој ќе рече: ‘Еве Ме.’ Кога ќе го отстраниш од себе јаремот, кога ќе престанеш да креваш прст и да говориш лошо, кога ќе ја поделиш со гладниот храната своја и ќе ја нахраниш душата на страдалникот -тогаш твојата светлина ќе изгрее во темнината и мракот твој ќе биде како пладне. И Господ секогаш ќе ти биде водач, а во време на суша ќе ја наситува душата твоја и ќе ги крепи коските твои; ти ќе бидеш како градина напоена со вода и како извор, чии води никогаш не пресушуваат”. {4C 60.1}

Помеѓу душата и телото постои многу тесна поврзаност. Кога едното страда, другото сочувствува. Душевното расположение во многу нешта е поврзано со здравјето на целиот организам. Свеста дека правиме добро и чувството на задоволство поради тоа што сме усреќиле други, донесува радост на душата и вистинска среќа, а таквото расположение поволно влијае на сите органи, ја оживува циркулацијата на крвта и го

зацврстува целото тело. Божјиот благослов е вистински лек и оние кои изобилуваат во давање и во благословување на другите ќе почувствуваат чудесен благослов од тоа во своето срце и живот. {4C 60.2}

Драги брате и сестро, ако во својот живот повеќе мислевте како да ги усреќите другите и самите би примиле многу повеќе благослови. Ви недостигаат хуманост и сочувство за другите. Неволите и потребите на другите воопшто не ве интересираат. Се држите премногу строго и бесчувствително. Станавте немилосрдни, претерани во своите барања и склони да заповедате. Се наоѓате во опасност сопствените погледи да ги наметнувате како совест на другите. Имате сопствена претстава за тоа што е христијанска должност и што е правилно и според тоа мерило сакате да ги оценувате и другите; тоа е пречекорување на границите на правилното. {4C 61.1}

Другите луѓе имаат мислења и карактерни особини кои не одговараат на вашите посебни погледи. Секогаш кога ќе се појави некое несогласување, сетете се дека и вие имате грешки и недостатоци исто како и вашите браќа и сестри. Вашите престапи за нив се исто толку болни и мачни како и нивните за вас и затоа треба да бидете благи кон нив исто така како што сакате тие да бидат кон вас. Вие двајцата треба да имате повеќе љубов и сочувство кон другите - љубов и сочувство слични на Христовите. Треба да бидете полљубезни и во својот сопствен дом, благо и кротко да зборувате со своите деца и младите и со нив да постапувате срдечно и љубезно, не укорувајќи ги за секоја најмала грешка, за поради постојано замерување да не станат потполно бесчувствителни. {4C 61.2}

Во своето срце треба да негувате христијански особини на милосрдие и долго трпение. Со пренагласено манифестирање на претпазливост и сомнителност во поглед на побудите и однесувањето на другите, вие често го неутрализирате доброто што сте го направиле. Вие ширите околу себе студено и одбојно влијание со кое не можете да привлечете ниту да придобиете никого. Во своите односи кон другите морате да бидете подготвени на попуштање и трпение како што тоа го очекувате и од нив. Себичната љубов кон сопственото мислење и начин на живеење ја уништува во голема мерка вашата способност за доброто кое навистина сакате да го направите. {4C 61.3}

Сестро Ф, имаш премногу силна желба да владееш. Премногу си чувствителна. Кога некој ќе ѝ се спротивстави на твојата волја, се чувствуваш многу навредена и твоето „јас" веднаш е подготвено да војува, бидејќи ти недостига кротост и дух на поучливост. Мораш да бидеш многу внимателна во поглед на ова. Накратко, мораш да се обратиш во потполност за твоето влијание да биде такво какво што треба да биде. Духот кој сега го манифестираш ќе те направи многу несреќна ако и понатаму продолжиш да го негуваш. Секогаш ќе бидеш подготвена да забележиш туѓи грешки и во настојување да ги исправиш другите, ќе преминуваш преку сопствените недостатоци. Ќе имаш навистина тешка задача од туѓото око да извадиш трн, додека видикот ти го попречува гредата што ја имаш во сопственото око. Бог не бара својата совест да ја поставуваш како критериум на другите. Да се негува добро расположение и несебичност во своите чувства сè додека најголемата среќа не ја доживееш во тоа што сите околу себе ќе ги направиш среќни, тоа е должноста што ти претстои. {4C 61.4}

Вам, и на едниот и на другиот, ви недостига нежност и благост на срцето исполнето со Христов Дух за - живеејќи и сами во атмосфера на добро расположение и добродушност - да можете да им помагате на останатите околу себе да бидат исто така здрави и среќни. Вие вообразивте дека ведрото расположение не е во склад со Христовата религија. Тоа е заблуда. Ведрото расположение и пријатното однесување

ни малку не го намалуваат вистинското христијанско достоинство. Ведрото расположение без примеси на лесноумност е едно од христијанските доблести. Вие треба да се чувате од ограничени погледи за верата, бидејќи со тоа можете да го ограничите своето влијание и да станете неверни Божји повереници. {4C 62.1}

Воздржувај се од строги укори и осуди. Ти не си соодветна да укоруваш. Твоите зборови никого не лекуваат ниту поправаат, туку само навредуваат и жалостат. Мораш да ја победиш својата навика да копаш по ситниците за кои сметаш дека не се во ред. Во оценувањето на луѓето и настаните тебе ти недостига ширина на погледот, благородност и милосрдие. Отвори го своето срце пред зраците на светлината. Имај на ум дека должноста има сестра близначка, која се вика љубов. Ако ги применуваме обединети, можеме да постигнеме речиси сè; ако пак користиме само една од нив нема да го постигнеме саканото добро. {4C 62.2}

Правилно е што двајцата ја негувате особината на честитост и треба да останете верни на чувството на правда. Да се држите строго по патеката на должноста треба да биде ваш доброволен избор. Не дозволувајте никогаш љубовта кон поседокот, наклонетоста кон задоволствата и било какво пријателство да ве наведат да жртвувате барем едно начело на правда. Во покорувањето на диктатот на просветената совест и своето осведочување за должноста треба да бидете постојани, но морате да се чувате од занесеноста и предрасудите. Не истрчувајте напред во духот на фарисејство. {4C 62.3}

Вие сега сеете семе на големото поле на животни должности и тоа што сега го сеете еден ден и ќе го жнеете. Секоја мисла на вашиот ум, секое чувство на вашата душа, секој збор кој ќе го изговорите со својот јазик и секоја постапка што ќе ја направите, претставуваат семе кое неминовно донесува плод или на добро или на зло. Времето на жетва не е веќе далеку. Сите наши дела ќе бидат испитани пред Бога. Сите наши постапки па дури и побуди со кои притоа се раководевме ќе бидат откриени на судот пред Бога и светите ангели. {4C 63.1}

Колку што е можно, треба да се усогласите со своите браќа и сестри. Вие треба да Му се потчините на Бога и да престанете да манифестирате строгост и склоност кон постојано изнаоѓање на грешки. Треба да се ослободите од сопствениот дух и наместо тоа да го примите духот на драгиот Спасител. Прифатете ја Неговата испружена рака за Тој да може да ве надари со пријатните особини на Својот карактер, особини кои со ништо не можат да се споредат. Отворете ги вашите срца за Неговата љубов и Неговата сила нека ве преобрази и Неговата благодат нека бидат ваша сила. Тогаш ќе имате значително посилно влијание на добро. Ќе имате морална сила да го издржите и најтешкото искушение на карактерот. Вашата трудољубивост ќе биде чиста и посветена. Тогаш вашата светлина ќе светне како зора. {4C 63.2}

Вие двајцата треба да имате повеќе разбирање и наклонетост кон мислењата на другите. Христос е наш Пример. Тој се поистоветил со страдалните припадници на човечкиот род, доживувајќи ги потребите и неволите на другите како свои. Кога било кој од Неговите браќа страда или пати, Тој сочувствува и страда заедно со нив. Секое запоставување и занемарување на Неговите ученици Тој чувствува како да му е направено Нему самиот. Затоа Тој вели: „Зашто гладен бев и не ми дадовте да јадам; жеден бев и не ме напоивте”. {4C 63.3}

Драги брате и сестро, вие треба многу повеќе да копнеете кон ускладување на карактерот. Недостатокот на една битна квалификација може да ги направи речиси неделотворни сите останати. Начелата кои ги исповедате треба и практично да ги

применувате во секоја своја мисла, збор и во секоја постапка. Сопственото „јас" треба да се распне и целото свое битие да се потчини на Господа. {4C 63.4}

Во црквата се чувствува голем недостаток на љубов и хуманост. Многумина од нив се држат до некоја студена резервираност и некое круто достоинство кое ги одбива сите оние кои ќе дојдат во допир со нив. Таквиот дух како некоја зараза создава околу себе атмосфера која делува многу погубно на секоја добра замисла и одлука и го гуши природниот тек на човечкото сочувство, љубов и срдечност; под такво влијание луѓето стануваат ограничени, додека нивните друштвени особини и благородност - поради трајната пасивност - потполно исчезнуваат. Таквата неприродна депресија делува многу штетно не само на духовното, туку исто така и на телесното здравје. Намуртеност и студенило на недруштвеност се одразуваат на лицата на таквите личности. Лицата на оние кои се добродушни и полни со сочувство зрачат со светлина на вистинска побожност, додека на оние кои не негуваат благородни и несебични побуди и на самото лице им се гледаат чувствата кои ги негуваат во своето срце. {4C 63.5}

Сестро Ф, на Господа не Му се по волја чувствата кои ги негуваш и покажуваш кон својата сестра. На неа ѝ е потребна сестринска љубов од твоја страна, а не постојано заповедање и пронаоѓање на грешки. Со своето однесување ја доведе до духовна депресија и душевна вознемиреност што сериозно го загрозува нејзиното здравје. Чувај се со своите постапки да не ја угнетуваш и обесхрабруваш својата родена сестра. Ти не поднесуваш таа да ти каже или направи нешто; сето тоа го земаш за зло и се навредуваш, бидејќи мислиш дека е насочено против тебе. {4C 64.1}

Твојата сестра исто така е многу самоуверена. И таа во тој поглед мора да направи нешто за себе. Би требало да биде попопустлива, но ти не можеш да очекуваш твоето влијание на неа да биде благотворно сè додека ти си толку зајадлива, толку строга и до таа мерка лишена од љубов и сочувство кон роденатa сестра, која освен толку блиската роднинска врска е обединета со тебе во верата. Двете сте во заблуда. Двете сте му дале место на непријателот, и едната и другата во своите меѓусебни односи премногу го истакнувате своето сопствено „јас". {4C 64.2}

Сестро Ф, ти си склона да заповедаш и да ја наметнуваш својата волја на својот сопруг, својата сестра и на сите околу тебе. Твојата сестра многу страдаше во својата душа. Ако во потполност Му се довереше на Бога и сè Му предадеше во Негови раце, би можела полесно да го поднесе сето тоа; но твоето однесување кон неа ниту малку не Му е по волја на Бога. Тоа е неприродно и потполно погрешно. Во своите склоности таа не е поупорна и потврдоглава отколку ти во своите. Кога две личности со таков сличен темперамент ќе се судрат меѓусебно, тоа е многу лошо и за едната и за другата. И едната и другата треба повторно да се обратите и во потполност да се промените. Ако веќе претерувате, подобро е да претерувате во милосрдие и меѓусебно поднесување, отколку во нетрпеливост. {4C 64.3}

Одмерениот настап, благиот одговор и љубезните зборови се многу посоодветни во настојувањето некого да го исправиме и да го спасиме, отколку острината и строгоста. Со мало претерување во нељубезноста можеш да ги оттурнеш душите толку далеку така што веќе никогаш нема да можеш да им приѝдеш, додека со помирлив дух можеш да ги придобиеш и да ги упатиш на вистинскиот пат. Значи, треба да се раководиме со духот на простување и да даваме должни признанија на сите околу себе за секој добронамерен гест и постапка од нивна страна. Затоа, секогаш упатувај зборови на пофалба и охрабрување на својот сопруг, своето дете, својата сестра и на сите со кои

доаѓаш во допир. Постојаното укорување и осуда само го загорчуваат животот на секое човечко суштество. {4C 65.1}

Не нанесувај срам на христијанската вера со љубомора и нетрпеливост кон другите, бидејќи на тој начин многу лошо ја препорачуваш својата вера. Со осуда и прекори никој не е вратен од погрешниот пат, но многумина на тој начин се избркани уште подалеку од вистината и во срцето станале уште поодбојни за било какви докази. Со духот на благост, со благородно и привлечно однесување, можеме да го спасиме заблудениот и да „покриеме мноштво на гревови". Бог бара од нас да негуваме братска љубов која „долго трпи и која е љубезна". {4C 65.2}

Христијанската вера не бара од нас да се откажеме од својата личност и карактер, туку само до извесна мерка да се прилагодиме кон чувствата и сфаќањата на другите. Многу луѓе чии мислења, навики и вкусови во земните работи се разликуваат, можат да бидат единствени во верата. Ако во нивното срце гори Христовата љубов, ако на истото небо очекуваат своја вечна татковина, тие сосем разбирливо можат да се обединат во најслатко и најпрекрасно заедништво. Едвај можат да се најдат две личности чии искуства во сите поединости се еднакви. Она што е искушение за едниот не мора да биде искушение и за другиот, токму затоа што нашите срца секогаш треба да бидат отворени за меѓусебно разбирање и осветлени од љубовта која Христос ја има за сите Свои браќа. {4C 65.3}

Склона си на својот син постојано да му додеваш со некои барања и укори; чувај се поради тоа да не му станеш одвратна и ти и твоите совети. Приврзи го за своето срце, но не со непромислено попуштање туку со златните јажиња на нежноста и љубовта. Биди цврста во одлуката, но сепак љубезна. Помош секогаш мора да бараш од Христа. Настојувај срцата на другите секогаш да ги придобиваш само со љубов и тогаш ќе успееш со своето влијание да ги насочиш на вистинскиот пат. {4C 66.1}

Веќе те предупредив да не манифестираш осудувачки дух на што си склона по својата природа и повторно те предупредувам: чувај се од таа своја мана. И сам Христос понекогаш строго укорувал и во некои случаи и ние можеби ќе бидеме принудени слично да постапиме; но мораме секогаш да имаме на ум дека Тој точно ја познавал духовната состојба на оние кои ги карал, знаел исто така колку тие можат да поднесат и што било неопходно да се преземе за да ги врати од погрешниот пат. Тој исто така многу добро знаел како треба да се сожали на заблудениот, како да ги утеши несреќните и да ги охрабри изнемоштените. Тој точно знаел како треба да постапи за на очајните да им ја поврати изгубената надеж, затоа што ги познавал побудите и посебните искушенија на секоја поединечна душа. Тој не можел да направи грешка. {4C 66.2}

Меѓутоа, ние можеме да згрешиме во проценување на туѓите побуди; исто така можеме да бидеме измамени од надворешниот изглед. Можеме да мислиме дека правилно постапуваме осудувајќи го злото, а во примената на строгоста да отидеме предалеку, ранувајќи таму каде што би посакувале да лекуваме. Или пак, во своето незнаење, можеме да манифестираме неразумно сочувство со заблудениот и на тој начин да го неутрализираме дејството на укорот кој бил заслужен и упатен во вистинскиот момент. Нашето расудување може да биде погрешно, но Христос бил премногу мудар за да згреши. Тој укорувал со длабоко сожалување додека во Својата божествена љубов вистински ги сакал оние кои ги укорувал. {4C 66.3}

Господ бара од нас во потполна предаденост на Неговата волја да се потчиниме на Светиот Дух и да се посветиме на Неговата служба. Сопственото „јас" мораме да го

отфрлиме во потполност и да го победиме секој недостаток во својот карактер како што победил и Христос. За да го постигнеме тоа, нашето „јас" мора да умира секој ден. Павле вели за себе „секој ден умирам". Тој секој ден доживувал ново обратување, секој ден за еден чекор се приближувал кон небото. Да се стекнуваат секој ден нови победи во духовниот живот - тоа е единствениот пат кој Бог го одобрува. Господ е полн со благодат, нежно сочувство и има голема милост. Тој ги познава нашите потреби и нашата немоќ и подготвен е да ни помогне во секој наш недостаток само ако со полна доверба се потпреме на Него, верувајќи дека ќе ни подари Свој благослов и ќе го направи она што е најдобро за нас. {4C 66.4}

_____

7. ХРИСТОВИ СОРАБОТНИЦИ

Тоа беа значајни денови за _____ за време и по црковниот собор во 1874 година. Ако во тоа место тогаш имавме соодветен и пространен молитвен дом, ќе беше двојно поголем бројот на оние кои со задоволство ќе ја прифатеја вистината. Бог ги помага нашите напори, но ние со својата себичност и немарност можеме да бидеме препрека на патот на оние кои треба да се спасуваат. Би требало да се вложи многу повеќе труд во настојување да ги спасиме оние кои сè уште се во мракот на заблудата, но се интересираат за вистината. Во Христовата служба потребно е исто толку мудро и совесно раководење како и во разните формации на војската која го штити животот и слободата на својот народ. Секој не е во состојба разумно да работи на спасение на душите. За тоа треба многу посериозно да се размислува. Во Божјото дело не смееме да влегуваме непланski, без никаква подготовка и потоа да очекуваме успех. Во Божјото дело потребни се луѓе кои знаат да мислат и да планираат. Христос бара соработници, а не такви кои без никаков план, упаѓаат од грешка во грешка. Во големото дело на спасување на души потребни се луѓе со стабилен дух и здраво расудување. {4C 67.1}

Инжинери, адвокати, трговци, занаетчии и луѓе од сите професии се школуваат за да станат стручњаци во својата дејност. Зар Христовите следбеници треба да бидат помалку разумни и да се нафатат на работа во Божјото дело, а притоа да останат потполно неупатени во поглед на методите и начинот на таа работа? Залагањето да се стекне вечен живот е поважно од секој земен потфат. За успешно да ги приведуваме душите кон Христа, мораме да ја познаваме човечката природа и да го проучуваме човечкиот ум. Потребно е многу посериозно размислување и сесрдни молитви за да знаеме да им се приближиме на луѓето и да им ги изнесеме големите вистини за ова време. {4C 67.2}

Некои брзи и личности, иако искрени, по одржаната проповед им приоѓаат на оние кои сè уште не се со нас и тоа на таков недоличен начин, така што им ја прават вистината одбивна. „Синовите на овој век се помудри од синовите на светлината во своето поколение". Деловните луѓе и политичари се трудат да бидат учтиви и фини. Тоа е составен дел од нивната државничка мудрост која треба да ги направи што попривлечни. Со своите манири и одбрани зборови, тие настојуваат во своето обраќање да остават што поповолен впечаток на луѓето околу себе. За да ја остварат таа цел, тие ги користат своите способности и своето знаење на највешт начин. {4C 68.1}

Оние кои се сметаат верници и Христови следбеници често изнесуваат цел куп ништожности, кои само претставуваат препрека на патот на оние кои сакаат да му пријдат на Христовиот крст. И покрај сето тоа, има поединци кои се толку длабоко осведочени, така што ќе го надминат секое обесхрабрување и сите можни препреки за да дојдат до вистината. Меѓутоа, ако оние кои веруваат во вистината дозволеа вистината да го очисти и облагороди нивниот ум, ако го увидоа значењето на разумноста и благородното однесување во Христовото дело, ќе имаше дваесет спасени души таму каде што сега има само една. {4C 68.2}

Покрај тоа, на поединци и кога ќе се обратат и ќе ја прифатат вистината сè уште е потребно да им се подарува внимание. Ревноста на многу проповедници очевидно попушта штом ќе се покаже дека нивните напори дале извесни резултати. Тие не увидуваат дека на тие новообратеници им е потребна храна како за деца - будно внимание, постојана помош и охрабрување. Тие не смеат да бидат оставени сами, за да не станат плен на жестоките сатански искушенија; нив треба да ги упатуваме во поглед на нивните должности, да постапуваме со нив љубезно, внимателно да ги водиме, да ги посетуваме и да се молиме со нив. Меѓутоа, на тие души секогаш не им се дава соодветна „храна на време”. {4C 68.3}

Затоа не е никакво чудо што некои стануваат обесхрабрени, заостануваат на патот и стануваат плен на грабливите волци. Сатаната се наоѓа зад петиците на секоја душа која ги напуштила неговите редови. Тој испраќа свои агенти кои треба повторно да ги вратат во строј оние кои ги изгубил. Би требало да има повеќе татковци и мајки, подготвени тие новороденчиња во вистината да ги прегрнат на своите гради, да ги храбрат и да се молат со нив - за нивната вера да не малакса. {4C 68.4}

Проповедањето е само мал дел од работата кој мора да се изврши во процесот на спасување на души. Божјиот Дух ги осведочува грешниците во вистината и ги доведува во прегратките на црквата. Проповедниците треба да го направат својот дел, но тие никогаш не можат да ја извршат онаа задача која ѝ е доверена на црквата. Бог бара од членовите на Својата црква да ги негуваат младите во вера и искуство, да ги посетуваат, не да озборуваат со нив, туку да се молат и да им упатуваат зборови кои се како „златни јаболки во сребрени садови”. {4C 69.1}

Сите треба да го проучуваме карактерот и животните навики на оние со кои работиме, за да можеме со разумен пристап на различни личности на најдобар начин да им помогнеме правилно да ја сфатат Божјата реч и вистинскиот христијански живот. Со нив треба да го читаме Светото Писмо и нивните мисли да ги насочуваме од земните на вечните интереси. Како Божји деца должни сме да бидеме Негови мисионери, да се запознаеме со оние на кои им е потребна нашата помош. Ако некој се колеба и потклекнува под притисок на искушенијата, треба да му се пристапи многу внимателно и мудро да се постапи со него, бидејќи во прашање се неговите вечни интереси; и зборовите и постапките на оние кои се залагаат за него можат да бидат животен мирис за живот, или смртен мирис за смрт. {4C 69.2}

Понекогаш се јавува случај кој бара сериозно размислување и сесрдна молитва. На личноста која е во прашање мора да ѝ се открие нејзината вистинска состојба, да ѝ се помогне да ги увиди своите посебни склоности и слабости. Со неа треба да се постапува разумно и внимателно. Ако со мудро и трпеливо постапување се допре до срцето на таквата личност, таа може со силни јажиња на вера и љубов да се врзе за Христа и да се наведе во потполност да се потпре на Бога. Кога такво нешто ќе се направи, сите на небото го следат тоа со внимание и се радуваат, бидејќи една драгоцена личност е

ослободена од сатанските стапици и е спасена од смрт! О, зар тогаш не се исплаќа да се работи разумно на спасение на душите! За спасение на душите Христос го жртвувал и Својот живот. Тогаш, треба ли Неговите следбеници да се прашуваат: „Зар сум јас чувар на мојот брат?” Зар нема да работиме еднодушно со својот Учител? Зар нема да ја цениме вредноста на душите за кои Тој го дал Својот живот? {4C 69.3}

Направени се извесни напори и децата да се заинтересираат за вистината на Божјата реч, но тоа не е доволно. Нашите саботни школи треба да бидат поинтересни. Јавните училишта во последните години значително ги подобрија методите на својата работа. Очевидната настава, сликите, разните цртежи и училишни табли - сето тоа се користи за тешко разбирливите поуки да се направат појасни и поприфатливи за умот на младите. На ист начин и сегашната вистина треба да се поедностави и да се направи што поинтересна за активниот ум на децата и младите. {4C 69.4}

Родителите до кои не може да се допре на било кој друг начин, често можат да се придобијат токму преку нивните деца. Вистините што ќе ги научат децата од своите учители во саботната школа, тие можат да ги пренесат и во својот семеен круг. Но, многу мал е бројот на учители кои го сфаќаат значењето на оваа гранка на Божјото дело. Методите на учење кои со толкав успех се прифаќаат во јавните училишта, можат со слични резултати да се применуваат и во саботната школа и да послужат како соодветно средство децата да се приведат кон Исуса и да се упатат во библиските вистини. Со тоа ќе се постигне значително повеќе отколку со некој верски занес заснован на емоции, кои минуваат исто толку брзо како и што се појавуваат. {4C 70.1}

Треба да се негува Христовата љубов. Во делото за кое веруваме дека мора да се заврши пред Христовото доаѓање треба да се внесува многу повеќе вера. Потребно е многу повеќе самооткажување, повеќе самопожртвувана и правилно насочена работа. Покрај сесрдна молитва, потребно е и внимателно да се размислува како да работиме за во делото да се покаже што подобар успех. Плановите за работа треба да се создаваат промислено и внимателно. Меѓу нас има луѓе способни и да планираат и да го остварат планираното, само треба да се активираат. Со добро насочени и промислени напори можат да се постигнат големи резултати. {4C 70.2}

Молитвените состаноци треба да бидат најинтересни, но често се слабо организирани. Многумина доаѓаат да слушаат проповед, но ги занемаруваат молитвените состаноци. И овде е потребно да се побара божествена мудрост за да се направат тие собири интересни и привлечни. Луѓето гладуваат за лебот на животот и ако го најдат на молитвените состаноци, ќе доаѓаат духовно да се нахранат. {4C 70.3}

Долгите сувопарни излагања и молитви не се пожелни никаде, а особено не на собирите за искажување на сведоштва. На оние кои се секогаш подготвени да се истакнат и нешто да кажат им се дозволува дрско да го потиснуваат сведоштвото на срамежливите и повлечените. Најповршните обично имаат најмногу да кажат. Нивните молитви се долги и механички, така што само ги заморуваат ангелите и останатите молители кои ги слушаат. Нашите молитви на јавните собири треба да бидат кратки и одредени. Ако некој има потреба за долго барање во молитва, кое заморно би делувало на останатите, нека го остави тоа за тајната молитва. Дозволете Светиот Дух да влезе во вашето срце и Тој ќе го очисти од секој студен формализам. {4C 70.4}

Музиката може да биде голема сила на добро; сепак ниту таа гранка на богослужение не ја користиме на најдобар начин. Најчесто се пее импулсивно или по повод на некое посебно расположение, а често на оние кои пеат им се дозволува постојано да грешат во мелодијата, и така музиката не остава поволен впечаток на умот

на присутните. Музиката треба да има своја убавина, возвишеност и сила. Гласовите треба складно да се издигаат во изрази на благодарност. Ако тоа е можно, потполнете ги своите гласови и со инструментална музика, така што складната хармонија величествено ќе се издига кон Бога како пријатен и за Него прифатлив принос. {4C 71.1}

Меѓутоа, да се дисциплинираат пејачите и да се научат правилно да пеат понекогаш е потешко отколку да се исправат погрешните навики во молитвата или во давањето на бодрења од катедра. Многумина сакаат да пеат на себеси својствен начин и не прифаќаат никакви консултации и не поднесуваат надзор. Во Божјата служба сè треба да биде добро и зрело испланирано. И во одржувањето на богослужение добро е да се раководиме со здрав разум. Силите на умот треба да Му се посветат на Христа, изнаоѓајќи најдобар начин да ги употребиме во Негова служба. Кога верниците под водство на Божјиот Дух се трудат да прават добро, живеејќи во склад со вистината и настојувајќи да спасуваат души, црквата може да биде голема сила во светот. Но, во својата работа, од која зависат вечните интереси, тие не смеат да бидат немарни. {4C 71.2}

Како народ, ние многу губиме поради недостаток на меѓусебно сочувство и вистинска друштвеност. Оние кои постојано зборуваат за некаква независност и се затвораат во себе, не заземаат правилен став кој им е од Бога одреден. Ние сме Божји деца и за да бидеме среќни зависиме едни од други. И Бог и човештвото со право очекуваат нешто од нас. Секој од нас мора да одигра своја улога во овој живот. Правилното негување на друштвеност во нашата природа нè наведува вистински да сочувствуваме со своите браќа и во настојувањето да ги направиме другите среќни. Среќата и блаженството на небото се состои чисто заедништво на светите битија - во хармонично дружење со светите ангели и откупените кои ги испрале и обелиле своите облеки во крвта на Јагнето. Се додека сме обземени само со своите лични интереси не можеме да бидеме вистински среќни. Во овој свет треба да живееме за да придобиваме души за Спасителот. Кога навредуваме и унесреќуваме други, се унесреќуваме и самите себеси. Кога служиме на благослов на другите, и самите стануваме благословени, бидејќи делувањето на секоја добра постапка се одразува и на нас самите. {4C 71.3}

Наша должност е да си помагаме еден со друг. Ние секогаш не доаѓаме во допир само со христијани кои се друштвени, љубезни и благи. Многумина во семејството не добиле добро воспитување; настрани се, полни со предрасуди, груби, мрзоволни и изгледаат непристапни во секој поглед. Обидувајќи се да им помогнеме да ги увидат и да ги отстранат своите недостатоци, мораме да бидеме многу внимателни да не губиме трпение и да не се лутиме поради нивните грешки. Меѓу оние кои тврдат дека се христијани има и поединци со многу непријатна природа, но убавината на христијанската благодат може да ги преобрази ако вредно се фатат за работа на придобивање на кротост и благост од Оној кого го следат, имајќи на ум дека „никој од нас не живее за себе”. Колку висока предност е да се биде Христов соработник! Каде да се најдат самопожртвувани мисионери кои ќе работат во тие големи градови? на Бога му се потребни работници во Неговото лозје. Да се чуваме да не го крademе Господа кога своето време кое Нему му го должиме го поминуваме во безделничење и украсување на своето тело, кога така ги злоупотребуваме тие драгоцени часови кои Бог ни ги подарил да ги посветуваме во молитва, проучување на Библијата и работата за своите ближни, подготвувајќи се и себеси и нив за големото дело кое ни претстои. {4C 72.1}

Мајките непотребно ја трошат својата сила во шиење, пеглање и одржување на таквата облека која служи само за украсување на надворешниот изглед на самите себеси и на нивните деца. Наша христијанска должност е во облекувањето да бидеме едноставни и своите деца да ги облекуваме уредно и чисто, без никакви непотребни украси и раскош; пазејќи будно во нив да не ја потхрануваме склоноста кон модата која своите поклоници ги води во неизбежна пропаст, туку најсесрдната желба за развој на христијанските особини. Никој од нас не може да се ослободи од своите должности и обврски, ниту ќе се најдеме чисти пред Божјиот престол ако не ја извршиме задачата која Христос ни ја оставил. {4C 72.2}

На Бога му се потребни мажи и жени кои како мисионери нема да бегаат од одговорности. Во одговорната задача која е пред нас само совесната работа може да донесе добри резултати. Вистината треба да се изнесува на многу внимателен начин, а тоа го можат само оние во чие однесување се гледа спој на кротост и мудрост. Да не се држиме круто на големо одстојание од своите ближни, туку да им се приближиме што повеќе; зашто нивните души се драгоцени во Божјите очи исто така како и нашите. Внесувајќи ја светлината на вистината во нивните домови,

можеме во дух на благост и потполна предаденост на Бога да ги повикаме да ја прифатат предноста што им се нуди; кога ќе се укаже поволна можност можеме и да се помолиме со нив, укажувајќи им на вишите цели кои и тие можат да ги постигнат, а потоа внимателно можеме да им зборуваме и за светите вистини за овие последни денови. {4C 73.1}

Нашиот народ повеќе се собира поради пеење отколку поради молитва; но дури и таквите собири - иако водени на ведар начин - би можеле да се водат во дух на стравопочитување, така што сепак ќе остават добар впечаток. Меѓутоа, на таквите собири има премногу шеги, празни зборови и несериозно однесување за да можат тие собири да бидат корисни, да ги издигнуваат мислите и да го облагородуваат однесувањето. {4C 73.2}

Сензационални будења

Во интересите на нашите членови во _____ постои голема поделеност. Штом ќе се појави некоја нова возбуда, некои од нив со своето влијание секогаш ја помагаат погрешната страна. Сите ние треба да бидеме многу внимателни кога ќе се појави некоја измама насочена кон тоа да нè одвои од вистината. Има такви кои се секогаш подготвени да видат и да слушнат нешто необично; а непријателот на душите во тие големи градови располага со изобилство можности за да го распламти жарот на љубопитност и да го одврати умот од големите и свети вистини за овие последни денови. {4C 73.3}

Ако секој бран на такви верски возбудувања повлече некои и тие престанат со своето присуство и влијание во потполност да го поддржуваат малцинството кое доследно се држи до непопуларната вистина, тогаш во црквата наместо сила насекаде преовладува слабост. Сатаната ги користи сите можни средства за да ги оствари своите цели; и кога ќе му тргне од рака, под плаштот на популарната религија, да ги повлече колебливите и невнимателните од патот на вистината, тоа за него е голем успех бидејќи ги поделил силите на Божјиот народ. Воодушевувањето од таквото минливо будење, кое расте и опаѓа како плима, залажува со своите надворешни знаци многу искрени души кои тоа го сметаат за делување на вистинскиот Божји Дух. Се намножува бројот

на обратените. Оние кои лесно се возбудуваат, како и оние кои се попустливи и слаби во верата со задоволство се собираат под таквото знаме; меѓутоа, кога таквиот бран ќе се повлече, тие остануваат заглавени на брегот. Не дозволувајте да ве измамат лажните учители и да ве занесуваат со празни зборови. Непријателот на душите е сигурен дека има многу примамливи измислици со кои може да го задоволи вкусот на сите љубопитни. {4C 73.4}

Секогаш ќе има усвитени метеори чија светлина ќе блесне како молња; меѓутоа, трагата на светлината која тие ја оставаат зад себе, моментално исчезнува во темнината која потоа изгледа само уште погуста. Тие сензационални верски возбудувања, предизвикани од раскажување на анегдоти и рекламирање на нешто необично и чудно, делуваат само површински; и оние помеѓу нас кои се воодушевуваат и се занесуваат со блесокот на таквата светлина никогаш нема да придонесат кон јакнење и изградување на Божјото дело. Таквите се подготвени да ја напуштат црквата заради најмала ситница и други да одведат на такви собири каде што ќе го слушнат само она што слушателите духовно ги слабее и ги доведува во забуна. Сè поголемата незаинтересираност за Божјото дело е причина што нему му се намалува силата. Ние мораме да бидеме цврсти и непоколебливи во верата. Да даваме постојано свој придонес за светлината на вистината, како што е откриена во Божјиот закон да го осветли умот на грешникот и да го изведе од духовната темнина, тоа е задачата која стои пред нас. За да успееме во тоа, неопходна е одлучност, истрајност и постојана сосредоточеност на одредена цел. {4C 74.1}

Во црквата има и такви кои треба цврсто да се држат за столбовите на нашата вера и да бидат втемелени на сигурна карпа, наместо да пловат по текот на реката, поведувајќи се по површните возбудувања и минливи побуди. Во црквата има поединци кои боледуваат од духовна диспепсија, кои самите себеси се направиле инвалиди; нивната духовна слабост е последица на нивната постојана колебливост. Ветровите на разновидните учења ги занесуваат на една или на друга страна и често се во забуна и неизвесност бидејќи се раководат исклучиво според своите моментални чувства. Тоа се сензационални христијани кои секогаш копнеат по нешто ново и необично; туѓите и необични чувства создаваат конфузија во нивната вера и тие се потполно бескорисни за делото на вистината. {4C 74.2}

Бог бара мажи и жени кои се стабилни и цврсти во намерата, луѓе на кои можеме да се потпреме во време на опасност и неволи, кои се длабоко вкоренети во вистината и стојат цврсто како вечни брегови, кои не застрануваат ниту на десно ниту на лево, туку само одат напред и секогаш остануваат на вистинската страна. Има поединци кои во време на опасност речиси секогаш се наоѓаат во редовите на непријателот; а со своето влијание, ако воопшто го имаат, секогаш се на страна на злото. Тие не се чувствуваат морално должни сите свои сили да ги посветат на вистината која ја исповедаат. Таквите ќе бидат наградени според нивните дела. {4C 75.1}

Оние кои малку прават за Спасителот во поглед на спасување на душите и во настојувањето да бидат исправни пред Бога, малку и ќе примат во поглед на духовната сила. За да можат силите кои ги имаме да се развиваат и зголемуваат, мораме постојано да ги користиме. Како што болеста е последица на престапување на природните закони, така и духовната слабост е последица на постојаното кршење на Божјиот закон, иако престапникот во исто време можеби тврди дека ги држи сите Божјите заповеди. {4C 75.2}

За да бидеме духовно здрави мораме повеќе да се приближуваме кон Бога, да одржуваме поблиска врска со небото и да живееме според начелата на Неговиот закон во најситните детали на секојдневниот живот. Бог им дава на Своите слуги способности и таленти кои треба да се употребат на слава на Неговото име, а не да останат неупотребени или напразно употребени. Тој ни дава светлина и познавање на Својата волја за да можеме тоа да го пренесуваме и на други, и правејќи така, ние стануваме живи канали на светлината. Ако своите духовни сили не ги употребиме, ние духовно слабееме, како што и органите на телото стануваат немоќни кога инвалидот е принуден долго да остане неактивен. Способностите се зацврстуваат само со употреба. {4C 75.3}

Со ништо не можеме толку да ги зајакнеме своите духовни сили и да ја подобриме сесрдноста и длабочината на своите чувства како со посетување и служба на болните и обесхрабрените, помагајќи им да здогледаат светлина и со вера цврсто да се фатат за Христа. Има непријатни должности кои некој мора да ги изврши или душите ќе бидат препуштени да пропаднат. За христијаните и таквите должности, колку и да изгледаат непријатни, претставуваат благослов. И Христос презел на Себе многу непријатна задача: го напуштил престојувалиштето на чистота и ненадминлива слава за да живее меѓу луѓето, во светот потонат во зло, насилство и беззаконие. Тој се согласил на сето тоа за да ги спаси душите; и зар тогаш оние кои се предмет на толку восхитувачка љубов и неспоредливо снижување можат да најдат било каков изговор за својата себичност? Зар, барајќи само задоволства и поведувајќи се по личните склоности, ќе ги пуштат душите да пропаѓаат во темнината на заблудата само за во настојувањето да ги спасат да не наидат на разочарување и одбивање? Христос платил неизмерна цена на откупување за човекот и зар сега човекот треба да каже: „Господару, не сакам да работам во Твоето лозје: те молам, ослободи ме?” {4C 75.4}

Сите оние во Сион кои мислат само на својата удобност, Бог ги повикува да започнат со работа. Зар да не го послушаат гласот на својот Господ? Тој бара побожни и верни работници, луѓе од молитва, подготвени да сеат „покрај секоја вода”. Оние кои така работат ќе бидат изненадени кога ќе увидат како неволите - храбро поднесени во Христово име и во Негова сила - даваат цврстина на нивната вера и им влеваат нова сила. На патеката на оние кои се понизни и секогаш подготвени на послушност се наоѓа сила и сигурност, утеха и награда; но платата на оние кои не прават ништо за Господа на крајот ќе биде вечна загуба. Слабите раце и изнемоштените колена на таквите нема да бидат во состојба да се држат до Семоќниот и да опстанат во времето на криза. Оние кои даваат библиски часови и христијанските работници ќе примат славна награда и ќе ги слушнат зборовите: „Добро направено, добар и верен слуго… влези во радоста на својот Господар!” {4C 76.1}

Ускратување на средства

Божјиот благослов ќе почива врз оние во _____ кои што Христовото дело го имаат во срцето. Доброволните прилози на нашите браќа и сестри, поттикнати од верата и љубовта кон распнатиот Откупител, ќе им донесе за возврат изобилство на благослови; бидејќи Бог сè гледа и не заборава ниту еден чин на дарежливост од страна на Своите светии. Во подготовката за подигање на молитвени домови неопходно е да се покаже голема вера и доверба во Бога. Во деловниот живот на поголем успех може да сметаат само оние кои се подготвени да ризикуваат; зошто тогаш ние немаме доверба во она што се подига за Бога и да не вложиме во Неговото дело? {4C 76.2}

Многумина манифестираат дух на дарежливост додека се сиромашни; меѓутоа, штом ќе стекнат извесен имот тие стануваат скржави. Причината што имаат толку малку вера е во тоа што не напредуваат во давањето соодветно на своето материјално богатство и не се подготвени било што да жртвуваат за Божјото дело. {4C 77.1}

Во старозаветниот систем, од Израелците е барано својата благодарност и дарежливост најнапред да ја покажат пред Господа. Во времето на жетва и берба, првите плодови - од жито, вино и масло - биле посветени како принос на Господа. Остатоците по жетвата и аглите по нивите им биле препуштени на сиромашните. Нашиот милостив Татко не ги заборава ниту потребите на сиромашните. Волната на првпат стрижените овци и првото ожнеано жито биле како првина посветени на Господа; а од поимотните е барано да ги повикуваат сиромашните, вдовиците, сирачињата и странците на своите гозби. На крајот на секоја година од секој Израелец е барано под свечена заклетва да изјави дали направил сè во склад со Божјите барања. {4C 77.2}

Со какво уредување Господ на Израелците постојано им ги предочувал фактите дека за нив Тој мора секогаш и во сè да биде прв. Со тој систем на добродетелство тие се постојано потсетувани дека милостивиот Бог е вистински сопственик на нивните полиња и нивните стада, дека Тој им ги испраќа сонцето и дождот, без кои не би имало ниту сеење ниту жетва и дека сè што имаат е дело на Неговата рака. Значи, сè е Господово и Тој ги направил само повереници на Своите добра. {4C 77.3}

Дарежливоста на Израелците кога во пустината подигале шатор од состанок и подоцна кога го граделе храмот во Ерусалим го покажува духот на таквото добродетелство до кое христијаните од подоцнежните времиња никогаш не се издигнале. Додека, по своето долго ропство во Египет, талкале низ пустината и само што се ослободиле од египетската војска која ги прогонувала на нивниот мачен пат, му дошла Господовата реч на Мојсеј: „Кажи им на Израелевите синови да ми соберат прилог: од секој кој доброволно дава, земете прилог за Мене”. {4C 77.4}

Имотот со кој Израелците располагале во тоа време бил многу скромен и немало никакви изгледи дека може да се зголеми; но пред нив била голема задача - подигање на привремено светилиште за Божја служба. Господ рекол и тие биле должни да го послушаат Неговиот глас. Тие не скратувале ништо. Сите доброволно давале и тоа не само некој мал износ, туку значителен дел од целокупниот свој имот. Радосно и од срце сето тоа Му го посветиле на Господа и Нему тоа Му било по волја. А зар сето тоа и не било Негово? Зар сè што поседувале не било само дар од Неговата рака? И кога побарал прилог, не била ли нивна должност како на Оној Кој им позајмил да Му го вратат она што им го позајмил? {4C 78.1}

Не било потребно никакво убедување. Народот донесувал повеќе од што било потребно, така што Мојсеј морал да им каже да не носат повеќе, бидејќи веќе било приложено повеќе отколку што можело да се употреби. И во подготовката за градење на храмот во Ерусалим, народот исто така сесрдно одговорил на Давидовиот повик, приложувајќи од сè срце. Сите доброволно давале, радувајќи се на планираното подигање на градбата која ќе биде „дом на молитва за сите народи” и за таа цел приложиле дури и повеќе отколку што било потребно. Оддавајќи благодарност на Господа пред целиот народ, Давид рекол: „Кој сум јас и што е мојот народ за да можеме толку да ти пренесеме на Тебе? Зашто од Тебе е сè и примајќи од Твоите раце, ние ти дадовме”. Во продолжение на својата молитва, Давид повторно нагласува: „Господе

Боже наш, сето ова богатство што Ти го подготвивме за градење на домот на Твоето свето име е од Твојата рака и сè е Твое”. {4C 78.2}

Давид добро сфатил од кого доаѓа сè што имал. Исто така би требало да сфатат и оние кои денес ги уживаат плодовите на Спасителовата љубов дека и нивното злато и сребро Му припаѓа на Господа и дека сето тоа треба да се употреби во Негова слава, а не љубоморно да се чува за лично богатење и за угодување на себеси. Тој има неоспорно право на сè што им позајмил на човечките суштества и сè што имаат тие е Негово. {4C 78.3}

Постојат високи и свети цели за чие остварување се неопходни парични средства; така вложените пари ќе му донесат на дародавецот многу повозвишена и потрајна радост отколку да ги потрошил на задоволување на личните барања или пак себично да ги натрупувал. Кога Бог го бара нашето богатство, колкав износ и да е во прашање, доброволното одзивање го претставува тој прилог во „света и угодна жртва” за Него, а дародавецот со тоа вложува во небесната ризница, каде што ниту молецот ниту р’ѓата не можат да уништат. Таквото вложување е најсигурно. Парите се ставени во ќеси кои немаат дупки и таму се сигурни. {4C 78.4}

Можат ли христијаните, кои се фалат дека имаат поголема светлина од Евреите, да даваат помалку отколку тие? Можат ли христијаните, кои живеат пред крајот на времето на милоста да бидат задоволни со своите прилози кога тоа што го даваат не изнесува ниту половина од она што го давале Израелците? Нивната дарежливост била наменета за добробитта на нивната нација; додека делото на овие последни денови треба да го опфати целиот свет. Пораката на сегашната вистина треба да им се објави на сите народи, племиња и јазици; печатена на сите можни јазици, таа треба да се рашири како есенско лисје. {4C 79.1}

Пишано е: „Кога Христос настрада за нас со телото и вие вооружајте се со таа мисла”. А потоа: „Оној кој тврди дека престојува во него, тој треба да живее како што живеел Тој”. Затоа, да се запрашаме: „Што би направил нашиот Спасител кога би бил во наши околности? Какви напори Тој би вложувал за спасување на душите? На тоа прашање Тој одговорил со Својот личен пример. Го напуштил Своето царско височество, се откажал од Својата слава, ги жртвувал сите богатства на небото и Своето божество го облекол со човечка природа, за да може да им се приближи на луѓето такви какви што се. Неговиот пример покажал дека Тој го положил Својот живот за спасение на грешниците. {4C 79.2}

Сатаната ѝ ласкал на Ева дека со недозволеното попуштање на апетитот може да постигне големо задоволство и среќа, додека Божјите ветувања секогаш се условени со самооткажување. Со Својата агонија на срамниот крст, страдајќи за откупување на човекот, Христос ја издигнал човечката природа од нејзината пониженост. Само благодарение на крстот, човечкиот род може да се издигне и да воспостави врска со небото. Самооткажување и крст нè очекуваат при секој чекор на нашиот пат кон небото. {4C 79.3}

Духот на дарежливост е небесен дух; додека духот на себичност е сатански дух. Христовата љубов полна со самопожртвуваност се открила на крстот. Тој дал сè што може да се даде, а на крајот дури го положил и Својот живот за да го спаси човекот. Христовиот крст го повикува секој Негов следбеник на несебично добродетелство и жртва. Жртвата на крстот е жива илустрација на небесното начело: да се дава, дава. Тоа начело, применето со вистинска благородност и добри дела, е вистински плод на христијанскиот живот. Начело на оние кои живеат само за овој свет е: да се зема, зема,

и на тој начин тие настојуваат да осигурат среќа, но, спроведено во секој поглед, тоа донесува само несреќа и смрт. {4C 79.4}

Да им се објави на жителите на Земјата сегашната вистина, да им се помогне да се ослободат од гревовите и рамнодушноста - тоа е мисијата на Христовите следбеници. На луѓето мора да им се однесе веста на вистината за да можат да се спасат, а ние треба да бидеме канали на божествената светлина. Своите таленти, материјални средства и своето знаење не смееме себично да ги користиме само за себе, туку сето тоа треба да се употреби за спасение на душите, за да може човекот да се издигне од својата страшна пониженост од гревот и со Христово посредство да ги приведе кон бесконечниот Бог. {4C 80.1}

Ние треба да бидеме ревносни работници во ова дело настојувајќи да ги водиме грешниците кои се склони кон покајание и вера кон божествениот Откупител и да им втиснеме во душата длабока претстава за Божјата љубов кон човекот. „Зашто Бог толку го возљуби светот, што Го даде Својот Единороден Син, та секој што верува во Него да не загине, но да има живот вечен". Каква љубов која не може да се спореди со ништо! Каков предмет за најдлабоко размислување! Несфатлива Божја љубов кон светот кој не Го љубел! Ваквото размислување цврсто и впечатливо делува на душата и човечкиот ум го потчинува на Божјата волја. На луѓето кои се неразумно обземени само со стекнување и заработувачка и на оние кои се несреќни неопходно им е сознанието за оваа вистина за да можат да ја задоволат својата незаситна глад и жедта на својата душа. {4C 80.2}

Во големите градови се чувствува потребата за мисионери за Бога кои ќе ја донесат светлината на вистината на оние „што седат во темнина и во смртна сенка". Неопходно е длабоко искуство во мисионерската работа за да можат малаксаните души во понизност, мудрост и сила да се подигнат во прегратките на милостивиот Откупител. О, какво проклетство се крие во себичноста! Тоа нè спречува поцелосно да му се посветиме на Божјото дело. Тоа ги затвора нашите уши да не ги слушнеме барањата на должноста, кои би требало да ги запалат нашите срца со сесрдна ревност. Сите сили на нашето битие треба да се доведат во покорност на Христа. Да се посветува и најмало внимание на водачите на заблудата, значи да се помага погрешна страна и да се дава предност на непријателот. Божјата вистина не знае за никаков компромис со гревот, врска со измамата, ниту единство со престапот. Во Божјото дело се потребни работници кои, како истренирани војници, подготвено се одзиваат на прозивањето, секогаш подготвени за акција, а не оние кои - кога е најпотребна нивната помош - му помагаат на непријателот. {4C 80.3}

Големо е делото што ни е доверено. Наспроти тоа, многу се оние кои - иако тврдат дека веруваат во овие свети вистини - просто се парализирани од измамите на сатаната и не само што ништо не придонесуваат за напредок на делото, туку уште и го попречуваат. Кога тие ќе постапуваат како навистина да го очекуваат својот Господ? Кога таквите ќе манифестираат ревност која би одговарала на верата која ја исповедаат? Многумина себично ги задржуваат своите средства, а својата совест ја смируваат со замислата дека за Божјото дело ќе направат нешто големо по својата смрт. Тие во својот тестамент ветуваат големи суми на пари за црквата и за нејзините интереси и потоа само мирно седат, мислејќи дека направиле сè што се очекува од нив. Во што покажуваат самооткажување со ваквата постапка? Напротив, со ова тие само ја покажуваат суштината на својата себичност. Тие се согласуваат нивните пари да се предадат на Господа дури тогаш кога веќе нема да можат да ги користат. Но цврсто ги

држат во своите раце сè додека можат, сè додека гласникот на смртта - кој не може да биде вратен - не ги принуди сè да остават. {4C 81.1}

Таквиот тестамент често е само доказ на вистинското лакомство. Бог нè направил Свои повереници и во никој случај не нè овластил да ја запоставуваме таа своја должност или да ја пренесуваме на било кој друг. Повикот со своите средства да го унапредиме делото на вистината никогаш нема да биде понеодложен отколку денес. Со своите пари никогаш нема да можеме повеќе да придонесеме во таа насока отколку токму сега. Секој ден на одложување правилно да ги употребиме своите средства го ограничува периодот во кој тие можат да се употребат за спасување на душите. Ако им оставаме на другите да го направат она што Бог ни го ставил како задача на нас, тогаш се понижуваме и себеси и Оној Кој ни дал сè што имаме. Како може некој друг нашето дело на добродетелство да го направи подобро од самите нас? Бог сака секој од нас уште во текот на својот живот да го реализира она што има намера да го направи во тој поглед. Некоја неприлика, несреќен случај или сплетка можат засекогаш да ги оневозможат планираните потфати на добродетелство кога оној кој го стекнал имотот нема повеќе да го чува. Жално е што многумина пропуштаат златна можност да прават добро со својот имот додека тој е во нивните раце и чекаат да бидат лишени од својата должност во својство на повереник пред да Му ги вратат на Господа средствата кои Тој им ги позајмил да ги употребат за Негова слава. {4C 81.2}

Значајна карактеристика во Христовиот начин на поучување претставува Неговото често и сериозно настојување да го укори гревот на лакомство и да укаже на опасноста од натрупување на земно богатство и неумерена трка за добивка. Во домовите на богатите, во храмот и на улиците, Тој често ги предупредувал оние кои се интересирале за спасението: „Гледајте и чувајте се од секое лакомство". „Не можете да Му служите на Бога и на мамона". {4C 82.1}

Таа сè поголема склоност за стекнување на земно богатство и себичноста која се раѓа од незаситната желба за добивка се постојани причини поради кои црквата ја губи својата духовност и Божјото одобрување. Кога и главите и рацете се постојано зафатени со планирање и мачни напори во стекнување на богатства, тогаш се заборава на должностите и обврските што ги имаме кон Бога и кон ближните. Ако Бог ни подарил успех во материјалните добра, не треба своето време и внимание што му ги должиме Нему да ги посветуваме само на она што Тој ни го позајмил. Дародавецот е поважен од дарот. Да имаме на ум дека не сме свои. Ние сме откупени со скапа цена. Зар да ја заборавиме неизмерната цена платена за нашиот откуп? Зар благодарноста навистина да умре во нашето срце? Зар не би требало животот на себичност и угодување на себеси длабоко да се посрами пред Христовиот крст? {4C 82.2}

Што ќе беше ако Христос, преморен од неблагодарноста, запоставувањето и навредите доживувани на секој чекор, се откажеше од Својата мисија? Што ќе беше да не издржеше до моментот кога извика: „Се сврши!" Кога, обесхрабрен од приемот на кој наишол на овој неблагодарен свет, се вратеше на небото? Што ќе беше ако во Гетсиманија не ја издржеше онаа страшна агонија на душата, толку страшна што потта која Му паѓала од челото му изгледала како големи капки крв? {4C 82.3}

Во своите напори на спасување на човечкиот род, Христос се раководел од божествената љубов која не може да се спореди со ништо и од потполната предаденост на Татковата волја. До последниот момент на Своето понижување на овој свет, Тој неуморно се залагал за доброто на човекот. Го поминал животот во сиромаштија и самооткажување за да го спаси човекот понижен од грев. На овој свет, кој е во целост

Негова сопственост, немал ниту каде да ја „засолни главата”. Ние ги уживаме плодовите на таа бесконечна самопожртвуваност; а сепак, кога од нас ќе се побара нешто да направиме, со своите средства да го помогнеме делото на спасение на душите, ние се повлекуваме од должностите и бараме изговор. Несфатливата немарност, потполната незаинтересираност и одвратната себичност ги прават нашите сетила толку непристапни за Божјите барања. {4C 82.4}

Можеме ли - и покрај сознанието дека Христос, Величеството на небото и Царот на славата, го носел тешкиот крст, грозниот венец од трње и до дно ја испил горчливата чаша - да продолжиме да гледаме само на личната удобност, да се издигнуваме себеси, заборавајќи на душите за кои Тој умрел за да ги откупи со Својата драгоцена крв? Не - да бидеме подготвени да даваме сè додека имаме што да дадеме. Да работиме додека можеме, додека уште трае денот. Да го посветиме своето време и своите средства на верното и совесно служење на Бога, и Неговото одобрување и награда сигурно нема да изостанат. {4C 83.1}

---

8. ПРОЦЕС НА ПРОВЕРКА

Драги брате Г, многу сум загрижена за тебе. Ти треба да ја прифатиш светлината и да излезеш од темнината со која си опкружен. Се наоѓаш во големо искушение од сатаната и тој те користи како свое орудие за да го попречи напредокот на Божјото дело. Тој те користи успешно за таа цел, но тоа никако не смее да значи дека и понатаму треба да продолжиш по тој многу погрешен пат. Многу стравувам за тебе. Знам дека Бог ти дал голема светлина. Преку твојата болест минатата есен Божјото провидение делуваше на тебе со цел да можеш да донесуваш родови на слава на Неговото име. {4C 83.2}

Неверството завладеало во твојата душа. И Господ дозволил да те снајде болеста за да стекнеш искуство кое навистина ти е потребно. Нам ни пружи можност да го примиме благословот на Неговото одобрување што се молевме за тебе, а тебе те благослови услишувајќи ги нашите молитви. Негова намера е нашите срца да се соединат во љубов и меѓусебна доверба. Светиот Дух му сведочеше на твојот дух. Во одговор на нашите молитви, Неговата сила се спушти на тебе; но потоа дојде и сатаната со своите искушенија, а ти не ја затвори вратата пред него. Успеа не само да пронајде пристап во твоето срце туку беше и многу активен. Тој секогаш подло настојува прво да завладее со умот на еден човек, а потоа преку него да влијае и на другите. На тој начин, тој има цел да ги попречува нашите напори токму таму каде што можевме да остваримe најмногу успех во ширењето на вистината. {4C 83.3}

Во Својата мудрост Господ намерно те поврзал со делото во _____ за да ги увидиш недостатоците на својот карактер и да ги победиш. Ти самиот знаеш колку бргу се возбудуваш и паѓаш во оган кога сè не оди онака како што би сакал. Бог нека ти помогне да сфатиш дека тоа свое нетрпение и избувливост мораш во потполност да ги победиш, или твојот живот ќе се покаже како потполно промашување. Ќе го изгубиш спасението, а тогаш би било подобро да не си се ни родил. {4C 84.1}

За спасението на секој од нас секогаш се одлучува на небесниот суд. Таму ќе мораме да положиме сметка за секој свој ден. Секој ќе прими според своите дела.

Прилозите и жртвите паленици во старозаветниот период не биле прифатливи за Бога ако не биле принесени во вистински дух. „Зар сепалениците Му се попријатни на Господ”, вели Самоил, „отколку послушноста на гласот Господов? Послушноста е подобра од жртвата и покорувањето - подобро од овнешкото месо”. Божјиот благослов не може да се купи за никакви пари на овој свет ниту со пари може да се стекне било каква победа над гревот. {4C 84.2}

Многумина се подготвени на секаква друга жртва само не на она што се бара од нив, а тоа е да се откажат од себеси и својата волја да ја потчинат на Божјата волја. На Своите ученици, Христос им рекол: „Ако не се обратите и не бидете како деца, нема да влезете во небесното царство”. Овде се наоѓа и поуката за понизноста. Сите мораме да се понизиме и во своите очи да станеме како мали деца за да го наследиме небесното царство. {4C 84.3}

Нашиот небесен Татко ги гледа срцата на човечките синови и нивниот карактер го познава подобро отколку што самите тие го познаваат. Тој гледа дека поединци од нив имаат склоности и таленти кои, ако правилно се насочат, би можеле да се употребат на слава на Неговото име и да придонесат за напредок на Неговото дело. Тој ги става таквите на проба и во мудроста на Своето провидение ги доведува во различни положби и околности каде што се испитуваат, за да се покаже што им е во срцето и за да се откријат слабите точки во нивниот карактер, за кои често не се свесни ниту самите. На тој начин им се пружа можност да ги увидат и да ги отстранат тие слабости, да ги измазнат грубите агли на својата природа и да се подготват за служба на Него, па кога ќе бидат повикани, да можат да стапат во акција и за да можат небесните ангели да ги обединат своите напори со нивните во делото кое мора да се доврши на оваа Земја. На луѓето кои треба да заземат одговорни положби во црквата, во Својата милост Бог им ги открива нивните скриени недостатоци за да можат самокритично да ги преиспитаат своите сложени емоции и копнежи на своето срце и да откријат што во нив не е добро. На тој начин им се пружа можност да се променат и да се облагородат. Во Своето провидение, Господ ги доведува луѓето во положба каде што можат да се проверат нивните морални сили и да се откријат побудите според кои тие се раководат во својата работа, за да можат она што е добро во нив да го направат уште подобро, а она што не е добро да го отфрлат. Бог сака Неговите слуги да се запознаат со придвижувачкиот механизам на морал во своето срце. За да го постигне тоа, Тој дозволува често да минуваат низ оган на тешки неволи, но не да изгорат во тој оган, туку да се очистат. „Но, кој ќе го поднесе денот на Неговото доаѓање и кој ќе се одржи кога ќе се покаже? Зашто тој е како огнот на леарот и како пепелницата на белачот. И ќе седне како оној кој го претопува и чисти златото и ќе ги очисти Левиевите синови и ќе ги претопи како злато и сребро и тие ќе Му принесуваат на Господа принос во правда”. {4C 84.4}

Низ тој процес на чистење и облагородување, Божјиот народ не може да помине без страдања. Бог дозволува огнот на неволи во нас да го запали само плевелот, да го одвои вредното од безвредното, за да може пречистениот метал да заблеска во својот полн сјај. Тој нè води од еден оган во друг, проверувајќи ја нашата вистинска вредност. Ако не можеме да ја издржиме таа проверка, што ќе биде со нас во времето на неволја? Ако секој успех или страдање во животот ги откриваат лицемерството, горделивоста или себичноста кои се кријат во нашето срце, што ќе биде со нас кога Бог со оган ќе го испита секое човечко дело и ќе ги открие тајните на секое срце? {4C 85.1}

Оние кои поседуваат вистински доблести никогаш не се плашат од проверка. Ако со незадоволство прифаќаме Господ да нè проверува, значи дека нашата духовна

состојба е многу сериозна. Во огнената печка, Бог ги пречистува и облагородува душите, така што плевелот засекогаш се одвојува од златото и среброто на христијанскиот карактер. Христос го набљудува проверувањето. Тој знае што е неопходно за да може тој драгоцен материјал, очистен и облагороден, да отсјајува со зраците на Неговата божествена љубов. {4C 85.2}

Со тие болни испити Бог ги доведува припадниците на Својот народ сè поблиску кај Себе, откривајќи им ги нивните слабости и недостатоци и учејќи ги за помош и заштита секогаш да се потпираат само на Него. Неговата намера тие да бидат подготвени за секое изненадување, да се оспособат за доверливи положби во Неговото дело и да го исполнат големиот налог поради што им се и дадени нивните способности, најдобро се остварува на ваков начин. Бог ги става луѓето на проба и ги проверува во секој поглед, нудејќи им на тој начин можност да се воспитуваат, да стекнуваат искуства и да се дисциплинираат. Исус, нашиот Откупител, претставник пред Бога и Поглавар, исто така минал низ процес на проверка. Поднел повеќе отколку што некој од нас може да биде повикан да поднесува. Тој ги носел нашите слабости и во сè бил искушуван како и ние. Тој не го поднесувал тоа поради Себе, туку поради нашите гревови; и сега, потпирајќи се на заслугите на големиот Победник, и ние можеме да станеме победници во Негово име. {4C 86.1}

Божјото дело на чистење и облагородување мора да се продолжи сè додека припадниците на Неговиот народ не ги направи толку понизни и толку мртви за себе така што, кога Тој ќе ги повика во активна служба, ќе ја имаат пред очите само Неговата слава. Тогаш нивните напори ќе бидат прифатливи за Бога, тие нема веќе да го изложуваат на опасност Божјото дело, раководејќи се избувливо од своите моментални побуди, ниту ќе бидат робови на искушенијата и страстите на својот непрепороден ум, кои ги поттикнува и распламтува сатаната. О, колку страшна штета можат да нанесат на Божјото дело изопачената волја и нескротениот темперамент на еден човек! Колку страдања задава таквиот човек раководејќи се тврдоглаво од својата избувливост! Бог не престанува да ги изложува таквите на процесот на проверка сè додека во понизност и преобразување на карактерот потполно не се усогласат со Христа и со духот на небото и додека во потполност не го победат своето сопствено „јас”. {4C 86.2}

Бог ги повикува луѓето од разни краеви и ги проверува за да се види од каков карактер се, дали ќе може да им го довери чувањето на тврдината во _____, ќе бидат ли во состојба да ги надополнат недостатоците на оние кои веќе се тука и - гледајќи ги нивните слабости - да не се поведуваат по примерот на таквите кои не заслужуваат да им се довери Божјото дело. Тој не престанал да им упатува опомени, укори и совети на одговорните во _____ и им дава изобилство на светлина во поглед на нивните должности, така што имаат потполно јасен пат пред себе. Но, ако тие и понатаму продолжат да се потпираат на сопствената мудрост, без оглед на примената светлина, како што направил Саул, сигурно ќе се најдат на погрешен пат и ќе внесат забуна во Божјото дело. Дадена им е можност да бираат: светлина или темнина, но тие најчесто го бираа ова последното. {4C 86.3}

Пораката упатена до Лаодикеја се однесува на Божјиот народ кој тврди дека верува во сегашната вистина. Мнозинството од тој народ го сочинуваат таканаречените верници, кои се тоа само по име, но им недостига вистинска ревност. Бог сака да има луѓе кои се подготвени да ја подобрат постојната состојба и како верни стражари цврсто да стојат на местото на својата должност. Тој им дал изобилство на светлина во секој поглед за да ги поучи, охрабри и утврди, според тоа каква била потребата. Но наспроти

сето тоа, токму оние кои повеќе од сите други се должни да бидат верни, проткаени со христијанска ревност и најсесрдна љубов кон Христа, најчесто му помагаат на непријателот да ги слабее и обесхрабрува оние кои Бог ги употребува во подигање на Своето дело. Изразот „млак" може да се примени токму на таквите. Тие тврдат дека ја сакаат вистината, но им недостигаат христијанска ревност и вистинска побожност. Тие не се осмелуваат во потполност да Му се предадат на Бога и се изложуваат на ризик да станат неверници, бидејќи не се подготвени да се откажат од себе и строго да се придржуваат до начелата на својата вера. {4C 87.1}

Единствена надеж за Лаодикејците е да ја увидат својата вистинска состојба пред Бога и да ја сфатат природата на својата болест. Тие не се ниту студени ниту врели, заземаат некој неутрален став, а истовремено си ласкаат сами на себе дека се богати и дека ништо не им треба. Верниот Сведок се згрозува и гади на млакоста и рамнодушноста на таквите верници. Тој вели: „О, да си студен или врел!" Тие Му се толку одвратни како кога би пиел млака вода. Тие не се ниту потполно незаинтересирани ниту себично тврдоглави. Не се подготвени во потполност и со сето срце да се посветат на Божјото дело и своите интереси да ги изедначат со интересите на делото, туку се држат по страна и подготвени се да ја напуштат положбата ако тоа го бараат нивните лични интереси. Божјата благодат не го остварила своето внатрешно дело во нивното срце; и затоа Верниот Сведок за таквите вели: „Зашто велиш: богат сум и се збогатив, и ништо не ми треба; а не знаеш дека си несреќен и сиромашен и слеп и гол". {4C 87.2}

Верата и љубовта се вистинско богатство, чисто злато кое млаките Лаодикејци, по препорака на Верниот Сведок треба да го купат. Колку и да сме богати со земно богатство, сето тоа нема да ни овозможи да го купиме драгоцениот лек кој ја лекува болеста на душата, болеста наречена млакост. Разумот и земното богатство потполно се немоќни да ги отстранат недостатоците на припадниците на Лаодикејската црква и да ги излекуваат од нивната тешка болест. Тие се слепи, но сепак се чувствуваат многу богати. Божјиот Дух не го просветлува нивниот ум, така што воопшто не ја увидуваат својата грешност; затоа и не чувствуваат дека им е потребна било каква помош. {4C 88.1}

Да се биде без благодетите на Божјиот Дух е навистина жално; но уште пострашно е ако сме потполно лишени од духовност, одвоени од Христа, а сепак се обидуваме да се оправдаме себеси зборувајќи им на оние кои се загрижени за нас дека не ни се потребни никакви нивни стравувања ниту сомилост. Моќта на самоизмама страшно делува на човечкиот ум. Каква заслепеност кога некој ја смета светлината за темнина, а темнината за светлина! Верниот Сведок ни упатува совет од Него да купиме злато прочистено во оган, бели облеки и мевлем за очи. Златото прочистено во оган, кое Тој ни го препорачува, претставува вера и љубов. Тоа злато го обогатува срцето со христијански особини, бидејќи е претопувано во вера сè додека сосем не се прочистило и колку повеќе се прочистува, толку е сè поблескаво. Белите облеки ја претставуваат чистотата на карактерот, Христовата праведност која незаслужено му се дава на грешникот. Тоа е облека исткаена на небесниот разбој, која може да се купи само од Христа и тоа со животот на доброволна послушност. Мелемот или маста за очи ја претставува Божјата благодат која нè вразумува да разликуваме добро од зло и да го разоткриеме гревот во било кој облик и да се појави. Бог ѝ дал очи на Својата црква и бара да ги намачка со тој мевлем на Неговата мудрост за нејзиниот духовен вид да биде потполно јасен; но многумина сакаат да ја лишат црквата од тие очи само кога би можеле, бидејќи не сакаат нивните дела да излезат на светлина, за да не бидат укорени.

Тој божествен мевлем за очи дава бистрина на видот и духовно распознавање. Во Христа е изобилството на сите богатства на божествената благодат и добрина. Тој вели: „Купи од Мене". {4C 88.2}

Некои можеби ќе кажат дека очекувајќи го Божјото одобрување поради своите добри дела ги издигнуваме своите заслуги. Вистина е дека со своите добри дела не можеме да стекнеме ниту една победа; но без тоа не можеме да станеме победници. Да го купиме тоа што Христос ни го препорачува можеме само ако ги исполниме условите кои Тој ни ги поставува. Вистинските дарови на Неговата благодат, чија вредност е непроценлива и кои ќе ја издржат пробата на сите неволи и тешкотии можеме да ги добиеме само со вера и понизност која е плод на послушноста и сесрдната молитва. Особините благодарение на кои ги издржуваме страдањата и прогонствата и на дело ја докажуваме својата честитост и искреност претставуваат злато кое својата вредност ја докажува во огнот на топилницата. Тоа драгоцено богатство Христос Му го нуди секому од нас, велејќи: „Купи од мене злато прочистено во оган". Безживотното, површно и формално објавување на должноста не нè прави христијани. Мораме да се ослободиме од духовната млакост и да ја искусиме вистинската обратеност, или ќе го загубиме спасението. {4C 89.1}

Укажано ми е на Божјото провидение во потстапувањето со Неговиот народ и видов дека секоја неволја во процесот на чистење и облагородување на оние кои тврдат дека се христијани покажало дека некои биле само плевел. Секогаш не се појавувало само чисто злато. Во секоја верска криза некој ќе подлегне на искушението. Во процесот на решетање кое Бог го дозволува, многумина отпаѓаат како суво лисје. Благосостојбата го зголемува бројот на таканаречените верници. Неволите ги чистат од црквата; бидејќи таквите во својата душа не се многу цврсто поврзани со Бога. Кога ќе наидат неволите или прогонствата поради Божјата реч, многумина се соблазнети; тие нè напуштаат бидејќи всушност и не беа со нас. {4C 89.2}

Ваквите нека се присетат како пред неколку месеци и сами гледале на држењето на некои кои тогаш биле во слична положба како тие сега. Сериозно нека размислат за своето однесување кон оние кои се искушуваат. Ако некој тогаш им рекол дека, наспроти својата ревност и настојување да ги исправат другите, на крајот и самите ќе се најдат во темнината на сличната положба, тие би рекле, како што рекол Азаило во свое време на пророкот: „А што е твојот слуга, пес за да направи нешто такво?" {4C 89.3}

Тие самите себе се залажуваат. За време на затишје каква само цврстина тие манифестираат! Какви само храбри морнари се прикажуваат! Но, кога ќе навалат бесните бури на искушенијата и неволите, тогаш во душата на таквите, најчесто се создава бродолом. Луѓето можат да имаат одлични дарови, вистински способности и високи квалификации, но еден недостаток во карактерот, еден таен грев може, како една црвјосана греда во конструкцијата на чамецот, да биде трагична причина за нивната пропаст. {4C 90.1}

Драги брате, во Своето провидение Бог те повика од твојата фарма и те доведе во _____ за да те изложи на испит и проверка кои таму никогаш не би ги доживеал. Тој ти даде некои сведоштва на укор, декларативно ги прифаќаше, но во душата постојано негодуваше против тоа. Ти постапуваш слично на седумдесетте ученици кои престанале да го следат Исуса кога во Своето излагање истакнал некои практични вистини кои тие не можеле да ги прифатат. Не се прифати со вера за задачата да ги отстраниш истакнатите недостатоци во својот карактер. Не го понижи својот горд дух пред Бога и продолжи да војуваш против Божјиот Дух кој ти се откри во дадените укори. Твоето

непрепородено срце не е склоно да се потчинува на било каква контрола и не научи да владееш со себе. Твојот неконтролиран темперамент и нескротлив дух многу често потполно загосподаруваат со тебе. Може ли така импулсивно и толку неконтролирано суштество да живее меѓу чистите и свети ангели? На таквите нема да им биде дозволен пристап на небото, како што знаеш и самиот. Бидејќи тоа е така, почни без одлагање да го исправиш сето она што не е добро во твојата природа. Обрати се и биди понизен како мало дете. {4C 90.2}

Брате, ти си склон кон горделивост и имаш многу високо мислење за себе. Сето тоа мораш што побргу да го отфрлиш. Твоите роднини мораат постојано да се плашат од таквите испади на твојата неконтролирана природа. Твојата нежна и богобојазлива мајка прави сè што е во нејзина моќ поблаго да влијае на тебе и настојува да отстрани сè што би можело да биде причина за толкаво самоизвишување и неконтролираност на нејзиниот син. Меѓутоа, токму тоа настојување да те придобијат со убави зборови, преколнување и попуштање на мирот поради тебе наведува на заклучок дека за твојата избувливост нема лек и дека твоите роднини се должни тоа да го трпат. Сето тоа галење и изнаоѓање на сите можни изговори не помогна злото да се отстрани, туку направи уште полошо. {4C 90.3}

Ти не се бореше против тоа зло во себе и не го победи. Кога некој ќе ти се спротивстави во било што, тоа за тебе е провокација и доволен повод потполно да заборавиш на своето човечко достоинство и на фактот дека си создаден според Божје обличје. Ти жалосно го имаш изобличено и расипано тоа обличје во себе. Не си во состојба да владееш со себе ниту да ја контролираш својата волја. Во својата тврдоглавост и упорност подлегнуваш на сатанската сила. Секој пат кога ќе дозволиш со тебе да загосподарат страстите и самоволието, и сè додека ти не го увидиш тоа, додека во вистинска светлина не ја сфатиш сета погрешност на својот пат и сета одвратност на таа твоја избувливост која со секој излив станува сè посилна, сигурно нема да добиеш право да седиш крај напатениот Страдалник од Голгота. {4C 91.1}

Брате Г, Бог те повикува да се покаеш и да се обратиш, да бидеш понизен како мало дете. Сè додека посветувачкото влијание на вистината не изврши потполна промена во твојот живот и карактер, не можеш да добиеш право на наследство во небесното царство. Во Своето провидение, Бог те избра непосредно да се поврзеш со Неговото дело. Како недисциплиниран војник, Тој те прими во редовите на Својата војска, каде што под одредени услови на постоечките правила и одговорности беше подложен на процес на обучување. Во почетокот се држеше благородно, настојувајќи верно и совесно да одговараш на барањата на должностите. Поднесуваше немаштија и проби поуспешно отколку некогаш порано во својот живот. Но, сатаната ти подметна посебни искушенија на кои не им одолеа. Сожалувајќи се на тебе, Господ ја пружи Својата рака за да те спаси. Ти даде многу драгоцено искуство од кое не извлече поука како што требаше да направиш. Слично на Израелевите синови, бргу заборави на сè што Господ во Својата голема милост направи за тебе. Брате Г, Господ во одговор на твоите молитви за твое оздравување те подигна од болеста и ти ги продолжи деновите на животот; но ти - дозволувајќи љубомората и зависта да ја затрујат твојата душа - го предизвика Неговото оправдано незадоволство и неодобрување. Негова намера била да те доведе во положба каде што можеше да развиеш христијански карактер, да ги увидиш своите недостатоци и да ги исправиш. {4C 91.2}

Твоето воспитување и дисциплинирање во текот на детството и младоста беше многу погрешно. Сега мораш да ги учиш големите поуки за самосовладување, кои

требаше да ги совладаш многу порано. Бог те доведе во поинакво опкружување каде што под влијание на Неговиот Свет Дух можеш да се дисциплинираш и да се менуваш, да стекнуваш морална сила и самоконтрола, за да можеш да станеш победник. Владеењето со себе може да се постигне само со најголеми напори, непоколеблива одлучност и истрајност и нескршлива енергичност. Ти долго војуваше против секое ограничување и твојата избувливост рика како лав во кафез штом твојата волја ќе наиде на било каква препрека. Сега мораш потполно сам да го стекнуваш воспитувањето кое требало да го стекнеш многу порано со помош на своите родители. Фиданката многу лесно се свиткува додека е млада и тенка, но кога ќе се развие во нерамно и силно стебло, тогаш е многу тешко да се исправи. Твоите родители дозволиле да растеш така деформиран; и сега единствено со Божја благодат во соработка на своите истрајни напори можеш да станеш победник над својата волја. Преку Христовите заслуги можеш да се ослободиш од сè што го деформира карактерот и остава лузни на душата. Мораш да го отфрлиш стариот човек со сите негови заблуди и да се облечеш во нов - во Исуса Христа. Неговиот живот нека ти биде пример и тогаш своите умни и останати способности ќе ги посветиш на Божјата служба. {4C 92.1}

О, кога мајките сесрдно и нежно, но одлучно би се залагале на време да ги потчинат телесните склоности на своите деца кон лутина и избувливост, колку гревови би се спречиле во самиот зародиш, и од колку тешкотии црквата би била поштедена! Колку семејства, кои денес се наоѓаат во толку жална состојба, би можеле да бидат среќни! Многу души ќе бидат загубени засекогаш затоа што родителите пропуштиле со правилно дисциплинирање уште од малечки да ги научат своите деца да се потчинуваат на авторитетот. Преминувајќи лесно и неодлучно преку грешките и заблудите во самиот нивен зародиш, не само што не ставаме секира на коренот на тоа зло, туку придонесуваме за пропаст на илјадници други души. О, колку родителите ќе одговараат пред Бога за тоа страшно запоставување на својата должност! {4C 92.2}

Брате Г, ти сакаш да имаш главен збор и да им наредуваш на другите, но не си подготвен да си наредиш самиот себеси. Твојата горделивост е подготвена да избувне во секој момент. Самољубието и духот на горделивост се неконтролирани елементи во твојот карактер, и тоа го попречува твојот духовен напредок. Оние кои имаат таква природа мораат ревносно да се заземат секој ден да умираат за себе, или ќе го изгубат небото. Бог не прави компромис со таквите луѓе, како што прават наклонетите, заблудени родители. {4C 92.3}

Во мојата последна визија покажано ми е дека Господ нема понатаму да те користи во Своето свето дело ако продолжиш по својот пат, не прифаќајќи укор и неопходна дисциплина. Ако почнеше да се занимаваш со преиспитување на сопствената духовна состојба пред Бога, би увидел дека тоа е толку голема задача, така што немаше да имаш време да се задржуваш на наводните грешки на братот Х, и тоа зад негов грб. Братот Х во својата работа за последните триесет години заслужил да имаме доверба во неговата честитост. „Чест на оној кој заслужува”. {4C 93.1}

Луѓето на одговорни положби треба постојано да се усовршуваат. Тие не смеат да се задоволуваат со старото искуство, сметајќи дека не им е потребно никакво наводно стекнување на знаење. Човекот, иако при доаѓањето на светот е најбеспомошен од сите Божји созданија и по својата природа најизопачен, има можност во текот на животот постојано да се усовршува. Може да се просветува со наука, да се облагородува со особини и да се развива умно и морално сè додека според совршенството на умот и чистотата на карактерот не стане само малку помал од ангелите. Ние не сме во состојба

ниту да замислиме што сè луѓето можат да станат и какви достигнувања да остварат кога светлината на вистината ќе го осветли нивниот ум, а Божјата љубов ќе ги обземе нивните срца. {4C 93.2}

Знам дека човечкото срце е слепо за својата вистинска состојба, но не можам да те оставам така, а да не направам уште еден напор да ти помогнам. Ние те сакаме, и желба ни е да истраеш во борбата до конечна победа. Исус те љуби, Тој умре и за тебе и сака да бидеш спасен. Не е во наша надлежност да те задржиме во _____, но сакаме да направиш сè за своето спасение, да исправиш сè во што тука си грешел. Вложи го секој можен напор да господариш со себе за да не го загубиш небото. Тоа не би смеел да си го дозволиш себеси. Поради Христа, спротивстави му се на ѓаволот и тој ќе побегне од тебе. {4C 93.3}

_____

9. РАБОТАТА ПРИДОНЕСУВА ЗА ЗДРАВЈЕТО

Драги брате и сестро И, покажано ми е дека грешите во раководењето со своите деца. Вие ги прифативте погледите на др. Ј кои тој во _____ ги изнесуваше пред пациентите и пред вашите деца. Таквите погледи не треба да се прифатат ниту да се спроведуваат. Гледано од ставот на др. Ј таквите идеи можеби и не се толку лоши, но од христијанска точка на гледање тие претставуваат одредена опасност. Препораките кои др. Ј им ги дава на пациентите да ја избегнуваат физичката работа се покажаа како многу штетни за многумина од нив. Системот на потполна неактивност може да биде многу опасен. Потребата за забави, како што учи тој и им препорачува на своите пациенти е вистинска заблуда. За да го искористат правилно своето време и за да го вработат својот ум, тие треба да се занимаваат со корисно и здраво движење и физичка работа. Забавите кои ги препорачува др. Ј многу повеќе го возбудуваат мозокот и нервниот систем на пациентите отколку некое корисно занимање. {4C 94.1}

Физичкото движење комбинирано со корисна работа има благотворно влијание на умот, ги зацврстува мускулите, го подобрува крвотокот и на инвалидот му пружа задоволство, враќајќи му ја довербата и сопствените сили. Од друга страна, ако му се ограничи здравото движење и физичката работа, тој ќе почне да мисли само на себе. Тој и така е во постојана опасност својата состојба да ја смета за потешка отколку што е и се раководи според болното вообразување дека своите сили премногу ги оптоварува. Општо земено, ако се прифати за некоја правилно насочена работа, користејќи ги, но не и злоупотребувајќи ги своите сили, ќе увиди дека физичкото движење како средство за закрепнување е помоќно и поделотворно дури и од лекувањето со вода кое го применува. {4C 94.2}

Не активирајќи ги своите умни и физички сили во некоја корисна работа, многумина инвалиди се доведуваат себеси во состојба на таква изнемоштеност од која не можат да закрепнат. Исто така, тоа им пружа уште поголема можност да се занимаваат со нечисто фантазирање, а вообразувањето довело многумина од нив до сегашната состојба на немоќ. Ним им се говори дека своите животни сили премногу ги исцрпувале со тешка работа, додека во девет од десет случаи таа работа би била само благослов во нивниот живот и средство со кое се спасени од потполната пропаст. Додека нивниот ум на тој начин е зафатен, не би имале поповолни можности да го понижуваат своето тело

и во потполност да се уништат себеси. Да се ослободат таквите личности од секоја активност на мозокот и мускулите значи да му се даде на сатаната вистинска прилика да ги направи плен на своите искушенија. {4C 95.1}

Др. J учи и препорачува припадниците на спротивниот пол што повеќе да се мешаат меѓусебно, бидејќи наводно интересите на нивното физичко и умно здравје бараат што поблиско меѓусебно дружење. Ова учење нанело и сè уште нанесува голема штета на неискусната младина и деца и наидува на големо одобрување кај мажите и жените со сомнителен карактер, кои никогаш не ги контролирале своите страсти и кои поради тоа се подложни на разни болести. Да им се препорачува на таквите дека во интерес на нивното здравје е што повеќе да се дружат со личности од спротивниот пол значи ширум да се отвори вратата на искушението; страстите кои тлеат во нивните срца се будат како заспан лав, се преминува преку сите обзири и сè што е возвишено и благородно се жртвува на сетилната страст. Денешниот свет е преполн со изопаченост. Кога мажите и жените би биле умно и физички поздрави, кога животинските страсти би биле потчинети на вишите сили на умот, можеби би било релативно побезбедно да се препорачува момчињата и девојчињата како и младите од позрела возраст да ги користат благодатите на таквото меѓусебно дружење. {4C 95.2}

Кога мислите на младите од денешната генерација би биле чисти и слободни од изопаченост, девојките би можеле смирувачки да делуваат на умот и однесувањето на момчињата, додека момчињата со својата посилна и поодлучна природа би можеле да го облагородуваат и да го зацврстуваат карактерот на девојките. Меѓутоа, болен е фактот дека од сто девојки нема ниту една која има чисти мисли и дека од сто момчиња нема ниту еден чиј морал е неизвалкан. Многумина од постарите толку долго се оддаваат на распуштен живот така што душата и телото се осквернати и изопачената зафатила голем дел и од оние кои околината сè уште ги смета за учтиви џентлмени и прекрасни дами. Веќе не е време мешањето на припадниците на спротивниот пол да се препорачува како нешто корисно за здравјето, ниту треба да се поттикнуваат што повеќе да бидат заедно. Отсуството на вистинска доблест и невиност претставува вистинско проклетство за ова време на крајна изопаченост. {4C 95.3}

Докторе И, вие ги истакнувавте ваквите идеи во својата резиденција. Младите го прифаќаат тоа со задоволство и вашите препораки имаа големо влијание и на вашите деца и на останатите. Би било далеку подобро да не ги спомнувавте таквите идеи во _____. Претерано тешката работа е штетна за организмот на младите во развој; меѓутоа, таму каде што со прекумерна работа стотина го уништија својот организам - неактивноста, прекумерното земање на храна и безделничењето посеале семе на болест во телото на илјадници такви кои тонат во брза и сигурна пропаст. {4C 96.1}

Причина што повеќето млади имаат толку малку сила и во духовен и во телесен поглед е во тоа што премалку се занимаваат со корисна работа. „Еве ги беззаконијата на твојата сестра Содом: горделивост, изобилство на леб и безделништво имаше кај неа и нејзините ќерки, а не помагаа на сиромашните и бедните. И се возгордеаја тие, па вршеа гадотии пред лицето Мое, и, откако го видов тоа, Јас ги отрфлив". {4C 96.2}

Меѓу младите на ова изопачено поколение многу малку има такви кои можат да ги издржат напорите неопходни за стекнување на најобично образование. Зошто тоа е така? Зошто децата се жалат на вртоглавица, главоболка, крварење од носот, брзо чукање на срцето, чувство на малаксаност и општа слабост? Дали главната причина за тоа треба да се бара во пренапорното учење? Нежните и попустливи родители сочувствуваат со своите деца кои вообразуваат дека учењето бара од нив преголеми

напори и дека толку напорните студии го уништуваат нивното здравје. Вистина, не е препорачливо да се преоптоварува умот на младите со многубројни и премногу тешки предмети. Но, родители, дали вие малку подлабоко погледавте во суштината на проблемот или слепо го прифаќате само она што го зборуваат вашите деца? Зар не ги прифативте премногу брзо тие привидни причини за нивното нерасположение? Причините за ова зло родителите и старателите би морале да ги побараат малку подлабоко под површината. {4C 96.3}

Истражувањето ќе ве осведочи дека во деведесет и девет од сто случаи причина за слабост на вашите деца не е претераното учење, туку дека лошите навики ги поткопуваат нивните умни сили и ги трошат животните сили на цел организам. Со често возбудување и надразнување, нервниот систем е скршен и со тоа се поставува темел на претераното и неизбежно пропаѓање. Тајниот порок ги уништува животните сили на илјадници и десетици илјади. {4C 97.1}

Децата треба секогаш да се вработат со некое корисно занимање кое одговара на нивната возраст. Соодветната умна работа или физичко движење во отворена природа никогаш нема да им наштетат на вашите момчиња. Корисната работа и запознавањето со тајните на домашните работи ќе биде благотворно за вашите ќерки, за чие здравје исто така е неопходно извесно занимање надвор од домот. Децата треба да се учат да работат. Занимавањето со корисна работа е најголемата благодат која мажите, жените и децата можат да ја имаат. {4C 97.2}

Вие грешевте во воспитувањето на своите деца. Бевте премногу попустливи. Им одобрувавте и им дозволувавте секогаш да најдат некој изговор сè додека работата на некои од нив не им стана потполно одвратна. Тоа што дозволивте да растат во безделничењето и без насочување во било какво занимање се покажало многу штетно за нивниот подоцнежен живот. Искушенијата кои се закануваат да ги упропастат вашите деца, и за овој и за идниот живот, демнат на секој чекор. Патот на послушност е единствено сигурен пат. {4C 97.3}

Бевте слепи за моќта која непријателот ја има над вашите деца. Домашните работи, дури и да ги заморувале, ниту со педесетти дел не би им штетеле толку колку што им штетело безделничењето на кое вака навикнале. Ако од малечки ги учевте своето време да го исполнат со корисна работа, би избегнале многу опасности. Не би биле толку полни со немир, желба за промена и постојано барање на друштво. Би избегнувале многу искушенија кои наведуваат на суета, празни задоволства, читање на бескорисни книги, залудни разговори и бесмислици. Порационално би го користеле своето време и толку не би се изложувале на искушение да бараат друштво од спротивен пол и да го оправдуваат тоа зло. Суетата, извештаченоста, некорисноста во животот и сличните зла, претставуваат неизбежни последици на безделничењето. Со ласкање и попуштање, родителите, а особено татковците, ѝ нанесуваат на своите деца голема штета. {4C 97.4}

Вообразеност и себичност

Драги брате, ти многу згреши што во ставовите кои често ги истакнуваше и во својата резиденција и пред пациентите се издигнуваше себеси и својата сопруга. Тие погледи ги прифатија и твоите деца и тоа го обликуваше нивниот карактер. Сам ќе се осведочиш дека не е лесно да се исправи погрешниот впечаток кој е создаден со тоа, правејќи ги така горделиви и вообразени. Тие сметаат дека како твои деца се

посупериорни од останатите. А ти се грижеше дека тие луѓе нема да ти ја укажат почитта која ти припаѓа како на лекар на здравствениот институт. Тоа се покажало како очевидна слабост која го попречува твојот духовен напредок. Почна да манифестираш љубомора кон другите, стравувајќи да не те потиснат од твојата положба или да не знаат да ги ценат твоите заслуги и твојата вистинска вредност. Ја издигнуваше и својата сопруга прикажувајќи ја пред пациентите како посупериорна од останатите. Делуваше како заслепен човек, придавајќи ѝ особини и квалификации кои во суштина ги нема. {4C 98.1}

Мораше да имаш на ум дека твојата морална вредност се цени според твоите зборови, постапки и дела. Тоа е она што никогаш не може да се сокрие и со што ќе ја стекнеш саканата почит во очите на своите пациенти. Ако покажеш вистински интерес за нив, ако им посветиш внимание и свој труд, тие ќе го увидат тоа и ќе ти возвратат со својата доверба и љубов. Но, со приказната како мачното залагање за нив те преоптоварува и ги исцрпува твоите животни сили никогаш нема да ги убедиш во тоа, кога знаат дека не си им подарувал никакво посебно внимание и грижа. Својата љубов и доверба пациентите природно ќе ја подарат на оние кои навистина ќе им посветат внимание и кои се залагаат за нивното закрепнување. Ако така работиш, а тоа е неминовност поради која пациентите и ги даваат своите пари, тогаш нема да биде потребно со зборови да ја стекнуваш нивната наклонетост и почит; бидејќи тоа сигурно ќе го заслужиш со својата работа. {4C 98.2}

Не беше слободен од себичност и затоа не те следеше оној благослов кој Бог го дава на Своите несебични работници. Твоите интереси се поделени. Толку внимание и труд си подаруваше на себе и на своите, така што ништо не му препушти на Бога и на Неговата грижа за вас. Со своето однесување во тој поглед сам себеси се дисквалификуваше за положбата на која се наоѓаш. Пред една година видов дека се чувствуваш способен и надлежен сам да раководиш со здравствениот институт. Кога тој институт би бил твоја сопственост и кога неговите загуби и добивки би ги доживувал како свои, би сметал за своја посебна должност и посебна грижа загубите да се избегнат и пациентите на кои им се укажува помош бесплатно да не ги исцрпуваат неговите финансиски средства. Будно би водел грижа никој од нив да не остане ниту една седмица подолго отколку што навистина му е неопходно. Би ги изнаоѓал сите можни начини да се намалат издатоците и да се сочува имотот на институтот. Но, ти се чувствуваш само како еден од тука вработените, и затоа ревноста, интересот и способноста -кои според твое мислење ги имаш за водење на една таква установа - воопшто не се гледаат кај тебе. На пациентите не им се укажува вниманието за кое платиле и кое со право го очекуваат. {4C 99.1}

Покажано ми е како често им свртуваш грб на болните на кои им е потребен твојот совет и твојата препорака. Те видов потполно рамнодушен, како со големо нетрпение едвај го слушаш она што ти го зборуваат, иако тоа за нив е многу битно. Привидно беше многу зафатен, повикувајќи ги да ти се обратат подоцна, иако со неколку соодветни и охрабрувачки зборови на христијанско сочувство си можел да смириш илјада стравувања, донесувајќи мир и сигурност во нивните вознемирени срца. Ти како да се плашиш да зборуваш со пациентите. Не се трудиш да ги сфатиш нивните чувства, туку се држиш на висина и тогаш кога би требало да покажеш поголема блискост со нив. Премногу си далечен и недостапен. Тие на тебе гледаат како што детето гледа на родителот, и имаат право да очекуваат и да добијат внимание од твоја страна кое што за жал го немаат. „Јас и моето” често се испречува помеѓу тебе и должностите кои ти ги

налага положбата на која се наоѓаш. На болните и на помошниот персонал често им е потребен твој совет, но тие чувствуваат неволност да ти се обратат на тебе, и не се осмелуваат да разговараат со тебе. {4C 99.2}

Ти постојано копнееш по некое незаслужено достоинство. Во залудното настојување да го постигнеш тоа, ја изгуби довербата и љубовта кои можеше да ги стекнеш да не беше толку вообразен, да имаше понизен и кроток дух. Со вистинска побожност и верност кон Бога ти би нашол пристап до срцата на сите тие луѓе, што би те украсило со вистинско, а не со вообразено достоинство. Зборовите на пофалба и одобрување кои ти се упатуваат, поттикнуваат и будат во тебе чувство на гордост, додека би требало, угледувајќи се на Христовиот пример, да правиш добро без оглед на каква положба се наоѓаш во животот. Додека ти водиш грижа за другите, Бог се грижи за тебе. Сам Христос, иако бил Величество на небото, не избегнувал тешки напори. Пешачел од место до место за да донесе благослов на исцелување на болните и утеха на оние кои се во неволја. Иако имаш извесни знаења и, познавајќи го човечкиот организам, можеш да ја утврдиш причината за некои болести - дури и кога би говорел човечки и ангелски јазици - неопходни ти се уште некои квалификации, инаку сите твои дарови нема да имаат никаква особена вредност. Неопходна ти е од Бога дадена сила која можат да ја користат само оние кои Него ќе го направат своја поддршка и кои во потполност ќе се посветат на задачата која Тој им ја одредил. Христос мора да биде суштина на твоето знаење и наместо на својата, мораш да се потпираш на Неговата мудрост. Тогаш ќе знаеш како треба да внесуваш светлина и мир во секоја болничка соба. Тебе ти недостига духовна слобода и сила на верата. Твојата вера која е толку слаба токму затоа што не ја применуваш во пракса, не може без тоа да стане силна и здрава. Твоите напори за оние кои се болни и со душа и со тело нема да бидат толку успешни како што би можеле да бидат и пациентите нема да ги обноват своите душевни и телесни сили онака како што би можеле - ако при секоја визита ти не го поведеш и Исуса со себе. Неговите зборови и Неговите дела треба да те следат на секој чекор. Тогаш ќе се осведочиш дека твоите молитви и зборови на сочувство кои донесуваат благослов на болните и на оние кои се во неволја претставуваат благослов и за тебе самиот. {4C 100.1}

Не се чувствуваш во потполност зависен од Бога и не увидуваш колку си неуспешен и слаб без Неговата посебна мудрост и благодат. Се мачиш, стравуваш и се сомневаш затоа што премногу се потпираш на сопствените сили. Напредок и успех можеш да најдеш само во Бога. Во понизност и светост на духот ќе најдеш голем мир и духовна сила. Најблескаво светлат оние кои најдлабоко ја чувствуваат својата слабост и својата непросветеност, бидејќи таквите се повикуваат на Христовата правда. Единството со Него треба да биде извор и на твојата сила и немој да се измориш правејќи добро. {4C 101.1}

Христос, како Величество на небото, ги повикува изморените и малаксаните: „Дојдете кај Мене сите кои сте изморени и обременети и Јас ќе ве одморам. Земете го Мојот јарем на себе и научете се од Мене; зашто Јас сум кроток и понизен во срцето и ќе најдете спокој на своите души". Причина што товарот понекогаш ти изгледа толку тежок, а јаремот толку болно стега е во тоа што се издигаш над кротоста и понизноста кои биле обележје на нашиот божествен Учител. Наместо да се величаш и да се издигнуваш себеси, сокриј се во Исуса и учи од Оној кој те повикал и ти ветил мир. {4C 101.2}

Покажано ми е дека здравствениот институт нема и не може да напредува сè додека оние кои тука заземаат одговорни положби повеќе гледаат на своите интереси отколку на интересите на црквата. Бог бара сите оние кои соработуваат во Неговото дело да бидат несебични, а оние на кои им е доверена грижата за здравствениот институт треба будно да го надгледуваат секој негов оддел, штедливо да водат грижа за секоја ситница, за никако да не се работи со загуба. Накратко, би требало во управувањето со установата да бидат толку внимателни и совесни како таа да е во нивна сопственост. {4C 101.3}

Често те вознемирува чувството дека ова или она не е твоја должност. Сè што е во врска со институтот спаѓа во твоите должности. Ако забележуваш дека некои работи не можеш да ги завршиш како што треба затоа што си зафатен со нешто друго, обрати се за помош некому кој ќе може на тоа да му посвети внимание без одлагање. Ако таа задача е премногу напорна за тебе, на твое место треба да дојде некој кој ќе може во потполност да одговори на должностите врзани за толку одговорна положба. {4C 101.4}

Често во својата резиденција им префрлаше на пациентите и на болничкиот персонал дека те оптоваруваат со непотребни грижи, додека на мене во исто време ми е покажано дека запостави повеќе од половина должности кои како лекар беше должен да ги вршиш. Не им подари соодветно внимание на болните кои ти беа доверени на грижа. Пациентите не се слепи и ја забележуваат твојата немарност во однос на нив. Тие ги напуштаат своите домови и се изложуваат на трошоци за тука да им се укаже внимание и соодветно лекување кое не можат да го имаат дома. Сите тие префрлања во ординацијата, нанесуваат голема штета на угледот на самата институција, а неугодни Му се и на Бога. {4C 102.1}

Вистина е дека ти си принуден да носиш тешки товари, но додека ти за тоа ги обвинуваш пациентите и болничкиот персонал, тешкотии настануваат во самото твое семејство. Членовите на твоето семејство постојано ја бараат твојата помош, а со ништо не ти возвраќаат; во твојот дом нема никој да ти ги закрепне рацете и да те охрабри. Кога не би ги имал тие грижи и товари надвор од Институтот, би можел во својата работа да бидеш далеку поуспешен и не би ја губел силата и постојаноста. Твоја должност е да се грижиш за членовите на своето семејство, но тие не мораат секогаш да се чувствуваат толку беспомошни и да претставуваат толку голем товар за тебе. Тие би можеле уште и да ти помагаат само кога за тоа би имале волја. {4C 102.2}

Ти си должен да го чуваш своето здравје; и ако твоите семејни грижи се толку големи, така што обврските на работното место премногу те оптоваруваат, па не си во можност на пациентите во институтот да им го подариш должното внимание, тогаш треба да поднесеш оставка на својата положба и да побараш место каде што ќе можеш да ги задоволиш потребите на своето семејство, на самиот себе и на должностите на кои ќе се нафатиш. Положбата што сега ја заземаш е многу значајна и бара јасно расудување, сочувани сили на мозокот, нервите и мускулите. Прогресот на таквата институција може да се обезбеди само со најсердна верност на делото и ништо помалку од тоа не може да ја направи успешна. За да ја претставува живата стварност, таа мора да биде предводена од духовно живи и несебични работници. {4C 102.3}

Сестро И, ти за својот сопруг не претставуваш помош како што тоа би требало да бидеш. Сето свое внимание ти го посветуваш главно на себе. Не ја сфаќаш потребата со активирање на своите заспани сили да го охрабриш и да го зацврстиш својот сопруг во неговите напори, ниту со позитивното влијание да бидеш благослов за своите деца. Ако поревносно ги извршуваше своите од Бога дадени должности, ако помагајќи му на

својот сопруг го олеснуваше товарот на неговите одговорности и заедно со него правилно ги дисциплинираше своите деца, состојбата во вашето семејство сега би била поинаква. {4C 103.1}

Но ти се предаваш на чувството на тмурност и жалост и тоа во твоето престојувалиште наместо сончеви зраци постојано внесува темни облаци. Наместо со ведрото расположение да внесуваш надеж и охрабрување, ти со своето влијание делуваш депресивно на оние на кои би требало да им помагаш со љубезни зборови и постапки. Сето тоа е последица на себичноста. Ти бараш внимание од својот сопруг и од своите деца, а притоа заборавaш дека е и твоја должност да се залагаш за среќата и добробитта на целото семејство, а не да мислиш само за себе. Стана нетрпелива и сурова во укорувањето на своите деца, со што ги правиш уште поупорни во злото и ги раскинуваш јажињата на љубовта и наклонетоста кои природно треба да ги поврзуваат срцата на родителите и децата. {4C 103.2}

Во недостаток на самосовладување ти го критикуваш и остро го осудуваш својот сопруг и во присуство на децата, со што го намалуваш во нивните очи не само неговиот авторитет, туку исто така и својот. Твоја слабост е што своите деца, штом ќе ти се пожалат за некој, веднаш ги оправдуваш а немудро ги осудуваш и напаѓаш оние на кои тие ти се жалат. Тоа во срцата на твоите деца создава склоност да мрморат против сите кои не им укажуваат внимание какво што очекуваат во својата вообразеност. Наместо таквите склоности да ги искоренуваш од срцата и мислите на своите деца, ти индиректно ги охрабруваш во тоа. Не постапи во тој поглед кон своите деца онака цврсто и правилно како што би требало. {4C 103.3}

Ти секако имаш свои неволи. Поради потиштеноста и опаѓањето на духот, стануваш обесхрабрена, но неоправдано ги обвинуваш другите за своите неволи. Главната причина за тоа се наоѓа во тебе самата. Пропушти и занемари својот дом да го направиш она што домот може и треба да биде. Но сè уште имаш сила и можности да ги исправиш тие пропусти. Излези од таа твоја студена и здрвена резервираност. Давај повеќе љубов попрво отколку да ја бараш и очекуваш од другите; настојувај да бидеш пријатно расположена; ведрина како сончеви зраци нека има во твоето срце, и тогаш тоа неминовно ќе се одрази и на сите кои те опкружуваат; биди подруштвена во своето однесување со другите; настојувај да ја стекнеш довербата на своите деца за тие со задоволство да дојдат кај тебе за консултација и совет, и настојувај да им пружиш добар пример. {4C 104.1}

Разбудете се, мои драги брате и сестро, за потребите на своето семејство. Не останувајте во таа своја заслепеност, туку единствено, прибрано, во искрена молитва и вера прифатете се за својата задача. Заложете се да ги доведете во ред своите деца и своето семејство и Бог ќе ги благослови вашите напори. {4C 104.2}

---

10. ВЛИЈАНИЕТО НА ОПШТЕСТВЕНИТЕ ОПКРУЖУВАЊА

На десетти декември 1872 година ми беше покажана духовната состојба на семејството на братот К. Тој е искрен верник и ја сака вистината, но во голема мерка е обземен од духот на овој свет. „Зашто каде е вашето богатство”, вели Христос, „таму ќе биде и вашето срце”. Брате К, твоето земно богатство во толкава мерка го привлекува

твоето внимание и твојот интерес така што воопшто не наоѓаш време да Му служиш на Бога; твојата сопруга не се согласува дури ниту со бедната милостина која Му ја даваш. Залуденоста на овој свет во потполност го обземала нејзиното срце. Вие ниту едниот ниту другиот не наоѓате време за духовно размислување и молитва. Вие секој ден го крадете Бога во времето кое би требало да го посветите на служба за Него, а и сами доживувате загуба која не може да се надополни со никакви земни богатства. {4C 104.3}

Сестро К, оддалечена си од Бога уште повеќе и од твојот сопруг. Со своето прилагодување кон светот ти го бркаш Спасителот од своето срце; за Него нема место во твоите емоции. Немаш ниту малку наклонетост за молитва и за преиспитување на своето срце. Се согласи да му се покоруваш на кнезот на силите на темнината. „Кому се давате себеси за слуги, слуги сте на оној кого го слушате, или на гревот за смрт, или на послушноста за правда". {4C 104.4}

Сестро К, не знаеш што работиш; не си свесна дека одвраќајќи го својот сопруг од вистината, војуваш против самиот Творец. Своето внимание ти го подаруваш само на предностите што ги дава овој свет. Наместо негување на љубов и побожност, ти многу поголемо задоволство наоѓаш во возбудливата трка за стекнување на богатство. Потполно си обземена од желбата да бидеш што послична на светот и да ја достигнеш среќата што ја дава светот. Твоите земни амбиции и интереси се далеку поголеми од твојата желба за правда и удел во небесното царство. {4C 105.1}

Своето драгоцено време на милост ти го поминуваш во напорите за земните успеси, во облекување, јадење и пиење, како што работи и останатиот свет. О, колку е јаден и за жалење надоместокот кој за тоа го добиваш! Поради тие земни желби и стремежи ти преземаш на себе товари кои Спасителот никогаш не ги положил на твоите рамена. Нашиот Откупител сè уште повикува: „Дојдете кај Мене сите кои сте уморни и обременети и Јас ќе ви дадам одмор. Земете го Мојот јарем на себе и научете се од Мене; зашто Јас сум кроток и понизен во срцето и ќе најдете спокој на своите души; зашто јаремот Мој е благ и бремето Мое е лесно". Сестро моја, Христос сака својот тежок товар да го положиш крај Неговите нозе и својот крут врат да го ставиш во Неговиот благ јарем. {4C 105.2}

Што ќе биде ако времето на твојата проба (време на милост) заврши токму сега? Како ќе го поднесеш процесот на испитување кога Господарот ќе те повика на одговорност? Како ги користеше талентите и влијанието кои Бог ти ги позајми за да ги употребиш на Негова слава? Бог ти подарил живот и сите благодати кои тој со себе ги донесува, не за да го минуваш во себично задоволување на своите барања, туку за да послужиш на благослов на другите правејќи добро. Господарот ти ги доверил Своите таленти кои со ставање во оптег треба да ги умножиш, за тогаш кога Тој ќе побара сметка, да го примиш своето со добивка. {4C 105.3}

Талентите на влијанието и имотот ти се дадени за да бидеш испитана, за да се открие што ти е во срцето. Со тие дарови треба да приведуваш души кон Христа и да го помогнеш напредокот на Неговото дело. Ако пропуштиш така да постапиш, ќе направиш голема грешка. О, колку губиш секој ден кој го минуваш во служење на себеси и во угодување на своите пријатели кои со своето влијание те заведуваат да го љубиш светот, а да го занемариш својот најдобар Пријател Кој умрел за да ти даде вечен живот! {4C 106.1}

Сестро К, ти мислиш дека за тебе не е добро да се разликуваш од останатите во своето опкружување. Живеејќи меѓу таквите кои биле испитани со вистината и ја отфрлиле, ти во интересите и чувствата толку се поврза со нив, така што во сè стана иста

како и тие. Ти го сакаш нивното друштво; а сепак не си среќна, иако си ласкаш себеси дека си. Во своето срце ти зборуваш: „Залудно е да Му се служи на Бога и каква е користа да го држиме она што Тој наредил да се држи и да одиме жални пред Господа над војските?” {4C 106.2}

Не е мала чест за едно семејство држејќи го Божјиот закон да стои како Христов претставник меѓу неверниците. Од нас се бара да бидеме живи посланија кои можат да ги читаат и да ги разбираат сите во чие опкружување се наоѓаме. Таквата положба повлекува со себе и страшни одговорности. За да живееш во светлина, мораш да дојдеш таму каде што блеска светлината. Братот К - без оглед колку тоа претставува жртва - би требало да ја смета за своја света обврска, заедно со своето семејство, барем еднаш годишно да присуствува на собирите на оние кои ја љубат вистината. Тоа духовно би ги зајакнало и би ги оспособило за средба со животните искушенија и за должностите кои стојат пред нив. За нив не е ниту малку добро што ја пропуштаат предноста за дружење со браќата и сестрите во вера, зашто со тоа вистината го губи своето значење во нивниот ум, срцето не се освежува со нејзиното посветувачко влијание, и тие ја губат својата духовност. Тие својата вера не ја зајакнуваат со речта на живиот проповедник и мислите постојано им се обземени од земните интереси, исклучувајќи го во потполност сето она што е од духовен карактер. {4C 106.2}

Христијаните кои постојано ги занемаруваат духовните состаноци и молитвата, во повеќето случаи стануваат колебливи и попуштаат во верата. Кога навистина им било оневозможено да ги уживаат овие предности на верскиот живот, Бог би им испратил светлина преку Своите ангели од небото, за духовно да ги оживее, израдува и благослови расеаните овци на Своето стадо. Но, Негова намера не е нивната вера да ја одржува со некои чуда. Љубовта кон вистината треба да биде доволен мотив кој ќе ги направи подготвени и на извесни жртви за да си ги обезбедат себеси од Бога дадените привилегии и благодати. Барем тие неколку денови годишно секој би можел да го посвети на заедничкиот напор за напредок на Христовото дело и за размена на пријателски совети и меѓусебно сочувство. {4C 106.4}

Многумина речиси сето свое време го посветуваат на земните интереси и личните задоволства и со незадоволство ги жртвуваат тие неколку денови и патните трошоци неопходни за да стигнат до местото предвидено за состанок на оние кои се собираат за да го прославаат Господа. Во Божјата реч лакомството се дефинира како идолопоклонство; колку тогаш има идолопоклоници дури и меѓу оние кои тврдат дека се Христови следбеници! {4C 107.1}

Потребно е да се состануваме и Господ бара од нас на таквите состаноци да изнесуваме сведоштва во прилог на вистината. Господовиот ангел рече: „Тогаш оние кои се бојат од Господа зборуваа еден на друг и погледна Господ, и слушна, и се напиша книга за спомен пред Него за оние кои се бојат од Господа и мислат за Неговото име. Тие ќе ми бидат богатство, вели Господ над војските, и ќе им бидам милостив како што е милостив таткото кон својот син кој му служи”. {4C 107.2}

Според тоа, наградата нема да изостане дури и ако со извесни жртви ги искористиме предностите што ни се пружаат да се состануваме со оние кои се бојат од Бога и зборуваат за Него, зашто како што е напред кажано, Тој ги слуша тие сведоштва, а ангелите ги запишуваат во книгите. Бог нема да заборави на оние кои се состануваат за да размислуваат и да зборуваат за Неговото име и Тој ќе ги поштеди од сеопштото уништување. Тие ќе бидат како драгоцено богатство во Неговите очи, додека Неговиот гнев без никаква милост ќе се излева на незаштитетните глави на грешниците. Ќе се

покаже дека навистина не е залудно да Му се служи на Бога. Непроценлива награда ги очекува оние кои ќе го посветат својот живот на несебична служба кон Него. Драги брате и сестро, вие постепено сè повеќе тоневте во темнина, сè додека и незабележливо не привикнавте на неа, така што таа ви изгледа исто како и светлината. Понекогаш некој зрак на светлина ќе продре низ темнината и ќе го пробуди вашиот ум, но влијанието на околината ќе го засолни зракот на светлината и темнината станува погуста отколку што била. {4C 107.3}

За вашиот духовен напредок ќе беше подобро да го промените местото на своето живеење уште пред неколку години. Светлината на вистината е јасно предочена на жителите во опкружението во кое живеете. Само неколкумина од нив ја прифатија пораката на милост и опомена додека многумина ја отфрлија. Меѓутоа, постојат и такви кои не ја прифаќаат затоа што таа бара да се понесе крст. Таквите заземаат неутрален став мислејќи дека е сосем доволно тоа што не војуваат против вистината. Меѓутоа, светлината кои тие толку негрижливо ја запоставуваат исчезна во темнината. Тие настојуваат да ја смират својата совест говорејќи му на Божјиот Дух: „Оди засега, а кога ќе имам време ќе те повикам". Така очекуваното време никогаш нема да дојде. Тие пропуштаат златна прилика која никогаш повеќе нема да им се пружи на таков начин, бидејќи светот ја засолнува светлината која веќе еднаш ја одбиле. Интересите на овој живот и милината на возбудливите задоволства ги обземаат нивните мисли и срце, додека нивниот најдобар Пријател, благиот и милостив Спасител, останува отфрлен и заборавен. {4C 108.1}

Сестрата К, иако има сјајни природни способности, ја одвратија од Бога нејзините неверни пријатели и сродници кои не ја сакаат вистината и не сакаат да слушнат за жртви и самооткажување кое мора да се поднесува поради вистината. Сестрата К не го сфаќа значењето на одвојувањето од светот, како што Господ го налага тоа во Својата реч. Она што постојано го гледа пред своите очи и го слуша со своите уши, го изопачува нејзиното срце. {4C 108.2}

Јован Крстител бил човек исполнет со Светиот Дух од самото свое раѓање, и ако некогаш постоел човек на кого не би можела да влијае изопаченоста на неговото време, тоа сигурно бил тој. Па сепак, тој не се осмелил да се потпре на својата сила. Се одвоил од своите пријатели и роднини за нивните природни склоности да не станат стапица за него. Не сакал без потреба да се изложува на искушенија, ниту одел таму каде што раскошот и удобноста на земниот живот би можеле да го наведат со угодување на самиот себеси и попуштање на апетитот да ги ослаби своите умни и физички сили, бидејќи во тој случај не би бил во состојба успешно да ја изврши својата значајна мисија. {4C 108.3}

Тој самиот се изложил на лишување и на осаменички пустински живот, каде што можел да го сочува светото чувство за Божјата големина, во тишина да ја студира Неговата голема книга на природата и да го запознае Неговиот карактер кој е откриен во Неговите чудесни дела. Таквата атмосфера за него била погодна морално сè повеќе да се усовршува и пред очите постојано да му биде Божјиот страв. Како Христов претходник, Јован не се впуштал во зли разговори ниту се изложувал на изопачувачкото влијание на светот, за тоа да не влијае на неговата совест и за гревот да не му изгледа толку одвратен и убиствен каков што всушност е. За да се заштити од тоа, одлучил да го помине животот во пустина, каде што неговите сетила нема да бидат изложени на изопачувачките влијанија на опкружувањето. Зар не би требало да се поучиме од

примерот на овој човек за кого Христос со заслужена почит рекол: „Ниту еден меѓу родените од жена не е поголем од Јован Крстител”. {4C 109.1}

Првите триесет години од својот живот на Земјата и Христос ги поминал во повлеченост. Ангелите го следеле и чувале Основоположникот на животот додека, непризнат и без никакви почести, заедно со селаните и работниците пешачел по бреговите на Назарет. Поучени од овој благороден пример, треба да се чуваме од злите влијанија, одбегнувајќи го друштвото на оние кои не живеат според Божјата волја. Да не си ласкаме себеси дека сме премногу силни за таквите влијанија да можат да ни наштетат, туку во дух на понизност да се чуваме од секое зло. {4C 109.2}

Бог на Израелците им дал посебни упатства како издвоен народ да не се мешаат со останатите народи. Целта на тоа била, гледајќи го идолопоклонството на околните народи, и тие да не се изопачат; и безбожноста која во тој случај постојано би ја имале пред своите очи да не им изгледа помалку одвратна. Малку се оние кои се свесни за својата слабост и за фактот дека природната склоност кон гревот премногу често ги парализира нивните најблагородни стремежи. {4C 109.3}

Злобните влијанија на гревот претставуваат вистински отров за животот на душите. Наша единствена безбедност е само во одвојувањето од оние кои живеат во неговата темнина. Господ и нам ни упатува налог: „Затоа излезете од нив и одвојте се, вели Господ, и не доближувајте се до нечистотија и Јас ќе ве примам и ќе ви бидам Татко и вие ќе бидете Мои синови и ќерки”. Ако сакаме да бидеме примени во Божјото семејство, да станеме деца на небесниот Цар, мораме да ги прифатиме Неговите услови: мораме да се одвоиме од светот и да стоиме пред Господа како издвоен народ, покорувајќи се на сите прописи на Неговиот закон и служејќи Му само Нему. {4C 109.4}

Лот го избрал Содом за свое живеалиште, затоа што, гледано од световна гледна точка, тука навистина постоеле предности за стекнување на богатства. Но, кога се населил таму и стекнал земно богатство, се осведочил дека направил судбоносна грешка што не ја земал во предвид и духовната состојба на заедницата и средината во која се населил. {4C 110.1}

Жителите на Содом биле многу изопачени, така што со своите одвратни разговори кои Лот постојано морал да ги слуша и со своето осквернување и злосторства, кои не можел да ги спречи, секој ден ја мачеле неговата праведна душа. Неговите деца станале слични на тие безбожници, бидејќи постојаното дружење со таквите го изопачил и нивниот морал. Земајќи го сето тоа во обѕир, земното богатство што го стекнал било навистина безвредно и ништожно во однос на цената со која е платено. Неговите семејни врски со Содомјаните биле сè поблиски, бидејќи децата му стапувале во брачни односи со нив. {4C 110.2}

Конечно Господовиот гнев се распалил против безбожните жители на тој град и ангели од небото дошле во Содом да го изведат Лот, за да не загине во уништувањето на градот. Тие му наложиле на Лот да го донесе своето семејство и синовите и ќерките кои се ожениле и омажиле во Содом и да бега од тоа место. „Зашто” - рекле ангелите – „ќе го уништиме ова место, бидејќи викот против нив е голем пред Господ, па затоа нè испрати Господ да го уништиме”. {4C 110.3}

Лот отишол кај своите деца и преколнувајќи ги, им ги повторувал зборовите на ангелот: „Станете, одете од ова место, зашто сега Господ ќе го уништи овој град”. Но, на неговите зетови, бидејќи толку долго живееле во Содом и самите учествувале во гревовите на тој народ, им се присторило дека тој се шегува со нив. А ќерките негови, под влијание на своите мажи, поверувале дека нивниот татко полудел. Ним потполно

им одговарало да останат таму каде што се. Покрај богатствата во самиот град, имале и големи поседи во негова околина и не можеле да поверуваат дека прекрасниот Содом заедно со својата плодна околина ќе биде уништен од гневот на Богот кој се одмаздува за гревот. {4C 110.4}

Враќајќи се очајно тажен, Лот им ја пренел на ангелите веста за неуспех. Тогаш ангелите му наредиле да стане, да ја земе својата жена и двете ќерки кои сè уште биле во неговиот дом и веднаш да го напуштат градот. Но, Лот бил многу тажен; помислата дека засекогаш ги напушта своите деца и жена - бидејќи и таа одбивала да појде со нив - речиси го скршила неговото срце. Сите тие би загинале во страшното уништување на Содом ако Господ, во Својата милост, не ги испратил Своите ангели да ги спасат. {4C 111.1}

Лот бил како парализиран од сознанието за страшната пропаст која само што не се случила; срцето му се стегало од болка при помислата дека напушта сè што му било драго на овој свет. Но, додека така се колебал, Божјите ангели го земале за раце и него, и неговата жена и двете нивни ќерки, и изведувајќи ги од градот им наредиле да бегаат поради својата душа, не свртувајќи се назад и не запирајќи во целата долина, сè додека не стигнат на планината. {4C 111.2}

Колку тешко Лот се согласил да ги послуша ангелите и да бега што подалеку од Содом, кој поради изопаченоста на своите жители бил дефинитивно осуден на пропаст! Немајќи доволно доверба во Бога, Лот упорно барал дозвола сепак да остане во долината. Животот во безбожниот град ја ослабела неговата вера и доверба во Господовата правда. Тој молел да не мора да направи како што се барало од него, за да не го стигне некое зло, и да загине. Ангелите биле испратени со посебна задача да го спасат животот на Лот и на неговото семејство; но Лот бил толку долго изложен на влијанието на околината така што неговото сфаќање било помрачено и не можел правилно да го сфати Божјото дело и Неговите намери; затоа не успеал со доверба да се предаде во Неговите раце и да го направи она што му било наложено. Постојано барал нешто дополнително, и поради тој недостаток на вера ја изгубил и жената. Свртувајќи се кон Содом и мрморејќи против таквото Божје постапување, таа се претворила во солен столб и останала да служи како опомена на сите такви кои ја презираат посебната милост и провидението на небото. По таа страшна казна, Лот веќе не се осмелувал да се колеба на својот пат, и во согласност со налогот кој му го дале ангелите - конечно побегнал на планината. Грешното однесување на неговите ќерки по заминувањето од Содом било само неизбежна последица од нивното дружење со безбожните жители на тој град. Нивната претстава за разликувањето помеѓу доброто и злото станала толку нејасна, така што за нив гревот не изгледал како грев. {4C 111.3}

Случајот на Лот треба да послужи како опомена на сите оние кои сакаат да живеат побожен живот - што побргу да се одвојат од сите оние кои со своето влијание би можеле да ги оддалечат од Бога. Лот толку долго престојувал меѓу безбожниците така што на крајот едвај ја избавил својата душа и своите две ќерки; па дури и нивната претстава за моралот била изопачена од нивното дружење со Содомјаните и самиот престој во тој град. {4C 112.1}

Господ го мисли тоа што го кажува, и со тоа не треба да се шегуваме. О, колку има кратковиди и грешни смртници кои во своите молитви упорно бараат Бог да ги прифати нивните заклучоци; а кога со потполна доверба би се предале во Неговите раце, Тој би го остварил до крај нивното спасение и би им подарил драгоцени победи. {4C 112.2}

Сестро К, ти си во опасност да донесуваш одлуки кои за тебе ќе бидат многу штетни. Бог има за тебе задача во која никој друг не може да те замени, и ако не го направиш тоа, не можеш да бидеш спасена. Бог те љуби и сака да те спаси од вечна пропаст. Тој те повикува да го отфрлиш сето она што го попречува твојот духовен напредок и во Него да ги најдеш силата и утехата кои ти се толку потребни. Ти премногу се оптоваруваш со грижата за членовите на своето семејство, но ако во грижата за својата и нивната земна удобност и среќа го правиш само она што навистина е неопходно, ќе најдеш време со молитва и длабок интерес да ја читаш својата Библија и да го усовршуваш христијанскиот карактер. {4C 112.3}

Брате К, ти доживеа многу разочарувања, но мораш сесрдно, цврсто и одлучно да сезалагаш за членовите на своето семејство и да ги водиш со себе, ако тоа некако е можно. Не жали никакви напори во настојувањето да ги придобиеш да ти се придружат на твојот пат до небото. Меѓутоа, ако жената и децата не сакаат да ти се придружат, туку уште настојуваат и тебе да те одвратат од твоите верски должности и привилегии, ти мораш да одиш напред, дури и ако во тоа останеш потполно осамен. Живеејќи во Божји страв, мораш да ја искористиш секоја можност, па со присуствување на состаноците да стекнуваш нова духовна сила, бидејќи тоа ќе ти биде неопходно во деновите кои доаѓаат. Лотовиот имот бил проголтан од оган. Ако мораш да доживееш и некоја загуба, не се обесхрабрувај; ако можеш да спасиш макар некого од своето семејство и тоа е подобро отколку да ги изгубиш сите. {4C 112.4}

Драги брате и сестро, вие како родители во голема мера сте одговорни за душите на своите деца. Вие ги донесовте на овој свет и должни сте со поука и пример да ги доведувате кон Господа и кон небесното царство. Настојувајте со сите сили да им втиснете во душата свест дека земните интереси се потполно безвредни во споредба со среќата на вечноста. {4C 113.1}

Вашите драги деца живеат меѓу неверни и се напојуваат со љубовта кон минливостите на овој живот. Вашиот син Л е добродушно и чувствително момче, но над него треба будно да бдее грижливата мајка која со секојдневното искуство во христијанскиот живот е оспособена правилно да го советува и води. Тој е токму во тие години кога една разумна и нежна мајка би можела благотворно да влијае на него. Но, јас стравувам дека ти, сестро К, повеќе сакаш да ги прилагодиш своите деца кон суетните погледи на овој свет, а ја запоставуваш најважната животна задача - во нив да изградуваш карактер кој би им осигурил бесмртност. {4C 113.2}

Ако Л пропушти да се запознае со верските вистини и практичното христијанство, неговиот живот ќе остане погрешно насочен. Тој мора да увиди дека му е неопходно воспитување во духовен поглед, за да може своите способности да му ги посвети на Бога. Господ ги повикува младите луѓе да работат во Неговото лозје и тие не треба да ги запоставуваат битните гранки на образованието. Меѓутоа, ако тие сето свое внимание го посветат на световните студии, а ја запоставаат религијата како најголем предмет на проучување и не го стекнат толку битното христијанско искуство, со самото тоа тие ќе се дисквалификуваат за работа во Божјото дело. Колку и да се големи предностите кои ги пружа образованието, потребно е нешто повеќе од самото книжевно знаење за да се спасат некои души и за да се наведат други на покајание. Да се поминат неколку години во стекнување на знаење само од областа на науката не значи да се подготвиме за делотворен работник во Божјото дело. {4C 113.3}

Младите треба да посветат многу време на студиите; но тие со умните напори треба да ја комбинираат и физичката работа и стекнатото знаење да го применуваат во

пракса. На тој начин рамномерно ги развиваат и умните способности и физичките сили. Тие не смеат да го занемарат она што е потребно за спасение ниту пак тоа да го сметаат помалку важно од било што во животот. {4C 114.1}

Драги брате и сестро, Бог го љуби вашето семејство и сака да излее на вас и други Свои посебни благослови, за да можете како орудија на правдата и други да упатувате на патот на спасението. Кога во потполност би Му се посветил на Бога, братот К би можел да направи многу повеќе добра во некое друго опкружување каде што неговото влијание и неговите совети би биле прифатени и повеќе ценети. Ние искрено се надеваме дека двајцата ќе успеете да го исправите тоа што е погрешно во вашиот живот и дека ќе ја обновите својата вера и послушност кон Бога, примајќи нова сила од Оној Кој ја ветува Својата помош на сите кои ќе го повикаат Неговото име. {4C 114.2}

Млад брате Л, ти направи голема грешка во својот живот. Посветувајќи се само на студиите, го запостави развојот на сите останати свои способности. Во напорот да се стекне образование никогаш не смее да се заборави моралниот развој, развој на кој токму во тој случај треба да му се посвети поголемо внимание отколку што тоа обично се цени. Драги мој млад брате, премногу си амбициозен во стекнувањето на знаење. Таа амбиција е вредна за пофалба: но за да ја задоволиш, ти ги запостави вечните интереси, сметајќи ги за помалку важни од своите студии. Бог и спасението добиле подредена положба во твоите чувства. Барањата на светиот Божји закон не ги сметаше за неприкосновена обврска во својот секојдневен живот. Ја осквернави саботата занимавајќи се со своите студии и во текот на тоа свето време кое не смееше да го користиш за остварување на своите себични цели. Бог рекол: „Тогаш немој да вршиш никаква работа”. {4C 114.3}

„Ако ја задржиш својата нога во сабота и не правиш што ти е драго на Мојот свет ден, и ако ја наречеш саботата милина, свет Господов ден, и го славиш не одејќи по свои патишта и не правејќи што ти е драго, тогаш ќе се веселиш во Господа и ќе те изведам на висините земни и ќе ти дадам да го јадеш наследството на Јаков, својот татко; зашто тоа го рекоа Господовите усни”. Ти повеќе водиш сметка за своите склоности отколку за должностите, и своите студии ги сметаш за поважни од посебната заповед на Семоќниот. {4C 114.4}

Нашите црковни собори се организираат и се одржуваат со големи трошоци. Побожните проповедници кои ја застапуваат непопуларната вистина вложуваат крајни напори на тие сироти грешници на тие големи собири да им ја изнесуваат веста на милоста за распнатиот и воскреснат Откупител. Да се омаловажуваат тие состаноци и да се однесуваш толку незаинтересирано кон нив значи да се омаловажува Божјата милост и Неговиот глас на опомена и најсесрдно повикување. Неприсуствувањето на таквите состаноци претставува голема загуба за твоите духовни интереси. Пропушташе можности да стекнеш духовна сила која можеше да ја добиеш слушајќи го излагањето на Божјата реч и дружејќи се со оние кои веруваат во вистината. Твојата ум бил заспан во фатална незаинтересираност во поглед на добробитието на твојата душа. Ти го издигнуваш своето световно образование над знаењето кое се стекнува во Христовото училиште. За да се формира карактер прифатлив за Бога и за да се осигура чистота на особините кои блескаат со небесна светлина, неопходно е искуство во верскиот живот. {4C 115.1}

Колку само грижливост манифестираше во својот копнеж со студиите да го дисциплинираш својот ум, темелно да ги проучиш своите учебници за да го положиш испитот пред професорите, пријателите и заинтересираните набљудувачи! Колку беше

амбициозен да докажеш дека си трудољубив студент и дека совесно си го користел времето снабдувајќи го својот ум со корисни знаења! Искрено настојуваше не само да напредуваш во своите студии туку и да стекнеш признание кај своите пријатели и професори. Признанијата што си ги примил за своето школување потполно се оправдани, бидејќи ги заслужи. Но, колку научи за верата? Зар не си постапил потполно непромислено сметајќи го своето школување поважно од Божјото царство и од Неговата правда? Вистина, некои од човечките способности ни се дадени за повеќе да ги користиме за потребите на земниот живот, но возвишените сили на умот треба во потполност да Му се посветат на Бога, бидејќи тие владеат со човекот и го обликуваат неговиот живот и карактер. Иако не треба да ги занемаруваш своите световни студии, не е правилно на тоа да го посветиш сето свое внимание, туку треба посебно да се посветиш на моралните и духовните барања на својот небесен Татко. {4C 115.2}

Колку малку волја покажа за да ги искористиш верските предности кои ти се на дофат за да стекнеш попотполно знаење за Божјите закони и да им се покоруваш! Малку труд вложи за да станеш верен и совесен христијанин. Како тогаш ќе се подготвиш за големиот испит на кој секоја твоја постапка, секој збор и секоја најскриена мисла ќе биде откриена пред големиот Судија и огромното мноштво на светци и ангели? Премалку амбиции покажуваш во стекнување на духовна подготвеност за строгиот испит во присуство на тој возвишен собир. Каква тогаш ќе биде конечната одлука за твоите морални и верски достигнувања, одлука на која нема жалба? Какви почести можеш да очекуваш за верноста во одржување на бараната ускладеност помеѓу верата и копнежот за стекнување на образование? Ќе стоиш ли како еден од оние кои поседуваат непоколеблива морална храброст и кои покрај одлично човечко знаење манифестираат и света ревност за Бога во покорувањето на Неговиот закон? {4C 116.1}

Брате мој, Божјата мудрост треба да ја цениш и да ја сметаш како сè во твојот живот. За образованието кое си го стекнал да им послужи за добро на другите и за на било кој начин да биде посветено на приведување на други кон вистината, паралелно со науката мора да оди и верата. Што повеќе учиме во Христовата школа, сè повеќе сакаме да напредуваме во стекнувањето на знаење. Сите наши достигнувања немаат некоја голема вредност ако нашиот карактер не е облагороден со вера. Бог секому поединечно му ја одредил неговата должност и конечната одлука за секој од нас ќе се донесува токму според верноста со која ги извршуваме тие должности. {4C 116.2}

Господ често нè доведува во различни положби во животот за да нè поттикне на поинтензивни напори во таа насока. Во Своето провидение, Тој понекогаш дозволува да доживееме и непријатности, за да го испита нашето трпение и нашата вера. На тој начин ни пружа поуки како секогаш треба да се потпреме на Него и од каде треба да очекуваме помош кога ќе се најдеме во неволја. Така стекнуваме практично познавање за Неговата божествена волја, што ни е толку потребно во нашето животно искуство. Токму во најострите судири со сомневањето и стравот, верата станува посилна. Ти брате, би можел да станеш победник ако сериозно ги земеш на ум своите патишта. Би требало својот млад живот да го посветиш на Божјото дело и посериозно да се молиш за успех во тоа. Не смееш да ги затвораш очите пред опасностите кои ти се закануваат, туку најодлучно настојувај да се подготвиш за секоја тешкотија во своето христијанско растење. Најди време за побожно размислување и за сесрдна молитва во понизност на душата. Ти си очевидно талентиран и полн со надеж во поглед на своите идни успеси;

но ако не ги увидиш слабостите на своето непрепородено срце, ќе се разочараш. {4C 116.3}

Ти штотуку зачекори во животот; дојде до возраст кога треба да преземаш на себе животни одговорности. Тоа е критичен период во твојот живот. Сега, во својата младост, ти сееш на нивата на животот. Тоа што сега го сееш, тоа и ќе го жнееш. Ако бидеш негрижлив и незаинтересиран за вечните и неминливи интереси не само што ќе доживееш голема загуба, туку со своето влијание ќе спречуваш и други верно да ги исполнуваат своите обврски кон Бога. {4C 117.1}

Пред тебе сега се и земниот и идниот, вечен живот. Кој ќе го избереш? Биди мудар и одлучи се цврсто за вечниот живот. Не се одвраќај од својата честитост, колку и да ти изгледаат непријатни твоите должности во сегашната вонредна ситуација. Можеби ќе ти се пристори дека мораш да направиш големи жртви за да ја сочуваш чистотата на својата душа, но не се двоуми; оди само напред во Божји страв и Тој ќе ги благослови твоите напори и ќе те награди илјада пати повеќе. Не попуштај во своите верски обврски и не ја жртвувај својата верска предност за да ги задоволиш желбите на непосветените пријатели и роднини. Ти си повикан да се залагаш за вистината дури и тогаш кога поради тоа мораш да се спротивставиш на мислењето на своите најблиски. Бог нека те сочува да се одржиш во таквото испитување и да ја докажеш својата честитост и потполна верност на правдата. {4C 117.2}

Темелот на својот христијански карактер постави го на вечната карпа на спасението и тогаш целата негова структура секогаш ќе биде цврста и здрава. {4C 117.3}

Се надеваме дека твојата мајка ќе ти помага на тебе и на твоите браќа и сестри во вашите напори да го усовршите својот карактер според Христовиот пример, за да станете морално соодветни за друштво на светите ангели во царството на славата. {4C 117.4}

---

11. ПОДЕЛЕНИ ИНТЕРЕСИ

Драги брате М, во визијата што ми е дадена кон крајот на јануари покажани ми се некои поединости кои се однесуваат на тебе и на твојата сопруга. Покажано ми е дека во духовен поглед не напредувате во склад со својата должност и можности што ги имате. Големината на делото и наклонетоста на Божјото провидение треба да ги поттикнат вашите срца. Христова намера и желба е Неговите следбеници да бидат светлина на светот и сол на земјата. Со свет живот и христијански карактер еден поединец во своето опкружување шири светлина која ги осветлува и другите. А колкаво тогаш треба да биде влијанието на група верници кои живеат во склад со Божјите заповеди. {4C 118.1}

Проповедањето на Божјата реч претставува од Бога одредена задача за грешниците да се разбудат и да се осведочат за својата вина. И кога проповедникот со својот живот покажува дека го следи примерот на самооткажување и самопожртвување на својот Учител, кога неговите разговори и постапки се ускладени со божествениот пример, тогаш неговото влијание силно ќе делува на оние кои го слушаат неговиот глас. Меѓутоа, не може секој да биде проповедник и да зборува од проповедалната. Должностите се различни како што и луѓето меѓусебно се разликуваат,

но за секој постои некоја задача. Секој може да придонесе за напредок на делото давајќи ги несебично своите средства за разни ограноци на дејноста и овозможувајќи на тој начин печатење на книги и списанија преку кои ќе се шири вистината меѓу луѓето. Дел од товарот во Божјото дело носат и оние кои со свои пари го помагаат развојот на истото; тие соработуваат со Христа, бидејќи Бог затоа и ги снабдува луѓето со средства за да можат мудро да ги употребат за свети цели. Тоа се од небо дадени средства со кои треба да правиме добро и како примени таленти да ги умножиме. {4C 118.2}

Драги браќа, имајте секогаш на ум дека сте Божји повереници и дека Тој ве смета одговорен за талентите кои ви ги доверил за мудро да ги употребите на слава на Неговото име. Нема ли најгрижливо да ги преиспитате своите срца и побуди кои ве поттикнуваат на активност? Покажано ми е дека имотот што го поседувате претставува вистинска опасност за вас. Вашите уши со незадоволство го слушаат Христовиот повик во лицето на Неговите светии и во потребите на Неговото дело. Вие своето богатство со незадоволство го вложувате во потфатите на христијанството. Ако сакате богатство на небото, трудете се да го обезбедите додека ви се нудат можности за тоа. Ако сметате дека е посигурно своите средства да ги вложувате во натрупување на земно богатство, вложувајќи само нешто во Божјото дело, тогаш морате да се помирите со тоа дека на небото ќе примите сразмерно на она што сте го вложиле во небесната ризница. . {4C 118.3}

Вие сакате да видите напредок во Божјото дело, но вашите лични напори и вашите придонеси во таа цел се незначителни. Кога вие, како и сите оние кои нашата света вера ја исповедаат само на зборови, би можеле да ја увидите својата вистинска состојба и сета тежина на својата одговорност пред Бога, би станале многу посесрдни Христови соработници. Еве што самиот Тој вели за тоа: „Љуби го Господа својот Бог со сето срце свое и со сета душа своја и со сиот свој ум и со сета сила своја". Овде не може да има никакви поделени интереси, бидејќи неподеленото срце, ум и сила претставуваат неподелена личност. {4C 119.1}

Апостолот вели: „Не сте свои; зашто скапо сте купени". Кога сиротиот, осуден грешник се нашол под проклетство на Татковиот закон, Исус покажал толкава љубов кон него, така што го дал Својот живот за престапникот. Го откупил со заслугите на Својата крв. Ние не сме во состојба да ја процениме сета големина на откупот платен за откупување на паднатиот човек. За возврат за таа чудесна љубов, треба да му ги дадеме на Господа најдобрите и најсветлите чувства на своето срце. Земните дарови со кои располагате ви се позајмени само затоа за да го помогнете напредокот на Божјото царство. {4C 119.2}

Јас зборувам за системот на десеток, но колку тоа изгледа недоволно во моите очи! Колку ниска цена! Колку залуден обид со математичко сметање да се споредат време, пари и љубов за љубов и жртва немерлива и непресметлива! Десетти дел за Христа! Колку бедна милостина, колку недолична надница (обештетување) за она што е толку скапо платено! Од крстот на Голгота Христос бара безусловна верност. На младиот поглавар Тој му ветил дека ќе има богатство на небото ако продаде сè што има и им го подели на сиромашните и ако - земајќи го својот крст - појде по Него. Сите ние треба во потполност да се посветиме на Бога. Христос, Величеството на небото, дошол на оваа земја да умре како жртва за гревовите на светот. Колку е студено и себично човечкото срце кога и покрај сето тоа може да се сврти од оваа неспоредлива љубов и да тргне по безвредните минливости на овој свет. {4C 119.3}

Кога себичноста се обидува да добие превласт во твојата душа, сети се на Оној Кој ги оставил величествените дворови на небото и царската облека поради тебе, и станал сиромав за да можеме ние да се збогатиме со Неговото сиромаштво. Затоа, ќе сакаш ли да ја презреш оваа голема љубов и безгранична милост притеснувајќи се да се откажеш од себеси поради Неговата љубов? Зар толку ќе се залагаш за богатствата на овој свет така што потполно го запоставуваш помагањето на големата работа на ширење на вистината? {4C 120.1}

Од Израелевите синови било побарано да принесат една жртва за цел народ, за да се очистат од церемонијалната обесветеност. Таа жртва била едно црвено теле кое ја претставувало многу посовршената жртва, која може да откупи и очисти од нечистотиите на гревот. Тоа била обредна жртва за очистување на сите оние кои поради неопходност или случајно допреле мртовец. Сите кои на било кој начин дошле во допир со мртовец сметани се за церемонијално нечисти. Тоа требало на Израелците силно да им го втисне во мислите фактот дека смртта е последица на гревот и според тоа, и го симболизира гревот. Оттука симболите како што се: црвеното теле, ковчегот или змијата од бронза јасно укажуваат на една голема жртва, на Христовата жртва. {4C 120.2}

Телето морало да биде црвено, а тоа е симбол на крвта. Морало да биде без никаква шара или мана и никогаш да не биде впрегнато во јарем. Тука повторно ја гледаме претсликата на Христа. Божјиот Син доброволно го прифатил делото на откупување. Тој не бил под никаков јарем на обврски, бидејќи бил потполно независен и над секој закон. Ангелите како духовни суштества и како Божји гласници биле под јасна обврска и со никаква лична жртва тие не можеле да претставуваат откуп за паднатиот човек. Само Христос, слободен од законските обврски, можел да ја оствари задачата да го откупи грешниот човечки род. Тој имал сила и власт Својот живот да го положи и повторно да го земе. „Кој беше во Божје обличје, не сакаше да се спореди со Бога". {4C 120.3}

Покрај сета Своја величественост и возвишеност, Христос толку го љуби слабиот грешник така што на Себе земал обличје на слуга, за да може да страда и да умре поради човекот. Можел да остане покрај Својот Татко, носејќи ја Својата царска круна и царска облека. Но, Тој се согласил наместо сето богатство, чест и слава на небото да го прифати сиромаштвото на човечката природа и Својата возвишена положба на небото да ја замени со страотниот ужас на Гетсиманија и понижувачката агонија на Голгота. Станал отпорен на страдањата и на тагата, за со крштавањето на страдалник и со Својата крв да може да го откупи и очисти грешниот човечки род. „Еве одам", била радосната согласност, „да ја вршам Твојата волја, Боже Мој!" {4C 121.1}

Жртвувањето на црвеното теле било извршувано надвор од округот и тоа на најсвечен начин. Така и Христос бил мачен надвор од ерусалимските порти, бидејќи Голгота се наоѓала надвор од градските ѕидини. Тоа исто така требало да му покаже на светот дека Христос не умрел само за Евреите, туку за целиот човечки род. Тој, како Откупител на паднатиот свет ги повикува сите кои сакаат да дојдат кај Него и да го прифатат спасението кое Тој им го нуди. Бидејќи телето е жртвувано на најсвечен начин, свештеникот, облечен во чиста бела облека, ја земал во своите раце крвта која течела од закланата жртва и попрскувал со неа седум пати кон храмот (или тогаш скинијата). „Имајќи првосвештеник над Божјиот дом, да пристапуваме вистинито, во полна вера, со срце очистено од зла совест и тело измиено со чиста вода". {4C 121.2}

Телото на телето потоа било запалено до пепел, што значело потполно жртвување. Потоа еден човек кој не се опоганил со допир на мртовец, би ја собрал во сад со вода. А тогаш свештеникот, земајќи го стапот од кедар обвиткан со скерлет и китка исоп, со содржината од тој сад би го попрскал шаторот од состанок и насобраниот народ. Оваа церемонија била повторувана неколку пати за да биде што поцелосна и сметана како очистување од гревот. {4C 121.3}

Така и Христос во Својата беспрекорна праведност, откако ја пролил Својата драгоцена крв, влегол во светилиштето за да го очисти. Црвената течност (што ја претставува Христовата крв) има трајна улога во службата на помирување со човекот. Можеби некои на жртвувањето на црвеното теле гледаат како на безначајна церемонија, но сето тоа е направено според Божјата заповед и има длабоко значење кое не ја изгубило својата смисла за денешно време. {4C 122.1}

Свештеникот ги користел кедровото дрво и исопот, натопувајќи ги во вода, а потоа со нив ги попрскувал нечистите. Тоа симболично укажувало на Христовата крв пролеана за ние да се очистиме од моралната нечистотија. Повеќе пати повтореното прскање ја илустрира потполноста и истрајноста во делото кое мора да се преземе за грешникот кој се кае. Во копнежот за чистота на душата, тој ќе настојува и неговото семејство, имотот и сè што има да му биде посветено на Бога. {4C 122.2}

Откако шаторот бил попрскан со исоп, над вратата на оние кои на тој начин биле очистени, било напишано: „Господе, јас не сум свој, туку во потполност ти припаѓам на Тебе". Така би требало да биде и со оние кои тврдат дека се измиени со Христовата крв. Божјите барања ниту денес не се помалку строги отколку што биле во времето на Стариот завет. Во својата молитва, псалмистот се повикува на таа симболична церемонија, кога вели: „Попрскај ме со исоп и очисти ме; измиј ме и ќе бидам побел од снег". „Направи ми Боже чисто срце и прав дух обнови во мене". „Врати ми ја радоста на Твоето спасение и Твојот Дух нека ме поткрепи". {4C 122.3}

Христовата крв е делотворна, но ние во своите молитви треба постојано да се повикуваме на неа. Од Своите слуги Бог ги бара и очекува не само средствата кои им ги доверил за употреба во Негова слава, туку и тие самите во потполност да се посветат на Неговото дело. Ако браќа мои, станавте толку себични што му го крадете на Бога она што со радосни срца би требало да го приложувате за Неговата служба, тогаш навистина ви е неопходно потполно попрскување со крв за да би сте се посветиле на Бога себеси и сè што имате. {4C 122.4}

Вам, мои многупочитувани браќа, ви недостига онаа сесрдна и несебична верност кон Божјото дело кое Тој со право го бара од вас. Своето внимание го посветувавте на минливите земни интереси. Сите напори на своите умни и деловни способности ги насочувавте така што со тоа да остварувате само лична корист. Но Бог ве повикува поблизу да се врзете со Него, за да може да ве обликува и да ве подготви за Своето дело. На Израелците во Стариот завет им било сериозно нагласено секој оној кој ќе биде нечист, а не се очисти, да се истреби од народот. Ова има посебно значење и за нас. Ако во старозаветниот период било неопходно оние кои биле нечисти да се очистат со попрскување со крв, колку само е важно оние кои живеат во опасностите на овие последни денови, и кои уште повеќе се изложени на искушенија, секојдневно да ги перат облеките на својот карактер со Христовата крв. „Зашто ако крвта на јарците и телињата и пепелта на црвеното теле, со која се попрскуваат нечистите, ги осветува за да бидат телесно чисти, колку повеќе крвта на Христа, кој со вечниот Дух се принесе

Себеси непорочен пред Бога, ќе ја очисти совеста ваша од мртвите дела за да Му служите на живиот Бог?” {4C 123.1}

Вие двајцата треба многу посериозно од било кога да се прифатите за должноста и товарот во Господовото дело. Ве преколнувам: пробудете се од своето мртвило, напуштете го залудното служење на земното богатство и залагајте се многу поревносно за правото на бесмртно наследство. Работете додека е ден. Не изложувајте ги на опасност своите души пропуштајќи ги можностите кои сега ви се пружаат. Не ставајте ги во втор план своите вечни интереси. Не ставајте го светот пред верата и не мачете се од ден на ден во стекнување на земно богатство, додека ви се заканува опасност да го изгубите она што е вечно и нераспадливо. Секој ден сè повеќе се приближувате кон конечното полагање на сметка. Подгответе се талентите кои ви се позајмени да ги вратите со добивка, која можете да ја остварите со мудра употреба на истите. {4C 123.2}

Не се согласувајте со ризикување на својата сигурност да го жртвувате и своето спасение. Не дозволувајте поради минливото и лажливо богатство да го запоставите вечното богатство. Сатаната е многу лукав непријател и секогаш ви е зад петици, настојувајќи да ве фати во својата мрежа и да ве одвлече во пропаст. Живееме во време на очекувања; вашите бедра секогаш нека бидат впрегнати и светилките секогаш запалени, за да може вашиот Господар, кога ќе се врати од свадбата, да ве затече подготвени да Му отворите штом ќе дојде и ќе затропа. {4C 123.3}

Внимавајте браќа, да не ви остане незабележано првото навестување на гаснење на вашата светилка, првата занемарена молитва, првиот симптом на духовна поспаност. „Оној кој истрае до крајот ќе биде спасен”. Благодарение на непоколебливата постојаност во вера и љубов, верниците постојано можат да бидат запалени светилки во овој свет. Служејќи му на мамона, додека тврдите дека Му служите на Бога, вие многу слабо се подготвувате за доаѓањето на својот Господар. Кога Тој сепак ќе дојде, ќе морате да Му ги покажете талентите што сте ги закопале во земја, талентите што сте ги запоставиле и злоупотребиле -својата поделена љубов и поделени интереси. {4C 124.1}

Вие двајцата тврдите дека Му служите на Христа. Колку тогаш е неопходно да им се покорувате на упатствата на својот Учител и да бидете верни во своите должности. „Гледајте каква љубов ни покажал Таткото: да се наречеме и да бидеме Божји деца!” Да им се даде на луѓето предност да бидат Божји синови - тоа навистина е љубов која не може со ништо да се спореди. Оттука Таткото очекува од Своите синови и соодветна послушност, Тој бара правилно да го распоредат и имотот кој им го доверил во нивните раце. Тој не е нивна сопственост која можат слободно да ја употребуваат за лични задоволства, туку претставува Господов капитал за кој се одговорни пред Него. {4C 124.2}

Божји деца - какво драгоцено ветување! Колку е потполно и сеопфатно страдањето кое Спасителот го поднел за нашата вина! Во Својата непроменилива љубов, Откупителот сè уште се повикува на Својата света крв пролеана поради грешникот. Со ранети раце и нозе и прободена страна Тој сè уште се залага за паднатиот човек, чие откупување го платил со толку неизмерна цена. О, неспоредливо и несфатливо спуштање до човекот! Ниту времето ниту настаните не можат да ја намалат ефикасноста на Христовата жртва и Неговото страдање за човекот. Како што пријатниот мирис на темјанот и Ароновото попрскување со крв над престолот на милоста, небото ги прифатило како симболи за очистување за старозаветниот Израел, така заслугите на

закланото Божје Јагне Тој денес ги прима како средство за вистинско чистење од секоја нечистотија од гревот. {4C 124.3}

„Стражарете и молете се, за да не паднете во искушение". Ве очекуваат сериозни борби; и треба, земајќи го на себе оружјето на правдата, да се покажете постојани во службата на својот Откупител. На Бога во Неговото лозје не му се потребни неработници, туку оние кои како Христови соработници се подготвени да бидат стражари на своите места, храбри војници на крстот, подготвени да направат и да ризикуваат сè за Оној во чии редови стапиле. {4C 124.4}

Среќата во животот не ја даваат ниту богатството ниту големата ученост, туку вистинската морална вредност и чувството на извршена должност. И вие можете да ја стекнете наградата на победникот и да стоите пред Христовиот престол со песна на благодарност во денот кога Тој ќе ги повика Своите светии; но облеките на својот карактер морате да ги исперете во крвта на Јагнето и морате да се покриете со милосрдие како со плашт, за да се најдете без дамка и без мана. {4C 125.1}

Јован вели: „Потоа видов, и ете мноштво народ кое никој не може да го изброи, од сите јазици и колена и народи и племиња; тие стоеја пред престолот и пред Јагнето, облечени во бела облека и со палмови гранчиња во рацете. И воскликнаа со силен глас, велејќи: 'За спасението наше слава на нашиот Бог, Кој седи на престолот и на Јагнето.'" „Тоа се оние што дојдоа од големи маки; тие ги испраа облеките свои и ги избелија со крвта на Јагнето. Затоа се пред престолот на Бога, Кому Му служат во Неговиот храм и дење и ноќе; и Оној, Кој седи на престолот, ќе се всели во нив; и нема веќе да огладнат, ниту пак да ожеднат; нив нема да ги пече сонцето и никаква горештина; бидејќи Јагнето, Кое е среде престолот, ќе ги пасе и води на живи извори водни и Бог ќе им ја избрише секоја солза од очите нивни". {4C 125.2}

---

12. САМОИЗДИГНУВАЊЕ

Драги брате Н, во мојата последна визија прикажан ми е твојот случај. Покажано ми е дека како христијанин во својот карактер имаш недостатоци кои мораш да ги победиш за да можеш да се усовршиш во светост и Господов страв. Ти ја сакаш вистината, но треба и да бидеш посветен од вистината. Ти не си себичен ниту скржав кога е во прашање гостољубивоста или кога треба да се помогне делото на вистината, но сепак во твоето срце постои некој вид на себичност. Се држиш упорно до сопственото мислење и го издигнуваш својот суд над расудувањето на другите. Се наоѓаш во опасност да се издигнеш над своите браќа. Претеруваш во своите барања и склон си да ги спроведеш своите лични идеи, независно од своите браќа, бидејќи сметаш дека си интелектуално и според искуството над нив. Во тоа не се управуваш според упатствата на апостолот: „Не правете ништо со гордост или за празна слава, туку во понизност и кроток дух укажувајте си должно внимание еден на друг". Ти за сè имаш своја претстава, намери и планови, и си вообразил дека твоите заклучоци никогаш не можат да бидат погрешни. {4C 125.3}

Во управувањето со своето домаќинство исто така премногу одговорности преземаш на себе. Кога твоето мислење и планови се осуетени, наместо подготвеност на компромис со оние кои мислат поинаку, сметајќи дека како и ти имаат право на

независност во расудувањето, ти се чувствуваш навреден и се лутиш. Не поднесуваш членовите на твоето семејство да доведуваат во прашање било што во твоето планирање ниту да предлагаат нешто друго. Поради толку непријатна атмосфера тие обично се потчинуваат на твоите желби и допуштаат да продолжиш по свое, само за во куќата да се сочува мирот. Тоа од членовите на твоето семејство бара многу поднесувања и трпеливо попуштање на твоите желби. Меѓутоа, тебе ти се чини дека тоа е само должна почит на твојот легитимен авторитет и таквото свое постапување го сметаш потполно исправно. {4C 126.1}

Секогаш кога твоето тврдоглаво спроведување на сопствената волја и лично расудување ги ожалостило твоите пријатели и ги натерало да го презрат твоето самоволие, ти сметаше и зборуваше дека сето тоа е искушение поттикнато од непријателот. Таквиот став те прави уште поупорен во спроведување на личните идеи, без никаков обѕир за желбите и потребите на другите. {4C 126.2}

Ти си во опасност себеси и на другите да им создаваш тешкотии затоа што со незадоволство им допушташ на другите од своето опкружување и тие слободно да расудуваат и да мислат. Би било добро секогаш да имаш на ум дека и ним нивните погледи и лично мислење им се исто толку драги како и на тебе твоите. Ние сме многу склони токму тоа да го губиме од вид кога им замеруваме на другите што не се согласуваат со нас. Ти си премногу строг и кон членовите на своето семејство. Ти си многу прецизен давајќи им заповед по заповед и правило по правило, а ако се осмелат во нешто да ти се спротивстават, тогаш си уште поупорен во своето, за да покажеш дека си господар во домот и дека во тоа никој не може и не смее да се меша. {4C 126.3}

Ти сметаш дека е доволно да се каже нешто, да се направи и дека тоа мора да се испочитува токму онака како што си наредил. Со таквото самоволно постапување ти доаѓаш во судир со членовите на своето семејство и со нивните често поисправни сфаќања: што е подобро и посоодветно во дадени околности. Во жална заблуда си што грубо ја потчинуваш волјата и судот на својата сопруга, барајќи од неа без приговор да се покори на твојата наводно повисока мудрост, или во спротивно ќе сноси одговорности што внесува несклад во семејството. {4C 127.1}

Не смееш упорно да настојуваш да управуваш со постапките на својата сопруга и со неа да постапуваш како со ропски зависна слугинка. Никогаш не се издигнувај над неа, оправдувајќи се со мислењето: „Таа е неискусна и подредена на мене”. Никогаш не се обидувај нејзината волја толку неразумно да ја потчинуваш на својата волја, зашто таа има своја индивидуалност која никогаш во потполност не може да се поистовети со твојата. Видов многу семејства кои доживеаја бродолом во верата само затоа што оној кој се смета за глава на семејството се потпирал само на својот суд, додека сè би било складно и добро ако ги прифаќал советите и мислењата на останатите членови. {4C 127.2}

Брате мој, ти си вообразен и ги преминуваш границите на дозволеното за да го наметнеш својот авторитет. Си вообразил дека најдобро знаеш што и како треба да се работи во твојата кујна. Имаш свои посебни идеи што треба да се преземе во секоја област во домаќинството и бараш од другите како автомати да се прилагодат на тие твои идеи и да го почитуваат поредокот кој ти го одредуваш. {4C 127.3}

Таквите напори твоите пријатели да ги принудиш на апсолутна покорност кон твоите желби и склоности се залудни и бесплодни. Не можат сите да размислуваат на ист начин, и добро е што е така; бидејќи ако сите се исти, би имало помалку природно меѓусебно прилагодување. Сите ние сме прикажани како делови на едно тело,

обединети во Христа. Во тоа тело постојат различни органи и ниту еден орган не може совршено да ја извршува функцијата на некој друг орган. Очите се создадени за гледање и во никој случај не можат да ги заменат ушите кои имаат функција за слушање, ниту пак ушите можат да ги заменат усните, а ниту пак усните не можат да ја извршуваат функцијата што ја има носот. Сепак, сите овие органи се неопходни за организмот како целина да биде совршен и сè да функционира во потполна хармонија. Рацете имаат своја функција, а нозете своја и не можат едни на други да си кажат: „Вие сте помалку важни од нас". Рацете не можат да им кажат на нозете: „Не ни требате", бидејќи сите органи се обединети во телото и секој има своја посебна улога; затоа треба сите еднакво да се ценат, бидејќи сите придонесуваат за корисност и совршенство на организмот како целина. {4C 127.4}

Не можеме сите да имаме потполно ист ум и за сè да имаме еднаква претстава; токму со меѓусебното дополнување на постоечките недостатоци, можеме и треба да бидеме благослов едни на други. Ти имаш извесни недостатоци во карактерот и некои природни склоности поради кои е потребно и корисно да доаѓаш во контакт со оние кои мислат поинаку, за да можеш да го урамнотежиш својот став. Наместо врховен надзор и апсолутна исклучивост, треба да се советуваш со својата сопруга и така да доаѓате до заеднички одлуки. Ти не ги охрабруваш членовите на своето семејство да одлучуваат независно и самостојно, туку најостро ги осудуваш оние кои без приговор не постапуваат според твоите наредби. {4C 128.1}

Кога твојата сопруга и останатите членови на твоето семејство би биле невешти и неспособни, би имал некој изговор што во сè го преземаш управувањето во свои раце; но бидејќи ова не е случај, таквиот начин на твоето управување е потполно неоправдан. Своите желби и сфаќања во поглед на подготвувањето на храна и управувањето со домаќинството, ти треба да им ги изнесеш на убав начин, препуштајќи им тие да ги остваруваат твоите сугестии онака како што ним најмногу им одговара. Тие многу повеќе ќе се трудат да ти удоволат кога се замолени, отколку кога на тоа се принудени со строго наредување. Дури и ако секогаш не се согласат со твоето мислење, не настојувај упорно да мора сè да биде направено токму онака како што очекуваше. Мораш да имаш на ум дека треба да се увежбува природната самостојност и кај другите. Ако твојата сопруга ги извршува своите работи онака како што на неа најмногу ѝ одговара, немаш право постојано да ѝ додеваш и нејзиниот товар да го правиш уште потежок со своите бројни сугестии, и забелешки. {4C 128.2}

Ти имаш многу добри и благородни црти на карактерот. Многу си љубезен и пресретлив кон оние кои не се членови на твоето семејство. Можеби тоа во извесна мера може да се припише на фактот дека не се осмелуваш да ги покажеш твоите природни склоности кон било кој освен кон оние кои ги сметаш подредени на себе. Бидејќи општеството не ја признава твојата надмоќ, ти одлучно ја наметнуваш во твојот дом, верувајќи дека тука никој нема да се осмели да ти се спротивстави. {4C 129.1}

Мораш поревносно да настојуваш да се реформираш. Кога би бил подготвен да ја жртвуваш својата себичност, склоност кон претерување и своите омилени идеи, би можел да имаш мирен и среќен дом, дом во кој ангелите со задоволство престојуваат. Зар е подобро во сè да ја спроведуваш својата волја отколку да ја видиш вистинската слобода на духот и складната активност во своето семејство? Твојот дом не е секогаш таков каков што би требало да биде, но ти си главната причина за неслога. За да можеш да бидеш Христов претставник на Земјата, те молам, не давај погрешна претстава за

својот Откупител, Кој секогаш бил кроток и љубезен, благороден и полн со простување. {4C 129.2}

Мораш да го имаш на ум фактот дека за оние кои имаат здрав суд и ги знаат своите работи многу е тешко да работат според насоките кои им ги наметнуваат и строго припишуваат други луѓе. Затоа немаш морално право својата сопруга и останатите членови да ги оптоваруваш и мачиш со своите чудни и ситничарски барања во поглед на нивните работи. На почеток ќе ти биде тешко одеднаш да го промениш начинот на своето постапување, но донеси цврста одлука дека во иднина во кујната ќе влегуваш само за да ги охрабриш и пофалиш напорите на оние кои тука работат. Замерувањата и осудите нека ги заменат зборовите на пофалба. {4C 129.3}

Развивај карактерни особини спротивни на твоите досегашни склоности кои се сега укорени. Развивај трпение, љубов и сите оние особини кои ќе имаат преобразувачко влијание во твојот дом, внесувајќи светлина во животот на твоето семејство и твоите роднини и пријатели. Признај дека погрешно си постапувал, промени се во потполност и настојувај да бидеш реален и праведен. Не настојувај својата сопруга ропски да ја потчиниш на својата волја, туку пробуди во неа љубов кон себе со нежно постапување и несебично залагање за нејзината удобност и среќа. Пружи ѝ можност да ги развие своите способности и не се обидувај да владееш со нејзиниот ум и да го обликуваш нејзиното мислење сè додека потполно не го изгуби својот ментален идентитет. {4C 130.1}

Како Божје дете, таа е жена со извонредни способности, добар вкус и што е најдобро - има скромно мислење за себе. А ти толку долго ѝ диктираше сè и ја гушеше во неа секоја слободна мисла, така што потполно се повлекла во себе и не успеала да ја развие својата благородна женственост, на која има од Бога дадено право. При советувањето со неа за интересите кои се нејзини исто толку колку и твои, ти добро знаеш колку се чувствуваш навреден штом таа ќе изрази мислење спротивно на твоето. Чувствата на навреденост и себичност кои живеат во твоето срце го гушат во тебе длабокото разбирање и обѕир кои природно би морал да ги имаш кон својот животен сопатник. {4C 130.2}

Токму тој дух кој го покажуваш во семејството ќе го покажеш и во помала или во поголема мера и во своите односи во црквата. Својата волја и своето мислење ти упорно го наметнуваш како владеечки закон секогаш кога за тоа ќе ти се укаже можност. Ако сакаш секој ден да те следат Божји благослови, мораш да го менуваш својот заповеднички став, угледувајќи се во сè на својот божествен Пример. {4C 130.3}

На својата сопруга ти често ѝ задаваш болка и несвесно затоа што на своите зборови и постапки кон неа не обраќаш внимание онака нежно како што би требало. Со тоа само ја намалуваш нејзината љубов кон тебе и поттикнуваш студенило кое незабележливо се вовлекува во вашиот дом. Ако помалку мислиш на себе, а повеќе на најголемото богатство на својот дом, оддавајќи должно признание на сите членови на своето семејство и дозволувајќи им правилно да го формираат своето лично мислење, ќе претставуваш благослов и за себе и за нив, и тие ќе имаат многу повеќе почит кон тебе. {4C 131.1}

Ти си склон со одреден вид на презир да гледаш на своите браќа кои поради природата на својот темперамент тешко ги совладуваат злата кои ги напаѓаат. Но, Исус ги сожалува и подготвен е да ги поднесе и нивните слабости како и твоите, бидејќи ги љуби. Грешиш што, издигнувајќи се над оние кои не се толку силни како ти, ја истакнуваш својата лична правда, благодарејќи Му на Бога што не си како другите и што

со својата вера и ревност ги надминуваш оние кои се слаби во верата и кои во својата обесхрабреност и темнина се борат да се поправат. {4C 131.2}

Ангелите од чистото и свето небо се симнуваат на овој изопачен свет да сочувствуваат со најслабите и им помагаат на оние на кои помошта им е најпотребна, а и сам Христос се спуштил од Својот престол за да им помогне токму на таквите. Затоа ниту ти немаш право да се држиш што подалеку од оние кои паѓаат и ја губат храброста, ниту да нагласуваш колку во духовен поглед си над нив. Приjди Му поблизу на Христа, сожали се над заблудените, зајакнувај ги изнемоштените колена и храбри ги оние кои се со застрашено срце. Сожали се над нив и помогни им, како што и Христос се сожалил на тебе. {4C 131.3}

Ти сакаш да работиш за Господа. Токму во тоа е делото кое Тој го очекува од тебе и кое го прифаќа со одобрување - тоа е дело во кое учествуваат и небесните ангели. Во тоа и ти можеш да бидеш нивен соработник. Но никогаш нема да бидеш повикан да ја проповедаш Божјата реч на народот (во својство на проповедник). Ти можеби, општо земено, имаш коректно знаење за вистината и за нашата вера, но ти недостасуваат квалификации за учител. Немаш способности да им се прилагодиш на потребите и можностите на другите. Немаш доволно продорен глас. Дури и на состаноците и на конференциите ти зборуваш толку слабо, така што присутните не можат да те слушнат. Ти, драг мој брате, исто така си во опасност со своето излагање да делуваш мачно и досадно. Дури и на малите собири ти си преопширен во своето излагање. Секој збор што ќе го изговориш може да биде вистинит, но за да го најде својот пат до срцата на слушателите тој мора да биде проследен со жар на духовна сила. Ние треба да се сконцентрираме на предметот за кој зборуваме и да не ги заморуваме слушателите со предолго излагање, инаку сето тоа што сме го кажале нема да наиде на прием во нивното срце. {4C 131.4}

За сите кои сакаат да работат има работа во изобилство. Ти, драг мој брате, најдобро можеш да Му послужиш на Господа, помагајќи им на оние на кои помошта им е најпотребна. Можеби ти се чини дека твоите напори во тој правец не се доволно ценети, но сети се дека и делото на нашиот Спасител не било многу ценето од страна на оние на кои им правел само добро. Тој дошол да ги најде и да ги спаси изгубените; но токму оние кои настојувал да ги спаси, ја одбиле Неговата помош и на крајот го осудиле на смрт. {4C 132.1}

Ако во деведесет и девет од сто случаи доживееш неуспех, а успееш да спасиш една душа од пропаст, ти си направил благородно дело за својот Учител. Но, за навистина да бидеш Христов соработник, мораш да имаш многу трпение со оние за кои се залагаш, не омаловажувајќи ја едноставноста на делото, туку гледајќи на благословите кои ќе уследат како резултат на таа работа. Кога оние за кои се залагаш нема да одговорат во сè на твоите очекувања, ти често кажуваш во своето срце: „Нека продолжат по својот пат, таквите не се ниту достојни за спасение!” Што би било Христос така да постапил со несреќните и отфрлените? Тој умрел за да ги спаси и најпрезрените грешници и ако во својата работа покажуваш ист дух и во сè се угледуваш на Неговиот пример, препуштајќи ги последиците во потполност на Бога, големината и вредноста на така остварените резултати ќе ги сфатиш дури во вечноста. {4C 132.2}

Ти си склон да копнееш кон повозвишено занимање од она кое по природа ти припаѓа. Желба ти е да делуваш само меѓу интелектуалците и оние кои светот ги цени. Но таквите сигурно ќе се разочараат во твоите очекувања; зашто останувајќи подолго во престапот, тие најчесто во потполност се свесни за својата изгубеност и својата

безнадежност. Треба да работиш, како што работел и Христос, во потполна понизност и наградата сигурно нема да ти изостане. Да се работи меѓу сиромашните и скромните приведувајќи ги кон Спасителот, е исто така почесна задача како и залагањето за богатите и угледните. Над сè, не прифаќај одговорности кои не си способен да го носиш. {4C 132.3}

Треба да се направи сè што е можно за состаноците на нашиот народ да бидат интересни. Со правилно постапување и ти можеш да бидеш голема помош во тој поглед. Посебно внимание треба да се подари на правилното раководење на нашите заеднички состаноци. Неколку добро осмислени зборови за напредувањето во побожниот и богоугодниот живот, изговорени со јасен и силен глас, сесрдно и неусилено - значително би придонеле за морално издигнување на другите, а би претставувале вистински благослов и за твојата душа. {4C 132.4}

Она што тебе ти е неопходно, тоа е ублажувачкото и потчинувачко делување на Божјиот Дух на твоето срце. Никој не треба да се занесува со идејата дека само познавањето на вистината е доволно за да се одговори на Божјите барања. Љубовта и добрата волја која ја покажуваме кон своите пријатели само тогаш кога тие ги одобруваат нашите постапки, немаат вистинска вредност, бидејќи тоа е природно и за срцето кое не е препородено. Оние кои тврдат дека се Божји деца и дека одат во светлина не треба да се чувствуваат навредени и да се лутат кога нешто ќе им го попречи патот. {4C 133.1}

Ти ја сакаш вистината и се залагаш за нејзиното ширење. Ќе се најдеш во различни околности за твојата верност кон вистината да се искуша и да се провери. Ако си подготвен да се потчиниш на неопходната дисциплина, ќе можеш да развиеш вистински христијански карактер. Во прашање се твоите животни интереси. Она што ти е најпотребно тоа е вистинска светост и дух на самопожртвуваност. Можеме да ги стекнеме сите можни знаења за вистината и да ги читаме нејзините најскриени тајни, па дури и своето тело да го дадеме да изгори поради неа, па сепак ако ни недостигаат љубов и милосрдие, ќе бидеме како ѕвоно кое ѕвони, или кимвал што ѕвечи. {4C 133.2}

Мораш да се привикнуваш да ги цениш другите повеќе отколку себе. Биди помалку задоволен со самиот себе, помалку самоуверен; развивај во себе христијански особини: трпение и братска љубов. Биди подготвен да им помогнеш на заблудените, имај сожалување и нежно сочувствувај со оние кои се слаби. За да го славиш Господа не мораш да ја напушташ својата работа, но секој ден покрај своето редовно занимање можеш со секое свое дело и секој збор да му оддаваш чест на Оној кому му служиш, влијаејќи позитивно на оние со кои доаѓаш во допир. {4C 133.3}

Биди љубезен и нежен кон другите и секогаш подготвен да простуваш. Твоето „јас” нека исчезне во љубовта кон Христа, за навистина да послужиш на чест на Неговото име, извршувајќи ја задачата која Тој ти ја одредил. Колку малку знаеш за духовните страдања и искушенија на оние несреќници кои во недостиг на одлучност и морална сила се оковани со синџирите на темнината. Потруди се да ги разбереш слабостите на другите. Помогни им на оние на кои помошта им е неопходна, распни го своето „јас” и предај го своето срце во потполност на Исуса, за да можеш начелата на вистината навистина да ги применуваш во својот секојдневен живот. Тогаш, како никогаш досега, ќе бидеш благослов за црквата и за сите со кои доаѓаш во контакт. {4C 133.4}

13. МИСИОНЕРИ ВО ДОМОТ

Драга сестро, покажано ми е дека имаш извесни недостатоци во карактерот и за да примиш Божји благослов, мораш да сфатиш колку е важно да се ослободиш од тоа. Ти си создаваш самата себеси многу тешкотии поради својот слободен јазик. Ти сметаш дека е доблест да се зборува отворено и да им кажеш на луѓето во лице сè што мислиш за нив и за нивните постапки, и тоа го нарекуваш искреност. Всушност тоа е неучтивост со која предизвикуваш спротивставување и воинственост на сите со кои доаѓаш во допир. Кога и другите би се однесувале исто така кон тебе, тоа би било повеќе отколку што можеш да поднесеш. Оние кои навикнале да зборуваат со другите отворено и строго, не сакаат и не прифаќаат да им се возвраќа на ист начин. {4C 134.1}

Ти се изложуваш на многу болни непријатности кои би можела да ги избегнеш кога би негувала особина на кроток и благ дух. Ти постојано предизвикуваш некои расправии, бидејќи штом некој ќе се спротивстави на твојата волја, ти стануваш воинствена. Твојата склоност да владееш претставува постојан извор на непријатности и тешкотии за тебе самата. По својата природа си љубоморна и недоверлива. Властољубива си и со постојаното изнаоѓање на грешки и подготвеност брзо да ги осудиш другите, само предизвикуваш расправии. Толку долго негуваше во себе дух на одмазда, така што само силата на Божјата благодат, ако постојано ја повикуваш, може да ја ублажи и потчини твојата природа. Нашиот драг Спасител вели: „Благословувајте ги оние што ве колнат, правете им добро на оние кои ве мразат и молете се за оние кои ве навредуваат и прогонуваат". {4C 134.2}

Драга сестро, покажано ми е дека со постојано задржување на грешките и несовршеностите на другите само внесуваш темнина во својата душа. Ти никогаш нема да бидеш повикана да одговараш за нивните гревови, но за својата душа и за своето семејство имаш задача која никој друг не може да ја изврши наместо тебе. Ти треба да го распнеш своето „јас" и да ја совладаш својата склоност кон непромислени зборови и преувеличување на грешките на своите ближни. Има толку теми за разговор на кои можеш да се задржиш со најдобри резултати. Секогаш е сигурно и препорачливо да се зборува за Христа, за христијанската надеж, за убавината на нашата вера. Твојот јазик нека биде посветен на Бога, за да можат твоите зборови секогаш да бидат соодветни и полни со благодат. „Браќа мои, што е вистинито, што е чесно, што е праведно, што е чисто, што е достојно за љубов, што е на добар глас, што е достојно за пофалба - за тоа размислувајте". {4C 135.1}

Би требало навистина да се држиме за овие посебни препораки на апостолот. Често се наоѓаме во големо искушение да зборуваме за нешто што ниту на оние кои слушаат не им донесува никаква корист, туку само зло и двојна загуба. Времето на милост и проба кое ни преостанува премногу е кратко за да се задржиме на недостатоците на другите. Пред нас е задача која бара најголемо внимание и будност и постојана молитва, инаку нема да успееме да ги победиме своите карактерни мани и да се угледаме на божествениот Пример. Ние сите треба да настојуваме да го имитираме Христовиот живот. Тогаш со своето влијание ќе можеме да ги облагородуваме и духовно да ги издигнуваме оние со кои се дружиме. Прекрасна е предноста да се биде христијанин, вистински христијанин, мирољубив, чист и неизвалкан. Драга сестро, сите наши напори треба да бидат направени само со Бога, инаку ќе бидат потполно

бескорисни. Во тој случај нашите добри дела би биле само повод за истакнување на лична правда. {4C 135.1}

И во твоето семејство има многу нешта што треба да се исправат. Пропушти на своите деца да им подариш должно внимание, помош и охрабрување. Не ги приврза за своето срце со најнежни нишки на љубов. Твоите обврски ти одземаат многу време и енергија, па поради тоа ги запоставуваш семејните обврски. Ти до таа мера си се навикнала на тој товар, така што оставањето на истото би изгледало како некоја голема жртва; сепак тоа би било добро и за твоите духовни интереси и за среќата и моралната добробит на твоите деца. Би било добро за тебе да се ослободиш од тие свои заморни грижи и да се повлечеш на село, каде што влијанијата кои изопачувачки делуваат на моралот на младите не се толку силни. {4C 135.3}

Вистина, ти и при живот во природа нема да бидеш потполно слободна од заморните грижи, но ќе избегнеш многу зла и ќе ја затвориш вратата на поплавата на примамливите искушенија кои се закануваат да ги обземат мислите на твоите деца. Ним им е потребно занимање и разновидност. Постојаната едноличност во затворена просторија ги прави немирни и загрижени, и затоа создаваат навика да се мешаат со порочната градска младина која ја воспитува улицата. {4C 136.1}

Ти посвети толку време на мисинерската работа кој не беше поврзана со нашата вера и беше толку притисната од грижи и одговорности, така што не држеше чекор со Божјото дело за ова време и имаше малку слободно време тесниот семеен круг да го направиш пријатен за своите деца. Не ги проучуваше нивните потреби ниту нивниот активен дух во развој, па им ги ускратуваше и оние едноставни одобрувања кои би им причинувале задоволство не нанесувајќи им никаква штета. Со само малку повеќе вложен труд би можела на своите деца да им посветиш повеќе внимание, а тоа за нив би значело навистина многу. {4C 136.2}

Животот во природа за нив би бил вистински благослов; движењето и живата активност во слободна природа и на чист воздух поволно би влијаеле на нивното физичко и умно здравје. Во обработка на градината би можеле да најдат и разонода и корисно занимање. Одгледувањето на растенија и цвеќиња развива смисол за добар вкус и моќ за здраво расудување, додека запознавањето со корисните и прекрасните дела на создавање го облагородува и воздигнува умот, насочувајќи ги мислите на Оној Кој е Творец и Господар на сè што гледаме и не гледаме. {4C 136.3}

Твојот сопруг како татко беше многу груб, непопустлив, бесчувствителен, студен и многу строг кон своите деца, брз во дисциплинирањето и непресметлив во своите барања. Тој беше човек со чудна природа, мислејќи само на сопственото задоволство и трчајќи само за стекнување на пари, за да ги задоволи своите барања и да стекне почит и уважување од страна на другите. Поради својата невнимателност и недостаток на љубов кон тебе и кон децата, како и поради својот расипнички живот, тој набргу ја изгуби твојата наклонетост. Затоа твојот живот беше исполнет со тешки и невообичаени искушенија, додека тој остана потполно незаинтересиран за твоите грижи и тешкотии. {4C 136.4}

Сето тоа остави длабоки траги на тебе и на твоите деца, а особено неповолно се одрази на развојот на твојот карактер. Развиваше дух на независност речиси и несвесно. Гледајќи дека не можеш да се потпреш на својот сопруг, бираше животен пат кој го сметаше за најдобар, без некакво советување и договарање со него. Бидејќи твоите најдобри стремежи не беа сфатени ниту ценети, одлучи да постапуваш според своето најдобро знаење и умеење, не обрнувајќи внимание ниту на осудата ниту на

одобрувањето. Свесна дека сопругот навистина лошо постапува со тебе и има погрешно мислење за тебе, негуваше чувство на огорченост кон него и им возвраќаше со иста мера на сите кои би ја довеле во прашање исправноста на твоите постапки. {4C 137.1}

Меѓутоа, додека потполно реално не ги воочи недостатоците на твојот сопруг, пропушти исто така да ги увидиш и своите. Грешеше што зборуваше на други за неговите недостатоци, создавајќи на тој начин склоност да се задржуваш на непријатните чувства и своите разочарувања и неволи постојано да ги имаш пред очите. Така создаде навика своите неволи и тешкотии, од кои многумина самата си ги создаваш, уште повеќе да ги зголемуваш токму со тоа што за тоа постојано зборуваш. {4C 137.2}

Кога би престанала да мислиш на тие надворешни тешкотии, а повеќе внимание би посветила на своето семејство, ти би била посреќна и поподготвена да правиш добро на другите. Веќе самиот факт дека твоите деца немале доличен пример и добар советник во својот татко, те прави уште поодговорна да бидеш нежна и верна мајка. Твоите најзначајни должности се токму во твојот дом и кон твоето семејство. Тоа за тебе е вистинска мисионерска работа. Тие одговорности не можеш да ги пренесеш на некој друг. Тоа е животна задача која Бог ти ја одредил. {4C 137.3}

Занимавајќи се со толку исцрпни деловни детали, ти си го крадеш себеси времето неопходно за побожно размислување и молитва, а на децата им ги ускратуваш трпението, грижата и вниманието кои со право ги очекуваат од својата мајка. Ти сметаш дека многу работи побрзо и полесно ќе ги завршиш сама, отколку трпеливо да ги поучуваш децата како тоа да го направат; сепак би било многу подобро и со нив да поделиш извесни одговорности, учејќи ги да бидат корисни во животот. Тоа за нив ќе биде охрабрувачко и ќе им го исполни времето, а на тебе добро ќе ти дојде барем во нешто да ти помогнат. {4C 137.4}

Ти им посветуваш внимание и време на оние кои на тоа немаат некое посебно право, а правејќи го тоа, ја запоставуваш својата света должност на мајка. Бог не положил на тебе толку многу товари и должности колку што самата претпоставуваш. Ти посетуваш и помагаш многумина на кои твоето време и грижа не им се ниту наполу потребни како на твоите деца, чиј карактер токму сега се формира или за спасение или за пропаст. Бог нема да те поддржи во твоето залагање за многумина кои страдаат под Неговото проклетство поради својот распуштен и безбожен живот. {4C 138.1}

Прва и најголема задача на твојот живот е да бидеш мисионер во своето семејство. Вооружај се со трудољубивост и трпение, милост и љубов и прифати ја задачата која ти е од Бога одредена и која никој не може да ја заврши наместо тебе. Тоа е задача за која ќе бидеш одговорна на денот на конечната пресметка. Семејството кое не е правилно дисциплинирано не може да очекува Божји благослов. Љубезноста и трпението мораат да бидат правило во христијанскиот дом за да може семејството да биде среќно. {4C 138.2}

Според општото сфаќање на овој свет, парите се моќ; но гледано од христијанска гледна точка, придвижувачка и најголема сила е љубовта. Во тој принцип се обединуваат и умната и духовната сила. Чистата љубов доаѓа до израз во добрите дела и не може да прави ништо друго освен добро. Таа го спречува несогласувањето и сите зла кои произлегуваат од тоа, и донесува само вистинска среќа. Богатството често ги изопачува и уништува луѓето. Силата ги наведува да навредуваат други, додека својствата на чистата љубов се вистина, добрина и побожност. {4C 138.3}

Сестро моја, кога би можела да се видиш себеси таква каква што Бог те гледа, би ти било јасно дека без потполно обратување никогаш нема да влезеш во Божјото царство. Кога секогаш би го имала на ум Христовото правило: „Со каква мера мерите, со таква ќе ви се мери", би била многу повнимателна во своите зборови, поодмерена, поблага и склона кон простување. Христос дошол на овој свет да го потчини секој отпор и секоја власт која се подига против Него, но Тој не барал покорност со силата на аргументите или со заповеднички глас; туку минувал низ светот правејќи добро и поучувајќи ги Своите следбеници на она од што зависи нивниот мир и нивното спасение. Тој никогаш не започнувал расправии, ниту возвраќал на навредите со иста мера, туку во дух на кротост мирно поднесувал лажни обвинувања и сурови прогонства од страна на оние кои Го мразеле и на крајот Го осудиле на смрт. Христос е наш пример. Со Својот живот Тој практично ги илустрирал Своите божествени поуки и со пример покажал како може да се прави добро и да се победи злото. {4C 138.4}

Ти негуваше огорченост кон својот сопруг и кон останатите кои ти направиле зло, но не увидуваш во што си грешела и самата, правејќи ја ситуацијата уште полоша. Огорчена на оние кои ти направиле неправда, ти даваш излив на своите чувства во осуда и критика. Тоа му дава моментално олеснување на твоето срце кое е видно оптоварено со тоа, но остава трајни лузни на твојата душа. Јазикот е мал орган, но со злоупотреба ти го претвораш во оган кој голта сè пред себе. {4C 139.1}

Сето ова го попречува и го кочи твојот духовен развој. Но, Бог гледа колку ти е тешко покрај сè да бидеш трпелива и подготвена да простиш и во Својата милост Тој знае како да ти помогне. Тој бара од тебе со лична реформа во личниот живот да ги исправиш своите недостатоци. Тој сака твојот крут и непопустлив дух да се потчини под влијание на Неговата благодат. Ти треба во молитва постојано да бараш помош од Бога, бидејќи наместо бурни расправии и судири, тебе ти се потребни мир и спокојство. Христовата религија бара од тебе наместо моментални чувства да го слушнеш гласот на просветениот разум и трезвено расудување. {4C 139.2}

Ти дозволуваш на твоите чувства премногу да влијаат оние кои се наоѓаат околу тебе. Секојдневната внимателност и молитва нека бидат твоја заштита. Тогаш Божјите ангели секогаш ќе бидат околу тебе, осветлувајќи го со јасните и драгоцени зраци на светлината твојот ум и поддржувајќи те со својата небесна сила. Твоето влијание на децата и твоите постапки кон нив треба да бидат такви што ќе ги привлечат тие свети посетители во твојот дом, за да ти помогнат во напорите да го направиш среќно своето семејство - кое Бог толку го сака. Секогаш кога ќе се обидеш во својата борба независно од Бога да го продолжиш својот пат, ти ги бркаш Божјите ангели и тие во болка се повлекуваат, оставајќи те да се бориш сама. {4C 139.3}

Вашите деца носат печат на карактер кој во наследство им го оставиле нивните родители. Затоа мораш да бидеш многу внимателна во своето постапување со нив; посебна нежност мораш да покажуваш при укорувањето и исправувањето на нивните недостатоци. Ти си премногу строга во нивните барања и тоа најчесто го покажуваш кога си раздразлива и лута. Со тоа ги прекинуваш златните нишки на љубовта со кои нивните срца треба да бидат врзани за тебе. Настојувај секогаш на своите деца да им го втиснеш во душата фактот дека ги сакаш, дека се залагаш за нивните интереси, дека навистина ти е важна нивната среќа и дека во сè што преземаш им посакуваш само добро. {4C 140.1}

Настојувај да ги задоволиш нивните детски желби кога можеш и кога тоа е во нивен интерес. Вашето сегашно место на живеење пружа исклучително малку разновидност

или разонода за нивниот млад дух кој копнее по активност, па тешкотиите се секоја година сè поизразени. Прво за што треба да размислуваш во Божји страв тоа се твоите деца. Твоите обврски како мајка и како христијанка не се ниту лесни ниту мали; за да ги исполниш како што треба мораш да се ослободиш од некои други свои должности, посветувајќи го своето време и енергија токму на оваа задача. На твоите деца нивниот дом би требало да им биде најдраго и најсреќно место на светот, а мајчиното присуство во семејството најпривлечно. {4C 140.2}

Сатанската моќ над младите на денешното време навистина е ужасна. Ако нивниот ум не се урамнотежи цврсто и стабилно со верски начела, дружењето со порочни деца од околината ќе ги изопачи нивните морални погледи. Ти сметаш дека си свесна за сето тоа, но не си во состојба во потполност да ја сфатиш заводничката моќ и влијанието на злото на умот и на сфаќањето на младите. Најголема опасност се заканува од недостаток на добро воспитување и правилна дисциплина. Попустливите родители не ги поучуваат своите деца на самооткажување. Храната која тие им ја даваат на своите деца е таква што го надразнува нежното ткиво на желудникот. Таа надразнетост преку нервниот систем се пренесува на мозокот, и како резултат на тоа пробудените животински страсти преземаат контрола над повисоките морални сили. Така разумот станува слуга на ниските склоности и желби на телото. Сè што ќе се внесе во желудникот и ќе се претвори во крв, станува составен дел од организмот. На децата не треба да им се дава нездрава храна, како што е: свинско месо, колбаси, зачини, богати колачи и торти; бидејќи тоа ја расипува нивната крв, го надразнува нервниот систем, а претставува опасност и за нивниот морал. Оние кои се неумерени во поглед на јадењето, најчесто не се во состојба да го сочуваат своето трпение. Нашиот небесен Татко ни пратил светлина на здравствената реформа за да нè сочува од многубројните зла кои произлегуваат од понижувачкото попуштање на апетитот, за да можат оние кои ја љубат чистотата и светоста разумно да ги користат добрата со кои Тој секојдневно ги снабдува, и за да можат со примена на умереноста во својот секојдневен живот потполно да ѝ се посветат на вистината. {4C 140.3}

Во своето постапување со децата ти не остануваш секогаш доследна. Понекогаш премногу им попушташ на нивна штета, додека подоцна им ускратуваш и некои невини задоволства кои би ги направиле среќни. Тогаш нетрпеливо и со презир ги одбиваш нивните наједноставни барања, заборавајќи дека тие можат да најдат вистинско уживање во задоволствата кои тебе ти изгледаат како детски бесмислици. Не си подготвена од достоинството на своите години и својата положба да се спуштиш до своите деца, да ги сфатиш нивните потреби и да им излезеш во пресрет. И во тој поглед не се угледуваш на Христа. Тој се поистоветувал со скромните, со оние кои имале потреба и кои биле ожалостени. Со задоволство ги земал малите деца во Своите прегратки и се спуштал на ниво на младите. Неговото срце на бескрајна љубов можело да ги сфати нивните неволи и потреби, а исто така и да ужива во нивната среќа. Неговиот дух, изморен од вревата и немирот на мноштвото народ и од постојаното контактирање со лукавите и лицемерни луѓе, наоѓал вистински одмор и мир во друштвото на невините деца. Нивното присуство никогаш не Му било досадно ниту одвратно. Иако бил Величество на небото, Тој се спуштал да одговара на нивните прашања и Своите значајни поуки ги упростувал до таа мера, така што и децата да можат да ги сфатат. Во нивниот млад ум кој копнеел по знаење, се сеело семето на вистината кое никнувало и донесувало изобилна жетва во нивните позрели години. {4C 141.1}

Во децата кои Му биле доведувани за да ги благослови, Тој гледал идни мажи и жени кои требало да станат наследници на Неговата благодат и поданици на Неговото царство, а некои од нив дури и маченици поради Него. Некои од учениците кои не ги симпатизирале децата, им наредувале на малечките да се оддалечат, за да не го вознемируваат нивниот Учител. Но, додека тие жално заминувале, Христос ги укорил Своите ученици, велејќи им: „Оставете ги децата и не забранувајте им да доаѓаат кај Мене, зашто на таквите е небесното царство". {4C 142.1}

Тој знаел дека тие деца ќе ги послушаат Неговите совети и ќе Го примат како свој Откупител; додека на оние кои светот ги смета мудри и кои имаат тврдо срце им е многу потешко да го следат Неговиот пример и да најдат место во Божјото царство. На тие малечки, кои мајките ги доведувале кај Христа за да ги слушнат Неговите совети и да примат благослов, Неговите благословени зборови и Неговиот лик останале длабоко втиснати во нивната свест, така што тоа никогаш не го заборавале. Оваа Христова постапка го илустрира фактот дека срцата на младите и срцата на децата се најприемчиви за христијанската наука, дека тогаш е најлесно да се придобијат за побожност и дека тогаш примените поуки остануваат највпечатливи. Меѓутоа, на тие млади суштества треба да им приоѓаме многу внимателно, поучувајќи ги во љубов и многу трпеливо. {4C 142.2}

Сестро моја, настојувај срцата на своите деца да ги приврзеш со љубов за себе. Посвети им должна грижа и внимание во сè. Облекувај ги пристојно, за да не мораат да се срамат поради својот надворешен изглед, бидејќи тоа би се одразило неповолно на нивната самопочит. Ти увидуваш дека светот, оддавајќи се на мода и на надворешно украсување, ги запоставува внатрешните украси на духот и моралните вредности; меѓутоа, одбегнувајќи го ова зло, ти одиш во друга крајност и не посветуваш доволно внимание на соодветното облекување на себеси и на своите деца. Секогаш треба да бидеме уредно и соодветно облечени во склад со годините и положбата што ја заземаме во животот. {4C 142.3}

Уредноста и чистотата се закони на небото; и за да бидеме во склад со божественото уредување, должност ни е да бидеме чисти, уредни и со вкус. Твоите погледи во врска со ова се погрешни. Осудувајќи го претерувањето и суетата на овој свет, падна во заблудата на претераното штедење и скржавост. Се лишуваш и од она што е правилно и што треба да го имаш, а што ти го овозможуваат финансиските средства со кои те снабдил Бог. Ти не се облекуваш соодветно ниту себеси ниту своите деца. Со својот надворешен изглед ние не смееме да го обесчестуваме Оној чиј пример декларативно го следиме, туку во сè треба да придонесуваме за углед на Неговото дело. {4C 142.4}

Апостолот вели: „На богатите на овој свет заповедај им да не се гордеат, ниту да се надеваат во пропадливо богатство, туку во живиот Бог кој ни дава сè во изобилство; нека прават добро, нека се богатат во добри дела, нека бидат дарежливи и друштвени". Твоите парични средства ти се подарени за да ги употребиш таму каде што се навистина потребни, а не да ги натрупуваш за уништување во големиот пожар. Според цитираниот налог на апостолот, имаш право да ги уживаш добрата кои ти ги дарувал Господ, да ги користиш за свои потреби, за добротворни цели и, помагајќи го ширењето на Неговото дело, да стекнуваш богатство на небото. {4C 143.1}

Многу од неволите кои те снаоѓаат, Бог ги допушта во Својата мудрост за повеќе да му се приближиш на престолот на благодатта. Преку болката и неволите низ кои минуваат Неговите деца, Тој настојува да ги омекне и потчини нивните срца. Животот

на овој свет претставува Божја работилница, каде што Тој нè подготвува и обликува за небесните дворови. Остриците на своите орудија за мазнење и усовршување Тој ја применува и на нашето растреперено срце сè додека не ги отстрани сите нерамнини и неправилности и додека не станеме приспособени да го заземеме своето вистинско место во небесната градба. Преку неволите и болните удари, христијанинот се чисти од гревот, духовно зајакнува и го развива својот карактер според примерот кој ни го оставил Христос. Влијанието на правилниот и побожен живот не е можно да се процени, бидејќи го надминува непосредниот круг на семејството, родниците и пријателите, ширејќи ја светлината која придонесува за придобивање на души за Христа. {4C 143.2}

Број дваесет и седум
СВЕДОШТВО ЗА ЦРКВАТА

---

14. ДОБРОВОЛНА ПОСЛУШНОСТ

Аврам веќе бил во длабока старост кога примил од Бога застрашувачка заповед да го принесе својот син Исак на жртва паленица. Дури и за поимите на тогашната генерација тој бил „стар човек". Жарот на неговата младост сè повеќе исчезнувал и не му било лесно да поднесува тешкотии и да се спротивставува на опасности. Во екот на младоста човекот може гордо да се спротивставува на бурата на животните тешкотии и, свесен за својата сила, да се издигне над обесхрабреноста која неговото срце не би ја издржало во подоцнежните години, кога неговите несигурни чекори се приближуваат кон гробот. {4C 144.1}

Меѓутоа, во Своето провидение, Бог го одвоил овој најтежок испит на Аврамовата вера за времето кога товарот на годините тешко ги притискал неговите рамена и кога копнеел да се одмори од товарот на грижите и тешките животни напори. „Земи го сега својот син", му рекол Господ, „својот единец Исак и принеси го на жртва…" Срцето на овој стар човек застанало од ужас. Ако синот Исак го изгубил поради некоја тешка болест тоа би го скршило татковото срце и би ја наведнало неговата бела глава; но од него е побарано да ја пролее драгоцената крв на својот син со својата рака. Тоа му изгледало ужасно и потполно невозможно. {4C 144.2}

Сепак, тоа го кажал Бог, а Неговата реч мора да се послуша. Аврам бил под товарот на годините, но тоа не го ослободувало од должностите. Прифаќајќи го стапот на верата, во нема болка, тој го зел својот син за рака, кој се наоѓал во цветот на својата младост, и тргнал да ја изврши Божјата заповед. Стариот патријарх бил хуман и многу благороден човек; неговата наклонетост и симпатии биле слични на нашите, и со сето срце го сакал својот син, кој му бил утеха во неговата старост и од Бога ветен наследник. {4C 144.3}

Но, Аврам се прашувал како можат да се исполнат Божјите ветувања ако Исак биде жртвуван. Не чекал тоа да го расчисти со своето рането срце, туку продолжил буквално да ја извршува божествената заповед сè додека - подигнувајќи го ножот, кој само што

не се забодел во растреперето тело на момчето не ги слушнал зборовите: „Не ги подигај своите раце на детето… зашто сега дознав дека се боиш од Бога, кога не се сожали над својот син единец поради Мене”. {4C 145.1}

Овој голем чин на вера е запишан на страниците на светата историја за да свети на светот како прочуен пример до крајот на времето. Како изговор дека не може да ја послуша оваа страшна заповед, Аврам не се повикал на својата длабока старост. Тој не рекол: „Мојата коса е бела, исчезна силата на мојата мажественост; кој ќе ми биде утеха и поддршка во мојата изнемоштеност кога Исак веќе нема да биде меѓу живите? Како може татко да ја пролее крвта на својот единствен син?” -Не, Бог рекол и должност на човекот е да послуша без никаков приговор или мрморење. {4C 145.2}

Денес на членовите на нашата црква им е потребна Аврамова вера за да ја расчисти темнината што ги опкружува, засолнувајќи ги зраците на Божјата љубов и попречувајќи го нивниот духовен развој. Староста никогаш не може да биде изговор за неисполнување на она што Бог го бара од нас. Нашата вера треба да биде плодна со добри дела, „бидејќи верата без дела е мртва”. Секоја совесно извршена должност, секоја жртва поднесена во Христово име донесува награда. Во самиот чин на должност Бог зборува токму за извршувањето на должностите и на тоа Тој го дава Својот благослов. Но Тој бара сите свои способности да Му ги посветиме Нему. Вистински христијани можеме да бидеме само ако со сите свои мисли, со сето свое срце и со целото свое битие Му се предадеме Нему. {4C 145.3}

Бог на човекот не му ускратува ништо од она со што би можел себеси да си обезбеди неминливо богатство. Тој ја облекол земјата со убавина и ја снабдува со изобилство од сè што му е потребно на човекот за време на неговиот земен живот. Тој го дал и Својот Син да умре за откуп на светот кој паднал поради лудоста на гревот. Таа неспоредлива љубов и неизмерна жртва бара од нас послушност, љубов и безгранична вера. Па сепак, сите тие особини, и кога би ги развиле до највисок степен, не можат ниту оддалеку да се споредува со големата жртва која е поднесена поради нас. {4C 145.4}

Бог бара да се покоруваме на Неговиот закон со задоволство и без никакво условување; меѓутоа, луѓето спијат како парализирани од измамите на непријателот, кој им сугерира секакви изговори и им подметнува сомнежи како и на Ева во градината, кога ѝ рекол: „Нема да умрете”. Непослушноста не само што ја отапува совеста на престапникот и неговото срце го прави уште понечувствително, туку има тенденција и на другите да им ја слабее верата. Она што на почетокот им изгледало многу лошо, постепено има сè помалку таков изглед - бидејќи им е постојано пред очите - така што на крајот се прашуваат дали тоа воопшто е грев, а потоа и несвесно запаѓаат во истата заблуда. {4C 146.1}

Преку пророкот Самоил, Бог му наредил на Саул да ги уништи Амаликијците и сè што им припаѓало ним. Меѓутоа, Саул само делумно ја извршил оваа заповед; го уништил само послабиот добиток, додека сè што изгледало подобро го сочувал во живот, поштедувајќи го и самиот безбожен цар. Следниот ден, при средбата со пророкот самоуверено си честитал сам на себе, велејќи: „Благословен да си од Господа, ја извршив Господовата реч”. Но пророкот одговорил: „Какво е тоа блеење на овци и рикање на волови во моите уши?” {4C 146.2}

Саул бил збунет и во настојување да ја намали својата одговорност, рекол: „Од Амаликијците се; бидејќи народот ги поштеди најдобрите овци и најдобрите волови за да се принесат на жртва на Господа, твојот Бог; останатото го уништивме како проколнато”. Самоил остро го укорил царот, потсетувајќи го на Божјата заповед со која

од него е побарано да уништи сè што им припаѓало на Амаликијците. Укажувајќи му на неговиот престап, Самоил нагласил дека со тоа тој го обесчестил Господа. Но, Саул одбивал да ја признае вината, па продолжил и понатаму да го оправдува својот грев со тврдењето дека најдобриот добиток го сочувал за да го принесе на жртва на Господа. {4C 146.3}

Самоил од срце го заболела оваа царева упорност со која толку дрско одбивал да го увиди и да го признае својот грев. Тој тажно запрашал: „Зар сепалениците и приносите повеќе му се пријатни на Господа, отколку послушноста на гласот Господов? Послушноста е подобра од жртвата и покорноста е подобра од овнешкото месо. Бидејќи непослушноста е исто таков, како што е вражањето, а тврдоглавоста е исто како и идолопоклонството. Поради тоа што ја отфрли Господовата реч, затоа и Тој тебе те отфрли да не бидеш повеќе цар". {4C 146.4}

Кога јасно ќе ни се предочи должноста, не смееме да одлагаме со извршување на она што се бара од нас. Таквото одложување само го сомневањето, неверството кришум се вовлекува во душата, расудувањето слабее, а сфаќањето се замрачува. На крај, укорите и опомените на Божјиот Дух не допираат веќе до срцата на измамениот човек кој во својата заслепеност мисли дека тоа воопшто и не се однесува на него. {4C 147.1}

Драгоценото време на милост бргу минува, а толку малкумина сфаќаат дека тоа време им е дадено за да се подготват за вечноста. Златно време неразумно се користи на земни цели, минливи задоволства и грев додека Божјиот закон се омаловажува и се заборава, иако секој негов пропис е незаобиколна обврска. Секој престап донесува неизбежна казна. Склоноста кон стекнување на земно богатство води до осквернување на саботата, иако барањата за празнување на тој свет ден не се ниту укинати ниту намалени. Божјата заповед во тој поглед е јасна и непобитна; Тој ја забранил секоја работа во саботниот ден. Тој ден Бог го издвоил како време кое треба да Му биде посветено само Нему. {4C 147.2}

Многумина претставуваат само пречка на патот на оние кои сакаат да бидат послушни на Божјите заповеди. Силни влијанија ги врзуваат за овој свет, но Божјата сила може да ги раскине тие синџири. Тој ќе ја отстрани секоја пречка пред нозете на Своите верни следбеници или ќе им даде сила и храброст да ја совладаат секоја тешкотија, ако во молитва сесрдно побараат Негова помош. Под најсесрдна желба и истрајни напори да ја твориме Божјата волја по секоја цена, дури и тогаш кога во прашање ни е животот, исчезнуваат сите препреки. Мрачните моменти во животот на оние кои, покрај искушенијата и неволите, одат напред гледајќи само на Исуса како Зачетник и Завршител на својата вера, ќе бидат осветлени и расветлени со блескавите зраци на небесната светлина. .{4C 147.3}

Во старите времиња Бог им зборувал на луѓето преку пророците и апостолите. Во овие денови Тој им зборува преку Сведоштвата напишани со Неговиот Дух. Припадниците на Својот народ Бог никогаш не ги поучувал посесрдно отколку денес во поглед на Својата волја и патот по кој сака тие да одат. Меѓутоа, дали тие се подготвени да ја искористат пружената предност? Ќе сакаат ли да ги прифатат Неговите укори и да ги послушаат Неговите опомени? Бог не прифаќа делумна послушност и не се согласува на никаков компромис. {4C 147.4}

15. ДВАНАЕСЕТТЕ ИЗВИДУВАЧИ

Господ Му заповедал на Мојсеј да испрати извидувачи во Хананската земја која им била ветена на Израелевите синови, за да ја разгледаат и да извидат. За таа цел бил избран по еден поглавар од секое племе. Тие заминале и по четириесет денови, враќајќи се од својата задача, излегле пред Мојсеј и Арон и пред целиот израелски народ и им го покажале плодот од таа земја. Сложни во проценката дека земјата е навистина добра, тие како доказ во прилог на тоа ги покажуваат и богатиот плод кој го донеле како доказ. Еден грозд бил толку голем така што двајца го носеле на стап. Исто така, донеле и смокви и калинки кои таму растеле во изобилство. По добрите извештаи за плодноста на земјата, сите - освен двајца - почнале да зборуваат многу

обесхрабрувачки за можноста на Израелците да ја заземат таа земја. Нагласувале дека таму живеат многу моќни луѓе, дека градовите им се обиколени со силни и високи ѕидови и над сè, дека таму ги виделе синовите на ѓиновското племе Енак. Опишувајќи ги положбите и на останатите народи ширум Ханан, изразувале стравување дека тие никогаш нема да можат да дојдат во таа земја. {4C 148.1}

Сослушувајќи го овој нивен извештај, Израелците почнале да го покажуваат своето длабоко разочарување со горчливо префрлање и лелекање. Тие не почекале трезвено да размислуваат дека Бог, кој ги довел дотаму, сигурно може и да ги доведе во ветената земја. Заборавајќи потполно на Бога, почнале да се однесуваат така како освојувањето на Ерихон - кој претставувал клуч за Хананската земја -да зависи само од силата на нивното оружје. Бог рекол дека ќе им ја даде таа земја и тие требало целосно да веруваат дека Тој ќе ја исполни Својата реч. Но, нивните непотчинети срца не биле во склад со Неговите планови. Не се сетиле колку чудесно ги избавувал дотогаш, ослободувајќи ги од тешкото ропство во Египет, отворајќи го патот пред нив преку Црвеното море и уништувајќи ја фараоновата војска која тргнала во потера по нив. Во своето неверство тие ја ограничувале Божјата моќ и немале веќе доверба во раката која дотогаш сигурно ги водела. Повторувајќи ја својата поранешна грешка, повторно почнале да мрморат против Мојсеј и Арон. „Значи тоа е крајот на сите надежи!" - болно нагласувале. „Тоа е земјата поради која поминавме пат дури од Египет за да ја добиеме". Ги обвинувале своите водачи дека го унесреќиле Израел како нација и дека ги мамат и заведуваат. {4C 148.2}

Мојсеј и Арон паднале со своето лице пред Господа. Халев и Исус Навин, единствените двајца кои од дванесетминатa извидувачи имале доверба во Божјата реч, ги искинале своите облеки од болка гледајќи колку тие неповолни извештаи го обесхрабриле израелскиот народ. Тие се обидувале да ги вразумат, но масата народ зафатена од избезуменост и очај одбила да ги слуша. Конечно, Халев успеал некако да се пробие напред со својот продорен глас да го надвика силното негодување на разбеснетата маса. Отфрлајќи ги кукавичките извештаи на своите сопатници кои толку поразително делувале на верата и храброста на Израел, успеал да го стивне бурното негодување и за момент внимателно го слушале. Зборувајќи за земјата што ја посетил, тој изјавил: „Ајде да одиме да ја освоиме, бидејќи можеме да ја покориме". Но, неверните извидувачи го прекинувале во неговото излагање, довикувајќи: „Не можеме да одиме против тој народ, бидејќи е посилен од нас". {4C 149.1}

Тргнувајќи по погрешен пат, овие луѓе тврдоглаво продолжиле да му се спротивставуваат на Бога, на Мојсеј и Арон, како и на Халев и на Исус Навин. Секој понатамошен чекор на тој погрешен пат ги правел уште поодлучни во намерата да го осуетат секој обид во напорот да се освои Хананската земја. Ја извртувале вистината за да ја остварат својата подмолна цел. Ја прикажувале тамошната клима нездрава, а сите луѓе со огромен раст. „Видовме таму и џинови и ни се чинеше дека спрема нив сме како скакулци", тврделе тие. {4C 149.2}

Тој извештај не бил само зол, туку и лажен. Тоа било сосем противречно, бидејќи ако таа земја била навистина нездрава, па ги „проголтува своите жители", како тогаш нејзините жители можеле да бидат толку силни и високи? Кога луѓето, и тоа оние на одговорни положби, ќе го отворат срцето на неверството, тогаш на нивното тонење во злото им нема граници. Малкумина од нив, тргнувајќи по зол пат, сфаќаат до каде ќе ги води сатаната. Овој злокобен извештај оставил страшен впечаток на срцата на Израелците. Тие огорчено ги проколнувале Мојсеј и Арон, воздивнувајќи и лелекајќи: „Подобро да умревме во Египет или да умреме во оваа пустина!" А потоа, со чувство на огорченост се побуниле и против Господа, зборувајќи: „Зошто Господ нè води во таа земја за да загинеме од меч. Жените наши и децата наши да станат робови? Не ли е подобро да се вратиме во Египет? И си рекоа меѓу себе: да си избереме старешина, и да се вратиме во Египет". {4C 150.1}

Со ова покажале негодување и кон Бога и кон водачите кои Тој ги поставил да ги водат. Не прашувајќи го Господа што треба да работат, туку нагласувајќи: „Да си избереме старешина", тие дрско преземале сè во свои раце, сметајќи се меродавни да го решаваат тоа и без божествена помош. Така го обвиниле не само Мојсеј за наводна измама, туку и Бога што им ја ветил земјата која, не можат да ја освојат. Отишле толку далеку што дури и поставиле старешина за да ги врати во земјата на нивното страдање и ропство, од која ги избавила моќната рака на Семоќниот. {4C 150.3}

Мојсеј и Арон, сè уште длабоко потресени и без зборови, останаа ничкум пред Бога во присуство на сите Израелеви синови тивко преколнувајќи за Божја милост над бунтовниот Израел. Нивната болка била премногу длабока за да може да се изрази со зборови. Потоа Халев и Исус Навин повторно истапиле пред народот и повторно над бунтовничкото негодување на целиот народ се слушнал продорниот Халевов глас во најсердно преколнување: „Земјата што ја поминавме и извидовме е многу добра. Ако сме му мили на Господа, Тој ќе нè однесе во таа земја и ќе ни ја даде: а тоа е земја во која тече мед и млеко. Само не се одметнувајте од Господа и не плашете се од народот во онаа земја, бидејќи можеме да ги изедеме; отстапил од нив оној кој ги штител, а со нас е Господ, не плашете се од нив". {4C 151.1}

Хананејците веќе ја надминале мерата на своето беззаконие и Господ веќе не можел да ги трпи. Бидејќи Неговата заштита веќе им била скратена, тие можеле да станат лесен плен на Израелците. Тие биле потполно неподготвени за борба, бидејќи во чувството на сигурност се залажувале со мислата дека нема толку силна воена сила која би можела да ги покори. {4C 151.2}

Халев го потсетил народот дека Хананската земја со Божји завет им била ветена на Израелците, но тие до таа мера биле обземени со лудило, така што веќе не сакале да го слушаат. Ако само двајца од извидувачите донеле негативен извештај, а десетмина ги храбреле да ја заземат земјата во Господово име, тие сепак, поради својата избезуменост и неверство, повеќе би го прифатиле советот на оние двајца отколку

охрабрувањето на десетминатa. Меѓутоа, само двајца од нив ја бранеле вистината, додека десетмина биле во отворен бунт против своите водачи и против Бога. {4C 151.3}

Раздразнети до крајна мера и обземени со бес кој ги пробудил нивните најлоши страсти, несреќните Израелци делувале потполно избезумено. Десетте неверни извидувачи им се придружиле во јавното жигосување на Халев и Исус Навин, така што сметале дека треба да се каменуваат. Избезумената маса народ земала камења со намера да ги убијат овие верни луѓе и во своето лудило, тие тргнале кон нив; но одеднаш почнале да им паѓаат камењата од рацете и тие замолкнале во ужасен страв и треперење. Бог се вмешал за да ги спречи нивните намери. Славата на Неговата присутност како блесок на молња го осветлила шаторот од состанок и сиот народ го здогледал божествениот сигнал. Се појавил некој кој е помоќен од нив и никој не се осмелил и понатаму да пружа отпор. Секое мрморење замолкнало, а извидувачите кои донеле толку негативен извештај, обземени од ужас, останале без здив. {4C 151.4}

Подигнувајќи се од земјата, Мојсеј влегол во шаторот од состанок за да општи со Бога. Господ тогаш бил подготвен без одложување да го уништи тој бунтовен народ, а од Мојсеј да направи нација поголема од Израел, но кроткиот водач на Неговиот народ, не согласувајќи се на тоа „му рекол на Господа: Но ќе слушнат Египќаните, помеѓу кои си го извел овој народ со Својата сила и ќе им кажат на жителите на оваа земја, кои слушнаа дека Ти, Господе, беше помеѓу овој народ и дека се гледаше со очи Господе, и дека облакот Твој стоеше над нив и дека во столб од облак одеше пред нив дење и во столб од оган ноќе; па кога ќе го уништиш овој народ, сè до еден, ќе зборуваат народите кои слушнаа за Тебе: не можеше Господ да го доведе народот во Земјата која им ја ветил, па затоа ги уништи во пустината”. {4C 152.1}

Уште еднаш Мојсеј одбил Израелците да бидат уништени и од него да се создаде нација поголема од нив. Мојсеј повторно ја покажал својата љубов кон Израел и своето ревнување за Господовата слава и за угледот на Неговиот народ. Ти му простуваше на овој народ сè досега; имаше толкаво трпение кон нив и покрај сета нивна неблагодарност и не им ја ускрати Својата милост иако не ја заслужија. Зар нема да ги поштедиш уште еднаш - преколнувал тој - укажувајќи им го Своето божествено трпение повеќе од кога и да е? {4C 152.2}

На ваквата Мојсеева молитва Господ ги поштедил Израелците како народ, но поради нивната дрскост и неверство веќе не можел на толку чудесен начин да се залага за нив на нивниот понатомошен пат. Затоа, во Својата божествена милост им наредил да се вратат во пустината кон Црвеното море. Како казна поради нивните постојани побуни, Тој исто така одлучил дека ниту еден од оние кои полнолетни излегле од Египет, со исклучок на Халев и Исус Навин, никогаш нема да влезе во ветената земја. Престапувајќи го во потполност своето ветување за послушност кон Бога, тие Го ослободиле од заветот кој толку пати го прекршиле. Им ветил дека нивните деца ќе влезат во ветенета Земја, додека тие мораат да ги остават своите коски во пустината. А десетминатa неверни извидувачи, поради чиј негативен извештај Израел бил наведен на мрморење и бунт, биле уништени со Божја сила пред очите на целиот народ. {4C 152.3}

Кога Мојсеј им ја пренел Божјата волја на Израелевите синови во поглед на нивната иднина, изгледало како тие искрено да се каат поради своето грешно однесување. Меѓутоа, Господ видел дека тие жалат само поради настанатите последици, а не затоа што станале длабоко свесни за својата неблагодарност и непослушност. Но и тоа наводно каење уследило предоцна. Божјото негодување кое го предизвикале на тој

начин било потполно оправдано, и изречена им е пресуда која навистина била неизбежна. И кога виделе дека Господ не се откажува од Својата одлука, во нив повторно се пробудило самоволие, и тие објавиле дека нема да се враќаат во пустината. {4C 153.1}

Наредувајќи им да се оддалечат од земјата на своите непријатели, Бог ја проверувал нивната привидна потчинетост и се покажало дека не била искрена. Знаеле дека тешко згрешиле, предавајќи се на чувствата на избувливост во обидот да ги убијат извидувачите кои ги повикувале на послушност кон Бога; меѓутоа, тие биле исплашени само затоа што се покажало дека нивната страшна грешка ќе има судбоносни последици за нив самите. Тие останале непроменети во срцето, и само чекале повод за нов бунт. Таков повод им се пружил кога Мојсеј, со божествен авторитет, им заповедал да се вратат во пустината. {4C 153.2}

Кога Бог им наредил да појдат во освојување на земјата што им ја ветил, тие се побуниле против тоа, а сега, кога им наредил да се оддалечат од таа земја, тие покажуваат слична непокорност и одлучно ја најавуваат подготвеноста да војуваат со своите непријатели. Подредени во борбени редови и вооружени како војници, тие излегле пред Мојсеј чувствувајќи се подготвени за судир со непријателот, но колку бедни изгледале во очите на Бога и Неговиот слуга. Одбиле да ги послушаат сериозните предупредувања на своите водачи, така што последици на таквата дрскост биле пораз и смрт. {4C 153.3}

Кога Бог, како при освојувањето на Ерихон, би им наредил да појдат во освојување, Тој според Своето верување би одел со нив. Ковчегот со Неговиот закон би бил тука како симбол на Него самиот. Мојсеј и Арон, од Бога поставени водачи, би го предводеле походот, според Неговите грижливи упатства. Под таков надзор никакво зло не би можело да ги снајде. Но сега, спротивно на Божјата наредба и сериозната забрана на своите водачи, без Божјиот ковчег и без Мојсеј, тие тргнуваат да се соочат со непријателската војска. {4C 154.1}

Додека Израелците губеле време во својата одвратна непокорност, Амаликијците и Хананејците се подготвиле за битката. Израелците дрско ги предизвикувале непријателите кои не се осудувале да ги нападнат, но штом почнале да продираат во нивната територија, Амаликијците и Хананејците жестоко се спротивставиле и ги одбиле со големи загуби. Бојното поле црвенеело од нивната крв, а нивните мртви тела ја прекриле земјата. Доживеале целосен распад и пораз. Последиците од нивниот бунтовнички експеримент биле уништување и смрт. Но, верата на Исус Навин и Халев била богато и заслужено наградена. Бог ги внел овие верни слуги во земјата што им ја ветил. Додека кукавиците и бунтовниците ги оставиле своите коски во пустината, верните извидувачи доживеале да јадат грозје од потокот Есхол. {4C 154.2}

Записот за извештаите на дванаесетминатa извидувачи може да послужи како поука и за нас како народ. Кукавичкото лелекање и повлекување од активноста, кога треба да се соочиме со некој ризик, и денес често се манифестира. Се покажува иста неподготвеност да се прифатат веродостојните извештаи и вистинити совети како и во деновите на Халев и Исус Навин. Божјите слуги кои се подготвени да го носат товарот на Неговото дело и да му помагаат на Неговиот народ, со примена на строго самооткажување и жртва, и денес не се ценат повеќе од тогаш. {4C 154.3}

Старозаветниот Израел често покажувал големи недостатоци во своето испитување и проверка. Малкумина од нив совесно ги прифаќале опомените кои Бог им ги упатувал. Како што се приближуваме кон времето на второто Христово доаѓање, духовната

темнина и неверство не се во опаѓање. Вистината станува сè помалку пријатна за оние кои мислат за земните работи, нивните срца се сè побавни за верување и сè помалку склони кон покајание. Божјите слуги навистина би можеле да се обесхрабрат кога пред очите не би ги имале постојано непобитните докази за мудроста и помошта на својот Учител. Господ навистина има долго трпение со припадниците на Својот народ. Тој ги простува нивните застранувања и чека да Му дадат место во своето срце, откаде што Го потиснуваат лажните идеи, зависта и неверството. {4C 155.1}

Оние кои за себе тврдат дека се Израелци и дека во душата се просветени со откровението на божествената мудрост, ретко кога ќе се осмелат да истапат без страв како Халев и непоколебливо да стојат на страната на Бога и на правдата. Затоа што не се согласуваат да скршнат од патот на честитоста и да ги задоволуваат себичните и непосветените, оние кои се од Бога избрани да го водат Неговото дело често стануваат мета на омраза, злоба и клевета. Сатаната будно, заобиколно и многу лукаво делува во овие последни денови и затоа Бог повикува луѓе со духовна сила и издржливост да се спротивстават на неговите лукавства. {4C 155.2}

На оние кои тврдат дека веруваат во вистината, за навистина да го следат Христа и да ја творат Божјата волја, неопходна им е потполна обратеност - не потчинетост предизвикана од околностите, како што тоа бил случај со престрашените Израелци кога пред нив се покажала силата на Семоќниот, туку длабоко и искрено каење и отфрлање на гревот. Оние кои се само напола обратени личат на дрво чии гранки се наведнуваат кон вистината, но чии корени - длабоко закопани во земјата - цврсто се држат за неплодната почва на овој свет. Од таквите гранки Исус напразно очекува плодови; Тој таму наоѓа само лисја. {4C 155.3}

Илјадници од нив би ја прифатиле вистината кога тоа би можело да се направи без самооткажување, но таквите никогаш не го помагаат развојот на Божјото дело. Тие никогаш не се подготвени одважно да истапат против непријателот, кој е олицетворение на љубовта кон светот, самоволието и желбите на овој свет - верувајќи дека нивниот божествен Водач ќе им даде победа. На црквата ѝ се потребни верници како што биле Халев и Исус Навин. Кои со задоволство се согласуваат на послушност како од Бога даден услов за вечен живот. Нашите цркви трпат поради недостаток на работници. Цел свет претставува наше работно поле. Мисионерите се неопходни во многу градови и села чии жители се наоѓаат во идолопоклонство подлабоко отколку незнабошците на Исток, до кои светлината на сегашната вистина никогаш не допрела. Вистинскиот мисионерски дух сè повеќе исчезнува од црквите и средината на оние кои исповедаат толку возвишена вера, бидејќи во срцето веќе не им пламти како некогаш љубовта кон загубените души и желбата да ги приведат кон Христовото стадо. Ни недостигаат сесрдни и ревносни работници. Зар никој не е подготвен да се одзвие на повикот кој допира од сите страни: „Дојдете. . . и помогнете ни”? {4C 155.4}

Ќе можат ли оние кои тврдат за себе дека се чувари на Божјиот закон и дека го очекуваат скорото Христово доаѓање на небесните облаци, да се ослободат од вината за крвта на загубените, затворајќи ги своите уши за молбите на таквите кои сè уште се наоѓаат во темнина? Треба да се подготвува и шири литература, треба да се даваат поуки, постојат самопожртвувачки должности кои треба да се извршуваат. Кој ќе му пристапи на делото на спасување! Кој е подготвен поради Христа, да се откаже од себеси и да ја пренесува светлината на оние кои седат во темнина? {4C 156.1}

16. ОСВОЈУВАЊЕ НА ЕРИХОН

По смртта на Мојсеј, Исус Навин бил од Бога избран водач, кој требало да ги одведе Израелците во ветената земја. Тој бил добро подготвен за оваа значајна должност. Во текот на поголемиот дел од израелското патување низ пустината, тој бил прв Мојсеев помошник. Бил сведок на чудесните дела кои Бог ги направил преку Мојсеј и добро ги познавал склоностите на народот. Тој бил еден од дванаесетте извидувачи испратени да ја извидат Ветената Земја и еден од двајцата чиј позитивен извештај за нејзините богатства ги храбрел Израелците да појдат и да ја освојат од Бога ветената сила. {4C 156.2}

Господ му ветил на Исус Навин дека ќе биде со него како што бил и со Мојсеј и дека освојувањето на Ханан ќе му го направи лесна задача ако тој е верен на сите Негови заповеди. Бил сериозно загрижен како да го изврши добиениот налог и да го воведе народот во Хананската земја, но ова ветување ги отстранило сите негови стравувања. Им наредил на Израелевите синови да се подготват за тридневно патување, а сите мажи способни за војна ги повикал на борбена готовност. „А тие му одговорија на Исуса: она што ни го заповеда, тоа ќе го правиме и таму каде што ќе нè испратиш таму ќе одиме. Ќе те слушаме како што го слушавме Мојсеј; само Господ, твојот Бог нека биде со тебе како што беше со Мојсеј. Кој би се противел на твојата заповед и не би ги слушал твоите зборови во сè што ќе заповедаш нека се погуби; само биди слободен и храбар”. {4C 156.3}

Бог одлучил преминот на Израелците преку Јордан да биде овозможен со чудо. Исус Навин ги повикал да се осветат, бидејќи утредента Господ ќе направи чудо меѓу нив. Во назначеното време тој им наредил на свештениците да го земат ковчегот со Божјиот закон и да го носат пред народот. „А Господ му рече на Исуса: Денес почнувам да те возвишувам пред цел Израел за да знаат дека ќе бидам и со тебе како што бев со Мојсеј”. {4C 157.1}

Извршувајќи ја наредбата на својот водач, свештениците тргнале пред народот, носејќи го ковчегот на заветот. Израелската војска се подготвила да појде по тој симбол на божествено присуство. Кога мноштвото народ стигнало на брегот на реката Јордан и свештениците ги натопиле нозете во водата, водата се повлекла, така што оставила суво речно дно. Свештениците продолжиле да одат по исушеното дно на реката, носејќи го Божјиот ковчег, а по нив одел цел Израел. Според Божјата заповед, свештениците застанале на средината на речното корито сè додека целиот израелски народ не премине на спротивниот брег. Со тоа во мислите на народот на најсилен начин бил втиснат фактот дека Јордан бил повлечен од онаа иста сила која пред четириесет години на нивните татковци им го отворила патот преку Црвеното море. {4C 157.2}

Многумина кои како деца преминале преку Црвеното море, сега благодарение на слично чудо преминале и преку Јордан, како војници опремени за борба. Бидејќи целиот народ преминал на другиот брег, Исус Навин им наредил на свештениците да излезат од речното корито. Штом тие, носејќи го светиот ковчег, се нашле на сигурно, на спротивниот брег, Бог ја повлекол Својата моќна рака и насобраната вода се вратила во своето природно корито. Јордан продолжил несопирливо да тече, прелевајќи се преку своите брегови. {4C 158.1}

Но - пред свештениците да излезат од речното корито - за ова чудо никогаш да не се заборави, Бог му наредил на Исус Навин да избере угледни луѓе, од секое племе по еден, секој да земе по еден камен од она место на дното на реката каде што стоеле свештениците и на своите рамена да ги однесат во Галгал, каде што требало да подигнат споменик во знак на сеќавање на фактот дека Господ тука ги превел Израелците преку Јордан. Тоа требало да биде траен потсетник на чудото кое Господ го направил за нив. Кога во текот на идните години и векови нивните синови и внуци ќе се распрашуваат за значењето на овој споменик, повторно и повторно ќе бидат потсетувани на овој чудесен настан, сè додека тоа не се втисне во нивниот ум толку неизбришливо, така што на него ќе се сеќаваат и најдалечните поколенија. {4C 158.2}

Кога сите аморејски и ханански цареви слушнале дека Господ ја запрел водата на Јордан пред Израелевите синови, нивните срца затреперіле од страв. Израелците неодамна убиле два моавски цара и нивниот чудесен премин преку надојдениот и пенлив Јордан ги исполнил околните народи со голем страв и вчудоневиденост. Тогаш Исус Навин ги обрезал сите оние во Израел кои се родиле во пустината, а по оваа церемонија го славеа празникот Пасха во Ерихонското поле. „Тогаш му рече Господ на Исус Навин: денес го симнав од вас египетскиот срам". {4C 158.3}

Неуспехот на Израелците да ја заземат Хананската земја набргу по своето излегување од Египет, како што тие очекувале, им дало повод на незнабожечките народи да го сраматГоспода и Неговиот народ. Нивните непријатели ликувале што Израелците толку долго талкале низ пустината и гордо се подигнале против Господа, тврдејќи дека Тој не е во состојба да ги воведе во Хананската земја. Сега Господ на толку видлив начин ја покажал Својата моќ и Својата наклоност кон Израелците како кон Свој народ, отворајќи го Јордан пред нив, така што нивните непријатели веќе не можеле да ги сраматМаната, со која дотогаш биле одржувани во живот, престанала да паѓа; бидејќи Израелците почнале да ги јадат плодовите на таа благословена Хананска земја, така што маната веќе не им била потребна. {4C 158.4}

Повлекувајќи се од другите, за во тајна молитва да побара Божја помош и Негово водство, Исус Навин здогледал еден вооружен војник, со величествен раст со меч во раката. Исус Навин во него не препознал ниту еден од израелските војници, а сепак не личел ниту на непријател. Пристапувајќи му во својата ревност, тој го прашал: „Дали си ти наш или од нашите непријатели? А Тој му рече: Не сум; Јас сум Војсководец на Господовата војска, сега дојдов. А Исус Навин падна ничкум на земјата и рече: Што му заповеда Господ на својот слуга? А Војсководецот на Господовата војска му рече на Исус: соблечи ги обувките од своите нозе, зашто местото на кое стоиш е свето. И Исус го послуша". {4C 159.1}

Присутноста на Божјата слава го посветувала земното светилиште и од таа причина свештениците во тој простор посветен на Божјото присуство никогаш не влегувале со обувки. Делчињата прав кои можеле да се залепат за обувките би го обесветиле тоа свето место, и затоа свештениците морале да ги соблечат своите обувки во предворјето, пред влегувањето во светилиштето. Во предворјето, пред вратата на светилиштето, стоел бронзен мијалник во кој свештениците ги миеле своите нозе пред влегувањето во светилиштето, за да се ослободат од секоја нечистотија. Од сите кои служеле во светилиштето Бог барал посебни подготовки пред да влезат во просторот каде што се откривала Неговата слава. {4C 159.2}

Вооруженият војник кој стоел пред водачот на Израел бил Божјиот Син. Тоа бил Оној Кој ги водел Израелците низ пустината обвиткан во столб од облак дење и во столб

од оган ноќе. За Исус Навин да се осведочи дека тоа не може да биде никој друг туку Христос, возвишениот Војвода рекол: „Соблечи ги обувките од своите нозе”. Потоа Тој му дал одредени упатства на Исус Навин според кои требало да се придржува при заземањето на Ерихон. На сите војници требало да им се нареди да го заобиколуваат градот еднаш дневно во текот на шест дена, а седмиот ден Ерихон требало да се заобиколи седум пати. {4C 159.3}

Пренесувајќи им ги буквално на свештениците и на народот налозите кои ги примил од Господа, Исус Навин го разделил мноштвото на Израелци кое требало да се движи во совршен поредок. Прво била образувана една одбрана формација на вооружени војници, не за да ја демонстрираат својата вештина и обученост во ракувањето со оружјето, туку само да веруваат и да ги слушаат добиените упатства. Позади нив оделе седум свештеници со труби. А потоа, цел во злато и опкружен со божествена слава, на рамениците на свештениците, кои носеле облеки кои ја означувале нивната света служба, е носен ковчегот на Божјиот завет. На крајот, во совршен поредок, чекорело огромното мноштво Израелци, секое племе под свое знаме. Така изгледала поворката која го обиколувала осудениот град. Освен топотот на силното мноштво и свечениот звук на трубите кои од околните ридови одекнувале низ улиците на Ерихон, не се слушал никаков друг глас. {4C 160.1}

Со чудење и сè поголем немир стражарите на осудениот град го набљудувале секое движење, а потоа ги известувале своите старешини. Тие не можеле да сфатат што значи оваа парада. Ерихон ѝ се спротивставувал на Израелската војска и на небесниот Бог; но кога виделе како мирните чети, заедно со светиот ковчег и свештениците, секој ден го обиколуваат градот, оваа таинствена глетка ги исполнила со страв срцата на кнезовите и на народот. Испитувајќи ги повторно своите силни утврдувања, биле сигурни дека успешно можат да одолеат и на најуспешните напади. Многумина се исмевале и на самата помисла дека непријателите можат да им наштетат со ова едноставно обиколување околу градот; меѓутоа, други ја губеле храброста штом ќе ја здогледале величествената поворка како секој ден го обиколува нивниот град. Опоменувајќи се како пред четириесет години Црвеното море се раздвоило пред тој народ и дека неодамна на ист начин им е отворен патот преку Јордан, тие не знаеле какво чудо Бог уште може да направи за нив, па затоа своите затворени и утврдени порти уште побудно ги чувале со добро вооружена војска. {4C 160.2}

Шест дена израелските чети го обиколувале градот. Осамнал и седмиот ден и Исус Навин започнал да ја подготвува и да ја постројува Господовата војска. Сега добиле наредба да го обиколат Ерихон седум пати и потоа, со силно ечење на трубите, сите да повикаат на глас, бидејќи Господ им го предал градот. Огромната војска свечено ги обиколила ѕидовите осудени на пропаст. Драгоцениот ковчег на заветот, сиот во злато кое блескало на зраците на утринското сонце, свештениците со своите блескави елечиња и војниците со оружјето кое светкало на сонцето - сето тоа претставувало навистина величествена глетка. Во мртвата тишина се слушал само одмереният топот на многу чекори и повременият звук на трубите, кои ја разбивале тишината на раното утро. Масивните ѕидови од цврст камен делувале мрачно и застрашувачки како да ѝ се спротивставуваат на упорната опсада на овие луѓе. {4C 161.1}

Огромната војска во својот чуден поход, одеднаш запрела. Трубите, кои извесно време замолкнале, повторно почнале да свират со толкава сила, што дури и земјата се затресла. Во воздухот одекнал силен воен восклик на обединетите гласови на сите Израелци. Цврстите камени ѕидови, со своите силни кули и згради, се раздрмале и

залулале од темел, па со тресок сличен на страшна грмотевица, паднале на земја. Жителите на Ерихон и нивната војска, потполно парализирани од страв и изненадување, не пружале никаков отпор, па Израелците непречено ја заземале таа моќна тврдина. {4C 161.2}

Колку лесно небесните чети ги срушиле ѕидовите кои за неверните извидувачи изгледале толку страшно и неосвоиво! Божјата реч била единствено оружје кое било употребено во таа прилика. Семоќниот Израелев Бог рекол: „Ти го давам Ерихон во твои раце". Ако само еден војник се обидел во рушењето на ѕидовите да придонесе со човечка сила, тоа би ја намалило славата на Божјото име, а Неговата волја би била осуетена. Меѓутоа, делото во потполност било препуштено во рацете на Семоќниот; и ако темелите на тие бедеми биле закопани до средиштето на земјата, а со своите врвови допирале до небото, исходот би бил потполно ист, бидејќи во нападот на нив своите легиони на ангели би ги предводел самиот Војвода на Господовата војска. {4C 161.3}

Бог одамна одлучил градот Ерихон да го предаде на Својот избран народ и Неговото име да се возвиши пред народите на светот. Тој им ја ветил Хананската земја уште пред четириесет години, кога ги извел од египетското ропство. Но со своето безбожно мрморење и завист тие постојано го предизвикувале Неговиот гнев, и затоа ги оставил со години да талкаат низ пустината, сè додека не исчезнале сите оние кои постојано го навредувале со своето неверство. Со освојувањето на Ерихон Бог на Израелците им ставил до знаење дека нивните татковци можеле да одат во таа земја уште пред четириесет години, само ако имале доверба во Него како и нивните деца. {4C 162.1}

Историјата на старозаветниот Израел е напишана за наше добро. Павле вели: „Но многумина од нив не му беа по волја на Бога, па изгинаа во пустината. А ова беше за наша поука, за да не ги посакуваме злата што тие ги посакуваа. Да не викаме на Бога, како што викаа некои од нив, па изгинаа од крвникот. Ова се случуваше за наша поука. Затоа кој мисли да стои нека се чува да не падне". {4C 162.2}

Многумина, слично на Израелците од Стариот завет, тврдат дека ги држат Божјите заповеди, правејќи го тоа само однадвор, додека во срцето негуваат неверство. Иако се почестени со голема светлина и драгоцени предности, тие никогаш нема да влезат во небесниот Ханан кој им го ветил Бог под услов на послушност. {4C 162.3}

Ние како народ, немаме доволно вера. Денес се малку оние кои се подготвени да ги послушаат упатствата кои ги дава Бог преку Своите избрани слуги како што го правеле тоа Израелците при освојувањето на Ерихон. Војсководецот на Господовата војска не се појавил пред собирот на Израелци, туку разговарал само со Исус Навин кој му го пренел на народот сето она што му било кажано. Ним им било препуштено да му веруваат или да се сомневаат во неговите зборови, да ги послушаат заповедите кои тој им ги давал во име на Војсководецот на Господовата војска, или пак да се побунат против сето тоа и да го оспорат неговиот авторитет. Тие не можеле да ги видат војските на ангели кои под водство на Божјиот Син оделе пред нив; и можеле да кажат: „Колку е бесмислено ова движење, колку е смешно ова секојдневно марширање околу градските ѕидини и едноставно трубењето во овновски рогови! Сето тоа, ниту може, ниту има било какво дејство на овие силни и високи тврдини". {4C 162.4}

Меѓутоа, токму планот на постојано повторување на оваа церемонија толку долго пред конечното рушење на градските ѕидини им пружал прилика за барање на вера меѓу Израелците. {4C 163.1}

Требало во душата што подлабоко да се втисне свеста дека нивната сила не е во човечката мудрост, туку единствено во Богот на нивното спасение. Така се навикнувале да не се потпираат на себе, туку само на својот божествен Водач. {4C 163.2}

Дали и оние кои денес тврдат дека се Божји народ се однесувале така во слични околности? Сигурно е дека многумина повеќе би се задржале на своите лични планови, препорачувајќи поинакви начини и средства за остварување на саканата цел. Со незадоволство би се согласиле на еден толку едноставен чин кој не им ветува никаква слава, освен заслуги на послушност. Исто така, тие би се прашувале дали е можно на таков начин да се освои еден толку утврден град. Меѓутоа, законот на должност е над сè друго и тој треба да го држи под своја власт секое човечко резонирање. Верата е жива сила која ги руши сите пречки, ја совладува секоја препрека и го подига своето знаме во срцето на непријателскиот табор. {4C 163.3}

Бог ќе направи чудесни дела за оние кои се надеваат во Него. Причина што на оние кои се сметаат за Негов народ им недостига сила, е во тоа што тие премногу се потпираат на сопствената мудрост и не му дозволуваат на Господа да ја покаже Својата моќ во нивна корист. На оние кои како Негови верни деца ќе Му се предадат со сето срце и во потполност ќе се потпрат на Него, Тој ќе им пружи помош во секоја нивна потреба. {4C 163.4}

Во Божјата реч има длабоки тајни; има необјасниви тајни во Неговото провидение и во планот на спасение постојат тајни во кои човекот не може да проникне. Но ограниченият ум на смртникот, во силна желба да ја задоволи својата љубопитност и да ги реши проблемите на кои им нема крај, не се држи за патот кој е откриен во Божјата реч и постојано копнее да навлезе во тајните кои се скриени од создавањето на светот. Човекот создава свои теории, ја губи едноставноста на вистинската вера и стекнува толку високо мислење за себе, така што повеќе не верува во она што го рекол Господ и се заплеткува во мрежата на сопственото фантазирање. {4C 163.5}

Многумина кои ја исповедаат нашата вера се наоѓаат во ваква положба. Тие се слаби и беспомошни токму затоа што се потпираат само на својата сила. Бог силно работи за оние кои Му се верни и кои ја прифаќаат Неговата реч без прашања или сомнежи. Оној Кој го претставува Величеството на небото, со војската на Своите ангели, ги срушил ѕидовите на Ерихон, без никаква човечка помош. Тука израелските војници немале ништо со што би можеле да се слават и да се издигнуваат себеси. Сè направила само Божјата сила. Затоа луѓето не треба да се воздигнуваат со намера да го водат делото по своите лични планови, туку понизно нека се потчинат на божествената волја и Бог повторно ќе ја оживее нивната сила и ќе им подари слобода и победа на Своите деца. {4C 164.1}

---

17. ЕРЕМИЈА ГО УКОРУВА ИЗРАЕЛ

На припадниците на Својот народ кои постојано ги отфрлале Неговите совети, Господ преку Еремија им ја упатил веста на укор: „И ви зборував, но не послушавте. И ги праќав кај вас сите слуги Мои - пророците, ги праќав од рано утро, но не послушавте, ниту го приклонивте своето уво за да слушате. И зборуваа: вратете се секој од својот зол

пат и од злобата на своите дела, па ќе останете во земјата која Господ ви ја даде вам и на вашите татковци”. {4C 164.2}

Господ долго ги повикувал да не го предизвикуваат Неговиот гнев со делата на своите раце и своето срце, „но тие не послушаа”. Затоа Еремија пророкувал дека затоа што не ја слушаат Господовата реч ќе бидат одведени во ропство. Халдејците ќе бидат употребени како орудие за да го казнат Неговиот непослушен народ. Тежината на казната ќе биде соодветна на нивната известеност и опомени кои со презир ги отфрлале. Бог долго ги одложувал најавените казни сакајќи, како Свој избран народ, да ги поштеди од такво понижување; но сега - за да ги запре на нивниот зол пат - како последен напор, одлучил да ги посети со Својот гнев. {4C 164.3}

Тој ниту денес, во овие последни денови, не воведува некој нов метод за да ја сочува чистотата на Својот народ. Како и во старите времиња, Тој сесрдно ги повикува заблудените кои се нарекуваат Негов народ да се покаат и да се вратат од своите зли патишта. Сега, како и тогаш, Тој преку Своите избрани слуги, ги открива опасностите кои им се закануваат на таквите. Тој предупредува, опоменува и го осудува гревот исто толку строго како и во деновите на пророкот Еремија. Но, Израелците на нашето време се во исто искушение со потсмев да ги презрат, омаловажат, па дури и да ги мразат укорите и советите, како што правел и старозаветниот Израел. Тие премногу често ги затвораат своите уши за да не ги слушнат зборовите на опомена кои Бог ги упатува за добро на оние кои ја исповедаат вистината. Иако Господ во Својата милост извесно време ги одложува казните за нивниот грев, како и во деновите на Еремија, Тој нема бесконечно да ја задржува Својата рака и беззаконието ќе биде заслужено казнето. {4C 165.1}

Господ му наредил на Еремија да застане во предворјето на храмот и на сите Јудејци кои доаѓаат тука на богослужение да им зборува сè што Тој ќе му каже, не изоставајќи ниту еден збор, за да можат да послушаат и да се вратат од своите зли патишта. Ако послушале, Бог би се откажал од казната што им ја најавил поради нивната безбожност. {4C 165.2}

Овде јасно се покажува колку Бог не сака да ги казни заблудените во Својот народ. Тој одложува со казнувањето и ги повикува најсесрдно да се вратат кон својата првобитна верност. Тој ги избавил од ропството за да можат да Му служат верно и вистинито како на единствен и вистинит Бог; но тие, застранувајќи во идолопоклонство, ги исмејувале и презирале опомените упатувани преку Неговите пророци. Па сепак, Тој уште еднаш ја одложува најавената казна и им дава уште една можност да се покаат и да ја избегнат казната за својот грев. Преку Својот избран народ, Тој уште еднаш им упатува јасно и одредено предупредување и го открива единствениот пат по кој би можеле да ја избегнат заслужената казна. А тоа е потполно покајание и враќање од своите зли патишта. {4C 165.3}

На Господова заповед Еремија свечено му соопштил на народот: „Вака вели Господ; ако не Ме послушате да одите по Мојот закон кој го ставив пред вас и да ги слушате зборовите на Моите слуги - пророците кои ви ги праќам, кои ги праќав од рано утро, но не ги послушавте, ќе направам со овој дом (храм) исто како и со Силом и ќе го дадам овој град во проклетство на сите народи на земјата”. Тие сфатиле дека ова се однесува на Силом во времето кога Филистејците го покориле Израел и го заробиле ковчегот на Божјиот завет. {4C 166.1}

Гревот на Илија бил во тоа што лесно преминувал преку беззаконијата на своите синови кои биле во света служба. Татковата немарност да ги укори своите синови

донела страшна несреќа на целата израелска нација. Загинале двата Илиеви синови, а и тој самиот трагично завршил тој ден; Израел останал без Божјиот ковчег и загинале триесет илјади луѓе. Сето ова ги снашло затоа што лесно гледале на гревот, дозволувајќи и понатаму да остане меѓу нив. Каква поука содржи ова за оние кои се наоѓаат на одговорни положби во Божјата црква! Тоа за нив претставува повик неодложно да го отстранат секое зло кое нанесува срам на делото на вистината. {4C 166.2}

Во Самоиловите денови, Израелците мислеле дека самото присуство на ковчегот со Божјите заповеди ќе им осигура победа над Филистејците, без оглед дали се покајале од своите зли дела. Исто така и Јудејците во времето на Еремија верувале дека со стриктно извршување на богослужбените обреди во храмот ќе ја одбегнат заслужената казна за своите зли дела. {4C 166.3}

Иста опасност им се заканува и денес на оние кои тврдат за себе дека се чувари на Божјиот закон. Тие премногу си ласкаат себеси дека самиот став кој го заземаат во поглед на Божјиот закон ќе ги спаси од силата на божествената правда. Тие одбиваат било кој да ги укорува за некој престап и ги обвинуваат Божјите слуги дека премногу ревнуваат во своето настојување да го искоренат гревот од црквата. Бог, Кому му е одвратен секој грев, ги повикува оние кои тврдат дека го држат Неговиот закон да отстапат од секоја неправда. Поради својата неподготвеност на каење и послушност кон Божјата реч, Божјиот народ на денешното време ќе сноси сериозни последици, како што и Израел во Стариот завет ги сносел поради истиот грев. Кога ќе се премине границата на Неговото трпение, Тој нема повеќе да го одложува Својот суд. Разрушувањето на Ерусалим стои пред очите на современиот Израел како сериозно предупредување дека не може неказнето да се занемаруваат опомените и укорите кои Тој сериозно ги упатува преку Своите избрани орудија. {4C 166.4}

Кога свештениците и жителите на Ерусалим ја слушнале пораката која Еремија им ја објавил во Господово име, збеснале многу и рекле дека тој заслужува смрт. Со најжестока осуда и јавно жигосување го напаѓале зборувајќи: „Зошто пророкува во Господово име зборувајќи: овој дом ќе биде како Силом и овој град ќе биде опустошен, така што никој нема да живее во него? И се собра сиот народ околу Еремија во Господовиот дом". Со таков презир е отфрлена Божјата порака, а на Неговиот слуга кој им го пренел тоа по Негов налог, му се заканиле со смрт. Свештениците, лажните пророци и целиот народ застанале против него затоа што не можел да им ласка со милозлив јазик и да пророкува измама. {4C 167.1}

Оние кои во својата служба кон Бога биле непоколебливи, обично биле изложени на најогорчени прогонства од страна на лажните вероучители. Но вистинските пророци секогаш повеќе ќе се согласат на презир и срам, па дури и на смрт, отколку на неверство кон Бога. Окото на Семоќниот постојано ги следи оние кои како Негови орудија мораат да ги пренесат божествените укори и опомени и тие имаат тешки одговорности. Меѓутоа, сите навреди, лажно прикажување, клевети и малтретирања кои тие ги поднесуваат Бог смета дека му се направени на Него самиот и Неговата казна сигурно нема да изостане. {4C 167.2}

Откако слушнале што зборува Еремија, и јудејските кнезови дошле од царскиот дворец и седнале во предворјето на Господовиот дом. „Тогаш свештениците и пророците вака им рекоа на кнезовите и на сиот насобран народ: 'Овој човек заслужува смрт, бидејќи пророкува против овој град, како што слушнавте со своите уши.'" Но Еремија храбро истапи пред кнезовите и народот и рече: „'Господ ме прати да

пророкувам против овој дом и против овој град. Затоа исправете ги своите патишта и своите дела и послушајте ги зборовите на својот Господ Бог и ќе го повлече Господ злото што го изрече против вас. А еве, јас сум во вашите раце, па правете со мене што мислите дека е добро и правилно. Но знајте дека ако ме убиете, невина крв ќе земете врз себе и врз овој град и врз жителите негови, зашто навистина Господ ме испрати кај вас да ги изговорам овие зборови за да ги слушнете со своите уши". {4C 167.3}

Ако пророкот се исплашил од заканите на оние кои биле на високи положби и власт и од гласното негодување на насобраната маса, неговата порака би останала потполно безуспешна и тој би го изгубил животот. Но, храброста со која ја извршувал својата тешка должност предизвикала почит кај народот, така што наклонетоста на присутните кнезови на крајот била на негова страна. Така Бог подигнал бранители на Својот слуга. Тие ги вразумиле свештениците и лажните пророци, докажувајќи колку би било немудро да се применат екстремните мерки кои тие ги предлагале. {4C 168.1}

Влијанието на овие авторитативни луѓе довело до промени во размислувањето на народот. Тогаш и некои од старешините се придружиле на протестот против одлуката на свештениците во поглед на судбината на Еремија. Во прилог на тоа, тие го навеле случајот на пророкот Михеј кој, најавувајќи ги казните кои ќе го снајдат Ерусалим, рекол: „Сион ќе биде избран како нива и градот Ерусалим ќе биде како куп урнатини и гората на овој дом ќе стане како висока шума". Тие им поставиле и прашања: „Па зар го уби заради тоа јудејскиот цар Езекија и цела Јудеја? Па зар не се уплаши тој од Господ и зар не Го замоли Господа, и Господ го повлече злото, што го беше изрекол против нив; а треба ли ние сега да навлечеме такво големо зло врз душите свои?" {4C 168.2}

Така, благодарение на Ахикам и на уште некои, бил поштеден животот на пророкот Еремија, иако на многумина од свештениците и од лажните пророци би им било многу подраго ако тој бил осуден на смрт поради поттикнување на бунт, бидејќи не можеле да ги поднесат вистините со кои тој го разоткрил нивното безбожништво. {4C 168.3}

Но Израелците, како нација, останале непокајани. Затоа Господ, гледајќи дека тие сепак мора да бидат казнети поради своите гревови, му наредил на Еремија да си направи себеси јажиња и јарем, да ги стави околу вратот, а потоа да прати исти такви до царевите на Едом, Моав, Амон, Тир и Сидон, заедно со пораката дека Господ сите тие народи ќе ги предаде на вавилонскиот цар Навохудоносор, за извесно време да му служат нему и на неговите потомци, сè додека Бог повторно не ги ослободи. Ако одбијат да му служат на вавилонскиот цар, ќе бидат уништени со меч, глад и смрт, сè додека потполно не бидат истребени. Божјата порака гласела: „Не слушајте ги вашите пророци и вашите бајачи, вашите јасновидци, вашите маѓепсници и вашите вражачи, кои ви велат: 'Нема да му робувате на вавилонскиот цар.' Затоа што тие ви пророкуваат лага, за да ве оддалечат од земјата ваша, па Јас да ве изгонам и вие да загинете. А оној народ, што ќе го наведне својот врат под јаремот на вавилонскиот цар и ќе му служи, ќе го оставам во неговата земја, вели Господ, и тој ќе си ја обработува и ќе живее во неа". {4C 168.4}

Еремија исто така нагласил дека тие ќе го носат јаремот на ропството седумдесет години и дека сè до истекот на тоа време во Вавилон ќе останат и сите оние робови кои веќе се наоѓале во рацете на вавилонскиот цар, како и сите судови од Господовиот дом кои се таму однесени. Но, по седумдесет години Бог ќе ги ослободи од ропството, ќе ги казни нивните поробувачи и ќе ја потчини горделивоста на вавилонските владетели. {4C 169.1}

Во тоа време во Ерусалим имало пратеници од разни земји кои дошле тука за да се договорат со јудејскиот цар како заеднички да му пружат отпор на вавилонскиот цар. Господовиот пророк, носејќи ги на вратот симболите на ропството (јажињата и јаремот), ја објавил Божјата порака и за тие народи, наредувајќи им на пратениците да им ја пренесат на своите цареви. Тоа би била најблагата казна која Господ, во Својата милост, би можел да ја пушти на еден толку бунтовен народ, но ако продолжат да војуваат против одлуката да им служат на Вавилонците, ќе мораат ја искусат сета тежина на предвидената казна. Тие биле верно предупредени да не ги слушаат лажните учители кои пророкувале лаги. {4C 169.2}

Вчудоневидеността на насобраниот народ ги надминала сите очекувања кога Еремија се појавил, носејќи јарем на својот врат, како симбол на потчинетост, за на тој начин да им покаже што е Божјата волја за нив. Но Ананија, еден од лажните пророци кои Господ ги разоткрил преку Еремија, го подигнал својот глас против ова пророштво. Со желба да ја придобие наклонетоста на царот и на неговите дворјани и тврдејќи дека сам Бог му дал зборови на охрабрување за својот народ; тој рекол: „Вака вели Господ Саваот, Бог Израилев; ќе го скршам јаремот на вавилонскиот цар; по две години ќе ги вратам во ова место сите садови од Господовиот дом, кои вавилонскиот цар Навохудоносор ги зеде одовде и ги однесе во Вавилон; и јудејскиот цар Јехонија, синот Јоакимов и сите заробени Јудејци што отидоа во Вавилон, ќе ги вратам на ова место, вели Господ; бидејќи ќе го скршам јаремот на вавилонскиот цар". {4C 170.1}

А Еремија, во присуство на сите свештеници и насобраниот народ, му рекол дека најсесрдна желба на неговото срце е Бог навистина да се смилува на Својот народ, садовите на Господовиот дом да се вратат заедно со сите заробеници од Вавилон; но дека тоа може да се случи само под услов народот да се покае и да се врати од својот зол пат, покорувајќи се на Божјиот закон. Еремија ја сакал сета земја и сесрдно сакал со искрено каење на народот да се спречи најавеното пустошење, но знаел дека таа желба е неостварлива. Се надевал дека казнувањето на Јудејците ќе биде што е можно поблаго и затоа најсесрдно ги преколнувал да му се покорат на вавилонскиот цар за времето кое Господ го одредил. {4C 170.2}

Преколнувајќи ги да ги послушаат неговите зборови, ги наведувал пророштвата на Осија, Авакум, Софонија и на други, чии пораки, укори и опомени биле слични на неговите. Ги потсетил на настаните од нивното минато кои претставувале исполнување на претскажаните страдања поради непокајаните гревови. Понекогаш, како и во овој случај, поедини луѓе - противејќи се на Божјата порака - претскажувале мир и благосостојба за да го смират стравувањето на народот и да ја стекнат наклонетоста на владеачките кругови. Но во минатото, Божјата казна секогаш го стигнувала Израел токму онака како што ја најавувале вистинските пророци. „Пророкот кој пророкува мир", нагласил тој, „кога ќе се исполни зборот на тој пророк, тогаш се познава дека тој пророк е навистина испратен од Господа". Ако Израел продолжи да тоне во опасност, развојот на идните настани ќе покаже неоспорно кој бил лажен пророк. {4C 170.3}

Ананија, разбеснат од ова го зел јаремот од Еремииниот врат и го скршил. „И рече Ананија пред сиот народ, вака вели Господ Саваот, Бог Израелев: ќе го скршам јаремот на вавилонскиот цар Навохудоносор по две години, откако ќе го извадам од вратот на сите народи. Тогаш си отиде Еремија по својот пат". Тој ја извршил својата задача. Ги предупредил Јудејците на опасноста што им се заканува и им укажал на патот по кој единствено можат повторно да ја стекнат Божјата милост. Меѓутоа, иако неговата единствена вина била во тоа што верно ги пренесувал божествените пораки на еден

неверен народ, сепак неговите зборови се исмејувани и луѓето на одговорни положби не престанувале да го клеветат во настојување да го побунат народот да ја бара неговата смрт. {4C 171.1}

Меѓутоа, на Еремија му е дадена уште една порака: „Оди и кажи му на Ананија: Вака вели Господ: ти го скрши дрвениот јарем, но место него направи железен. Зашто така вели Господ Саваот, Бог Израелев: железен јарем ќе им ставам на вратот на сите овие народи за да му работат на вавилонскиот цар Навохудоносор и тие ќе му служат; дури и sверовите полски нему му ги предадов. Па му рече пророкот Еремија на пророкот Ананија: слушај, Ананија, Господ не те пратил, а ти лажна надеж му даваш на овој народ. Затоа вака вели Господ: еве, Јас ќе те исфрлам од лицето на земјата; уште во текот на оваа година ќе умреш, бидејќи зборуваш против Господ. И умре пророкот Ананија во таа година во седмиот месец". {4C 171.2}

Овој лажен пророк го поттикнувал и го засилувал неверството на народот во Еремија и во неговата порака. Тој лажно и дрско се прогласувал како Божји гласник и заслужил смрт со своето страшно злосторство. Еремија во петтиот месец ја пророкувал смртта на Ананија, а неговата смрт веќе во седмиот месец ја потврдила вистинитоста на пророковите зборови. {4C 171.3}

Бог сакал Јудејците како Негов народ да бидат поштедени и му рекол дека Тој ќе го направи нивниот јарем полесен ако без мрморење се потчинат на Неговиот план. Нивното служење во ропство било симболички прикажано со дрвен јарем, кој полесно би се носел; но на нивниот отпор е одговорено со суровост, која била прикажана со железен јарем. Бог имал намера да ги сопре вавилонските владетели, за да не дојде до загуби на човечки животи и ропско потчинување; но откако ги презреле Неговите опомени и Неговите заповеди, Јудејците ја навлекле на себе сета жестина на ропството. Им била многу попривлечна пораката на лажниот пророк кој пророкувал благосостојба и затоа ја прифатиле. Постојаното укажување на гревот ја ранувала нивната горделивост и не сакале тоа да им се предочува. Биле во толку густа морална темнина, така што воопшто не ја сфаќале тежината на својата вина ниту знаеле да ги ценат пораките, укорите и опомените кои Бог им ги упатувал во Својата милост. Ако имале вистинска претстава за својата непослушност, би сфатиле дека Господ праведно постапува со нив и би го признале авторитетот на Неговиот пророк. Бог најсесрдно ги повикувал да се покаат за да ги поштеди од понижување и народот кој се вика со Негово име да не стане роб на една незнабожечка нација; но тие го презреле Неговиот совет и тргнале по лажни пророци. {4C 172.1}

Тогаш Господ му заповедал на Еремија во писмо упатено до старешините, свештениците, пророците и сиот народ кој веќе бил во вавилонско ропство, да им порача да не се залажуваат со надежта во скоро ослободување, туку да им се покорат на своите господари, занимавајќи се секој со својата работа и градејќи си себеси мирен дом меѓу своите освојувачи. Повикувајќи ги да не им дозволат на своите пророци и гатачи да ги мамат со лажни очекувања, Господ ги потврдил зборовите на Еремија дека нивното ослободување и враќање во Ерусалим ќе уследат по седумдесет години. Тој ќе ги услиши нивните молитви и повторно ќе им ја укаже Својата наклоност кога ќе Му се обратат со сето срце и со сета душа. „Ќе Ме најдете, вели Господ и ќе ве вратам од ропство и ќе ве соберам од сите народи и од сите места во кои ве расеав, вели Господ и ќе ве доведам пак на местото од каде што ве иселив". {4C 172.2}

Со какво нежно сочувство Бог ги известил овие поробени припадници на Својот народ за Своите намери за нив. Знаејќи на какви страдања и неволи ќе се изложат ако

поверуваат во пророштвата на лажните пророци дека набргу ќе се ослободат од ропството за таквото верување и очекување да не им ја направи нивната положба уште потешка. Со било каков обид за бунт од своја страна, тие само би ја пробудиле строгоста на вавилонските освојувачи, со што нивната слобода би била уште повеќе ограничена. Тој сакал тие мирно да се потчинат на својата судбина и своето ропство да го направат што е можно поподнесливо. {4C 173.1}

Се појавиле уште двајца лажни пророци, Ахав и Седекија, кои пророкувале лаги во Господово име. Тврдејќи за себе дека се свети учители, тие луѓе всушност биле робови на гревот, телесните желби и изопачености. Божјиот пророк ја осудил изопачеността на овие луѓе и ги предупредил на опасноста на која се изложуваат, но наместо да се покаат и да се поправат, тие во гневот кон пророкот кој совесно ги осудувал нивните гревови настојувале да ги осуетат неговите напори, побунувајќи ги заробениците да не веруваат на неговите зборови и во поглед на покорувањето на вавилонскиот цар да се однесуваат спротивно на Божјиот совет. Господ навестил преку Еремија дека лажните пророци ќе бидат предадени во рацете на вавилонскиот цар и ќе бидат погубени пред нивните очи и тоа пророштво буквално се исполнило. {4C 173.2}

Имало и други лажни пророци кои создавале лажна конфузија меѓу Јудејците, одвраќајќи ги да не му се покоруваат на Божјиот налог даден преку Еремија. Но Бог изрекол осуда над нив, поради нивниот страшен грев што поттикнувале бунт против Него. {4C 173.3}

Токму такви луѓе се појавуваат и денес, ширејќи збрка и бунт меѓу народот кој тврди дека го држи Божјиот закон. Но како што Божјиот суд неизбежно ги стигнувал лажните пророци, така и овие зли соработници сигурно ќе примат полна мера од заслужената казна; бидејќи Господ не се променил. Оние кои пророкуваат и шират лажни очекувања ги охрабруваат со тоа луѓето лесно да гледаат на своите гревови. И кога ќе се појават страшните последици на нивните престапи, тогаш настојуваат, ако е некако можно, за настанатите потешкотии да ги направат одговорни оние кои совесно ги опоменувале, токму така како што Јудејците за својата зла судбина го обвинувале пророкот Еремија. {4C 173.4}

Оние кои упорно продолжуваат во својот бунт против Господа секогаш ќе најдат лажни пророци кои ќе ги оправдуваат нивните постапки, ласкајќи им на нивната пропаст. Со лажни зборови често можат да се стекнат многу пријатели, како што се покажало тоа во случајот на лажните пророци, Ахав и Седекија. Овие лажни пророци, со своето наводно ревнување за Бога, нашле многу повеќе верници и следбеници отколку вистинскиот пророк, кој едноставно и незавиткано ја објавувал Божјата порака. {4C 174.1}

Поука од држењето на Рихавовите синови

Бог му наредил на Еремија да ги повика Рихавовите синови во една од просториите на Господовиот дом и поставувајќи вино пред нив, да ги повика да пијат. Еремија направил како што му наредил Господ. Но тие рекле: „Ние вино не пиеме, бидејќи нашиот татко Јонадав, син на Рихав, ни заповеда, велејќи - вино не пијте ни вие, нити децата ваши довека". {4C 174.2}

„Тогаш дојде слово Господово до Еремија: 'Вака вели Господ Саваот, Бог Израелев: оди, кажи им на луѓето Јудини и на жителите ерусалимски - зар нема да извлечете поука од ова за себе, па да ги послушате зборовите Мои. Се исполнуваат зборовите на

Јонадав, синот Рахавов, кој им заповеда на синовите свои да не пијат вино, и тие до денес не пијат, бидејќи му се покоруваат на заветот што му го дале на својот татко.'" {4C 174.3}

Овде Бог ја споредува послушноста на Рихавовите синови со непослушноста и бунтовничкиот дух на Својот народ кој упорно одбива да ги прифати Неговите зборови на укор и опомена. Покорувајќи се на заповедта на својот татко, Рихавовите потомци одлучно одбиле да го престапат неговото барање. Додека Израелевите синови упорно остануваат непослушни на Господа. „Јас, пак, постојано ви зборував од рано утро, а вие не Ме послушавте. Ги испраќав кај вас сите Мои слуги - пророците ги испраќав од рано утро и велев - повратете се секој од својот лош пат и исправете го поведението свое и не одете по други богови, за да им служите, па ќе живеете во оваа земја, која ви ја дадов вам и на татковците ваши; но вие не го приклонивте увото и не Ме послушавте. Бидејќи синовите на Јонадав, синот Рихавов, ја исполнуваат заповедта на својот татко, што беше им ја дал, а овој народ Мој Мене не Ме слуша. Затоа вака вели Господ, Бог Саваот, Бог Израелев - еве, Јас ќе го испратам врз Јудеја и врз сите жители ерусалимски сето ова зло, што го изреков врз нив, зашто Јас им зборував, а тие не слушаа, им викав, а тие не одговараа". {4C 174.4}

„А на семејството Рихавовци, Еремија им рече - вака вели Господ Саваот, Бог Израелев; бидејќи го послушавте заветот на вашиот татко Јонадав и ги пазите сите негови заповеди и во сè постапувате, како што ви заповедал, затоа вака вели Господ Саваот, Бог Израелев - никогаш нема да недостига од Јонадав, човек кој ќе стои пред лицето Мое во сите дни". {4C 175.1}

Рихавовите потомци биле заслужено пофалени поради својата послушност, додека Божјиот народ упорно настојувал да ги одбива укорите и опомените на своите пророци. И затоа што толку им зборувал, а тие не послушале, што ги повикувал, а тие не одговориле, Господ бил принуден да им ги најави казните кои не можеле да се избегнат. Еремија уште еднаш ги нагласил зборовите со кои Господ ги пофалил Рихавовите синови поради нивната верност, и ги благословил во Негово име. На тој начин Бог им ставил до знаење на Јудејците дека и на нив верноста и послушноста кон Неговите заповеди би им се вратила во изобилство на благослови, како што Рихавовите потомци биле благословени поради послушноста кон заповедите на својот татко. {4C 175.2}

Ако толку точно требало да се почитуваат упатствата на еден добар и мудар татко, кој на тој начин го пронашол најдобриот и најсигурниот пат за да го заштити своето потомство од злата на неумереност, со колку поголема стравопочит треба да се почитува авторитетот на Оној Кој неспоредливо е повозвишен и посвет од било кој човек! Како наш Творец и Законодавец, Тој е бесконечен во Својата сила и страшен во Својот суд. Во Својата милост, Тој ги користи сите можни средства за да ги наведе луѓето да ја увидат својата грешност и да се покаат. Ако тие сепак продолжат со презир да ги отфрлаат укорите и опомените кои Тој им ги упатува и да постапуваат спротивно на Неговата објавена волја, тогаш пропаста е неизбежна; бидејќи среќата и напредокот на Божјиот народ зависат само од Неговата милост и постојаната грижа на Неговите небесни гласници. Тој не може да го поддржува и штити народот кој ги отфрлува Неговите совети и ги презира Неговите укори. {4C 175.3}

Божјите опомени отфрлени

Еремија веќе бил лишен од слобода затоа што на царот и на останатите јудејски поглавари верно им ги пренесувал зборовите на опомена кои сам Бог му ги ставил во уста. Јудејците не биле подготвени да ги прифатат тие укори, ниту дозволувале исправноста на нивните постапки било кој да ги доведува во прашање. Со голем гнев и презир го отфрлале секој збор на укор, како и казната која им е најавена ако продолжат во својот бунт против Господа. Меѓутоа, иако не сакале да ги послушаат зборовите на божествениот совет, тие зборови не изгубиле ниту најмалку од својата тежина, ниту Бог престанал да ги укорува и со Своите казни да им се заканува на оние кои одбиле да се покорат на Неговите заповеди. {4C 176.1}

Господ му нареди на Еремија, велејќи: „Земи книга и напиши ги во неа сите зборови што ти ги кажав за Израел и за Јуда и за сите народи, од оној ден, откако почнав да ти зборувам, од времето на Јосија до денес, за да го слушне Јудиниот дом сето зло кое мислам да им го направам и да се врати секој од својот лош пат, за да им го простам беззаконието и нивниот грев". {4C 176.2}

Од ова се гледа како Господ со незадоволство го отфрла Својот заблуден народ. За тие, како народ, да не ги изгубат потполно од своето сеќавање толку пати запоставените Негови укори и опомени, како и одложувањето на најавената казна, Тој им дава еден потполн преглед на нивната непослушност и сè потешките гревови од времето на Јосија па сè до нивните денови, и повторно им ја предочува најавената казна која мора да ги снајде поради нивните престапи. На тој начин им е пружена уште една можност да го увидат своето беззаконие и да се покаат. Од ова јасно гледаме дека Бог не се радува на страдањата на заблудените во Неговиот народ, туку се грижи за нив почувствително од најнежниот татко за своите непослушни деца, повикувајќи ги да се вратат на својата првобитна верност. {4C 176.3}

Покорувајќи се на Божјата заповед, пророкот Еремија му ги издиктирал сите примени пораки од Господа на својот писар Варух, кој го запишал сето тоа во книга (Еремија 36:4). Таа порака претставувала укор за многу гревови на Јудејците и предупредување на последиците кои неизбежно ќе ги снајдат ако и понатаму продолжат по своите зли патишта. Тоа бил најсесрден повик да раскинат со своите гревови. Откако ја напишал книгата, Еремија - кој веќе бил во затвор - го испратил својот писар да ја прочита пред сиот насобран народ „во Господовиот дом на денот на пост". Пророкот сè уште се надевал дека „молејќи се, ќе му се вратат на Господа и ќе се вратат од своите зли патишта, бидејќи е голем Господовиот гнев на тој народ". {4C 177.1}

Писарот го послушал пророкот и го прочитал свитокот пред сиот јудејски народ. Меѓутоа, тоа не било сè; тој е повикан да го прочита тоа и пред кнезовите. Тие слушале со голем интерес и на лицето им се видело дека се исплашени и загрижени додека го испрашувале Варух какво е значењето на ова таинствено писмо. Тие ветиле дека ќе му пренесат на царот сè што во овој свиток се однесува на него и на неговиот народ, но на писарот му дале совет да се сокрие, стравувајќи дека царот, отфрлајќи го Божјото сведоштво упатено преку Еремија, ќе настојува да го погуби не само пророкот, туку и неговиот писар. {4C 177.2}

Кога кнезовите му пренеле на царот што им прочитал Варух, тој наредил веднаш да му се донесе свитокот и да се прочита пред него. Но, наместо да ги послуша дадените опомени и да затрепери пред опасноста која само што не го снашла него и неговиот народ, тој во избезуменост и бес го фрлил свитокот во оган, иако некои во кои имал голема доверба го преколнувале да не го прави тоа. Потоа гневот на безбожниот монарх се распалил на Еремија и на неговиот писар, па испратил по нив веднаш да ги

доведат пред него, „но Господ ги сокрил”. Откако царот го запалил светиот свиток, дојде словото Господово до Еремија и му беше речено: „Земи си пак друг свиток и напиши ги во него сите поранешни зборови, што беа во првиот свиток, кои јудејскиот цар Јоаким ги изгоре; а на јудејскиот цар Јоаким кажи му - вака вели Господ: ти го изгоре свитокот, зашто рече - бидејќи напиша во него: Бездруго ќе дојде вавилонскиот цар и ќе ја разори оваа земја и ќе ги истреби од неа луѓето и добитокот”. {4C 177.3}

Во Својата добрина, Бог милостиво ги опоменувал Јудејците за нивно добро. „Можеби” - вели чувствителниот Творец - домот Јудин ќе чуе за сите несреќи што мислам да му ги направам, па тие да се повратат секој од својот лош пат и Јас да им ја простам неправдата нивна и гревовите нивни”. Бог долго има сожалување кон луѓето во нивното слепило и изопаченост. На нивниот помрачен ум, Тој испраќа светлина во укори и закани кои имаат за цел и најгорделивите да ги наведат да го увидат своето незнаење и да зажалат поради своите гревови. Тој сака и оние кои имаат високо мислење за себе да ги наведе да не бидат задоволни со своите достигнувања, туку со поблиска поврзаност со небото да копнеат по сè поголеми благослови. {4C 178.1}

Божја намера не е на грешниците да им испраќа гласници кои ќе им ласкаат и ќе им угодуваат на нивните желби. Тој не праќа никакви пораки за мир и спокојство за непосветените да се лулаат во лулката на телесната сигурност, туку полага тешко бреме на одговорност на совеста на престапникот и ја прободува неговата душа со острите стрели на осведочувањето. Ангелите му укажуваат на страшните казни со кои Бог му се заканува, за во него да пробудат чувство на вина и да го наведат да извика: „Што треба да направам за да се спасам?” Истата онаа рака која ја фрла човечката сила во прав, го осудува гревот и ја посрамува горделивоста и славољубието - ги подига покајниците и ранетите со прашањето: „Што сакаш да ти направам?” {4C 178.2}

Кога човекот ќе згреши против светиот и милостив Бог, ништо што тој може да направи не е повозвишено и поблагородно отколку искрено да се покае и да ги признае своите гревови во солзи и болка на својата душа. Тоа е она што Бог го бара од него; Тој не прифаќа ништо помалку од скршено срце и понизен дух. Но, јудејскиот цар и неговите достоинственици, во својата ароганција и горделивост, го одбиле Божјиот повик да се вратат од својот лош пат. Тие не сакале да ја прифатат опомената и да се покаат. Тоа била последна можност која толку милостиво им била укажана. Бог рекол дека ќе ги стигне страшна казна, затоа што одбиле да го послушаат Неговиот глас. Тие одбиле да послушаат и Неговите најавени казни морале да ги стигнат; но со Неговиот гнев посебно бил погоден царот кој толку дрско се подигнал против Семоќниот. {4C 178.3}

„Затоа вака вели Господ за јудејскиот цар Јоаким: ќе нема за него место на Давидовиот престол и трупот негов ќе биде фрлен на дневниот припек и на ноќниот студ. Па ќе го казнам него и племето негово, и слугите негови за неправдите нивни, и ќе го испратам врз нив и врз ерусалимските жители, и врз луѓето на Јуда, сето она зло, што го искажав врз нив, а тие не послушаа”. {4C 179.1}

Со запалување на овој свиток, овој процес не бил завршен. Тие полесно можеле да се ослободат од пишаните зборови отколку од укорот и опомените кои ја сочинувале неговата содржина и неизбежната казна која Бог ја најавил на бунтовниот Израел бргу уследила. Но по Божја заповед, книгата била повторно напишана. Зборовите на Семоќниот и Вечниот веќе не можеле да бидат уништени. „И зеде Еремија друг свиток и му го даде на писарот Варух, синот Ниријев, и тој ги напиша во него од устата на

Еремија сите зборови од оној свиток, што го изгоре во оган јудејскиот цар Јоаким; а додаде кон нив и уште многу други зборови слични на нив". {4C 179.2}

Бог не праќа казни на Својот народ без претходно да не ги опомене и да ги повика на покајание. Тој настојува на сите можни начини да ги врати на послушност и не ги уништува со гневот за нивното беззаконие додека не им ги пружи сите можни прилики за покајание. За да ги спречат напорите на Божјиот пророк, во својот гнев луѓето го фрлиле во затвор; но Бог може да зборува и преку затворенички sидови и корисноста на Своите слуги да ја направи уште поделотворна, благодарение токму на оние средства со кои прогонителите настојувале да го ограничат нивното влијание. {4C 179.3}

И денес, многумина ги презираат Божјите укори кои верно им се пренесуваат преку Сведоштвата. Покажано ми е дека во нашите денови некои одат толку далеку, што дури и ги палат пишаните зборови на укор и опомена, токму онака како што тоа го направил безбожниот јудејски цар. Но спротивставувањето на Божјите закани нема и не може да го спречи нивното остварување. Спротивставувајќи се на Божјите зборови, изговорени или напишани преку Неговите избрани орудија, престапникот само го предизвикува Неговиот гнев, а својата пропаст ја прави уште поизвесна. Во срцето на грешникот често се распламтува омраза против оние кои се од Бога избрани орудија да им ги пренесат Неговите укори. Тоа отсекогаш било така; и денес постои духот кој го прогонувал и фрлил во затвор пророкот Еремија само затоа што верно се покорувал на Господовите зборови. {4C 180.1}

Додека со презир ги отфрлаат повеќепати повторените опомени, луѓето со задоволство ги слушаат лажните учители кои им ласкаат на нивната суета и ги зацврстуваат во нивното беззаконие, но кои нема да можат да им помогнат во денот на неволја. Избраните Божји слуги треба храбро и трпеливо да ги поднесуваат сите неволи и страдања кои можат да им ги зададат нападите, запоставувањата и лажното прикажување поради верното извршување на должностите кои Бог им ги доверил. Тие секогаш треба да имаат на ум дека и пророците во старо време, како и самиот Спасител, морале да поднесуваат прогонство и малтретирања поради Божјата реч. Тие мораат да очекуваат дека ќе наидат на исто такво спротивставување какво што се манифестирало при палењето на Еремиината книга напишана по Божји налог. {4C 180.2}

Господ го подготвува Својот народ за на небо. Карактерните недостатоци, упорноста во наметнувањето на својата волја, себичноста која претставува вистинско идолопоклонство, пронаоѓањето на туѓи грешки, омразата и кавгата кои го предизвикуваат Божјиот гнев, мораат да се искоренат од народот кој ги држи Неговите заповеди. Оние кои живеат во такви гревови се измамени и потполно заслепени од сатанските лукавства. Тие мислат дека живеат во светлина, но всушност одат во темнина. И меѓу нас денес има такви кои постојано мрморат, како што било и меѓу Израелците во Стариот завет. Оние кои со своето немудро сочувство ги охрабруваат другите во нивниот бунт, чие самољубие е повредено со заслужен укор, не се пријатели на Бога, Кој никогаш не го правда виновникот. Бог ќе им упатува на припадниците на Својот народ зборови на укор и опомена сè додека живеат на овој свет. {4C 180.3}

Оние кои одважно и храбро стојат на страната на правдата, залагајќи се за потполно потчинување на откриената Божја волја, охрабрувајќи и други во нивните напори да ги отфрлат своите гревови, тоа се вистински пријатели на Господа, Кој со љубов настојува да ги исправи заблудените во Својот народ со укорување и совети, за да ги очисти од секоја нечистотија и да ги удостои за Своето свето царство. {4C 181.1}

По Јоаким, во Ерусалим на власт дошол Седекија. Но ниту новиот цар, ниту неговите дворјани, ниту самиот народ не биле поподготвени да ја послушаат Господовата реч изговорена преку Еремија. Халдејците почнале да го опседнуваат Ерусалим, но сета своја војска морале извесно време да ја пренасочат против Египќаните. Во тоа време, Седекија испратил еден гласник кај пророкот Еремија, повикувајќи го да се помоли на Бога за јудејскиот народ; но страшниот одговор на пророкот гласел дека халдејската војска ќе се врати, ќе ја продолжи опсадата и ќе го разруши градот. Така Господ им покажал дека со човечка сила е невозможно да се спречи божествената пресуда. „Вака вели Господ, не лажете се, велејќи си во себе: 'Бездруго ќе си отидат Халдејците, кои војуваат против вас и да останеа кај вас само ранетите, тогаш и тие би станале, секој од шаторот свој и би го изгореле овој град со оган.'" {4C 181.2}

Сметајќи дека ја извршил својата задача, Еремија се обидел да го напушти градот; но во тоа го спречил синот на еден лажен пророк, обвинувајќи го за обид да премине на страна на непријателот. Еремија настојувал да го побие тоа лажно обвинување, но тие го задржале. Кнезовите подготвено поверувале на синот на лажниот пророк, бидејќи го мразеле вистинскиот пророк. Тие очевидно верувале дека тој е причина за пропаста која не престанува да ја пророкува. Во својот гнев, немилосрдно го претепале и го фрлиле во затвор. {4C 181.3}

По многу денови поминати во затвор, царот Седекија испратил да го извадат од затвор и во тајност го прашал има ли некоја порака од Господа. Еремија го повторил веќе даденото предупредување дека Јудејците како нација ќе паднат во рацете на вавилонскиот цар. {4C 181.4}

„Тогаш Еремија му рече на царот Седекија: 'Што згрешив пред тебе, пред слугите твои и пред овој народ, па ме фрливте во темница? И каде се вашите пророци, кои ви пророкуваа, кажувајќи: Вавилонскиот цар нема да дојде против вас и против оваа земја? А сега чуј, господаре мој, царе, слушни ја молбава моја пред лицето твое; не враќај ме во куќата на писарот Јонатан, за да не умрам таму.' Тогаш царот Седекија заповеда да го затворат Еремија во стражарницата и таму му даваа по едно парче леб на ден од улицата на лебарите, сè додека не се заврши сиот леб во градот. И така остана Еремија во стражарницата". {4C 182.1}

Овој безбожен цар не се осмелил отворено да ја покаже својата вера во пророкот Еремија, но стравот го натерал од него тајно да побара известувања. Сепак бил премногу слаб да се соочи со негодувањето на своите големодостојници и на народот доколку се покори на Божјата волја објавена преку пророкот. Конечно луѓето од авторитет, огорчени на Еремија што постојано им претскажува зло, дошле кај царот и му рекле дека сè додека е жив пророкот, нема да престане да пророкува пропаст. Тој е непријател на народот, нагласувале тие; со своите зборови тој ги слабее рацете на војниците и на народот му донесува само несреќа и затоа треба да се осуди на смрт. {4C 182.2}

Кукавичкиот цар знаел дека овие обвинувања се лажни, но за да ги одоброволи оние кои заземале високи и влијателни положби во народот, се преправал дека им верува на нивните лаги и го предал Еремија во нивните раце да прават со него што сакаат. Охрабрени на тој начин, тие го зеле пророкот и го фрлиле во „јамата на Малдија, синот Амелехов, кој бил во тремот на стражарницата и го спуштиле Еремија со јаже; во јамата немало вода, туку само тиња и Еремија паднал во тињата". Но Бог му подигнал пријатели, кои најсесрдно се заземале кај царот за него, така што тој повторно бил вратен во стражарницата. {4C 182.3}

Уште еднаш царот потајно пратил по Еремија и побарал од него верно да му ги изнесе намерите кои Бог ги има во поглед на Ерусалим. „А Еремија му рече на Седекија: ‘Ако ти откријам, нема ли да ме предадеш на смрт, а ако те посоветувам, ти нема да ме послушаш.’ И му се заколна тајно царот Седекија на Еремија, велејќи: ‘Жив Господ, Кој ни ја создаде душата, нема да те предадам во рацете на оние луѓе, што ја бараат твојата душа.’” Уште еднаш до царевите уши допрела веста на опомена од устата на Еремија: „Вака вели Господ, Бог Саваот, Бог Израелев - ако отидеш кај кнезовите на вавилонскиот цар, душата ќе ти остане жива, и овој град нема да биде изгорен со оган и ти ќе бидеш жив, а и домот твој; ако пак не појдеш кај кнезовите на вавилонскиот цар, овој град ќе биде предаден во рацете на Халдејците и тие со оган ќе го изгорат, а ти нема да побегнеш од рацете нивни. И му рече царот Седекија на Еремија: ‘Се плашам од Јудејците, кои појдоа кај Халдејците, за да не ме предадат Халдејците во рацете нивни, па тие да се исмеваат со мене.’ И му рече Еремија: ‘Нема да те предадат; послушај го гласот Господов за ова, што ти го кажувам, па ќе ти биде добро и жива ќе остане душата твоја.’” {4C 182.4}

Така Господ во Својата милост покажувал крајно трпение. Ако дури и во тој последен момент постоела подготвеност да се потчинат на Божјите барања, животот на многу Јудејци би бил поштеден, а градот би бил спасен од пустошење. Но царот сметал дека отишол премногу далеку за да може да се врати. Се плашел од Јудејците, се плашел од јавното потсмевање, се плашел за својот живот. Му се чинело премногу понижувачки, во тој последен момент да му каже на народот: „Ја прифаќам Господовата реч преку пророкот Еремија и не се осмелувам по толку опомени да ја продолжам војната против непријателите”. {4C 183.1}

Со солзи, Еремија го преколнувал царот да се спаси себеси и својот народ. Длабоко загрижен, го уверувал дека за спасување со бегство нема никакви изгледи и дека сето негово богатство ќе падне во рацете на вавилонскиот цар; а можел да го поштеди градот само кога би сакал. Одлучил да ги послуша советите на лажните пророци и на луѓето кои всушност ги презирал и кои се смееле на неговата слабост и подготвеност да попушта на нивните желби. Ја жртвувал благородната слобода на својата машкост за да стане немоќен поданик на јавното мислење. Иако не бил одлучен во намерата да прави зло, немал ниту смелост храбро да се заложи за правда. Иако осведочен дека Еремија ја зборува вистината, немал морални сили да го послуша неговиот совет, туку и понатаму продолжил по погрешен пат. {4C 183.2}

Седекија бил толку слаба личност, така што не се осудил ниту неговите дворјани и народ да дознаат за оваа негова средба со пророкот, до таа мерка што стравот од луѓето ја обземал неговата душа. Ако овој плашлив владетел излегол отворено пред својот народ и јавно дал изјава дека верува во зборовите на пророкот, кои веќе напола се исполниле, колку зла и пустошења би можел да спречи! Требало одлучно да каже: „Сакам да го послушам Господа и да го поштедам овој град од потполно уништување. Не се осмелувам да ги отфрлам Божјите заповеди поради став од луѓето и за да го стекнам нивното одобрување. Ја љубам вистината, а го мразам гревот; затоа сакам да го послушам советот на Семоќниот Израелев Бог”. Со таква одважност, тој би ја стекнал почитта на народот и оние кои биле неодлучни во изборот помеѓу верата и неверството, цврсто би застанале на страна на правдата. Самата бестрашност и исправност на таквото однесување би ги инспирирале неговите поданици со воодушевување и верност. Тие сесрдно би го поддржале во тоа и нацијата би била поштедена од страдањата од пожар, крвопролевање и глад. {4C 184.1}

Меѓутоа, Седекиината неодлучност била злосторство за кое тој платил страшна казна. Непријателската војска навалила како несопирлив порој и потполно го опустошила градот. Поразените јудејски чети завршиле во потполн распад. Цела нација била покорена. Седекија бил заробен и синовите му биле заклани пред неговите очи. Потоа му ги извадиле очите и додека така ослепен и окован во синџири го воделе од Ерусалим, ги слушал само болните лелекања на својот народ и страотното рикање на огнот кој ги голтал нивните домови. Во таква состојба одведен е во вавилонско ропство, каде што набргу и бедно завршил. Тоа му го донеле лошите совети и неговото упорно неверство. {4C 184.2}

И денес има многу лажни пророци на кои гревот не им изгледа толку одвратен. Тие се жалат дека Божјите гласници со своите укори и опомени без потреба ги вознемируваат луѓето, додека тие во исто време со своите пријатни и лажливи учења ги успиваат грешниците во судбоносно спокојство и удобност. Така и изопачените свештеници со своите ласкави пораки ги мамеле Израелците во времето на Стариот завет. Нивните претскажувања за благосостојба и мир биле многу попријатни отколку пораките на вистинскиот пророк кој ги повикувал на каење и потчинетост. {4C 185.1}

Во своето постапување со народот, Божјите слуги треба да бидат нежни и сочувствителни, за сите да увидат дека тие не се раководат од себичните побуди и дека не наоѓаат задоволство во тоа само да се закануваат со гнев во Божје име. Но никогаш не смеат да се притеснуваат да укажуваат на гревовите кои ги изопачуваат таканаречените верници ниту пак да престанат со своето влијание да ги одвраќаат од нивните заблуди и да упатуваат на послушност кон Господа. {4C 185.2}

Оние кои настојуваат да го покријат гревот и во очите на престапникот да го прикажат што помалку одвратен, работат исто како и лажливите пророци и одмаздата на Божјиот гнев за таквите постапки сигурно нема да изостане. Лажните пророци го обвиниле Еремија дека на Јудејците, како на Божји народ, само им нанесува болка со своите строги осуди; затоа настојувале да им го подигнат духот ветувајќи им среќна иднина и сметајќи дека онака скршени не треба постојано да бидат потсетувани на нивните гревови и само да се закануваат со одмазда. На тој начин тие го поттикнувале народот да го отфрли советот на вистинскиот пророк и непријателството кон него да биде што пожестоко. {4C 185.3}

Бог никогаш не го оправдува виновникот. Тој никому не дава право, преминувајќи лесно преку гревот на Неговиот народ, да рече: „Мир, мир”, кога Тој сам преку Својот пророк јасно вели: „нема мир за безбожниците”. Оние кои поттикнуваат бунт против гласниците преку кои Бог ги праќа Своите пораки, застануваат против Неговата реч. {4C 185.4}

---

18. НЕОПХОДНОСТ ОД СОВЕСНО УКОРУВАЊЕ

Следното сведоштво кое ми е дадено во последната визија, на 5. јануари 1875. го пишував во својот шатор помеѓу богослужењата, на црковниот собор во државата Вермонт, во текот на август истата година. Тука се изложува духовната состојба на поединците од _____ во јануари 1875. година. Развојот на настаните во текот на следното лето во потполност ја оправдал привидната строгост на даденото сведоштво.

Во текот на септември прочитав извесни делови од ова сведоштво на тамошните верници и со наши напори е отпочнато големо дело; сепак, поради доброто на тамошните верници, а и на останатите, го објавувам тоа сведоштво и во ова скромно дело. {4C 186.1}

Духовната темнина преовладува и таму каде што би требало да владее само Божјиот Дух. Само малкумина од нив кои се ангажирани во ова дело ја увидуваат неопходноста на личните напори и личната одговорност во секоја гранка на делото за кое се задолжени. Малку се оние кои ја чувствуваат светоста на делото во кое соработуваат. Тие тоа го сметаат за своја вообичаена работа како и во секое друго занимање. {4C 186.2}

И во срцата на многумина кои тврдат дека знаат дека животот на мир и слобода е само живот исполнет со љубов и самопожртвување, често преовладува себичност. Оние кои ја бараат среќата во задоволување на личните барања и склоности и го гледаат само својот личен интерес, се наоѓаат на погрешен пат и нема да ја осигурат среќата дури ниту на овој свет. Секој оној кој е неверен во најмалата од овие должности е неверен и во поголемите обврски. Со запоставување на верноста во помали задачи кои ќе му се доверат, тој се покажува неспособен за поголеми одговорности, неподготвен да биде во делото со сето срце и пред очите секогаш да ја има само славата на Божјото име. {4C 186.3}

Некои се секогаш подготвени да им одредуваат должности на другите и во потполност ја сфаќаат важноста на нивните одговорности, но ниту оддалеку не успеваат да ги воочат своите обврски. Личната верност и индивидуалната одговорност се особено неопходни во Здравствениот институт (сега санаториум), во Уредот за публикации, во црквата и во училиштето. Кога секој од оние кои работат во овие установи со копнеж би наслушнувал што Исус бара од него, наместо постојано да истражува што треба да прави овој или оној служител, би биле сведоци на големата промена во сите гранки на делото. Кога секој во своето срце би зборувал: „Мое е да ги слушам Христовите поуки и совесно да ги извршувам; мојата задача никој не смее да ја изврши наместо мене; со своето внимание другите никогаш не можат да ги надополнат моите пропусти”, - би виделе како Божјото дело напредува како никогаш досега. {4C 186.4}

Токму таквото задржување, во очекување други да направат нешто, е причина за духовна слабост. Чувањето на своите енергии со духовна неактивност бара безусловна послушност и доброволно потчинување. Во службата за Христа не смее да има никакви застои ниту угодувања на себеси. Помеѓу Христа и Велијар нема ништо заедничко. Колку малку верност и сесрдност се посветува на Божјото дело во _____!{4C 187.1}

Братот А во своето срце не е посветен на Бога. Тој има способности и таленти за кои ќе мора да полага сметка пред Оној Кој ни дава сè. Неговото срце не е посветено и неговиот живот не е во склад со верата што ја исповеда; сепак тој бил тесно поврзан со светото Божје дело повеќе од дваесет години. Каква светлина имал, какви предности! Пружени му се навистина исклучителни можности да развие вистински христијански карактер. На него навистина можат да се применат зборовите кои Христос ги изговорил кога заплакал над Ерусалим: „Кога ти би го знаел, барем во овој твој ден, она што е за твојот мир! Но сега е скриено од твоите очи”. А казната на Божјиот гнев само што не паднала на тебе „затоа што не ги позна времињата во кои се наоѓаш!” {4C 187.2}

Б е со сличен ум, само не е до таа мерка исполнет со себичност. И едниот и другиот повеќе ги љубат задоволствата отколку Бога. Нивниот живот ниту малку не одговара на

христијанскиот пример. Во потполност им недостига стабилност, умереност и верност кон Бога. Во животот на братот Б делото на благодатта секогаш останувало само на површина. Тој сака да биде христијанин, но не вложува никакви напори да стекне победа над самиот себе и да постапува во склад со своето осведочување во поглед на доброто и злото. Бог го прифаќа делото, а не празните зборови и неостварените намери. {4C 187.3}

Брате А, ти ја слушаше Божјата реч во укорите, советите и најсесрдното преколнување полно со љубов. Но не е доволно само да се слуша. „Бидете извршители на зборовите", вели апостолот, „а не само слушатели, лажејќи се самите себеси". Лесно е да се занесува со она во што сите веруваат и да се вика „Осана!" кога тоа е масовен восклик; меѓутоа, вистинското христијанство се проверува во едноставноста на секојдневниот живот кога нема никакви посебни возбудувања или заноси. Тогаш љубовта во твоето срце се лади, твојата ревност изчезнува, а верските должности и обврски ти стануваат одвратни. {4C 187.4}

Ти очевидно занемаруваш да ја твориш Божјата волја. „Вие сте мои пријатели" вели Христос, „ако го творите она што Јас ви го заповедам". Тоа е услов кој сам Христос го поставил, тоа е тест со кој се проверува нашиот карактер. Чувствата се често лажливи, емоциите не се сигурен показател, бидејќи се променливи и подложни на надворешни влијанија. Многумина се измамени со потпирање на сензационални впечатоци. Мерило на верноста е: што правиш за Христа? Какви жртви поднесуваш? Какви победи стекнуваш? Победената себичност, совладаното искушение да се запостави некоја должност, потчинетата страст, подготвеноста на доброволна и радосна послушност на Христовата волја - тоа се многу поголеми докази дека си Божје дете отколку грчевито покажување на некаква побожност и вера засновани исклучиво на чувствата. {4C 188.1}

Вие и едниот и другиот покажувате голема одбојност кон укорите, кои во вашето срце секогаш будат незадоволство и мрморење против Оној Кој е ваш најдобар Пријател, Кој секогаш ви посакува добро и Кој ја заслужува вашата почит. Се одвоивте од Него и му задавате болка на Светиот Дух стануваќи против зборовите кои Тој ги дал на Своите слуги за да ги осудат вашите постапки. Не прифаќајќи ги овие опомени, го отфрливте Божјиот Дух, се свртивте од Него во своето срце и станавте потполно безгрижни и рамнодушни во своето однесување. {4C 188.2}

Брате А, ти можеше да стекнеш драгоцено искуство во текот на многу години во кои беше благословен со голема светлина со која Бог ја осветли твојата животна патека. Слушнав глас кој, зборувајќи за тебе, рече: „Тоа е неплодно дрво; зошто со своите бескорисни гранки и со својата сенка да го покрива земјиштето кое би можело да го заземе некое плодно дрво? Исечи го; зошто да ѝ пречи на земјата?" Потоа слушнав како слаткиот глас на милоста сесрдно се залага за тебе, зборувајќи: „Поштеди го уште малку. Сакам да го ископам земјиштето околу неговиот корен и со кастрење да го ослободам од неродните гранки. Да провериме уште еднаш; ако и понатаму остане неплодно, исечи го". И така на неродното дрво му е дадено уште малку време на милост, уште малку време - за да процвета и да донесе род. Ќе сакаш ли да ја искористиш пружената прилика? Ќе сакаш ли да ги послушаш опомените и советите на Светиот Дух? Христовите зборови упатени на Ерусалим и на еврејскиот народ кога го отфрлиле спасението кое Тој толку милостиво им го понудил, упатени се во суштина исто така и на тебе: „Ерусалиме, Ерусалиме, ти кој убиваш пророци и ги каменуваш оние кои се пратени кај тебе, колку пати сакав да ги соберам твоите чеда, како што кокошката ги собира своите пилиња под крилата и не сакавте". Христос најсесрдно се залагал и

повикувал, но Неговата љубов останала потполно невозвратена токму од страна на оние кај кои дошол и кои толку настојувал да ги спаси. И ти „во овој твој ден” не постапуваш ништо подобро отколку самоизмамените и заслепени Евреи во свое време. Можеше, користејќи ја благословената предност и прилики, да го усовршиш својот христијански карактер; но ти во своето бунтовно срце не сакаше да се понизиш и навистина обратен да живееш во послушност на Божјите барања. {4C 188.3}

Чувствата на непомирливост и незадоволство кои поединците постојано ги манифестираат, ја затруја и твојата душа, иако не се осмелуваше за тоа отворено да зборуваш. За издавачката канцеларија и за сите кои работат во неа би било подобро да ги напуштеше уште пред многу години. Колку изобилството на светлина и привилегии кои ги уживаше стануваа поголеми, толку твојата искреност стануваше сè помала. Угодувајќи им на телесните желби на своето срце, ги запоставуваше барањата на Божјата реч. Иако опкружен со опомени и совети од сите страни, со најочевидни докази дека Бог е во ова дело и дека сето тоа ти го зборува Неговиот глас, ги омаловажи и ги отфрли сериозните укори и во својата себичност самоволно продолжи по својот

пат. {4C 189.1}

Во тебе понекогаш се јавуваат стравувања, но сè уште не ја сфаќаш сета беда на својата духовна положба и тежината на опасноста во која се наоѓаш и секогаш повторно се враќаш во истата состојба на рамнодушност и себичност. Твоето каење никогаш не било толку длабоко за да те доведе до потполна реформа. Сето тоа останува само на површина и не доаѓа до потполна промена, која е единствено прифатлива за Бога. „Кој оди по Мене”, вели Христос, „нема да оди во темнина”. Но ти го помина поголемиот дел од својот таканаречен христијански живот во темнина бидејќи, не одржувајќи постојана поврзаност со небото, не примаш чиста светлина која доаѓа преку Светиот Дух. {4C 189.2}

Ако во секојдневна поврзаност со Бога ја покажуваше љубовта кон душите кои треба да се спасуваат, ќе излезеше од затворениот круг на својата себичност и ќе станеше сесрден работник во Господовото лозје. Би увидел дека совесното извршување на животните должности те чува од самољубието и задоволувањето на телесните желби. Тие не вложуваш никакви напори секој ден да стекнеш некое ново искуство. Би требало денес да си човек кому може да му се довери секаква одговорност; меѓутоа, сè за што ќе се нафатиш го носи обележјето на твојата себичност. Имаш многу високо мислење за своите умни способности, иако од долгогодишното искуство не се научи на вистинска мудрост. {4C 190.1}

Братот Б е суетен и лесноумен. Тој можел постојано да напредува и да се развива во благодатта, но за него надворешниот изглед бил поважен од внатрешното украсување, облеката на тивок и кроток дух, што е пред Бога вистинска драгоценост. Неверниците кои работеле во канцеларијата и кои ја немале светлината на сегашната вистина која вие ја имате, би биле многу посовесни и поверни од вас двајцата на кои им се обраќам. Ако трудољубиво собиравте со Христа, некои од споменатите би биле денес со нас во вистината. Но со својот начин на живеење вие бевте за нив само камен на сопнување. Бог гледа на тие неверници со поголема сомилост и одобрување отколку на оние кои тврдат дека веруваат во вистината, а се откажуваат од Него со своите дела. Верата која како некоја облека се облекува или соблекува, по потреба, не е Христова вера туку само фалсификат кој нема да го издржи тестот на проверка дури ниту на овој свет. {4C 190.2}

Вистинската вера секогаш се огледува во нашите зборови и дела, во секоја постапка на нашиот живот. Христовите следбеници никогаш не ја одвојуваат религијата од своите работи. Тоа треба да оди паралелно и Божјите заповеди треба строго да се применуваат во сите поединости на секојдневниот живот. Свеста дека сме Божји деца ни дава повозвишена претстава дури и за нашите секојдневни животни должности и нѐ наведува во своите работи да не бидеме мрзливи, а со духот да ревнуваме. Таквата вера ќе го издржи критичкото испрашување дури и на оние кои не ѝ се наклонети и ќе се покаже дека нејзини плодови се исклучителната совесност и чесност. {4C 190.3}

Секој работник во канцеларијата треба да се чувствува како Божји повереник и својата работа треба да ја извршува совесно и внимателно. Секој од нив треба секогаш да се прашува: „Дали тоа што го направив е во склад со Божјата волја? Дали тоа ќе му биде угодно на мојот Откупител?" Библиската вера го воздигнува и облагородува умот, така што Христос е присутен во секоја наша мисла. Секоја постапка, секој збор, во секој момент на нашиот живот треба да носат отпечаток на нашата света вера. Крајот на сѐ нагло се приближува и не смееме да Неопходност од семејна дисциплина безделничиме ниту да живееме во задоволствата на овој свет, спротивставувајќи се на Божјата намера. {4C 191.1}

Со Господа не се шегува. Оние кои со презир ја запоставуваат Неговата милост, како и Неговите благослови во „овој (нивен) ден", додека им се пружаат можности и прилики, ќе бидат како предмет на Божјиот гнев протерани во најцрна темнина. Жителите на Содом и Гомор, поради нивните гревови и беззаконија заслужено ги стигнал гневот на Семоќниот. И денес има такви кои на сличен начин ја злоупотребуваат Божјата милост и ги презираат Неговите опомени. Но на денот на Божјиот суд полесно ќе им биде на Содом и Гомор отколку на оние кои се нарекуваат христијани, а го обесчестуваат Христа со својот непосветен живот. Таквите натрупуваат против себе голема казна кога Бог во Својот гнев ќе ги посети со Своите судови. {4C 191.2}

Грешниците кои немале толку голема светлина и предност како адвентистите на седмиот ден ќе бидат пред Бога во поповолна положба поради своето незнаење отколку оние кои биле тесно поврзани со Неговото дело, тврдејќи дека Го љубат и дека Му служат, а сепак биле неверни. Христовите солзи на Маслинската гора и болката која го раскинувала Неговото срце предизвикани се од неблагодарноста на оние кои важеле како Негов избран народ. Тој неуморно се трудел да ги спаси од судбината кои самите ја избрале, но тие не го препознале времето во кое живеат и со тоа дефинитивно ја отфрлиле понудата на Неговата милост. Денот на милост и привилегиите кои им биле дадени минувале, но тие до таа мера биле заслепени од гревот, така што воопшто не биле свесни за тоа. {4C 191.3}

Гледајќи низ вековите на иднината сѐ до завршетокот на земната историја и знаејќи со каква рамнодушност и невнимание повеќето ќе возвраќаат на Неговата љубов и Неговите опомени, Христос на сите такви им упатува зборови на најсериозно предупредување дека не го познаваат времето во кое живеат. Како што Евреите сами ги собирале мрачните облаци на одмазда над своите глави, и денес на ист начин - со пропуштање на пружените прилики, со исмевање на Христовите совети полни со љубов и со презир, па дури и омраза против Неговите слуги затоа што тие им ја зборуваат вистината - многумина ја навлекуваат на себе жестината на Божјиот гнев. {4C 192.1}

Нема место на лицето на Земјата каде што светлината на вистината на припадниците на нашиот народ е дадена во такво изобилство како во _____. Дури ниту патеката на ерусалимските жители во Стариот завет не ја осветлувале поблескави

зраци на небесната светлина. Сепак тие одбиваат во вера и послушност да одат по таа блескаво осветлена патека, служејќи Му на Бога ден и ноќ. И затоа што занемаруваат да ја следат светлината откриена преку Светиот Дух, тие остануваат во верата толку слаби и мали. Енергијата и љубовта зацврстуваат ако практично ги применуваме во секојдневниот живот и христијанските особини можат да се развијат само ако грижливо ги негуваме. {4C 192.2}

Потреба од семејна дисциплина

Духовната состојба на многумина во _____ е навистина загрижувачка; тоа е посебно случај со повеќето млади луѓе. Доселувајќи се со семејството на ова место, многумина мислат дека тие на тој начин нема да претставуваат товар за црквата, туку дека ќе ѝ бидат од корист. Меѓутоа, во повеќето случаи се случува нешто спротивно. Пропустот на родителите правилно да ги дисциплинираат своите деца станува извор на зла во многу семејства. Младите не се ограничувани навреме како што би требало. Родителите не се придржуваат до упатствата на Божјата реч во тој поглед и децата го преземаат кормилото на управување во своите неискусни раце. Во многу случаи, исходот е таков што децата господарат со своите родители, наместо да бидат под нивен авторитет. {4C 192.3}

Родителите често се слепи за вистинската состојба на своите деца кои успеваат потполно да ги измамат. Меѓутоа, оние кои немаат никаква контрола над своите деца не сакаат други да им ги поправаат децата ниту да укажуваат на нивните недостатоци со намера да ги поправат. Напредокот на Божјото дело во _____ значително е забавен затоа што многу родители во таа голема црква ги донеле своите непослушни и недисциплинирани деца. Многумина трајно ја занемаруваат должноста да ги воспитуваат своите деца според советите дадени во Божјата реч; меѓутоа, токму таквите најгласно зборуваат за расипаноста на младите во _____, додека токму нивните деца со своето лошо влијание ги деморализирале младите со кои се дружат. {4C 193.1}

Родителите на ваквите семејства настојуваат своето тешко бреме да го пренесат на црквата. Тие дошле со погрешни сфаќања. Тие очекуваат црквата да ја прифати одговорноста, така што ќе ги направи христијани нивните деца - кои тие како родители не се во состојба да ги контролираат. На тој начин тие ѝ се наметнуваат на црквата како тежок и мачен товар. Тие би можеле да претставуваат вистинска помош за црквата кога потполно би ја отфрлиле својата себичност во настојување да го прославаат Бога и да ги исправат грешките што ги направиле во својот живот. Но тие не се ни обидуваат, туку се издигнуваат во својата гордост, подготвени да го критикуваат недостатокот на духовност во црквата, чија најголема несреќа е што меѓу своите членови има многу такви кои во срцето и во животот се потполно непосветени и кои продолжуваат да одат по потполно погрешен пат. За напредок и духовна виталност на нашите установи сместени во _____ голема пречка е што постојано мораат да го носат товарот на таквите кои во духовен поглед претставуваат болни и безживотни тела. {4C 193.2}

Критикување на оние кои носат товар на одговорност

Црквата трпи штета поради недостаток на несебични христијански работници. Кога од _____ би отишле сите оние кои не се во состојба да се спротивстават на искушенијата и кои се премногу слаби и самите да се одржат во верата, духовната

атмосфера во таа средина би била многу почиста. Оние кои живеат од туѓите пропусти и недостатоци, кои постојано се трујат со заразната атмосфера на слабоста на своите соседи, ставајќи се на тој начин во улога на мршојадци во црквата, не се од никаква корист за општеството на кое му припаѓаат, туку само товар за оние на кои постојано им задаваат удари. {4C 193.3}

На црквата не ѝ се потребни такви кои претставуваат само товар, туку сериозни работници; не оние кои постојано изнаоѓаат туѓи грешки, туку градители на Сион. Во големото срце на делото најмногу се потребни мисионери - луѓе подготвени да ја чуваат тврдината, цврсто како челик да стојат во одбрана на честа и угледот на оние кои Бог ги поставил на чело на Своето дело, давајќи сè од себе да го поддржат делото во сите негови гранки, жртвувајќи ги притоа своите лични интереси, па дури и својот живот, ако треба. Но, според она што ми е покажано, многу малку се оние на кои вистината им е во срцето и во душата, кои можат да го положат тестот на Божјата проверка. Многумина на зборови ја прифаќаат вистината, но вистината не ги прифаќа нив како такви, бидејќи не се согласуваат таа да ги промени во срцето и да ги очисти од секоја себичност. Некои од оние кои доаѓаат во _____ за да го помогнат делото, како и многумина кои таму веќе долго се членови, ќе мораат пред Бога да положат тешка сметка затоа што со своето самољубие и непосветен живот всушност претставуваат препрека за развој на делото. {4C 194.1}

Верата нема никакво спасоносно својство ако карактерот на оние кои ја исповедаат не одговара на она во што тие тврдат дека веруваат. Бог милостиво дал голема светлина на Својот народ во _____, но и сатаната има своја цел и тој ги сосредоточува своите најголеми напори токму на големото срце на делото. Тој придобива за себе мажи и жени кои се себични и непосветени и ги прави свои стражари кои треба будно да ги следат верните Божји слуги, за да ги клеветат нивните зборови, нивните постапки и нивните побуди и со критика и мрморење да ги оспоруваат нивните укори и опомени. Преку таквите тој поттикнува сомневање и завист, настојува да ја ослабне храброста на искрените верници, да им угоди на непосветените и да ги осуети напорите на Божјите слуги. {4C 194.2}

Со посредство на недисциплинираните деца, сатаната успева да загосподари со умот на родителите. Запоставувањето на родителските должности претставува карактеристичен грев на многумина кои ја празнуваат саботата. Склоноста кон озборување и прераскажување, сатаната посебно ја користи за да се сее раздор и кавга, да разделува и да ја поткопува верата на многумина во исправноста на нашето верување. Браќата и сестрите премногу често и со задоволство зборуваат за пропустите и грешките кои според нивно мислење ги прават другите, а особено оние кои бестрашно ја изнесуваат пораката на укор и опомена која Бог им ја дал. {4C 194.3}

Децата на овие незадоволници слушаат со отворени уши и го голтаат тој отров на незадоволство. На тој начин, родителите слепо ги затвораат приодите преку кои би можело да се допре до срцата на нивните деца. Колку многу семејства ги зачинуваат своите секојдневните оброци со за сомневање и испитување. Тие како да го сецираат карактерот на своите пријатели и тоа го изнесуваат на трпеза како посебен десерт. Клеветата се појавува како сладок залак и во оговарањето учествуваат не само возрасните туку и децата. На тој начин Бог е обесчестен. Христос вели: „Кога им направивте на овие мои најмали браќа, Мене ми направивте”. Според тоа, оние кои ги клеветат Божјите слуги, го омаловажуваат Христа. {4C 195.1}

За имињата на од Бога избраните слуги, без никаква почит, а во некои случаи дури и со отворен презир, зборуваат оние чија должност е да ги поддржуваат тие луѓе и да им ги држат рацете. Децата и младите не пропуштаат да ги слушаат забелешките на своите родители на сметка на свечените опомени и укори упатени преку Божјите слуги. Тие ги разбираат презривите шеги и потценувачките изрази кои често допираат до нивните уши и тоа ги наведува да ги стават светите и вечни интереси на исто рамниште со она што е обично и земно. Со ваквото однесување родителите создаваат неверници од своите деца веќе во самото нивно детство. Таквите деца без никаква почит застануваат против секој од Бога даден укор и осуда на гревот. Секаде каде што во семејството постои такво зло, неизбежно доаѓа до духовно опаѓање. А токму ваквите родители, заслепени од сатаната, често со чудење се прашуваат зошто нивните деца покажуваат склоност кон неверство и се сомневаат во вистинитоста на Библијата. Се чудат зошто е толку тешко да се придобијат за моралните вредности и верски влијанија. Кога самите би имале здрав духовен вид, веднаш би сфатиле дека оваа тажна состојба е последица токму на нивното семејно влијание, плод на нивната завист и недоверба. Така, во семејниот круг на оние кои тврдат дека се христијани се одгледуваат многу неверници. {4C 195.2}

Многумина наоѓаат посебно задоволство во задржувањето на реалните или вообразени недостатоци на оние кои носат тешки одговорности во институциите на Божјото дело. Тие ги губат од вид остварените успеси кои се резултат на неуморната работа и несебична предаденост на делото, додека некои привидни грешки и последици од нешто што веќе е направено особено ги нагласуваат, тврдејќи вообразено дека тие тоа би го направиле подобро и со видни резултати. Меѓутоа, ако тоа им било препуштено на нив, тие - исплашени од тешкотиите - би одбиле да се нафатат на овие должности, или би управувале далеку поневнимателно од оние кои, прифаќајќи се за делото продолжуваат по патот кој Бог, во Своето провидение, го отворил, пред нив. {4C 196.1}

За сè она што во делото не е по нивна волја, овие немирни дрдорковци се фаќаат како мов за нерамнините на површината на карпата. Задржувајќи се постојано на слабостите и пропустите на другите, тие самите сè повеќе закржлавуваат духовно. Тие стануваат морално неспособни да го воочат и признаат она што кај другите е добро и благородно, што претставува несебичен напор и вистинско јунаштво и самопожртвуваност. Со тоа тие не стануваат ниту малку поблагородни ниту повозвишени во својот живот и во христијанската надеж, ниту пак повеликодушни во своите погледи и планови. Тие не негуваат во своето срце братољубие кое треба да биде обележје на христијанскиот живот. Секој ден сè повеќе се изопачуваат и стануваат сè поисклучиви во своите предрасуди и во своите нереални погледи. Ситничарењето е нивен елемент и атмосферата со која се опкружени е вистински отров за мирот и среќата на христијанскиот живот. {4C 196.2}

Голем грев на припадниците на црквата во _____ е во тоа што не живеат во склад со светлината која Бог им ја дал преку Своите слуги. На Своите апостоли, Христос им рекол: „Кој вас ве прима, Мене Ме прима; а кој ме прима Мене, го прима и Оној Кој Мене Ме испрати”. Со ова јасно е кажано дека оние кои ги отфрлаат пораките на Божјите слуги го отфрлаат не само Синот, туку и Таткото. {4C 196.3}

Тој исто така нагласува: „Во кој град и да влезете и не ве примат, излегувајќи на неговите улици кажете: и правот од вашиот град кој се налепи на нас ви го тресеме; но знајте дека се приближи кон вас Божјото царство. Ви велам дека во оној ден ќе му биде

полесно на Содом отколку на овој град. Тешко на тебе, Хоразин! Тешко на тебе Витсаидо! Зашто ако во Тир и Сидон беа чудата што беа кај вас, одамна би се покајале, посипувајќи се со пепел. Но на Тир и на Сидон ќе им биде полесно на судот отколку на вас. И ти, Капернауме, кој се подигна до небото, ќе пропаднеш во пеколот. Кој вас ве слуша, Мене Ме слуша; а кој се откажува од вас, од Мене се откажува; а кој се откажува од Мене, се откажува од Оној Кој Мене Ме прати". {4C 197.1}

Колку е страшна сериозноста на овие зборови! Колку е важно да не ги отфрламе опомените и советите кои Бог ни ги упатува преку Своите понизни орудија, бидејќи презирајќи ја светлината која ни ја донесуваат Неговите гласници, го презираме и Спасителот на светот, Царот на славата. Многумина упорно тонат во таа опасност и се изложуваат на Божјата осуда и на Неговиот гнев. Со Семоќниот не треба да се шегуваме. Тој не дозволува Неговиот глас неказнето да се презира. {4C 197.2}

Лоши последици од попустливоста

Браќата Ц и Д не придонесуваат за напредок на делото во _____ што од нив со право се очекува. Ако во понизност и Божји страв совесно ги извршувале своите должности во црквата и во канцеларијата, би биле голем благослов за Божјото дело. Ако ја сфатиле својата одговорност пред Бога за воспитување и дисциплинирање на своите деца би можеле да бидат достоен пример на другите. На овие деца им е неопходно не само образование кое се стекнува во училиштето, туку исто така и домашно воспитување. За да можат своите умни и морални способност и рамномерно да ги развиваат потребно е со вежбање рамномерно да ги користат. За да се формира добро урамнотежен карактер, потребно е да се развиваат и физичките, и умните и духовните способности. {4C 197.3}

За да се постигне ова, децата треба будно да се чуваат, негуваат, а и дисциплинираат. Потребни се трпение и умешност за младите да се насочат на правилен начин. Извесни негативни склоности треба внимателно да се зауздаат и нежно да се укоруваат, а мислите постојано да се упатуваат на добро. Децата треба да се охрабруваат во настојување да владеат со себеси и сето тоа треба да се работи многу внимателно, инаку нема да се постигне саканата цел. {4C 198.1}

Родителите можеби ќе се запрашаат: „Кој е способен за ова?" За тоа може само Бог да ги оспособи; и ако не Го прашаат во молитва и не бараат Негова помош и совет, нивните напори ќе останат залудни. Но, со молитва, проучување на Светите Списи и со сесрдно ревнување од своја страна, тие можат да постигнат таков успех во оваа значајна и благородна должност, така што вложениот труд ќе им се награди. Но, родителите во озборување и грижа за надворешниот изглед губат драгоцено време кое би требало да го посветат во молитва за мудрост и сила од Бога, за да ја извршат својата најсвета должност. Родителите кои совесно размислуваат за спасението на своите деца ќе се трудат да им обезбедат поволно опкружување за развој на христијанскиот карактер. Тоа е речиси секогаш во нивна моќ. Изворот на вистинска мудрост, од кој можат да ги црпат сите знаења неопходни во таа насока, им се наоѓа на дофат на раката. {4C 198.2}

Светото Писмо, книга која е толку богата со поуки, треба да биде нивен учебник. Воспитувајќи ги своите деца во склад со упатствата на Божјата реч, тие не само што ги упатуваат нивните млади нозе на прав пат, туку и самите постојано се учат на своите најсвети должности. Впечатоците кои умот ги прима во младоста тешко се бришат;

колку тогаш е важно тие влијанија да бидат позитивни и прилагодливите способности на младите да ги насочат во добар правец! {4C 198.3}

Некои родители дојдоа во _____ со своите деца и нив ги препуштија во потполност на грижа на црквата, како со тоа да ја симнуваат од себе секоја одговорност за нивното морално и верско воспитување. Братот и сестрата Ц како и братот и сестрата Д, направиле сериозен пропуст во воспитувањето и животното насочување на своите деца. Нивните деца ликуваат во својата слобода да работат што сакаат. Ослободени од домашните одговорности, тие деца го презираат секое ограничување. Животот на корисна работа за нив е ропско потчинување. Попуштањето во семејството ги направило неспособни за било какви должности и како неизбежна последица од тоа, тие се бунат и против училишната дисциплина. Прифаќајќи ги жалбите на своите деца и верувајќи им, родителите често ги сожалуваат поради наводните болки и маки кои само ги вообразиле и на тој начин ги охрабруваат да прават зло. Таквите родители многупати наседнуваат на најобични лаги кои им ги подметнуваат нивните неискрени деца. Неколку вакви незауздани и склони кон преправање деца, можат да го срушат секој авторитет во училиштето и да ги деморализираат младите во нашата црква. {4C 198.4}

На небото владее совршен ред, совршена слога и еднодушност. Ако родителите занемарат правилно да ги дисциплинираат своите деца додека се овде на земјата, како можат да очекуваат таквите да бидат примени во друштво на светите ангели во свет мир и хармонија? Попустливите родители кои ги оправдуваат сериозните пропусти на своите деца, ги потхрануваат бунтовните елементи кои внесуваат раздор во општеството, поткопувајќи го авторитетот и во училиштето и во црквата. {4C 199.1}

На воспитувањето на децата, како никогаш порано, е неопходно да се посвети будна грижа и надзор, бидејќи сатаната настојува со сите сили да завладее со нивниот ум и срце и потполно да го отстрани присуството на Светиот Дух од нивните мисли. Страшната состојба на младите во денешно време претставува еден од најсериозните знаци дека живееме во последните денови, но многумина од нив пропаѓаат токму поради погрешниот став и постапување на нивните родители. Спротивставувањето на секој укор зафатило длабок корен и непослушноста е само неизбежна последица од тоа. На родителите не им е по волја патот по кој продолжуваат нивните деца, но не ги увидуваат и своите и нивните заблуди кои ги прават такви какви што се. {4C 199.2}

Илија ставал приговори на своите синови, но не бил одлучен во настојувањето да ги заузда. Бог го предупредил попустливиот и пречувствителен татко дека неговата немарност не може да остане неказнета, но тој ниту тогаш не го сфатил значењето на неодложното искоренување на ова зло од Израел. Требало без одложување да преземе најодлучни мерки; но наместо тоа, тој само со видна потчинетост рекол: „Господ е, нека прави што Му е волја”. Ако се пробудил, увидувајќи ја сета тежина на својата немарност, Израел би бил спасен од понижување и пораз и Божјиот ковчег не би паднал во рацете на непријателот. {4C 199.3}

Бог го осудува немарното поигрување со гревот и беззаконието, како и неодговорното и бавно разоткривање на тоа страшно зло во семејствата на оние кои исповедаат христијанство. Тој ги смета родителите во голема мера одговорни за пропустите и лудостите на нивното потомство. Божјите казни стигнале не само на Илиевите синови, туку и на него самиот; овој страшен пример треба да биде опомена за нашите родители. {4C 200.1}

Додека ја набљудувам опасноста на положбата во која се наоѓаат нашите млади и рамнодушноста на родителите кон добробитта на нивните деца, срцето ме боли од тоа; ангелите тагуваат и плачат во длабока болка. Младите заминуваат во светот, во рацете на сатаната. Тие стануваат сè помалку подложни на спасоносното влијание на божествената благодат; а сè повеќе дрски и непокорни, покажувајќи сè поголем презир кон своите вечни интереси. Видов како сатаната го подига своето знаме во семејствата на оние кои тврдат дека се Божји избраници; но оние кои навистина одат во светлина, треба јасно да ја воочуваат разликата помеѓу црното знаме на непријателот и Христовото знаме попрскано со крв. {4C 200.2}

Децата треба да се поучуваат со поука и со пример. На своите големи и тешки одговорности родителите треба да им пристапуваат со страв и трепет. Треба да се упатуваат најсесрдни молитви за божествена сила и водство во таа задача. Семето на суета и себичност, во срцата на децата во многу семејства се сее уште во нивното најрано детство. Во нивно присуство со пофалба се истакнуваат нивните мали лукавства и остроумности, за кои со претерување се раскажува и на други. Малечките го забележуваат тоа и стануваат сè повеќе важни во своите очи. Тие се осмелуваат да ги прекинуваат постарите во разговорот и стануваат наметливи без никаков срам. Ласкањето и попуштањето развива во нив суета и самоволие, така што најмладите често господарат со цело семејство, вклучувајќи ги тука и таткото и мајката. {4C 200.3}

Склоностите стекнати со ваков начин на воспитување не можат да се искоренат кога детето ќе порасне и ќе почне позрело да расудува. Заедно со возраста растат и овие склоности и она што кај детето изгледало остроумно, во однесувањето на зрелата личност станува одвратно, па дури и неморално. Таквите копнеат да господарат над сите во своето опкружување и кога некој ќе се спротивстави на нивните желби, тие се чувствуваат навредени. Тоа е само затоа што во младоста им се попуштало во сè, наместо да се привикнуваат на самооткажување, што е неопходно за да можат да се поднесуваат тешкотиите и мачните напори кои животот неминовно ги донесува. {4C 201.1}

Родителите често ги размажуваат своите деца и на младите им попуштаат, бидејќи им се чини дека на тој начин е полесно да се излезе на крај со нив. Полесно е да се пуштат да одат по свој пат, отколку да се спречат негативните склоности кои толку силно се будат во нивните гради. Така постапуваат само кукавиците. Неморално е така да се отфрлаат одговорностите, зашто ќе дојде време кога децата чии неконтролирани склоности на овој начин прераснале во прави пороци ќе донесат срам и на себе и на своето семејство. Тие во деловниот живот поаѓаат потполно неподготвени за искушенијата кои тој со себе ги донесува, недоволно силни да поднесуваат потешкотии и неволи, подложни на страстите, недисциплинирани и секогаш подготвени другите да ги потчинат на својата волја, и кога тоа нема да им појде од рака, тогаш сметаат дека цел свет е против нив и се бунат против сè и секој. {4C 201.2}

Поуките примени во детството, добри или лоши, остануваат трајно во душата. Карактерот се формира и развива во младоста за добро или за зло. Во своето семејство можат да се очекуваат и незаслужени пофалби и ласкања; во светот секој прима според своите заслуги. Оние кои во родителскиот дом биле разгалени, на кои сите им попуштале, сега секој ден доживуваат вистинско мачење, бидејќи се принудени да попуштаат на другите. На многумина дури ваквото животно искуство им го покажува нивното вистинско место во животот. Неуспесите, разочарувањата и отвореното мислење на претпоставените за нив дури тогаш ги принудуваат да ја сфатат својата

вистинска вредност и со понижување да го прифатат местото кое навистина им припаѓа. Тоа за нив е сурово искушение низ кое мора да минат, а можеле да бидат поштедени од тоа ако правилно биле воспитани во својата младост. {4C 201.3}

Повеќето од вака недисциплинираните се судираат во животот со својата околина и доживуваат неуспех и таму каде што би можеле да бидат успешни. Кога ќе пораснат, ваквите сметаат дека другите ги отфрлаат затоа што не им ласкаат и не ги галат. Својата одмазда тие тогаш ја изливаат во својот горделив став и мрморат против целиот свет. Околностите понекогаш ги принудуваат да се покажуваат понизни, какви што всушност не се, но таквото држење не им е природно и својот прав карактер тие неминовно го покажуваат порано или подоцна. {4C 202.1}

Ако таквите стекнат семејство, тие во домот стануваат тирански господари пуштајќи ги потполно на волјата на своите себични и неразумни склоности, кои пред надворешниот свет се принудени барем делумно да ги прикриваат. Оние кои им се потчинети или на некој начин зависат од нив, ги чувствуваат сите пропусти на нивното рано воспитување. Зошто родителите така би ги воспитувале своите деца да бидат во постојана војна со сите со кои доаѓаат во допир? {4C 202.2}

Воспитувањето кои таквите го примаат во своето детство влијае и на нивниот верски живот. Несогласувањата кои се покажуваат погубни за напредокот на црквата и кои се вистински камен на сопнување за неверниците наведувајќи ги на сомнежи и негодување, најчесто потекнуваат од бунтовнички непотчинетиот дух, кој е плод на родителската попустливост во раната младост. Колкумина од нив доживеале бродолом во својот живот, колку злосторства се направени под влијание на неконтролираната страст која можела да биде совладана во детството додека умот бил подложен на влијанието и додека срцето можело лесно да се придобие за добро и да се потчини на волјата на нежната мајка. Неуспехот во воспитувањето на децата е основна причина што многумина од нив доживуваат морален бродолом во својот живот. {4C 202.3}

Оние на кои како деца им се дозволува да одат по сопствениот пат не се среќни. Во непотчинетото срце нема ниту мир ниту задоволство. Умот и срцето мораат да се дисциплинираат со правилно ограничување за да може карактерот да се доведе во склад со мудро одредените закони кои владеат со нашето битие. Плодови на попуштањето се немир и незадоволство. Тлото на срцето, како и земјата во градината, донесува само плевел и трње ако не се засее со драгоцено семе на цвеќиња и ако не му се подари грижлива нега и внимание. Како што е во видливата природа, така е и со човечкото срце. {4C 202.4}

Младите во _____ се наоѓаат во многу лоша состојба. Додека поединци од таа црква се оптоваруваат со наводна грижа за оние кои заземаат одговорни положби, пронаоѓајќи ги нивните грешки и мрморејќи против укорот, давајќи израз на своите сомнежи и прераскажувајќи што другите треба да работат, тие самите во душата се опкружени со густа темнина, а децата им се препуштени сами на себе, па покажуваат ист дух како и родителите. Таквата склоност има цел да ги укине сите ограничувања и секој авторитет. Бог ги смета родителите одговорни за сите зла и непослушноста на младите кои се под нивна грижа. {4C 203.1}

Сатаната има чудесен успех во остварувањето на своите планови. Луѓе со искуство, татковци на семејства кои покажуваат толку тврдоглаво спротивставување кога ќе им се попречи патот, со самото тоа јасно покажуваат дека не се во состојба да владеат со себеси. Како таквите можат да ги контролираат своите деца, кои одејќи по сопствен пат го презираат нивниот авторитет и секое друго ограничување, кога и самите се бунат

против авторитетот на црквата и установите во кои работат? Некои од овие таканаречени христијани на тој начин се предаваат во рацете на сатаната и стануваат негови орудија. Покажувајќи ја својата непокорност и постојано незадоволство, тие влијаат и на другите да застанат против вистината. Додека со зборови ја исповедаат вистината, тие горделиво застануваат против Семоќниот; и пред воопшто да станат свесни за тежината на својот грев, тие веќе ја остариле целта на непријателот. Впечатокот е оставен, мрачната сенка е фрлена, сатанските стрели ја погодија својата цел. Од малку квасец скиснува сето тесто. Неверството се вовлекува потајно и ги обзема мислите и на оние кои инаку би ја прифатиле вистината во целост. {4C 203.2}

Во меѓувреме, оние кои грчевито работат за сатаната спокојно гледаат на оние кои тонат во скептицизам и на кои укорите и најсердните повици немаат никакво влијание. Иако под влијание на тоа зло се впуштаат во неверство подлабоко отколку што и самите се осмелувале да одат, тие си ласкаат себеси дека, во споредба со спомнатите, се полни со доблести. Тие не увидуваат дека овие тажни случаи се плод на нивниот незауздан јазик и безбожната непокорност и дека паднале во искушение благодарение на нивното лошо влијание. Тие се причина за потешкотиите, тие го сеат семето на анархија и неверство. {4C 203.3}

Ниту едно семејство нема право да ги праќа своите деца во _____, кои не биле под контрола на своите родители. Ова не е место за деца чии родители не ги уважуваат упатствата на Божјата реч во поглед на воспитувањето и образованието на своите деца. Таквите деца биле само средство за деморализирање на младите во ова место, внесувајќи неслога таму каде што треба да владеат мир и напредок. Таквите родители треба да се прифатат за својата запоставена задача да ги зауздаат своите деца и да ги дисциплинираат пред да се осмелат да ѝ ги наметнат на црквата во _____ {4C 204.1}

Многумина од нив, затоа што ги занемаруваат своите деца се виновни пред Бога исто така како што бил и Илија и ќе ги стигне Божјата казна како што го стигнала и него. Случајот на братот Б е исклучително забележлив. Божјата рака во гнев и казнување е испружена не само над неговите деца, туку и над него самиот. Божјата реч му била јасно изложена, но нејзините совети, опомени и укори се фрлени под нозе; на сето тоа тој не се обsирал и затоа го стигнало заслуженото проклетство. Страшен грев е да се занемари воспитувањето на своите деца. Не само што децата поради тоа се изгубени, туку и родителите - оддалечувајќи се толку од Бога, така што го изгубиле секое чувство за својата света одговорност - се наоѓаат во голема опасност да го изгубат вечниот живот. {4C 204.2}

Лесноумни и попустливи родители, за упатство и поука ви го цитирам налогот кој е даден во Библијата за постапување со бунтовнички непокорниот син: „Кој има самоволен и непокорен син, кој не ги слуша својот татко ниту својата мајка, и кого тие го караат, а тој повторно не слуша, нека го земат таткото и мајката и нека го одведат кај старешините на својот град. Потоа нека им кажат на старешините на тој град: овој наш син е самоволен и непокорен и не нè слуша. Тогаш сите луѓе од она место нека го засипат со камења за да погине; и така да го извади злото од себе, па сиот Израел да слушне и да се плаши”. {4C 204.3}

Многу грижливо треба да се внимава и на младите и на постарите кои работат во издавачката дејност, за нивното влијание да не биде такво што ќе ја неутрализира целта на постоењето на оваа установа. Ако било кој од оние кои се тука вработени со своето влијание ќе одвои некого од Бога и од вистината, ниту за еден момент не треба да постои двоумење како да се постапи со таквиот. Таквите веднаш треба да се отстранат

од канцеларијата, бидејќи тие одведуваат од Христа наместо да собираат со Него. Тие во суштина се сатански слуги. {4C 205.1}

Ако меѓу вработените во канцеларијата има млади кои, не го почитуваат родителскиот авторитет, и се непокорни во својот дом, презирајќи го секој совет и секое ограничување, над таквите ќе падне Божје проклетство; и не само над нив туку и над установата, ако и понатаму бидат задржани во службата, пружајќи им можност да ги расипуваат младите со кои доаѓаат во допир. Оние кои заземаат одговорни положби во таа установа одговорни се и за влијанието кое тука се шири; и ако рамнодушно преминуваат преку однесувањето на своите непослушни и непокајани работници, тие стануваат соучесници во нивниот грев. {4C 205.2}

Тука имаше многу прекривање и беззаконие. Бог бара да дојде до одлучна промена. За работа во Неговото дело треба да се бираат такви млади кои се подготвени благодарение на тоа дело да се поправат, облагородат и вистински да се издигнат. Во секоја доверлива должност се бара точност и потполна лојалност, а тоа особено важи за големото срце на делото. Оние кои ја исповедаат вистината должни се како секогаш будните стражари, постојано да бдеат над интересите на Божјото дело во нашите установи, чувајќи се и себеси и другите од сè што би можело да претставува духовен отров и зараза. {4C 205.3}

На оние кои се задоени со духот на независност, а дошле во _____ како студенти во нашето тамошно училиште, мислејќи дека во сè можат да работат како што сакаат, треба без одложување да им се отворат очите и да се потчинат на соодветна дисциплина. Особено младите кои постојано живеат во _____ треба да се упатуваат строго да ги почитуваат поставените правила, за да ја сочуваат својата морална чистота. Оние кои не сакаат да се потчинат на овие правила треба да се исклучат од училиштето и да им се оневозможи дружење со оние кои само би ги деморализирале со својот лош пример. {4C 205.4}

Родителите кои живеат во далечни места ги испраќаат своите деца и млади во _____, верувајќи најискрено дека тие тука ќе примат вистинска морална обука и дека нема да бидат изложени на лоши влијанија. Затоа должност на покровителите на нашето училиште е да ја одржуваат чиста моралната атмосфера. Недостатокот на пристојност и строго почитување на христијанските доблести во _____ се забележува меѓу младите и од едниот и од другиот пол. Некои од таквите, чија морална свест е на ниско ниво, со своето однесување влијаат на помладите студенти кои дошле од далечни места и на кои тука им недостига предноста на родителскиот совет и заштита. На ова треба веднаш да му се посвети најголемо внимание, бидејќи тоа е прашање од многу сериозно значење. {4C 206.1}

Меѓу младите во _____ има поединци кои со своето влијание деморализираат и други. Тие очевидно мислат дека манифестирањето на независност и непочитувањето на родителите е вредно за пофалба. Карактерните особини на таквите, апостол Павле точно ги опишува со зборовите: „Но знај дека во последните денови ќе настапат тешки времиња, бидејќи луѓето ќе станат саможиви, сребролупци, горделиви, непокорни на родителите, неблагодарни, непобожни, бесчувствителни, непомирливи, клеветници, невоздржани, сурови, недружељубиви, надуени, кои повеќе марат за сластите отколку за Бога”. {4C 206.2}

Влијанието на ваквите врз останатите млади во _____ е многу штетно. Нивните разговори и нивниот пример заслужуваат само презир. Младите со стабилен морал и возвишен христијански карактер нема да чувствуваат никаква привлечност за дружење

со таквите и затоа се надвор од досегот на нивното влијание. Но има млади и од едниот и од другиот пол кои наоѓаат задоволство токму во друштво на таквите. Сатаната постигнал виден успех во парализирање на духовната чувствителност на поединците кои верувале во вистината, настојувајќи да го збунува нивниот ум со погрешни идеи сè додека не станале потполно неспособни да го разликуваат доброто од злото. Тогаш им се дошепнувани сомневања со цел да ја поткопаат нивната доверба во избраните Божји слуги и така се турнати во потполно неверство. {4C 206.3}

Кога младите за свое друштво би ги бирале оние чиј живот служи на чест на нивната вера, би се избегнале многу сериозни опасности. Сатаната постојано копнее да ги упропасти оние кои се незнајковци во поглед на неговите лукавства, но кои сепак сметаат дека не им се посебно потребни ниту молитва, ниту советите на искусните и побожни пријатели. Многумина од младите кои во _____ доаѓаат со искрена намера да живеат со христијански живот паѓаат под влијание на таквите кои, под превезот на пријателство, водат право во сатанските стапици. Непријателот не доаѓа секогаш како лав кој рика; тој често се појавува како ангел на светлината, покажувајќи пријателско држење и вовлекувајќи ги неискусните во такви искушенија на кои тие тешко можат да се спротивстават. Своите измамнички цели тој понекогаш ги поттикнува и така што кај невнимателните ќе предизвика сожалување, претставувајќи им се како праведник кој без причина е прогонет. {4C 207.1}

Сатаната наоѓа помошници кои се волни да работат за него. Во тој поглед тој покажува вештина усовршувана со вековно искуство. За да ги оствари своите злобни цели, тој се служи со знаењето наталожено во текот на многу векови. Во својата неупатеност, младите често се стават на располагање на сатаната за да ги користи како свое орудие во заведување и упропастување на другите. Оние кои подлегнуваат на силата на сатанските измами не постигнуваат со тоа никаква среќа. Тие никогаш не се задоволни ниту смирени. Полни се со незадоволство, мрзоволни, раздразливи, неблагодарни и секогаш подготвени на бунт. Такво е и момчето за кое овде станува збор. Но ако искрено се покае и обрати, Бог сигурно нема да му ја ускрати Својата милост. Откупувачката Христова крв може да го измие од неговите гревови. {4C 207.2}

Спасителот на светот им нуди на заблудените дар на вечен живот. Одзивот на понудата на Својата љубов и простување Тој го очекува со сочувство понежно од љубовта која го поттикнува земниот родител да му прости на својот самоволен и несреќен, но покајнички син. Оние кои талкаат, Тој ги повикува: „Вратете се кај Мене и Јас ќе се вратам кај вас”. Ако грешникот упорно одбива да го послуша гласот на милоста кој го повикува со толку нежно сочувство и љубов, неговата душа ќе биде препуштена да остане во темнина. Ако, занемарувајќи ги сите дадени прилики, упорно продолжи по својот лош пат, Божјиот гнев ќе го снајде тогаш кога тоа воопшто нема да го очекува. „Човекот кој по карањето останува тврдоглав”, вели еден мудар човек, „наеднаш ќе пропадне, така што нема да има лек”. Ова момче многу лесно го земало авторитетот на својот татко и ги презрело сите ограничувања. Господовиот страв е почеток на мудроста и претставува темел на правилно воспитување. Оние кои, имајќи поволни прилики, пропуштиле да ја научат оваа прва и најголема поука, не само што самите се дисквалификувале за служба во Божјото дело, туку се и право зло за опкружувањето во кое живеат. {4C 207.3}

Мудриот Соломон вака ги опоменува младите: „Сине мој, слушај ја поуката на својот татко и не отфрлај го заветот на својата мајка; зашто тоа е красен венец за главата твоја и за вратот твој. Синко, ако те мамат грешници, не попуштај… Мудроста говори

високо на улицата, го крева гласот свој по плоштадите, проповеда во главните места за собирање, при влезовите на градските порти смело говори: ‘До кога незнајници, ќе го сакате незнаењето? До кога бујните ќе се насладуваат со бујноста? До кога глупавите ќе го мразат знаењето? Обрнете се кон моите изобличувања; еве јас ќе го излеам духот свој врз вас, ќе ви ги кажам зборовите свои.’” {4C 208.1}

„Јас викав, а вие не послушавте; ја протегав својата рака, но никој не ја забележа; вие ги отфрливте моите совети, не внимававте кога ве изобличував. Затоа ќе се насмеам на вашата погибел; ќе се зарадувам кога ќе ве снајде ужас, кога ќе ве нападне ужас како бура и зло како виор, кога ќе ве снајде неволја и мака. Тогаш ќе ме викаат, но јас нема да чујам; ќе ме бараат и нема да ме најдат. Затоа што го намразија знаењето и не го примија стравот Господов; затоа што не го примија мојот совет и ги презреа моите разобличувања. Поради тоа тие ќе јадат од плодовите на своите патишта и ќе се наситуваат од своите замисли. Зашто неразумните ќе ги убие нивната упорност, а глупавите ќе ги погуби нивната негрижа; но кој мене ме слуша, ќе живее безопасно и спокојно, не плашејќи се од злото”. {4C 208.2}

Во сите наши установи во _____ треба да се одржува ред. Непослушноста не смее да се толерира. Ниту еден од оние кои во детството се поучувани во домот на верните родители и кои имале предност да ја запознаат вистината, па сепак се бунат против нејзините учења, не треба да се задржуваат во канцеларијата за публикации. Ниту една личност која со омаловажување и непочитување зборува за нашата света вера не треба да работи во ова свето Божје дело. Оние кои долго биле поврзани со оваа институција и имале големи можности да се запознаат со нашата вера, а сепак манифестираат противење кон вистината, не треба повеќе да се задржуваат во канцеларијата. Продолжувајќи да ја запоставуваат светлината и омаловажувајќи го спасението, нивното влијание е против вистината. Таа незаинтересираност има обесхрабрувачко влијание на верата на другите и ги оддалечува од Бога. Овие непокајани и непоправливи бунтовници не треба да се остават на положбите кои можат да ги заземат оние кои ја почитуваат вистината и кои под влијание на Светиот Дух ќе бидат со сето срце врзани за ова свето дело. {4C 209.1}

Влијанието на нашите млади во канцеларијата не е она што би требало да биде. А и Б во суштина работат наспроти интересите на делото. Со своите зборови и однесување тие предизвикуваат гадење кај неверниците и ги оддалечуваат од верата и од Христа. Младите кои не ги слушаат опомените на Божјата реч и го омаловажуваат Сведоштвото на Неговиот Дух можат да бидат само живо проклетство за установата и треба што побргу да се оддалечат од неа. {4C 209.2}

Младите кои со своето влијание ги деморализираат другите никако не треба да се примаат во нашите училишта. Оние кои се оддаваат на болната сентименталност и посетувањето на училиштето го користат како прилика за додоворување и укажување на недолично внимание, треба најстрого да се ограничуваат. Авторитетот мора да се почитува. Правдата и милоста се сестри близначки и секогаш треба да одат заедно. {4C 209.3}

Ако не се преземат никакви напори постоечката состојба во _____ да се подобри, тоа наскоро ќе стане место каде што ќе се поттикнуваат порокот, расипништвото и неморалот. Можат ли родителите и оние на кои им е доверена грижата за нашите установи мирно да спијат додека сатаната ги запоседнува мислите и душите на нивните деца? Бог се гади од гревовите кои се негуваат и прикриваат во црквата, се толерираат во канцеларијата и наоѓаат заштита под родителскиот покрив. Родителите и сите оние

кои имаат било каков авторитет најсердно нека се заложат да го истребат ова зло од нашите редови. {4C 210.1}

Ние живееме во последните денови. Мислејќи токму на ова време, Јован вели: „Тешко на вас кои живеете на земјата и во морето, бидејќи ѓаволот се симна кај вас и многу се налути, знаејќи дека има малку време". Христос е наше единствено засолниште во овие опасни времиња. Сатаната делува подмолно и во темнина. Тој лукаво ги заведува Христовите следбеници да го одбегнуваат крстот и да се оддадат на задоволување на телесните желби и неморал. {4C 210.2}

Виталните интереси и институции на црквата сместени се во _____ и сатаната се бори против сè што придонесува за напредок на Христовото дело, а неговата моќ ја слабее. Тој ревносно создава планови како да го поткопа Божјото дело. Тој не може да мирува ниту еден момент кога гледа дека правдата избива на површина. Тој има легиони на зли ангели кои без одложување ги испраќа на секое место каде што небесната светлина допира до некое срце. Токму тука тие поставуваат свои заседи кои кришум ги фаќаат во своите мрежи сите невнимателни, без оглед дали тоа се возрасни мажи и жени или пак деца. {4C 210.3}

Големото срце на нашето дело се наоѓа во _____; и како што срцето во човечкиот организам испраќа крв во сите делови на телото, така и водечките луѓе од централата на нашата црква влијаат на целото тело на верникот. Ако срцето во едно тело е здраво, тогаш е здрава и крвта со која токму срцето го снабдува организмот; но ако самиот тој извор е нечист, целиот организам со посредство на крвотокот, наместо здравје постојано прима отрови. Така е и со црквата. Ако во срцето на делото постои изопаченост, последиците од тоа ја погодуваат целата црква и тоа се одразува во сите нејзини гранки и потфати ширум светот. {4C 210.4}

Својата дејност сатаната посебно ја насочува против централата на нашата црква. Тој не штеди никакви напори во настојувањето да ги изопачи луѓето на одговорни положби, наведувајќи ги да ја изневерат довербата што им е укажана. Тој ги наведува на сомневање и завист оние чија задача е совесно да го водат Божјото дело. Додека Бог со испотување и проверка ги оспособува овие Свои следбеници за нивните должности, сатаната прави сè што е во негова моќ да ги измами и заведе за да се упропастат не само себеси, туку и многу други и со своето лошо влијание да му нанесат штета на ова големо дело. Со сите средства кои му стојат на располагање тој настојува да ја разниша верата на Божјиот народ во гласот на опомени и укори со кои Бог сака да ја очисти црквата и да го унапреди Своето дело. {4C 210.5}

План на сатаната е да ја ослаби верата на Божјиот народ во Сведоштвата. Потоа следи скептицизам во поглед на битните точки на нашата вера, кои претставуваат столбови на нашето сфаќање, а потоа сомнеж и во Светото Писмо и конечно пат во пропаст. Кога измамените ќе почнат да се сомневаат во Сведоштвата во кои некогаш верувале, сатаната знае дека тие нема да запрат на тоа, и затоа ги зголемува своите напори сè додека не ги наведе на целосен бунт, кој станува неизлечив и завршува со пропаст. {4C 211.1}

Сатаната успеал да стекне видна предност во _____, бидејќи стражарите во Божјиот народ не биле будни. Токму оние луѓе чии напори Бог би ги прифатил со задоволство ако биле во потполност посветени на Него, измамени се од непријателот, ги запоставуваат своите должности и наместо да бидат помош и благослов за делото, се покажуваат само како страшен товар. Овие луѓе на кои им е доверено чувањето на

тврдината, со своето предавство само што не ја предале во рацете на непријателот. Тие ја отвораат вратата на лукавиот непријател кој копнее само да ги уништи. {4C 211.2}

Луѓе со искуство во делото виделе раце кои кришум ја отвораат портата на тврдината за да може сатаната да влезе, но и понатаму останале рамнодушни како воопшто да не ги засегаат последиците од тоа. За жал, некои и се радуваат на тоа, мислејќи дека во светлината на тоа нивните грешки од минатото ќе изгледаат помали, грешки поради кои се укажала потребата на одговорните места кои тие ги злоупотребиле да се доведат други. Со недостаток на будност кај тие нови служители тие ги оправдуваат своите поранешни пропусти, бидејќи ете, се покажало дека и други се исто толку несовесни на должноста. Таквите не сфаќаат дека Бог ќе ги смета одговорни за секоја предност дадена на непријателот за да влезе во тврдината. За сите загуби настанати поради тоа, одговорноста паѓа на несовесните стражари, кои со својата немарност стануваат соработници на непријателот во уништување на душите. Луѓето на одговорни положби секогаш треба да бараат од Бога мудрост и водство, а не да се потпираат на сопствениот суд и знаење. Слично на Соломон и тие за светлина и знаење треба најсесрдно да Му се молат на Бога, а Тој со задоволство ќе им даде од Својот неисцрпен извор. {4C 211.3}

Бог сака во Неговото дело да се работи промислено, а не на случаен (неорганизиран) начин. Тој сака сè да биде направено совршено и точно, за да може на тоа да стави печат на Своето одобрување. Оние кои Го љубат и одат во стравопочитување и понизност пред Него, Тој ќе ги благослови со Своето водство и постојана поврзаност со небото. На работниците кои со полна доверба ќе се потпрат на Него Тој ќе им подари мудрост и сила да ги исправат своите слабости и своите работи во Неговото дело да ги извршуваат совршено. {4C 212.1}

Мораме да го земеме сето Божје оружје и да бидеме подготвени успешно да се спротивставиме на секој напад на непријателот. Неговата злоба и свирепа моќ често не се земаат доволно сериозно. Кога нема да успее на еден начин, тој зазема нова положба, ја менува тактиката, служејќи се дури и со чуда за да ги измами и уништи човечките синови. Младите треба постојано и грижливо да се предупредуваат на неговата моќ, поучувајќи ги трпеливо и со молитва како да се спротивстават на искушенијата со кои сигурно ќе се сретнуваат во овој живот. Треба да се учат цврсто да се држат за Божјата реч и внимателно да ги прифаќаат советите. {4C 212.2}

Живата вера во заслугите на распнатиот и воскреснат Спасител ќе ги поведе безбедно низ вжарената печка на потешкотии и неволи. Присутноста на Четвртиот ќе ги следи и во огнот на вжарената печка, кој нема да го остави дури ниту својот здив на нивната облека. Младите треба да се поттикнуваат студиозно да ја проучуваат Библијата и да имаат цврсти верски принципи, за да се одржат во опасностите на кои неизбежно ќе бидат изложени сите на земјата во последните денови од историјата на светот. {4C 212.3}

---

19. ПОТПОЛНА ПОСВЕТЕНОСТ

Следното сведоштво е напишано во текот на јануари 1875. година, а неговата вистинитост ја потврдува и братот Ц, нагласувајќи дека токму ова сведоштво му донело светлина и надеж. {4C 213.1}

Брате Ц, ти отпадна и се оддалечи од Бога. Твоите погледи за она што Бог бара од нас никогаш не биле одредени и точни. Тоа што многумина таканаречени христијани одат по погрешен пат не е никаков изговор да ги занемариш своите должности и да станеш помалку внимателен. Не си се посветил во потполност на Бога. Не ја чувствуваш во потполност својата зависност од Него и затоа им подлегнуваш на искушенијата и стануваш роб на сомневањата; оковите на неверството ја држат во ропство твојата душа. Со таквиот свој живот ти не го славиш Бога. Нашата вера понекогаш ти изгледа потполно сомнителна. Причината за тоа се наоѓа во тебе самиот. Вистината и лагата на овој свет толку се мешаат, така што не е секогаш лесно да се утврди јасната разлика помеѓу нив. Но зошто оној што тврди дека ја застапува вистината има толку малку сила? Затоа што не го увидува своето незнаење и своите слабости. Кога свесен за тоа, би бил недоверлив кон самиот себеси, би почувствувал колку му е потребна божествена помош за да се сочува од измамите на лукавиот непријател. Ние треба да бидеме делотворни христијани, несебични во срцето и во животот, имајќи ја во вид само славата на Божјото име. О, каков бродолом во верата - затворени усни и бесплоден живот - сретнуваме на сите страни! „Тоа е", вели ангелот, „затоа што подлегнале во искушението. Ништо не е толку штетно и погубно за мирот на душата како грешноста на неверството". {4C 213.2}

Не треба да се предаваш на очајот, мислејќи дека мораш да живееш и да умреш во ропството на сомнежи и неверство. Оправдување и сила можеме да најдеме во Господа. Потпри се на Него; со Негова сила можеш да ги изгаснеш сите распалени стрели на непријателот и да станеш повеќе од победник. Сè уште можеш да станеш потполно посветен на вистината или ако се одлучиш за спротивното, да продолжиш во мракот на неверството, да го изгубиш спасението и да изгубиш сè. Одејќи во светлина и извршувајќи ги налозите на Божјата волја, би можел да ја победиш својата себична природа. {4C 213.3}

Ти си подготвен да дадеш од своите пари за Божјото дело, но не и самиот себе. Не се чувствуваш повикан на таква жртва која вклучува и согласност за преземање на грижа; не покажуваш подготвеност на било какви лични напори за Христа, колку и да се скромни тие. Бог ќе те стави на проби повторно и повторно сè додека со понизно срце и дух не ја издржиш Неговата проверка и во потполност не се посветиш на работата и службата за Него. Тогаш ќе можеш да стекнеш вечен живот. Можеш да се развиеш во потполн човек во Исуса Христа, или пак да останеш духовно џуџе, не стекнувајќи ниту една победа. За што ќе се определиш, мој брате? Ќе сакаш ли да живееш со живот на самооткажување и самопожртвуваност прифаќајќи ги своите должности радосно и со цело срце, усовршувајќи го својот христијански карактер и борејќи се за неминлива награда? Или пак ќе живееш само за себе и ќе го изгубиш спасението на својата душа? Со Бога не треба да се шегуваме. Христос не прифаќа поделена или само делумна служба. Тој бара подготвеност на сè, без никакво ускратување. Тој те откупил по неизмерна цена и со право очекува сè што ќе побара од тебе да Му го посветиш како доброволна жртва. Ако потполно Му се посветиш во срцето и животот, верата ќе го заземе местото на сомнежот, а потполната предаденост ќе го заземе местото на недовербата и неверството. {4C 214.1}

Брате мој, ти се наоѓаш во голема опасност затоа што запостави потполно да ја спроведеш здравствената реформа и во својот живот и во своето семејство. Твојата крв е нечиста и ти со попуштање на апетитот и вкусот сè уште ја труеш и уште повеќе надразнуваш. Не дозволувај никогаш да бидеш наговорен да земаш надразнувачки средства, бидејќи последиците од тоа се одразуваат штетно не само на слабеење на физичките сили, туку и на острината на умот. Строгата умереност во јадењето и пиењето и цврстата доверба во Бога ќе го подобрат твоето физичко, умно и морално здравје. Ти си многу раздразлив според својата природа. Не си во состојба да владееш со себеси и во возбуда често кажуваш и правиш нешто поради што потоа се каеш. На помош во борбата против своите склоности и барања мораш да ја повикаш одлучноста на волјата. Приодите на својата душа за прием на светлината и вистината треба секогаш да ги држиш отворени. Меѓутоа, кога си изложен на некој испит и проверка, во тебе често се будат предрасуди и веднаш застануваш против сè што го сметаш како ограничување на твојата слобода и газење на твоите права. {4C 214.2}

Божјата реч јасно ни ја изнесува вистината дека во нас телесните склоности војуваат против духовните. Апостол Петар ни дава задача да се чуваме од „телесните желби кои војуваат против душата". Секое изопачено барање станува страст. Попуштањето на апетитот го загрозува не само телесното здравје, туку често е и причина за болест на душата. Телесните желби кои апостолот ги спомнува не се однесуваат само на престап на седмата заповед, туку на секое попуштање на барањата кои ги намалуваат физичките сили и стануваат страст. Апостол Павле нагласува дека оној кој сака да стекне посебни победи и да оствари големи достигнувања мора „да се воздржува од сè" - во сè мора да биде умерен. За да победиме како што победил Христос, мораме во сè да бидеме умерени, не само во јадење и пиење, туку и во секој друг поглед. Во тој поглед Бог ни дал светлина, не за да се однесуваме кон неа незаинтересирано, туку таа да ни биде водач и помош во секојдневниот живот. {4C 215.1}

Ти треба да негуваш самоконтрола. Поуките кои требало да ги научиш во младоста мораш да ги совладаш сега. Привикнувај се да умираш за себичноста и за сопственото „јас"; настојувај својата волја да ја потчиниш на Христовата волја. Неопходно ти е длабоко и потполно преобразување, или, драг мој брате, ќе го изгубиш вечниот живот. Твојата служба во Божјото дело мора да биде посесрдна, поцелосна и од сето срце. Не можеш да постигнеш совршенство на христијанскиот карактер, служејќи Му на Бога само тогаш кога за тоа ќе почувствуваш посебна склоност, а занемарувајќи го тоа кога ќе ти се присака. Во твојот живот мора да дојде до одлучна промена и мораш да стекнеш искуство сосем поинакво од досегашното, или твојата служба ќе остане неприфатлива за Бога. {4C 215.2}

Нашиот небесен Татко секогаш бил милостив кон тебе, и постапувал со тебе многу нежно. Болест и немоќ те снајдоа во времето кога беше потполно неподготвен за смртта, бидејќи пропуштајќи да го усовршиш својот христијански карактер, не беше морално подготвен за небото. Сатаната беше тука за да ти зададе сè поголема болка и да те уништи како престапник. Сепак сесрдните и делотворни молитви на оние кои се молеле за тебе вродиле со плод. Ангелите биле пратени будно да бдеат над тебе, да те заштитат од сатанската сила и да ти го спасат животот. Во Својата безгранична љубов, Бог ти ги продолжи деновите на милост и проба. Не поради некоја твоја добрина или доблест, туку заради Својата голема милост Тој одговори на молитвите упатени со вера. Твојата проверка е продолжена и дадена ти е можност да ги исправиш пропустите од минатото, да ги победиш своите карактерни недостатоци и својот живот да го посветиш

на Бога, што Тој од тебе со право го очекува. Ти емотивно манифестираш благодарност, но не ја искуси онаа вистинска понизност и благодарност кои доаѓаат од длабочината на срцето и кои Неговата бескрајна љубов требало да ги пробуди во твојата душа. {4C 215.3}

Не почувствува во доволна мерка колку му должиш на Бога што ти го поштеди животот. Со причини кои се потполно безначајни се оправдуваш што немаш време за своите верски должности, на кои сите мораме да бидеме подготвени секогаш и под сите околности. Чувството на обесхрабреност не е никаков изговор пред Бога за занемарување на било која должност. Ти си откупен со Христовата крв и не си припаѓаш сам на себеси. Тој бара од тебе сè што можеш да направиш според своите можности; твоето време и сила не ти припаѓаат на тебе. {4C 216.1}

Бог навестил дека ти би можел да се подготвиш за активно учество во Неговото дело; но неопходно е твојот ум да се дисциплинира и да се навикне да работи во согласност со Неговите планови. Ти можеше да стекнеш потребно искуство, ако сакаше. Предочено ти е дека мораш да се откажеш од своите склоности, како што самиот Спасител ти дал пример со Својот живот. Но, ти не се стави во положба каде што можеше да научиш сè што требаше и што е навистина важно за да станеш исправен работник во Божјото дело. Мораш претходно битно да се реформираш за да може Господ успешно да те употреби како Свое орудие. {4C 216.2}

Брате Ц, за тебе беше жртва да ја напуштиш својата фарма, зашто таквиот живот за тебе претставува уживање. Ти не дојде во _____ по свој избор. Немаше никакво предзнаење за издавачката дејност. Меѓутоа, беше одлучен во својата работа да правиш најдобро што можеш и успеа. Но, на твојот пат се појавија неколку камења на сопнување. Братот Ф оди по погрешен пат во многу нешта; а ти не ја сочува својата верност кон Бога, туку се обединуваш со него во духот и веќе не си слободен од тоа. Со многу свои постапки, кои не му се по волја на Господа, сè повеќе во душата се одвојуваш од Него. Сатаната стекнал голема моќ над тебе; набргу тргна по лизгав пат и ќе западнеше во потполно неверство ако болеста не те спречеше во тоа. Тоа што Бог ти ги продолжи деновите на живот е само Негова голема милост. Сепак, не Му се предаде во целост. Твојата упорност во спроведување на сопствената волја не се потчини ниту омекна. Ти треба повторно и во потполност да се обратиш. Стана мрзоволен и нетрпелив, подготвен одлучно да се спротивставиш на сè што според твоето мислење е насочено против тебе. Штом некој би ја повредил твојата горделивост, твоите чувства би светнале како молња. Тоа е погрешно, драг мој брате. Сето тоа мораш да го победиш во себе, или непријателите ќе стекнат победа над тебе. {4C 216.3}

Страдаше во своето срце затоа што работата на која си повикан во _____ никогаш не ја сакаше; додека мислите и копнежите постојано ти беа насочени на _____, бидејќи таму беше твоето срце, а твоето тело треба да биде таму каде што е и твоето срце. Бог те испитуваше и проверуваше; како помина на тој испит? Требаше да поминеш низ процесот на исправување и мазнење, за да се отстранат сите грубости и нерамнини од твојот карактер и така да се подготвиш и удостоиш за небесното царство. Колку ѝ е тешко на непропородената човечка природа да ги победи своите склоности; колку на луѓето им е тешко да ги напуштат ласкавите повици на овој свет и од љубов кон Христа и кон ближните да се откажат од личните задоволства за потполно да се посветат на Божјата служба. {4C 217.1}

Брате Ц, ти не го прифати Божјото дело со цело срце. Никогаш тоа не ти беше поважно од твоите лични интереси ниту животно се поврза со тоа. Ако беше наклонет

кон тоа, можеше со вежба да го навикнеш својот ум правилно да го сфати значењето на делото; но до извесна мера ти се држеше на дистанца, неподготвен поблиску да се поврзеш со делото, ниту пак се обидуваше да се запознаеш со неговите различни гранки. {4C 217.2}

Ти не си доволно друштвен и учтив како што би требало да бидеш и твојот студен и непристапен начин на однесување не е по Божја волја. Им дозволуваш на своите чувства лесно да те возбудат. Ниту еден човек со кого владеат неговите чувства и кој се раководи од моменталните импулси не е во состојба правилно да извршува било каква должност во Божјото дело. Твојот ум мора поблиску да се поврзе со Бога и ти мораш со љубов и со своите интереси потесно да се врзеш со оние кои се ангажирани во Неговото дело, или нема да бидеш од никаква корист за напредокот на делото во _____. Премногу си независен и исклучив; и затоа е неопходно да станеш поблаг и склон кон разбирање на мислењето и чувствата на другите. Како деловен човек и како христијанин, ти би можел да направиш големи услуги на Божјото дело само кога својата волја и својот живот во потполност би Му ги предал Нему. Посветувајќи се потполно на вистината, во своите мисли и стремежи треба да се издигнеш над сите лични сфаќања и себични интереси. {4C 218.1}

Ти укажувам на Христовиот живот како на совршен пример. Неговиот живот бил вистинско обележје на несебично добродетелство. Каква жртва поднел за нас нашиот драг Спасител за да не пропаднеме, туку да имаме вечен живот! Ако го стекнеме небото со тоа ќе се откажеме од своите себични интереси, тогаш тоа е навистина евтино. Можеме ли да си допуштиме себеси да продолжиме по сопствениот пат, оттргнувајќи се од Божјите раце само затоа што тоа повеќе одговара на желбите на непрепороденото срце? Бог бара совршено потчинување и совршена послушност. Вечниот живот за нас е поважен од сè друго. Сè уште можеш да воспоставиш тесна поврзаност со Бога ако навалиш да влезеш на тесната врата. {4C 218.2}

Ти никогаш не би знаел за своите недостатоци ако не беше доведен таму каде што тие твои недостатоци под влијание на околностите дојдоа до израз. Откако дојде во _____ не се чувствуваше како што треба. Не се нафати одважно и со сето срце за делото, правејќи го тоа свој главен интерес. Копнееше по независност, што никогаш не би го направил ако беше свесен за својата вистинска положба - дека си само ученик кој се учи како треба да работи за да се унапреди Божјото дело на најдобар начин, дека си ученик кој копнее да стекне знаење за нешто што му е сè уште непознато. Можеше да бидеш многу поуспешен ако посесрдно се залагаше да Му послужиш на Бога како делотворен работник. {4C 218.3}

Беше премногу резервиран. Не се поврза поблиску со луѓето, ангажирани во разни гранки на делото, не се советуваше со нив толку отворено и во пријателски дух за да дојдеш до вистински сознанија. Ако постапеше така, можеше да бидеш поделотворен помошник. Премногу се раководеше според сопственото расудување и ги спроведуваше на дело своите лични погледи и планови. Меѓу работниците немаше слога. Оние кои можеа да ти помогнат со незадоволство го пренесуваа своето знаење на тебе затоа што не знаеше да им се приближиш, а и затоа што толку се раководеше од моменталните импулси и чувства, така што просто се плашеа да ти пријдат. {4C 219.1}

На Спасителот на светот во царските дворови, како на Божји Син сите ангели му укажувале божествени почести, но Тој ја оставил сета своја слава и своето божество го наметнал со човечка природа, станувајќи на овој свет кроток и понизен Исус. Ги оставил сите богатства и славата на небото и станал сиромашен, за ние да се збогатиме со

Неговото сиромаштво. Три и пол години пешачел од место до место како патник и бездомник. А себичните луѓе се жалат и мрморат кога од нив ќе се побара поради Христа да жртвуваат нешто од своето така незначително земно богатство, или да работат на спасение на душите за кои Тој го дал Својот драгоцен живот. О, каква неблагодарност! Благословите на откупувањето знаат да ги ценат само оние кои од љубов кон Христа се подготвени на самооткажување и на секаква жртва. Секоја жртва поднесена поради Христа го обогатува пожртвуваниот и секое страдање и сиромаштија поднесени поради оние кои Нему му се драги, ја зголемува радоста и среќата која победникот ќе ја најде на небото. {4C 219.2}

Ти многу малку знаеш што е права жртва и вистинско самооткажување. Твоите искуства во поднесувањето на тешкотии и трошењето на своите сили се многу безначајни. Твоето бреме секогаш беше лесно, додека други паѓаа под товарот на тешките одговорности. На момчето кое Го запрашало: „Што треба да направам за да имам вечен живот?" Христос одговорил: „Држи ги заповедите". Во својата самодоверба, овој млад човек гордо одговорил: „Сето тоа го сочував од својата младост, што уште ми треба". Исус погледнал со сожалување на овој млад човек, кој му бил многу драг, знаејќи дека со зборовите што ќе му ги упати засекогаш ќе го одвои од Себе. Сепак ја допрел таа најчувствителна точка од неговата душа, велејќи: „Оди продај сè што имаш и раздели го на сиромасите и ќе имаш богатство на небото; па ајде по Мене". Младиот човек сакал спасение, но не толку за поради него да се одвои од земното богатство. Ги одбил од Бога поставените услови за стекнување на вечен живот и заминал многу тажен, бидејќи својот голем имот го сметал за премногу драгоцен за да го даде во замена за вечната и непропадлива награда. На своето прашање што треба да направи за да се спаси, добил вистински одговор; но во своето непрепородено срце не бил подготвен да го жртвува своето земно богатство за да стане Христов ученик. Одлучил поради неразделната приврзаност кон земното богатство да го загуби небото. Колкумина денес донесуваат одлука слична на изборот кој ја одлучил судбината на овој млад човек? {4C 219.3}

Кога на било кој од нас ќе му се укаже можност да направиме нешто за Христа, колку сесрдно и со копнеж треба да направиме сè што е во наша моќ за да станеме Негови соработници! Токму оние неволи кои ја стават нашата вера на најтешка проба, така што ни се чини дека и сам Бог нè напуштил, треба да нè доведат уште поблиску до Христа, па сите свои товари да ги положиме под Неговите нозе и тука да го најдеме мирот кој тој ни го нуди во замена за сето ова. Ти треба повторно да се обратиш, потполно да се посветиш со вистината и во душата да станеш кроток и понизен како дете, потпирајќи се само на Христа како на свој Откупител. Твојата горделивост и дух на независност го спречуваат благотворното влијание на Светиот Дух на твоето срце и го прават нечувствително и тврдо како натапкан пат. Многу големи поуки за верата сè уште не си научил. Радост на победата каква сè уште не си искусил можеш да доживееш само тогаш кога во потполност ќе Му се предадеш на Бога и со потполно скршено срце ќе паднеш пред Исуса. Кога со отворени очи ќе се свртиш кон своето минато, ќе видиш дека токму во најтешките моменти, кога во животот сè изгледало заплеткано и безизлезно, Исус бил толку близу, настојувајќи да те изведе на светлина. Твојот небесен Татко беше покрај тебе, бдеејќи во Својата безгранична љубов над тебе толку будно како леар кога го претопува и пречистува скапоцениот метал. Кога мислеше дека си потполно напуштен, Тој беше толку близу тебе за да те утеши и одржи. Ние Исуса ретко го гледаме токму онаков каков што Тој навистина е, и за прием на Неговата помош

никогаш не сме подготвени како што Тој е подготвен да ни ја укаже Својата помош. {4C 220.1}

Можеш да стекнеш големи победи ако научиш патот кој Провидението го отвора пред тебе, да го прифатиш со благодарно срце и цврсто решен - во здравје или во болест, во изобилство или во сиромаштво - пред очите секогаш да ја имаш само славата на Божјото име. Твоето „јас" сè уште живее и реагира на секој допир. За да станеш победник во Христово име и да ја примиш наградата ветена на верните, мораш да дозволиш твоето „јас" да биде распнато. {4C 221.1}

---

20. НЕОПХОДНОСТ ОД УСКЛАДЕНОСТ

Светиот Дух не може да престојува таму каде што меѓу оние кои веруваат во вистината постои раздор и кавга. Ваквите чувства, дури и кога не се јавно изразени, го обземаат срцето и ги изгонуваат од него мирот и љубовта кои треба да претставуваат обележје на христијанската црква. Тоа се плодови на себичност во најпотполна смисла на тој збор. Ова зло може да се јави во облик на потполно неоправдано самопреценување или недоличен копнеж за пофалба и одобрување на другите, дури и тогаш кога таквото одобрување е потполно незаслужено. Оние кои тврдат дека го љубат Бога и ги држат Неговите заповеди мораат потполно да се ослободат од самоиздигнувањето, бидејќи во спротивно не можат да го очекуваат благословот на Неговото божествено одобрување. {4C 221.2}

За да може Здравствениот институт да напредува и да заслужи одобрување на небото, тука мора да се издигнува моралот и верското искуство. Попуштањето на себичноста сигурно го жалости Светиот Дух и го отстранува Неговото влијание од таа установа. Лекарите, луѓето од управата и помошниот болнички персонал, сите треба да делуваат складно во Христов дух, правејќи го другиот поголем од себе. {4C 221.3}

Апостол Јуда вели: „И така разликувајќи, едни милувајте". Ова разликување не треба да поттикнува дух на пристрасна наклонетост. Во манифестирање на наклонетоста и одобрувањето никогаш не треба да се раководиме од духот: „Како ти на мене, така јас на тебе". Тоа е став кој одговара на непосветените, на луѓето од овој свет, но тоа не му е по волја на Бога. Тоа значи да се биде наклонет некому и да му се ласка од корист, или пристрасно да се биде на нечија страна за да се обезбедат извесни предности. Тоа значи со попуштање да се добие нечија наклонетост, за да уживаме поголема почит од другите кои се достојни за почит исто така како и ние самите. Тешко е да се увидат сопствените заблуди; но би требало сите да увидат дека духот на завист, ривалство, недоверба, пронаоѓање на туѓи грешки и неслога, е вистинска свирепост. {4C 221.4}

Ние го нарекуваме Бога свој Татко, тврдиме дека сме деца на едно семејство; но кога ја покажуваме склоноста да го намалиме значењето и угледот на другите за да се воздигнеме себеси, ние му угодуваме на непријателот, а го жалостиме Оној чии сме следбеници. Нежноста и милосрдието кои Исус ги покажувал во Својот благороден живот треба да ни бидат најдобар пример како треба да се однесуваме кон своите ближни, особено кон оние кои ни се браќа и сестри во Христа. {4C 222.1}

Бог постојано нè опсипува со изобилство на Свои дарови, но ние сме премногу рамнодушни кон Неговата добрина. Осведочени сме дека Тој навистина нè љуби со вечна љубов, а сепак имаме толку малку љубов едни кон други. Премногу сме строги кон оние кои ги сметаме за престапници, а многу чувствителни кон најмалата осуда или сомневање во поглед на сопствениот живот. {4C 222.2}

Често се слушаат разни навестувања па дури и остри критики на сметка на другите, но во исто време токму тие кои ги изнесуваат таквите навестувања и критики, се слепи кон сопствените недостатоци. Други можат да ги видат нивните грешки, но тие воопшто не се гледаат себеси затоа што постојано водат грижа за другите. Благословите кои како Божји дарови секој ден ги примаме од небото, би требало да разбудат во нашето срце благодарност кон Него, која би нè навела да сочувствуваме и со своите ближни и да ги чувствуваме нивните потреби и интереси како свои. Со размислување за добрината која Бог толку милостиво ни ја укажува, можеме да ги затвориме приодите на душата за искушенијата и дошепнувањата на непријателот. {4C 222.3}

Божјата љубов кон нас се покажува секој ден, а ние сепак толку лесно ја земаме Неговата милост и толку сме рамнодушни кон Неговите опомени. Тој настојува да нè трогне со доказите за Својата нежност, љубов и трпение, но ние едвај ги забележуваме знаците на Неговата добрина и толку тешко ги примаме поуките на љубов кои Тој сака да ни ги пружи. Некои, како Аман, ги забораваат сите добра примени од Бога, само затоа што Мардохеј е пред нив и што не паднал во немилост. Нивните срца се исполнети со непријателство и омраза повеќе отколку со љубовта и духот на нашиот драг Откупител, Кој го дал и Својот живот за Своите непријатели. Ние веруваме дека сме деца на ист Татко, очекуваме ист дом во вечноста, имаме иста возвишена вера и веруваме во истата порака која тестира, па сепак многумина од нас се караат меѓу себе како некои мали деца. Некои кои се ангажирани во иста гранка на Божјото дело се во постојано меѓусебно непријателство и затоа се во непријателство и со Христовиот дух. {4C 222.4}

Љубовта кон пофалбите ги изопачува срцата на многумина. Оние кои работат во Здравствениот институт често покажуваат дух на критика на сметка на прифатените насоки за работа и сатаната им помага со своите идеи да придобијат и други, кои потоа ги сметаат за беспрекорни додека ги обвинуваат оние кои се потполно невини. За секоја осуда е горделивоста која го наведува вообразениот да наоѓа уживање во суетата на своите лични дела, да се фали со некои свои исклучителни способности со желба да ги понижи другите за да се издигне себеси, барајќи за себе повеќе почести и слава, отколку што едно студено човечко срце е подготвено да му ја даде на Бога. Христовите следбеници секогаш треба да се раководат според упатствата на својот Учител. Тој бара од нас да се љубиме еден со друг така како што Тој нè љуби нас. Вистинската вера се заснова на љубов кон Бога, љубов која нè наведува да се љубиме еден со друг. Таквата љубов е полна со благодарност, понизност, трпение, самопожртвување, воздржување, милост и простување. Таа го посветува сиот живот и своето благотворно влијание постојано го пренесува и на другите. {4C 223.1}

Оние кои го љубат Бога не можат да негуваат омраза и завист. Кога неминливата љубов како небесно начело ќе го обземе срцето, таа несопирливо се излева и на другите, не само затоа што тие ни се наклонети, туку затоа што љубовта е принцип на нашето делување, принцип кој го обликува нашиот карактер, ги контролира нагоните, ги потчинува страстите, го потиснува непријателството, ги воздигнува и облагородува чувствата. Таа љубов никогаш не се ограничува само на „мене и моето”, туку со својата

широчина го опфаќа целиот свет, а со височината досега до небото и е во хармонија со онаа љубов која ги поттикнува ангелите. Таквата љубов, кога постојано се негува во срцето, го засладува не само нашиот живот, туку благородно влијае и на сите кои нѐ опкружуваат. Ако имаме таква љубов, ќе бидеме среќни, без оглед каква ни е животната судбина. Ако го љубиме Бога со сето свое срце, мораме да ги љубиме и Неговите деца. Таа љубов е одраз на Божјиот Дух. Таа е небесен украс кој ѝ дава на душата вистинска благородност и достоинство и нашиот живот го прави сличен на животот на нашиот Учител. Колку и да имаме добри особини, колку и да нѐ почитуваат и сметаат благородни, ако душата не ни е крстена со небесниот дар на љубов кон Бога и кон ближните, ќе ни недостига вистинска побожност и подготвеност за небото, каде сѐ зрачи со љубов и склад. {4C 223.2}

Некои кои некогаш го љубеле Бога и секојдневно наоѓале уживање во Неговото одобрување, денес живеат во постојан неспокој. Тие скитаа во мракот и маглата на очајот, тие сѐ друго сметаат за споредно. Во Своето провидение, Бог одредил дека никој не може да биде навистина среќен ако живее само за себе. Радоста на нашиот Спасител на овој свет се состоела во постојани напори и страдање за другиот, во настојување да ги усреќи другите. И ние можеме да бидеме среќни само ако, следејќи го Неговиот пример, живееме на благослов на своите ближни. {4C 224.1}

Нашиот Господ нѐ повикува да го земеме Неговиот јарем и да го носиме Неговото бреме. Само така можеме да бидеме вистински среќни. Под товарот на јаремот и грижите кои сами себе си ги наметнуваме, никогаш нема да најдеме спокојство и одмор; бидејќи спокојство и мир на душата се наоѓаат само во прифаќањето на јаремот кој Христос ни го нуди. Оние кои сакаат да направат нешто големо за Учителот, прилика за тоа можат да најдат токму тука каде што се наоѓаат. Тука можат, во потполн заборав на себе и во самопожртвувано залагање за другите, да прават само добро, ширејќи блескави зраци на светлина насекаде околу себе. {4C 224.2}

Постои голема потреба Христовото сочувство и наклонетост да се манифестираат во секое време и на секое место, но тоа не е слепо сочувство кое ги наведува луѓето да преминуваат преку направените гревови, дозволувајќи Божјото дело да се срами со зли постапки, туку онаа љубов која претставува владеечко начело во животот, која природно се излева на другите во добрите дела, имајќи ги секогаш на ум Христовите зборови: „Кога му направивте на еден од Моите најмали браќа, Мене ми направивте”. {4C 224.3}

Вработените во Здравствениот институт соработуваат во многу значајно дело. За време на Христовиот живот на овој свет, болните и страдалниците биле предмет на Неговата посебна грижа. Кога Своите ученици ги праќал пред себе во градовите и селата, им рекол паралелно со проповедање на евангелието да исцелуваат и болни. Испраќајќи ги седумдесетминатa, им наредил да исцелуваат болни, а дури потоа да проповедаат дека се приближило Божјото царство. Најнапред требало да им се поврати физичкото здравје, за да можат да се подготват да ја прифатат духовната вистина која апостолите требало да им ја проповедаат. {4C 225.1}

Спасителот на светот повеќе време и труд посветил на исцелување на болните од нивните болести отколку на самото проповедање. Неговиот последен налог даден на апостолите, како Негови претставници на Земјата, бил да исцелуваат болни, ставајќи ги своите раце на нив. И кога Господарот повторно ќе се врати, Тој ќе ги пофали како добри и верни слуги сите оние кои ги посетувале болните и ги ублажувале страдањата на оние кои биле во неволја. {4C 225.2}

Ние многу тешко и бавно сфаќаме од колкаво значење се наводните ситници и какво влијание можат да имаат во спасување на душите. Во Здравствениот институт оние кои сакаат да бидат мисионери можат да имаат широко и плодно поле за работа. Бог не сака било кој од нас да се вбројува во посебно привилегираните, на кои се гледа со големи очекувања, додека останатите се запоставуваат. Исус бил Височество на небото, па сепак застанувал да укаже помош и на најпрезрените, не обраќајќи ниту најмало внимание на нивниот изглед или општествена положба. {4C 225.3}

Оние кои се со цело срце во делото, ќе најдат доволно можности во Здравствениот институт да работат за Господа, ублажувајќи ги страдањата на оние кои се доверени на нивна грижа. Кога најмногу се понизил пред Своите ученици, миејќи им ги нозете на сите, Христос им препорачал да се угледаат на Неговиот пример. Таа служба има за цел постојано да им ја предочува мислата дека не смеат да се издигнуваат ниту над најмалите меѓу Неговите следбеници. {4C 225.4}

Оние кои ја исповедаат нашата возвишена вера, кои тврдат дека ги држат Божјите заповеди и дека го очекуваат скорото Христово доаѓање, треба да се разликуваат од останатиот свет, и како посебен народ да копнеат по добри дела. Меѓу особеностите според кои Божјиот народ во овие последни денови треба да се разликува од светот, се вбројуваат неговата понизност и кротост. „Научете се од Мене", вели Христос, зашто Јас сум кроток и понизен во срцето и ќе најдете покој на своите души". Тука се наоѓа мирот по кој многумина копнеат и залудно трошат време и пари за да го стекнат. Наместо амбициозно да копнееме да се изедначиме со другите во честа и положбата или дури и да ги престигнеме, да се трудиме да бидеме понизни и со цело срце верни во службата за Христа. Духот на самоиздигнување и желбата за првенство создавал кавга дури и меѓу апостолите додека уште Христос бил со нив. Слушајќи ги како се расправаат околу тоа кој ќе биде најголем меѓу нив, Христос рекол: „Кој сака да биде прв нека биде последен и слуга на сите". {4C 225.5}

Кога мајката на Заведеевите синови побарала од Христа нејзините синови да бидат посебно почестени седејќи еден од десната, а другиот од левата Негова страна во Божјото царство, Тој со Својот одговор создал впечаток дека славата и почестите во Неговото царство се потполно спротивни на почестите и славата на овој свет. Секој оној кој сака да биде голем, мора да се понизи и да им служи на сите, а кој сака да биде господар, мора да биде слуга, како што и Божјиот Син овде бил само слуга и им служел на човечките синови. {4C 226.1}

Исто така, Спасителот ги учел Своите ученици да не копнеат по положба и почесни титули. „А вие не се викајте Рави… ниту учители… А најголемиот меѓу вас да ви биде слуга. Зашто секој кој се воздигнува ќе биде понижен, а кој ќе се понизи, ќе биде издигнат". Фарисејот кој Го прашал за условите за спасение и вечен живот, Христос го упатил на светите прописи на законот даден на Синај: „Љуби го Господа, својот Бог со сето свое срце и со сета душа своја, и со сета сила своја, и со сите мисли свои… А својот ближен како самиот себе". {4C 226.2}

На неговото прашање: „Кој е мојот ближен?" Христос ја раскажал параболата за милостивиот Самарјанин, која нè учи дека ближен ни е секое човечко суштество кое има потреба од нашата љубов и од нашата помош. Страдалниците од сите општествени слоеви се нашите ближни и кога ќе дознаеме за нивните потреби, должност ни е да им помогнеме колку што е тоа во наша моќ. Принципот истакнат во оваа парабола е токму она за што Христовите следбеници секогаш треба да се држат. Најнапред излезете во пресрет на секојдневните потреби на страдалниците и несреќните и ублажете ги

нивните телесни болки и страдања и тогаш ќе наидете на отворен приод кон нивното срце и можност во него успешно да сеете добро семе на вера и доблести. {4C 226.3}

За да бидеме среќни, мораме да копнееме да изградиме карактер сличен на Христовиот. Една од истакнатите Христови особености била Неговото постојано самооткажување и добредетелство. Тој дошол на овој свет не за да си угодува на Себеси. Одел правејќи добри дела и тоа било Неговото јадење и пиење. Угледувајќи се на Неговиот пример, и ние можеме да бидеме во света заедница со Него и трудејќи се секојдневно да го имитираме Неговиот карактер и да Го следиме, ќе станеме благослов за светот и ќе си осигуриме себеси задоволство овде и неминлива награда во вечноста. {4C 227.1}

---

21. СПРОТИВСТАВУВАЊЕ НА СОВЕСНОТО ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ

На трети јануари 1875. година ми беше покажано дека за следбениците на вистината во Калифорнија мораме уште многу да се залагаме за да може Бог да работи со нив и за нив. Многумина си ласкаат себеси дека се исправни пред Бога, иако начелата на вистината не им се во срцето. Таквите можат да станат корисни во делото само со сесрдно и истрајно настојување да го послушаат советот на Верниот Сведок. Како на студени формалисти во духовен поглед, Верниот Сведок им се обраќа со следниве зборови: „Ги знам твоите дела дека не си ниту студен ниту врел. О, да си студен или врел! Така, бидејќи млак, и не си ниту студен ниту врел, ќе те изблујам од Своите усни. Зашто зборуваш: богат сум и се обогатив и ништо не ми треба, а не знаеш дека си несреќен, сиромашен, слеп и гол. Те советувам да купиш од Мене злато жежено во оган, за да се обогатиш; и бели облеки, за да се облечеш и да не се покаже срамот на твојата голотија; и мевлем за очи, за да ги намачкаш своите очи и да видиш. Зашто оние кои ги љубам, Јас ги карам и поучувам, затоа погрижи се и покај се”. {4C 227.2}

Брате Г, Бог во однос на тебе има задача која ти не ја исполнуваш. Твојата духовна сила и твоето напредување во благодатта ќе бидат соодветни на твоите добри дела и напори кои од љубов и со радосно срце ги вложуваш за својот Спасител, Кој не притеснувајќи се од никаква жртва, го даде и Својот живот за твоето спасение. Тебе секако ти е познат налогот на апостол Павле: „Носете го бремето еден на друг и така ќе го исполните Христовиот закон”. Не е доволно само да се исповеда верата во Божјите заповеди, туку тоа треба практично да се покаже со дела. Ти си престапник на Божјиот закон, зашто не го љубиш Бога со сето срце, со сета сила и со сиот свој ум; ниту пак - со извршување на останатите шест заповеди - го љубиш својот ближен како самиот себе. Повеќе од Бога, или било кој од своите ближни, ти се љубиш себеси. Држењето на Божјите заповеди бара од нас повеќе отколку што си подготвен да дадеш. За да можеш да бидеш орудие за доведување на други во познавањето на вистината, Бог бара од тебе добри дела: самооткажување, самопожртвуваност и потполна посветеност за доброто на другите. {4C 228.1}

Само со своите добри дела не може да се спаси никој од нас, но ниту без добрите дела не можеме да се спасиме. И кога, во Христово име и со Негова сила, ќе направиме сè што е во наша моќ, можеме само да кажеме: „Ние сме безполезни слуги”. Да не

мислиме дека сме направиле големи жртви и дека за својот назначителен придонес треба да примиме голема награда. {4C 228.2}

Во чувството на телесна сигурност и својата лична правда ти си како во некои железни синџири. Покај се и биди поревен во добрите дела. Несреќа е што си соучествувал со незадоволниците чиј став е во спротивност со делото кое Господ преку Своите слуги го остварил на тој брег. Си ја подарил сета своја љубов на тие зли луѓе. Затоа што во своето срце не беше исправен пред Бога, не ја прифати светлината која Тој ти ја упатил. Во својата тврдоглавост и самоволие застана против укорот кој Бог ти го упатува во Својата љубов. Ти знаеш дека сето тоа е вистина, но се обидуваш да ги затвориш очите пред фактот за својата вистинска состојба пред Бога. Било да го послушаш гласот на укорот и опомените кои Бог ти ги упатува и да се поправиш, или пак да продолжиш по својот погрешен пат, ти еден ден ќе сфатиш што си загубил, заземајќи таков горделив став и војувајќи против Божјите слуги. Изненадувачка е твојата огорченост против проповедникот Х. Тој навистина се жртвуваше и многу научи во залагањето за Божјото дело на тој брег. Но ти, иако непосветен во срцето и животот, имаше смелост во своето слепило, заедно со И и Ј, да постапуваш толку сурово со тој Божји слуга. „Не ги задевајте моите помазаници", вели Господ, „и на пророците мои не им правете зло". Не е ниту малку безначајно тоа што ти го направи противејќи се на луѓето кои сам Бог ги прати за да му ја пренесат на народот светлината и вистината. Чувај се со своето влијание да не ги одвратиш душите од вистината која Бог ја праќа преку Своите избрани слуги, зашто може да те снајде тешко проклетство. {4C 228.3}

Сатаната те користеше како свој агент во дошепнувањето на сомневања и во повторувањето на навестувања и клевети веќе зачнати во едно непосветено срце кое Бог сакал да го очисти од таа нечистотија. Но ти не прифаќаше никакви поуки ниту исправувања, го одби укорот и продолжи по својот пат. Со таквото сомневање и мрморење коренот на горчина ги затру срцата на многумина, кои на тој начин се доведени во положба укорите кои Бог ги упатува преку Сведоштвата воопшто да не допираат до нив. Одговорноста за крвта на тие души паѓа на тебе и на таквите со кои си се здружил. {4C 229.1}

Бог, како на Свои слуги, ни дал задача. Тој ни дал порака која треба да ја објавуваме на Неговиот народ. Веќе триесет години ние ја примаме речта на Божјите пораки и опомени и ги пренесуваме на Неговиот народ. На таа сериозна одговорност ние се нафаќаме со страв и трепет, со многу молитви и длабоко размислување. Како Божји амбасадори, често во Христово име најсесрдно ги опоменуваме душите и ги повикуваме да се помират со Бога. Ги опоменуваме припадниците на Божјиот народ, укажувајќи им постојано на опасностите што им се закануваат. Сам Бог ни ја доверил оваа задача. Во каква тогаш положба се стават оние кои не сакаат да ги послушаат од Бога дадените зборови на совет и опомена, затоа што тие ги спречуваат на нивниот пат и ги осудуваат нивните зли дела? Ако си потполно осведочен дека преку нас не зборува Бог, зошто во склад со таквата своја вера не ја раскинеш секоја врска со народот кој наводно е во толку голема заблуда? Ако на своите постапки беше поттикнат од Светиот Дух, ти си во право, а ние во заблуда. Бог или ја поучува црквата, ги укорува и осудува нејзините престапи и ја јакне нејзината вера, или не. Ова е Божје дело, или не е. Бог не работи во партнерство со сатаната. Мојата работа во последните триесет години го носи Божјиот печат, или печатот на непријателот. Овде нема ништо половично, никаква спогодба. Сведоштвата се дело на Божјиот Дух, или пак дело на непријателот. Ти или работиш за Бога или за ѓаволот. „По нивните родови ќе ги познаете". Каков или чиј печат

носи твоето дело? Резултатите на твојата работа треба навистина критички да се разгледаат. {4C 229.2}

Не е никаква нова појава некој - измамен од архиизмамникот - да се наоѓа на страната која работи против Бога. Разгледај го критички својот пат пред да се осудиш и понатаму да продолжиш по него. Евреите паднале како жртва на самоизмама. Го отфрлиле Христовото учење затоа што Тој ги разоткрил тајните на нивните срца и ги укорувал нивните гревови. Ја одбегнувале светлината од страв да не се видат нивните лоши дела. Повеќе ја сакале темнината отколку светлината. „А судот е овој", вели Христос „што светлината дојде на светот, а на луѓето им омиле повеќе темнината отколку светлината, зашто нивните дела беа зли". Во своето отфрлање на Христа, Евреите оделе понатаму, сè додека во својата самоизмама не дошле до заклучок дека распнувајќи Го, му служеле на Бога. Тоа биле неизбежните последици од нивното

отфрлање на светлината. Тебе ти се заканува опасност од слична измама. Би било добро, брате Г, поради спасението на својата душа да разгледаш каков ќе биде крајот на патот по кој сега одиш. Бог може да го продолжи Своето дело и без тебе, но ти не можеш без Него. Тој никого не принудува да верува. Тој пред тебе ја изнесува светлината, а сатаната темнината на своите заблуди. И додека измамникот постојано вика: Овде е светлината, овде е вистината, Исус вели: „Јас сум вистина; Јас ги имам зборовите на вечен живот; Кој оди по Мене, нема да оди во темнина". Бог ни пружа доволно докази да ја утврдиме својата вера на страна на вистината. Ако во потполност Му се предадеме на Бога, ќе ја одбереме светлината, а ќе ја отфрлиме темнината. Ако пак одлучиме по секоја цена да ја одржиме неизвесноста на своето непрепородено срце, не допуштајќи Бог да нè поправа, тогаш и ние како Евреите упорно ќе продолжиме да ги спроведуваме своите намери и своите идеи, и покрај најсилните докази, изложувајќи се на толку голема опасност како и тие; и во својата заслепеност можеме да одиме исто толку далеку како и тие, а сепак да си ласкаме себеси дека работиме за Бога. {4C 230.1}

Брате Г, нема долго да останеш тука каде што си сега. Патеката по која си тргнал те одвојува од правиот пат и те оддалечува сè повеќе од народот кој Бог го испитува и проверува за да го пречисти за конечната победа. Или мораш потполно да се обединиш со црквата, настојувајќи сесрдно да одговориш на Христовата молитва, или сè подлабоко ќе тонеш во неверство. Точка по точка сè повеќе ќе се сомневаш во прифатеното верување на црквата, станувајќи сè поодлучен во своето мислење и тонејќи во сè подлабока темнина во поглед на Божјото дело за ова време, така што на крајот светлината ќе ја нарекуваш темнина, а темнината светлина. Сатаната има голема моќ да ги збуни и во својата стапица да ги фати оние кои не ја ценат светлината и предностите кои Бог им ги дал во Своето провидение. Умот на оние кои ќе се потчинат на контролата на непријателот, наместо кон светлината и вистината, постојано ќе се наведнува кон заблудата и духовната темнина. Ако на сатаната му пружиш и најмал повод, тој ќе бара сè повеќе, настојувајќи будно стекнатата предност максимално да ја искористи за своите цели и да ја уништи твојата душа. {4C 231.2}

Брате и сестро Г, вие двајцата се изложувате на голема опасност. Вие ги презирате укорите. Ако наместо укори, ви беа упатувани зборови на одобрување, ако бевте пофалени и ви се ласкаше, вашиот став во поглед на верувањето во Сведоштвата би бил сосем поинаков. И во овие последни денови има такви кои слично на Евреите во времето на старите пророци викаат: „Зборувајте ни мили работи; пророкувајте измама". Но, тоа не е моја задача. Бог ме постави да го укорувам Неговиот народ; но

како што е сигурно дека Бог го стави на мене ова тешко бреме, исто така е сигурно дека сите оние на кои оваа поука е наменета ќе се сметаат одговорни за начинот на кој постапуваат со неа. Со Бога не треба да се шегува и сите оние кои го презираат Неговото дело ќе примат плата според своите дела. Јас сама не ја избрав оваа непријатна должност. Тоа нема да ми донесе никакво одобрување ниту пофалба од луѓето. Тоа е работа која само малку луѓе ќе знаат да ја ценат. Но оние кои мојата работа ја прават двојно потешка со своето лажно прикажување, злобно сомневање и неверство, поттикнувајќи на тој начин предрасуди во срцата на другите против Сведоштвата кои Бог ги испраќа преку мене и кои го ограничуваат успехот на мојата работа, ќе мораат затоа да полагаат сметка пред Бога; додека јас ќе го продолжам своето дело како што Провидението и моите браќа го отвораат патот пред мене. Во име на мојот Откупител и со Негова сила, ќе правам сè што е во моја моќ. Сакам да опоменувам и советувам , да укорувам и охрабрувам токму онака како што ќе ми наложи Божјиот Дух, без оглед дали луѓето ќе го послушаат тоа или не. Мое не е да си угодувам себеси, туку да ја творам волјата на својот небесен Татко, Кој ми ја довери оваа задача. {4C 231.3}

Христос ги предупредува Своите следбеници: „Чувајте се од лажни пророци кои доаѓаат кај вас во јагнешка кожа, а внатре се волци грабливци. По родовите нивни ќе ги познаете. Зар се бере грозје од трн или смоква од чичка? Така секое добро дрво добри родови раѓа, а лошо дрво лоши родови раѓа. Не може добро дрво лоши родови да раѓа, ниту зло дрво добри родови да раѓа. Секое дрво кое не раѓа добри родови, го сечат и го фрлаат во оган. Така по родовите нивни ќе ги познаете". Ова е најсигурен тест за препознавање и ти брате Г, можеш слободно да го примениш ако сакаш. Нема потреба да останувaш во неизвесност и сомневање. Сатаната секогаш е подготвен да ти ги подметнува сите можни сомневања; но ако твоите очи се отворени со вера, ќе најдеш доволно докази за вера. Меѓутоа, Бог никогаш не ги отстранува сите причини за сомневање. Оние кои со задоволство престојуваат во атмосфера на сомневање, вечно испрашување и неверство можат да ја имаат таа незавидна предност. Бог им дава доволно докази за верување на оние кои искрено бараат; додека оној кој се свртува од тежината на доказите само затоа што има и такви поединости кои со својот ограничен ум не може да ги објасни, ќе биде ставен во студена атмосфера на неверство, вечно истражување и сомневање и ќе доживее вистински бродолом во својата вера. Да се биде на страната на сомневањето отколку на страната на верувањето, ти се чини го сметаш за доблест. Исус никогаш не го пофалил неверството, ниту некогаш препорачал сомневање. Со Своите чуда Тој ѝ пружил на еврејската нација очевидни докази за Своето месијанство, но сепак имало и такви кои сметајќи го сомнежот за доблест, ги отфрлиле дадените докази и во секое добро дело барале нешто за критика и осуда. {4C 232.1}

Римскиот капетан кој сакал Христос да му го излекува слугата се чувствувал недостоен Тој да му влезе во домот; неговата вера во Христовата моќ била толку силна, така што тој го молел Него само да каже еден збор верувајќи дека слугата ќе оздрави. „А кога Исус слушна, се восхити и им кажа на оние што одеа по Него: Навистина ви велам: ниту во Израел не најдов толкава вера. И затоа ви велам дека многумина од исток и запад ќе дојдат и ќе седнат на трпеза со Аврам, Исак и Јаков во небесното царство; а синовите на царството ќе се избркаат во најцрна темнина; таму ќе има плач и чкртање со заби. А на капетанот му рече: 'Оди и по вера нека ти биде.' И оздрави неговиот слуга во тој момент". {4C 233.1}

Овде Исус ја издигнал верата наспроти сомневањето и покажал дека Изреалевите синови се сопнуваат поради своето неверство кои ги наведува да ја отфрлат големата светлина и дека тоа конечно ќе ја предизвика нивната осуда и потполн пораз. На Тома кој изјавил дека нема да верува додека не го стави својот прст во раните од шајките и својата рака во раната од копјето, Христос му ги пружил бараните докази, а потоа го укорил неговото неверство со следниве зборови: „Бидејќи ме виде, поверува; блажени се оние кои не видоа, а повероваа". {4C 233.2}

Во овој век на темнина и заблуди, луѓето кои тврдат дека се Христови следбеници често мислат дека по своја волја можат да ги прифатат или отфрлат Господовите слуги и дека никогаш нема да бидат повикани за тоа да положат сметка пред Бога. На тоа ги наведува само темнината на неверството. Тие вршат насилство над својата совест, го изневеруваат сопственото осведочување и ги слабеат своите морални сили. Тие според себе, судат и за другите. {4C 233.3}

Кога ги испратил Своите седумдесет ученици, Христос им наредил: „А кога ќе влезете во некој град или село, испитајте кој во него е достоен и таму останете додека не излезете од тоа место. А влегувајќи во куќата, поздравете ги присутните, велејќи: Мир на овој дом! И ако вашиот дом биде достоен, ќе дојде вашиот мир на него; ако не биде достоен, мирот ќе се врати во вас. Ако некој не ве прими и не ги послуша вашите зборови, излегувајќи од оној град истресете ја правта од своите нозе. Вистина ви велам: Полесно ќе им биде на Содом и Гомор во денот на страшниот суд отколку на оној град.'" Исто така, предупредил да се чуваат од луѓето бидејќи ќе ги предаваат на судовите и ќе ги камшикуваат. {4C 234.1}

Срцата на луѓето ниту денес не се поблаги ниту понежни отколку што биле во времето кога Христос бил на Земјата. Тие ќе прават сè што е во нивна моќ помагајќи му на непријателот што погрубо да постапи со Христовите слуги, како што постапувале и со Христа додека бил на Земјата. Ќе ги камшикува со јазик на оговарање и лаги. Ќе ги критикува и обвинува токму поради оние напори кои ги преземаат по Негов налог. Раководејќи се од сомнежот, ќе им подметнува проневера и нечесност таму каде што сè е исправно и каде што се гледа совршена беспрекорност. На Божјите слуги ќе им бидат припишани себични мотиви и тогаш кога е потполно очевидно дека Тој ги води и дека се подготвени да го дадат дури и својот живот за напредок на Неговото дело, ако Тој тоа го побара. Оние кои најмалку работат и најмалку вложуваат во Божјото дело, први се во изразување на недоверба во чесноста на оние Божји слуги кои по својата положба се одговорни за финансиското работење во ова големо дело. Оние кои имаат полна доверба во Божјото дело подготвени се и на ризик, вложувајќи ги сите свои средства за напредок на истото и нивниот духовен напредок ќе биде соодветен на нивните дела на вера. Божјата реч е наше мерило, но колку малку има такви кои се раководат според неа? Нашата вера малку ќе значи за нашите ближни ако ја истакнуваме само теоретски, а не ја применуваме во пракса. Влијанието на овој свет и духот на себичност потполно ги обземаат многумина кои тврдат дека живеат според Светото Писмо. Тие се слични на облак кој донесува град и кој ја замрзнува атмосферата во која други се движат. {4C 234.2}

Тврдоглавата упорност не е независност

Брате Г, за тебе негувањето на чиста и несебична љубов и вистинско добродетелство е тешка задача. Не научи да попушташ во своите размислувања и идеи,

да не се потпираш секогаш само на својот суд, туку понекогаш да ги прифатиш и советите на другите. Брате и сестро Г, вие и едниот и другиот треба да се ослободите од себичноста и да копнеете по Божјите дарови на благодатта. Двајцата треба да стекнувате навика за самосовладување, за да ги доведете своите мисли во покорност на Христовиот Дух. Само силата на Божјата благодат може да ги дисциплинира вашите мисли и правилно да ги насочи, за зборовите кои ги изговарате да бидат добро бирани, за вашите страсти и барања да бидат под контрола на разумот и за да го зауздате својот јазик кој лесноумно шири неосновани обвинувања, лоши зборови и сомневања. „Кој не греши во зборовите", вели апостолот, „тој е совршен човек и може да го заузда целото тело". Владеењето со себеси е најголемата победа што ни ја дава Христовата религија. Ако не сме во состојба да ги контролираме и совладуваме своите природни склоности, никогаш нема да победиме како што победил Христос. {4C 235.1}

Меѓу оние кои тврдат дека се Христови следбеници има духовни диспептичари. Тие самите себе се направиле инвалиди и нивната духовна немоќ е непосредна последица на нивните карактерни недостатоци. Тие не се покоруваат на Божјите закони ниту живеат според начелата на Неговите заповеди. Рамнодушни се кон барањата на Божјото дело и не се прифаќаат за никакви одговорности, но кога ќе забележат нешто на што би можеле да изнајдат грешки, стануваат многу активни и ревносни. Христијанинот кој не работи не може да биде духовно здрав. Духовната слабост е последица на запоставувањето на своите должности. За да биде силен и постојан во верата, христијанинот мора да биде долго и често со Бога во тајна молитва. Како добродетелството може да биде благослов за некој кој во тоа нема никакво искуство? Како можеме од Бога да бараме да ни помогне во спасување на душите, ако не сме направиле сè што е во наша моќ за да ги запознаеме со вистината? Вие сами на себе сте навлекле духовна слабост која ве прави толку бескорисен и за вас самите и за црквата, а лекот против тоа се наоѓа во покајанието, признавањето и реформата. Неопходна ни е морална сила и вистинска духовна храна на Божјата благодат. Ништо нема толку да ја зацврсти и зајакне вашата вера и побожност како работата на унапредување на Божјото дело кое го љубите на зборови, а практично го попречувате. Постои само еден вистински лек против духовната замреност, а тоа е работата, залагањето за душите на кои им е потребна вашата помош. Наместо да ги храбрите душите, вие ги обесхрабрувате и ги слабеете рацете на оние кои со сето срце се залагаат за напредок на Божјото дело. {4C 235.2}

Бог ве надарил со способности кои можете да ги употребите на добро, или пак да ги злоупотребите на штета на себе и на другите. Вие не ги сфаќате барањата кои Бог со право ги бара од вас. Секогаш треба да се има на ум фактот дека на овој свет живееме за со изградба на карактерот да се подготвиме за вечноста. Сите наши односи кон ближните треба да придонесуваат и за нивните и за нашите вечни интереси; но ако нашите средби и разговори со нив се посветени само на задоволување на себичните интереси, ако лесноумно и несериозно се впуштаме во лоши и недозволени постапки, не само што не сме Божји соработници, туку одлучно работиме против Него. Драгоценото време на животот ни е дадено за под влијание на неверните сродници да се оддаваме на задоволување на телесните желби, туку да го поминуваме на начин кој Бог го одобрува. {4C 236.1}

Ако брат J наоѓал радост и задоволство во Божјата љубов, би можел да биде канал на светлината; но тој во морален поглед е исклучително слаб и многу склон кон неверство. Небесните ангели со длабоко сожалување гледаат на него, бидејќи

постојано е опкружен со темнина. Неговите уши постојано ги слушаат зборовите на мрачното неверство, сомневање и вечно испрашување. Јазикот е свет полн со неправда. „А јазикот никој од луѓето не може да го скроти; тоа немирно зло е полно со смртоносен отров". Кога братот Ј цврсто би се држел за Бога и поодлучно би ја чувал својата исправност пред Него дури и по цена на својот земен живот, би примал сила одозгора. Ако дозволи на неговата вера да влијае мрачното неверство со кое постојано е опкружен - сомнежите, постојаните испрашувања и бесплодното расправање - наскоро ќе се најдат во потполна темнина на сомневање и неверство, не наоѓајќи никаква светлина ниту сила во вистината. {4C 236.2}

Тој не би смеел ниту да помисли дека ќе ја олесни својата положба согласувајќи се на компромис со своите пријатели кои толку огорчено се борат против вистината. Ако цврсто одлучи да му служи само на Бога без оглед на последиците, ќе прими од Него помош и сила. Бог го љуби братот Ј и има многу сожалување кон него, бидејќи знае за секоја негова неволја, секоја обесхрабреност и секој зајадлив збор. Сето тоа Нему му е добро познато. И ако тој го отфрли своето неверство и непоколебливо застане на Господова страна, неговата вера со секојдневна примена во пракса постојано ќе јакне. „А праведникот ќе живее од верата; ако отстапи нема да биде по волја на Мојата душа". {4C 236.2}

Покажано ми е дека браќата Ј и Г се наоѓаат во опасност да го изгубат вечниот живот. Тие не увидуваат дека со својот став претставуваат постојана препрека за напредокот на Божјото дело во _____. Кога при својот престој на тој брег, прв пат одржавме црковен собор, стотина присутни беа осведочени за вистината; но Господ ја познава духовната градба на оние кои ја сочинуваат тамошната заедница. И ако тие души ѝ пристапиле на вистината, немаше да има никој духовно да ги храни и негува, постојано да ги поучува и да ги води кон еден повозвишен живот. Братот Ј е човек полн со завист, подготвен само да пронаоѓа грешки. Тој не се нафаќа на ништо ако не може да биде прв. Тој ги преценува своите способности и се смета за многу подобар отколку што навистина е. Човек со негов темперамент не може долго да биде во слога со никој, бидејќи кавгата е составен дел од неговата природа и тој војува против сè што не одговара на неговите погледи. Господ го пуштил да оди по својот пат и да покаже каков дух има. Истиот дух според кој се раководи во своето семејство, тој се обидува да го внесе и во црквата. Неговите жестоки зборови и огорченото чувство против Божјите слуги ангелите верно ги запишуваат; и тој на судот ќе мора повторно да се сретне со нив. Тој отишол од нас затоа што во срцето никогаш и не бил со нас; и не треба никако да се охрабрува повторно да се врати во црквата; бидејќи во ваков дух каков што сега манифестира тој би се скарал дури и со Божјите ангели. Тој би им наредувал и на ангелите што треба да прават. Во таков дух никој нема и не може да влезе на небо. И и Ј, кои не го заслужуваат Божјото одобрување, најдрско се спротивставуваат на Божјите слуги, омаловажувајќи ја нивната работа и припишувајќи им најлоши побуди. Тие се трудат со сите сили да ја уништат довербата на членовите во овие работници, како и во Сведоштвата. Но, ако ова дело е од Бога, тие не можат да го уништат. Сите нивни напори ќе останат залудни. Брате Г, ти си бил во толкава духовна темнина што и самиот си верувал дека тие луѓе се во право. Повторувајќи ги нивните зборови, зборуваше за „моќта на еден човек". О, колку малку знаеш за што зборуваш! {4C 237.2}

Во својата завист и копнеж да пронаоѓаат грешки, некои се подготвени да кажат било што за да изнесат некое обвинување против Божјите слуги. И ако успеат да најдат некој пример каде што, според нивно мислење, овие проповедници, во својата ревност

за Божјото дело зборувале одлучно или можеби остро, тие се подготвени тие зборови да ги прикажат со претерано значење, и во дух на злоба и најголема огорченост да им подметнуваат на Божјите слуги најлоши побуди. Нека злонамерните критичари ти кажат што би направиле тие под слични околности и под слично бреме на одговорност. Нека го погледнат, преиспитаат и осудат своето недолично и заповедничко држење, своето нетрпение и мрзоволност; и ако утврдат дека се без грев, први нека фрлат камен на осуда на тие браќа кои се трудат да ги направат подобри работници. Душите кои ја бараат вистината Бог нема да ги изложи на такво влијание какво што постои во таа црква. Нашиот небесен Татко е премногу мудар за да ги препушти душите приведени кон вистината на влијанието на таквите кои се непосветени во срцето и во животот. Овие луѓе не живеат во согласност со вистината. Тие не се во единство со телото на црквата, туку настојуваат и други да одвојат од неа. Со својата работа тие ги спречуваат намерите на оние кои Бог ги користи како Свои орудија во приведување на души кон сегашната вистина. {4C 238.1}

Кој духовно ќе ги храни и негува оние кои треба да заземат свој став кон држењето на сите Божји заповеди? Кој татковски и мајчински ќе се грижи за оние кои треба да се помагаат и да јакнат во верата? Дали тие браќа знаат што прават? Со својот погрешен став тие претставуваат непосредна препрека на патот на грешникот кој треба да се обрати. Крвта на тие души ќе се најде на нивните облеки ако не се покаат и во потполност не го променат својот став. Можат ли тие незадоволници и да помислат дека се во право, а дека целата црква на почитувачи на саботата е во заблуда? „По нивните родови ќе ги познаете". Кого Бог го признава со Своите благослови? Кого Тој го води? Кој со своите дела докажува дека работи за Него? Кој вистински и на прав начин се залага вистината да се изнесе и на другите? Можат ли таквите да очекуваат црквата да им дојде на нив, да го предаде своето искуство со Бога и својот утврден став за да го прифати расудувањето на тие непосветени поединци? Или пак тие треба да се ускладат со црквата? {4C 238.2}

Брат Г се фали со својата независност во мислењето и расудувањето, додека со својот непосветен живот и попречување на делото со своето слепо војување против Христа во лицето на Неговите слуги, постојано претставува камен на сопнување за грешниците; меѓутоа, тој се лаже во поглед на суштината на вистинската независност. Тврдоглавата упорност не е независност, иако тврдоглавоста често погрешно се нарекува независност. Кога братот Г некое свое лично мислење јавно ќе го изнесе во своето семејство или во црквата и тоа со неговата својствена самоувереност, тој тогаш е во состојба со сите можни аргументи кои можат да се наведат во прилог на тоа упорно да докажува дека е во право. Тој е во опасност, и тоа во голема опасност со својата упорност сам себеси да си ги затвори очите и ја гази сопствената совест, бидејќи тоа за него претставува тешко искушение со кое непријателот особено го мачи. Имајќи многу високо мислење за своето расудување, тој тешко се ослободува од тоа, дури и кога е соочен со светлината и докази кои се толку силни за да го разубедат. Тој смета дека признавајќи дека не е во право, би го омаловажил своето расудување и својата разумност. {4C 239.1}

Брате Г, се наоѓаш во голема опасност да ја изгубиш својата душа. Склон си да бараш првенство и да се истакнуваш над другите. Понекогаш длабоко страдаш мислејќи дека другите те омаловажуваат. Не си среќен човек. Нема ниту да бидеш среќен ако го напуштиш Божјиот народ, како што го направиле тоа многу таканаречени Христови следбеници, затоа што те навредуваат јасните зборови и факти и затоа што

вистината ти е кажана премногу остро. Не си и не можеш да бидеш среќен, бидејќи постојано мислиш само за себе. Не си во право во многу работи и сам себеси си создаваш неволи. Твојот голем непријател е твојата непрепородена природа; и било каде да одиш ти го носиш своето бреме и својата несреќа со себе. Чесно е да се признае својата грешка штом таа ќе биде забележана. {4C 239.2}

Во Божјото дело постојат многу области во кои ти изнаоѓаш грешки, затоа што тоа е во твојата природа. И бидејќи си ѝ свртел грб на од Бога дадената светлина и вистина за тебе самиот, твоето расудување нагло опаѓа и подготвен си повеќе од кога и да е да изнаоѓаш грешки во сè и сешто. Своите гледишта ги изразуваш со диктаторска самоувереност и ако некој се посомнева во твоето мислење, тоа го доживуваш како лична навреда. Вистинската и благородна независност никого не наведува на заклучок дека е понижување да се бара совет од искусни и разумни и со почит се однесува кон советите на другите. {4C 240.1}

Религија во семејството

Брате Г, ако не се обратиш во потполност ќе го изгубиш вечниот живот. Нема и не можеш да бидеш среќен сè додека не сфатиш колку е мудро да бидеш кроток и понизен. Во односите помеѓу тебе и твојата сопруга премногу има меѓусебно спротивставување. Морате да се ослободите од постојаното изнаоѓање на грешки, сомневања, завист и од тоа меѓусебно расправање. Духот кој го манифестирате во семејството, вие го пренесувате и во својот верски живот. Бидете внимателни како зборувате за недостатоците на другите во присуство на своите деца и бидете исклучително внимателни во владеењето со себе. Вие во својот најстар син го гледате само она што е негативно и зло и ја негирате позитивноста на било која од неговите добри особини, кои во случај на негова смрт многу добро би ги запазиле и секогаш би ги нагласувале. Заземајќи таков став кон својот син, двајцата сте потполно недоследни. Зборувајќи за неговите недостатоци и слабости во присуство на другите, вие покажувате дека немате доверба во добрите црти на неговиот карактер. {4C 240.2}

Двајцата сте склони да ги гледате недостатоците еден кај друг, како и кај сите останати; но сте потполно слепи за своите лични пропусти и многубројни заблуди. Двајцата сте нервозни, лесно се возбудувате и многу сте радразливи. Ви недостига мудрост и кротост. Упорно се држите за своите слабости, страсти и предрасуди, како без нив да не би имале среќа во животот; додека сето тоа всушност претставува само трње - остро, бодликаво трње. Исус ве повикува да го оставите тој со своја волја избран јарем кој толку болно ви го разранувал вратот и да го земете Неговиот јарем, кој е благ, и Неговото бреме, кое е лесно. Колку е тешко бремето на самољубие, лакомство, себичност, страст и завист. А како луѓето сепак цврсто се држат за тие проклетства и колку со незадоволство се ослободуваат од тоа! Знаејќи колку се мачни овие товари на кои најчесто се изложуваме, Христос нè повикува да се ослободиме од тоа. Сите уморни и натоварени, Тој ги повикува да дојдат кај Него и со Неговото бреме, кое е лесно, да ги заменат тешките бремиња со кои самите себеси се оптоварiле. „И ќе најдете покој на своите души. Зашто јаремот Мој е благ и бремето Мое е лесно”. Барањата на нашиот Спасител секогаш се добредојдени и ускладени и ако радосно ги прифатиме, ни донесуваат само мир и спокојство на нашата душа. {4C 240.3}

Братот Г, кога ќе се најде на погрешна страна, многу тешко признава дека не бил во право; и се обидува да ги прикрие своите пропусти од јавноста и подоцна да тргне по

подобар пат без отворено признавање на своите гревови. Но сите такви заблуди и непризнати гревови остануваат запишани на небото и нема да бидат избришани сè додека не ги признае во склад со упатствата дадени во Божјата реч: „Исповедајте ги грешките еден на друг и молете Му се на Бога еден за друг, за да оздравите". Ако братот Г пронашол некој пат поинаков од овој на кој нè упатува нашиот Господ, тоа не е сигурен пат и на крајот ќе го одведе во пропаст. Тој друг пат е погубен и за црквата и за напредокот и среќата на неговото семејство. Нему му недостигаат христијанска благост, нежност, понизност, љубов во душата и особини на несебичност. Брате и сестро Г, вие треба да ги развивате во себе оние особини кои ќе ве направат духовно чисти, несебични и повеќе заинтересирани за оние со кои доаѓате во допир. Во вас постои изразена склоност кон самољубие и постојана грижа само за себе, што ниту малку не ја зголемува вашата среќа туку ви донесува само болка и тага. Вие морате да водите борба сами со себе и тоа за вас не може да го направи некој друг. Двајцата треба да го зауздате јазикот и да се воздржите од многу зборови кои толку непромислено ги изговарате. Злото најпрво започнува во мислите, а потоа се изразува со неконтролирани зборови. Но вие и не се обидувате во своите меѓусебни односи да негувате чувство на љубов, попуштање и меѓусебно почитување. Бидете полљубезни и повнимателни уважувајќи се еден со друг и нека копнежот да се усреќите еден со друг ви биде неприкосновено правило во животот. Тоа можете да го постигнете само со Христова сила и во Негово име. {4C 241.1}

Сестра Г вложува напори за да стекне победи, но нема поддршка и охрабрување од страна на својот сопруг. Наместо во сесрдна молитва постојано да бара сила да ги победи недостатоците на својот карактер, тие будно пратат што прават другите, и духовно слабеат пронаоѓајќи ги грешките во животот на другите. Градината на сопственото срце е запоставена. {4C 242.1}

Ако брат Г, прифаќајќи ја светлината која му е од Бога упатена уште пред неколку месеци, искрено и отворено разговарал со својата сопруга и ако двајцата во срцето се понизиле пред Господа, колку поинаква би била нивната состојба денес. Двајцата ги омаловажиле зборовите на укор и сесрдниот повик на Божјиот Дух и не се реформирале. Но, затворајќи ги очите за светлината која Бог им ја испратил, тие своите гревови не ги направиле помалку одвратни во Неговите очи ниту ја намалиле својата одговорност. Тие само покажуваат дека го мразат укорот кој Господ им го упатува во Својата голема милост. Братот Г има по природа благо и нежно срце, но на него се фатила кора на самољубие, суета и зли претпоставки. Неговото срце не е бесчувствително, но му недостига морална сила. Штом ќе се укаже потреба за самооткажување и самопожртвување, тој покажува кукавичлук, бидејќи се сака себеси. Да се владее со себеси, да се внимава будно на своите зборови, да се признаат своите грешки - тоа за него е крст кој според негово мислење бара преголемо понижување. Меѓутоа, на спасение може да смета само ако го земе и го понесе токму тој крст. {4C 242.2}

Брате и сестро Г, вие двајцата морате будно да внимавате на своите зборови; бидејќи сосем сигурно е дека - ако не бидете стражари над своите мисли и постапки - толку ќе се обесхрабрувате еден со друг, така што ниту еден од вас нема да биде спасен. Двајцата треба да се чувате од избувливост, во која неконтролирано доаѓа до избрзани зборови и постапки. Огорченоста на која сте склони затоа што мислите дека други ве запоставуваат, доаѓа од сатаната и причина е за големото зло во морален поглед. Додека сте под контрола на таквиот дух, вие својот разум практично го лишувате од

сила за да може да владее со вашите зборови и постапки, а сепак сте одговорни за сите негативни последици кои произлегуваат од тоа. За сето она што ќе се направи или каже во лутина нема изговор, бидејќи е погрешно. Со еден единствен збор изговорен во возбуда и бес можете да оставите осило во срцата на своите пријатели кое никогаш нема да биде заборавено. Ако не научите да владеете со себе, ќе бидете најнесреќен брачен пар. Вината за несреќата во својот живот вие постојано ја припишувате еден на друг; но тоа веќе не би требало да го правите. Поставете си себеси за правило никогаш осудувачки да не си префрлате еден на друг, туку настојувајте меѓусебно да се цените и уважувате колку што е можно. {4C 242.3}

Некои сметаат дека е доблест да се биде невнимателен и природен и се фалат со својот обичај да зборуваат отворено за работи кои се непријатни за кажување, а со кои им е полно срцето. Тие со навреди и критичарски напади на други ја растеруваат својата лутина и се празнат. И што повеќе зборуваат за тоа, тие стануваат сè пораздразливи, а сатаната е секогаш тука да им помогне во тоа, бидејќи тоа одговара на неговите цели. Таквите зборови ги раздразнуваат оние на кои им се упатени и на нивно возвраќање, провокаторите употребуваат уште потешки зборови, и така се продолжува сè додека најобичниот блесок не прерасне во голем оган. Вие двајцата знаете дека сте изложени на сите можни искушенија и дека во животот сте многу несреќни. Затоа цврсто одлучете да ги контролирате своите мисли, зборови и постапки. Штом еден од вас почувствува дека го обзема чувство на огорченост, без одлагање нека лично се понизи пред Бога во најсесрдна молитва, и молитвата која доаѓа од искрено срце нема да остане неуслишена. Направете го тоа свое правило. {4C 243.1}

Секоја страст треба да се потчини на контролата на просветената совест. „Облечете се како Божји избраници, свети и љубезни, во милосрдие, добрина, смиреност на умот, кротост и долготрпение, поднесувајќи се еден со друг и простувајќи си еден со друг ако кој има нешто на некого; облечете се во љубов, која е врска на совршенство. И Божји мир нека владее во вашите срца, на кој сте повикани во едно тело и бидете благодарни”. {4C 243.2}

Ако живеете по планот на умножување, додавајќи постојано доблест на доблест, Бог постојано ќе ви ги умножува даровите на Својата благодат. Додека вие додавате, Бог ќе умножува. Ако на ум секогаш го имате фактот дека Бог гледа и слуша сè што правите или кажувате, дека верно се води записник за секој ваш збор и постапка и дека на судот ќе мора да се соочите со тоа, тогаш ќе настојувате во сè во животот да се раководите според диктатот на просветена и будна совест. Ќе го зборувате само она што ќе служи на слава на Бога и на благослов на вас и на вашите ближни. Но ако продолжите без Бога, како што правите досега, се изложувате на сериозна опасност вашиот јазик да стане свет полн со неправда и - поради загуба на душите кои така пропаѓаат - да се најдете под страшна осуда. {4C 244.1}

Должност за владеење со себеси

Апетитот и барањата на својата сетилна природа мораме да ги држиме во строга потчинетост. Тие барања ни се дадени за да ги употребиме во значајни цели, за наше добро, а не за да станат слуги на смртта, изопачувајќи се во желбите и страстите „кои војуваат на душата”. Склоноста кон тутунот која ти, брате Г, ја засилуваше со постојано попуштање, стана воинствена страст која води војна против твојата душа. Неумереният човек не е во состојба да биде трпелив. Најмалото и речиси незабележливо попуштање

на некое барање создава желба за уште поголеми стимуланси. Ако своите мисли, страсти и барања ги држиме под соодветна контрола, ќе го зауздаме и својот јазик. Повикај ги на помош своите морални сили и раскини со употребата на тутунот засекогаш. Фактот дека сè уште употребуваш тутун, ти се обидуваш да го сокриеш од другите, но тоа не можеш да го сокриеш од Бога. „Очистете ги своите раце, грешници, поправете се во срцето, непостојани. Бидете тажни во срцето, плачете и тагувајте; вашиот смев нека се претвори во плач и вашата радост во тага. Понизете се пред Господа и ќе ве издигне". Ти ги препорачувам овие зборови како совет во Христово име и те молам не ги отфрлај; зашто Тој ми го даде тоа како задача. {4C 244.2}

Ти никогаш не би ги отфрлил Сведоштвата така како што сега ги отфрлаш ако во нив не беа укорувани твоите лоши дела. Сметаш дека е полесно да ги жртвуваш Сведоштвата и да ги затвориш очите пред од Бога дадената светлина, отколку да го отфрлиш тутунот, лесноумниот живот и несериозното однесување со неверниците. Процесот на чистење бара откажување и воздржување, за кое тебе ти недостига морална сила; затоа мислиш дека со своето неверство во светлината која ти е од Бога дадена ќе ги оправдаш своите гревови. Имај на ум дека на судот ќе мораш повторно да се соочиш со сето ова, како и со сите опомени и укори кои по Божји налог морав да ти ги пренесам; бидејќи сè е запишано во небесните книги. {4C 245.1}

Брат Ј е за жалење, бидејќи има природно наследени големи недостатоци. За него има малку надеж. Неверството и сомнежите потполно го контролираат неговото расудување. Во негова природа е да се става на страна на сомневањето и вечното испрашување. Тоа големо зло во себе тој би можел да го совлада само со негување на спротивни црти во својот карактер. Тој треба да го потиснува неверството, а не постојано да го подгрева. Тој не би смеел јавно да ги изразува своите сомнежи. Тој нема никакво право со недостатоците на својот карактер да ги обесхрабрува другите. Ако веќе тој сам мора да боледува од тоа бедно зло, тогаш барем не треба да ја загорчува среќата на другите, истакнувајќи го своето неверство кое ја загрозува верата на неговите браќа. Тој е склон во своите излагања да преминува преку сè она што би можело да претставува утеха и охрабрување за слушателите, копајќи и трагајќи само по она што може да го искористи како повод за своите сомнежи и критики. Приодите на неговата душа се отворени и на сатаната ништо не му го спречува влезот за да може слободно да го обликува неговиот ум според свое мислење. {4C 245.2}

Покажано ми е дека интересот за вашите состаноци опаѓа затоа што не се посветени со присуство на Божјиот Дух. Браќата и сестрите се во потполно ропство поради тие двајца луѓе. Тие не се чувствуваат слободни непречено да зборуваат за својата вера во едноставност на својата душа; бидејќи тука се наоѓа братот Ј со своето студено и остро критичко око, подготвен да се фати за секој збор во кој гледа шанса да ги покаже способностите на својот ум затруен со неверство. Поради тие двајца Божјиот Дух е нажален и се повлекува од вашите состаноци. Кога овие браќа покажуваат дух на змев во војување против оние кои веруваат дека Бог им пружа светлина и духовна утеха преку Сведоштвата, време е браќата и сестрите со полно право да бараат слобода на верата и совршена слобода на совеста. Бог им дал светлина и нивна предност е да ја ценат таа светлина и зборувајќи за тоа, заемно да се јакнат и храбрат. Братот Ј настојува да ги збуни луѓето, создавајќи впечаток дека светлината која Бог ја дава преку Сведоштвата е некој додаток на Божјата реч; но на тој начин ги прикажува Сведоштвата во лажна светлина. Токму овој начин Бог го смета за соодветен да ги насочи мислите на

Својот народ на Својата пишана реч и нејзиното разбирање да го направи појасно. {4C 245.3}

Членовите на црквата во _____ стануваат духовно сè послаби поради влијанието на кое постојано се изложени. Тоа е влијание кое ниту малку не придонесува за нивниот духовен напредок, туку постојано ги попречува во тоа. На братот J му е дадена предност да го отфрли своето неверство и да напредува во светлината, ако го сака тоа. Ако тој тоа го одбие, Божјото дело ќе продолжи да се шири и напредува и без негова помош. Меѓутоа, Божја намера е меѓу верниците во тоа опкружување да дојде до позитивна промена. Тие или ќе напредуваат, или пак ќе назадуваат. Бог со шест души кои се единствени во верата и во расудувањето може да направи многу повеќе отколку со мноштво такви кои се однесуваат како браќата J и Г. Кога тие доаѓаат на состаноци, не ги доведуваат со себе ангелите на светлината, туку ангелите на темнината. Така состаноците стануваат некорисни, а понекогаш и многу штетни. Бог ги повикува тие луѓе да преминат на Негова страна, да се обединат со црквата и да престанат да ги попречуваат оние кои сакаат во потполност да бидат на Господова страна. {4C 246.1}

Голема причина што многумина таканаречени Христови следбеници паѓаат во тешки искушенија и принудени се да се каат е тоа што не се познаваат самите себеси. Во тоа непријателот тешко го решетал и апостол Петар. Во тоа илјадници од нив доживуваат бродолом во својата вера. Вие не ја земате сериозно сета погубност на своите грешки и заблуди и не страдате во душата поради тоа. Ве преколнувам настојувајте да ги очистите своите души, покорувајќи се на вистината. Одржувајте врска со небото во молитва. Само Бог може да ве спаси од вашата самоизмама. {4C 246.2}

_____

22. СВЕТОСТА НА БОЖЈИТЕ ЗАПОВЕДИ

Многупочитуван брате К, во текот на јануари 1875 година укажано ми е на пречките кои тука го спречуваат духовниот напредок на црквата. Божјиот Дух е нажален бидејќи многумина не се исправни во своето срце и живот; нивните дела не се во склад со верата која јавно ја исповедаат. Светиот ден за Божји одмор не се празнува како што треба. Секоја седмица на Бога Му се краде дел од Неговото свето време со непочитување на границите на тоа време, особено на почетокот и завршетокот на саботата; и часовите кои би требало да се посветат за молитва и побожно размислување се поминуваат во земни работи. {4C 247.1}

Бог ни ги дал Своите заповеди не само да веруваме во нив, туку и да им се покоруваме. Големиот Јехова, кога ги положил темелите на Земјата, ја облекол вселената со облека на убавина и ја снабдил со изобилство на сè што за човекот е корисно и добро - кога го завршил чудесното создавање на сè на Земјата и морето - ја установил саботата како ден за одмор и ја прогласил за света. Бог го благословил и го посветил седмиот ден, бидејќи тој ден се одморал од сите Свои дела создадени во текот на чудесното создавање. Саботата е воспоставена за човекот и Бог сака тој ден да ги оставиме сите свои работи, како што и Тој се одморал по Својата шестдневна работа на создавањето. {4C 247.2}

Оние кои ги почитуваат прописите на Божјиот закон, бидејќи ја примиле светлината во поглед на четвртата заповед од Декалогот, ќе ја држат и таа заповед без оглед дали приликите и можностите за таква послушност се поволни или не. Бог го создал човекот по Свое обличје, а потоа со личен пример покажал како треба да се празнува седмиот ден, кој сам Тој го празнувал и го прогласил за свет. Тој одредил човекот да го посвети тој ден на богослужение и да не се занимава со земни работи. Никој од оние до кои допрела светлината во поглед на саботата нема да биде без вина во Божјите очи ако и понатаму ја престапува четвртата заповед. {4C 247.3}

Брате К, ти ги признаваш Божјите барања во поглед на празнување на саботата, но твоите дела не се во склад со верата која јавно ја исповедаш. Ако го престапуваш Божјиот закон, ти со своето влијание си на страна на неверникот. Кога твоите земни интереси бараат внимание, ти ја престапуваш четвртата заповед без грижа на совеста. Држењето на Божјиот закон ти го условуваш со поволните животни околности, држејќи го или пак престапувајќи во зависност од своите работи и моментално расположение. Со таквото непочитување на саботата како света установа, ти го жалостиш Божјиот Дух и го обесчестуваш својот Откупител. {4C 247.4}

Само делумното почитување на законот во поглед на саботата е неприфатливо за Господа и со тоа на умот на неверникот оставаш полошо влијание отколку воопшто да не се прикажуваш како поборник на саботата. Тие забележуваат дека твојот живот е во спротивност со она во што веруваш и ја губат довербата во христијанството. Она што ќе го каже, Господ сигурно и ќе го направи; и човекот не може неказнето да ги отфрли Неговите заповеди. Случајот на Адам и Ева во Едемската градина доволно јасно покажува што значи непослушност на божествениот закон. Поради гревот кој го направиле нашите прародители слушајќи ги лажливите наговарања на непријателот, Божјиот Син морал да ги напушти царските дворови на небото и да се спушти до најдлабокото понижување на оваа земја. Бил малтретиран и навредуван, отфрлен и распнат токму од оние на кои им донесувал само благослов и спасение. Со колкава цена е платена таа непослушност во Едемската градина! Жртвувано е Величеството на небото за да може човекот да се спаси и да се поштеди од казната која ја заслужил со својот престап. {4C 248.1}

Бог ниту денес нема лесно да премине преку кршењето на Својот закон како што не преминал ниту тогаш кога на првите престапници им изрекол пресуда. Спасителот на светот го подига сериозно Својот глас нпротив оние кои рамнодушно се однесуваат кон Божјите заповеди. „Ако некој укине една од овие најмали заповеди", нагласува Тој, „и така ги научи луѓето, ќе се нарече најмал (што значи дека за него нема да има место) во небесното царство; а кој ќе ги изврши заповедите и ќе ги научи така и другите, тој ќе се нарече голем во небесното царство". Сведоштвото кое ние го даваме со својот живот е во потполност за вистината или пак во потполност против неа. Ако со своите постапки го оправдуваш престапникот во неговиот грев, ако со своето влијание го охрабруваш лесно да го зема престапот на Божјите заповеди, тогаш имаш вина не само поради своите гревови, туку до извесна мера си одговорен и за заблудите на другите кои произлегуваат од тоа. {4C 248.2}

На самиот почеток на четвртата заповед Бог вели: „Сеќавај се", знаејќи дека човекот, обземен со своите грижи и неволи би можел да дојде во искушение за своите престапи да се изговара дека, под притисок на своите земни работи, заборавил на светлината и значењето на Божјите заповеди. „Шест дена работи и заврши ги сите свои работи" - вообичаените секојдневни работи кои ни донесуваат добивка или било какво

задоволство. Овие зборови се толку јасни така што не можат погрешно да се разберат. Брате К, како се осмелуваш да престапиш една јасна и толку значајна заповед? Зар Господ во твојот случај може да направи исклучок, ослободувајќи те од обврската кон Законот кој го дал за цел свет? Зар твоите престапи не се запишуваат во небесните книги? Зар Тој ќе ги прифати твоите изговори кога сите ќе мораат да излезат пред Него на суд? Не лажи се ниту за момент дека за своите гревови нема да примиш заслужена казна. Казната за твоите престапи нема да изостане, бидејќи имаше светлина, но продолжи да ѝ се спротивставуваш со својот живот. „А оној слуга кој ја знае волјата на Господарот свој и не се подготвил ниту направил по Негова волја, ќе биде повеќе камшикуван". {4C 249.1}

Бог му дал на човекот шест дена за неговите работи и да се грижи за неговите животни потреби, додека еден ден издвоил од останатите и го посветил. Тој ден Тој му го дава на човекот како време кога треба да се одмори од своите секојдневни грижи, да се посвети на богослужението и на своето духовно издигнување. Колку е срамна дрскоста од човечка страна кога и тој единствен од Бога посветен ден го користи за свои себични цели. {4C 249.2}

Кога смртниот човек ќе се осмели во цел на своите ништожни земни интереси да прави некаков компромис со Семоќниот, тоа е најдрско пречекорување на дозволеното. Повремено да се извршуваат земните работи во сабота, исто така е тежок престап на законот како и потполно отфрлање на нејзината светост, бидејќи тоа би значело дека држењето на Божјите заповеди зависи од поволните или пак од неповолните животни околности. „Јас сум Господ Бог твој, Бог Кој ревнува", се слушнало во грмотевицата на Синај. Никаква делумна послушност, никакви поделени интереси не прифаќа Оној Кој во истата заповед кажува: „ги казнувам гревовите на татковците на нивните синови до трето и четврто колено, на оние кои Ме мразат; а им правам милост на илјадници оние кои Ме љубат и ги чуваат Моите заповеди". Не е безначаен пристап да се закинува својот ближен и голем срам е да се носи на себе жиг за таков престап; Па сепак оној кој со презир гледа на било каква измама или закинување на ближниот, бесрамно му го закинува на својот небесен Татко времето кое Тој го благословил и издвоил за посебна цел. {4C 249.3}

Драг мој брате, твоите дела не се во склад со верата која ја исповедаш, и како единствен изговор кој го наведуваш во своја одбрана е твоето бедно повикување на поволните или неповолните околности. Оние кои Му служеле на Бога во минатото често биле повикувани, бранејќи ја својата вера, да го положат дури и својот живот. Твојот живот ниту оддалеку не може да се спореди со животот на тие христијански маченици кои повеќе се согласувале на глад и жед, на сите можни мачења и смрт, отколку да се откажат од својата вера или да ги жртвуваат начелата на вистината. {4C 250.1}

„Каква е користа браќа мои", вели апостолот, „ако некој рече дека има вера, а дела нема? Зар верата може да го спаси?" Секој пат кога со своите раце ќе се прифатиш за било каква работа во сабота, ти навистина се откажуваш од својата вера. Светото Писмо нè учи дека верата без дела е мртва, а нашиот живот сведочи на светот дали навистина се држиме за верата која ја исповедаме. Со своето однесување ти го намалуваш значењето на Божјиот закон во очите на своите световни пријатели. И како да им зборуваш: „Божјите заповеди можете да ги држите или да не ги држите. Јас верувам дека Божјиот закон е донекаде задолжителен за луѓето; но сепак Господ не бара толку строга послушност на сите прописи на Својот закон и повремените престапи не ги казнува толку строго". {4C 250.2}

Многумина кои ја престапуваат саботата го оправдуваат тоа повикувајќи се токму на твојот пример. Кога еден толку добар човек кој верува дека саботата е седми ден - заклучуваат тие - може и во тој ден да се занимава со земни работи ако тоа околностите го бараат, тогаш секако и тие можат да го прават истото тоа без никаква осуда. На денот на судот ќе се соочиш со многумина кои твоето влијание го користат како изговор за своето непочитување на Божјиот закон. Иако тоа не може да биде никакво оправдување за нивниот грев, сепак ќе претставува страшно сведоштво против тебе. {4C 250.3}

Бог дал Свои прописи и Тој бара човекот да се покорува на тоа. Тој не прашува дали човекот за тоа секогаш има поволни услови и околности или не. Господ на животот и славата никогаш не ја гледал својата удобност или задоволство кога требало да ја напушти својата висока положба и да стане страдалник, прифаќајќи срамно понижување и смрт за да го ослободи човекот од последиците на неговата непослушност. Исус умрел не за да го спаси човекот во неговите гревови, туку од неговите гревови. Човекот треба да ги отфрли своите заблуди, да го земе својот крст и следејќи го Христовиот пример да појде по Него, откажувајќи се од себе и покорувајќи Му се на Бога без оглед на цената. {4C 250.4}

Исус вели: „Никој не може да служи на два господари; зашто или едниот ќе го мрази, а другиот ќе го сака, или едниот ќе го сака, а за другиот нема да мари. Не можете да Му служите на Бога и на мамона". Ако вистински Му служиме на Бога, тогаш никогаш нема да се прашуваме во недоумица: дали треба да ги држиме Неговите заповеди или да ги чуваме земните интереси. Ако оние кои веруваат во вистината сега не можат да најдат потпора во својата вера во овие релативно мирни денови, што ќе биде нивна потпора кога ќе наидат поголеми искушенија, кога ќе биде издаден декрет против сите кои нема да се поклонат на иконата на ѕверот и кои нема да го примат нејзиниот жиг на своето чело или на својата рака? Тоа сериозно време не е далеку. Наместо да стануваат слаби и неодлучни, припадниците на Божјиот народ треба да собираат сила и храброст за време на неволјата. {4C 251.1}

Со Својот живот на оваа земја и со Својата смрт, Исус како наш голем Пример, нè учи на најстрога послушност. Тој умрел, праведникот за неправедниците, невиниот за виновниците, за да ја сочува честа на Божјиот закон, а човекот сепак да не пропадне во безнадежност. Гревот е престап на Божјиот закон. Кога Адамовиот грев донел толку кобна несреќа така што станало неизбежно да се жртвува Божјиот Син, каква казна ги очекува оние кои, иако ја имаат светлината на вистината, потполно ја омаловажуваат четвртата заповед на Божјиот закон? {4C 251.2}

Никакви околности не можат да бидат изговор за таквата работа во сабота со која се остварува земна добивка. Кога Бог за таков престап би оправдал еден човек, би можел да ги оправда и сите други. Зошто тогаш брат Л, кој е сиромашен човек, не би работел во сабота за да заработи средства неопходни за живот, кога на тој начин би можел полесно да го издржува своето семејство? Зошто и другите браќа, или секој поединец од нас, би ја празнувале саботата само тогаш кога поради тоа не мораме ништо да жртвуваме? Гласот од Синај дава одговор: „Шест дена работи и завршувај ги сите свои работи. А седмиот ден е сабота, одмор посветен на Господа, твојот Бог". {4C 251.3}

Престапите на оние кои тврдат дека веруваат во вистината многу ја слабеат црквата и претставуваат камен на сопнување на патот на грешникот, спречувајќи ги да пријдат кон изворот на светлината. Брате К, Бог те повикува да поминеш во целост на Негова

страна; покажи со своите дела дека ги почитуваш прописите на Неговиот закон, чувајќи ја саботата неосквернета. Разбуди се и сфати ја најсериозно својата вистинска должност и одговорности од кои не можеш да се ослободиш. Следниве свечени зборови се упатени и на тебе: „Ако задржиш својата нога да не ја престапува саботата, да не правиш што ти е мило на Мојот свет ден, и ако ја нарекуваш саботата милина, свет и славен Господов ден и го славиш не одејќи по своите патишта и не правејќи што ти е на тебе мило, не зборувајќи напразно, тогаш ќе се веселиш во Господа и ќе те изведам на висини земни и ќе ти дадам да јадеш од наследството на Јаков, својот татко; зашто Господовата уста го кажа тоа”. {4C 252.1}

Слично на многумина од нашите браќа, се заплетка во иста стапица со престапниците на Божјиот закон, гледајќи на овој престап во нивна светлина и паѓајќи во нивните заблуди. Оние кои тврдат дека Му служат на Бога, додека всушност му служат на сатаната, нема да ги избегнат Божјите казни. Оние кои поради свои лични интереси не ја уважуваат Божјата заповед, сами натрупуваат несреќи кои неминовно ќе ги стигнат. Членовите на црквата во _____ треба да се запрашаат дали, слично на Евреите од Христовите денови, не го претвориле Божјиот дом во место за трговија. „Во Писмото стои”, вели Христос, „домот Мој нека биде дом на молитва; а вие направивте од Него ајдучка пештера”. {4C 252.2}

Зар многумина од нашите членови не паднале во грев да ја жртвуваат својата вера поради земна добивка? Тие го задржуваат обличјето на побожност, но сите мисли и сите сили им се обземени само со желба за стекнување на земно богатство. Послушноста на Божјиот закон треба да ни биде на прво место. Ако Божјата реч со која законот на Светата гора е објавен на толку впечатлив и толку застрашувачки начин, лесно се зема, како ќе бидат примени Сведоштвата на Неговиот Дух? Оние чие духовно сфаќање е толку замрачено што не го признаваат авторитетот на Божјите заповеди, кои Тој со Својот глас им ги изговорил на луѓето, можат да примат малку добра преку слабото човечко орудие кое Тој го избрал за да го поучи Својот народ. {4C 252.3}

Твоите години не се изговор за да не се покоруваш на Божјите заповеди. Аврам бил изложен на најболно искушување во својата длабока старост. Зборовите на божествениот налог изгледале страшни и несфатливи за еден толку стар човек оптоварен од бремето на сè што преживеал, но тој ниту за момент не ја доведувал во прашање оправданоста на Божјото барање ниту се колебал да послуша. Можел да се повикува на фактот дека е стар и изнемоштен, и дека не е во состојба да го жртвува својот син единец, кој претставувал радост и утеха во неговиот живот. Можел да го потсети Господа дека ова барање е во спротивност со ветувањето кое му било дадено токму во поглед на тој син. Но Аврам послушал без мрморење и без никакво приговарање. Неговата доверба во Бога била потполна и безусловна. {4C 253.1}

Аврамовата вера треба да ни послужи како пример; но колку малку се оние кои трпеливо поднесуваат многу поедноставна проверка кога се укорени поради гревовите кои ги загрозуваат нивните вечни интереси! Колку малку се оние кои укорите ги прифаќаат со понизност и се поправаат! Божјите барања во поглед на нашата верност, нашата служба и нашата љубов треба секогаш да наидуваат на наш радосен одзив. Ние сме непроценливо должни на Господа и би требало без никакво притеснување да се потчиниме на секое Негово барање. За да бидеме престапници, не би требало да ги фрлиме под нозе сите морални прописи. Ако занемариме само еден пропис, ние сме престапници на Светиот Закон. Меѓутоа, за навистина да бидеме народ кој ги држи

Божјите заповеди, треба точно да одговараме на секое барање кое Тој ќе го стави пред нас. {4C 253.2}

Бог се согласил Неговиот љубен Син со Својата смрт да плати казна за направениот престап на законот; како тогаш Тој ќе постапи со таквите кои и покрај сите тие докази и светлината која допрела до нив, сепак се осмелуваат и понатаму да продолжат по патот на непослушност? Во тој поглед човекот нема право да се повикува на некакви свои удобности, животни околности или потреби. Бог води грижа за тоа; Оној Кој го хранел Илија покрај потокот Хорат, правејќи ги гавраните Свои посланици, нема да дозволи Неговите верници да оскудеваат во храна поради својата вера. {4C 253.3}

На Своите ученици, кои биле притиснати со сиромаштво, Спасителот им рекол: „Зошто толку се грижите што ќе јадете или што ќе пиете, или во што ќе се облечете? Погледнете на птиците небесни кои ниту сеат, ниту жнеат, ниту собираат во амбари, па вашиот небесен Татко ги храни. Зар вие не сте многу поважни од нив?" Укажувајќи потоа на полското цвеќе, создадено и обоено со божествената рака, нагласил: „И за облека што се грижите? Погледнете на лилјаните во полето како растат, не се трудат ниту предат. Но јас ви велам дека ниту Соломон во сета своја слава не се облече како еден од нив. Па кога тревата во полето, која денес е, а утре се фрла во печка, Бог така ја облекува, колку повеќе се грижи за вас маловерни?" {4C 254.1}

Каде е верата на припадниците на Божјиот народ? Зошто имаат толку малку вера и доверба во Оној Кој постојано се грижи за нивните потреби и ги одржува со Својата сила? Тој дозволува нивната вера да се испита, им упатува укори и опомени и доколку сето тоа не го послушаат, дозволува да ги снајдат неволи. Оние кои отстапуваат од својата поданичка верност кон Него, Тој на секој начин настојува да ги пробуди од нивната судбоносна заспаност во гревот и во нив да ја оживее свеста за должноста. {4C 254.2}

Брате мој, твојата душа мора да оживее и твојата вера мора да зацврсне. Ти долго време на различни начини бараше изговор за својата непослушност, така што твојата совест е потполно заспана и повеќе не те предупредува на твоите заблуди и гревови. Саботата веќе толку долго ја празнуваш само тогаш кога тоа одговара на твоите земни интереси и на твојата удобност, така што во својата свест веќе воопшто и не увидуваш дека тоа е погрешно; сепак тоа ниту малку не ја намалува твојата одговорност пред Бога, бидејќи сам си се довел во таква положба. Почни веднаш безусловно да се покоруваш на божествената заповед, а за своите животни потреби потпри се на Него. Не го предизвикувај Неговиот гнев, за да не те стигне ужасна казна. Врати Му се додека не биде предоцна и побарај простување за своите престапи. Тој е богат со добрина и милост и ќе ти го врати Своето одобрување и Својот мир ако Му се обратиш во вера и понизност. {4C 254.3}

---

23. СЕБИЧНОСТ ВО ЦРКВАТА И ВО СЕМЕЈСТВОТО

Драги брате М, покажано ми е дека во твојот карактер има недостатоци кои мораат да се отстранат. Во своите погледи и чувства кои ги покажуваш кон својата сопруга не си во право. Не ја цениш како што би требало и не ѝ упатуваш зборови на сочувство и љубов кои таа со право ги заслужува. Твоето машко достоинство нема ниту малку да се

намали ако ѝ укажеш заслужено признание и пофалба за сите грижи и товари кои ги поднесува во семејството. {4C 255.1}

Ти си себичен и претеруваш во своите барања. Ја забележуваш секоја ситница, истакнувајќи ги и најмалите грешки на својата сопруга и на своите деца. Накратко кажано, настојуваш да им ја наметнеш својата совест како мерило за сè, да одлучуваш и мислиш наместо нив. Твојата сопруга има своја личност која никогаш не може потполно да се стопи во личноста на нејзиниот сопруг. Таа има своја особеност која треба да ја сочува, бидејќи пред Бога е одговорна за себе. Ти не можеш, мој брате, да бидеш пред Бога одговорен за карактерот кој го изградува твојата сопруга. За тоа само таа ќе одговара пред Бога. Правото некој да влијае на совеста на твојата сопруга, што ти неоправдано се обидуваш да го добиеш, го има само Бог. {4C 255.2}

Премногу очекуваш од својата сопруга и деца. Премногу ги осудуваш. Кога во себе би негувал ведро расположение и пријатна природа, обраќајќи им се љубезно и нежно, наместо мрачни облаци на тага и несреќа, ти би внесувал сончеви зраци. Премногу држиш до своето мислење, одиш во крајност и не поднесуваш расудувањето на твојата сопруга да го има она значење кое би требало да го има. Не поттикнуваш од своја страна почит кон својата сопруга ниту ги воспитуваш децата да го почитуваат нејзиниот суд. Не ја сметаш за еднаква на себе, туку кормилото на управување и контрола си го зел во свои раце и цврсто го држиш. Ти недостигаат особини на љубезност, разбирање и сочувство. Мораш да ги негуваш тие црти на карактерот ако сакаш да се победиш себеси и да бидеш од Бога даден благослов за своето семејство. {4C 255.3}

Многу си упорен и непопустлив во своето мислење, што твоето семејство многу тешко го поднесува. Твоето срце би требало значително да се омекне под влијание на Божјата благодат, зашто во него ја нема онаа љубов која била обележје на секоја Христова постапка. Љубовта потекнува од Бога. Таа е растение од небесно потекло и не може да живее и да напредува во непрепородено срце. Таа во срцето внесува вистина, духовен живот и сила. Но таа не може да живее без постојана активност, а со секојдневна примена во пракса, таа сè повеќе се развива и шири. Таа не е брза да ја забележи секоја грешка и веднаш да укаже на најнезначителната заблуда. Таа преовладува тогаш кога сите аргументи и сите безбројни зборови ќе се покажат залудни и бескорисни. Најдобар пат да дојде до реформа во твоето семејство и во карактерот и во меѓусебните односи е начелото на љубовта да се примени во пракса. Љубовта навистина е онаа сила со која се постигнува и она што не може да се постигне ниту со пари ниту со било каква власт. {4C 256.1}

Брате мој, твоите толку груби и нељубезни зборови само сечат и рануваат. Ти си многу брз да осудиш и да пронајдеш грешка, но тоа донесува само несреќа. Ти многу брзо би се навредил кога тие зборови кои со задоволство им ги упатуваш на другите, би биле упатени на тебе. Гледајќи на љубезноста, нежноста и сочувството како на особини на слаби личности, ти сметаш дека ти е под достоинство да ѝ се обраќаш на својата сопруга нежно, благо и љубезно. Во тоа имаш потполно погрешна претстава за вистинската мажевност и достоинство на човекот. Со склоноста да ги избегнуваш постапките на љубезност очевидно покажуваш слабост и недостаток на својот карактер. Тоа што ти го сметаш за слабост, Бог го смета за вистинска христијанска учтивост и доблест која треба да ја има секој христијанин, бидејќи тоа е дух кој го покажувал и сам Христос. {4C 256.2}

Многу си склон кон себичност и за себе мислиш дека си многу подобар отколку што навистина си. Често имаш екстремно, чудно и необично мислење за Светото Писмо и

за тоа се држиш толку ревно како Евреите за своите традиции. Не поседувајќи дух кој може да се поучува, постојано ќе бидеш во опасност да ѝ создаваш тешкотии на црквата, ако не се ослободиш од тие свои заблуди во сила на Семоќниот Победник. Она што го прави твојот случај посебно загрижувачки е твоето мислење дека сè знаеш подобро од своите браќа и многу си непристапен. Обземен си со духот на фарисејската самоправедност, кој како да зборува: „Стој настрана, не ми се приближувај, бидејќи сум посвет од тебе". {4C 256.3}

Ти не си свесен за изопаченоста на сопственото срце и не гледаш дека својот живот си го направил речиси потполно неуспешен. Твоето мислење не може и не смее да биде правило во Божјата црква. Ти треба да ги негуваш сите христијански особини кои ти недостигаат, а особено братската љубов која „долго трпи, благотворна е, љубовта не завидува, љубовта не се велича, не се гордее. Не е непристојна, не бара свое, не памти зло, не се радува на неправда, туку се радува на вистина. Сè покрива, во сè верува, на сè се надева, сè поднесува". „Облечете се како Божји избраници, свети и љубезни во милосрдие (братска љубов), добрина, понизност, кротост и трпение, поднесувајќи се еден со друг и простувајќи си еден на друг ако некој има тужба на некого; како што Христос вам ви прости, така и вие простувајте. А над сè, облечете се во љубов, која е нишка на совршенство. Божји мир нека владее во вашите срца, на кој сте повикани во едно тело и бидете благодарни". {4C 257.1}

Штом забележиш дека некој малку ќе застрани од она што според твое мислење е исправно, подготвен си веднаш строго да укоруваш и исправуваш. Додека така заповеднички и диктаторски, брзо и со задоволство ги разоткриваш грешките на своите браќа, не го преиспитуваш внимателно своето срце и не го гледаш злото кое постои во твојот живот. Попуштањето на апетитот и страстите е твојата голема морална слабост. Вистинското робување на навиката за пушење толку загосподарило со тебе, така што иако неколку пати одлучуваше да раскинеш со тоа, сè уште не успеа во тоа. Таа грда и штетна навика потполно ги изопачува твоите чувства. Каде ти е самооткажувањето мој брате? Каде ти е моралната сила да победиш? Христос во пустината на искушувањето ја победил моќта на желбите и поради тебе, овозможувајќи ти на тој начин и ти да станеш победник над самиот себеси. Ти многу бараш од другите; а што правиш за да стекнеш победа над таа одвратна навика која го уништува здравјето и ја осквернува душата? Тоа е борба со себе, борба во која никој не може да те замени. Други можат да се молат за тебе, но процесот на одвикнување и воздржување е само твоја задача. {4C 257.2}

Бог те повикува: не губи веќе време со искушувачот, туку настојувај да се очистиш од секоја нечистотија на телото и духот, усовршувајќи светост во Божји страв. Мораш да делуваш цврсто и одлучно за да ги победиш маните и недостатоците на својот карактер. Ти се наоѓаш во Божјата работилница. Ако се потчиниш на процесот на мазнење на острите агли, во кој Бог со Своите направи за мазнење ги отстранува острите агли, јазли и нерамнини од твојот карактер, со Негова благодат можеш да се подготвиш за место во небесната градба. Но ако, држејќи се неразделно од своето „јас" не се согласиш низ тој мачен процес на подготовка за небесната градба, за тебе во структурата која на крајот се склопува без ниту еден удар на чекан и секира, нема да има место. Ако твојата природа не се измени, ако вистината за овие последни денови не те облагороди и не те посвети, ќе се најдеш недостоен за место меѓу чистите и свети ангели. {4C 258.1}

Можеш ли да си дозволиш себеси и понатаму толку неразделно да се држиш за таа своја валкана навика и на крајот да се најдеш меѓу неверните и необратените? Зар ќе си дозволиш себеси да го изгубиш спасението поради тоа? Премногу е ризично и понатаму да попушташ на тоа валкано барање на кое сè уште му робуваш. Ти им ја изнесуваше вистината на неверниците на потполно погрешен начин, што остави многу негативно влијание на нивниот ум. Оние кои ја изнесуваат вистината, а живеат недоследен живот, сатаната ги користи како своја посебна предност за да предизвика гадење на оние кои со правилно влијание би можеле да се придобијат за вистината. Ти треба да ги ублажиш своите манири во однесувањето кон другите и кога ја изнесуваш вистината, тоа треба да го правиш во дух на кротост. {4C 258.2}

„Бидете секогаш подготвени за одговор на секој кој ќе ве запраша за вашата надеж, со кротост и страв имајте добра совест". Стравот за кој овде се зборува не одразува недоверба и неодлучност, туку неопходна внимателност, обрнување внимание на секој детал, за со некој непромислен збор да не предизвикаме возбудување и така на умот на присутните да оставиме неповолен впечаток, насочувајќи ги во погрешна насока. Секој кој сака правилно да ја прикаже вистината многу е битно да има Господов страв, понизност и дух на кротост. {4C 258.3}

Горделивоста и духот на самодоверба претставуваат за тебе најголема опасност. Големата несреќа и незадоволство кои постојат во тебе и во твоето семејство настануваат главно поради горделивост. Корисноста на оние кои се оптоварени со гордост многу е ограничена, бидејќи суетата и самољубието го стеснуваат делокругот на нивната дејност. Во нивниот дух нема благородност. Напорите за доброто на другите гордоста никогаш не ги проширува, туку напротив, сè повеќе ги стеснува. Таа особина, ако постои во срцето, се открива неизбежно и во однесувањето и во постапките. {4C 259.1}

Драг брату, влијанијата под кои се формирал твојот карактер развија во тебе горделив и властољубив дух. Тој дух ти несвесно го манифестираш во своето однесување кон членовите на семејството, соседите и сите со кои се дружиш. За да ги победиш тие лоши навики, мораш будно да стражиш во молитва. Ова треба да го сфатиш најсериозно, бидејќи не ти преостанува многу време за тоа. Немој да мислиш дека ти е доволна сопствената сила. Само во име на моќниот Победник можеш да стекнеш вистинска победа. Во разговор со другите повеќе задржувај се на Божјата милост, добрина и љубов, отколку на строгоста во судот и казната. Задржувај се што повеќе на Неговите ветувања. Со своја сила не можеш да направиш ништо, но во Христова сила можеш да направиш сè. Ако ти си во Христа и Христос е во тебе, ти ќе бидеш препороден, обновен и посветен. „Ако останете во Мене и Моите зборови останат во вас", вели Христос, што и да побарате, ќе ви се даде". Биди сигурен дека Христос ќе биде во тебе ако во понизност Му го предадеш своето срце. Бог ги прифаќа само понизните во срцето. Небото е навистина вредно за доживотни и истрајни напори; да, поради тоа е вредно да се остави сè на овој свет. Бог ќе ти помогне со задоволство во твоите напори ако твоите желби и стремежи бидат само во Него. За своето семејство исто така треба многу да направиш и Бог ќе ти помогне да успееш во тоа ако ја извршуваш својата задача со сето срце. Те преколнувам прво да расчистиш сам со себе, и потоа трпеливо да работиш на спасување на своето семејство, за да можат Божјите ангели да дојдат во вашиот дом и да останат со вас. {4C 259.2}

24. АПЕЛ ДО ПРОПОВЕДНИЦИТЕ

Живееме во многу сериозно време. Пред сите нас се задачи кои бараат вложување на најсесрдни напори, но ова особено важи за пастирите кои треба да го чуваат и хранат Божјото стадо. Оние чија посебна должност е да ги водат другите и да ги упатуваат на патот на вистината треба правилно да ја изложуваат Божјата реч и своите поуки да ги прилагодат на потребите на слушателите. Тие треба да бидат толку тесно поврзани со небото, така што ќе станат живи канали на светлината и уста низ која ќе говори Бог. {4C 260.1}

Пасторот треба да биде добро запознат со учењата на Божјата реч, а исто така и да го познава карактерот на своите слушатели. Нашата вера не е популарна. Луѓето со незадоволство слушаат кога ги осведочувате во колкава заблуда се. Голема е задачата која треба да се изврши, а малку се оние кои се подготвени да се прифатат за делото. Обично еден човек ги извршува работите кои би требало да се поделат на двајца; бидејќи работата на евангелистот нужно се комбинира со задачата на пасторот, така што работникот на терен е принуден да носи двојно бреме. {4C 260.2}

На проповедникот му е неопходно студиозно проучување на Светите Списи, за да може својот ум што подобро да го снабди со духовно знаење и докази од Библијата, бидејќи проповедникот е силен ако е вооружен со вистините од Светото Писмо. Аргументот е добредојден во расправата; но со едноставно објаснување на Божјата реч постигнува далеку повеќе. Христос го илустрирал Своето учење толку јасно што и најучените и најскромните можеле лесно да го сфатат. Во Своите излагања Тој не употребувал комплицирани и тешко сфатливи изрази, туку се служел со едноставен јазик и речник кој секогаш бил прилагоден на сфаќањето на обичните луѓе. Во Своето излагање и објаснување никогаш не одел подалеку отколку што тие можеле да сфатат. {4C 260.3}

Многу луѓе кои се познати како одлични мислители и добро го познаваат Светото Писмо, ја намалуваат својата корисност со погрешни методи на работа. Некои од проповедниците кои се ангажирани во делото на спасување на душите не постигнуваат најдобри резултати затоа што во тој повик, кој на почетокот го прифатиле со толку воодушевување, не се со цело срце. Други се неприфатливи затоа што грчевито се држат за своето однапред создадено мислење и предрасуди и истакнувајќи го тоа како најважно, не успеваат своето учење да го прилагодат кон потребите на народот. Многумина воопшто немаат претстава за тоа колку е неопходно да се прилагодат кон потребите на своите слушатели и да им приоѓаат таму каде што тие се наоѓаат. Тие не се поистоветуваат со оние кои сакаат да помогнат и да ги издигнат на вистинско ниво на библиското христијанство. {4C 260.4}

Оној кој сака навистина да биде успешен проповедник, мора во потполност да биде посветен на делото на спасување на души. Најважно од сè друго е лично да биде тесно обединет со Христа, со задоволство да бара и прима Негов совет и секогаш да се чувствува зависен од Него. Некои се неуспешни затоа што во расправиите се потпираат само на силата на аргументите и не се обраќаат сесрдно на Бога за мудрост Тој со Својата благодат да ги насочува и посвети нивните напори. Долгите проповеди и досадни молитви не само што не се корисни туку напротив, се штетни за духовните и верски интереси и не ги осведочуваат луѓето. Таа склоност и во молитва да се држат

долги говори често го гасне верскиот интерес кој инаку би дал поголеми резултати. {4C 261.1}

Вистинскиот Христов пратеник е во совршено единство со Оној кого го претставува и негова највисока цел е спасување на душите. Богатството на овој свет го губи секое значење кога ќе се спореди со вредноста на една единствена душа за која нашиот Господ и Учител го дал Својот живот. Оној Кој ги измерил брегoвите и планините на мерила, ја смета човечката душа непроценлива. Проповедникот во својата работа мора постојано да води борби и да стекнува победи. „Не мислете", вели Христос „дека дојдов да донесам мир на земјата; не дојдов да донесам мир туку меч". Почетните напори на христијанската црква биле проследени со неволи и горка болка и тага. Наследниците на првите апостоли морале да се соочуваат со исти тешкотии како и нивните претходници; во својата работа сите морале да поднесуваат сиромаштво, лажно обвинување и секакво противење. Тоа морале да бидат луѓе со голема морална храброст и духовна сила. {4C 261.3}

Голема морална темнина сè повеќе преовладува и само силата на вистината може да ја истера таа духовна темнина од душата и умот на секој поединец. Ние сме повикани да се бориме против големите заблуди и длабоко вкоренети предрасуди, и без особена Божја помош нашите напори да ги обратиме душите и самите морално да се издигнеме на повисоко ниво, ќе останат безуспешни. Сите човечки вештини и најдобри природни способности се немоќни во душата на грешникот да ја разбудат свеста за одвратноста на гревот и истата да ја отфрлат од срцето. {4C 262.1}

Проповедниците треба да бидат внимателни, не очекувајќи премногу од оние кои сè уште го бараат патот во темнината на заблудата. Кога совесно ќе го направат своето, тие треба да се потпрат на Бога за Тој со Своето таинствено делување на Својот Дух да влијае на душите кои ја бараат вистината, знаејќи дека без тоа нивните напори ќе останат безуспешни. Во својата работа со душите тие треба да бидат трпеливи и мудри, имајќи ја на ум сета различност на околностите и приликите кои влијаеле на нивниот развој. Исто така, треба строго да се чуваат за, истакнувајќи се себеси, да не го запоставаат Христа. {4C 262.2}

Некои проповедници не постигнуваат успех затоа што во делото не се со сето свое срце и неподелени интереси, бидејќи од истрајноста во работата и добро осмислените напори зависи многу. Многумина и не се работници; тие не се вклучуваат во никаква работа надвор од црквата. Тие ги запоставуваат своите должности да одат од куќа до куќа и совесно да делуваат во семејниот круг. Тие треба да негуваат ретка особина на христијанска учтивост која би ги навела да бидат полјубезни и повнимателни кон душите кои се доверени на нивна грижа, залагајќи се за нив со вистинска сесрдност и вера и учејќи ги на патот на животот. {4C 262.3}

Проповедниците мораат да направат многу во обликување на карактерот на оние со кои доаѓаат во допир. Ако се остри, склони на критикување и претерани во своите барања, тие неизбежно ќе наидат на тие несреќни особини и кај оние на кои најмногу влијаеле. Иако можеби ниту тие самите не сакале да дојде до тоа, сепак тоа всушност е под нивниот пример. {4C 262.4}

Не може да се очекува од луѓето да копнеат по мир и слога ако нивните вероучители, чиј пример тие со задоволство го следат, тоа начело не го нагласуваат и не го применуваат во својот живот. Проповедникот кој сака да биде пример на своите верници и совесно да им го пренесува учењето на својот Учител, на себе презема големи одговорности. Со својата чистота и морално достоинство, нашиот Спасител

предизвикал длабока стравопочит кај луѓето, додека во исто време со Својата несебична љубов и благородна благост ги придобивал нивните срца. Тој навистина бил олицетворение на совршенството. Ако Христовите претставници сакаат нивните напори да ги следат истите плодови кои ја крунисале Неговата работа, тие мораат најсердно да копнеат да ги имитираат Неговите особини и да ги развиваат во себе оние карактерни особини кои ќе ги направат слични на Него. {4C 262.5}

За да имаме успех во работата на спасување на грешниците, мораме да бидеме многу внимателни, барајќи секогаш мудрост и совет од Бога. Ако душата на работникот е облагородена со Божја благодат, тој со своето излагагање нема раздразнувачки да делува на своите слушатели, туку со својата благост ќе ги омекнува нивните срца, отворајќи ги за прием на вистината. {4C 263.2}

Работниците на терен не смеат да си дозволат себеси да паднат во малодушност, туку во вера и надеж секогаш треба само да одат напред без никаков обѕир на приликите и околностите во кои се наоѓаат. Задачата на проповедникот со неговото излагање на вистината од катедра, всушност штотуку почнува. Тој потоа треба лично да се запознае со своите слушатели. Многумина силно грешат во тоа што потесно не се поврзуваат во сочувство токму со оние на кои нивната помош им е најпотребна. Со Библија во рацете, тие треба на љубезен начин да се распрашаат за приговорите или расправиите кои се појавуваат во мислите на оние кои почнуваат да истражуваат: „Што е вистина?” Таквите треба внимателно и нежно да се водат како ученици во основно училиште. Многумина од нив мораат да раскинат со теориите кои длабоко се врежале во нивниот живот. Иако се осведочуваат дека во поглед на некои библиски учења биле во заблуда, тие сè уште упаѓаат во забуна и ги мачат сомневања. Тогаш им е потребно нежно сочувство и најразумна помош; треба внимателно да се поучуваат, да се молат со нив и за нив, бдеејќи над нив и чувајќи ги во најљубезна загриженост за нивното спасение. На оние кои подлегнале во некое искушение и застраниле од Бога, потребно е да им се укаже посебна помош. Ваквите Христос ги прикажува во Својата парабола за загубената овца. Пастирот ги остава деведесет и деветте овци во пустината и поаѓа во потрага по едната која се изгубила и не престанува со барање сè додека не ја најде; тогаш се враќа радосен, носејќи ја на своите рамена. Истото тоа е илустрирано и во параболата за жената која го барала својот изгубен денар сè додека не го пронашла, а потоа ги повикала своите соседи да се радуваат со неа бидејќи го нашла тоа што било загубено. Овде е јасно осветлена поврзаноста на небесните ангели со христијанското дело на земјата. Ангелите повеќе се радуваат за еден грешник кој се кае отколку за деведесет и девет праведници на кои не им е потребно покајание. На тоа се радуваат и Таткото и Синот. За спасението на човекот е заинтересирано цело небо. И оној кој бил орудие во спасувањето на една душа има предност да се радува, бидејќи Божјите ангели со најголем интерес биле сведоци на неговите напори и се радуваат на неговиот успех. {4C 263.3}

Колку тогаш треба да биде сесрден човекот во залагањето за своите ближни и колку длабока треба да биде неговата љубов и наклоност кон нив! Навистина е голема предноста да се биде Христов соработник во делото на спасување на души. Колку трпение и несебични напори Тој вложил за да допре до човекот во неговата паднатa состојба и да го спаси од последиците на неговиот грев. Затоа и Неговите следбеници, кога во улога на Учител ја пренесуваат на другите Неговата реч, треба со задоволство да се угледаат на својот голем Пример. {4C 264.1}

За успешно да ја продолжат својата голема и напорна задача, проповедниците треба да бидат и физички здрави. Со таа цел тие мораат да создадат правилни навики и здравиот начин на живот да го усвојат како правило. Многумина од нив постојано се жалат и страдаат од здравствени нарушувања и неудобност. Најчеста причина е тоа што не работат мудро и не ги почитуваат законите на здравјето. Премногу се задржуваат во затворен простор живеејќи во прегреани соби полни со нечист воздух. Тука тие обично се концентрираат само на проучување и пишување, запоставувајќи го физичкото движење и толку неопходната промена на занимање. Поради тоа крвотокот им е толку успорен, а умните способности ослабени. {4C 264.2}

На целокупниот организам му е неопходно освежувачкото дејство на движењето и работата на отворен простор. Неколку часа физичка активност секој ден значително би придонело за обновување на телесните сили, а во исто време и за релаксација на умните способности. Подобрувајќи го на тој начин физичкото здравје во секој поглед, проповедникот ќе биде значително поуспешен и во својата пасторска работа. Многу проповедници се онеспособуваат за својата проповедничка работа токму со постојано читање и пишување. Тие во задржување на апстрактните поими губат драгоцено време кое би требало да се посвети во помагање на оние на кои таквата помош им е навистина потребна. {4C 264.3}

Некои проповедници се занимаваат со пишување токму во времето на извесно верско интересирање, а тоа што тие често пишуваат често и нема некоја посебна врска со работата што е во тек. Тоа е сосем погрешно, зашто во такви моменти должност на проповедникот е со сите свои сили да го подобрува напредокот и ширењето на делото. Тој пред своите очи и во својот ум секогаш треба да има само една цел, а тоа е спасување на душите. Ако предмет на неговото размислување е нешто друго, поради тоа можат да бидат изгубени многумина кои со благовремена поука би можеле да бидат спасени. Некои проповедници многу лесно се откажуваат од својата задача. Лесно се обесхрабруваат, или пак привлечени од семејни и лични интереси дозволуваат поттикнатиот интерес да опаѓа затоа што не му се подарува заслужено внимание. Штетата која му се нанесува на делото на таков начин, тешко е да се процени. Ако му се пристори дека неговите напори не даваат резултати, треба во молитва сериозно да се запраша има ли вина од негова страна. Тој треба во понизност на душата пред Бога да се преиспита себеси, и држејќи се со вера за божествените ветувања треба да ги продолжи своите напори сè додека не се осведочи дека во потполност ја извршил својата должност и направил сè што е во негова моќ за да го оствари саканиот успех. {4C 265.1}

Проповедниците во своите извештаи често велат дека оставиле веќе пробуден интерес во некое место за да преминат во ново поле на работа. Тоа е погрешно. Тие треба да го завршат започнатото дело во една област бидејќи, оставајќи ја работата недовршена, прават повеќе штета отколку корист на работникот кој треба тука да ги наследи. Изгледите за успех ниту во едно поле не се помали од она во кое било обработувано толку колку за да може плевелот побујно да се развива. За работа во новите полиња потребни се многу молитви и мудро вложување на напори. Потребни се луѓе потполно верни на Бога, луѓе кои можат не само да зборуваат за верата, туку и да имаат искуствено спознание за тајната на побожноста и кои можат да ги задоволат неодложните потреби на народот, луѓе кои како Христови слуги сериозно го сфаќаат значењето и важноста на својата положба и кои се подготвени радосно да го понесат својот крст. {4C 266.1}

Кога ќе дојдат во искушение да се повлечат и да се посветат само на читање и пишување додека другите должности бараат нивно неодложно внимание, тие треба да бидат доволно силни за, жртвувајќи ги личните склоности, да се прифатат за задачите кои се непосредно пред нив. Тоа е несомнено најтешка проверка за умот склон на проучување. {4C 266.2}

Пастирските должности често срамно се запоставуваат затоа што проповедникот нема сила да ги жртвува своите лични склоности на повлекување во себеси и проучување. Припадниците на своето стадо пастирот треба да ги посетува од куќа до куќа и грижејќи се за духовното добро на нивните души треба да најде време за лично поучување, разговор и молитва во секое семејство. Оние кои ќе покажат желба да се запознаат со начелата на нашата вера никако не треба да се запоставуваат, туку треба темелно да се упатат во вистината. Ревносен, внимателен и духовно буден, проповедникот нема да пропушти ниту една прилика да направи добро. {4C 266.3}

Поедини проповедници, кога домаќинот на семејството ќе ги повика во својот дом, тие неколку часа за време на посетата го поминуваат во некоја посебна просторија, одавајќи се на својата врежена склоност нешто да читаат или пишуваат. Семејството кое им укажало гостопримство нема да има од таа посета никаква корист. Проповедникот го прифатил понуденото гостопримство, но од своја страна не му дал ништо на тоа семејство за возврат, иако неговата работа тука била толку потребна. {4C 266.4}

До срцата на луѓето најлесно се допира токму преку авениите на меѓусебното дружење. Меѓутоа, многу проповедници избегнуваат посети како должност од која се плашат, бидејќи во себе не развиле особина на друштвеност, ниту пак ја имаат онаа љубезност во однесувањето со која се придобива срцето. Многу е важно пасторот што повеќе да доаѓа во допир со оние кои се доверени на негова грижа - да се запознае со разноликоста на човечката природа, полесно да го сфати нивниот начин на размислување, своите поуки да ги прилагоди на интелектуалното поимање на своите слушатели, за да може и самиот да научи дека вистинска братска љубов имаат само оние кои внимателно ја проучуваат природата на другите и нивните потреби. {4C 266.5}

Оние проповедници кои се издвојуваат од своите слушатели немаат никакви можности да им помогнат. Вештиот лекар мора да ја запознае природата на разните болести како и структурата на целиот организам. Тој секогаш мора да биде подготвен да им укаже помош на своите пациенти без одлагање, бидејќи знае дека одлагањето може да биде опасно. Кога својата искусна рака ќе ја стави на пулсот на болниот и внимателно ги следи карактеристичните симптоми на болеста, неговото поранешно искуство му овозможува да ја утврди дијагнозата на болеста и неопходниот третман за да се спречи нејзиното понатамошно напредување. Како што лекарот постапува во случај на телесно заболување, така пасторот или проповедникот треба да постапува со душата заболена од грев. И неговата работа е позначајна од лекарската, колку што е вечниот живот повреден од минливиот земен живот. Пасторот наидува на бескрајна разновидност на карактери и негова должност е да се запознае со членовите на семејства кои ги слушаат неговите излагања, за да може да одлучи на кој начин може најуспешно да влијае на нив да појдат по правиот пат. {4C 267.1}

Имајќи ја во предвид сериозноста и далекусежноста на оваа одговорност, ни се наметнува прашањето кое своевремено го поставил и апостол Павле: „А за ова кој е способен?" Срцето на работникот понекогаш губи надеж додека размислува за тешките и толку одговорни должности кои го очекуваат; меѓутоа Христовите зборови ја зајакнуваат неговата душа со утешното и сигурно ветување: „И еве Јас сум со вас во сите

дни до крајот на светот". Имајќи ги во предвид тешкотиите и опасностите на оние за кои се залага и кои му се толку драги, пасторот секогаш мора да биде внимателен во своите манири и постапување со нив, бдеејќи над нив како оној кој пред Бога ќе полага сметка за тоа. Своето влијание во придобивање на души за Христа и настојување трајно да ја втисне вистината во душите на заинтересираните, тој треба секогаш разумно да го користи. Грижата светот со своите заводнички привлечности да не ги одвои од Бога и да ги стврдне нивните срца пред влијанието на Божјата благодат, треба да му биде постојано на ум. {4C 267.2}

Проповедникот никогаш не смее горделиво да господари над оние кои, како припадници на Божјото стадо, се доверени на негова грижа, туку дека треба во сè да им биде пример и да им го покажува патот на спасението. Следејќи го Христовиот пример, тој треба пред Бога да се зазема за оние кои се доверени на негова грижа сè додека не се осведочи дека нивните молитви се услишени. Христос покажувал кон човекот и човечка и божествена наклонетост. Тој е наш Пример во сè. Бог е наш Татко и Владетел, а христијанскиот проповедник е претставник на Неговиот Син на Земјата. Начелата според кои се раководат сите на небото, треба исто така да се применуваат и на Земјата; онаа иста љубов која ги поттикнува ангелите и чистотата и светоста кои владеат на небото треба, секогаш кога тоа е можно, да владеат и на Земјата. Бог ги смета проповедниците одговорни за духовната власт која им е дадена во црквата, но не им дава право на Своите слуги да ја изопачат таа власт во деспотско господарење над оние кои се доверени на негова грижа. {4C 267.3}

Бог им дал на овие Свои слуги драгоцено познавање на вистината и сака тие што потесно да се поврзат со Христа, а со посредство на љубов и сочувство да се приближат и на своите браќа, за да можат во нивното настојување да им помогнат да направат сè што е во нивна моќ. Откупителот на светот, за време на Својот живот на оваа земја, воопшто не размислувал за сопствените задоволства, туку минал низ животната патека правејќи само добро. Одржувал тесна врска со Таткото за, силата која ја добивал на тој начин, да може да ја употреби во спасување на човечките души од вечна пропаст. На сличен начин и Неговите слуги треба да ја негуваат духовноста ако сакаат во својата работа да постигнат успех. {4C 268.1}

Во Своето сожалување и сомилост кон грешниците, Исус ги напуштил небесните дворци, ја соблекол царската облека и се понижил до таа мера да ја земе на Себе човечката природа, за да може да се запознае со човечките потреби и да го издигне од неговата пониженост од гревот. Кога Тој му пружа на човекот толку непобитни докази за Својата љубов и најнежно сочувство, колку е битно Неговите претставници - угледувајќи се на Неговиот пример - да им пријдат на своите ближни помагајќи им да изградат вистински христијански карактер! Меѓутоа, некои се премногу брзи да поттикнат цел судски процес во црквата, изнесувајќи бесчувствително остри и многу тешки обвинувања против заблудените. Постапувајќи така, тие им попуштаат на природните склоности на своето непрепородено срце, кои би требало одлучно да ги совладаат. Тоа не е непристрасно расудување на христијанскиот суд, туку нечесна критика со избувлива природа. {4C 268.2}

На членовите им е многу попотребно воспитување отколку осуда и критика. Наместо преостро укорување и осуда поради недостаток на духовност и запоставување на должностите, проповедникот треба со упатства и личен пример да ги поучува како да напредуваат во благодатта и познавањето на вистината. „Нејзе и станав служител по Божја наредба што ми е наложена мене за вас, за да го исполнам словото Божјо,

тајната, скриена од векови и родови, а сега откриена на Неговите светии, на кои Бог посака да им покаже какво богатство на слава има во таа тајна за незнабошците, односно дека Христос, надежта на славата, е во нас. Него ние го проповедаме, вразумувајќи ги сите луѓе и учејќи ги со сета мудрост, за да го претставуваме секој човек совршен во Христос; затоа се трудам и се борам. Зашто Неговата сила со голема моќ дејствува во мене". {4C 269.1}

Нашите проповедници постари од четириесет или педесет години не треба да мислат дека нивната работа и придонес за делото сега е помалку делотворна отколку порано. Токму луѓето кои со години работат и кои притоа стекнале одредени искуства можат да вложат силни и правилно насочени напори. Тие се особено потребни во овие денови и нивниот придонес многу би ѝ недостигал на црквата. За својата физичка или умна изнемоштеност тие не треба ниту да зборуваат ниту да мислат дека времето на нивната корисност поминало. {4C 269.2}

Многумина од нив го загрозиле своето здравје со претерани умни напори кои не знаеле мудро да ги комбинираат со физичка работа. Последица на тоа е опаѓање на нивните сили и склоност да одбегнуваат одговорности. Ним им недостига само поактивно учество во работата. Тоа не се однесува само на постарите, туку и на луѓето помлади по години кои своите сили ги загрозуваат на ист начин. Тие имаат список на одредени проповеди, но ако излезат надвор од тие рамки, тие ја губат својата сигурност. {4C 269.3}

Старомодниот пастор кој патувал на коњ и поминувал многу време во посетување на своето стадо, и покрај сите свои неудобности и изложување на невремето, е многу поздрав од денешните проповедници кои одбегнуваат секаков физички замор колку што е можно и се ограничуваат само на своите книги. {4C 269.4}

Постарите и поискусни проповедници треба да се чувствуваат должни како Божји слуги кои за тоа и примаат плата, секој ден да бидат сè покорисни во својата работа, пронаоѓајќи нови скапоцени камења од Божјата реч со кои ќе ги освежат своите слушатели. Секој нивен напор на ширење на евангелието треба да биде поуспешен од претходниот. Секоја година треба да покажат подлабока побожност, понежно сочувство за другите, поголема духовност и поцелосно познавање на библиската вистина. Ако се постари и поискусни, треба да бидат и повешти во настојувањето да допрат до срцата на оние за кои се залагаат, имајќи попотполна претстава за нив. {4C 270.1}

Во овие денови потребни се луѓе кои не се плашат да го подигнат својот глас за правдата и вистината, без оглед кој и да им се спротивстави. Тие мораат да се одликуваат со непоколеблива честитост и проверена храброст. Такви работници бара црквата и нивните напори во било која гранка на евангелската работа ќе ги следи Божји благослов и Негово одобрување. {4C 270.2}

25. ИСКУСТВА И ЛИЧНИ НАПОРИ

Причина што на моите драги браќа и сестри им упатувам уште едно сведоштво е во тоа што Господ во Својата милост ми откри многу значајни детали за оние кои тврдат дека ги држат Божјите заповеди и го очекуваат доаѓањето на Синот човечки. Помеѓу видението што ми беше дадено на 3. јануари 1875 година и неодамнешното манифестирање на Божјата сила и љубов, поминаа повеќе од три години. Меѓутоа, пред да преминам на она што ми е откриено во неодамна добиената визија, накратко ќе опишам што преживеав за последниве две години. {4C 271.1}

На единаесетти мај 1877 година го напуштивме Оукленд во Калифорнија и отпатувавме за Батл Крик, во државата Мичиген. Неколку месеци чувствував силни болки во срцето и многу страдав од отежнато дишење за цело време додека патувавме низ монотоната рамнина. Тешкотиите со здравјето не престанаа ниту кога стигнавме во Мичиген. Други ја презеле нашата куќа во Батл Крик, а тука немавме никакви роднини кои би нè прифатиле, додека децата ни беа во Калифорнија. Сепак, добри пријатели направија за мене сè што можеа; но не се чувствував слободна да ги оптоварувам знаејќи дека секој има доволно грижи околу своето семејство. {4C 271.2}

На мојот сопруг му беше упатена телеграма во која се бараше негово присуство во Батл Крик за да посвети внимание на важните потфати во Божјото дело, а посебно за да ја надгледува планираната изградба на големиот санаториум. Доаѓајќи на тој повик, тој веднаш ревно се посвети на проповедање, пишување и одржување на одборски состаноци: во редакцијата на „Преглед”, во Колеџот и во Санаториумот, работејќи речиси секогаш до полноќ. Тоа страшно го истоштуваше. Тој длабоко го чувствуваше значењето на сите тие потфати, а посебно изградбата на санаториумот во кој се вложени преку педесет илјади долари. Тоа постојано умно напрегање го подготвуваше патот за неговиот ненадеен удар. Сфаќајќи ја опасноста во која се наоѓаме, одлучивме, со цел да се одмориме и закрепнеме, двајцата да одиме во Колорадо. Додека се подготвуваме за пат, одненадеж слушнав глас: „Земи го на себе сето Божје оружје. Имам за тебе важна задача во Батл Крик”. Гласот ми се причини толку јасен, така што не сакајќи се свртев да видам кој зборува. Не видов никого, и свесна за Божјото присуство, моето срце беше скршено во чувството на својата немоќ пред Него. Кога сопругот влезе во собата, му раскажав што доживеав и двајцата плачевме и се молевме заедно. Беше договорено за три дена да тргнеме на пат, но сега сите наши планови беа изменети. {4C 271.3}

Бидејќи беше планирано до 30. мај пациентите и персоналот од санаториумот еден ден да поминат во една шума на брегот на езерото Гокак, оддалечено околу три километри од Батл Крик, ме убедуваа и јас да појдам со нив и да им зборувам на пациентите. Раководејќи се според сопствените чувства, не би се впуштила во тоа, но помислив дека можеби и тоа е дел од задачата која треба да ја извршам во Батл Крик. Во вообичаеното време, на масите беше поставена здрава храна во која сите со вистинско задоволство уживаа. Програмата на рекреација започна во три часот со молитва и песна. Зборував отворено и многу слободно; сите слушаа со најголем интерес. Кога го завршив своето излагање, стана судијата Грахам од Висконсин, кој беше еден од пациентите во нашиот санаториум и предложи моето предавање да се

отпечати во вид на списание и да им се дава на пациентите и на останатите заинтересирани за моралното и физичкото здравје, за зборовите кои беа изговорени тој ден никогаш да не бидат заборавени и запоставени. Предлогот беше едногласно усвоен, и предавањето беше отпечатено во облик на помал трактат под наслов „Пациентите на санаториумот на езерото Гокак". {4C 272.1}

Крајот на училишната година во Батл Крик беше близу; јас бев многу загрижена за студентите, од кои многумина беа необратени и склони да застранат од Бога. Во желба и залагање за нивното спасение, сакав да им се обратам со јавно излагање пред да се разотидат во своите домови, но бев премногу слаба на таков начин да се заложам за нив. По искуството кое претходно го опишав, ги имав сите докази дека Господ ме поддржа во залагањето за спасението на нашите студенти. {4C 272.2}

Посебни состаноци за студентите беа закажани во нашиот молитвен дом. Тука поминав една седмица во залагање за нив, одржувајќи такви состаноци секоја вечер, вклучувајќи ја тука и саботата и неделата. Срцето ми беше трогнато кога видов дека молитвениот дом е речиси полн со студенти од нашето училиште. Се трудев во срцето да им втиснам свест дека животот на чистота и молитва не само што не е пречка во темелното запознавање на научните дисциплини, туку напротив, отстранува многу препреки во стекнувањето на знаење. Со поблиско поврзување со Спасителот, тие стануваат ученици во Неговото училиште, а кај оние кои се трудољубиви ученици во Неговото училиште, за порок и неморал нема место. Кога тие зла ќе се потиснат од мислите и срцата, поуспешното стекнување на знаење ќе биде природен резултат. Сите кои ќе станат ученици во Христовото училиште се во предност во однос на другите, како според квалитетот, така и според стекнатото образование. Христос пред нив е истакнат како Голем Учител, извор на секоја мудрост и Најголем Воспитувач за кој светот некогаш знаел. {4C 273.1}

„Почеток на мудроста е Господовиот страв". Познавањето на Бога и на Неговите барања му овозможува на студентот да ги сфати своите одговорности кон Бога и кон светот. За да го постигне тоа, тој увидува дека своите способности мора да ги развива на начин кој ќе даде најдобри резултати, а тоа не може да го постигне ако своето училишно образование не го поврзе со прописите и начелата на верата. Во текот на своите студии, студентот во никој случај не смее да ја прекинува својата поврзаност со Бога. Во желбата да стекне знаење, тој ја истражува вистината, а вистината доаѓа од Бога, Кој е извор на вистината. Студентите кои се полни со доблести и кои се исполнети со Христовиот Дух сакаат да ги користат сите свои способности во стекнување на знаење. {4C 273.2}

Цел на основање на нашиот колеџ во Батл Крик не е само на студентите да им се овозможи стекнување на научно знаење, туку и тие да се упатат на Спасителот, Кој е извор на секое вистинско знаење. На образованието и знаењето стекнато без библиска вера му недостига токму она што претставува вистинска посветеност и слава. Настојував на студентите да им го втиснам во мислите фактот дека нашиот колеџ во воспитна смисла мора да биде на повисоко ниво од другите образовни институции, укажувајќи им на младите на благородните цели и вистинската цел на животот и пружајќи им правилна претстава за човечката должност и неговите вечни интереси. Главна цел при основање на нашиот колеџ беше: да се создаде правилна претстава со укажување на складот кој неоспорно постои помеѓу науката и библиската религија. {4C 274.1}

Господ ми даде сила и ги благослови нашите напори. Многумина од присутните се осмелија и јавно да се молат. Некои од нив, во недостаток на будност и молитва ја

изгубија верата и доказите за својата поврзаност со Бога. Многумина јавно посведочија дека, преземајќи го овој чекор, го почувствувале Божјиот благослов. Како резултат на овие состаноци, многумина од присутните се пријавија за крштавање. {4C 274.2}

Бидејќи вежбите на крајот на учебната година беа одржувани на езерото Гокак, беше одлучено тука да се одржи и обредот крштавање. Службите извршени по тој повод предизвикаа длабок интерес кај присутните и, со пристојна свечена церемонија, беа завршени токму со тој свет обред. Јас зборував на почетокот и на завршетокот на програмата. Мојот сопруг поведе четиринаесет прекрасни момчиња кон водата на пријатното езеро каде што со крштевање беа симболично погребани и започнаа еден нов живот со својот Господ. Неколкумина од нив кои исто така беа кандидати за крштавање, одлучија да се крстат кога ќе се вратат дома. Така се заврши таа учебна година во нашето драго училиште. {4C 274.3}

Состаноци посветени на умереноста

Меѓутоа, мојата задача во Батл Крик не беше завршена. Веднаш по враќањето од езерото бевме сесрдно повикани да присуствуваме на еден од масовните состаноци посветени на христијанската умереност - тоа беше навистина достоен за пофалба напор на напредните граѓани на Батл Крик. Ова движење го сочинуваа: Реформниот клуб на Батл Крик, со шестотини членови и Женскиот христијански сојуз за умереност, со двесте и шеесет членови. Зборовите како што се: Бог, Свети Дух и Библија, многу често беа нагласувани во говорите на овие сесрдни работници. Многу позитивно веќе беше направено; а активноста на овие работници, системот на нивната работа и духот кој се манифестираше на нивните состаноци, ветуваа дека во иднина ќе се постигне уште повеќе. {4C 274.4}

Кога во овој град на 28 јуни дојде Барнумовата менажерија, членовите на Женскиот христијански сојуз за умереност оствариј значаен потфат во прилог на умереноста и реформата, организирајќи отворање на еден огромен ресторан кој можеше да прими многумина љубопитни кои пристигнуваа од околните краеви да ја видат менажеријата. На тој начин тие го спречија заминувањето на тие луѓе во кафеани и продавници за алкохолни пијалоци, каде што би биле изложени на искушение. За таа цел користен е огромен шатор кој можеше да прими и до пет илјади луѓе, кој Мичигенската област го користела за одржување на своите собори. Под тој огромен храм од шаторско платно поставени се петнаесет до дваесет долги редови на маси на кои беа послужувани гостите. {4C 275.1}

Одсивајќи се на повикот, нашиот санаториум во центарот на тој огромен павиљон постави своја маса снабдена со изобилство на прекрасно овошје, зрнести плодови и зеленчук. Оваа маса претставуваше најголема привлечност и околу неа секогаш имаше повеќе заинтересирани отколку за било која друга маса. Иако беше долга околу десет метри, околу неа имаше толкаво мноштво, така што беше неопходно да се постави уште една помала маса, која исто така беше постојано зафатена. {4C 275.2}

На повик на Организациониот одбор кој го сочинуваа градоначалникот на општина Остим, В.Х.Скинер, благајникот на Првата национална банка, и Ц.Ц.Пиви, јас имав предност во овој огромен шатор, во недела навечер на 1. јули да зборувам за предметот: Христијанска умереност. Бог ми беше на помош и таа вечер, иако моето излагање траеше деведесет минути, маса од пет илјади луѓе ме слушаше речиси без здив во најголема тишина. {4C 275.3}

Посета на Индијана

Во првата половина на август месец, заедно со Мери К. Вајт, сопругата на мојот син, присуствував на црковниот собор во Индијана. Мојот сопруг заклучи дека за него нема можност да го напушти Батл Крик. Господ ми даде сила и на тој собор да работам најсесрдно. Тој ми даде сигурност и духовна сила со своето апелирање да оставам силен впечаток на присутните. Кога насобраните на овој состанок, главно поотмени по надворешен изглед и поугледни во општеството, ги споредив со малата група која се собра пред шест години, од кои повеќето беа сиромашни и необразовани, не можев а да не воскликнам: „Што Господ може да направи!” {4C 276.1}

Во понеделникот поради остра настинка чувствував силни бодежи во градите, но во молитва, најсесрдно побарав од Господа да можам да вложам уште еден напор со цел на спасување на души. Благодарение на примениот благослов, се издигнав високо над своите слабости и бев во состојба успешно да зборувам со голема слобода и сила. Им упатив најсериозен апел на присутните да Му го предадат своето срце на Бога. Околу педесет помеѓу насобраните излегоа напред со желба да Му се помолиме на Бога за нив. Интересот за вистината беше навистина голем. Како резултат на овој собор, петнаесет души се крстија и направија завет со Христа. {4C 276.2}

Планиравме да присуствуваме на соборите и во Охајо и на Исток, но нашите пријатели увидоа дека - со оглед на мојата тогашна здравствена состојба - тоа беше пречекорување на дозволеното; така одлучивме да останеме во Батл Крик. Имав силни болки во грлото и белите дробови, а и пречките со срцето сè уште не престануваа. Како тешко болна, бев задржана на лекување во нашиот санаториум. {4C 276.3}

Последици од прекумерна работа

Мојот сопруг постојано работеше потпомагајќи ги интересите на разните гранки на Божјото дело сконцентрирано во Батл Крик. Неговата издржливост на работа и резултатите од неговата работа често беа предмет на воодушевување на неговите соработници. Во сабота претпладне, на осумнаесетти август, тој држеше проповед во нашиот молитвен дом. По завршетокот на саботата, тој четири часа го напрегаше својот ум, слушајќи го внимателно читањето на ракописот за Третата книга на Духот на пророштво. Според својата содржина текстот е таков што предизвика интензивен интерес и ја поттикна душата до нејзините најдлабоки длабочини, бидејќи зборува за Христовото страдање при испрашувањето и судењето, за Неговото распнување, воскресение и вознесение на небо. Следејќи го читањето со таква напрегнатост, тој се измори пред да станеме свесни за тоа. Во недела почна да работи во пет часот наутро и продолжи сè до дванаесет на полноќ. {4C 276.4}

Следното утро, околу пет часот и триесет минути, имаше тешка вртоглавица која навестуваше можност од целосна парализа. Силно се исплашивме од таа страшна болест, но Господ во Својата милост нè поштеди од таква несреќа. Меѓутоа, овој напад уследи по големата физичка и умна изнемоштеност и тогаш стана невозможно заедно да присуствуваме на состаноците на Исток, а ниту јас самата не можев да го напуштам домот и да го оставам сопругот во толку тешка депресија и немоќ. {4C 277.1}

Кога мојот сопруг беше скршен, јас му реков: „Ова е дело на непријателот. Не смееме да се потчиниме на неговата сила. Бог ќе работи во наша корист”. Во среда се

собравме упатувајќи посебни молитви Бог да го благослови мојот сопруг и да му го поврати здравјето. Во молитва баравме и мудрост за да знаеме што ни е должност во поглед на состаноците на кои бевме повикани. Господ многупати ја зацврсна нашата вера да тргнеме на пат и покрај постоечките препреки и нарушено здравје; и тогаш чудесно нè чуваше и поддржуваше во нашата работа. Нашите пријатели сесрдно нè наговараа да останеме тука, бидејќи навистина беше немудро да се изложуваме на замор од толкаво патување во услови на преживување под шатори. И самите се обидувавме да се помириме со тоа дека Господ ќе се погрижи за напредок на тамошното дело и ако ние не бидеме таму. Тој ќе подигне други да го продолжат започнатото дело. {4C 277.2}

Сепак, при помислата дека не се наоѓам на полето на работа, не можев да се чувствувам спокојна и слободна. Имав впечаток дека сатаната со сите сили настојува да ми го спречи патот и да ми оневозможи да го изнесам своето сведоштво и да ја извршам задачата која Бог ми ја даде. Веќе речиси одлучив да одам сама и да го направам своето, надевајќи се дека Бог ќе ми подари неопходна сила за таа работа, кога добивме писмо од брат Хаскел во кое му се заблагодарува на Бога што братот и сестрата Вајт ќе присуствуваат на предвидениот црковен собор во Нова Англија. Проповедникот Канрајт во меѓувреме напиша дека нема да биде присутен, бидејќи не може да ги остави интересите на делото во Денвер, а исто така дека никој од присутните нема да може да биде поштеден од престојот под шатори. Проповедникот Хаскел во своето писмо наведе дека се извршени сите подготовки за еден голем црковен собор во Гровленд; и дека одлучил со Божја помош да го одржи тој собор, па дури да мора да го направи тоа и потполно сам. {4C 277.3}

Повторно ова прашање го изнесовме во молитва пред Господа, знаејќи дека Големиот Лекар може да го поврати здравјето и на мојот сопруг и на мене, ако тоа послужи на слава на Неговото име. Се чинеше дека е тешко изводливо тој да тргне на пат така истоштен, болен и обесхрабрен; но на моменти чувствував дека Бог би го претворил овој пат во благослов за нас двајцата ако тргнеме со доверба и вера во Него. Често ни се наметнуваше мислата: „Каде е вашата вера?” Божјото ветување гласи: „Додека траат твоите денови, ќе трае и твојата сила”. {4C 278.1}

Се обидов да го охрабрам својот сопруг; тој сметаше дека е најдобро да тргнам сама, ако се чувствувам способна да ги поднесам тешките услови под шатори; но не ни помислуваше и тој да појде во таква состојба, немоќен, онеспособен за работа и со скршен дух и да бидепредмет на сожалување за своите браќа. По овој ненадеен удар, тој многу кратко можеше да се држи во седечка положба и се чинеше дека силата воопшто не му се враќа. Постојано Му се обраќавме на Господа во надеж дека ќе здогледаме барем некоја пукнатина во мрачните облаци, но ниту еден зрак на светлина не се назираше. И додека кочијата чекаше да нè префрли до железничката станица, повторно побаравме од Господа да нè поддржи на нашиот пат. Одлучивме, ризикувајќи, да тргнеме и двајцата, потпирајќи се со вера потполно на Божјите ветувања. Ваквата постапка бараше навистина длабока вера од наша страна, но заземајќи го своето место во кочијата, бевме осведочени дека се наоѓаме на патот на должноста. Ноќе, во текот на патувањето, можевме добро да спиеме и тоа беше можност добро да се одмориме. {4C 278.2}

Црковни собори

Во петок, околу осум часот навечер, стигнавме во Бостон. Следното утро се качивме на првиот воз за Гровленд. Кога стигнавме на местото на кампување, почна силно да врне. Проповедникот Хаскел работел неуморно дотогаш; и одржаните собири, според поднесените извештаи, беа одлично организирани. Покрај три големи шатори, еден за одржување на богослуженија беше широк околу 25, а долг околу 40 метри, имаше подигнато уште четириесет и седум шатори. Најдлабок интерес будеа саботните состаноци. Членовите на црквата беа духовно обновени и зајакнати, додека во душата на грешникот и оние кои отпаднале од верата се пробуди свеста за опасноста што им се заканува. {4C 278.3}

Во недела наутро, времето сè уште беше облачно, но пред народот да тргне на богослужение, сонцето ги растера облаците и почна силно да грее. Илјадници заинтересирани со возови и чамци пристигнуваа на местото на состанок. Проповедникот Смит претпладне зборуваше за Источното прашање. Предметот беше посебно интересен и народот слушаше со најголем интерес. Подготвувајќи се за попладневното излагање, јас едвај се пробивав низ масите насобран народ. Кога се качив на говорницата, пред мене имаше море народ. Огромниот шатор беше преполн и илјадници луѓе стоеја надвор од него, образувајќи жив ѕид широк неколку метри. Имав силни болки во белите дробови и во грлото, но верував дека Бог ќе ми помогне во оваа значајна прилика. Додека зборував, потполно заборавив на своите болки, гледајќи дека му зборувам на народ кој моите зборови не ги смета за празна приказна. Излагањето траеше подолго од еден час и за сето време привлекуваше најголемо внимание. Кога беше испеана завршната химна, функционерите на реформниот клуб „Умереност” од Хеверхил ме замолија, како и минатата година, во понеделник да зборувам на нивниот собир. Но, бидејќи веќе имав закажано предавање во Денвер, бев принудена да го одбијам нивниот повик. {4C 279.1}

Во понеделник претпладне закажавме во нашиот шатор заедничка молитва за мојот сопруг. Го изнесовме неговиот случај пред Големиот Лекар. Тоа беа драгоцени моменти; небесен мир се спушти на сите нас. На умот неодоливо ми доаѓаа зборовите на апостолот: „Верата наша е оваа победа која го победи светот”. Сите почувствувавме дека нè следи Божји благослов. Кога повторно се собравме во големиот шатор, и мојот сопруг се најде меѓу нас, и во своето кратко излагање кое го имаше се виде дека неговите зборови доаѓаат од скршено срце, исполнето со длабоко чувство на Божјата љубов и Неговата добрина. Се трудеше оние кои веруваат во вистината да ги утврди во осведочувањето дека имаат голема предност што ја примиле Божјата благодат во своето срце и дека големата вистина која ја имаме треба да го посвети нашиот живот, да го облагороди карактерот и да изврши спасоносно влијание на светот. Солзите во очите на присутните покажуваа дека беа длабоко трогнати и поттикнати од неговите зборови. {4C 279.2}

Потоа го продолживме излагањето прекинато во сабота и целото тоа претпладне го посветивме на напорите за грешниците и оние кои ја напуштија вистината, од кои околу двеста излегоа пред катедрата барајќи да се молиме за нив. Меѓу нив имаше и деца од десет години, па сè до остарени мажи и жени. Преку дваесет од нив тогаш прв пат зачекорија со својата нога на патот на животот. Во текот на попладнето крстени се триесет и осум души, додека многумина од нив одлучија да се крстат кога ќе се вратат дома. {4C 280.1}

Во понеделник навечер, во друштво на проповедникот Канрајт и уште некои, го продолживме патот за Денвер. Мојот сопруг не беше во состојба да појде со нас. Штом

исчезнаа возбудата и напорот на кои бев изложена на соборот, почувствував дека уште сум болна и дека ме издава силата, но возот брзо нè возеше во пресрет на новото одредиште во Денвер. Тука морав да истапам пред потполно непознати слушатели кои беа полни со предрасуди поради лажните вести и клевети. О, колку би била благодарна на Бога кога би можела да се ослободам од своите болки во срцето, белите дробови и грлото - тоа беа мислите кои постојано ме опседнуваа, но за тоа не зборував никому, туку само постојано во душата вапев кон Бога. Бев премногу истоштена за да можам своите мисли да ги изразам со соодветни зборови, но ја чувствував сета неопходност од помош и ја побарав од длабочината на срцето. Ако треба да зборувам оваа вечер, неопходна ми е физичка и умна сила. Во себе постојано ја повторував неизговорената молитва: „Ти ја доверувам својата беспомошна душа, о Боже, Ослободителу мој! Не оставај ме во овој момент на мојата голема неволја!” {4C 280.2}

Кога се приближи времето за почеток на соборот, во душата најсердно се молев за „сила од висините”. Уште додека ја пееја последната строфа на уводната химна, успеав некако да излезам на говорница. Бев многу слаба, чувствувајќи дека - ако моите напори вродат со било каков успех - ќе треба да се заблагодарам само на поддршката на Семоќниот. Господовиот Дух се спушти на мене штом почнав да зборувам. Почувствував на срцето нешто слично на удар од електричен шок и сите болки одеднаш исчезнаа. Тешките главоболки од кои толку страдав, одеднаш исчезнаа. Како последица на срцево заболување, цела лева рака ми беше речиси неподвижна, но сега ми се врати природното чувство. Свеста ми беше јасна, а душата осветлена со светлината и изобилството на Божјата љубов. Ми се чинеше дека Божјите ангели, како огнен ѕид, се насекаде околу мене. {4C 280.3}

Шаторот беше полн до последно место, а надвор стоеја уште двесте заинтересирани кои не можеа да влезат внатре. Зборував за Христовиот одговор на прашањето од еден цариник: „Која заповед е најголема во законот?” „Љуби Го Својот Господ Бог со сето свое срце и со сета своја душа и со сите мисли свои” (Матеј 22:37). Божјиот благослов остана на мене и сите мои болки едноставно исчезнаа. Пред мене беа луѓе со кои можеби никогаш нема веќе да се сретнам сè до денот на Божјиот суд, и желбата да бидат меѓу спасените ме мотивира да зборувам сесрдно и во Божји страв, за да бидам чиста од нивната крв. Во своето напорно излагање кое траеше еден час и десет минути, почувствував голема слобода. Христос ми беше на помош и сета слава и чест му припаѓа само Нему. Сите многу внимателно слушаа. {4C 281.1}

Во вторник, додека шаторите се расклопуваа, навративме на местото на кампување да се збогуваме со браќата и пријателите кои штотуку се подготвуваа за враќање дома. Ова беше еден од најуспешните црковни собори на кој некогаш присуствував. Пред да го напуштиме местото на состанок, проповедниците Канрајт и Хаскел, мојот сопруг, сестра Ингс и јас, се повлековме во блиската шума молејќи се заедно на Господа благословот на здравје и Својата благодат уште поизобилно да ги излее на мојот сопруг. Сите длабоко чувствувавме колку ни недостига помошта на мојот сопруг, сега кога повиците за проповедање доаѓаат од сите страни. Во текот на молитвата почувствувавме блаженство на мирот и радост во своето срце и бевме осведочени дека Бог ги услиши нашите молитви. Во текот на попладнето проповедникот Хаскел нè повика во својата кочија и тргнавме за Јужен Ланкастер за да се одмориме извесно време во неговиот дом. Го прифативме тој начин на патување, верувајќи дека тоа ќе биде поповолно за нашето здравје. {4C 281.2}

Секој ден имавме судири со силите на темнината, но не попуштавме во својата вера и не се обесхрабрувавме. Мојот сопруг беше многу потиштен поради својата болест и сатаната болно ја вознемируваше неговата душа со своите искушенија. Но ниту во еден момент не помислувавме да се предадеме. Секој ден барем три пати во своите молитви го изнесувавме неговиот случај пред Големиот Лекар, кој може да ги излекува и душата и телото. Секоја молитва беше за нас многу драгоцена и секој пат чувствувавме големо манифестирање на Божјата љубов и светлина. И додека така една вечер се молевме за мојот сопруг во домот на братот Хаскел, почувствувавме дека Господ е навистина меѓу нас. Тоа беше молитва која никогаш нема да ја заборавиме. Собата беше очевидно осветлена од присуството на ангелите. Го славевме и величавме Господа и со срце и со усни. Една слепа сестра запраша возбудено: „Дали е ова визија? Дали ние сме на небо?" Срцата ни беа во толку тесна поврзаност со Бога, така што тие благословени часови ги сметавме премногу свети за да ги преспиеме. Подоцна отидовме да се одмориме, но речиси цела ноќ ја поминавме во разговор и побожно размислување за Божјата добрина и за Неговата љубов. {4C 282.1}

Одлучивме една делница од патот до црковниот собор во Вермонт да го патуваме со приватен превоз, сметајќи дека тоа благотворно ќе влијае на здравјето на мојот сопруг. Околу пладне обично застанувавме покрај патот, палевме оган, подготвувавме ручек и се молевме. Никогаш нема да ги заборавам прекрасните моменти кои ги поминавме со братот и сестрата Хаскел, сестрата Ингс и сестрата Хантил. За сето време на патувањето од Јужен Ланкастер до Вермонт не престанувавме да Му ги упатуваме своите молитви на Бога. По три вака поминати дена, своето патување го продолживме со железница. {4C 282.2}

Овој собор беше многу корисен за делото во Вермонт. Господ ми даде сила да можам барем еднаш дневно јавно да му се обратам на насобраниот народ. Наведувам дел од извештајот кој Урија Смит за тој состанок го објави во списанието Преглед и Гласник: {4C 282.3}

„На тој состанок, на голема радост на тамошните браќа, присуствуваа брат и сестра Вајт и брат Хаскел. По повод здравствената состојба во која се наоѓаше брат Вајт, во сабота на 8. септември имавме заеднички пост. Тоа беше незаборавен ден. Многумина упатуваа искрени молитви на Бога и имаше добри знаци дека нивните молитви не беа напразни. Господ беше со Својот народ во изобилство на благослови. Излагањето на сестра Вајт во сабота попладне беше убедливо и многу успешно. Околу стотина присутни излегоа пред говорницата барајќи да се молиме за нив, покажувајќи притоа сесрдна и длабока желба да Го бараат Господа". {4C 283.1}

Од Вермонт отидовме директно во Њујорк каде што исто така беше одржан црковен собор. Господ ми подари голема слобода и сила на убедливост додека зборував пред насобраниот народ. Но, некои не беа подготвени да ги прифатат благодатите на соборот. Пропуштајќи да ја сфатат својата вистинска духовна состојба, не го бараа со сето срце Господа, признавајќи го своето застранување и отфрлајќи ги своите гревови. Еден од главните цели на овој собор е нашите браќа да ја увидат опасноста која постојано им се заканува премногу да се занимаваат со грижите за овој земен живот. Да не се искористи оваа предност претставува навистина голема загуба. {4C 283.2}

Враќајќи се во Мичиген, по неколку дена тргнавме за Лансинг за да присуствуваме на тамошниот црковен собор кој траеше две седмици. И тука, чувствувајќи ја поддршката на Божјиот Дух, работев ревно и од сето срце. Тоа беше значаен собор.

Присуството на Божјиот Дух се чувствуваше од почеток до крај. Како резултат на соборот, беа крстени сто и триесет души. Голем дел од тој број беа студенти од нашиот колеџ. Се радувавме гледајќи го Божјото спасение на овој собор. По неколку седмици поминати во Батл Крик, решивме да одиме за Калифорнија. {4C 283.3}

Напори во Калифорнија

Придонесот кој мојот сопруг можеше да го даде на напорите во Калифорнија беше навистина скромен. Неговото закрепнување одеше многу бавно. Нашите молитви се издигнуваа кон небото најмалку трипати, а понекогаш и петпати дневно и Божјиот мир често се спушташе на нас. Не се обесхрабрував. Бидејќи ноќе не можев да спијам, голем дел од ноќта поминував во молитва и благодарност на Бога за Неговата милост. Чувствувајќи го Божјиот мир постојано во своето срце, навистина можев да кажам дека мојот мир беше како река. Но, непредвидено и неочекувано, покрај болеста на мојот сопруг, навалија и други непредвидени неволи, кои речиси ме совладаа. Сепак не се колебав во верата во Бога. Тој ми беше сигурна помош во секој момент и во секоја потреба. {4C 283.4}

Ги посетивме Хилдсбург, Св. Елена, Вакаквил и Пачеко. Кога времето беше поволно, со мене одеше и мојот сопруг. Зимата беше навистина тешка; и иако здравјето на мојот сопруг малку се подобри, а и времето во Мичиген стана помеко, тој беше вратен во санаториум на лекување. Тоа значително му помогна. Така тој почна повторно да пишува за нашите списанија со нему својствената сигурност и сила. {4C 284.1}

Не се осмелував да го придружувам мојот сопруг на тие неодамна поминати места, бидејќи срцето поради постојани грижи, страв и несоница сериозно ми оболе. Нашата разделба беше многу болна. Не можевме да ги задржиме солзите, бидејќи не знаевме дали повторно ќе се сретнеме на овој свет. Мојот сопруг се врати во Мичиген, а за мене беше одлучено дека би било корисно да го посетам Орегон и да им го изнесам своето сведоштво на оние кои никогаш не ме слушнале. {4C 284.2}

На седми јуни од Хилдсбург појдов за Оукленд, и под големиот шатор каде што братот Хили веќе одржуваше собор, се сретнав со членовите на нашата црква од Оукленд и Сан Франциско. Ме притискаше не само одговорност да изнесам сведоштво (зборувам во има на Бога), туку и голема неопходност од вложување на лични напори од страна на тамошните членови да го пренесат тоа знаење и на други. Покажано ми е дека Сан Франциско и Оукленд се плодни полиња за мисионерска работа и дека тоа секогаш ќе бидат. Со зголемување на нивното членство оди многу бавно; но кога сите тамошни членови би биле живи сведоци за Бога, правејќи сè што е во нивна моќ да ја пренесат и на други примената светлина, би имало многу повеќе луѓе кои, прифаќајќи ја вистината, би пришле во нивните редови. Сегашните верници не се заинтересирани за спасување на другите така како што би требало да бидат. Со својата неактивност и нетрудољубивост за делото тие застрануваат од Бога, а со својот пример спречуваат и други да одат напред. Несебичното и истрајно залагање би довело до најдобри резултати. Се обидов живо да им го предочам она што Господ ми го покажа. Негова волја е вистината на другите да им ја пренесуваат сесрдни и активни работници, а не оние кои само зборуваат дека веруваат во неа. Тие треба да ја претставуваат вистината не само со своите зборови, туку со својот доследен живот треба да бидат живи претставници на вистината. {4C 284.3}

Покажано ми е дека тамошните припадници на црквата мораат повеќе да ја проучуваат Библијата и поревно да ја истражуваат Божјата волја за да можат да бидат работници во Неговото дело. Тие треба да го сеат семето на вистината секаде каде што за тоа ќе им се укаже прилика: во семејството, на своето работно место, на пазар и на јавни собири. За што подобро да се запознаат со Светите списи, тие треба да ја читаат Библијата внимателно и со молитва. За да ги префрлат сите свои товари и грижи на Христа, мораат без одложување да го сфатат значењето на Христовиот крст и да бидат подготвени да го понесат. За да живеат свет живот, мораат да сфатат дека почетокот на мудроста е страв во Господа. {4C 285.1}

Неволите низ кои минуваме ни помагаат да се видиме самите себеси во вистинска светлина. Искушението на оној кој се искушува ја открива реалноста на неговата духовна состојба и покажува колку е неопходна изградба на христијански карактер во секој поглед. Потпирајќи се на Бога и на Неговиот благослов, христијанинот може да биде сигурен на секое место. Него нема да го расипе животот во градот. Во канцеларија или на било кое друго место, тој ќе биде познат по своите навики на строга чесност. Како механичар, тој најсовесно ќе го извршува секој детаљ на својата работа, имајќи ја пред очите само славата на Божјото име. Црквата чии членови вака постапуваат има услови за духовен напредок во верата. Овие цркви не можат да напредуваат сè додека нивните членови не бидат потесно поврзани со Бога во несебичен интерес за спасување на своите ближни. Проповедниците можат да држат убави и убедливи говори и да вложуваат многу напори во цел на изградба и духовно издигнување на црквата; но сè додека нејзините членови не го направат својот дел како верни слуги на Исуса Христа, црквата секогаш ќе биде во духовна темнина и без сила. За овој свет, кој е толку суров и мрачен, доследниот пример на христијански живот може да претставува најсилен поттик на добро. {4C 285.2}

Да се надеваме на спасение не правејќи ништо од своја страна, е исто како да се очекува жетва таму каде што не сме сееле, или пак стекнување на знаење за кое не сме вложиле никаков напор. Оние кои се склони на безделничење, никогаш нема да успеат да ја совладаат својата горделивост и да се спротивстават на грешното попуштање на своите склоности кои ги оддалечуваат од Спасителот. Светлината на вистината, која го посветува животот, ќе се открие на оној кој ќе ја прими сета грешност на телесните желби и страсти кои живеат во неговото срце и се борат за превласт и неопходност со сите сили да се бори за да му се спротивстави на сатаната и да победи, благодарение на Христовите заслуги. Ако е опкружен со влијанијата кои настојуваат да го одвратат од Бога, тој во своите молитви треба постојано да бара помош и сила од Исуса, за да може да се спротивстави на сатанските лукавства. {4C 286.1}

Некои од тамошните членови се во постојана опасност грижите за земниот живот толку да им го обземат умот и срцето, така што не размислуваат ниту за Бога и небото, ниту за потребите на својата душа. Тие понекогаш ќе се пробудат од духовното мртвило, но потоа паѓаат во уште подлабок сон. Ако во потполност не се пробудат од своето мртвило, Бог ќе им ја ускрати светлината и благодатите кои им ги дал. Во Своето негодување, Тој ќе го тргне „свеќникот од неговото место". Ако тие го отфрлат гревот, и со ревност во делотоворната побожност ја покажат својата постојаност и послушност кон прописите на Божјата реч, ќе придонесат свеќникот повторно да се стави на свое место и ќе се осведочат дека Господ над војските е со нив и дека Јакововиот Бог е нивна одбрана и засолниште. {4C 286.2}

Посета на Орегон

Во недела, на 10. јуни, кога беше планирано да појдеме за Орегон, бев изнемоштена од срцева болест. Моите пријатели сметаа дека качувањето на брод во таква состојба би било пречекорување на дозволеното, но јас мислев дека ќе се смирам ако добијам поволно место на бродот. Планирав времето во текот на патувањето да го користам за пишување. {4C 286.3}

Во друштво на една пријателка и проповедникот Elder J. N. Loughborough, тргнавме од Сан Франциско истиот ден навечер со бродот „Орегон". Капетан Конер, на чија грижа беше доверен овој прекрасен параброд, беше многу внимателен кон своите патници. Кога низ златната капија излеговме на океанската шир, времето беше многу бурно. Имавме спротивен ветер и парабродот страшно се лулаше, додека океанот беснееше под ударите на ветрот. Го набљудував небото покриено со облаци, брановите високи како планини како заканувачки се надигнуваат околу нас и маглата од распрснатите водени капки кои се прелеваа во боите на виножитото. Глетката беше страшна и величествена и бев исполнета со чувство на стравопочит набљудувајќи ги тајните на водените длабочини. Океанот е навистина страшен кога ќе се разбесни. Има страотна убавина во подигањето на неговите силни бранови, кои заканувачки се натрупуваат, а потоа исчезнуваат со тажни лелекања. Во неуморниот виор на водените маси кои стенкаа под ударите на немилосрдниот ветар и бескрајното валкање на огромните бранови кои се грчеа како во претсмртна агонија, можев да го видам страшното манифестирање на Божјата сила. {4C 287.1}

Бевме во еден прекрасен брод изложен на милост и немилост на нескротливите бранови, но над сè беше и една невидлива сила која сигурно владее и со тие силни бранови. Единствено Бог има сила и моќ да ги задржува во нивните одредени граници. Тој ги држи водите на бескрајните океани како на дланките на Своите раце и тие се покоруваат на гласот на својот Творец: „До овде ќе доаѓаш, а понатаму нема; и тука ќе запираат твоите горделиви бранови". {4C 287.2}

Каков предмет за размислување ми понуди тогаш бескрајниот Тихи Океан! Во бесот на неговиот тогашен изглед немаше ништо што би потсетувало на неговото име: Тихи (тивок) Океан. Додека ја набљудувавме површината на морето ништо не ни изгледаше толку нескротливо, навидум, без никаков закон и ред, како тие бескрајни длабочини. Но, и океанот се покорува на Божјиот закон. Тој ги смирува неговите бранови и им ги одредува границите. Додека го набљудував небото над нас, а под нас само бескрајната шир, ми навираа прашања: „Каде сум? Каде одам? Околу мене нема ништо, само бескрајни бранови. Колкумина од нив потонале во оваа шир и никогаш повеќе не ги здогледале зелените полиња на својот роден крај! Потонале во длабочините како ситни зрна песок и така го завршиле својот живот". {4C 287.3}

Гледајќи ги пенливите бранови како застрашувачки навалуваат на нашиот брод, се сетив на онаа сцена од Христовиот живот кога учениците, покорувајќи се на налогот на својот Учител, тргнале со своите чамци на другата страна на езерото. Наишла страшна бура. Чамците веќе не се покорувале на нивната волја, туку како играчки на стихијата биле фрлани во еден, па во друг правец, сè додека во потполн очај и безнадежност не престанале да веслаат. Очекувале само неизбежна пропаст; но додека бурата и брановите најавувале смрт, се појавил Христос, кого го оставиле на брегот, чекорејќи мирно по површината на разбранетите и пенливи бранови. Збунети од залудното вложување на толкави напори и сметајќи дека се изгубени, се предале на потполната

безнадежност. Здогледувајќи го Исуса на брановите, се уплашиле уште повеќе и мислејќи дека тоа е сигурен предзнак на блиската смрт, тие во голем страв повикале на цел глас. Но, наместо Неговото присуство да биде предзнак на смртта, Тој доаѓал како гласник на животот. Над тажното рикање на заканувачките бранови, се слушнал Неговиот глас: „Не плашете се; Јас сум, не плашете се!" Како страшниот очај и ужас бргу се претвориле во радост на верата и надежта кога се нашле во присуството на својот сакан Учител! Учениците веќе не се плашеле од смртта, бидејќи Христос бил со нив. {4C 288.1}

Зар да откажеме послушност на Изворот на секоја сила, на чиј закон се покоруваат дури и силните морски бранови? Зар да не се доверам на заштита на Оној Кој рекол дека ниту едно врапче не паѓа на земја, а тоа да не го види нашиот небесен Татко? {4C 288.2}

Останав на палубата и кога речиси сите си заминаа во своите кабини. Капетанот ми даде еден плетен стол од трска и ќебе за да се заштитам од студениот воздух, бидејќи знаев дека во кабината би ми било мака. Настапи ноќта и темнина го покри морето додека вознемирените бранови не престануваа така страшно да навалуваат на нашиот брод. Овој голем брод беше како играчка на немилосрдните бранови, но на неговиот пат го чуваа и штитеа небесните ангели, кои сам Бог ги испратил за да го извршат Неговиот налог. Ако не беше така, ние ќе бевме моментално проголтани и овој прекрасен брод ќе исчезнеше без трага. Но, Бог Кој ги храни гавраните и го знае бројот на влакната на нашата глава, никогаш не нè остава и заборава. {4C 288.3}

Капетанот сметаше дека ќе ми биде премногу ладно ако останам на палубата. Јас му реков дека што се однесува до мене и до мојата безбедност, повеќе сакам цела ноќ да останам овде, отколку да бидам во кабината, каде што имаше две жени кои веќе добија морска болест и каде што ќе бидам лишена од чист воздух. Тој рече: „Не морате да одите во својата кабина. Ќе ви пронајдам подобро место за спиење". Еден од морнарите ме одведе во горната соба каде што на под ми намести волнен душек. Иако сето тоа беше направено што е можно побргу, веќе ми беше многу лошо. Спуштајќи се на таа постела, не станав до четврток наутро. За сето време јадев само еднаш, и тоа неколку лажици говедска чорба и малку двопек. {4C 289.1}

Во текот на ова четиридневно патување, само некој од патниците би се осмелил онака блед и слаб да ја напушти својата кабина и да излезе на палубата. Изнемоштеност од морската болест се гледаше на секое лице. Дури и самиот живот не ни изгледаше убав. Сите копнеевме за спокојство кое не можевме да го најдеме, сакајќи да здогледаме барем нешто што би стоело мирно и цврсто. Тука не се гледаше многу кој е кој, и имавме вистинска можност да увидиме колку човекот е ништожен. {4C 289.2}

Страшната бура која нè следеше на океанската шир не престануваше сè додека нашиот брод не вплови во реката Колумбија, чија површина беше мирна како огледало. Тука и мене ми помогнаа да излезам на палубата. Утрото беше прекрасно и патниците побрзаа на палубата како рој пчели. Освежувачкиот воздух и прекрасното сонце, по оној страшен ветер и бура, набргу го вратија расположението и насмевките на лицата. {4C 289.3}

Во текот на последната ноќ помината на бродот чувствував најголема благодарност на нашиот небесен Татко. Од ова извлеков поука која никогаш нема да ја заборавам. Бог му проговори на моето срце не само во бурата и страшните бранови, туку и во мирот кој следеше потоа. И можам ли тогаш да не Го следам? Треба ли човек да ја спротивставува својата волја на Божјата волја? Треба ли да биде непокорен на

заповедите на семоќниот Владетел? Зар да се противиме на волјата на Највисокиот, Кој е извор на секоја сила и од чие срце извира река на бескрајна љубов и благослов за сите созданија кои се предмет на Неговата грижа? {4C 289.4}

Мојата посета на Орегон беше многу корисна. Тука повторно ги сретнав моите драги пријатели, братот и сестрата Ван Хорн, кои ни беа како наши родени деца. Во извештаите за својата работа Ван Хорн никогаш не беше толку опширен ниту својата работа ја прикажуваше толку поволна како што со право можеше да направи. Затоа бев пријатно изненадена гледајќи како Божјото дело во Орегон добро напредува. Благодарение на неуморните напори на овие верни мисионери основана е организација на адвентисти на седмиот ден во таа држава и оспособени се неколку мисионери кои работат во тоа широко поле. {4C 290.1}

Во вторник навечер, на осумнаесетти јуни, имав состанок со голем број на почитувачи на саботата во таа држава. Поттикната од Божјиот Дух, јас во своето излагање за Христа прво изразив благодарност за прекрасната предност која ни е дадена, дека верувајќи во Неговата љубов и потпирајќи се на Неговата сила, треба да ги обединиме своите напори во спасување на грешници од пропаст. Ако сакаме во Божјото дело да видиме напредок, мораме постојано да бидеме во Христа и Христос во нас; со други зборови, мораме да работиме како што работел Тој. Каде и да погледнеме, гледаме дека полињата се зрели за жетва, а работници се малку. Срцето ми беше исполнето со божествен мир и љубов кон тие драги души со кои прав пат бев на богослужение. {4C 290.2}

Во недела, на дваесет и трети јуни, зборував за умереноста во методистичката црква во Салем. Одзивот беше невообичаено добар и јас успешно зборував за овој свој омилен предмет. Ме замолија повторно да зборувам на истото место во недела по црковниот собор, но бев спречена поради настинка. Сепак, следниот вторник навечер повторно зборував во истата црва. Многумина ме повикуваа да зборувам за умереноста во разни градови и населби на државата Орегон, но поради својата здравствена состојба не бев во можност да одговорам на сите тие повици. Поради климатските промени и постојаните говори, имав силна засипнатост на грлото. {4C 290.3}

На црковниот собор дојдовме со чувство на длабок интерес. Во Својата благодат Господ ме крепеше и ми даваше сила да излезам пред насобраниот народ. Додека ги набљудував слушателите кои внимателно ме следеа, срцето ми беше длабоко трогнато пред Господа. Тоа беше прв состанок од таков карактер кој нашиот народ го одржа во таа држава. Се обидов да зборувам, но мојот говор почнаа да го гушат солзи. Бев многу загрижена за својот сопруг поради неговото слабо здравје. Додека зборував, пред очите живо ми се појави сликата на некој состанок во Батл Крик. Меѓу насобраните беше и мојот сопруг, опкружен со блага светлина која се шириле околу него. Лицето му зрачеше со здравје и изгледаше многу среќен. {4C 291.1}

Настојував на присутните да им укажам на потребата од благодарност што му ја должиме на Бога за Неговото нежно сочувство и Неговата голема и неизмерна љубов. Свеста за Неговата добрина и слава остави необично силен впечаток на мојата душа. Бев потполно совладана од претставата за Неговата милост која не може да се спореди со ништо и со сето она што го направи не само во Орегон, Калифорнија и Мичиген, каде што се наоѓаат нашите важни установи, туку исто така и во другите земји. Никогаш нема да можам на другите да им ја претставам сликата која толку живо ми беше предочена во таа прилика. За еден момент сета големина на делото излезе пред мене, а реалното опкружување и насобраните слушатели исчезнаа пред моите очи. Светлина, драгоцена

светлина од небото ги осветлуваше со своите блескави зраци сите тие институции кои се подигнати со возвишена цел да ја пренесат таа светлина понатаму. {4C 291.2}

За сето време на тој состанок имав впечаток дека Господ ми е многу близу. Кога состанокот заврши, бев страшно изморена, но потполно слободна во Господа. Времето беше исполнето со корисна работа и зајакнување на црквата храбро да ја продолжи својата борба за вистината. Токму пред самиот почеток на состанокот, во визија ми беа откриени многу детали, но ми беше наложено во тоа време никому да не зборувам за тоа. По завршување на состанокот видов уште едно манифестирање на Божјата сила. {4C 291.3}

Во недела навечер по црковниот собор, зборував на еден плоштад. Поттикната од љубовта кон Бога, зборував за едноставноста на евангелската вера. Срцето ми беше преплавено од Христовата љубов како преполна чаша, и копнеев да Го прикажам на таков начин што сите ќе бидат воодушевени од убавината на Неговиот карактер. {4C 292.1}

Во текот на својот престој во Орегон, еднаш, во друштво на братот и сестрата Картер и сестра Хордан, го посетив и затворот во Салем. Кога дојде време за богослужение, нè одведоа во капелата која оставаше многу пријатен впечаток со изобилството на светлина и чист воздух. На знак на црквеното ѕвоно, двајца луѓе ја отворија големата железна врата и затворениците навалија низ неа. Вратата внимателно се затвори по нив, и јас прв пат во животот се најдов меѓу ѕидовите на затворот. {4C 292.2}

Очекував да видам некои одвратни лица, но бев изненадена. Многумина од нив изгледаа интелигентни, а некои и многу талентирани луѓе. Беа облечени во груби, но чисти затворенички униформи, косата им беше исчешлана и уредна, а чевлите исчеткани. Набљудувајќи ги психолошки различните лица на овие луѓе, помислив: „На секој од нив им се дадени посебни дарови или таленти за да ги искористат на слава на Бога и на корист на светот, но тие ги презреа и злоупотребија овие дарови од небото”. Додека ги набљудував меѓу нив младите луѓе од осумнаесет до дваесет и триесет години, помислив на нивните несреќни мајки и на болката и грижата на совест кои го загорчуваат нивниот живот. Срцата на многу мајки се скршени поради погрешниот пат по кој продолжуваат нивните деца. Но се наметнува прашањето дали тие совесно ја извршиле својата должност кон овие деца? Можеби им дозволувале слободно да одат по своите патишта, не поучувајќи ги на Божјите закони и на сè што Тој со право го бара од нив? {4C 292.3}

Кога сите се собрале, брат Картер ја одреди уводната песна. Сите имаа збирки на духовни песни и сите запеаја од длабочината на душата. Еден од нив, кој беше одличен музичар, ја следеше песната на музички инструмент. Јас го започнав богослужението со молитва и повторно сите се обединија со песна. Ги читав зборовите од Јовановото послание: „Гледајте каква љубов ни даде Таткото, да се наречеме и да бидеме Божји деца; затоа светот не нè познава нас, бидејќи Него не Го позна. Љубезни, сега сме Божји деца и сè уште не се откри што ќе бидеме, а знаеме дека кога ќе се открие, ќе бидеме слични на Него, бидејќи ќе Го видиме каков што е”. {4C 292.4}

Ја издигнував пред нив неизмерната жртва која ја поднел Таткото, давајќи го својот љубен Син за паднатите човечки синови, за тие преку послушност да се променат во својот живот и да станат признати Божји синови. Апостолот овде ги повикува и членовите на црквата и сите жители на светот да набљудуваат и да се восхитуваат на оваа љубов која ја надминува моќта на човечкото сфаќање и која ги зачудува дури и небесните ангели. Таа љубов е толку длабока, толку сеопфатна и толку возвишена, така

што вдахновениот апостол - не наоѓајќи зборови да ја опишат - ја повикува и црквата и светот да ја гледаат - да ја земат за предмет на своето најдлабоко размислување и восхитување. {4C 293.1}

Им го прикажав на своите слушатели фактот дека Адамовиот грев се состоел во престапување на Татковата заповед. Бог го создал човекот беспрекорен, совршено свет и среќен; но тој го изгубил божественото одобрување и со својата непослушност кон Татковиот закон ја проиграл својата среќа. Со својот грев, Адам го сместил човечкиот род во бездната на несреќа, очај и безнадежност. Но Бог, во Својата чудесна сомилост и љубов не ги оставил луѓето безнадежно да пропаѓаат во својата паднатa состојба. Поради нивното спасение, Тој го предал на смрт Својот љубен Син. Доаѓајќи на овој свет, Христос го облекол Своето божество со човечка природа, се одржал во она во што Адам паднал, се спротивставил на искушението во кое Адам подлегнал, го победил сатанското намамување, и така ги откупил луѓето од последиците на срамниот Адамов пад. {4C 293.2}

Го обратив вниманието на своите слушатели и на долгиот Христов пост во пустината на искушението. Гревот на попуштање на апетитот и неговата моќ над човечката природа во потполност можеме да ја сфатиме само ако внимателно го проучиме и разбереме тој долг Христов пост кога се борел со кнезот на силите на темнината. Спасението на човекот тогаш било во прашање. Кој од тоа ќе излезе како победник, сатаната или пак Спасителот на светот? Нам ни е едноставно невозможно да сфатиме со колкав интерес ангелите го следеле тоа искушување на саканиот Војсководец. {4C 293.3}

Исус во сè бил искушуван како и ние, за да знае како да им помага на оние кои се искушуваат. Неговиот живот е наш пример. Со Својата доброволна послушност Тој ни покажува дека човекот може да го држи Божјиот закон и дека станува роб со кршење на законот, а не со послушноста. Нашиот Спасител е полн со сочувство и љубов. Тој никогаш не ги презира и не ги отфрла искрените покајници, колку и да е голема нивната вина, но остро го осудува лицемерието од секој вид. Нему му се познати гревовите на сите луѓе на светот. Тој знае за секоја нивна постапка и ги чита најтајните побуди на нивните срца, но сепак не се свртува од нив во нивното беззаконие. Тој ги преколнува грешниците и се суди со нив и во извесна смисла - бидејќи и сам ги сносел слабостите на човечкиот род - Тој се става на исто ниво со нив. „Тогаш дојдете, вели Господ, па ќе се судиме; ако вашите гревови бидат како скерлет, ќе станат бели како снег; ако бидат црвени како пурпур, ќе станат бели како волна”. {4C 294.1}

Човекот кој со својот изопачен живот го избришал Божјиот лик од својата душа, не може само со човечки напори да изврши коренита промена во своето срце. Тој мора да ја прифати предвидената помош која само евангелието може да му ја пружи; мора да се помири со Бога со покорност кон Неговиот закон и вера во Исуса Христа. Во својот живот, тој мора да се раководи според едно ново начело. Со покајание, вера и добри дела, тој може да го усовршува христијанскиот карактер и благодарение на Христовите заслуги стекнува право да стане Божји син. Начелата на божествената вистина, прифатени со срце и применети во животот, можат да нè издигнат до такви морални висини кои ни изгледале недостапни. „Љубезни, сега сме Божји деца, и уште не е откриено што ќе бидеме; а знаеме дека кога ќе се открие, ќе бидеме слични на Него, бидејќи ќе Го видиме каков што е. И секој кој ја има оваа надеж во Него, се чисти како што е и Тој чист”. {4C 294.2}

Овде е изложена човечката задача која тој самиот мора да ја изврши. Огледувајќи се на огледалото на Божјиот закон, тој мора да ги воочи недостатоците на својот карактер, да ги отфрли своите гревови и да ги испере своите облеки во крвта на Јагнето. Зависта, гордоста, измамата, кавгата и злосторството ќе исчезнат од срцата на оние кои ќе ја прифатат Христовата љубов со надеж да станат слични на Него кога ќе Го здогледаат онаков каков што е. Христовата религија чисти, облагородува и ги прави подобри оние кои навистина ја поседуваат, каква и да е нивната општествена положба во животот. Оние кои ќе дозволат светлината на евангелието да го просветли нивниот ум, христијанството ги издигнува над нивното дотогашно ниво во секој поглед. Оние кои се понижени со падот во грев и кои злосторството толку ги деградирало, можат - со Христовите заслуги - да се издигнат на ниво малку помало од ангелското. {4C 294.3}

Меѓутоа, влијанието на евангелската надеж не го наведува грешникот да го смета спасението кое Христос му го дава како бесплатен дар на Неговата благодат, продолжувајќи притоа и понатаму да живее во престап на Божјиот закон. Кога светлината на вистината ќе го осветли неговиот ум и тој во потполност ќе ги сфати Божјите барања и тежината на своите престапи, тој се менува во животот, со силата добиена од Спасителот, се враќа на верноста кон Бога, водејќи нов и почист живот. {4C 295.1}

Додека бев во Салем, се запознав со братот и сестрата Доналдсон кои сакаа нивната ќерка да појде со нас во Батл Крик за да биде студент во колеџот. Таа имаше слабо здравје и тие мораа да водат тешка борба самите со себе за да се одвојат од својата единствена ќерка, но духовните предности кои ѝ се пружаа таму сепак победија и тие се согласија на таа жртва. Среќна сум што овде можам да истакнам дека на неодамнешниот состанок во Батл Крик и тоа драго дете беше крстено. Ова е уште еден доказ за неопходоста адвентистите на седмиот ден да ги праќаат своите деца во нашите училишта, каде што непосредно се наоѓаат под спасоносното влијание на верата. {4C 295.2}

Патувањето со брод на враќање од Орегон повторно беше бурно, но сепак не бев толку болна како на одење натаму. Бродот „Ајдахо” со кој се враќавме не се протнуваше низ брановите како што беше на одење, но сепак бочно се лулаше. На бродот сите беа многу љубезни кон нас. Создавајќи многу пријатни познанства, ја делевме нашата литература и водевме корисни разговори. Пристигнувајќи во Оукленд, затекнавме веќе подигнати шатори и добар број на верници кои ја прифатиле вистината благодарение на напорите на братот Хели. И тука зборувавме неколку пати под шатор. Во сабота и недела се состанаа верниците од Сан Франциско и Орегон и имавме интересни и корисни состаноци. {4C 295.3}

Силно посакував да присуствувам на црковниот собор во Калифорнија, но добив итен повик да присуствувам на црковните собори на Исток. Бидејќи ми беше прикажана состојбата на нашите верници на Исток, ми беше јасно дека морам да изнесам посебно сведоштво на нашите браќа на конференцијата во Нова Англија и затоа не можев веќе да се задржувам во Калифорнија. {4C 296.1}

На пат за Исток

Во друштво на својата снаа, Ема Вајт и Едит Доналдсон, на 28. јули од Оукленд тргнавме за Исток. Истиот ден стигнавме во Сакраменто, каде што срдечно нè дочекаа братот и сестра Вилкинсон. Во нивниот дом наидовме на љубезен прием за цело време

на нашиот тамошен престој. Според утврдениот договор, јас зборував во недела. Куќата беше полна со внимателни слушатели и Господ ми даде сила успешно да им зборувам од Неговата реч. Во понеделник го продолживме патот, застанувајќи во Рен, во државата Невада, каде што според договорот требаше да зборуваме во вторник навечер под шаторот, под кој брат Лофбороу одржа серија свои предавања. Пред четиристотини внимателни слушатели со леснотија зборував за Јовановите зборови: „Гледајте каква љубов ни даде Таткото, да се наречеме Божји деца". {4C 296.2}

Поминувајќи низ големата американска пустина по пеколна жештина и солен прав, бевме многу изморени од неплодниот изглед на тие предели, иако ги имавме сите удобности на патувањето додека композицијата на нашиот воз мазно се лизгаше низ шините, влечена од својата брза и силна железна запрега. Тоа ме потсети на Израелците од дамнешните времиња кои преку карпестите и бесплодни пустини патувале четириесет години. Неподносливата жештина, пустинскиот прав и мачнините на патот предизвикаа чести поплаки, мрморење и копнежливи воздишки на многумина кои пешачеле по тој навистина тежок пат. Мислам дека многумина од нас, кога би биле принудени да пешачат низ ваква пустина, поднесувајќи жед, неподнослива жештина и истоштеност од патот, би мрмореле дури и повеќе од Израелците. {4C 296.3}

Необичната карактеристика на планинските предели на овој трансконтинентален пат често е предмет на кратките записи на заинтересираните минувачи. На сите кои се воодушевуваат од величественоста и убавината на природата срцето им затреперува од радост кога ќе ги здогледаат овие величествени древни планини, прекрасни врвови и диви, карпести кањони. Ова посебно важи за христијанинот. Во гранитните масиви на карпите, во бучните бранови на планинската река, како и во пријатното жуборење на потокот, тој го гледа делото на семоќната Божја рака. Тој копнее да се качи на врвовите на високите планини, бидејќи му се чини дека таму би бил поблизу до небото, иако знае дека Бог ја слуша молитвата на Своите деца и од најдлабоките долини исто толку добро како и од највисоките планински врвови. {4C 296.4}

Колорадо

На патот од Денвер за Вејлингс Милс, планинско место каде што мојот сопруг ги минуваше летните месеци, застанавме во Булдер Сити и со радост го здогледавме нашиот камп, каде што братот Корнел одржа серија состаноци. Тивко засолниште пронајдовме во пријатниот дом на сестра Дарт. Изнајмен беше голем шатор за во него да се одржуваат состаноци за ширење и поттикнување на умереност, и на специјален повик, јас зборував под тој шатор полн со внимателни слушатели. Иако уморна од патот, Бог ми помогна успешно да ја презентирам пред луѓето неопходноста за практикување на строга умереност во сè. {4C 297.1}

Во понеделник на 8. август, при повторната средба со својот сопруг, по неговото расположение и активности видов дека е многу подобар со здравјето, поради што Му бев посебно благодарна на Бога. Старешината Канрајт, кој помина извесно време со мојот сопруг во планинското одморалиште, мораше во тоа време да се врати дома поради болеста на својата сопруга. Мојот сопруг и јас го испративме до Болдер Сити каде што имаше воз. Таа вечер зборував под шаторот, а утредента се вративме во нашиот привремен дом во Вејлингс Милс. Следната сабота повторно зборував пред насобраните во шаторот. По моја препорака, одржано е уште едно заседание на конференцијата. Изнесени се големи сведоштва и многумина од присутните прв пат ја

празнуваа саботата. Им зборував на насобраните по завршеток на саботата, а исто така и во недела навечер. {4C 297.2}

Сите од нашето семејство, освен нашиот син Едсон, бевме во тоа планинско одморалиште. Бидејќи бев преморена од постојаните посети во Орегон, мојот сопруг и децата дојдоа до заклучок дека навистина ми беше неопходен одмор; но во душата постојано чувствував дека треба да присуствувам на соборите на Исток, а посебно на оној во државата Масачусетс. Му се молев на Господа ако е Негова волја да присуствувам на тие состаноци, да добијам за тоа одобрување и согласност од својот сопруг. {4C 297.3}

Кога се вративме од Болдер Сити, затекнав писмо од брат Хаскел, со кое нè повикува двајцата да присуствуваме на црковниот собор, но ако мојот сопруг не би можел да дојде, инсистираше јас да дојдам. Откако го прочитав ова писмо на мојот сопруг, чекав да видам што ќе каже тој. По неколкуминутно молчење, тој рече: „Елена, ти треба да присуствуваш на овој состанок во Нова Англија". Подготвувајќи ги своите куфери за следниот ден, во два часот наутро тргнавме по месечина и во шест часот и триесет минути веќе бевме во возот. Патувањето за мене онака истоштена не беше ниту малку пријатно, бидејќи жештината беше речиси неподнослива. {4C 298.1}

Соборите на Исток

По доаѓањето во Батл Крик дознавме дека јас, според предвидениот распоред, треба да зборувам во недела навечер под огромниот шатор подигнат на имотот на нашиот колеџ. Шаторот беше преполн со слушатели и јас го изнесов своето излагање со најсесрдни повици. {4C 298.2}

Дома поминав многу краток период, а потоа, во друштво на сестра Мери Смит, и братот Фарнсворт, го продолживме патот кон Исток. Кога стигнавме во Бостон, бев многу исцрпена. На станицата нè пречекаа со најсрдечно добредојде, што многу пријатно ме освежи. Времето беше необично топло, и поради големата промена по освежувачката клима на Колорадо, врелината во Масачусетс беше речиси неиздржлива. Наспроти големиот умор и исцрпеност, добив сила да им го изнесам своето сведоштво на насобраните. Моите зборови го најдоа вистинскиот пат до срцата на внимателните слушатели. На овој собор беше навистина потребно да се вложат големи напори. Во меѓувреме, од нашиот последен ваков собор настанаа нови цркви. На новите души кои ја прифатија вистината им беше неопходна помош да дојдат до подлабоки и попотполни сознанија за практичната побожност. Господ ми овозможи непречено да го изнесам своето сведоштво. {4C 298.3}

Во текот на овој состанок изнесов и некои напомени за неопходноста од штедење во облекувањето и во трошењето на пари воопшто. Постои опасност во користењето на Господовите пари да се постапува безгрижно и лесноумно. Младите луѓе кои се ангажирани околу изнајмувањето, подигањето, одржувањето и расклопувањето на шаторот за јавни состаноци треба да бидат внимателни, не впуштајќи се во непотребни издатоци. Бидејќи со ширење на мисионерската работа, потребите на делото стануваат сè поброjни, треба да се применува строго штедење секаде и во сè, но без скржавост. Расходите е многу полесно да се прават, отколку да се исплатуваат. Има многу работи кои би можеле да ни бидат пријатни, но не се неопходни и можеме да се лишиме од нив без никакви загуби. Многу е лесно да се прават трошоци по хотелите и да се користат дополнителни удобности при патување со воз, да се создаваат издатоци кои

можат да се избегнат, или барем во голема мерка да се намалат. Ние дванаесет пати поминавме релација од неколку илјади километри, од Батл Крик до Калифорнија и назад, не трошејќи притоа ниту еден долар за храна во ресторaните или во вагоните за ручек. Се храневме од својата корпа. По тридневно или повеќедневно патување, храната ја губи својата свежина, но малку млеко или овесна каша го надополнува тој недостаток. {4C 299.1}

Исто така, зборував и за вистинското посветување кое не е ништо друго од секојдневно умирање на сопственото „јас" и потполно потчинување на Божјата волја. Додека бев во Орегон, ми беше покажано дека некои од неодамна основаните цркви во Нова Англија се во опасност да подлегнат на отвореното влијание на таканаречената посветеност. Некои ќе бидат заведени од ова учење, додека други, сфаќајќи ја лажливоста на неговото влијание, ќе ја увидат опасноста која тоа ја донесува и ќе го отфрлат. Посветеноста која Павле ја препорачува била постојаната борба со своето „јас". „Секој ден умирам", нагласува тој. Тој почувствувал дека неговата волја и неговите желби се во постојан судир со барањата на должностите и со Божјата волја. И наместо да се поведува по своите склоности, тој ја прифатил Божјата волја, колку и да е таа непријатна, болна и распнувачка за неговата природа. {4C 299.2}

Сите оние кои сакаа да бидат крстени и кои тогаш прв пат ја празнуваа саботата, ги повикавме да излезат пред катедрата. Се одзваа триесет и пет лица, од кои дваесет и двајца изнесоа прекрасни сведоштва и беа крстени пред да заврши соборот. {4C 300.1}

Особено ни беше драга средбата со некои стари пријатели и поборници на делото кои ги запознавме уште пред триесет години. Нашиот многу ценет брат Хастингс и денес е верен на вистината исто како и тогаш. Нѐ израдува средбата со сестрите Темпел и Колинс од Дартсмут, Масачусетс, како и со братот и сестрата Вилкинсон, во чиј дом бевме гостољубиво прифатени пред повеќе од триесет години. Можеби земното патување на некои од овие за нас толку драги сопатници нема уште долго да потрае, но ако останат верни до крај, ќе примат венец на вечен живот. {4C 300.2}

Се интересиравме за брат Кимбол, кој како глувонем беше мисионер меѓу глувонемите. Благодарение на неговите истрајни напори, многумина од нив ја прифатија вистината. Го гледавме овој верен братна нашите годишни состаноци како е опкружен со извесен број на глувонеми обратеници. Некои од оние кои слушаат запишуваа што е можно повеќе од изложеното во проповедите, а потоа тој, опкружен од своите глувонеми пријатели, седеше и им читаше и активно им ја објаснуваше проповедта со своите раце. Тој активно ја помагаше мисионерската работа со свои средства, славејќи го на тој начин Бога со сите свои можности. {4C 300.3}

Во вторник наутро, на трети септември, го напуштивме Белард Вел за да присуствуваме на соборот во државата Мејн. Одмор најдовме во домот на младиот брат Мортон, надалеку од Портланд. Тој и неговата добра сопруга го направија многу пријатен нашиот престој во нивниот дом. На местото на црковниот собор стигнавме пред сабота и така имавме среќа да се сретнеме со неколку проверени пријатели и поборници на Божјото дело. Има луѓе кои секогаш се на својата должност, без оглед дали свети сонцето на мирот и благосостојба. Кога сѐ оди добро и во склад со нивните очекувања, тие се сесрдни и ревни; но кога ќе наидат темни облаци и кога мораат да се сретнуваат со непријатности, тие немаат што да кажат и да направат. Божјиот благослов се гледа на активните работници, додека оние кои ништо не работеле, не стекнуваат благослови. Господ секогаш е со Своите слуги кои верно се трудат совесно да ја

прикажат вистината и од нејзината теоретска и од практична страна. И покрај нашите искрени желби сите

присутни да ја почувствуваат благодатта на овој собор, многумина со ништо не покажуваат дека примиле Божји благослов. Со сето срце копнеат по тоа тие драги души подобро да ги искористат возвишените предности што им се пружаат. {4C 300.4}

Местото на соборот го напуштивме во понеделник, многу исцрпени. Планиравме да присуствуваме на такви собори и во државите Ајова и Канзас. Сопругот ми пишуваше дека ќе се сретнеме во Ајова. Бидејќи не бев во можност да присуствувам на соборот во Вермонт, од Мејн заминав директно во Јужен Ланкастер. Имав големи тешкотии при дишењето и постојани болки во пределот на срцето. Мирен и пријатен одмор најдов во домот на сестра Харис која направи сè што беше во нејзина моќ да ми помогне. Во четврток навечер одлучивме да го продолжиме својот пат за Батл Крик. Поради својата тогашна здравствена состојба, не се осмелував на толку далечен пат да тргнам сама, па застанавме во едно мало место во државата Њујорк, каде што го поминавме саботниот ден. И тука имаше многу присутни на богослужението. {4C 301.1}

Во понеделник наутро ги посетив братот и сестрата Ира Абеј во Брукфилд. Разговорот со членовите на ова семејство беше многу корисен, бидејќи сме длабоко загрижени за нив, со желба во својата христијанска борба конечно да стекнат победа и вечен живот. Ќе успее ли брат Абеј да се издигне над својата обесхрабреност и, потпирајќи се во потполност на Христовите заслуги да извојува конечна победа и да добие круна на победник - тоа е причината за нашата најдлабока загриженост. {4C 301.2}

Во вторник тргнавме со воз за Батл Крик и веќе следниот ден стигнавме дома. Ми беше драго што уште еднаш можам да се одморам и да се лекувам во нашиот санаториум. Можноста да ги користам благодетите на оваа установа ја сметав за навистина голема предност. Помошниците на лекарот беа навистина љубезни и внимателни, подготвени во секое време од денот и ноќта да направат сè што е во нивна моќ за да ги ублажат моите страдања. {4C 301.3}

Во Батл Крик

Националниот зрковен собор беше одржан во Батл Крик од 2. до 14. октомври. Тоа беше најголем собир на адвентисти на седмиот ден кој некогаш бил одржан. Беа присутни преку четириесет проповедници и сите бевме среќни што тука можевме да ги видиме проповедниците Ендрус и Бурдо од Европа и проповедникот Лофбороу од Калифорнија. На тој собор имаше претставници на делото од Европа и од многу Американски држави, како што се Калифорнија, Тексас, Алабама, Вирџинија, Дакота, Колорадо, како и од сите северни држави на САД од Мејн до Небраска. {4C 301.4}

Тука бев многу среќна што повторно можев да работам заедно со својот сопруг. Иако бев многу исцрпена и страдав од заболување на срцето, Господ ми подари сила речиси секој ден да им зборувам на насобраните, а понекогаш и два пати дневно. Мојот сопруг работеше многу напорно. Покрај присуствувањето на речиси сите деловни состаноци, речиси секој ден и проповедаше, зборувајќи со својот вообичаено јасен и одреден стил. Јас мислев дека нема да бидам во состојба да зборувам повеќе од два до три пати во текот на тој состанок, но како што течеше состанокот, силата сè повеќе ми се враќаше. По повод разни потреби, и по четири часа бев на нозе, повикувајќи ги присутните на молитва. Никогаш толку забележливо не ја чувствував Божјата посебна

помош како на тој собор. И покрај сите тие напори, силата постојано ми се враќаше. На слава на Бога, овде го наведувам фактот дека на крајот на тој собор се чувствував поздрава отколку за шесте изминати месеци. {4C 302.1}

Во среда, во текот на втората седмица на нашиот собор, неколкумина од нас одлучивме заеднички да се молиме за една сестра која паднала во потполн очај. Таа молитва беше за мене голем благослов и во величествена визија на Божјата слава, ми беа покажани многу поединости за состојбата во која се наоѓа нашиот народ. Потоа излегов пред насобраните и со свечено чувство на одговорност, го изнесов накратко она што ми беше покажано. Нешто од тоа подоцна и напишав во сведоштвата наменети за поединци, во апели за проповедниците и разните други статии објавени во оваа книга. {4C 302.2}

Благодарение на овие толку интересни и многу корисни состаноци, беа осведочени и обратени повеќе од нив кои се ангажирани во нашата издавачка дејност и кои по тој повод јасно и разумно ги изнесоа своите сведоштва. Обратени беа и многу неверници кои поминаа под знамето на кнезот Емануел. Овој собор на кој беа крстени дванаесет души, претставуваше навистина одлучна промена. {4C 302.3}

Во седмицата која уследи по соборот, моето постојано ангажирање во јавните говори, молитви и пишување на сведоштва беше далеку понапорно отколку во текот на самиот собор. Секој ден беа одржувани по два-три интересни и многу значајни состаноци за нашите проповедници. Оние кои му ја објавуваат на светот оваа порака, мораат да имаат секојдневно искуство во Божјото дело, да го претставуваат Христа со својот живот и во секој поглед да бидат обратени луѓе. Тогаш, и само тогаш, тие можат да бидат навистина успешни во својата работа. На тие состаноци за работници и проповедници вложувани се најсердни напори што повеќе да се приближиме кон Бога со каење, понизност и молитва. Многумина изјавија дека дотогаш толку јасно не го сфатиле значењето на својата задача во својство на Христови проповедници и сета длабочина на својата одговорност пред Бога. Очекувавме да видиме уште поголемо манифестирање на Божјиот Дух, но јас знаев дека Духот ќе дојде само тогаш кога за тоа ќе биде подготвен патот, како што тоа било случај на денот на Педесетница. Меѓутоа, многумина толку се оддалечија од Бога и изгледа дека воопшто не знаат како треба да ја применат верата во практичниот живот. {4C 302.4}

Апелите повеќе пати упатувани до проповедниците кои можат да се најдат на други места во оваа книга, го опишуваат сето она што Бог ми го покажа во поглед на нивната жална состојба и високите предности кои им се пружаат. {4C 303.1}

Црковни собори во Канзас

На планираниот црковен собор во државата Канзас тргнав во придружба на својата снаа Ема, на 23. октомври. До местото Топек во таа држава патувавме со воз, а оттаму уште околу дваесет километри со приватен превоз до Ричленд, каде што беше местото на нашиот собор. Наидовме на цела населба од распнати шатори, кои беа сместени во една шума. Бидејќи сезоната за шатори веќе беше одмината, беа преземени сите подготовки во случај времето да залади. Покрај големиот шатор за одржување на собири, беа подигнати и седумнаесет помали шатори за сместување на гостите по семејствата. Во секој од тие шатори имаше и по една печка. {4C 303.2}

Во сабота наутро почна да паѓа снег, но ниту едно богослужение не беше одложено. Дебелината на снежната покривка беше околу два и пол сантиметри и воздухот беше

продорно студен. Жените со мали деца се стискаа околу печката. Беше трогателно да се види како и под вакви услови преку сто и педесет присутни се собраа на овој собор. Некои од нив преминаа и преку триста дваесет километри со приватни автомобили. Беше очевидно дека гладуваат за лебот на животот и се жедни за водата на спасението. {4C 303.3}

Проповедникот Хаскел зборуваше во петок попладне и навечер. Во сабота претпладне се почувствував повикана да упатам зборови на охрабрување на оние кои беа подготвени на толку големи жртви за да дојдат на овој собор. Во недела попладне дојдоа многу посетители кои не се членови на нашата црква, иако соборот беше одржуван толку далеку од сите главни патишта. {4C 304.1}

Во понеделник претпладне зборував за третото поглавје од книгата на пророкот Малахија. Потоа ги повикувавме да излезат пред катедра сите оние кои сакаат да бидат христијани, а кои сè уште не беа осведочени дека Бог ги прима. Околу триесет луѓе се одзваа на овој повик. За некои помеѓу нив тоа беше прв пат во животот да се молат јавно на Господа, а некои кои беа членови на други цркви, сега прв пат го прифатија празнувањето на саботата. На сите им беше дадена прилика да кажат нешто за Господа и присуството на Светиот Дух се почувствува на собирот. По молитвата за оние кои излегоа пред катедрата, и извршеното испрашување на кандидати, шест нови души беа крстени. {4C 304.2}

Ми беше многу драго додека го слушав излагањето на проповедникот Хаскел кој нагласи колку е важно во семејниот круг почесто да се чита, особено следниве три книги: Дух на пророштвото и четирите тома од Сведоштвата. За време на долгите зимски вечери тоа би можел на глас да го чита некој од членовите на семејството, така што пораката на прочитаниот текст да стигне до секој поединец. Потоа јас зборував за должноста на родителите правилно да ги воспитуваат и дисциплинираат своите деца. Добро воденото и правилно дисциплинираното семејство претставува најочевиден доказ кој може да му се пружи на светот за силата на христијанството. Тоа може да ја препорача вистината подобро и поуспешно од било што друго, бидејќи претставува живо сведоштво за нејзиното делотворно влијание на срцето. {4C 304.3}

По завршеток на соборот, во вторник претпладне, заедно со својата снаа Ема, проповедникот Хаскел и братот Стовер тргнавме за Шерман, исто така во државата Канзас, каде што беше закажан уште еден црковен собор. И овој собор беше интересен и корисен, иако во споредба со соборите во другите држави е релативно мал, бидејќи присуствуваа само околу стотина браќа и сестри. Беше планирано тука да се соберат и поединците расеани по разни држави од југот, како што се: Канзас, Арканзас, Кентаки, Мисури, Небраска и Тенеси. На тој состанок повторно се сретнав со својот сопруг, а оттаму, заедно со проповедникот Хаскел и нашата снаа, тргнавме за Далас во Тексас. {4C 304.4}

Посета на Тексас

Во четврток стигнавме кај братот Мак Дирман во Гранд Прери. Тука нашата снаа се состана со своите родители, брат и сестра, кои едвај ја преживеаа страшната треска која претходната година ја зафати оваа држава. Ни беше големо задоволство да им послужиме на потребите на тоа семејство, кое во минатото ни укажуваше голема помош во нашата болест и тешки денови. {4C 305.1}

Оставајќи ги во подобра здравствена состојба, отидовме на соборот во Плано. Овој собор беше одржан во период од 12. до 19. ноември. Во почетокот, времето беше пријатно, но наскоро почна да врне дожд проследен со силни ветрови што го оневозможи доаѓањето на многумина од околните краеви. Имавме среќа тука да ги видиме старите познаници и пријатели, проповедникот Р.М. Килгор и неговата сопруга. Ни беше драго што и тука можевме да видиме голем број браќа и сестри. Иако во тие краеви постојат големи предрасуди против сите кои доаѓаат од север, кај нашите браќа и сестри тоа не се забележуваше. {4C 305.2}

Моето сведоштво никаде не беше прифатено со задоволство и од сето срце како во овој крај. Јас длабоко се заинтересирав за работата во оваа голема држава како што е Тексас. Цел на сатаната отсекогаш била прв да ја запоседне секоја позначајна област и веројатно дека никаде не се спротивставувал повеќе за ширењето на вистината како што се спротивставуваше во Тексас. Ова за мене беше најдобар доказ дека овде постои голема задача која мора да се изврши. {4C 305.3}

---

26. ПОДГОТОВКА ЗА ХРИСТОВОТО ДОАЃАЊЕ

Во последната визија која ми беше дадена во Батл Крик за време на нашиот сеопшт црковен собор, укажано ми беше на опасноста која ни се заканува како народ, на тоа е дека повеќе се угледуваме на овој свет отколку на Христа. Се наоѓаме на самата граница на вечниот свет, но непријателот настојува да нè наведе на заклучок дека крајот на сè е сè уште далеку. Оние кои тврдат дека ги држат Божјите заповеди и го очекуваат скорото доаѓање на Спасителот на небесните облаци со голема сила и слава, сатаната ги облетува со сите можни искушенија. Многумина од нив тој ги наведува да го одложуваат денот на судот во што подалечна иднина и во сфаќањата да стануваат сè послични на светот, поведувајќи се во сè по неговите обичаи. Загрижена сум до вознемиреност кога гледам дека духот на овој свет ги обзема срцата и мислите на многумина кои тврдат дека високо ја ценат вистината. Себичноста и личните задоволства ним им се на прво место, додека вистинската побожност и морална честитост сè повеќе исчезнуваат. {4C 306.1}

Укажувајќи на оние кои тврдат дека веруваат во вистината, Божјиот ангел со сериозен тон ги повтори Христовите зборови: „Пазете вашите срца да не отежнат од пиење и јадење и грижите на овој свет, и овој ден да не ви дојде одненадеж. Зашто ќе дојде како стапица на сите кои живеат по земјата. Стражете и молете Му се на Бога за да се удостоите да го избегнете сето она што ќе се случи, и да стоите пред Синот човечки”. {4C 306.2}

Со оглед на краткото време, ние треба како народ будно да бдееме, не дозволувајќи било што да нè одврати од сериозноста во подготовка за тој голем настан кој е пред нас. Бидејќи времето за тоа е очевидно продолжено, многу стануваат сè побезгрижни во поглед на своите зборови и постапки. Тие не ја увидуваат опасноста што им се заканува и не сфаќаат дека Бог во Својата милост им ги продолжува деновите на милост и проверка за да имаат време да го изградат својот карактер за идниот, вечен живот. Секој момент е многу драгоцен. Ова време им е дадено не за да си обезбедат себеси лесен и удобен живот на оваа земја, туку да ги победат своите карактерни

недостатоци и со пример и лични напори, да им помагаат и на другите да ја сфатат и увидат сета убавина на светоста. Бог има на земјата народ чии припадници со вера и света надеж го следат брзото исполнување на пророштвата и копнеат да ги очистат своите души со покорување на вистината, за да не се најдат без свадбена облека кога Христос ќе се појави. {4C 306.3}

Многумина кои се нарекуваат адвентисти го одредуваа времето на Христовото доаѓање. Обидите да се утврди тоа време појавувани се повеќе пати, но исходот беше само повторување на истата грешка. Објавувањето на одредено време кога нашиот Господ ќе дојде го надминува она што им е познато на смртниците. Денот и часот на Христовото доаѓање не го знаат ниту ангелите кои служат и им помагаат на оние кои треба да станат наследници на спасението. „А за тој ден и час никој не знае, ниту небесните ангели, туку само Мојот Татко". Бидејќи датумите одредувани за тој настан се минато, луѓето од овој свет станале уште поодлучни во своето неверство што се однесува до близината на Христовото доаѓање. На оние кои ја повторуваат истата грешка со одредување на времето, тие гледаат со презир и одвратност; и бидејќи многумина биле измамени на тој начин, светот се оддалечува од суштинската вистина содржана во Божјата реч дека се ближи крајот на сите нешта. {4C 307.1}

Оние кои, пречекорувајќи го дозволеното, и понатаму го одредуваат времето на Христовото доаѓање, на тој начин му причинуваат задоволство на непријателот на душите, бидејќи со тоа не поттикнуваат христијанство, туку уште повеќе го потхрануваат неверството. Со произволно и погрешно толкување на Светите Списи тие конструираат синџир на аргументи кои привидно го потврдуваат нивниот став. Но кога она што тие го најавуваат нема да се случи, тогаш се покажува дека - погрешно толкувајќи го јазикот на вдахновението - биле лажни пророци. Божјата реч е секогаш вистинита и веродостојна, но луѓето го изопачуваат нејзиното значење. Поради тие и такви заблуди Божјата вистина за овие последни денови денес е толку озлогласена. За проповедниците на другите верски заедници адвентистите сега се предмет на потсмев, но тоа не смее да им ја затвори устата на Божјите слуги. Знаците најавени во пророштвото се исполнуваат насекаде околу нас. Тоа треба да го поттикне секој вистински Христов следбеник на ревносна активност. {4C 307.2}

Оние кои сметаат дека со одредување на времето за Христовото доаѓање ќе остават посилен впечаток на луѓето, не поаѓаат од правилен став. Тоа може само да ги возбуди чувствата на слушателите и да предизвика страв, но тие нема да бидат поттикнати од начелата. Создадено е извесно возбудување, но кога ќе помине најавеното време, како што тоа веќе неколку пати се повторило, оние кои биле поттикнати од очекување на најавеното повторно запаѓаат во студенилото и темнината на гревот и тогаш нивната совест е речиси невозможно да се пробуди без некое големо возбудување. {4C 308.1}

Жителите на претпотопниот свет во Ноевите денови со презир му се потсмевале на она што повеќето го сметале за суеверно стравување и на тој проповедник на правдата. Тој бил јавно жигосан како занесеник и фанатик. „И како што беше во Ноево време, така ќе биде и во деновите на Синот човечки". Сериозната порака на опомена луѓето и денес ќе ја отфрлат како што правеле тие во Ноево време. Повикувајќи се на лажните учења на оние кои го одредувале точното време на Христовото доаѓање, ќе нагласуваат дека поради тоа губат доверба во сè што ние проповедаме. Таков е ставот на денешниот свет. Неверството сè повеќе се шири, а проповедањето на Христовото доаѓање наидува само на потсмев и на презир. Тоа го прави сè побитен фактот оние кои веруваат во сегашната вистина, да ја покажат својата вера и со соодветни дела. Тие треба да бидат

посветени со вистината што ја исповедаат, бидејќи со својот живот претставуваат за светот животен мирис за живот или смртен мирис за смрт. {4C 308.2}

Ноевата порака на жителите на тогашниот свет била дека им е оставено време од сто и дваесет години за да се покаат за своите гревови и да побараат засолниште во ковчегот, но тие со презир го отфрлиле овој повик на милост. Им било дадено доволно време да се ослободат од своите гревови, да ги победат своите лоши навики и да развијат позитивен карактер. Но, склоноста кон гревот, иако кај многумина на почетокот незначителна, со попуштање станувала сè посилна и конечно ги одвела во неизбежна пропаст. Опомените кои Бог им ги упатувал во Својата милост, биле отфрлени со презир и потсмев, и тие продолжувале да одат во темнина по патот на гревот кој самите го избрале. Но со своето неверство не можеле да го спречат најавениот настан. Потопот сепак дошол и во сеопшто уништување ја открил сета жестина на Божјиот гнев. {4C 308.3}

Христовите зборови: „Но пазете вашите срца да не отежнат од јадење и пиење и од грижите на овој свет и овој ден да не ви дојде одненадеж", треба да продрат во длабочината на срцата на сите кои веруваат во сегашната вистина. Тука Христос ни укажува на опасноста што ни се заканува. Знаејќи какви опасности нè очекуваат во овие последни денови, Тој сакал да нè подготви за тоа. „Како што беше во Ноево време, така ќе биде и во деновите на Синот човечки". Жителите на претпотопниот свет безгрижно продолжиле да јадат и да пијат, да садат и да градат, да се женат и да се мажат, не знаејќи ништо сè до оној ден кога Ное влегол во ковчегот и кога дошол потопот и однел сè. На сличен начин и денот на судот ќе ги затекне луѓето обземени од работите и задоволствата на овој свет - во наслаудување и алчност, во одавање на изопачени барања, во пијанство и пушење. Светот околу нас веќе се наоѓа во таква состојба, па дури и некои кои се нарекуваат Божји народ, поведувајќи се по обичаите на светот, учествуваат во такви гревови. Правници, занаетчии, земјоделци, трговци, па дури и проповедници од катедрата повторуваат: „Мир е и нема од што да се плашиме", иако пропаста незадржливо им се приближува. {4C 309.1}

Верувањето во скорото доаѓање на Синот човечки на небесните облаци, нема да го направи вистинскиот христијанин немарен и безгрижен во своите секојдневни работи. Оние кои го очекуваат скорото Христово доаѓање нема да бидат мрзливи, туку напротив трудољубиви во своите работи. Својата работа тие нема да ја извршуваат безгрижно и нечесно, туку совесно, брзо и темелно. Оние кои си ласкаат себеси дека нивната немарност и незаинтересираност за секојдневните животни должности е доказ за духовноста и одвоеноста од светот, се во голема измама. Нивната чесност и верност се проверуваат токму во секојдневните работи. Ако се верни во малку, ќе бидат верни и во многу. {4C 309.2}

Покажано ми е дека многумина токму во ова се испитувани. Својот вистински карактер тие го откриваат во начинот на кој ги извршуваат своите земни работи. Недостатокот на вера, лукавството и нечесноста, тие го манифестираат во постапувањето со своите ближни. Тие не се свесни дека нивното право на иден живот зависи од тоа како се однесуваат во овој живот и дека строгата исправност е неопходна во формирање на христијанскиот карактер. Нечесноста на големо ги зафаќа нашите редови, и тоа е причина за млакост на големото дело на оние кои тврдат дека веруваат во вистината. Тие не се поврзани со Христа и самите себе се лажат. Жал ми е што морам да кажам дека дури и меѓу оние кои ја празнуваат саботата постои загрижувачки недостаток на чесност. {4C 309.3}

Ми беше укажано на Христовата беседа на гората на блаженствата. „Сè што сакате да ви прават луѓето вам”, е налог на Големиот Учител, „тоа правете им го и вие на нив; зашто тоа е законоs и пророците”. Оваа Христова заповед е од најголема важност и треба строго да се почитува. Таа е како „златно јаболко во сребрени садови”. Колкумина од нив, применувајќи ги начелата кои Христос овде ги истакнува, постапуваат со другите онака како што би сакале да се постапува со нив во слични околности? Читателу, одговори на ова прашање! {4C 310.1}

Чесен човек, според Христовите мерила е само оној кој непоколебливо останува исправен и честит во сите околности. Лажните тегови и неисправните мерила со кои многумина настојуваат да ја зголемат својата земна добивка, се одвратни во Божјите очи. Сепак многумина и од оние кои тврдат дека ги држат Божјите заповеди користат лажни тегови и неисправни мерила. Кога човекот е навистина поврзан со Бога и навистина го држи Неговиот закон, тоа се гледа во неговиот живот, бидејќи сите негови постапки секогаш се во склад со Христовото учење. Тој не ја продава својата чест за никаква земна добивка. Неговите начела се засновани на сигурен темел, и неговото однесување и во земните работи е одраз на неговите внатрешни принципи. Непоколебливата чесност блеска како злато меѓу плевелот и троскотот на овој свет. Измамата, лагата и несовесноста можат да се сокријат пред луѓето, но не и пред Бога. Божјите ангели кои будно го следат развојот на нашиот карактер и ја одмеруваат нашата морална вредност, ги бележат во небесните книги и тие навидум незначајни трансакции, бидејќи сето тоа го открива нашиот карактер. Ако еден работник е несовесен и површен во своето секојдневно занимање, оние кои го набљудуваат нема да згрешат ако заклучат дека неговите мерила и во верата се исти такви како и во неговите работи. {4C 310.2}

„Кој е верен во малку и во многу е верен, а кој е неверен во малку, и во многу е неверен”. Важноста на потфатот или работата со која се занимаваме не нè прави чесни или пак нечесни. Како некој постапува со своите ближни, таков е неговиот однос и кон Бога. На оној кој е неверен во располагањето со земните добра, никогаш нема да му се доверат вистински и неминливи богатства. Божјите деца никогаш не треба да заборават дека во сите свои земни трансакции постојано се искушуваат и мерат на небесните мерила. {4C 311.1}

„Не може добро дрво”, вели Христос, „лоши родови да раѓа, ниту лошо дрво да раѓа добри родови”. Според тоа, „по нивните родови ќе ги познаете”. Постапките на еден човек ги претставуваат родовите кои тој ги донесува. Ако е неверен и нечесен во секојдневните работи, негови родови ќе бидат трње и боцки; тој исто така ќе биде неверен и во својот верски живот и ќе го краде Бога во десетокот и во приносите. {4C 311.2}

Библијата со најостри изрази ја осудува секоја лага, секоја нечесна зделка и било каква нечесност. Но, според она што ми е покажано, и припадниците на Божјиот народ кои стапуваат на тлото на непријателот, попуштаат на неговите измами и искушенија сè додека нивната духовна чувствителност потполно не отапи. Незначителното застранување од вистината, малото отстапување од Божјите барања се смета како нешто што и не е толку голем грев кога е во прашање финансиска добивка или пак загуба. Меѓутоа, гревот е грев, било да го прави милионер или просјак на улица. Оние кои на нечесен начин го зголемуваат имотот, ја изложуваат својата душа на осуда и неодобрување на небото. Сè што ќе се стекне со измама и лукавство ќе служи само на проклетство на оној кој мисли дека е добитник. {4C 311.3}

Адам и Ева искусиле страшни последици од својата непослушност на Божјата заповед. Тие можеби мислеле: Тоа е незначителен престап и можеби никогаш нема да бидат повикани на одговорност. Но, во Божјите очи тој престап претставувал страшно зло, и несреќата која произлегла од тоа трае низ сите времиња. Во времето во кое ние живееме, оние кои за себе тврдат дека се Божји деца често прават многу потешки гревови. Таканаречените припадници на Божјиот народ со своите лажни изјави и нечесни постапки во деловниот живот често го предизвикуваат Божјото негодување и го сламат Неговото дело. Најмалото отстапување од вистината и исправноста претставува престап на Божјиот закон. Со постојано попуштање на некој грев, злосторството станува навика, но тоа ниту малку не ја намалува тежината на направениот грев. Бог воспоставил непроменливи начела кои не е можно да се менуваат како што не е можно да се менува Неговата божествена природа. Кога оние кои тврдат дека веруваат во вистината внимателно би ја проучувале Божјата реч, тие не би останале толку неразвиени во духовен поглед. Оние кои не обрнуваат внимание на Божјите барања во овој живот не би го почитувале Неговиот авторитет ниту кога би се нашле на небо. {4C 311.4}

Во Божјата реч јасно се укажува на секој вид на неморал, нечесност и неисправност, а исто така и на последиците кои неминовно произлегуваат од тоа. Попуштањето на ниски страсти е прикажно во својот најодвратен карактер. Па сепак никој, колку и да е помрачен неговиот ум не мора да греши. Меѓутоа, мене ми е покажано дека многумина од оние кои тврдат дека ги држат сите Божји заповеди токму во тоа грешат. Бог секому ќе му суди според она што е напишано во Неговата реч. {4C 312.1}

„Прегледајте ги Писмата", вели Христос, „бидејќи вие мислите дека имате во нив вечен живот; и тие сведочат за мене". Библијата е непогрешлив водач. Во неа од нас се бара совршена чистота не само во зборовите и постапките, туку дури и во мислите. Пристап во присуство на чистиот и свет Бог ќе им биде дозволен само на оние кои ќе се најдат чисти и со беспрекорен карактер. Божјата реч за човечките синови - ако ја проучуваат и држат - може да биде исто она што и за Израелците бил столбот од облак дење и столбот од оган ноќе. Библијата ја претставува Божјата волја откриена на луѓето. Само таа пружа совршено мерило на карактерот и ја открива човечката должност во сите животни околности. Со занемарување на своите многубројни одговорности во овој живот ние нанесуваме страдања не само на себе, туку загубите од тоа мораат да ги поднесуваат и други. {4C 312.2}

Мажите и жените кои тврдат дека ја уважуваат Библијата и ги прифаќаат нејзините учења, во многу нешта не ги исполнуваат нејзините барања. Во воспитување на децата тие повеќе се раководат според своите изопачени склоности отколку според јасно откриената Божја волја. Поради таквото занемарување на должностите, илјадници души пропаѓаат. Во Библијата се истакнува правилото за правилно воспитување на децата. Кога родителите би се придржувале кон овие Божји упатства, би виделе поинакви генерации на млади кои денес стапуваат на сцената на животната дејност. Но родителите кои ја читаат Библијата и тврдат дека ги држат нејзините учења постапуваат токму спротивно на тоа. Додека загрижени и со болка во душата го оплакуваат однесувањето на своите деца, малку татковци и мајки увидуваат дека самите со своето попуштање и погрешно сфаќање на љубовта довеле до ова и ги упропастиле своите деца. Тие не ја сфаќаат својата од Бога дадена одговорност да ги учат од колевка своите деца на исправни навики. {4C 313.1}

Родители, вие во голема мера сте одговорни за душите на своите деца. Многумина ја запоставуваат својата родителска должност во текот на првите години од детскиот живот, мислејќи дека кога децата ќе бидат постари ќе успеат со повнимателно одвраќање од злото да ги учат само на она што е добро. Но вистинско време за тоа е додека децата сè уште бебиња во нивните прегратки. Родителите не треба да ги разгалуваат своите малечки и да попуштаат на нивните желби, но не треба ниту да ги запоставуваат. Цврст, одлучен и правилно заземен став ќе донесе секогаш најдобри резултати. {4C 313.2}

---

27. ОБРАЌАЊЕ ДО ПРОПОВЕДНИЦИТЕ

Големата и света вистина која ни е доверена и за чие објавување ние сносиме одговорност премногу често се изложува студено, само како теорија. На слушателите кои доаѓаат и заминуваат и од кои некои никогаш нема веќе да имаат толку поволна прилика да се осведочат и да му се обратат на Христа, постојано им се држат проповеди за доктринални точки. Во подготовка и детална разработка на таквите излагања се губат златни прилики, бидејќи притоа се истакнува и издигнува самиот говорник, а не Христос. Теоријата на вистината без жива побожност не може да ја расчисти темнината што ја обвиткува душата. {4C 313.3}

Најскапоцените камења на вистината често ја губат својата делотворност поради високопарните изрази на човечката мудрост во кои таквите говорници ги обвиткуваат, додека им недостига сила на Светиот Дух. Христос ја изложувал вистината во нејзината едноставност, и затоа допирал не само до највисоките туку и до најниските на земјата. Вистински ораторски квалитети ќе има само оној проповедник кој како Божји пратеник и Христов претставник е секогаш мал во своите очи - за да може Бог да го издигне. Вистинската побожност, тесната поврзаност со Бога и секојдневното живо искуство во познавањето на Христа, ќе го направат вешт дури и јазикот на оној кој има говорна мана. {4C 314.1}

Додека набљудувајќи ги недостатоците на новоорганизираните цркви, гледам колку им недостига животворна побожност и вистинско верско искуство, срцето ми се стега од болка. Знам дека оние кои им ја пренесуваат пораката на вистината не ги поучуваат правилно во сите прашања битни за усовршување на урамнотеженият карактер во Исуса Христа. Можеби оние кои би требало да го поучуваат народот на вистината премногу долго го занемарувале ова. Зборувајќи за пораката на евангелието, Павле нагласува: „На која јас станав слуга по Божја наредба која ми е дадена меѓу вас во потполност да ја објавам Божјата реч, тајна која беше сокриена од создавањето на светот, а која сега се јави на Неговите светии, на кои Бог науми да им покаже колку е богата славата на оваа тајна меѓу незнабошците, која е Христос во вас - надеж на славата; Кој ние го проповедаме советувајќи го секој човек и учејќи го на секоја премудрост, за да го покажеме секој човек совршен во Исуса Христа. За ова се трудам и борам со Неговата моќ која во мене силно дејствува”. {4C 314.2}

Овде јасно се дефинирани должностите на Христовите проповедници, нивните квалификации и силата на Божјата благодат која делува во нив. Бог сметал дека е потребно неодамна да ми укаже на еден голем недостаток на многумина кои тврдат

дека се Христови претставници. Накратко, ако им недостига вера и знаење за животворната побожност, тие не само што се измамуваат себеси туку исто така не се во состојба да го покажат совршен ниту еден човек во Христа. На многумина кои такви приведуваат кон вистината им недостига вистинска побожност. Тие можеби и ја познаваат вистината теоретски, но не се во потполност обратени со неа. Бидејќи се непрепородени во срцето, тие не остануваат во Христа, ниту Христос во нив. Должност на проповедникот е да ја проповеда и теоријата на вистината, но тој не треба да се задржува само на тоа. Тој треба да биде во состојба да каже како Павле: „За ова се трудам и борам со Неговата моќ која силно дејствува во мене". {4C 314.3}

Животната поврзаност со Христа, како Голем Пастир, ќе ги направи потпастирите Негови живи претставници и вистинска светлина на светот. Темелното познавање на сите точки на нашата вера е секако важно, но за проповедникот е многу поважно да биде навистина посветен со вистината што ја проповеда со цел да ја просветли совеста на своите слушатели. Во серија предавања, ниту едно излагање не би требало да биде посветено само на теорија, ниту пак треба да се практикуваат долги и заморни молитви. Таквите молитви Бог не ги слуша. Слушав многу молитви кои личат на научена песна или проповед и кои се несоодветни за богослужение. Молитвата со помалку зборови, но упатена сесрдно и со вера, би влијаела благотворно на срцата на слушателите; наместо тоа, присутните често го губат трпението сакајќи секој збор во таква молитва да биде последен. Ако проповедникот насамо се бори со Бога сè додека не почувствува дека со вера може да се повика на неминливото ветување: „Барајте и ќе ви се даде", тој во јавната молитва би бил непосреден, барајќи со вера и сесрдност само она што во тој момент му треба. {4C 315.1}

На нашите проповедници им е неопходно обратување; во спротивно, црквите подигнати со таква работа нема да можат да опстанат, бидејќи не се вкоренети во вистината. Верниот Христов проповедник не го избегнува товарот на одговорност и никогаш не копнее да биде популарен. Христијанскиот проповедник никогаш не излегува на катедра, а претходно да не го бара Господа во тајна молитва и да воспостави тесна врска со Него. Пред да прозбори на насобраните, тој треба да ја изгаси жедта на својата душа, во понизност и молитва, на изворот на Божјата благодат. Помазан со Светиот Дух и притиснат од чувството на одговорност за душите, тој никогаш не пропушта на насобраните да им укаже на Христа како единствено засолниште и надеж за грешникот и најсесрдно да им упати повик со кој ќе допре до нивните срца. На своите слушатели, тој треба да им се обраќа толку сесрдно како на овој свет никогаш повеќе да нема да се сретне со нив. {4C 315.2}

Учителот кој го повикал и избрал, и кој ги познава срцата на сите луѓе, ќе му даде учен јазик да проговори соодветен збор во вистинско време и со сила. А оние кои ќе се осведочат за својата грешност и ќе се воодушеват од Христа, Кој е Патот, Вистината и Животот, ќе бидат толку обземени со тоа, така што воопшто нема ниту да стигнат да ги фалат и издигнуваат способностите на проповедникот. Над секое човечко орудие ќе се издигнува само Христос и Неговата љубов, а човекот ќе биде потполно изгубен од вид. Многумина кои всушност не се обратени во Христа, се обратени во проповедникот. Ние се чудиме на заспаноста кое ги затапува духовните сетила и гледаме недостаток на животна сила. Се упатуваат безживотни молитви и се држат проповеди кои морално не издигнуваат и духовно не ги зајакнуваат слушателите. Секој Христов проповедник треба сериозно да се запраша што е причина за тоа. {4C 316.1}

На своите браќа Колосјани, апостол Павле им вели: „Како што дознавте од Епафрас, нашиот љубезен соработник во службата, кој за вас е верен Христов слуга, кој ни ја јави вашата љубов во Духот". (Не непосветена љубов кон вештината, способноста и ораторството на проповедникот, туку љубов родена од Божјиот Дух која Неговиот слуга ја покажува со своите зборови и карактер). „Поради тоа и ние од оној ден кога слушнавме, не престануваме да се молиме за вас на Бога и да бараме да се исполните со познавање на Неговата волја во секоја премудрост и во духовен разум, да живеете пристојно и да Му угодите на Бога и во секое добро дело да бидете плодни, и да растете во Божјото познавање, зајакнувајќи со сета сила со силата на Неговата слава и во секое трпение и со радост; благодарејќи Му на Бога и на Таткото Кој нè направи сонаследници на светиите во светлината". {4C 316.2}

Проповедниците кои работат на ширење на вистината во помали или поголеми градови не треба да бидат задоволни со својата работа сè додека оние кои ја прифатиле теоријата на вистината не го сфатат нејзиното посветувачко делување и додека не бидат вистински обратени. Кога со нивната работа вистински би се обратиле барем шест души, тоа во Божјите очи би било подобро отколку шеесет од нив да ја прифатат вистината само на зборови, а притоа да останат необратени во срцето. Овие проповедници треба помалку од своето време да поминуваат во држење на проповеди, а повеќе сила и време да посветат на посетување на заинтересирани, поучувајќи ги во духот на побожност, за на крајот да можат „да го прикажат секој човек совршен во Исуса Христа". {4C 317.1}

Божјата љубов треба секогаш да живее во срцето на учителот на вистината. Длабоката и сесрдна Христова љубов тој може да ја пренесува на други само ако неговото срце е исполнето со таа љубов. Сите кои ќе ја прифатат вистината, проповедниците мораат да ги учат со својот живот да донесуваат и плод на слава на Божјото име, секој ден да покажат подготвеност на самопожртвување, да се откажат од многу нешта кои некогаш ги сакале, и да се нафатат на многу должности кои им изгледаат многу непријатни. Деловните интереси, популарноста во друштвото и удобностите, честа и угледот - накратко, сè што имаме, треба да се потчинат на повисоките и од сè поважни Христови барања. Проповедниците на кои им недостига животворна побожност, кои поттикнуваат интерес, па потоа го оставаат делото недовршено, значително ја отежнуваат работата на другите кои доаѓаат по нив да го продолжат делото оставено во таква состојба. Овие луѓе ќе бидат проверувани, и ако и по неколку тестови не бидат посовесни во извршување на своите должности, ќе бидат отфрлени како оние неверни стражари кои само ѝ пречат на земјата. {4C 317.2}

На Бога не му е по волја за учители на другите да се земаат оние кои за тоа не се подготвиле со трудољубиви поуки и кои со постојано учење не се оспособуваат секоја точка на сегашната вистина да ја прикажат на разумен и прифатлив начин. Паралелно со запознавањето на теоријата, тие треба постојано да стекнуваат поцелосна претстава за Христа. Познавањето на правилата и постојаното проучување претставуваат неопходност; но проповедникот со тоа треба да комбинира и сесрдни молитви, за да остане верен и на поставен темел да не гради дрво, сено и слама - материјали кои ќе ги проголта огнот на последниот ден. Молитвата и проучувањето секогаш треба да одат заедно. Фактот дека некој проповедник го фалат и издигнуваат не е никаков доказ дека зборувал под влијание на Светиот Дух. {4C 317.3}

Премногу често се случува младите во верата, ако не се чуваат, повеќе да ја подаруваат својата љубов на проповедникот отколку на Откупителот. Сметајќи дека

проповедникот со своето залагање донел голем благослов, дека поседува најголеми дарови и доблести и дека никој не му е рамен, тие придаваат претерано значење на еден човек и на неговите заслуги. Во својата неограничена доверба склони се од човекот да направат идол и во него да гледаат повеќе отколку во Бога. Правејќи така, тие не му угодуваат на Бога ниту напредуваат во благодатта. Тоа е многу штетно и за самиот проповедник, особено ако е млад и има изгледи да се развива во успешен слуга на евангелието. {4C 318.1}

На овие учители, ако навистина се повикани од Бога, Тој ќе им стави Свои зборови во нивните усни. Нивниот начин на излагање може да биде несовршен и да бара многу поправки, но кога пренесуваат зборови на вдахновение, силата не е од човекот туку од Бога. Иако проповедникот треба да се цени, сака и почитува поради неговиот труд и затоа што како Божји слуга им ја пренесува на грешниците пораката на Неговата милост, славата и љубовта на нашето срце на прво место му припаѓаат на Дародавецот на сè. Човекот кој се поставува помеѓу Бога и народот често го фрла во сенка и самиот Божји Син. Така се издигнува и слави човекот, додека народот едвај го прифаќа Исуса, Кој со драгоцените и блескави зраци на Својата слава треба да фрли во сенка сè друго. {4C 318.2}

Христовиот проповедник, кој е исполнет со Духот и љубовта на Својот Учител, прави сè што е во негова моќ за пред светот појасно да го прикаже карактерот на небесниот Татко и Неговиот љубен Син. Тој се труди неговите слушатели да стекнат разумна претстава за Божјиот карактер, за славата на Неговото име да биде призната и ценета на земјата. Човекот не е во потполност обратен сè додека во неговото срце не се роди желба и на другите да им стави до знаење каков драгоцен пријател нашол во Христа; спасоносната и посветувачка вистина не може да остане себично сокриена во срцето. Христовиот Дух кој ја осветлува душата во Божјата реч е прикажан како светлина која ја расчистува темнината, како сол која спречува расипување и како квасец чија моќ на преобразување делува скриено и невидливо за човечките очи. {4C 318.3}

Оние кои Христос ги поврзал со себе ќе прават сè што е во нивна моќ, залагајќи се трудољубиво и истрајно за спасување на оние кои пропаѓаат, како што правел и Тој. Ќе се трудат да допрат до срцата на таквите со сесрдни и силни молитви и лични напори. Оние кои навистина се обратени и кои наоѓаат радост во одржување на постојана врска со Бога едноставно не е можно да ги занемарат животните интереси на душите кои пропаѓаат далеку од Христа. {4C 319.1}

Проповедникот не треба и не може сè да направи сам, туку треба да ги повика на соработка и останатите кои ја прифатиле вистината. На тој начин тој подготвува други да работат кога тој не е тука. Со својата активност членовите придонесуваат за постојан раст и умножување на своите цркви. Во настојување да им помогнат на другите тие секогаш наоѓаат нов поттик и правејќи така и самите стануваат зајакнати и охрабрени. {4C 319.2}

Читав за еден човек кој, патувајќи зимно време низ длабоките снежни наноси, речиси се вкочанил од студот кој речиси незабележливо ги уништувал неговите животни сили. И кога речиси замрзнат, во прегратката на ледената стихија веќе се откажувал од борбата за живот, слушнал лелекање на еден сопатник кој умирал од студ како што ќе умрел и тој за некој момент. Во него се пробудило човечко сочувство и решителност да го спаси човекот. Ги масирал замрзнатите нозе на несреќниот човек и со големи напори успеал да го подигне на нозе. Меѓутоа, бидејќи овој не можел да се држи на нозе, го носел низ оние исти снежни наноси преку кои, по сопствено мислење,

ниту сам не би можел да ги помине. И дури кога го спасил својот сопатник, ја сфатил вистината дека спасувајќи го ближниот, се спасил и самиот себе. Неговите ревни напори да го спаси другиот го забрзале струењето на крвта која веќе мрзнела во неговите вени и создале спасоносна топлина во неговите раце и нозе и во целиот негов организам. {4C 319.3}

Овие поуки треба постојано да се предочуваат на младите работници, не само со зборови туку и со пример, за да можат во својот христијански живот да остварат слични резултати. Оние кои мислат дека патот кон вечниот живот е напорен и многу тежок, неодложно нека тргнат на работа со желба да им помогнат на другите. Во таквите напори, проследени со сесрдни молитви за божествена светлина, срцата поживо ќе им зачукаат под освежувачкото влијание на Божјата благодат; жарот на божествената ревност ќе ги распламти нивните чувства и целиот нивен христијански живот ќе биде посесрден и попобожен. {4C 320.1}

Христовиот проповедник треба да биде човек од молитва и вистинска побожност; ведро расположен, но никогаш груб и суров, несериозен, склон кон шеги или површен. Духот на несериозност можеби одговара на животниот повик на паљачо или театарски актер, но е под достоинството на човекот кој е од Бога повикан како Негов гласник да стои меѓу живите и мртвите. {4C 320.2}

Ангелите во небесните книги секој ден верно запишуваат сè што работат проповедниците. Како духовно просветени луѓе, вие давате морално обележје на карактерот на сите оние со кои доаѓате во допир. Како верни проповедници на евангелието, морате да ги вложите сите свои умни и морални сили за да бидете потполно успешни во својот животен повик и секој (кој навистина тоа го сака) да го покажете совршен во Исуса Христа. За да го постигнете тоа, морате да бидете посесрдни и истрајни во молитвата. Проповедниците на евангелието мораат во потполност да се потчинат на онаа сила која направила такви чуда за скромните и неуки галилејски рибари. {4C 320.3}

За верно и совесно да ги исполнувате значајните должности кои ви се доверени, неопходни ви се и морални и умни сили, но и на оние кои ги поседуваат, во голема мера може да им недостига дух на вистинска побожност. Помазанието со Свет Дух е суштински важно и неопходно за успех во големото дело што ви е доверено. „Без мене", вели Христос, „не можете да правите ништо". Но благодарение на Неговата сила можете да постигнете сè што се очекува од вас. {4C 320.4}

---

28. ЉУБОВ КОН ЗАБЛУДЕНИТЕ

Драги брате А, изутрина станав рано да ти го напишам ова. Неодамна ми е дадена дополнителна светлина за која се чувствувам одговорна. Од кога сум во оваа држава, Господ двапати ми се јави. Додека навечер клечев на молитва, во визија ми беа покажани многу поединости во врска со Божјото дело, како што се: општата состојба во црквата, ситуацијата во колеџот, во санаториумот, во издавачките куќи во Батл Крик, Божјото дело во Европа, во Орегон и Тексас и на други полиња. Многу е важно делото во новите полиња да започне правилно, да го носи печатот на божественото одобрување. На многумина во тие нови полиња им се заканува опасност формално да

ја прифатат вистината, а во срцето да останат необратени. Кога ќе наидат бури и ветрови на искушенијата, ќе се покаже дека зградата на нивниот карактер не е градена на карпа, туку на песок. Проповедникот мора да биде човек со практична побожност и тоа треба да се одразува и развива во неговиот секојдневен живот и карактер. Неговите проповеди не треба да бидат исклучиво теоретски. {4C 321.1}

Покажани ми се извесни факти кои не се поволни за напредок на делото во државата Тексас. Браќата Б и нивните семејства досега не претставувале благослов ниту помош за Божјото дело во ниту едно место. Нивното влијание, според она што ми беше покажано, не претставува сладок мирис. Тие не можат да го подигнат Божјото дело бидејќи им недостигаат основни особини кои би ги направиле соодветни за да шират благотворно влијание во корист на сегашната вистина. Ако имаше Божји Дух, не би бил до таа мера лишен од здраво расудување, особено по свесното предупредување од страна на оние во кои би требало да имаш доверба. Дозволи да бидеш заведен со слатки зборови. Тие браќа не се сите исти, но сите имаат карактерни недостатоци. Со постојано стражење над себе и со сесрдна молитва на Бога тие би можеле да го држат сопственото „јас" во граници на дозволеното. Преку Христовата благодат тие би можеле да изградат христијански карактер и морално да се оспособат за средба со својот Господ кога Тој ќе се појави; но некои позначајни одговорности Бог нема да им довери, бидејќи на тој начин душите би биле изложени на опасност. Тие луѓе не се соодветни да го водат Божјото стадо. Токму во моментот кога најмногу треба да бидат скромни и ненаметливи, кога нивните зборови треба да бидат добро бирани, до израз доаѓаат природните црти на нивниот карактер кои се длабоко вткаени во сè што тие прават и зборуваат и на Божјото дело му се нанесува штета и срам. {4C 321.2}

На тебе и на брат Ц им недостасува способност на вистинско распознавање. Имавте премногу доверба во способноста на тие луѓе. Еден брод може да биде беспрекорен речиси во секој поглед; но ако има само еден недостаток - ако црв почнал да нагризува некоја греда само на едно место - животот на сите кои се наоѓаат на тој брод е изложен на опасност. Исто така, најслабата алка во еден синџир ги прави безвредни и сите останати, колку и да се тие јаки и сигурни. Поединци кои поседуваат истакнати способности можат поради извесни карактерни недостатоци да бидат потполно несоодветни за да им се довери Божјото дело. Меѓутоа, на овие луѓе им недостасува речиси сè што го сочинува христијанскиот карактер. Нивниот пример не е достоен за помен. {4C 322.1}

Мораш во многу нешта да се поправиш, брате мој, за да може твојата работа да биде таква каква што може и треба да биде. Твоето расудување е замрачено. Наклонетоста и дружењето со оние чиј карактер е обликуван на духовно пониско ниво нема да те издигне и облагороди, туку како р'ѓа ќе го нагризува твојот дух, уништувајќи ја твојата корисност и одвојувајќи те сè повеќе од Бога. Ти по природа си избувлив. Не чувствуваш товар на одговорност ниту за своите домашни работи ниту за Божјото дело и ако не си постојано под влијание на Божјиот Дух кој облагородува и издигнува, се наоѓаш во опасност да станеш премногу груб во своите манири. За правилно да го покажеш Христовиот карактер, мораш да бидеш подуховен и потесно поврзан со Бога во големото дело кое го прифати. За навистина да бидеш Христов соработник, твоите мисли мораат да бидат повозвишени, а твоето срце во потполност посветено Нему. „Очистете се вие кои ги носите Господовите садови". {4C 322.2}

Божјото дело во Тексас денес би било на многу повисоко ниво ако браќата Б не учествуваа во него. Можеби еднаш ќе наведам и повеќе причини зошто е тоа така, но

засега сè уште не. Доволно е да се каже дека тие луѓе не се исправни пред Бога. Чувствувајќи се задоволни со себе и способни за речиси секој повик, тие не вложувале никакви напори да ги искоренат негативните црти на својот карактер кои ги наследиле од раѓање, но кои со воспитување, вежба и дисциплина можат да се победат. Тие до извесна мера се поправиле во тој поглед, но мерени на божествените мерила сè уште би се нашле лесни. {4C 322.3}

На страниците на Светите Списи наидуваме на вистинско изобилство на начела за создавање на исправни животни навики, а сведоштвата -и од општ и од личен карактер - имаат цел што повеќе да ги истакнат тие начела; но сето тоа не оставило доволно длабок впечаток на срцата и умот на овие луѓе за да сфатат колку им е неопходна одлучна реформа. Ако, имајќи правилна претстава за себе, сфатиле колку не се слични на Оној Кој претставува наш совршен Пример, тие би се бореле за вера која работи преку љубов и ја чисти душата. Со исклучок на браќата А Б, овие луѓе по својата природа се самоволни, диктаторски настроени и полни со себе. Тие другите никогаш не ги сметаат подобри од себе. Завидливи се и љубоморни на секој член на црквата кој, според нивно мислење, е ценет повеќе од нив. Тие се прикажуваат многу совесни; но во постапувањето со оние за кои претпоставуваат дека другите ги сметаат подобри од нив, тие често „цедат комарец, а проголтуваат камила". Се фаќаат за најмали ситници и претресуваат најбезначајни поединости толкувајќи ги зборовите и постапките на другите онака како што самите ќе ги исконструираат. Ова посебно важи за овие двајца браќа. {4C 323.1}

Овие луѓе, а особено А Б, се слободни и вешти говорници. Со лесен начин на изразување и со способност да зборуваат толку убедливо и да оставаат толку неодолив впечаток дека се потполно искрени и дека многу им е грижа за интересот на Божјото дело, тие просто го засенуваат умот на оние кои ги слушаат. Срцето ме боли од тага додека го пишувам ова, бидејќи знам какво влијание шири ова семејство. Немав намера повторно да зборувам за овие луѓе, но сето тоа ми е покажано на толку сериозен начин, така што просто бев принудена ова да го напишам. Ако проповедниците кои тврдат дека се во заедница со Бога не се во состојба да го увидат влијанието на овие луѓе, тие не се достојни да се наречат учители на Божјата вистина. Кога овие луѓе би го прифатиле советот да останат таму каде што се, не обидувајќи се да учат и водат други, јас би молчела, но кога гледам дека го загрозуваат Божјото дело, не можам да молчам. {4C 323.2}

Не треба да се дозволи овие луѓе да бидат сите на исто место и да го претставуваат водството на црквата. Тие не покажуваат сочувство, љубов и благородност ниту во меѓусебните односи, туку во завист и љубомора постојано се расправаат еден со друг. Нежноста не е нивна особина. Љубовта, благородноста и христијанската понизност не сочинуваат дел од нивното искуство. На Бога не му е по волја такви елементи да постојат во црквата. Ако не се обратат, таквите никогаш нема да го видат небесното царство. Тие се повеќе склони да рушат, да пронаоѓаат мани и недостатоци кај другите отколку да ги исперат облеките на сопствениот карактер од нечистотијата на гревот и да ги обелат во крвта на Јагнето. {4C 324.1}

Сега морам да преминам на најмрачниот дел од сето ова - на она што се однесува на братот Д. Господ во визија ми покажа едно истражување во кое брат Ц и ти одиграvте голема улога. Двајцата го ожалостивте Бога. Она што го видов и слушнав ми зададе голема болка и тага. Такво неразумно и безбожно однесување какво што покажавте во тоа истражување можеше и да се очекува од братот Б; но на свое големо изненадување

видов дека и такви луѓе како што е братот Ц, па и ти самиот, учествуваат во тоа срамно и пристрасно истражување. {4C 324.2}

На братот Ц, кој во улога на законик поставуваше прашања и сите поединости ги разобличуваше во најлоша светлина, би му рекла дека за никакво богатство на светот не би се согласила да се нафатам на таква задача. Бевте измамени и потполно заведени од туѓиот дух кој нема ниту најмала милост ниту било каква почит. Зависта, љубомората, лошите претпоставки и сомнежи од најлош вид доминираа во таа прилика. {4C 324.3}

Можеби ќе заклучиш дека сум престрога, но навистина не можам да бидам поостра отколку што таквото постапување заслужува. Дали осудувајќи го недолжниот човек помисливте дека Бог е ист таков како и вие? Состојбата во која се наоѓа брат Д по ова е последица на ставот кој го заземавте во таа прилика. Ако во таа прилика покажевте честитост и сочувство, тој сега би стоел на страна на вистината залагајќи се за неа во понизност и кротост на својот дух. Брат Д не е некој вешт говорник, така што ласкавите и вешто изговорени зборови на братот А Б изговорени во привидна искреност и непристрасност, имаа успех. Во постапувањето со еден слеп човек требало да се покаже милосрдие, нежност и сожалување; меѓутоа, наместо тоа, тој е прикажан во најнеповолна светлина. Бог сето тоа го видел, и нема да ослободи од одговорност и вина ниту еден од вас кои учествувавте во тоа нечесно истражување. Тоа за тебе брате А, нема да изгледа толку интересно како кога седеше и му судеше на еден слеп брат. Треба да извлечеш поука од овој настан и да не ги слушаш оние кои ти сугерираат предрасуди токму против оние кои, според Божја намера, треба да ги помагаш, сожалуваш и храбриш. {4C 325.1}

Ни ти, ни брат Ц не ги увидовте недостатоците на браќата Б; не ги препознавте спротивните карактерни особини на братот Д. Меѓутоа, неговото влијание, посветено од Божјиот Дух, би можело да му користи на делото десет пати повеќе отколку влијанието на браќата Б. Направивте голема неправда на братот Д; и јас ве советувам таа грешка да ја поправите и да се покаете во исто толку искрен дух како што ја направивте. Ве преколнувам во Христово име да не се поведувате по ничие влијание и да ги затворите своите уши за озборување и клевети. Не дозволувајте било кој да става свои зборови во вашите усни. Товарот на одговорност за своето дело, нека го става на вас сам Господ, а не непосветени луѓе. {4C 325.2}

На брат Ц му недостига благотворното влијание на Божјиот Дух кој ја облагородува и воздигнува душата. Тоа треба да се почувствува и во неговото семејство. „Љубовта да не биде лажна”. Заповедничкиот, диктаторски и непомирлив дух, како и секаква пакост и злоба, прво треба да исчезнат од неговиот дом, за таков дух да не се внесува во црквата. Ако за извесно време колку-толку ја ублажи својата природа, тоа ќе се види во неговиот начин на постапување; но ако се случи спротивното, тоа исто така ќе се види според неговото постапување. Тој не се увежбува во самосовладувањето и во самодисциплинирањето. Таму каде што братот Д има еден недостаток, оние кои го судат и го прогласуваат виновен имаат секој по десет. {4C 325.3}

Брате А, зошто ти одлучно не се заложи за братот на кој му е направена неправда? Зошто немаше подготвеност на взаемно попуштање? Зошто не го подигна својот глас во одбрана на обвинетиот, како што тоа го направи нашиот Спасител, велејќи: „Кој меѓу вас е без грев, прв нека фрли камен”. Направи страшна грешка која може да биде причина за пропаст на повеќе од една душа, без оглед на тоа што ти учествуваше во тоа во незнаење. Ако во сожалување и сочувство изговори барем еден олеснувачки збор во прилог на брат Д, тоа ќе беше запишано во твоја корист на небото. Но правејќи го тоа

што има свои последици и сега и во вечноста, не беше свесен за својата постапка повеќе од оние кои го осудиле Христа; ти го осуди својот Спасител во лицето на еден од Неговите светии. „Кога му направивте на еден од овие најмали браќа, Мене ми направивте". Исус секогаш најодлучно и најостро го осудувал лицемерието, додека со задоволство ги прифаќал и најтешките грешници кои би Му пристапиле во искрено каење; им простувал и ги тешел. {4C 326.1}

Зар мислеше дека брат Д ќе се согласи да ја прифати неправдата како правда, а правдата како неправда само затоа што така сакаат неговите браќа? Тој беше болен и нервозен. Сè му изгледаше мрачно и неизвесно. Губејќи ја довербата и во тебе и во брат Ц, на кого можеше да се потпре? Против него се изнесувани обвинувања и искажувани осуди една по друга, сè додека не стана потполно збунет, растроен и очаен. Оние кои го доведоа во ваква состојба направија многу поголем грев. {4C 326.2}

Каде е тука сочувството, дури и врз основа на најобична хуманост? Според општо прифатеното правило, дури ниту луѓето на овој свет не би биле толку бесчувствителни и до таа мера лишени од милосрдие и учтивост. Тие би имале повеќе сочувство кон еден таков човек барем поради неговата беспомошност, сметајќи дека има право на најнежно разбирање и човечка љубов. Меѓутоа, овде е во прашање еден слеп човек, брат во Христа, а неколку негови браќа го испитувале како негови судии. {4C 326.3}

Повеќе од еднаш во текот на таа истрага, додека го бркавте братот како зајак во смрт, вие се смеевте. Тука седеше и брат Ц, кој по својата природа е толку нежен и сочувствителен, така што ги обвинува своите браќа што ловат и сурово убиваат птици или дивеч, додека овде е во прашање еден слеп човек кој е многу поважен од птиците, како што човекот создаден според Божјото обличје вреди во Неговите очи многу повеќе од немите животни. Ако на тој ваш собир можеше да се слушне гласот на Оној Кој зборува како што човек никогаш не зборувал, Тој би ви рекол: „Вие цедите комарци, а проголтувате камила". {4C 327.1}

Оној кој има толку сочувство кон птиците требало да покаже многу повеќе внимание, сочувство и љубов кон Христа во лицето на еден од Неговите верници. Но вие бевте потполно заслепени. Брат Б подготвено одржа лукаво подготвен говор, додека брат Д не беше подготвен да се брани. Тој не знаеше да ги изрази своите мисли толку вешто за да го остави саканиот впечаток и беше премногу изненаден за да може да се снајде во таква ситуација. Настроени критики, непомирливо и исклучително остро во својство на законици, браќата доведоа во многу тешка положба еден слеп човек. Бог го виде сето тоа и пред Него е запишано сè што е направено тој ден. Овие луѓе, вешти да подигнат прав и да ја зголемат вината на осомничениот, видно ликувале, додека слепиот брат, погрешно прикажан, чувствувал како потполно му исчезнува тлото под нозете. Неговата доверба во луѓето кои ги сметал за Христови претставници, беше страшно поколебана. Тоа за него беше тежок удар кој и духовно и физички речиси потполно го уништи. Сите оние кои учествуваа во оваа постапка би требало да почувствуваат голема грижа на совеста и да се покаат пред Бога. {4C 327.2}

Брат Д греши што не издржа под товарот на тие осуди и незаслужени критики, кој требаше да падне на други, а не на него. Тој го сакаше Божјото дело со сето срце, и Бог покажа посебна грижа за него како слеп човек, подарувајќи му материјален успех, но токму тоа ја предизвика завист кај неговите браќа. Бог кон него како кон слеп човек покажал чувство на љубов и наклонетост во срцата на неверниците. Брат Б со својата христијанска благородност успевал да живее во мир дури и со своите непријатели кои не се во верата. Бог, како нежен Татко, го израмнил неговиот животен пат, и требало да

остане доследен на своето познавање на вистината служејќи Му на Бога со сето срце, без оглед на критикувањата, зависта и лажните обвинувања. Меѓутоа, твојата постапка кон него, брате А, му го зададе последниот удар. Сепак, не требаше да ја губи својата доверба во Бога, иако и проповедниците и членовите заземале таков став кон него, така што тој во тоа навистина не можел да види никаква правда. Утврден на Вечната Карпа, требало да остане цврст во начелото и верен на вистината без оглед на околностите. О, колку е неопходно брат Д да се држи поцврсто за рацете на Оној Кој може да го спаси! {4C 327.3}

Сета корисност и големина на овој живот произлегуваат од поврзаноста на душите со небото и идниот живот на бесмртност. Со Својата сигурна и семоќна рака Бог ја прифаќа секоја душа која ќе Му се обрати за помош, колку и да е таа душа слаба и беспомошна. Сите богатства на овој свет можат да пропаднат, но душата која живее за Бога, која не се колеба кога е изложена на ударите на напад и осуда, ниту се изопачува кога е пофалена, ќе остане засекогаш со Него. Златните порти на Божјиот град ќе се отворат само пред оној кој уште на оваа Земја научил да бара од Бога водство и милост, утеха и надеж во секоја неволја, па дури и тогаш кога изгледа дека сè е изгубено. Таквиот ангелите ќе го поздравуваат со песни на добредојде, а дрвото на живот ќе донесува и за него свои плодови. {4C 328.1}

Брат Д попушти таму каде што требаше да излезе како победник. Но Бог сè уште гледа со сожалување на него. Иако човечкото сочувство затаило, Бог сè уште не престанал да му ја укажува Својата љубов и милост и Тој му ја пружа раката на Својата помош. Само ако прифати да остане понизен и кроток во срцето, тој сè уште може да ја подигне својата глава и да застане со своите нозе цврсто на Вечната Карпа. „Ако и горите се поместат, пак Мојата милост нема да се оддалечи од тебе и заветот на Мојот мир нема да се поколеба, вели Господ, Кој ти е милостив”. {4C 328.2}

Какви и да се неволите што нè снаоѓаат, никој од нас нема изговор поради тоа да ја губи довербата во Бога. Тој е извор на нашата сила, наше засолниште во секоја неволја. Секогаш кога ќе побараме помош, Тој со задоволство ќе ја испружи Својата моќна рака за да нè спаси. Брате Д, имај на ум дека на небото имаш Татко кој секогаш се грижи за тебе, и затоа можеш да се надеваш и да се радуваш ако сите земни пријатели те напуштат. Јас те преколнувам да не престанеш да Му служиш на Бога затоа што некои луѓе неправедно те осудија, туку без одложување посвети Му се Нему и служи Му со сите сили на своето битие. Бог те љуби и ти љуби го Него; твоите постапки нека бидат во склад со твојата вера, без оглед на тоа како луѓето постапуваат со тебе. Твоите непријатели можат да го користат твојот сегашен став како доказ дека биле во право кога те осудија. Ти постапи брзоплето и непромислено. Потполно резигниран во душата, ти се чинеше дека си премногу тешко ранет за да можеш да се опоравиш. Оние кои толку немилосрдно те прогонуваа беа во својот живот и карактер далеку од беспрекороност. Кога Бог, поради нивната несовршеност и грев, би постапувал со нив како што тие постапуваа со тебе, одамна би ги уништил. Но, Бог во Својата милост не постапува со нив според нивните гревови. {4C 328.3}

Бог не те оставил брате Д, и би требало да Му бидеш благодарен за Неговото милостиво постапување со тебе, без оглед на тоа што тие луѓе покажаа толку малку нежност и чувство на најобична хуманост. Твоја предност е, брате Д, да најдеш засолниште во Христа од сите лоши јазици, чувствувајќи дека тој непресушен извор на благодарност, задоволство и мир постојано ти е достапен. Ниту сите богатства на овој свет за тебе не би претставувале такво богатство како што е предноста што се наоѓаш

на страната на правдата и непречено да се напојуваш од изворот на спасението. {4C 329.1}

Зар Бог не направи и за тебе сè, брате мој, давајќи го на смрт Својот Син? Зар во тој Дар не дал и сè друго? Зар ќе се покажеш неверен кон Бога само затоа што луѓето те изневериле? Љубовта која ја поврзува мајката за нејзиното болно дете е посилна од смртта' сепак Господ вели дека дури и мајката може да го заборави своето чедо. „Па и да го заборави, Јас нема да те заборавам тебе". Не; ниту една душа која се надева во Него нема да биде заборавена. Бог со најнежна загриженост води грижа за Своите деца на овој свет и пред Него се води „Книга за спомен", за никогаш да не ги изгуби од вид. {4C 329.2}

Секоја човечка врска може да исчезне,
Пријателството може да изневери,
Мајката може да го отфрли своето чедо,
И земјата и небото ќе поминат.
Но Божјата љубов не се менува! {4C 330.1}

Ако членовите на црквата ги прифатиле напорите на братот и сестрата Д, тоа би претставувало драгоцена помош за црквата, доведувајќи до подобро разбирање во нејзините редови. Но зависта, сомнежот и љубомората ги оддалечиле од црквата. За нив би било многу подобро уште порано да го напуштеле местото во кое имале толку неволи. {4C 330.2}

Салем, Орегон,
8 јули, 1878.

---

29. БОЖЈОТО ДЕЛО ВО ДРЖАВАТА ТЕКСАС

Бог ми откри многу поединости во поглед на сатанското делување во Тексас и нехристијанско однесување на некои кои отишле таму од Мичиген. Покажано ми е дека браќата Б не го прифатиле во срцата сведоштвото кое им беше упатено. Тие имаат повеќе доверба во своето лично мислење отколку во списите на Духот на пророштвото и сметаат дека светлината дадена во тие Сведоштва не потекнува од небото туку од извештајот кој други му го пренеле за нив. Тоа не е точно. Но јас го поставувам прашањето: Зар тие извештаи се неосновани? Зар и самата историја за нивниот живот не ги осудува нивните постапки? {4C 330.3}

Ниту еден член од ова семејство го нема она искуство во верата кое би ги оквалификувало за некоја водечка улога во поучување на другите во вистината. „Очистете се вие кои ги носите Господовите садови", нагласил Божјиот ангел. „Вие не сте од Бога избрани садови и не можете да имате никаков удел во Неговото свето дело. Вие расипувате и во делото внесувате р'ѓа, а не чистота и благослов". Вие, браќа Б, во поглед на христијанскиот живот секогаш бевте на ниско ниво. Углед уживавте само извесно време, додека не ве познаваа. Кога еднаш го стекнавте, не бевте веќе толку внимателни и се раководевте според природните склоности на своето срце, сè додека оние кои навистина ја љубат вистината не увидоа дека претставувате голема препрека

за напредокот на Божјото дело. Ова не се лоши нагаѓања и претпоставки, туку постоечки факти. {4C 330.4}

Со постојаната подготвеност да манифестирате добрина, почит, благородност, љубов и великодушност дури и кон злите луѓе, би можеле навистина успешно да Му служите на Христа. Кога во вас навистина би престојувал Христовиот Дух, тоа би се видело во вашите зборови и постапки, па дури и во изразот на вашето лице. Вашите разговори би одразувале понизност, а не горделивост и фалење. Не би копнееле толку да се издигнувате и величате себеси. Понизноста е христијанска особина која ви е непозната. Склони сте да копнеете по превласт и настојувате својата моќ и супериорност да ги покажете во владеење и постојано наредување на другите. Ова посебно се покажува во однесувањето на А Б. Тој и неговата сопруга со своето влијание ниту малку не придонесуваат за морален и духовен углед на Божјото дело. Колку повеќе ќе се ограничи сферата на нивното влијание во Божјото дело, толку подобро ќе биде тоа за самото дело. Ова не се однесува само на брат А Б туку и на останатите негови браќа, па затоа светот и членовите на црквата со полно право зборуваат дека нивното исповедање на верата е залудно. Тие се необратени, склони кон сплеткарење и подготвени во сè што ќе се нафатат да гледаат само личен интерес. Груби се, строги кон оние со кои доаѓаат во допир, завидливи, љубоморни и горделиви. {4C 331.1}

Оние кои ја прикажуваат вистината на таков начин претставуваат огромна препрека за спасување на другите. Ако во нивниот живот не дојде до промена, тогаш би било подобро никогаш да не ја прифателе вистината. Нивниот ум е повеќе под контрола на сатаната отколку под влијание на Божјиот Дух. Сопругата на братот А Б по природа е добродушна, но на формирање на нејзиниот карактер пресудно влијае нејзиниот сопруг. Таа е лесноумна и со својот јазик често потпалува пеколен оган, кој подоцна е невозможно да се изгаси. „Во многу зборови", вели Соломон, „не недостасува гревот". Ова е несомнена вистина токму во нејзиниот случај. Пренесувајќи лажни изјави на другите и тоа уште преувеличани, таа постојано ја престапува Божјата заповед, додека во исто време тврди дека го држи Неговиот закон. Таа нема намера да прави зло, но нејзиното срце не е посветено со вистината. {4C 331.2}

Иако брате Б, со задоволство се впуштате во расправи со другите по прашањата на нашата вера, вие кон она што навистина го сочинува христијанството сите без исклучок сте нечувствителни. Вие дури и не насетувате во каква опасна положба се наоѓате. Таа рамнодушност вие ја пренесувате и на другите во црквата кои ја исповедаат верата во Христа, но, како и вие, се откажуваат од Него со своите дела. На патот на нетрудољубивост по кој упорно продолжувате, вие наведувате и други. Божјата реч вели дека без потполна посветеност никој нема да го види Господа. Исус умрел за да нè откупи од секое беззаконие и за да подготви за Себе избран народ кој копнее по добри дела. {4C 332.1}

„Зашто се покажа Божјата благодат која ги спасува сите луѓе, учејќи нè да се откажеме од безбожноста и желбите на овој свет и чесно, праведно и побожно да живееме на овој свет". „Бидете совршени", вели Христос, „како што е совршен вашиот небесен Татко". Што значат вашите молитви додека беззаконието ви е во срцето? Ако не извршите одлучна промена во својот живот, набргу укорите ќе ви станат тешки и досадни, како и на Израелевите синови и ќе се оддалечите од Бога како и тие. Некои од вас примаат укор само на зборови, но тоа не го признаваат во своето срце. Продолжувајќи по ист пат вие станувате сè помалку подложни на влијанието на Светиот Дух, сè повеќе заслепени, и ќе имате сè помалку мудрост, самосовладување, морална

сила и ревност за верско искуство. И ако не се обратите, конечно ќе престанете да се потпирате на Бога. Кога ви е упатен укор, вие не сте подготвени да извршите одлучна промена во својот живот, бидејќи не ги увидувате недостатоците на својот карактер и големата спротивност помеѓу својот и Христовиот живот. Главна цел ви е секогаш да бидете во позиција каде нема во потполност да ја изгубите довербата на своите браќа. {4C 332.2}

Покажано ми е дека духовната состојба на црквата во _____ е многу жална. Твоето влијание, брате А Б, како и влијанието на твојата сопруга доведува, како што можеш да видиш и самиот, само до неслога и постојани судири и ќе се покаже разрушувачко за црквата, ако не се обратите или не го промените местото на престој. Имате следбеници затоа што сите не ве гледаат онака како ве гледа Бог. Со својата способност за говорништво и ласкање вие ја изопачивте нивната моќ на забележување. Ова е навистина тажно и многу обесхрабрувачко.Покажано ми е дека што се однесува до говорничките способности на брат А Б, тој има способности да раководи со состаноците; но ако се мери според моралните вредности, тој се покажува лесен. Тој во срцето не е исправен пред Бога. Луѓето кои доаѓаат на одговорни положби во црквата, во него и во неговата сопруга имаат постојана опозиција. Овој непосветен дух не се манифестира отворено, туку потајно настојува да ги збуни, спречи и обесхрабри оние кои искрено се залагаат да направат најдобро што можат. Бог го гледа сето тоа, и секој праведно ќе прими заслужена награда кога ќе дојде време за тоа. Да се владее или пак да се руши - тоа е политика на овој брат, а и неговата сопруга сега не е ништо подобра од него. Нејзината претстава за вистината е изопачена и таа не е исправна пред Бога. {4C 333.1}

Брате А Б, записите за тажната историја на твојот живот се водат и чуваат на небото. Ти во срцето војуваш против Сведоштвата кои содржат укори и опомени. Семејството Е кое го измами со своето влијание, сѐ уште е во измама. И другите се помалку или повеќе збунети, бидејќи ти можеш и знаеш добро да зборуваш за сегашната вистина. Меѓу членовите на црквата во _____ нема единство ниту еднодушност. Ти не ја прими светлината која ти е дадена ниту живееш во согласност со таа светлина. Ако ги послушаше вдахновените зборови на мудреците, денес не би се изложувал на толку лизгав пат. Тој вели: „Надевај се во Господа со сето свое срце, а на својот разум не се потпирај”. Потполната предаденост на Божјата волја, проследена со длабока недоверба во сопствената мудрост, би те извела на сигурен пат. {4C 333.2}

Твојата самодоверба е исклучително голема. Кога ти беше предложено некој друг од браќата да раководи со состаноците или да заземе место пред твоето, ти настојуваше тој да не успее ако до тебе стоеше, застана против тоа и се бореше со сета своја сила на својата изопачена волја за во тоа да успееш. {4C 333.3}

Твоето постапување кон братот Д беше за секоја осуда. Тој во своето срце негуваше најдлабоки симпатии кон тебе. Ти беше вистински пријател. Но самиот факт дека во расудувањето се осамостои, мислејќи поинаку од тебе, беше доволна во тебе да пробуди дух на завист и љубомора грозна како гроб. Дух на такво непријателство ти негуваше кон еден слеп човек - човек кој заслужуваше сите да му подаруваат најнежно внимание и најдлабоко сочувство. Со својата изопаченост и измама наведе и други да ти бидат повеќе наклонети на тебе отколку на него. И кога тој видел дека браќата не прифаќаат толку јасни докази за неговиот случај и потполно се осведочил дека тука неправдата триумфира над правдата, тој во својата душа беше ранет до таа мера што падна во потполн очај. Тогаш тој ја изгуби и својата доверба во Бога. Шокиран и

делумно парализиран, беше и физички и ментално речиси уништен. На црквените состаноци се зборуваше и премногу се задржуваше на прашањата кои не заслужуваат никакво посебно внимание, и злото свирепо оставаше впечаток на умот на присутните. {4C 333.4}

Би било голем грев да се направи таква неправда и на потполно здрав и работоспособен човек, но да се постапи така кон слеп човек, кој заслужува најголема внимателност за што помалку да ја почувствува својата загуба, тоа е далеку поголем грев. Ако беше христијанин и човек со благородни чувства, каков што постојано се прикажуваш, не би му направил толкава неправда. Но брат Д има Пријател на небото кој се залага за него и кој му дава сила со вера повторно да се фати за Божјите ветувања. Скршен од тешката неправда и болка која ја доживеа во постапката преземена против него, тој се однесуваше како потполно избезумен човек, и тоа е искористено како доказ дека во него има зол дух. Но оној Судија кој гледа сè и ги познава побудите, ќе плати секому според неговите дела. {4C 334.1}

Ти брате А Б, се поведе по својата суетна вообразеност, чувствувајќи се способен за секоја должност. Се спротивстави на Сведоштвата на Божјиот Дух; и да ти се даде дозвола, сè би изменил според своето лично убедување. Кога должноста те насочува во правец кој е сосем спротивен на твоите лични склоности, ти многу тешко ја согледуваш својата состојба онаква каква што навистина е. Твоите поими за Христовиот карактер и за неопходноста од подготовка за живот на новата земја се тесни и површни. {4C 334.2}

Покажано ми е дека браќата Б и членовите на нивните семејства паѓаат сè подлабоко и подлабоко. Тие се „безводни облаци, кои ветровите ги разнесуваат; есенски бесплодни дрва"; и ако и понатаму продолжат по ист пат конечно, како и тие дрва, „два пати ќе умрат и ќе бидат исечени од корен". Потпирајќи се на својот разум, тие отишле толку далеку, така што побожноста, Бог и вечниот живот за нив не значат ништо. {4C 335.1}

Кога припадниците на Божјиот народ би биле потполно поврзани со Него, тие би увиделе дека овие луѓе во својата ограниченост се полни со предрасуди, завист, злоба и самодоверба. Сведоштвото на Божјиот Дух, против кои тие во својата безбожност толку се бунат, Бог во Своето провидение нема да го повлече. Тие се сопнуваат и паѓаат токму по прашањата кои сами ги поставуваат. Но Божјиот народ треба да увиди дека тие во горделивоста на своето срце никогаш не се понизиле пред Бога. Во сите прашања кои се однесуваат на христијанските должности Библијата е потполно јасна и сите кои се подготвени да ја творат Божјата волја ќе го дознаат нејзиното учење. Но овие луѓе копнеат по светлина која допира од нивните малечки свеќи, а не по онаа која ја донесуваат блескавите зраци на Сонцето на Правдата. {4C 335.2}

Ниту еден човек кој зборува онака како што навистина се чувствува во своето срце не може да се смета искрен. Лагата се состои веќе во самата намера некого да измамиме, а тоа може да се направи не само со зборови, туку и со еден поглед. Дури и фактите можат така да се прикажат што ќе претставуваат лага. Некои се вистински мајстори во тоа и тие секогаш настојуваат своето отстапување од потполната вистина вешто да го оправдаат. Има и такви кои само од злоба измислуваат лаги за другите, за да наштетат на нивниот углед. Лажните тврдења во личниот интерес често се изнесуваат при продажба и купување на разни земни добра. Луѓето се служат со суетни лаги и тогаш кога себе или другите сакаат да се прикажат онакви какви што всушност не се. Расказите или натписите за разни настани и доживувања никогаш не минуваат без

украсување. О, што сè се прави во светот поради што причинителите еден ден силно ќе се каат и ќе посакаат да се повратат! Но записите во небесните книги, каде што се бележи секој збор и секое дело, ќе бидат тажно сведоштво против сè што е лажно и невистинито. {4C 335.3}

Лагата и измамата од било кој вид претставуваат грев против правиот и вистински Бог. Божјата реч по ова прашање е многу јасна: „Не лажете се еден со друг". „А на сите лаги дел им е во езерото кое гори со оган и сулфур, што претставува втора смрт". Бог е Бог на искреност и вистина. Божјата реч е книга на вистината. Христос е верен и вистинит сведок. Црквата е сведок чие сведоштво се темели на вистината. Сите прописи на Семоќниот се вистинити и праведни. Каква тогаш во Неговите очи мора да е секоја измама, секое преувеличување и секоја невистина? Поради лагите изговорени затоа што се полакомил за даровите кои пророк Елисеј ги одбил, неговиот слуга бил погоден од страшна губа од која не можел да се ослободи до смртта. {4C 336.1}

Лагата е цена која не би требало да се плаќа дури ниту кога животот е во прашање. Со еден збор или само со едно движење на главата мачениците можеле да ја негираат вистината и да го спасат својот живот. Со согласувањето да фрлат едно зрно темјан на олтарот на идолите можеле да ги избегнат справите за мачење, гилотината и смртта. Но тие не се согласувале на лага ниту со збор ниту со дело, иако од милоста која можеле да ја стекнат со тоа зависел и нивниот живот. Затворот, мачењето и смртта со чиста совест тие ги бирале со поголемо задоволство отколку слободата условена со прифаќање на измамата, лагата и отпадништвото. Со својата вера во Христа тие заслужиле беспрекорно чисти облеки и круни украсени со бисери. Нивниот живот останувал благороден и возвишен во Божјите очи, бидејќи не се откажале од вистината ниту под најтешки околности. {4C 336.2}

Луѓето се смртни суштества. И покрај своите многубројни погрешни сфаќања и карактерни недостатоци тие можат да бидат искрено побожни, но како Христови следбеници не можат во исто време да бидат во сојуз со оној кој ја „љуби лагата". Таквиот живот е илузија, постојано лажење и судбоносна измама. Да се признаат искрено гревовите, кога некој ќе ви укаже на тоа е голема храброст. Да се каже „Јас сум виновен за сторената грешка" значи да се има сила на внатрешни начела, а таква начелност ретко се наоѓа во светот. Но оној кој има храброст тоа искрено да го каже, стекнува одлучно победа над самиот себе и успешно ја затвора вратата пред непријателот. {4C 336.3}

Одлучната приврзаност кон начелата на вистината често доведува до непријатности во овој живот, па дури и до привремена загуба, но затоа често ја зголемува неминливата награда во идниот живот. Религијата не се состои само во систем на сувопарни учења, туку во практична вера која го посветува животот и доведува до коректно однесување во семејниот круг и во црквата. Многумина кои даваат „десеток од ментол и од копар" често го запоставуваат она што е најважно во законот, а тоа е Божјата милост и љубов. Да се оди понизно со Бога е битно за усовршување на христијанскиот карактер. Бог бара начелна непоколебливост и во најситните поединости на секојдневниот живот. „Кој е верен во малку", вели Христос, „верен е и во многу; а кој е неверен во малку и во многу е неверен". {4C 337.1}

Ниту големата важност ниту привидната безначајност на работата со која се занимаваме не нè прави исправни или неисправни, чесни или нечесни во животот. Со најмало отстапување од патот на исправност ние стапуваме на тлото на непријателот и така, чекор по чекор, можеме да преминеме потполно на страна на неправдата.

Повеќето христијани на светот сметаат дека верата нема ништо заедничко со деловните односи во животот. Во деловните односи со своите ближни тие се служат со илјадници лукавства и безначајни лаги, со што всушност ја откриваат својата вистинска духовна состојба и изопаченост на своето срце. {4C 337.2}

Со своето однесување, брате А Б, ти не служиш на чест на вистината и на Божјото дело. За водата во својот тек да биде потполно чиста, нејзиниот извор мора да биде чист. Твојата сопруга премногу ревнува во пронаоѓањето на карактерни мани и недостатоци во животот на своите браќа и сестри. Додека толку се труди да го чисти плевелот од градината на своите ближни, таа потполно ја занемарува својата градина. Таа мора да вложи најсердни напори за да го направи својот карактер беспрекорен. Постои застрашувачки голема опасност дека во тоа нема да успее. Ако го изгуби спасението, ќе изгуби сè. Вие двајцата треба да го очистите храмот на својата душа кој е ужасно обесветен. Вашето сфаќање, за жал е потполно изопачено. „Почеток на мудроста е стравот во Господа". Бидете многу ревни и недоверливи кога зборувате и донесувате суд за себе, но никогаш не бидете толку ревни во осудувањето на другите. Двајцата имате пред себе голема задача и треба искрено да се понизите пред Бога за Тој да го прифати вашето покајание. Вие досега слушавте само излагања од Божјата реч, но не бевте истрајни во настојувањето тоа да го примените во животот. Повеќе пати признавте дека згрешивте, но вашиот непрепороден ум остана непроменет во начинот на размислување. Извршивте некои помали промени под влијание на своите чувства, но не дојде до реформација прифатена од начело. Бидејќи во вашиот живот не дојде до потполна промена, покажано ми е дека сега би морале да преземете одлучни чекори во таа насока. Божјата заедница не смее компромисно да го прифати вашето погрешно однесување и вашиот низок критериум на христијанство. {4C 337.3}

Бидејќи постојано се судирате и со меѓусебна омраза војувате еден со друг, сосем е доволно во едно место да биде само еден од вас. Иако поради таквото свое држење станавте предмет на презир и осуда од страна на светот кој ве опкружува, вие толку се оддалечивте од Бога така што не гледате ништо друго туку само дека секогаш сте во право. Секому од вас му е неопходно подобро да го запознае Христовиот карактер, за појасно да сфатите што значи да се биде сличен со Него. Сè додека во потполност не го промените својот начин на однесување и додека потполно не ја отфрлите својата неучтивост и диктаторски начин на однесување, ќе бидете на срам на делото каде и да се појавите; би било подобро никогаш да не сте се родиле. За вас дошло време да се свртите надесно или налево. „Ако Господ е Бог, одете по Него; ако е Ваал, одете по него". Со својот изопачен карактер вие претставувате само срам за христијанското име што го носите. Ниту една црква не може да напредува под ваше раководство, бидејќи воопшто не одржувате врска со Бога. Бидејќи сте фалбаџија, горделив, самоуверен, вие и другите би ги навеле да го следат вашиот пример. {4C 338.1}

Со своите нехристијански постапки и однесување вие веќе долго сте вистински товар за Божјата црква. Бог да ви помогне да увидите дека вашите вечни интереси бараат потполн препород. Со својот пример вие наведовте и други да застранат од возвишениот пат на чистота и светост. Вистински големите луѓе не се менуваат и секогаш се скромни. Понизноста е особина која природно им доликува како соодветна облека. Оние кои го обогатија својот ум со корисно знаење и кои поседуваат вистински достигнувања и благородност, секогаш се подготвени да признаат дека има уште многу работи кои не ги знаат и кои допрва треба да ги учат. Тие не се вообразени ниту фалбаџии, туку имајќи ги во вид повисоките интелектуални достигнувања до кои би

можеле да се издигнат, им се чини дека се на почеток на стрмнината. Површен мислител е оној кој штотуку собрал нешто знаење, па мисли дека станал мудар и зазема одвратно вообразен став. {4C 338.2}

Вие денес би можеле да бидете луѓе од углед и доверба, но сте задоволни до таа мера со себе, така што не ја искористивте светлината и предностите кои толку милостиво ви се дарувани. Христијанските особини не го облагородија вашиот ум ниту наоѓавте задоволство во одржување на заедница со Дарителот на животот. Духот на овој свет е видно обележје на вашиот карактер и тоа повеќе од очевидно го открива фактот дека живеете според желбите на сопственото срце, дека одите каде што ве водат очите и дека сте полни со себе и со своите замисли. {4C 339.1}

Со постојана поврзаност со Бога во молитва и со искрено барање на Неговото одобрување човекот духовно се издигнува, облагородува и посветува. Тоа е задача која секој поединец со Христова помош мора сам да ја изврши за себе. Небото може да му ги подари сите предности во световен и во духовен поглед, но сето тоа ќе биде напразно ако тој не е подготвен тие благослови правилно да ги искористи и сам себеси да си помогне. Тој мора да ги употребува сите свои способности и сили, или конечно ќе биде измерен на мерила и ќе се најде лесен; ќе доживее неуспех во овој живот, а ќе го загуби и вечниот живот. {4C 339.2}

Сите оние кои се цврсто решени да бараат помош и ја очекуваат само одозгора, за да го потчинат и распнат своето „јас", можат да бидат корисни и успешни во овој живот, а можат да стекнат и иден, вечен живот. Овој свет е работно поле за човекот. Неговата подготвеност за идниот свет зависи од тоа како овде ги извршувал своите должности. Тој со Божје провидение е предодреден да биде благослов за човечкото општество, и не може да живее и да умира само за себе, колку и да сака. Бог нè поврзал меѓусебно како членови на едно семејство, и таа поврзаност секое човечко суштество треба да ја негува и одржува. Ние имаме должности и обврски кон другите кои не можеме да ги игнорираме, а со тоа да не ги прекршиме Божјите заповеди. Да се живее, мисли и работи само за себе значи да се стане потполно бескорисен во служба за Бога. За да бидеме добри граѓани и примерни христијани не ни се неопходни ниту високи звучни титули ниту големи таленти. {4C 339.3}

Во нашите редови има премногу луѓе кои дрско земаат слобода насекаде да се истакнуваат себеси во прв план, не покажувајќи никаков обзир кон староста, искуството или положбата. На црквата ѝ се потребни луѓе со поинаков карактер - неопходни се скромни луѓе кои се бојат од Бога, подготвени да го понесат и непријатното бреме кога ќе се положи на нивните рамена, не за да се истакнат, туку за да му послужат на својот Учител Кој го дал и Својот живот за нив. Таквите не помислуваат дека им е под чест да застанат пред постарите и да покажат почит кон белата коса. Плевелот на самовозвишување и вообразеност, кој го има толку многу кај нашите членови, треба да се чисти од црквата. {4C 340.1}

Оние кои го почитуваат Неговото име, Бог со задоволство ги цени и признава. Човекот може духовно толку да се издигне и облагороди да стане врска помеѓу небото и земјата. Тој излегол од раката на Творецот толку складно создаден, надарен со такви способности за развој, за со комбинирање на божественото влијание со човечки напори, да може да се издигне на ниво само малку пониско од ангелското. Но иако е толку високо почестен, тој не треба да се фали со никаква своја добрина и големина. {4C 340.2}

Бог го надарил човекот со умни способности кои можат да се развиваат до највисок степен. Ако ја увиделе природната грубост на својата природа и ако поревно настојувале да го облагородат и издигнат својот ум, јакнејќи некои слаби точки на својот карактер и победувајќи ги своите најистакнати недостатоци, некои од браќата Б можеле да бидат прифатени како работници за Христа. Но вакви какви што се сега, Бог не може да прифати ниту еден од нив како свој претставник. Тие не ја сфатиле доволно неопходноста од поправање и постојано усовршување, затоа и не настојуваат да се поправат. Својот ум тие не го подготвиле за животните должности со проучување, внимателно размислување и истрајна дисциплина. Можностите за поправање и постојано усовршување им се на дофат на сите. Никој не е толку сиромашен ниту толку зафатен со работа за, со Христова помош, да не може да работи на усовршување на својот живот и карактер. {4C 340.3}

---

30. ПРОПОВЕДНИЦИ КОИ СЕ ГРИЖАТ САМО ЗА СЕБЕ

Брате и сестро Ф, покажано ми е дека Бог во Својата голема милост и бескрајна љубов ви дал уште едно време на милост и проба. За да имате физичка и духовна сила, морате со вера цврсто да се држите за моќниот Исцелител. Вие сте со слабо здравје, но сте во опасност својата здравствена состојба да ја сметате уште полоша отколку што всушност е. Ви недостига сила на издржливост затоа што пропуштивте да негувате дух на трпение, надеж и храброст. Вие подлегнувате на своите слабости и морални недостатоци, наместо да се издигнете над нив. Искушенијата не престануваат да ве облетуваат од сите страни, но со трпеливо продолжување да правите само добро, можете да ги победите недостатоците на својот карактер. Покажано ми е дека веќе тргнавте по патот на пропаст, но Бог сè уште не ве напуштил. Во Својата милост која нема споредба, Тој ви укажува уште една можност одејќи во понизност и будно внимавајќи на себе да ја докажете својата верност. Премногу си попуштавте и удоволувавте себеси и сега е неопходно да тргнете во спротивна насока. {4C 341.1}

Твојата толку изразена себичност, брате Ф, стана неподнослив одвратна во Божјите очи. И за тебе и за твојата сопруга токму тоа зло претставува постојано сопнување. Со попуштање на себеси и задоволување на своите барања вие потполно го оневозможивте својот духовен развој. Вие двајцата природно сте разумни и знаете да расудите; но секогаш повеќе одите по своите склоности отколку по патеката на должностите и тоа е причина што не успевате во себе да ги победите лошите склоности и да ги зајакнете своите морални потенцијали. {4C 341.2}

Брате Ф, ти според својата природа си нетрпелив, раздразлив и премногу бараш од другите во својот дом, и тие свои склоности многу бргу ги манифестираш и на секое друго место. Нетрпението и заповедничкиот дух пречесто доаѓаат до израз во самиот начин на твојот говор. Мораш да се покаеш поради сето ова и сè да започнеш отпочеток. Во Својата бескрајна милост, Бог ти пружа уште една шанса. Твојата сопруга мора уште во многу работи да се бори сама со себе и ти мораш да внимаваш да не ја турнеш на сатанско тло. Зајадливоста, пронаоѓањето на грешки кај другите и преостроото изразување морате да ги отфрлите. За колку време мислите дека ќе стекнете победа

над својата изопачена волја и недостатоците на својот карактер? Вака како што сега напредувате, времето на вашата проверка може да заврши пред и да започнете со одлучните напори да стекнете победа над себе и над своите склоности. Вие во Божје провидение ќе бидете доведени во положба вашата својственост (посебност), ако постои, ќе се испита и открие. Вие не ги увидувате и не ги сфаќате последиците од своите непромислени зборови изговорени во нетрпение, негодување и мрморење. {4C 341.3}

На тебе и на твојата сопруга им се пружа уште една златна прилика да страдате заради Христа. Ако поради тоа постојано лелекате, нема да примите никаква награда. Меѓутоа, ако тоа го поднесувате со задоволство и во истиот дух кој го покажал Петар по својот пад и враќање, ќе бидете вистински победници. Свеста дека кукавички се откажал од Христа го следела низ целиот понатамошен живот и кога бил повикан да стане маченик поради својата вера, тој понижувачки факт - кој постојано му бил пред очи - го навел бестрашно да побара да не биде распнат на ист начин како што бил распнат Неговиот Учител, стравувајќи дека тоа би била за него премногу голема чест по толку срамното одрекување. Барал да биде распнат со главата свртен надолу. Колку длабоко Петар ја чувствувал тежината што се откажал од својот Учител! Какво обратување доживеал! Неговиот живот потоа бил живот на каење и понизност. {4C 342.1}

Кога го набљудувате Бога во светлината на Неговиот закон имате причина да затреперите. Кога Мојсеј го здогледал Божјото величество, тој извикал: „Многу се исплашив и треперам!" За престапникот, законот бара смртна казна, но на Мојсеј потоа му била прикажана откупителската жртва на помирување. Откриено му било дека со Христовата крв грешникот кој се кае може да се очисти од секој грев, и неговото стравување исчезнало како утринска магла пред блескавите зраци на сонцето. Исто така може да биде и со грешникот. Преку покајување пред Бога и со вера во нашиот Господ Исус Христос тој прима простување, а Сонцето на Правдата со Своите блескави и исцелувачки зраци ја растерува маглата на сомневање и страв која го замрачува видикот на душата. Кога Мојсеј се симнал од гората на која разговарал со Бога, неговото лице блескало со небесен сјај, што оставило многу силен впечаток на Израелците. Тој пред нив изгледал како ангел кој непосредно доаѓа од присуството на божествената слава. За нив како грешници таа божествена светлина била многу мачна; и тие бегале од Мојсеј молејќи таа блескава светлина да се тргне од нивните очи, за да не загинат ако тој повеќе им се приближи. {4C 342.2}

Мојсеј бил образован човек, упатен во сите научни дисциплини на тогашниот Египет; но тоа не било доволно за да се оспособи за своето животно дело. За да може да ја совлада жестината на своите чувства, морал според Божје провидение да се научи на особината трпение. Во училиштето на самооткажување и страдање морал да стекнува воспитување кое за него било од најголемо значење во животот. Тие неволи го подготвиле подоцна татковски да се грижи за сите на кои неговата помош им била потребна. Никакво знаење, никаква ученост ниту говорничка вештина не можат да бидат замена за таквото искуство во страдањата, толку неопходно за оној будно мора да бдее над душите за кои ќе мора да полага сметка. Додека во улога на скромен пастир и во потполн заборав на самиот себе, се грижел за стадото кое му било доверено, тој се оспособил за највозвишената задача која некогаш му била доверена на еден смртник - задача да биде пастир на Господовото стадо. Оние кои на овој свет се бојат од Бога мораат да одржуваат постојана врска со Него. Христос е најсовршен од сите

воспитувачи за кои светот некогаш знаел. Да се стекнува мудрост и знаење кое само Тој го дава, за Мојсеј било многу повредно од целокупната наобразба стекната во Египет. {4C 343.1}

Брате и сестро Ф, ве преколнувам во покајание искрено да Му пријдете на Бога преку Исуса Христа. „Не лажете се, Бог не дозволува да Му се потсмеваат; зашто што човекот ќе посее, тоа и ќе пожнее". Оној кој своите таленти и своите средства себично ги троши на угодување на самиот себеси, во задоволување на ниски страсти, ќе пожнее само уште поголема изопаченост. Таквата жетва е неизбежна. Неговиот ум ќе ја изгуби снагата на приемчивост. Неговата способност за сфаќање ќе биде скршена, а неговиот животен век скратен. Бог бара од вас да вложите многу поодлучни напори за да го потчините своето „јас" и да владеете со себе. Покажано ми е дека Бог и ангелите едвај чекаат да ви помогнат во таа значајна задача. Ако сега одложувате и одолговлекувате со тоа, наскоро може да стане предоцна. Времето на вашата проверка е продолжено, вашиот карактер сега се обликува и наскоро, драги мој брате и сестро, ќе биде дефинитивно и засекогаш обликуван. Половните напори нема да ве приближат ниту еден чекор кон небото. Неодлучноста набргу се претвора во решителност, но во погрешна насока. Не вложувајќи одлучни напори во настојувањето да ги совладаат недостатоците во својот карактер, многумина одлучуваат да служат на себе и на сатаната. Иако, додека попуштаат на своите грешни склоности, мислат дека еден ден ќе станат победници, тие одлучно се определуваат за пропаст. Брате Ф, во „овој твој ден", можеш да станеш победник во Христа. Тоа исто важи и за сестра Ф. Не планирајте и не мислете само за себе. Не можете во целост да бидете Христови сè додека поттикнувате себичност макар и во најмала мера. Големата љубов која Откупителот ви ја укажа треба да ја прифатите со исто толку голема понизност и постојана радост. За да бидете вистински среќни, морате да ги контролирате своите мисли и своите зборови. Тоа секако ќе бара најодлучни напори од ваша страна, но морате да го правите тоа ако сакате Бог да ве признае како Свои деца. Бидете неуморни во своите напори. Сатаната не престанува да води битка за вашите деца, но вие морате да го разочарате. {4C 343.2}

Кога ќе започнеш со работа во некое место, ти, брате Ф, најчесто ја стекнуваш довербата на народот; но кога подобро ќе те запознаат, недостатоците на твојот карактер стануваат толку очевидни така што многумина губат доверба во твојата побожност. На тој начин фрлаш сенка на сите проповедници на нашата црква. Краткото задржување во некое место не нанесува штета на твојот углед. Зафатен со ревно залагање, твојот ум е потполно обземен со работата во која си ангажиран и ти немаш време ниту можности да размислуваш и да се грижиш само за себе. Меѓутоа, кога залагањето во делото ќе изостане, ти повторно почнуваш да размислуваш само за себе, стануваш детинест, преостар и мрзоволен, нанесувајќи на тој начин штета и срам на Божјото дело. Ист дух ти покажуваш и во црквата, и така со своето влијание во околината делуваш многу негативно - во некои случаи и неизлечиво. Често покажуваш детско однесување дури и во своите обиди некого да обратиш и да го приведеш кон вистината. Тоа остава ужасен впечаток на оние кои те набљудуваат. Сега мораш да се определиш или за едното или за другото; или да бидеш во потполност посветен во своето семејство и во црквата, трпелив и нежен во секој момент, или да не прифатиш никаква служба ниту должност во црквата; бидејќи твоите недостатоци ќе станат толку видливи така што ќе служиш само на срам на Спасителот, иако постојано тврдиш дека Го љубиш и дека Му служиш. {4C 344.1}

Верата го водела Мојсеј да гледа на она што е невидливо и неминливо. Тој ги напуштил блескавите привлечности на царските дворци, бидејќи сето тоа наведувало на грев. Се откажал од привидното земно добро кое мами на уништување и пропаст. Вредност во неговите очи имале само вистинските и вечни привлечности. Жртвите кои морал да ги поднесува, за него всушност и не биле жртви. Тоа за него значело откажување од сегашното, привидно и нереално богатство поради многу посигурното, возвишено и вечно добро. {4C 345.1}

Мојсеј поднесувал срам поради Христа, сметајќи го тој срам за поголем благослов од сето египетско богатство. Верувал во она што го вели Бог и никакви навреди од страна на овој свет не можеле да го наведат да застрани од патот на исправност. Тој одел слободно низ животот како човек исправен пред Бога. Ја имал Христовата љубов во својата душа, што го направило подостоинствен не само како човек, туку на неговото човечко достоинство се додавал и сјајот на вистинските христијански особини. Мојсеј одел низ животот по опасна патека, но гледал на она што не се гледа со телесно око и не се колебал. Она што него го привлекувало била неминливата награда која на крајот го чека, што исто така треба да биде и наш избор. Тој одржувал тесна и постојана врска со Бога. {4C 345.2}

Пред вас е сериозна задача преостанатиот дел од својот живот да го поправите со реформирање и облагородување на карактерот. Новиот живот почнува во обновена и препородена душа. Христос е Спасител кој сака постојано да престојува во душата. Морате да го отфрлите и она од што тешко се откажувате. Трудете се ниту еден збор да не изговарате во заповеднички и диктаторски тон; тогаш ќе извојувате драгоцени победи. Секое самооткажување и секој напор во распнување на своето „јас" ќе ви донесе вистинска среќа. Кога ќе се стекне една победа, следната е веќе полесно да се извојува. Ако Мојсеј не ги користел приликите и предностите кои Бог му ги пружил, би ја занемарил светлината упатена од небото и би останал разочаран и несреќен човек. Гревот секогаш го понижува човекот и кога му се попушта, во душата се вселува сатаната, запалувајќи во неа оган од самиот пекол. Својот закон Бог не го дал за да го спречи спасувањето на душите, туку затоа што сака сите да бидат спасени. Ако ги искористи пружените прилики и светлината што ја има, човекот може да стане победник. Со својот живот и вие можете да ја покажете силата на Божјата благодат во стекнување на победа над гревот. Сатаната упорно настојува да го подигне својот престол во храмот на душата. Кога тој владее, тоа се гледа и чувствува во неконтролираната лутина, во зборовите на огорченост кои навредуваат и задаваат рани; но светлината нема ништо заедничко со темнината, ниту Христос има било каква врска со Велијар. Човекот мора во потполност да биде или на една или на друга страна. Попуштајќи на себичните задоволства, лакомството, скржавоста, измамата и гревот од било кој вид, човекот ги потхранува начелата на сатаната во својата душа и ја затвора пред себе вратата на спасението и вратата на небото. Сатаната токму поради гревот е исфрлен од небото; и ниту еден човек кој му попушта на гревот или го поттикнува кај другите не може да влезе на небо, бидејќи на тој начин сатаната таму повторно би стекнал свое засолниште. {4C 345.3}

Кога човекот секој ден сесрдно се залага да ги совлада недостатоците во својот карактер, тој радосно го прима Христа во храмот на својата душа кој секогаш е осветлен со светлината на Неговата присутност. Под блескавите зраци на светлината која свети од Христовото лице цело битие на таквиот верник се облагородува и духовно издигнува. Тој чувствува небесен мир во својата душа. Својата склоност да попуштаат

на страстите, лакомството, себичноста и измамата, многумина секогаш ја оправдуваат со околностите кои наводно ги изложуваат на такви искушенија. Тоа е случај и со вас. Бог дозволува таков сплет на околности за да развивате христијански карактер. Меѓутоа, вие можете и да влијаете на своето опкружување; бидејќи спротивставувајќи се на искушенијата, вие со силата на волјата во Христово име стекнувате контрола над околностите. Тоа значи да се стекнува победа како што Христос победил. „А нашата вера е победа која го победува светот". {4C 346.1}

Брате Ф, Бог сè уште е милостив кон тебе. Твојот живот е погрешно насочен, и ниту оддалеку не е таков каков би можел и каков би требало да биде. Во тебе нема вистинска одлучност и вистински духовен раст и чистота на чувствата. Не негуваше вистинска почит кон сопствената личност, па затоа не можеш да укажеш искрена почит ниту кон другите. Не го издигнуваше Христа ниту силата на Неговата благодат. На секој чекор низ животот ти беа неопходни чувари. Таа иста површност и незаузданост, истата непромисленост и недостаток на самосовладување, истата себичност и нетрпение кои го обележуваа твоето однесување во раниот период на твојата возраст, на уште поупадлив начин се манифестираат и сега кога на големо помина пладнето на твојот живот. Така не би требало да биде ниту би било така ако навреме ги отфрли детските чувства и својата детска наивност, облекувајќи се со одлучност на човек. Си угодуваше на самиот себе, но само на своја штета. Преувеличувајќи ги своите страдања и неволи, ти не престануваш да се жалиш и се задржуваш само на тоа, додека Христа потполно го губиш од вид. Размисли колку се мали и назначителни твоите страдања во споредба со страдањата на Христа; а Тој невин страдал - Праведникот за неправедниците. {4C 346.2}

Добро дрво не може да дава лош плод. Добрите разговори и примерно однесување се плодови на добра совест исто толку сигурно како што доброто дрво раѓа добар плод. Ако некој е нељубезен и груб во своето семејство и во однесувањето со другите од своето опкружување, никој нека не се прашува како таквиот ќе се однесува во црквата. Тој и таму ќе ги манифестира своите диктаторски склоности како и во својот дом. Човекот кого христијанската вера не го направила подобар во секој поглед и во сите животни должности, не го поседува Христовиот ум и дух. Мрморењето, лелекањето и мрзоволието не се плодови на христијанската начелност. Мораш да бидеш многу поистраен во молитвата, бидејќи пропушти да ги зајакнеш возвишените благородни, морални црти на карактерот. Тоа сега мораш да го сториш. Таа задача нема да биде воопшто лесна, но е битна и неопходна. {4C 347.1}

Додека беше во Тексас се чувствуваше безнадежно напуштен и од Бога и од луѓето; но сега кога почнуваш отпочеток, настојувај да се реформираш во потполност и твоето каење нека биде такво што нема да мораш повторно да се каеш. Твоите најдобри денови, што се однесува до здравјето и силата, поминаа во неповрат; но со прифаќање на подобри навики, поведар дух и чиста совест во поглед на своето сегашно однесување, би можел својот пораз да го претвориш во победа. Немаш време за одложување. Твојата сопруга може да ти помогне во сите твои напори при собирање на жетвата. Ако е посветена со вистината, таа со своите разговори и дружење со заинтересираните може да биде благослов и за тебе и за Божјото дело. {4C 347.2}

Многумина се сопнуваат и паѓаат поради попуштањето на изопачената природа. На Александар Велики и на римскиот император Цезар им било полесно да ги победат царствата отколку да владеат со својот дух. Кога ги освоиле царствата и ги поразиле народите на светот, овие таканаречени великани паднале немоќно, првиот од нив

поради попуштање на апетитот, како жртва на неумереност, вториот поради пречекорување на дозволените и лудачки амбиции. {4C 348.1}

Бог ве повикува да се откажете од горделивоста и од својата упорност, за да може Неговиот мир да завладее со вашето срце. Морате да негувате дух на кротост и смиреност. Внесувајте Христова кротост во секоја своја постапка. Раздразливата природа и зајадливото осудување не привлекуваат слушатели ниту ја придобиваат нивната наклонетост. Знаејќи дека ја имаме вистината, можеме себеси да си дозволиме да бидеме потполно спокојни и сталожени. Умереност и благородност треба да се одразуваат и во нашите зборови. Духот кој го негувате во себе се покажува нескриено и на вашето лице. Устоличен во храмот на душата, Христос го ублажува и менува лутиот поглед и го брише секој мрзоволен и несреќен израз на лицето; и кога мноштво слушатели гледаат дека говорникот го одразува Христовиот лик, тие увидуваат дека таквиот човек сред бурите на навредите стои цврсто како возвишен кедар. Таквиот човек во Божјите очи е вистински јунак и победник над самиот себеси. {4C 348.2}

Најголем дел од непријатностите во животот, секојдневните грижи кои како р'ѓа ја нагризуваат душата, душевните страдања и мачни предизвици, најчесто се последица на незаузданата природа. Хармонијата на семејниот круг често сериозно ја нарушува некој брзоплето изговорен збор со навредлив тон. Колку би било подобро таков збор никогаш да не се изговорел. Една насмевка на задоволство и одобрување, еден охрабрувачки збор, изговорен во дух на благост би бил сила која со себе донесува смирување, утеха и благослов. Владеењето со себеси претставува најдобро владеење на светот. Кога духот на благост и смиреност секогаш би бил украс на нашите меѓусебни односи, би можеле да избегнеме деведесет и девет проценти од непријатностите кои толку ни го загорчуваат животот. Своите избувливи зборови и испади многумина ги оправдуваат со зборовите: „Чувствителен сум и избувлив; таква ми е природата". Но со тоа никогаш не можат да се залекуваат раните нанесени од избувливи и брзи зборови. Некои навистина по својата природа се поизбувливи од другите; но таквиот дух никогаш не може да се усклади со Божјиот Дух. Непрепороденият човек мора да умре, а новиот човек Исус Христос мора да завладее со душата, за Христовиот следбеник со право да може да каже за себе: „А јас веќе не живеам, туку во мене живее Христос". {4C 348.3}

Сопственото „јас" тешко се победува. Да се потчини човечката изопаченост на Христовиот Дух во секој облик, навистина не е лесно. Но сите треба да бидат запознати со фактот дека ако со Христова помош не стекнат таква победа, не постои надеж за спасение. Победа може да се стекне, бидејќи на Бога ништо не му е невозможно. Со помош на Неговата благодат можеме да ја победиме секоја лоша природа и секоја човечка изопаченост. Секој христијанин мора да се учи од Христа „кој не навредуваше кога го навредуваа". {4C 349.1}

Работата која ви претстои не е лесна задача, ниту некоја детска игра. Не напредувавте во правец на христијанско усовршување, но сега можете да почнете отпочеток. Со својот живот вие можете да покажете што силата на Божјата благодат може да направи во преобразувањето на грешникот во духовен човек во Исуса Христа. Ако сте подготвени во Христово име одлучно да се нафатите на делото, вие можете да станете победници. {4C 349.2}

Желба ми е оваа свечена изјава да ја запишете во своето срце. Кога некој ќе попушти на сатанските измами и на тој начин ќе го премине неговото тло, а сака со Божја милост да се ослободи од неговите стапици, тогаш мора секој ден да одржува тесна поврзаност со Бога, да го распне своето „јас" и да се промени во потполност за да

извојува победа и да стекне вечен живот. Вие двајцата се оддалечивте од Бога и нанесовте голем срам на Неговото дело. Сега морате да бидете многу ревни во совладување на секој недостаток во својот карактер и да водите живот на христијанска понизност и вера, живот на искрена и сесрдна молитва. Барајте со вера од Бога, поради Христа, да ги избрише вашите гревови од минатото за семето на злото кое сте го посеале да не се шири натрупувајќи казни против вас за денот на гневот. {4C 349.3}

Ако во расправачки дух продолжите по ист пат, угодувајќи си само себеси, задржувајќи се детски само на своите слабости, прераскажувајќи ги постојано своите чувства и мислејќи само на мрачната страна на животот, вие духовно ќе станувате сè послаби и понемоќни. Ако продолжите да одите по патот на кој вашите нозе почнаа толку опасно да се лизгаат, ќе се најдете во безнадежна положба. Ако пак се покаете и ги отфрлите своите гревови и побарате засолниште во посредувањето на милостивиот Спасител, Кој толку сесрдно бара од Таткото со Својот Свет Дух да ве учи, води и оживува, сè уште можете да ги избегнете страшните последици на таквиот избор и да наследите вечен живот. Не ја пропуштајте шансата во беспомошноста на својата душа заеднички да се понизите пред Бога и со вера цврсто да се фатите за Христовите заслуги. {4C 349.4}

---

31. ИСПРАВНОСТ ВО ДЕЛОВНИОТ ЖИВОТ

Брате Г, во последната визија ми беше предочен твојот случај. Покажано ми е дека ја сакаш вистината која ние ја исповедаме, но не си посветен со вистината. Твоите склоности и твојата љубов се поделени помеѓу служење на Бога и служење на сатаната. Таа поделеност во чувствата стои како сериозна препрека на твојот пат да станеш мисионер за Бога. Иако по изјаснување Му служиш на Бога и работиш во Неговото дело, личните интереси ја обезвреднуваат твојата работа и нанесуваат голема штета на твојот углед. Бог не може да ја прифати твојата соработка и да работи со тебе, бидејќи во своето срце не си исправен пред Него. {4C 350.1}

На зборови ти изгледаш длабоко заинтересиран за вистината; но кога треба да ја покажеш верата со дела, тогаш покажуваш голем недостаток. Не ја претставуваш правилно нашата вера. Со нескриено манифестирање на љубов кон добивката нанесуваш срам на Божјото дело, а твојата склоност кон трговија не служи на добро ниту на духовно здравје на оние со кои доаѓаш во допир. Во трговијата си досетлив и често го преценуваш своето. Имаш посебна тактика твојот збор да доминира и да биде последен, гледајќи ги само своите, а не и туѓите интереси. Кога ќе видиш дека некој во трговијата сам на себе си нанесува штета, а на тебе ти донесува корист, ти дозволуваш да продолжи така. Тоа не е почитување на златното правило: на другите да им го правиш само она што сакаш тие тебе да ти го прават. {4C 350.2}

Додека си ангажиран во мисионерската работа, ти во исто време ги покажуваш своите трговски способности и своите склоности кон купување и продажба. Тоа што го работиш е многу бедна комбинација. Треба да се определиш за едно или за друго. „Ако Господ е Бог, одете по Него, ако тоа е Ваал, одете по него”. „Одберете денес кому ќе му служите”. Твојата работа на ширење на литературата и во мисионството Бог нема да ја прифати додека ти планираш само за своја лична корист. Ти си во опасност побожноста

да ја сметаш трговија. Поттикот на кој искушувачот ти укажува во тој поглед, може да биде многу примамлив за да те заведе и намами на шпекулативно мудрување кое потполно ќе ја уништи твојата духовност. {4C 350.3}

Светот, ангелите и луѓето те сметаат за измамник, човек кој го гледа само својот интерес и извлекува корист за себе, не водејќи воопшто сметка за интересите на оние со кои тргува. Во својот деловен живот ти имаш изразена склоност кон нечесност што ја обесветува душата, го осиромашува верското искуство и го попречува напредокот во благодатта. Со остро деловно око будно внимаваш да не пропуштиш ниту една поволна прилика за создавање на добивка. Тоа кај тебе станала втора природа и ти воопшто не го увидуваш злото кое произлегува од охрабрувањето на таа склоност. {4C 351.1}

Со работите кои би можел да ги извршуваш исправно на обострана корист и на себе и на другите, сè би било во ред кога во договарањето би бил чесен. И Господ би ја прифатил твојата служба и твоите способности и остроумности со задоволство би ги употребил во спасување на душите, ако беше потполно посветен со вистината. Во тебе желбата на очите и љубовта кон добивката постојано војуваат против Духот. Долгогодишните навики оставиле свој изопачувачки отпечаток на твојот карактер и те онеспособуваат за Божјото дело. Да се посветеше на служба на Бога, би станала ревен и истраен работник за Учителот; меѓутоа, со ваква злоупотреба на своите способности ја изложуваш на голема опасност својата душа, а со своето влијание ги изложуваш на иста опасност и другите. {4C 351.2}

Гласот на совеста и приговорот на разумот понекогаш те пробудуваат и се чувствуваш укорен поради својот начин на живот; твојата душа копнее за светост и за сигурноста на небото; вревата на овој свет ти станува одвратна, ја отфрлаш и со уважување го прифаќаш влијанието на Божјиот Дух. Потоа повторно се јавуваат твоите земни склоности и потиснуваат сè останато. Сигурно е дека и во иднина ќе бидеш мета на сатанските напади и треба да се подготвиш за тоа со одлучно спротивставување на своите склоности. {4C 351.3}

Додека бил затворен во ѕидините на затворот, вдишувајќи го тешкиот и отровен затворски воздух, осуден тука и да умре, осамен и болен, апостол Павле силно сакал да го види Тимотеј, својот син во евангелието, за да му го предаде својот претсмртен завет. Немал никаква надеж дека ќе биде ослободен од оковите сè додека не го положи својот живот. Срцето на безбожниот Нерон било во потполност сатанско и само на еден негов збор или баран знак, на апостолот би можело да му биде отсечена главата. Павле му пишал на Тимотеј да дојде веднаш без никакво одлагање, но сепак стравувал дека тој нема да дојде толку брзо - за да го прими последното сведоштво од неговите усни. Затоа зборовите кои сакал да му ги упати на Тимотеј повеќе пати му ги повторил на еден од своите соработници, кому му било дозволено да биде покрај него во затворот. Овој верен Павлов сопатник го запишал неговиот претсмртен завет, од кој овде цитираме еден мал дел: {4C 352.1}

„А оние кои сакаат да се збогатат упаѓаат во стапици и во многу луди и штетни желби, кои ги водат луѓето во пропаст и погибел. Зашто корен на сите зла е сребролубието на кое некои предавајќи му се застранија од верата и на себе навлекоа големи маки. А ти, о, Божји човеку, бегај од сето ова, а оди по правдата, побожноста, верата, љубовта, трпението и кротоста. Бори се во добра борба на вера за да стекнеш вечен живот на кој си повикан и да дадеш добро признание пред многу сведоци”. „На богатите во овој свет заповедај им да не се гордеат, ниту да се надеваат во пропадливото богатство, туку во живиот Бог, Кој во изобилство ни ги дава сите животни

потреби; нека прават добро, нека се богатат во добри дела, нека бидат дарежливи, друштвени, подготвувајќи си така добар темел за иднината, за да добијат вечен живот". „И што слушна од мене пред многу сведоци, тоа предај им го на верните луѓе кои ќе научат и други. Ти поднесувај тешкотии и неволи како добар војник на Исуса Христа. Зашто ниту еден војник не се заплеткува во трговијата на овој свет за да му угоди на војводата. Ако војува, не добива венец ако не војува според правилата". Некој можеби ќе се обиде да го оправда своето лакомство со изговор дека работи за Божјото дело; но таквиот нема да ја прими очекуваната награда, бидејќи на Бога не му требаат пари стекнати со шпекулативно мудрување или со било кој облик на нечесност. {4C 352.2}

Во понатамошниот текст од ова послание, наменето за Тимотеј, Павле нагласува: „Погрижи се брзо да дојдеш кај мене, зашто Димас ме остави, бидејќи му омиле сегашниот свет и замина во Солун". Овие зборови кои Павле ги издиктирал пред својата смрт, ги запишал Лука за наше добро. {4C 353.1}

Поучувајќи ги Своите ученици Христос вели „Јас сум вистинската лоза, а Мојот Татко е лозарот. Секоја прачка во Мене, што не дава род, Тој ја отсекува; и секоја што дава род, ја очистува, за да принесе повеќе род". Секој кој е обединет со Христа, хранејќи се со животворниот сок кој доаѓа од лозата, ќе работи како што работел и Христос. Ако Христовата љубов не е во него, значи дека тој не е на лозата. Да се љуби Бог над сè друго, а ближниот како самиот себеси - тоа е основа на вистинската вера. {4C 353.2}

На секој кој тврди дека верува во Неговото име, Христос го поставува прашањето: „Ме љубиш ли?" Ако Го љубиш Исуса, ќе ги љубиш и душите за кои Тој умрел. Можеби некој нема најпривлечна надворешност, можеби има недостатоци во многу нешта; но ако ужива углед како искрен и во сè чесен, набргу ќе ја стекне довербата на другите. Љубовта кон вистината и довербата со кои другите можат да се потпрат на него ќе ги неутрализира негативните црти на неговиот карактер. Сигурноста на работното место и во својот повик, и подготвеноста на самооткажување во интерес на другите, му донесуваат на човекот душевен мир и Божје одобрување. {4C 353.3}

Оние кои настојуваат внимателно да одат по стапките на својот самопожртвуван Спасител полн со самооткажување, во своите одлуки, размислување и расудување секогаш го одразуваат Христовиот ум. Христовата чистота и љубов блескаво се огледуваат во нивниот секојдневен живот и карактер, додека благоста и вистината постојано ги насочуваат нивните чекори. Секоја родна лоза се чисти за да донесе повеќе род. Дури и родните лози со своите бујни листови се прикажуваат онакви какви што всушност не се. Така и Христовите следбеници можеби и прават нешто за Господа но тоа не е ниту половина од она што би можеле да го направат. Тогаш тој ги кастри, бидејќи световноста, попуштањето на себеси и горделивоста никнале во нивниот живот. Лозарот ги отсекува непотребните гранки од лозата, кои се фаќаат за нечистотијата на тлото, за да може родните лози да ги направи уште породни. Сите неплодни гранки мораат да се отстранат за да се остави место на блескавите зраци на Сонцето на Правдата. {4C 354.1}

Божја намера е на паднатиот човек, со Христово посредство, да му пружи уште едно време на милост и проба. Многумина не сфаќаат дека животот им е даден со намера да Му послужат на слава на Бога и на благослов на другите, а не само да уживаат и да се издигнуваат себеси. Припадниците на Својот народ Бог постојано ги чисти, отсекувајќи ги како од виновата лоза непотребните гранки, за да изобилуваат со плод на слава на Неговото име, а не само со своите бујни лисја. Тој нè чисти и дозволува да нè снајдат неволи, разочарувања и тага, за да го спречи силното буење на грубите и

изопачени црти на нашиот карактер и да ни пружи можност за развој на подобрите, а послабо развиени наши особини. Идолите мораат да се отфрлат, совеста мора да стане почувствителна, мислите и побудите на срцето мораат да станат подуховни, а карактерот потполно урамнотежен. Оние кои навистина сакаат да послужат на слава на Бога ќе бидат благодарни што верно им се укажува на нивните идоли и гревови, за да можат да го увидат и да го отфрлат тоа зло; додека необратеното срце е секогаш поподготвено да му попушта на гревот отколку одлучно да го отфрли. {4C 354.2}

Привидно сувиот калем, кога ќе се спои со животворната винова лоза станува нејзин составен дел. Влакно по влакно, жила по жила, тој се спојува со виновата лоза сè додека не почне преку неа постојано да прима животен сок и храна од матичната лоза. На калемот прво се појавуваат пупки, потоа цвет и конечно род. Душата, мртва во престапот и гревовите мора да помине преку сличен процес за да се помири со Бога и да стане учесник во Христовиот живот и во Неговата радост. Како што калемот прима живот кога ќе се спои со лозата, така грешникот учествува во божествената природа кога ќе се поврзе со Христа. Ограниченият смртник се обединува со вечниот Бог. Кога сме така обединети со Христа, Неговите зборови остануваат во нас и ние не се раководиме според грчевитите чувства туку според начелото кое трајно живее и трајно останува во нас. Христовите зборови мораме високо да ги цениме, за нив постојано треба да размислуваме и да ги чуваме како најголема драгоценост во своето срце. За тие зборови да најдат место во нашата меморија и да остават траен впечаток на нашето срце и нашиот живот, не е доволно само да ги повторуваме како папагал. {4C 354.3}

Како што лозата мора да биде на чокотот за да може постојано да прима животворен сок, така и оние кои Го љубат Бога и ја извршуваат секоја Негова реч мораат да пребиваат во Неговата љубов. Без Христа не можеме да победиме ниту еден грев ниту можеме да одолееме и на најмалото искушение. На многумина им недостига Христовиот Дух и Неговата сила за да го просветлат духовното разбирање, исто така како што на слепиот Вартимеј му недостигал природниот вид. „Како што лозата не може да донесе род сама од себе ако не остане на чокотот, така ниту вие ако не останете во Мене", вели Христос. Сите оние кои навистина се во Христа, од лично искуство знаат каква благодат донесува тоа единство. Таткото ги прифаќа во Својот љубен Син и тие стануваат предмет на Неговото најсесрдно внимание и најнежна грижа. Резултатите на таквата поврзаност со Христа се чисто срце, внимателен и промислен живот и беспрекорен карактер. Плодовите кои се раѓаат на христијанското стебло се: „љубов, радост, мир, трпение, добрина, милост, вера, кротост, воздржување". {4C 355.1}

Брате мој, тебе ти недостига блиска поврзаност со Бога. Покажуваш особини за кои ќе мораш да одговараш и ги злоупотребуваш своите способности. Бог не може да го одобри твојот начин на однесување. За тебе е мерило она што го зборува и работи овој свет, а не она што Христос го покажал со Својот живот. На сè во животот гледаш како и луѓето на овој свет и се раководиш според нивното несвето расудување. Мораш во срцето и во душата да се очистиш од изопачувачкото влијание на овој свет. Повеќе пати застрануваше од патот на строга исправност, ласкајќи си себеси дека со тоа нешто добиваш, додека во суштина губеше. Секоја нечесна работа во постапувањето со другите ја намалува твојата награда на небото, ако воопшто стигнеш таму. Секој ќе прими плата според своите дела. 4C 355.2}

Немаш повеќе време за одложување, туку мораш да вложиш најодлучни напори за да ги победиш изразените слабости на својот карактер кои, ако и понатаму им попушташ, ќе ти ја затворат вратата на славата. Не дозволувај си себеси да го изгубиш

спасението. Во твоите зборови и постапки мора да дојде до одлучна промена, за да ја победиш својата склоност кон лакомството и своите мисли да ги посветиш со вистината. Накратко, неопходно ти е потполно преобразување. Тогаш Бог ќе може да ја прифати твојата работа во Неговото дело. Мораш да станеш човек со непоколеблива исправност, така што љубовта кон добивката никогаш нема да те наведе да подлегнеш на тоа искушение. Од сите кои го исповедаат Неговото име, Господ бара да се држат строго до вистината. Тоа ќе претставува сол која не го губи вкусот и светлина во моралната темнина и измама на овој свет. {4C 356.1}

„Вие сте светлина на светот", вели Христос. Оние кои со рефлектирање на небесната светлина се вистински поврзани со Бога ќе бидат спасоносна сила и во црквата и во светот; зашто мирисот на добрите дела и вистинската искреност ќе ги направи угледни и ценети дури и меѓу оние кои не припаѓаат на нашата вера. Оние кои се бојат од Бога ќе го почитуваат и ценат таквиот карактер; па дури и непријателот на нашата вера, гледајќи дека со своите секојдневни постапки го манифестираме Христовиот дух и живот, ќе го слави Бога Кој е извор на нашата сила и честитост. {4C 356.2}

Брате мој, би требало веќе со години да си обратен со вистината и потполно посветен на Божјото дело. Драгоцените години кои можеше да ги искористиш во стекнување на богато искуство со Бога и практична работа во Неговото дело се загубени. Иако би требало денес да си подготвен други да поучуваш на вистината, ти сам не успеа темелно да ја запознаеш вистината. За да се оквалификуваш за на светот да му ја објавиш веста на опомена, неопходно ти е познавање на вистината стекната врз основа на лично искуство. Твојата служба беше само загуба за Божјото дело, бидејќи во својата душа си поделен и непрепороден; само планираше, шпекулативно мудруваше, купуваше и продаваше, послужувајќи на трпезите. (Види Дела 6:2) {4C 356.3}

Отровната атмосфера на овој свет го замрачила твојот духовен поглед и го изопачила твоето расудување, така што твоите слаби напори не претставуваат жива жртва, прифатлива и угодна на Бога. Ако раскинеше со својата склоност кон шпекулативно мудрување и работеше во спротивен правец, денес ќе беше обогатен со знаење за Бога и ќе беше добитник во духовен поглед, додека вака само губеше духовна сила и во верското искуство остана вистинско џуџе. {4C 357.1}

Да се биде во заедница со Таткото и Неговиот Син Исус Христос значи постојано да се издигнувате духовно и да бидете соучесник во неискажаните радости и во неминливата слава. Храната, облеката, положбата и богатството можат да имаат своја вредност, но најдрагоцена вредност е да се одржува заедница со Бога и да се биде соучесник во Неговата божествена природа. Нашиот живот треба да биде скриен со Христа во Бога, и тогаш иако „уште не се знае што ќе бидеме" - кога ќе се појави Христос Кој е наш живот", – „ќе бидеме како и Тој, бидејќи ќе Го видиме каков што е". Царското достоинство на христијанскиот карактер ќе блеска како сонце, а зраците на светлината од Христовото лице ќе се одразуваат јасно на оние кои ќе се очистат од гревовите и ќе бидат чисти како што е Тој. Предноста да станеме Божји синови е евтино платена, дури и ако поради тоа треба да жртвуваме сè што имаме, па и самиот живот. {4C 357.2}

Драг мој брате, мораш да се соочиш со фактот дека би требало да бидеш човек според Божјото срце. Тоа што другите се осмелуваат во своите зборови и постапки да не се држат строго за христијанските критериуми, не треба да ти служи како изговор. Ти пред Судијата на целиот свет ќе мораш да станеш, не да одговараш за другите, туку

за себе. Недостатоците на другите во никој случај не можат да бидат изговор за нашите пропусти, бидејќи пред Бога сите имаме лични одговорности, а Христос со Својот беспрекорен живот ни оставил совршен Пример. {4C 357.3}

Своите најжестоки напади непријателот на душите ги насочува против вистината која ние ја исповедаме, а со секое застранување од исправноста ние ја обесчестуваме. Ние се изложуваме на најголема опасност кога своите мисли ги одвраќаме од Христа. Христовото име има сила да ги потисне нападите на сатанските искушенија и да го подигне знамето наспроти него. Сè додека душата со непоколеблива доверба се потпира на заслугите и силата на Откупителот, таа во начелата ќе биде цврста како карпа и сите сили на сатаната и неговите ангели нема да можат да ја натераат да скршне од вистинскиот пат. Вистината каква што е во Исуса станува огнен ѕид околу душата која во потполност се потпира на Него. Искушенијата и понатаму ќе продолжат да нè облетуваат, бидејќи на тој начин треба да бидеме испитани сè додека трае времето на нашата проверка. Самото искушение не претставува никаков грев; гревот настанува кога им попуштаме на искушенијата. {4C 357.4}

За да можеш своите способности и знаење да ги користиш така вешто во спасување на душите и во објавувањето на вистината на оние кои сè уште се во темнина како што тоа го правеше во стекнување на заработувачка и зголемување на својот земен имот, твојата круна во царството на славата би била украсена со многу ѕвезди. Малку се оние кои во служба на Бога се толку ревни како во служењето на своите земни интереси. Со одлучност во намерата секогаш се остварува саканата цел. Многумина не сфаќаат колку е важно во Божјото дело да бидеме исто толку остроумни, ревни и истрајни како и во своите земни работи. Мислите и срцето на оние кои тврдат дека веруваат во вистината треба да бидат возвишени, благородни и продуховени. Работата на образование и подготовка на умот за оваа голема задача страшно е запоставена. Во Божјото дело се работи невнимателно, и многу површно, затоа што луѓето наместо со цврсто начело и свети цели најчесто се раководат според непостојани чувства. {4C 358.1}

Неопходно е и оние кои ја познаваат Божјата волја со учење да се оспособат за да бидат успешни работници во Неговото дело. Тие треба да бидат учтиви и пријатно расположени, без лажен надворешен сјај и вообичаената извештаченост на световните луѓе; манифестирајќи секогаш вистинска љубезност, што го покажува небесниот вкус и што треба да го краси секој христијанин за да може да биде учесник во божествената природа. Недостатокот на вистинско достоинство и христијанска угладеност во редовите на почитувачите на саботата зборува против нас како народ и ја прави непривлечна вистината што ја исповедаме. Воспитувањето на вкусот и начинот на однесување кон другите треба постојано да се усовршува. Ако оние кои ја исповедаат вистината не ги искористат своите сегашни предности и можноста да израснат до полна возраст на мажи и жени во Исуса Христа, тие нема да служат на чест на делото на вистината ниту на Христа. {4C 358.2}

Ако брате мој, ги проучуваше Светите Списи со таква ревност каква што вложуваш во стекнување на земна добивка, ти денес ќе беше човек одлично запознат со Божјата реч и би бил подготвен да поучуваш други. За неуспехот што не се оквалификува да учиш други, вината ја сносиш сам. Не ги негуваше оние способности кои би те направиле умно и духовно способен работник за Господа. Склоноста кон стекнување на богатство и досетливоста во мудрувањето на овој свет го обзеле твојот ум до таа мера што си се насочил само на купување и продажба и на што поуспешна заработка во својата работа. Наместо како човек со вистински благороден карактер да ја стекнуваш

довербата на своите браќа, сестри и пријатели издигнувајќи се над сè што е нечесно, направи тие да се плашат од средбата со тебе. Ја користеше верата за да ја осигураш довербата на своите браќа, за да извлечеш што поголема материјална корист и да натрупаш што повеќе пари. Толку долго постапуваше така, така што тоа стана твоја втора природа и не увидуваш како другите гледаат на твоите постапки. За да го неутрализираат своето негативно влијание со кое ги оддалечуваше луѓето од Христа и вистината, твојот иден живот и сите твои постапки би морале да го носат обележјето на вистинската побожност. 4C 359.1}

Твојот однос кон Бога и кон ближните бара потполна промена во твојот живот. Во Својата беседа на гората на блаженствата Спасителот на светот вели: „Сè што сакате луѓето да ви прават на вас, правете им го и вие на нив; зашто тоа е законот и пророците". Ова се зборови од најголемо значење за нас и претставуваат златно правило со кое треба да го одмеруваме нашето однесување. Тоа е вистинско мерило на чесност. Навистина многу е опфатено со овие зборови. Од нас се бара со своите ближни да постапуваме онака како што би сакале тие да постапуваат со нас кога би се наоѓале во нивни околности. {4C 359.2}

Плано, Тексас,
24. ноември, 1878.

---

32. РЕЛИГИЈА ВО СЕКОЈДНЕВНИОТ ЖИВОТ

Брате Х, покажано ми е дека навистина ја љубиш вистината, но не си посветен од нејзиното влијание. Пред тебе е голема задача. „И секој кој ја полага својата надеж на Него, се чисти од гревот, за да биде чист како што е Тој". Тоа е задачата која треба да ја извршиш и немаш време за одложување. Покажано ми е дека твојот живот е многу бурен. Ти самиот знаеш дека не си исправен, но направени ти се тешки неправди и твоите побуди се погрешно протолкувани. Меѓутоа, сите твои разочарувања и парични загуби кои ги имаше Бог, во Своето провидение, ќе ги изведе на добро. {4C 360.1}

Ти беше тешко да сфатиш дека небесниот Татко е сè уште твој Добротвор. Неволите и тешкотиите кои те снајдоа многу обесхрабрувачки делуваа на тебе, така што повеќе би избрал смрт отколку таков живот. Меѓутоа, ако твоите (духовни) очи во извесни моменти беа отворени, ти би видел колку Божјите ангели се залагаат да те спасат од тебе самиот. Ангелите те одведоа таму каде што можеше да ја примиш вистината и со свои нозе да застанеш на темел поцврст од вечните планини. Тука ја здогледа светлината која те привлече и која ја засака. Новата вера и нов живот се појавуваа како живи извори на твојот пат. Во Своето провидение, Бог те доведе во врска со Неговото дело во канцеларијата на печатницата „Пацифик". Тој работеше за тебе и требаше да ја видиш Неговата рака како те води. Тагата беше твој судбински дел во животот; но многу работи сам навлече на себе, бидејќи не умееше сам да владееш со себе. Често беше преостар. Имаш многу избувлива природа и ти мораш да победиш. Во својот живот постојано си во опасност: или да бидеш самоуверен или да паднеш во малодушност и

очај. Постојаното потпирање на Божјата реч и водството на Неговото провидение би те оквалификувало тие свои сили во потполност да ги посветиш во служба на Откупителот кој те повикува со зборовите: „Ајде по Мене”. Треба да негуваш дух на потполна потчинетост на Божјата волја трудејќи се ревно и понизно да ги дознаеш Неговите намери и да го следиш водството на Неговиот Дух. Не потпирај се само на своето лично расудување. Не смееш да имаш премногу доверба во сопствената мудрост и привидна разумност. Околностите во кои се наоѓаш бараат голема внимателност. Несигурно е да се потпираш само на своето расудување. Човечките способности во најдобар случај се ограничени, а многумина по законот на наследство имаат исклучително силни, а исто така и слаби црти во својот карактер, кои во секој случај претставуваат очевидни недостатоци. Тие особености длабоко влијаат на цел нивен живот. {4C 360.2}

Мудроста која Бог ја дава ги наведува луѓето сами себе да се преиспитуваат. Вистината најдобро ги осведочува за секоја нивна заблуда и недостаток. Секој поединец мора во своето срце да биде подготвен да ги увиди тие недостатоци, да ги сфати и да ги признае, а потоа со Христова помош мора најсесрдно да се залага и да ги победи. Знаењето кое го стекнуваат мудреците на овој свет, колку и тие да се трудољубиви во собирање на истото, покрај сè останато, е ограничено и неспоредливо пониско од божественото. Сепак се малку оние кои ги сфаќаат Божјите патишта и дела во тајните на Неговото провидение. Тие напредуваат неколку чекори, а потоа веќе не се во состојба со своите нозе да го допрат цврстото дно. Само површниот мислител тврди за себе дека е мудар. Луѓето со вистинска вредност и високи достигнувања се најподготвени да ја увидат и да ја признаат слабоста на сопственото поимање. Бог сака сите кои тврдат дека се привржани на Неговото дело да бидат ученици - кои повеќе ќе бидат склони сами да учат, отколку да поучуваат други. {4C 361.1}

Колку има луѓе во денешниот свет кои во своето размислување и проучување воопшто не се впуштаа доволно длабоко. Тие само ја допираат површината. Тие не размислуваат доволно длабоко за да ги увидат постоечките потешкотии и да се фатат во костец со нив, и секое важно прашање кое ќе се изнесе пред нив не го разгледуваат внимателно и во молитва, за реално да сфатат за што всушност станува збор. Се впуштаат во нагаѓања за прашањата кои не се во потполност и грижливо проучени. Често разумните и искрени луѓе манифестираат некои свои лични мислења на кои треба одлучно да им се спротивставиме, бидејќи неупатените и оние чии способности за расудување се послаби би се нашле во опасност да бидат заведени. Кога погрешното сфаќање еднаш ќе се прифати, преминува во навика, а така создадените обичаи, склоности и желби имаат помало или поголемо влијание. Понекогаш човекот се држи за извесен став и упорно опстојува во тоа, само затоа што така навикнал, а не затоа што тоа му го наложува здравиот разум. Во таквите случаи надмоќно влијание имаат минливите чувства, а не светата должност. {4C 361.2}

Кога би можеле да ги видиме своите лични слабости и груби црти на својот карактер кои треба да ги совладаме, би сфатиле што сè е неопходно да направиме за од сè срце да се понизиме под моќната Божја рака. Потпирајќи се во беспомошност на својата душа на Христа, ние ќе најдеме надополнување за своето незнаење, слабост и непостојаност во Неговата мудрост, Неговата сила и Неговата постојаност; и така поврзани со Бога, ќе бидеме навистина светлина на светот. {4C 362.1}

Драги брате, Бог те љуби и многу е трпелив во постапувањето со тебе, и покрај твоите многубројни заблуди и грешки. Имајќи ги во предвид нежноста, сочувството и љубовта кои Бог постојано ти ги укажува, зар не би требало ти да бидеш поблаг, склон

кон простување и понежен кон своите деца? Со својата грубост и строгост ти само уште повеќе ги оддалечуваш нивните срца од себе. Не можеш да ги поучуваш на особините на трпение, простување, долго поднесување и благородност, кога заземаш таков диктаторски став и покажуваш таков темперамент во однесувањето со нив. Тие во својот карактер го носат обележјето кое неизбришливо го втиснале нивните родители; и ако сакаш да ги советуваш и насочуваш, да ги одвраќаш од секој лош пат, таа цел не можеш да ја постигнеш со грубост и начинот на однесување кој децата го сметаат за тиранија. Кога во Божји страв ги советуваш и упатуваш со длабока загриженост и нежна љубов која како татко треба да ја покажуваш кон своите заблудени деца, тогаш на дело ќе им покажеш дека вистината навистина има сила да ги преобрази оние кои со срце ја прифаќаат. Кога твоите деца не постапуваат во склад со твоите идеи - наместо да манифестираш тага и загриженост поради нивните грешки и сесрдно да се молиш за нив - ти пламнуваш со жестина на такви навреди и тоа го продолжуваш со раздразнетост која ним не може да им донесе никакво добро, туку само ги отуѓува нивните чувства и конечно потполно ги одвојува од тебе. {4C 362.2}

Твојот најмлад син е изопачен и не работи добро. Тој во своето срце е бунтовник против Бога и вистината. Паднал под влијание на таквите кои го направиле груб, суров и неучтив. Тој ти задава многу грижи, и ако не се обрати, ќе претставува тешка проба за твоето трпение. Но грубоста и заповедничката строгост нема да го поправат. Мораш татковски да настојуваш во Христов Дух да направиш на него што е можно да се направи, не во сопствен дух и под влијание на раздразливост. Во постапувањето со своите деца мораш во потполност да владееш со себе. Мораш секогаш да имаш на ум дека правдата има сестра близначка, која се вика милост. Во спроведување на правдата покажувај милост, нежност и љубов, и тогаш твоите напори нема да бидат залудни. {4C 362.3}

Твојот син има изопачена волја и неопходна му е најпромислена дисциплина. Размисли каква е околината на твоите деца, како неповолно таквото опкружување влијае на формирање на добар карактер. Ним им е неопходно да им се укаже сочувство и љубов. Најмладиот син сега е во најкритичен период на својот живот. Неговото поимање на животот сега се обликува, чувствата и склоностите добиваат свое обележје. Целокупното животно насочување на ова момче зависи од насоката по која сега поаѓа. Тој сега поаѓа на пат кој ќе го води од доблест во доблест, или од порок во порок. Го повикувам тоа момче сликите и претставите за вистината и чистотата секогаш да му останат пред очите. Попуштањето на гревот нема да му биде од никаква корист. Тој можеби си ласка себеси дека да се греши и да се оди по сопствен пат е многу пријатно, но на крајот ќе види дека тоа е ужасен пат. Ако во срцето му е друштвото на оние кои го љубат гревот и со задоволство прават зло, неговите мисли ќе бидат насочени само на она што ја понижува и ја валка душата, а чистотата и светоста за него нема да има никаква привлечност. Но кога би можел да согледа каков ќе биде крајот на престапникот и фактот дека плата и награда за гревот е само смрт, тој, совладан од свеста за опасноста која му се заканува, би извикал: „О, Татко мој, само Ти биди водач на мојата младост!” {4C 363.1}

Неговиот успех во текот на целиот живот многу зависи од тоа по кој пат тој сега оди. Би морал да ги прифати животните одговорности. Тој не е момче кое многу ветува. Нетрпелив е и му недостига самосовладување. Тоа е плод на семето кое неговиот татко го сеел и кое донесува неизбежна жетва. „Зашто што ќе посее човекот, тоа и ќе жнее”. Со каква грижливост треба да го сееме своето семе, имајќи секогаш на ум дека она што

ќе го сееме, мораме и да го жнееме. Исус сè уште го сака тоа момче. Тој умрел и за него и го повикува во Неговата прегратка да најде вистинска среќа, спокојство и мир на својата душа. Тој сега бира друштво кое пресудно ќе влијае на целиот негов иден живот. Тој без никакво одлагање треба да се поврзе со Бога и Нему безрезервно да ја посвети својата љубов и сите свои чувства. Во тоа не смее да се колеба. Сатаната ќе ги насочува против него сите свои најжестоки напади, но тој не смее да дозволи тие искушенија да го совладаат. {4C 363.2}

Покажани ми се опасностите кои им се закануваат на младите. Нивните срца се полни со големи очекувања и во нивните очи е пат кој е посипан со примамливи задоволства кои делуваат многу заводливо; но тој пат води во смрт. Тесниот пат кој води во живот ним можеби им се чини премногу трнлив, лишен од било каква привлечност, но не е така. Тоа е пат кој бара откажување од грешните задоволства; тоа е тесен пат предвиден за откупените во Господа. По тој пат не можат да одат оние кои со себе ги носат и своите товари, како што се: горделивоста, самоволието, измамата, лагата, нечесноста, страстите и телесните желби. Патот е толку тесен, така што оние кои продолжуваат по него мораат да го отфрлат, додека широкиот пат кој води во пропаст е доволно пространа, така што грешниците тука можат непречено да продолжат заедно со сите свои склоности кон гревот и злото. {4C 364.1}

Момче, ако го одбиеш сатаната и сите искушенија со кои тој те облетува, сè уште можеш да појдеш по стапките на својот Откупител и да имаш небесен мир; радоста која Тој ти ја нуди. Не барај среќа во попуштањето кон гревот. Ти можеби си ласкаш себеси дека сега си среќен, но вистинската среќа тука не се наоѓа. Попуштањето на гревот го изопачува карактерот. На секој чекор кој води пониско на младите им се закануваат нови опасности, а оние кои би можеле да им помогнат воопшто не го увидуваат и не го сфаќаат тоа. Нежниот и љубезен интерес за духовното добро на младите потполно затаило. Многумина од нив би можеле да бидат сочувани од грешното влијание кога би биле опкружени со добро друштво на оние кои постојано би им упатувале зборови на наклонетост и љубов. {4C 364.2}

Брате мој, се надевам дека нема да се обесхрабриш затоа што твоите склоности толку често господарат со тебе штом некој ќе се спротивстави на твоите постапки или на твојата волја. Никогаш не престанувај да ја бараш Христовата заштита во постојана будност и молитва. „Противете му се на ѓаволот”, вели апостолот, „и ќе побегне од вас. Приближете се кон Бога и Тој ќе се приближи кон вас”. {4C 364.3}

Мораш да се чуваш уште од една опасност. Во секој момент не си доволно внимателен да се отргнеш од сè што е зло. Ти си во опасност да бидеш премногу близок со сестрите, и со нив водиш површни и непромислени разговори. Тоа му нанесува голема штета на твојот углед. Биди многу внимателен во сето тоа, чувај се и од самото приближување на искушувачот. Многу си нервозен и раздразлив. Чајот ги возбудува нервите, а кафето го затапува мозокот; земањето на едното и другото е штетно. Подари повеќе внимание на начинот на својата исхрана. Земај здрава и нештетна храна и внимавај да не мислиш за тоа што те прави раздразлив. {4C 364.4}

Ако во твојот живот дојде до толку неопходна промена би можел, со прифаќање на важните функции за кои имаш способности, да бидеш многу корисен за канцеларијата. Покажано ми е дека си груб и невнимателен во своите постапки. Таквите твои чувства и склоности мораат да се ублажат, облагородат и издигнат. Во сите свои постапки мораш да се учиш на самосовладување сè додека тоа не ти стане навика. Со духот кој сега го манифестираш никогаш нема да стигнеш на небо. {4C 365.1}

„Љубезни, сега сме Божји деца”, вели апостолот. Може ли било кое човечко достоинство да се спореди со тоа? Има ли повозвишена положба од тоа - да се наречеме синови на семоќниот и бесконечен Бог? Ти би сакал да направиш нешто големо за Учителот, а пропушташ да го правиш токму она што најмногу би Му годело. Зар не сакаш да бидеш верен во совладување на самиот себеси, за да можеш да го имаш Христовиот мир и Спасител кој ќе пребива во тебе? {4C 365.2}

Со својот несреќен син ти треба да постапуваш ладнокрвно, спокојно и нежно; нему му е неопходно твоето татковско сочувство. Тој не треба да биде постојана мета за манифестирање на твоите неразумни барања. Ти мораш да се реформираш со оглед на духот кој го манифестираш. Избувливоста која толку долго не е зауздувана не може да се потчини во еден момент: но пред тебе е животна задача градината на своето срце да ја чистиш од отровниот плевел на нетрпеливоста, пронаоѓање на туѓите грешки и диктаторски склоности. „Родовите на Духот се: љубов, радост, мир, трпение, добрина, милост, вера, кротост, воздржување”. Оние кои се Христови го распнуваат телото со неговите склоности и телесни желби; но во твојот случај животинскиот дел од твојата природа ја презема власта и господари со она што е духовно и добро. Тоа е спротивно на поредокот кој Бог го воспоставил. {4C 365.3}

Твојата совесност во работата е вредна за пофалба. Би било добро кога и останатите во канцеларијата во поглед на верноста, трудољубивоста и исправноста би се угледале на твојот пример. Но тебе ти недостигаат особините на Божјиот Дух како што се: љубезност, милост и угладеност. Ти си разумен човек, но долго ги злоупотребуваше своите способности и своите духовни сили. Исус ти ја препорачува Својата благодат, трпение и љубов. Ќе сакаш ли да го примиш тој дар? Биди многу повнимателен во своите зборови и постапки. Секоја мисла, секој изговорен збор, секоја направена постапка во твојот секојдневен живот, претставуваат семе фрлено во земја кое ќе никне и ќе донесе плод: за вечен живот или за несреќа и пропаст. Размисли, брате мој, како Божјите ангели гледаат на твојата бедна состојба кога ќе дозволиш со тебе да завладее страста. А потоа тоа го запишуваат во небесните книги. Какво е семето, таква ќе биде и жетвата. Ќе мораш да го жнееш она што си го посеал. {4C 366.1}

Ти треба да ги контролираш своите желби во јадењето и во Христово име да излезеш како победник и во тој поглед. Со прифаќање на исправните навики во тој поглед, можеш значително да го подобриш своето здравје. Твојот нервен систем е растроен во голема мера, но Големиот Лекар може да ти ги излекува телото и душата. Направи ја Неговата сила своја поддршка, Неговата милост - своја сила, и твоите физички, морални и духовни сили значително ќе се подобрат. Ти имаш повеќе слабости отколку што имаат другите, кои треба да ги победиш, и затоа твоите судири ќе бидат значително поостри; но на Христовото око нема да му се провлечат твоите вредни напори; Тој знае колку тешка борба мораш да водиш за да можеш да го потчиниш своето „јас” на контролата на Неговиот Дух. Предај се потполно во Христовите раце. Облагородувањето на својата природа мораш себеси да си го поставиш за животна цел, за навистина да претставуваш благослов за своите деца и за сите со кои доаѓаш во допир. Небото со задоволство ќе гледа на секоја победа која ќе ја стекнеш во цел на самосовладување. Ако, гледајќи постојано во Исуса како во Зачетник и Завршеток на својата вера, го отфрлиш гневот и раздразливоста сè уште можеш - благодарение на Неговите заслуги - да развиеш христијански карактер. Изврши одлучна промена без никакво одложување и одлучи во животот да одиграш улога која доликува на разумот со кој Бог те надарил. {4C 366.2}

Кога во визија ми беше покажана човечката сегашна состојба во поглед на неговите физички, умни и морални сили, она што тој -благодарение на Христовите заслуги - би можел да стане, бев вчудоневидена што човекот останува на толку ниско ниво. Човекот може постојано да се развива во Христа кој е негов жив Пример. Тоа не е дело за еден момент, туку доживотна задача. Развивајќи се секојдневно во животот на побожност, тој нема да престане да стекнува потполна возраст на совршен човек во Христа сè додека времето на неговата проверка не заврши. Растењето е постојан и непрекинат процес. Луѓето со огнен темперамент мораат постојано да се борат сами со себе; но ако борбата е потешка, повеличествена ќе биде победата и вечната награда. Со својата поврзаност со канцеларијата за публикации ти си во положба посебните црти на твојот карактер да дојдат до израз. Малите изрази на љубезност и учтивост во животот треба да се негуваат. Пријатното и добродушно расположение, споено со цврстото начело на правда и чесност, ќе те направат угледен и влијателен христијанин. Сега е време морално да се удостоиш за небото. Христовата благодат која облагородува и духовно издигнува е неопходна и на членовите на црквата на која ѝ припаѓаш. Христовите следбеници треба да бидат луѓе кои уживаат добар глас, кои се морално чисти, возвишени и чесни; тоа Бог го бара од нив; љубезноста е важна исто како и верноста. Да се биде исправен во значајните прашања е многу важно, но тоа не е изговор за запоставување на верноста во делумно помалку важните точки. Принципиелноста во почитувањето на Божјиот закон мора да се огледа во секојдневниот живот како и во развојот на карактерот. Пријатната природа, заедно со цврстината во верноста го прават човекот соодветен за секоја положба. Апостол Петар храбри и препорачува: „А над сè бидете сложни, братољубиви, милостиви, учтиви”. {4C 367.1}

Мораме да бидеме ученици во Христовото училиште. Не можеме да кажеме дека го следиме Неговиот пример ако во своето однесување покажуваме нељубезност и дух на непристапност. Треба да се негува вистинска христијанска учтивост. Никој друг не може толку да го намали и ослабне нашето влијание како што можеме ние самите да го направиме тоа со попуштање на својот неконтролиран темперамент. По природа човекот не знае за вистинска среќа и ретко кога е задоволен. Тој верно копнее за некоја поповолна положба во животот или за промена на околината, надевајќи се дека таму ќе најде мир и спокојство за својата душа. Цел живот му се чини обременет со тешки крстови и неволи, додека - со контролирање на својата природа и зауздување на својот јазик - многу од тие непријатности би можел да ги избегне. „Благиот одговор го стивнува гневот, а лошиот збор предизвикува кавга”, вели мудриот Соломон. Со одмаздољубивост и враќање зло за зло никогаш не се победува непријателот. Добро урамнотеженият темперамент шири позитивно влијание околу себе; но „оној кој нема власт над својот дух е како разрушен град без ѕидови”. {4C 367.2}

Да го разгледаме Мојсеевиот живот. Кротоста наспроти мрморењето, нападите и предизвиците од сите страни претставувала најсвета точка на неговиот карактер. Даниел исто така бил човек со понизен дух. Иако опкружен со недоверба и сомневање на злонамерните непријатели кои отворено атакувале на неговиот живот, тој сепак не отстапил од начелата. Ја сочувал ведрината на духот и непоколебливата доверба во Бога. Над сè друго, учи од Христовиот живот, Кој не пцуеше, кога Го пцуеја; не се закануваше кога страдаше. Оваа поука мораш да ја научиш, инаку никогаш нема да отидеш на небо. Кога Христа ќе го направиш своја сила, во Негово име ќе бидеш повеќе од победник. Непријателот нема да може да те надвладее со никакво гатање против Јаков, ниту со претскажување против Израел. Ако твојата душа со вера цврсто се држи

за Вечната карпа, ти си во потполна сигурност. Ниту радоста, ниту тагата, ниту било што друго во животот нема да те наведе да застраниш од вистинскиот пат. {4C 368.1}

Ти си како брод во разбранувано море во овој свет, но вечната вистина нека биде твое сидро. Мораш будно да ја чуваш својата вера. Не поведувај се по моменталните чувства ниту се впуштај во нејасни и замаглени теории. Највозвишена цел нека ти биде својата вера во Христа и покорување на Божјиот закон да ги докажеш со лично искуство. Биди подготвен да ги прифатиш советите и препораките на оние кои имаат длабоко искуство во вистината. Сериозните напори во настојувањето да бидеш победник, никако немој да ги одложуваш. Биди искрен кон самиот себе, кон своите деца и кон Бога. Во постапувањето со својот ожалостен син, мораш да бидеш многу нежен. Како татко, мораш секогаш да имаш на ум дека повод за големото нервно возбудување не се само задоволство и уживање, туку исто така и чувство на најострa болка. Нашиот Господ се интересира за сите кои на овој свет страдаат и патат, и во тоа потполно се поистоветува со нив. {4C 368.2}

Многу родители пропуштаат своите деца и млади да ги воспитуваат така што во животот ќе бидат корисни, служејќи на благослов на себе и на другите. На децата често и се попушта од најраното детство и така лошите навики им стануваат втора природа. Родителите практично го свиткуваат дрвото додека уште е младо. На тој начин, тие или го деформираат карактерот на своите деца или пак го прават соодветен и правилно развиен. Меѓутоа, додека многумина грешат со преголемо попуштање, други одат во спротивна крајност и над своите деца господарат со железна палка. Ниту едните ниту другите не постапуваат во склад со библиските упатства, туку ужасно грешат. Тие на тој начин го формираат карактерот на своите деца и пред Бога ќе мораат да полагаат сметка како го правеле тоа. Само вечноста ќе ги открие последиците на постапките направени во овој живот. „Како дрвото се свиткува додека е младо, така ќе расте”. {4C 368.3}

Твојот начин на управување е погрешен; тоа е неоспорен факт. Не си воопшто нежен и сочувствителен татко. Каков пример со тоа безумно покажување на гнев им пружаш на своите деца! Каква сметка за таа своја изопачена строгост ќе положиш пред Бога! Ако сакаш тие деца да те почитуваат и сакаат, мораш и ти ним да им укажуваш љубов и сочувство. Попуштањето на избувливоста и гневот со ништо не може да се оправда. Тоа е секогаш слепо и изопачено. {4C 369.1}

Бог бара од тебе да го промениш својот начин на постапување. Ако си подготвен да преземеш одлучни напори со цел на стекнување на победа, сè уште можеш да станеш корисен и успешен работник во канцеларијата. Не истакнувај го своето мислење како критериум. Господ те довел во врска со Својот народ за да станеш ученик во Христовото училиште. Твоите идеи беа изопачени и затоа не се потпирај само на својот разум. Ако суштински не се промениш во животот, не можеш да бидеш спасен. И покрај фактот дека „бил покроток од сите луѓе на земјата”, Мојсеј во една прилика го предизвикал Божјото негодување. Мрморењето на Израелевите синови поради тоа што им снемало вода, силно го вознемирило. Незаслуженото префрлање и обвинување од страна на народот го навело во еден момент да заборави дека нивното моморење не е насочено против него, туку против Бога; и наместо да жали што Светиот Дух бил ожалостен и навреден, тој се почувствувал лично навреден, па во нетрпение самоволно и лутито удрил во карпата двапати, велејќи: „Слушајте, одметници, ќе извадиме ли од оваа карпа вода?” Мојсеј и Арон во оваа прилика се истакнале себеси наместо Бога, како тие да го направиле ова чудо. Тие пред народот не го издигале Бога, туку себеси.

Многумина на крајот нема да наследат вечен живот затоа што на сличен начин попуштаат на своите чувства. {4C 369.2}

Во таа прилика Мојсеј покажал голема слабост пред народот. Во очевиден недостаток на самосовладување, покажал ист дух како и оние кои постојано мрмореле. Требало да биде пример на трпение и долго поднесување пред мноштвото на тие незадоволници кои едвај дочекале својата бесчувствителност и беспричинско мрморење да го правдаат со оваа погрешна постапка од негова страна. Најголемиот Мојсеев гнев се состоел во тоа што недозволено се осмелил да го заземе местото кое му припаѓа само на Бога. Чесната положба која дотогаш ја заземал не ја намалила неговата вина, туку напротив ја направила значително потешка. Поради тоа паднал човекот чиј живот дотогаш бил беспрекорен. Многумина во слична положба би сметале дека преку нивниот грев ќе се премине лесно затоа што зад себе имаат долг живот на непоколеблива верност. Но не; било посериозна работа за човек кој бил почитуван од Бога да покаже слабост во карактерот со покажувањето на гнев, отколку да се наоѓал на помалку одговорна положба. Мојсеј бил Христов претставник, но колку жално бил посрамен тој лик! Неговата верност од минатото не можела да биде надополнување за неговиот тогашен престап, бидејќи навистина згрешил. Целиот израелски народ ја создавал историјата за идните поколенија. И непогрешливото перо на вдахновение морало да напише точно и без никакво разубавување. Требало луѓето од сите идни времиња да увидат дека небесниот Бог непоколебливо се држи за правдата и дека во никој случај не го оправдува гревот. Мојсеј и Арон - подложни на иста казна која ги снашла и сите останати кои биле значително на пониска положба - морале да умрат во пустината, не влегувајќи во земјата на ветувањето. Тие се помириле со тоа, иако со неискажана тага во срцето; но во својата љубов и доверба во Бога останале непоколебливи. Нивниот пример претставува тешка поука од која многумина не извлекуваат неопходна поука. Им се чини дека гревот не е толку одвратен во Божјите очи. Самоиздигнувањето не им изгледа толку големо зло. {4C 369.3}

Малкумина се оние кои ја сфаќаат сета одвратност и погубност на гревот; тие си ласкаат себеси и на другите дека Бог е премногу добар за да ги казнува престапниците. Меѓутоа, случаите на Мојсеј и Арон, Давид и многубројни други поединци покажуваат колку е опасно да се впуштаме во грев, без разлика дали на зборови или на дело, или дури и во мислите. Бог е суштинско олицетворение на љубовта и сочувството. Во Своето последно обраќање на Израелевите синови, Мојсеј нагласил: „Бидејќи Господ твојот Бог е оган кој спалува; Тој е Бог Кој ревнува". Трогателната Мојсеева молитва да не му се скрати толку саканата предност со својата нога да зачекори во Хананската земја, била одлучно одбиена. Престапот кај Кадис бил отворен и очевиден; и ако положбата на сторителот била повозвишена и ако тој како човек бил поистакнат, дотолку поцврста била божествената одлука и казната понеминовна. {4C 370.1}

Драги брате, прифати ја со сето срце оваа опомена. Биди искрен кон светлината која го осветлува твојот животен пат. Павле вели: „Туку го поробувам своето тело и го потчинувам; за проповедајќи им на другите и самиот да не бидам отфрлен". {4C 371.1}

---

33. ПОСВЕТЕНОСТ НА ПРОПОВЕДНИЦИТЕ

Пред три години Господ во визија ми ги откри минатото, сегашноста и иднината. Видов дека вистината ја проповедаат млади луѓе кои во исто време, ниту самите не ја прифатиле во потполност. Тие се обидуваат други да приведат кон вистината, а самите од неодамна ѝ пристапиле. Покажан ми е и твојот случај брате И. Твојот живот во минатото не беше живот на победа и не успеваше да се издигнеш над затвореноста во самиот себеси. Ти си по природа себичен, полн со себе и вообразено се потпираш на својата сила. Тоа ќе те спречи во стекнување на искуство кое е неопходно за да станеш понизен и ефикасен Христов проповедник. {4C 371.2}

Многумина од оние кои работат во тоа поле се наоѓаат во слична состојба. Тие можат да ги изнесат теориите на вистината, но им недостига вистинска побожност. Кога проповедниците кои сега работат во тоа поле, вклучувајќи те тука и тебе, би чувствувале потреба секој ден да се преиспитуваат себеси и во молитва да одржуваат постојана врска со Бога, би биле во состојба од Бога да примаат зборови кои треба му ги пренесат на народот. Вашите зборови и вашиот секојдневен живот би претставувале животен мирис за живот или смртен за смрт. {4C 371.3}

Ти можеби веруваш во вистината со својот разум, но сè уште ти претстои должноста секоја постапка во својот живот и секое чувство на своето срце потполно да ги ускладиш со својата вера. Христовата молитва за учениците пред самото Негово распнување била: „Посвети ги со Својата вистина: Твојата реч е вистина”. Влијанието на вистината треба видно да делува не само на разумот, туку исто така и на срцето и на животот. Вистинската вера, применета во практичниот живот, го наведува оној кој ја поседува да владее со своите чувства. И со својот надворешен изглед и со своето однесување тој треба да покажува дека во потполност е посветен со вистината. Тебе сериозно ти недостига практична побожност, тоа можам со сигурност да ти го кажам пред Бога. Проповедниците не треба да преземаат на себе одговорност на поучување на другите како да се угледаат на Христа, Кој е наш голем Пример, ако тие самите не се посветени на таа голема задача така што можат да служат како пример на своето стадо. Непосветениот проповедник може да направи непроценлива штета. Бидејќи се прикажува како Христов претставник, луѓето се склони да се угледаат на неговиот пример и ако нему му недостигаат особините на вистински христијанин, сите негови грешки и карактерни недостатоци ќе се појават и во нив. {4C 371.4}

Луѓето можат многу речито да повторуваат некои големи вистини кои толку темелно и совршено се изнесени во нашите публикации; можат ревно и убедливо да зборуваат за опаѓањето на верата во црквите; можат на многу вешт начин да им укажуваат на слушателите на возвишеноста на евангелските критериуми, а во исто време да ги сметаат неважни секојдневните должности на христијанскиот живот, кои бараат не само чувства туку и дела. Тоа е опасноста која токму тебе ти се заканува. Практичната религија бара потполна посветеност на срцето, разумот и секојдневниот живот. Нашата света вера не се состои ниту само во делата ниту пак само во чувствата, туку и едното и другото треба да се комбинираат во секојдневниот христијански живот. Практичната религија не постои независно од делувањето на Светиот Дух. На тебе, брате мој, ти е неопходна оваа придвижувачка сила, како и на сите кои се нафаќаат на одговорноста да ги осведочуваат престапниците за нивната грешност. Тоа делување на Светиот Дух не нè ослободува од неопходноста да ги користиме своите способности и таленти, туку нè учи како сите свои сили да ги употребиме на слава на Бога. Човечките способности, кога се под посебно влијание на Божјата благодат, можат да послужат за

најдобрите цели уште на оваа земја, а потоа би биле употребени и во идниот живот на бесмртност. {4C 372.1}

Брате мој, покажано ми е дека ти би можел да бидеш многу успешен учител кога во потполност би се посветил на делото, но ако ја пропуштиш таа можност, ќе пропуштиш да бидеш многу неподобен како работник. Не си подготвен како проповедник на евангелието да прифатиш тешки должности во улога на слуга, како што тоа го правел Откупителот на светот; и во тој поглед многумина покажуваат ист недостаток како и ти. Тие примаат плата и не помислувајќи дали во служба на Бога и црквата направиле сè што било во нивна моќ, посветувајќи го сето свое време и таленти само на тоа, или пак само зборувале од катедрата, а за сето останато време ги гледале само своите лични интереси, склоности и задоволства. {4C 372.2}

Христос, Величеството на небото, ја оставил Својата царска облека и се спуштил на овој свет сиот пропаднат во проклетството на гревот; за да ги учи луѓето како треба да се живее со живот на самооткажување и жртва и како практичната религија да се примени во секојдневниот живот. Тој дошол на проповедникот на евангелието да му пружи совршен пример. Се залагал истрајно за една единствена цел, посветувајќи ги сите свои сили на спасување на луѓето, и секоја постапка од Неговиот живот била насочена кон таа цел. Патувал пеш, користејќи го и тоа време на Своите ученици да им пружи одредени поуки. Облеката Му била правлива и избледена од патувањето, така што неговата појава не била привлечна. Но едноставните и јасно одредени вистини кои допирале од Неговите божествени усни, направиле Неговите слушатели набргу да ја изгубат од вид Неговата надворешност и да бидат воодушевени не само со Неговата појава туку и со учењето кое го изнесувал. Бидејќи цел ден го поминувал во поучување на народот, често ги користел ноќите за молитва. Со солзи и молби упатувал силни молитви на Својот Татко, не за Себе туку за оние поради чие спасение дошол на овој свет. {4C 373.1}

Малку се оние проповедници кои се молат по цела ноќ, како што тоа го правел нашиот Спасител, или кои дење посветуваат часови во сесрдна молитва за како проповедници, да бидат успешни во приведување на заинтересирани за вистината: да ја сфатат нејзината убавина и да се спасат благодарение на Христовите заслуги. Даниел му се молел на Бога по трипати на ден, додека многумина кои се истакнуваат со својата побожност не се понизуваат во молитва ниту еднаш во текот на денот. Исус, нашиот драг Спасител, дава исклучителни поуки за понизноста на сите, а особено на проповедниците на евангелието. Кога Неговото дело на Земјата речиси било завршено, и кога требало да се врати на престолот на Својот Татко од каде што и дошол, Тој - и покрај сета сила, авторитет и слава на кои имал право - во Својата последна поука дадена на учениците го нагласил значењето на понизноста. Додека Неговите ученици се расправале околу тоа кој треба да биде најголем во ветеното царство, Тој како слуга им ги измил нозете на оние кои Го нарекувале свој Господ и Учител. {4C 373.2}

Неговата мисија била речиси веќе завршена; требало да им даде само уште неколку поуки на учениците. За тие никогаш да не ја забораваат Неговата понизност како пречисто и невино Божје Јагне и Неговата голема жртва од љубов кон човекот - Тој се понизил до таа мера да им ги измие нозете на Своите ученици. Би било добро кога и останатите наши проповедници често би размислувале за завршните настани од животот на Откупителот. Неговите постапки во моментите кога бил изложен на најтешки искушенија претставуваат за нас поуки од најголемо значење. Добро би било секој ден да поминеме барем еден час во сериозно размислување за Христовиот живот

од јаслите до Голгота. Би требало во мислите да Го следиме ден за ден, создавајќи жива претстава за секој настан, а посебно за оние на крајот на Неговиот земен живот. Таквото размислување за Неговите поуки и страдања, за неизмерната жртва поднесена со цел на спасување на човечкиот род, би ја зацврстило нашата вера, би ја обновило нашата љубов и би биле подлабоко исполнети со Духот кој го поддржувал нашиот Спасител. За да бидеме спасени на крајот, поуките за покајание и вера сите мораме да ги научиме во подножјето на крстот. Христос се изложил на најголемо понижување за да нè спаси од вечна смрт. Се согласил на презир, потсмев и најтешко малтретирање поради нас. Нашите постапки ја обвиткале со превез на темнина Неговата божествена душа и го изнудиле Неговиот претсмртен крик: „Боже мој, Боже мој, зашто ме остави?" Ги поднесувал сите наши таги и секоја болка, страдајќи поради нашите гревови. Се согласил да биде жртвуван за гревот - за да можеме ние преку Него да се оправдаме пред Бога. Размислувањето за Христа и за Неговите страдања на крстот го буди во човекот сето она што е возвишено, благородно и чисто. {4C 374.1}

О, кога нашите проповедници повеќе би размислувале за распнатиот Христос на Голгота, нивните срца би биле потполно совладани од неискажаната љубов на Откупителот, која Го поттикнала на таа неизмерна и непроценлива жртва. Кога нашите проповедници во теоретското излагање повеќе би се задржувале на практичната побожност, зборувајќи од срце исполнето со духот на вистината, би виделе многу повеќе души собрани под знамето на вистината; нивните срца би биле поттикнати со доказите од Христовиот крст - со Неговата бескрајна љубов, сомилост и страдање поради човекот. Кога со доктриналните предмети би се изнесувале и овие значајни животни прашања, тоа би делувало многу позитивно на слушателите. Но срцето на говорникот мора да биде исполнето со искуствено спознавање за Христовата љубов. {4C 374.2}

Моќниот доказ од крстот најуспешно го осведочува грешникот за неговата вина. Божествената љубов кон грешниците, изразена во тоа што и Својот Син го предал на најголемо понижување и смрт за тие да се издигнат и да се удостојат за вечниот живот, претставува предмет на доживотно проучување. Те повикувам предметот за Христовиот крст повторно и уште подобро да го проучиш. Кога сите оние кои се горделиви и фалбаџии, чии срца копнеат по аплаузи и издигнување над своите ближни, би можеле правилно да ја проценат вредноста на најголемата земна слава во споредба со вистинската и неминлива вредност - со познавање на Божјиот Син, отфрлен, презрен и најгрубо навредуван токму од оние кои дошол да ги спаси, колку безвредни и ништожни би изгледале сите почести кои може да ги даде смртниот човек! {4C 375.1}

Драги брате, ти и покрај сета несовршеност сметаш дека си оспособен за речиси секоја положба. Меѓутоа, се покажа дека не си способен да владееш ниту со себеси. Се чувствуваш меродавен да им наредуваш на искусните луѓе, додека би требало послушно да дозволиш да бидеш воден, ставајќи се во положба на ученик. Ако помалку размислуваш за Христа за Неговата неспоредлива љубов, и што помалку се трудиш да станеш сличен на Него, дотолку подобро изгледаш во сопствените очи и дотолку твојата самодоверба и самоизвишување уште повеќе доаѓаат до израз. Вистинското познавање на Христа, постојаното гледање на Него како Зачетник и Свршител на нашата вера, ќе ти даде таква претстава за карактерот на правиот христијанин, така што потполно ќе се осведочиш колку твојот живот и карактер се во спротивност со животот на Оној Кој е наш голем Пример. Тогаш ќе ја увидиш својата слабост, своето незнаење, својата љубов

кон удобниот живот и својата неподготвеност да се откажеш од самиот себеси. {4C 375.2}

Ти само што почна да ја проучуваш светата Божја реч. Собра неколку скапоцени камења на вистината кои другите ги ископаа со тешки напори и многу молитви; меѓутоа, Библијата е преполна со такви скапоцени камења; направи ја таа Книга предмет на своето најсердно проучување и правило на својот живот. Ти секогаш ќе бидеш во опасност да го презираш советот и себеси да си придаваш поголема вредност отколку што Бог ти дава. Многумина се секогаш подготвени да го фалат и издигнуваат проповедникот кој има говорнички способности и да му ласкаат. Младиот проповедник е сè уште во опасност да се возгордее од таквото ласкање и одобрување на своја лична штета, додека во исто време можат да му недостигаат оние битни својства кои Бог ги бара од сите кои тврдат дека се Негови претставници. Ти штотуку тргна во Христовото училиште. Оспособувањето за должноста која е пред тебе претставува доживотна задача, секојдневна, напорна и постојана борба против вкоренетите и наследени склоности. За да го истакнеш само Исуса, губејќи се себеси потполно од вид, потребно е да се вложуваат постојани, сесрдни и будни напори. {4C 376.1}

Ти мораш будно да внимаваш на слабите точки во својот карактер, да ги отфрлиш сите зли склоности, а да ги развиваш и зацврстуваш во себе сите благородни особини кои сè уште не дошле до израз. Светот никогаш нема да дознае за процесот кој таинствено се одвива помеѓу душата и Бога: внатрешната огорченост на духот, гадењето од самиот себеси и истрајните напори со цел на самосовладување; но многумина ќе можат да ги забележат резултатите на тие напори. Тие ќе видат дека Христос секојдневно се открива во твојот живот. Ти ќе бидеш живо послание кое го гледаат и читаат сите луѓе и ќе поседуваш благороден и соодветно развиен карактер. {4C 376.2}

„Научете се од мене", вели Христос; „бидејќи Јас сум кроток и понизен во срцето; и ќе најдете спокој на својата душа". Тој е подготвен да ги поучи сите кои од Него ќе побараат знаење. Светот е преполн со лажни учители. Апостолот вели дека во последните денови луѓето „по своја желба ќе насоберат учители како што ги чешаат ушите". Поради таквите, Христос предупредува: „Пазете се од лажните пророци, кои доаѓаат кај вас во овчо руно, а одвнатре се глабливи волци. По родовите нивни ќе ги познаете". Вероучителите опишани овде тврдат за себе дека се христијани. Тие имаат надворешно обличје на побожност и изгледа дека се залагаат за спасение на душите, додека во срцето се полни со лакомство, себични се, бараат задоволства и одат само според барањата на своето непосветено срце. Тие се во спротивност со Христа и неговото учење, бидејќи им недостига Неговата кротост и дух на понизност. {4C 376.3}

Проповедникот кој ги објавува светите вистини наменети за овие последни денови мора суштински да се разликува од ваквите; со својот живот и практична побожност, тој мора јасно да ја покаже разликата која постои помеѓу лажниот и вистинскиот пастир. Добриот пастир дошол да го бара и спаси она што е изгубено. Тој Својата љубов кон секоја овца ја докажува со Своите дела. Сите пастири кои тврдат дека се под водство на Главниот Пастир ќе ги манифестираат Неговите особини; тие секогаш ќе бидат кротки и понизни во срцето. Верата слична на довербата на детето донесува мир на душата и делува преку љубовта која секогаш се огледува во интересот за другите. Оние во кои престојува Христовиот Дух ќе бидат слични на Христа и ќе ги прават Неговите дела. Многумина кои полагаат право да се нарекуваат Христови проповедници погрешно го сфаќаат својот Учител. Тие тврдат дека му служат на Христа, а не се свесни дека знамето

под кое се наоѓаат е всушност сатанско. Тие можат да изгледаат мудри во очите на овој свет, но Бог како такви не може да ги употреби. Побудите кои нè поттикнуваат да направиме нешто даваат карактер на нашето дело. Иако луѓето можеби не ги забележуваат сите тие недостатоци, Бог гледа сè. {4C 377.1}

Божјата реч може да осведочи некои души кои искрено ќе ја примат верата и на крајот ќе бидат спасени; но себичниот проповедник кој ја изнесувал вистината на тие души, нема да има пред Бога никакви заслуги за нивното обратување. Тој ќе биде осуден поради своето неверство кое го покажува во исто време додека тврди за себе дека е стражар на ѕидовите на Сион. Горделивоста на срцето е страшна црта на карактерот. „Горделивоста доведува до погибел и горделивиот дух до пропаст". Ова е законитост која се потврдува и во семејството, и во црквата и во нацијата. Како што правел и додека бил на Земјата, Спасителот на светот бира едноставни луѓе кои немаат некое високо образование и ги учи да ја објавуваат Неговата вистина, во сета нејзина убавина и едноставност, да ја објавуваат на светот, а особено на сиромашните. Како Главен Пастир, Тој сака потпастирите да се поврзат со Него. Тој не сака тие неуки луѓе да останат необразовани и неупатени додека ја продолжуваат својата работа, туку постојано да учат од Него, Кој е Извор на секое знаење, светлина и сила. {4C 377.2}

Отсуството на Светиот Дух и Божјата благодат го прават проповедникот толку немоќен да ги осведочи и обрати своите слушатели. По Христовото вознесување, најучените луѓе, старешините, свештениците и теолозите ги слушале со вчудоневидување зборовите на мудрост и сила кои ги зборувале неуки и скромни луѓе. Овие мудри луѓе се восхитувале на успехот на понизните ученици, и конечно, на свое задоволство, дошле до констатација дека тоа е така заради фактот дека тие биле со Исуса и од Него учеле. Нивниот карактер и едноставноста на нивното учење биле слични на Христовиот карактер и учење. Апостол Павле ова го опишува со следниве зборови: „Она што е лудо пред светот, Бог го избра да ги посрами мудрите; и што е слабо пред светот, тоа го избра Бог да ги посрами силните; и што е неблагородно пред светот и понижено, и она што се смета за ништо, Бог го избра да го уништи она што е нешто, да не се пофали ниту едно тело пред Бога". {4C 378.1}

Оние кои денес проповедаат непопуларна вистина мораат со истакнување на нашето учење да бараат помош за ветената „сила одозгора", инаку резултатите на нивните напори ќе останат безначајни. Драгоцената особина која се вика понизност тажно недостига и кај проповедниците и во црквата. Луѓето кои ја проповедаат вистината имаат премногу високо мислење за своите способности. Вистинската понизност го наведува човекот да го издигнува Христа и вистината и да биде свесен за својата потполна зависност од Бога, Кој е Автор на вистината. Поуката за понизност се учи тешко и многу болно, но на крајот тоа донесува најблаготворни резултати. Болниот процес кој обично го следи учењето и прифаќањето на оваа поука е предизвикан со лажната претстава за себе и за преценување на својата вредност, така што не сме во состојба да ги увидиме своите многубројни недостатоци. Човечкото срце е најчесто полно со горделивост и суета. До промена и реформа во тој поглед може да дојде само благодарение на влијанието и делувањето на Божјата благодат. {4C 378.2}

Твоја задача, мој брате, е самиот да се понизиш, а не да чекаш Бог да те понизи. Божјата рака понекогаш тешко ги притиска поединците, за во понизност пред Него да го заземат местото кое по правило им припаѓа; но колку е подобро во своето срце секој ден да сме понизни пред Бога! На нас е или самите да се понизиме, или во својата горделивост ќе чекаме сè додека Бог не нè понизи. Проповедниците на евангелието

денес малку поднесуваат поради вистината. Кога би биле прогонети како апостолите и светите Божји луѓе во подоцнежните времиња, тогаш поцврсто би се држеле за Христа и таа тесна поврзаност со Спасителот би дала на нивните зборови поголема сила и влијание во светот. Христос бил запознат со страдањата; бил изложен на малтретирање и спротивставување од страна на грешниците; бил сиромашен и често страдал од глад и умор; искушувачот постојано Го напаѓал со нови искушенија, и со своите зборови и учење предизвикувал најогорчена омраза кај противниците. Од што денес ние се откажуваме поради Христа? Со што ја покажуваме својата верност кон вистината? Одбегнувајќи го сето она што не ни се допаѓа, да се оттргнеме од грижите и одговорностите. Можеме ли да очекуваме соработка на Божјата сила во нашите напори додека толку малку се посветуваме на интересите на Неговото дело? {4C 378.3}

Брате мој, покажано ми е дека твојот критериум на побожност не е на соодветна висина. Својот долг на одговорност кон Бога и кон општеството би морал подлабоко да го чувствуваш, тогаш не би бил толку задоволен сам со себе ниту би се обидувал да ги оправдаш своите пропусти укажувајќи на пропустите на другите. Не ја познаваш вистината толку темелно за да можеш да престанеш со напорите за свое понатамошно оспособување во својство на учител. За да станеш навистина способен како проповедник, верен на својот повик, побожен и свет, неопходно ти е ново обратување. И кога цела своја енергија би ја посветил на Божјото дело, сепак не би направил премногу. И најдоброто што било кој од нас може да го направи претставува само несовршена жртва. Со постојано настојување што повеќе да му се приближиш на Бога и попотполно да се посветиш на Неговото дело, ќе наоѓаш во личното истражување на Светите Списи секогаш нови идеи. {4C 379.1}

За да ја сфатиш вистината, мораш со одговарачка дисциплина постојано да го привикнуваш својот ум да копнее по особината на вистинска побожност. Засега едвај нешто претчувствуваш за тоа. Кога Христос ќе престојува во тебе, тогаш ќе поседуваш нешто повеќе од самата теорија за вистината. Тогаш нема само да ги повторуваш поуките кои Христос ги давал додека бил на Земјата, туку со својот живот на самооткажување и потполна посветеност на Божјото дело воспитно ќе делуваш на другите. Твојот живот ќе претставува жива проповед која делува поубедливо и посилно од било какво излагање од катедрата. {4C 379.2}

Духот на несебичност, самооткажување и вистинска побожност кој сакаш да го видиш во животот на другите, прво мораш да го негуваш во самиот себе. За постојано да се развиваш во духовната мудрост и да стануваш сè поуспешен во својот повик, мораш да се навикнуваш да бидеш исто толку корисен и во помалите должности на секојдневниот живот. Не смееш пасивно да чекаш сè додека не ти се пружи прилика за некое големо дело во животот, туку подготвено да ја искористиш првата шанса да се покажеш верен во најмалото, и тоа ќе ти го отвори патот на постепено напредување од една доверлива положба на друга. Склон си да мислиш дека знаеш сè, и дека затоа ја занемаруваш молитвата, будното стражење и грижливото проучување на Светите Списи, а поради тоа можеш да станеш лесен плен на непријателот. Патот по кој продолжуваш во твоите очи може да изгледа совршено добар, додека во стварност е потполно погрешен. Сега е време цврсто да се определиш и потполно да го разочараш непријателот. Мораш да бидеш многу поревен и поостар во критикувањето на самиот себе. Склон си своето лично мислење да го поставуваш како критериум, не почитувајќи го мислењето и судот на искусните луѓе кои сам Бог ги употребил да го унапредат Неговото дело. Денешните млади проповедници не знаат речиси за никакви тешкотии

и неволи; и многумина од нив никогаш нема да станат онака корисни какви би можеле да бидат, токму поради тоа што должностите и обврските им се премногу олеснети. {4C 380.1}

Ти во своето семејство имаш одговорности кои според твое мислење ти се добро познати, но ти за тоа знаеш многу помалку отколку што би морал да знаеш. Ќе мораш да се одучиш од многу навики кои во својата горделивост си ги прифатил. Покажано ми е дека извесни идеи си ги прифатил како прва вистина, а кои всушност се спротивни на Библијата. Поради таквите сфаќања, Павле уште во свое време морал да се судрува и бори со младите служители. Премногу си брз подготвено да го прифатиш мислењето и ставовите на поедини луѓе како светлина; но внимавај своите идеи да не ги претставуваш како библиска вистина. Внимавај будно на своите чекори. Се надевав на таква реформа во твојот живот, така што никогаш нема да морав да ги напишам овие зборови. {4C 380.2}

Во својот дом имаш должност која не можеш да ја избегнеш и во исто време да останеш верен на Бога и на светата доверба која ти е укажана. Ова на што сега ти укажувам не ми е покажано посебно во твојот случај, туку во стотина слични случаи; затоа гледајќи дека паѓаш во иста заблуда во која паѓаат многу родители на ова поколение, не можам да најдам никаков изговор за твоето запоставување на родителската должност. Ти имаш само едно дете, една душа доверена на твоја грижа. Меѓутоа кога покажуваш толку очевидни слабости и недостаток на мудрост во воспитување на тоа едно дете, држејќи се повеќе за своите лични идеи отколку за библиските правила, како тогаш може да ти се довери поучувањето и управувањето во црквата каде што во прашање се вечните интереси на толку души? {4C 381.1}

Ти се обраќам тебе и на твојата сопруга. Мојата положба во црквата и во Божјото дело бара од мене да бидам одредена во поглед на дисциплината. Твојот пример во семејниот живот нанесува голема штета на делото на вистината. Евангелско поле е целиот свет. Ти сакаш дел од полето во кое работиш да го посееш со семето на евангелието, очекувајќи Бог да го залева посеаното семе за да може да донесе род. Тебе ти е посебно доверено едно мало парче на обработлива земја; меѓутоа, ти дозволи тоа земјиште кое се наоѓа меѓу твоите врати да зарасне во плевел и трње, додека ти го плевиш и корнеш плевелот во градините на другите. Ова не е некоја мала и безначајна задача, туку една од најодговорните. Ти проповедаш евангелие на другите: примени го тоа практично и во својот дом. Ти попушташ на страстите на едно

изопачено дете, и со тоа придонесуваш за развој на карактерни особини кои се одвратни во Божјите очи и поради кои тоа дете ќе биде несреќно. Користејќи ја таквата немарност, сатаната презема контрола над умот на детето. Мораш на дело да покажеш дека како татко ја сфаќаш својата христијанска должност да го обликуваш карактерот на своето дете кое е во развој според божествениот Пример. Ако на таа задача ѝ пристапи совесно во раното детство на својата ќерка, сега би било многу полесно и таа би била многу посреќна. Но поради твоите пропусти, самоволието и изопаченоста на детето за сето време само уште повеќе земале замав. Сега ќе ти биде неопходна многу поголема строгост и истрајност во постојаните напори да се поправи она што е пропуштено. Кога не си во состојба да управуваш со едно дете кое би морал да го контролираш, колку поголем недостаток на мудрост ќе покажеш во управување со духовните интереси на Христовата црква. {4C 381.2}

Во самата основа на твоето животно искуство постојат заблуди кои мораат да се искоренат и ти мораш прво да станеш ученик во Христовото училиште. Отвори ги очите

за да видиш каде се кријат тешкотиите, а потоа побрзај без одложување да се покаеш за сето тоа и почни да делуваш со исправен став. Во својата работа не се потпирај на себе, туку на Бога. Отфрли ги горделивоста, самоиздигнувањето и суетата, и од Христа учи ги слатките поуки од крстот. Мораш потполно и безрезервно да се предадеш на делото. Биди жива жртва на Божјиот олтар. {4C 382.1}

Кога детето на еден проповедник покажува таква незаузданост и кога му се попушта речиси во сè што ќе посака, тоа го неутрализира влијанието на Сведоштвата кои Бог ми ги дал за родителите во поглед на исправното воспитување на нивните деца. Ти се спротивставуваш на светлината која на Бога Му било угодно да ти ја даде и се обидуваш да наметнеш некакви свои лични теории. Но тој експеримент, толку директно спротивен на упатството на Божјата реч, не смее да биде спроведен на штета на оние кои, според Божја намера, треба да ги поучиме како да ги воспитуваат своите деца. {4C 382.2}

Својата заинтересираност и внимание не треба да ги сосредоточиш само на сопственото семејство, исклучувајќи ги останатите. Кога го уживаш гостопримството на своите браќа, мораш да имаш на ум дека и тие со причина очекуваат нешто за возврат. Настојувај да се поистоветиш со своите слушатели било тие да се родители или деца и труди се твоите поуки да им послужат на благослов. Посветувајќи се во потполност на Божјото дело, настојувај на оние кои ќе ти укажат гостопримство секогаш да им бидеш на благослов; и додека разговараш со родителите, никогаш не ги запоставувај децата. Не помислувај дека твоето девојче во Божјите очи е подрагоцено од другите деца. Додека на својата размазена ќерка ѝ попушташ во сè, склон си да ги запоставуваш децата на другите родители, а токму нејзиното однесување претставува очевиден доказ за твоето грешно постапување. Секој пат кога нема да ѝ се исполни нејзината волја, таа многу бурно покажува непослушност и незаузданост. Каков впечаток тоа остава на семејствата на останатите членови кои Бог сака да ги реформира и да ги одврати од површноста во поглед на дисциплината? {4C 382.3}

Вие двајцата во својата слепа и неразумна попустливост потполно сте му се потчиниле на своето дете. Сте дозволиле да ги преземе уздите на управувањето во своите слаби детски раце и таа господарела со вас уште кога не била во состојба ни да оди. Што, со оглед на таквото минато, може да се очекува во иднина? Не дозволувајте тоа размазено и самоволно дете со својот пример да дава поуки кои на денот на судот ќе сведочат против вас и поради кои многу деца ќе бидат загубени. Зар нема оние кои ќе те прифатат како од Бога испратен учител да бидат склони да го следат твојот убиствен пример во попуштање на своите деца? Зар нема гревот на првосвештеникот Илија да биде и твој грев? И зар казната која го снашла него нема да ве снајде и вас? Со своите сегашни навики и склоности, вашето девојче никогаш нема да го види Божјото царство. А вие, како нејзини родители, ќе бидете оние кои пред него ја затвориле вратата на небото. Што во тој случај ќе биде со вашето спасение? Имајте на ум дека ќе го жнеете само она што сте го посеале. {4C 383.1}

Број дваесет и девет
СВЕДОШТВО ЗА ЦРКВАТА

---

34. СУДОТ КОЈ ДОАЃА

Ноќта на 23. октомври 1879. година, околу два часот, Господовиот Дух се спушти на мене и ги набљудував настаните на судот кој доаѓа. Ми недостигаат зборови со кои навистина би можела да ги опишам настаните кои поминаа пред моите очи и впечатокот што сето тоа го остави на мојата душа. {4C 384.1}

Големиот ден за извршување на Божјиот суд како да пристигна. Десет илјади по десет илјади беа собрани пред еден голем престол на кој седеше лицето со исклучително величествен изглед. Пред Него се наоѓаа неколку книги, а на кориците од секоја со златни букви, кои изгледаа како оган што голта, беше напишано: „Главен записник на небото". Една од тие книги со имињата на оние кои тврдат дека веруваат во вистината, тогаш се отвори. Веднаш ги изгубив од вид безбројните милиони околу престолот и моето внимание беше насочено на оние кои тврдат дека се деца на светлината и поборници на вистината. Додека тие беа прозивани еден по еден, и додека беа набројувани нивните добри дела, лицата им блескаа со света радост која зрачеше на сите страни. Но тој детал не остави на мене најсилен впечаток. {4C 384.2}

Отворена беше и другата книга во која се запишани гревовите на оние кои ја исповедаат вистината. Под општ наслов - себичност - запишани се сите останати гревови. Над секоја постапка во таа книга се наоѓаше посебен наслов под кој, со имиња, беа запишани помалите гревови. {4C 384.3}

Под насловот лакомство следат: лагата, кражбата, измамата и скржавоста; под насловот славољубие се наоѓаат горделивоста и расипаноста; насловот љубомора стои над зависта и омразата, а неумереноста се наоѓа над долгиот список на ужасни злосторства, како што се: страста, прељубата, попуштањето на сите сетилни страсти итн. Додека го набљудував тоа, ме обзеде некој неопишан страв и извикав: „Кој може да биде спасен? Кој ќе се најде оправдан пред Бога? Чии облеки се без дамка? Кој е беспрекорен во очите на чистиот и свет Бог?" {4C 385.1}

Додека светиот Бог на престолот полека ги свртуваше страниците на записникот и додека Неговиот поглед за момент се задржуваше на поединците, тој поглед како оган кој пали продираше до дното на нивните души, а во ист момент секој збор и постапка од нивниот живот се појавија пред очите толку јасно како да се испишани со огнени букви. Ги обзема неопишан страв и лицата им пребледеа. Нивниот изглед кога се појавија пред престолот прво оддаваше мир и рамнодушност, но како лицата сега им се променија? Исчезна чувството на сигурност и наместо тоа ги обзема неопишан страв. Ужасна загриженост ја мачи секоја душа да не се најде меѓу оние кои ќе бидат прогласени лесни. Секое око е управено на лицето на Оној Кој седи на престолот; и додека Тој со својот продорен поглед испитувачки преминува преку мноштвото присутни, секое срце трепери од страв, бидејќи се чувствуваат осудени додека уште не е изговорен ниту еден збор. Во страв секој од нив ја признава својата вина и со застрашувачка бистрина увидува дека оддавајќи се на гревот, ја отфрлил драгоцената благодет на вечниот живот. {4C 385.2}

Некои во небесните книги се запишани како оние кои „ѝ пречат на земјата”. Кога продирачкиот поглед на Судијата се запрел на таквите, нивните гревови на немарност и пропуштени прилики, јасно се откриени. Со бледи и растреперени усни тие признаваат дека ја изневериле светата доверба која им била укажана. Имале предности и добивале опомени, но не ги искористиле можностите да се поправат. Сега увидуваат дека злоупотребувајќи ја Божјата милост ги пречекориле границите на дозволеното. Вистина, тие не мораат да даваат такви признанија како оние кои одвратната изопаченост срамно ги понизила; но слично на неродната смоква, проклети се затоа што не го донесувале очекуваниот род и не ги употребувале правилно талентите кои им биле доверени. {4C 385.3}

Таквите го издигнувале своето „јас”, работејќи само за личните интереси. Не се богателе во Бога ниту некоја душа привеле кон Неговото стадо. Ако Божјото дело зависело од нивните напори, не би имало никаков напредок; бидејќи тие постојано го попречувале, ускратувајќи ги не само средствата кои Бог им ги позајмил за таа цел, туку и својот личен труд толку неопходен за развој на истиот. Сега увидуваат дека, заземајќи толку неодговорен став кон Божјото дело и Неговите интереси, преминале во редовите на оние кои се наоѓаат Нему од лева страна. Им се пружала прилика да го помогнат делото, но не го направиле она што можеле и што биле должни да го направат. {4C 386.1}

Спомнати се имињата на сите кои ја исповедаат вистината. Некои заслужиле осуда поради своето неверство, а други затоа што биле мрзливи слуги. Најтешките одговорности и работата во Господовото лозје ги препуштале на другите, додека себично им служеле на своите земни интереси. Ако со корисна употреба ги развивале своите од Бога дадени способности, би можеле да се удостојат за доверба и товарот на одговорности во работата за интересите на својот Учител. „Сите имаат можност да се оправдаат со вера”, рече Судијата, а секому ќе му биде судено според неговите дела”. Колку живо и впечатливо тогаш секој можел да ги види своите пропусти и големата Божја мудрост во тоа што секому дал место и задача во потпомагање на Неговото дело и во спасување на своите ближни. Секој е должен со животот да ја покаже својата вера во своето семејство. Во своето соседство, да покажува благонаклона внимателност кон сиромашните, сочувство и љубов кон погодените со болка и тага, ревно залагање во мисионската работа и сесрдно помагање на Божјото дело со свои средства. Но, како и Мероз во свое време, Божјото проклетство ги погодува сите оние кои не го прават она што се должни и што би можеле да го направат. Тие со задоволство се занимаваат со она што во овој живот им донесува најголема добивка; и затоа рубриката во небесниот записник предвидена за запишување на добрите дела, покрај нивното име, останува тажно празна. {4C 386.2}

На секој таков поединец на овој суд најсериозно му се упатени зборовите: „Измерен си на мерила и се најде лесен. Ги запостави духовните одговорности поради постојана презафатеност со минливите земни интереси, иако самата доверба која ти е укажана барала од тебе да се раководиш од нешто што е повозвишено од човечката мудрост и ограниченото човечко расудување. Тоа ти беше потребно за успешно да го извршуваш дури и механичкиот дел од својата работа; а кога си раскинал со Бога и си ја изгубил од вид Неговата слава поради своите работи, си му свртел грб и на Неговиот благослов”. {4C 386.3}

Потоа е поставено прашањето: „Зошто облеките на својот карактер не ги исправте и обеливте во крвта на Јагнето? Бог го испратил Својот Син не за да го осуди светот, туку

сите да можат да се спасат преку Него. Во Мојата љубов кон вас има повеќе самооткажување и пожртвуваност отколку во љубовта на мајката кон саканите деца. За да го избришам мрачниот запис за вашето беззаконие и да ја принесам чашата на спасението до вашите усни, се согласив на страшна смрт на крстот, носејќи ја на Себе тежината и проклетството на вашата вина. Се согласив на смртни маки и на ужасната темнина на гробот за да го победам оној кој има власт над смртта; ја отклучив темнината на гробот и ја отворив вратата на животот. За да ја вратам Својата заскитана овца во Божјиот рај и дрвото на животот се изложив на срамно понижување и смртни маки, бидејќи ве љубев со вечна љубов. Тој живот на блаженство и вечна среќа кој толку скапо го платив за вас, вие го презревте. Срамот, прекорот и навредите кои Господ ги поднесуваше поради вас, вие ги одбегнавте. Не ги ценевте предностите кои Тој ви ги

овозможи, жртвувајќи го за тоа и Својот живот. Не се согласивте да учествувате во страдањата поради Него, и затоа сега не можете да бидете учесници со Него во Неговата слава". Тогаш свечено се изговорени зборовите: „Кој прави неправда, и понатаму нека прави неправда; кој е поган и понатаму нека се погани; кој е праведен, и понатаму нека твори правда; кој е свет и понатаму нека се посветува". Книгата на Небесниот записник потоа се затвори и плаштот падна од Личноста на престолот, откривајќи ја славата на Божјиот Син. {4C 387.1}

Потоа глетката исчезна, и јас сè уште се наоѓав на земјата, неискажано благодарна што овој Божји ден сè уште не дошол и што сè уште продолжува драгоценото време на милост во кое можеме да се подготвиме за вечноста. {4C 387.2}

---

35. НАШИТЕ ПУБЛИКАЦИИ

Во нашата канцеларија за публикации не се подарува должно внимание на извесни поединости од сериозно значење. Луѓето на одговорни положби треба да изработат планови за да можат книгите од нашите печатници да влезат во оптек, а не да лежат по складиштата како мртов материјал. Нашите луѓе заостануваат зад времето и не ги користат можностите за кои Бог им го отвора патот во Своето провидение. {4C 388.1}

Многу од нашите публикации се продаваат по толку ниска цена, така што приходот не е доволен за одржување на канцеларијата и неопходниот фонд за постојана употреба. А оние наши луѓе кои не носат никакви посебни товари ниту одговорности во разни гранки на делото во Батл Крик и Оукленд не се известени за потребите на Божјото дело и за неопходниот капитал за да се продолжи со започнатите работи. Тие не сфаќаат дека загубите во таквите работи се речиси неизбежни и дека таквите установи секој ден имаат издатоци. Ним им се чини како сето тоа да се одвива без многу труд, дополнителни вложувања и трошоци, и затоа бараат цените на нашите изданија да бидат што пониски, што неизбежно условува остварување на едвај најниска заработувачка. И бидејќи цените се снижени до таа мера што речиси се работи со загуба, тие покажуваат многу слаб интерес за продажба на оние публикации за кои барале толку ниска цена. Кога ќе ја постигнат својата цел, нивниот интерес престанува, иако би требало за зголемување на продажбата на тие публикации да се залагаат најсесрдно, сеејќи го на тој начин семето на вистината и внесувајќи во ризницата средства кои ќе претставуваат инвестиција за нови изданија. {4C 388.2}

Голем пропуст од своја страна направиле и проповедниците што во делокругот на својата работа не настојувале да ги заинтересираат членовите за ова прашање. Кога цената на книгите еднаш ќе се намали, тогаш е многу тешко да се подигне на ниво на економска исплатливост, бидејќи луѓето со ограничени погледи во тоа веднаш гледаат „шпекулација", не сфаќајќи дека тоа не оди во корист на ниту еден поединец лично и дека издавачките куќи, како орудија во Божјите раце, не смеат да се парализираат поради недостаток на капитал. Книгите кои би можеле да бидат успешно распродадени лежат неискористени во нашите складишта, затоа што никој не е доволно заинтересиран сериозно да се занимава со продажба на наша литература. {4C 388.3}

Печатот е вистинска сила во ширење на влијанието; меѓутоа, ако публикациите како нејзини производи остануваат мртов капитал затоа што недостигаат луѓе кои систематски би работеле на нивното ширење, тогаш таа сила ја губи својата делотворност. Иако остроумно и далековидно е сфатена потребата да се вложат средства за умножување на книги и списанија, занемарено е планирањето како средствата вложени во тие публикации успешно да се вратат и да овозможат печатење на нови изданија. Моќта на печатот, со сите негови предности, се наоѓа во рацете на издавачите; и тие можат да ја искористат на најдобар начин, или пак со својата безживотна половичност и неактивност да ги пропуштат дадените предности. Со разумно планирана продажба на книги, брошури и списанија, светлината на вистината може да осветли илјада семејства кои сè уште се наоѓаат во темнината на заблудата. {4C 389.1}

Други издавачи во рекламирање и продажба на своите книги, кои не се од никакво животно значење, строго се држат до пропишаните системи и правила. „Синовите на овој век се помудри од синовите на светлината". Речиси секој ден се пружаат златни прилики и можности вистината преку овие „неми" весници да допре до многу семејства и поединци; но неактивните и лесноумните не гледаат никаква шанса во користењето на таквите можности. Малку проповедници живеат делотворен живот - едвај еден таму каде што би требало да има стотина. Многумина силно грешат што своите таленти не ги користат во спасување на душите на своите ближни. Стотици луѓе и жени би требало да се ангажираат за светлината на вистината да се однесе во сите наши градови и населби. Јавното мислење мора да се пробуди. Божја намера е светлината на вистината да се однесе во сите краеви на светот, и луѓето да бидат живи канали преку кои таа треба да допре до сите кои сè уште се наоѓаат во темнината на заблудата. {4C 389.2}

Мисионери се потребни на сите страни. Во сите краеви на светот треба да се одбираат поединци, не помеѓу непостојаните елементи во општеството, не помеѓу мажите и жените кои инаку не се за ништо и кои во ништо не успеале, туку помеѓу оние кои уживаат добар глас, кои се тактични, остроумни и способни. Таквите се неопходни за со успех да бидат колпортери, аквизитери и наши претставници. Луѓе соодветни за такви работи се прифаќаат за истите, но се наоѓа некој неразумен проповедник кој почнува да им ласка дека своите таленти би требало да ги искористат зад катедрата наместо во едноставната колпортерска работа. На тој начин оваа работа се омаловажува и потценува. На таквите им се сугерира да го прифатат проповедничкиот повик; и токму оние кои би можеле да бидат поучени да бидат добри мисионери, да ги посетуваат семејствата на заинтересираните во нивните домови, да се молат со нив и за нив, стануваат слаби проповедници; и на тој начин полето каде што духовната работа била толку неопходна и каде можело да се направи многу за напредок на делото, останува занемарено. Успешниот колпортер, исто така како и проповедникот,

треба за својата работа да добие соодветна награда ако верно и совесно ги исполнува своите должности. {4C 389.3}

Ако во Божјото дело постои задача која е позначајна од другите, тоа е репрезентацијата на нашите публикации пред јавноста, за луѓето да се наведат да го пребаруваат Светото Писмо. Мисионерската работа - запознавање на семејствата со нашите публикации, побожните разговори и молитвата со нив и за нив - е многу добар метод и претставува погодна подготовка за пасторската работа. {4C 390.1}

Не е секој погоден за таа работа. Во обзир доаѓаат само оние кои поседуваат најдобри таленти и способности, кои ќе бидат во состојба плански и со полно разбирање да ја прифатат задачата, извршувајќи ја истрајно и одлучно. Плановите за тоа треба најсовесно да се подготват и верно да се спроведуваат на дело. Членовите во секое место треба најдлабоко да се заинтересираат за колпортерската и мисионерската работа. {4C 390.2}

Книгите Дух на пророштвото, а исто така и Сведоштвата треба да ги има секое семејство на адвентистите на седмиот ден и браќата треба да се поттикнуваат да ја сфатат вредноста на овие книги и да ги читаат. Не било најмудро што тие книги се давани по толку ниски цени и што во секоја црква се наоѓа само по еден примерок. Тие треба да се наоѓаат во библиотеката на секое семејство и секогаш треба одново и одново да се читаат. Држете ги на такво место каде што ќе бидат достапни за многумина, така што листовите ќе им се излижат од постојано читање и прелистување од страна на сите од вашето соседство. {4C 390.3}

Треба да се организираат вечерни читања на кои некој на глас ќе им чита на насобраните во зимно време околу топлата печка. Многу малку интерес се покажува во копнежот оваа од Бога дадена светлина да допре до што поголем број на заинтересирани за вистината. Поуките содржани во тие книги се однесуваат на семејните должности и можат да се применуваат на речиси секој случај и во сите околности. Парите расипнички се трошат на чај, кафе и разновидни украси и многу време и труд се посветува во подготовка на надворешниот изглед, додека работата на внатрешното украсување на срцето и карактерот е потполно запоставена. Бог овозможил во нашите публикации да се изнесе драгоцената светлина и затоа таквата литература треба да ја има и секојдневно да ја чита секое семејство. Родители, на вашите деца им се заканува опасност да постапуваат спротивно на светлината упатена од небото и затоа вие двајцата треба да ги купувате и читате нашите книги, бидејќи тоа ќе претставува благослов и за вас и за вашите деца. Книгите од серијата Дух на пророштвото треба да им ги позајмувате на своите соседи, препорачувајќи им и тие да купуваат такви книги. Како мисионери за Бога, треба да бидете ревни, делотворни и енергични работници. {4C 390.4}

Многумина постапуваат сосем спротивно на светлината која Бог ја дал на Својот народ, затоа што не читаат книги кои содржат светлина и духовно знаење во вид на опомени, укори и предупредувања. Грижите на овој свет, љубовта кон модата и недостатокот на вера го одвраќаат вниманието од светлината која Бог толку милостиво ни ја дал, додека книгите и списанијата кои содржат заблуди го преплавуваат светот. Скептицизмот и неверството се шири незадржливо на сите страни. Толку драгоцената светлина која доаѓа од самиот Божји престол, се сокрива и става „под сад” (Матеј 5:15). Бог ќе го направи Својот народ одговорен за оваа немарност. Пред Него ќе мораме да одговараме за секој зрак на светлина кој го осветлува нашиот пат, без разлика дали таа

светлина сме ја искористиле за напредок во духовниот живот, или сме ја отфрлиле затоа што поугодно ни е да одиме по склоностите на своето срце. {4C 391.1}

Ние сега имаме големи можности и олеснувања да ја шириме вистината; но како народ не ги користиме понудените предности. Во сите цркви членовите не ја увидуваат и не ја сфаќаат потребата своите таленти и способности да ги употребат во спасување на душите. Не се чувствуваат должни да се претплатат на нашите списанија кои излегуваат периодично, вклучувајќи го тука и здравствениот журнал и да ги продаваат нашите книги и брошури. Во делото се потребни луѓе подготвени да примаат поуки и упатства; како и на кој начин можат најуспешно да им се приближат на поединците и на семејствата. Во начинот на облекување тие треба да бидат чисти и уредни, и со своето однесување не смеат да предизвикаат одвратност. На многумина во нашиот народ во голема мера им недостига учтивост и вистинска префинетост. Тоа посебно треба да го негуваат оние кои на било кој начин се занимаваат со мисионерска работа. {4C 391.2}

Нашите издавачки куќи треба да покажат забележителен напредок. Верниците можат многу значајно да ги потпомогнат со своето одлучно настојување активно да учествуваат во ширењето на нашите публикации. Но ако во годината која е пред нас се покаже мал интерес како и до сега, издавачката дејност ќе го загуби своето првенствено значење. Доколку ширењето на нашите публикации биде поуспешно, дотолку ќе биде поголема побарувачката за книги кои вистината на Светото Писмо ги прави појасни. Недоследноста, заблудите и отпаднишството на црквите, како и фестивалите, изложбите, лотариите и бројните други измислици со кои луѓето се обидуваат да извлечат пари за црквени цели, на многумина им стануваат одвратни. Многумина кои сè уште се наоѓаат во темнината на заблудата копнеат по светлина. Кога нашите списанија и книги, истражувајќи ја вистината со јасен библиски јазик, би биле поревно и помасовно ширени, многумина во нив би го нашле токму она што им е толку неопходно. Но многумина од нашите браќа работат така како заинтересираните да треба да дојдат кај нив или за купување на нашите публикации ги испраќаат во нашите институции, додека илјадници луѓе и не знаат дека тие постојат. {4C 392.1}

Припадниците на Својот народ Бог ги повикува поживо да учествуваат во ширењето на нашата литература, а не вака немарно, мрзливо и рамнодушно. Во препорачување на нашите публикации мораме да бидеме поревни, уверувајќи ги луѓето дека - ако ги земат - ќе добијат многу повеќе отколку што тие вредат финансиски. Издигнувајте ја духовната и моралната вредност на книгите кои ги нудите, бидејќи во тој поглед никогаш не можете да ги прецените. {4C 392.2}

Душата ме боли кога гледам толкава незаинтересираност кај нашиот народ кој исповеда толку возвишена вера. Покажано ми е дека крвта на душите кои пропаѓаат неопоменати ќе се најдат на облеките на оние кои денес се чувствуваат толку неодговорно, не правејќи ништо светлината да допре до таквите кои сè уште се наоѓаат во темнината на незнаењето. Тие често доаѓаат во контакт со таквите, но никогаш не ги опоменуваат, никогаш не наоѓаат време да се помолат со нив и за нив, ниту пак вложуваат сесрдни напори да им ја изнесат вистината. Покажано ми е дека постои страшна немарност во тој поглед. Проповедниците не прават ниту половина од она што би можеле за душите кои се доверени на нивна грижа темелно да се запознаат со сите точки на вистината и должностите; и затоа верниците се толку неактивни и толку лишени од духовноста. Маченичката смрт и направите за мачење денес не претставуваат тест за проверување на Божјиот народ, и затоа љубовта на многумина до

таа мера се намалила. Кога ќе се појават неволи, благодатта е соодветна на секое изненадување во така настанатите потреби. Должни сме да се сосредоточиме токму на она во што Бог нè проверува. {4C 392.3}

---

36. ХРИСТОВИ ПРЕТСТАВНИЦИ

Христовите претставници имаат возвишена и значајна задача, задача на која некои ѝ пристапуваат премногу лекомислено. Христос Кој служи во светилиштето на небото, во исто време преку Своите претставници служи исто така и на црквата на Земјата. Тој зборува преку Своите избрани орудија, и преку нив го продолжува Своето дело исто така како и во деновите на Своето понижување кога видливо одел по Земјата. Иако оттогаш поминале многу векови, времето не го изменило ветувањето кое Тој на самата разделба им го дал на Своите ученици. „И еве Јас сум со вас во сите дни до крајот на светот". Од Христовото вознесение па сè до денешен ден вероучителите - за да станат тоа навистина - биле од Бога одредувани и од Него добивале свој авторитет. Христос, како вистински Пример, го надгледува Своето дело и продолжува да го води преку Своите потпастири. Оттука положбата на оние „кои се трудат во речта и науката" го добива своето вистинско значење. Тие во Христово име ги повикуваат луѓето и ги преколнуваат да се помират со Бога. {4C 393.1}

Своите проповедници народот не треба да ги смета само за јавни говорници, туку Христови претставници кои примаат мудрост и сила од Него како Поглавар на црквата. Да се омаловажат и презрат зборовите на Христовиот претставник значи да се покаже непочитување не само кон него како човек туку и кон Учителот кој го испраќа. Тој во својство на проповедник зборува наместо Христа; и Спасителовиот глас треба да се слушне преку Неговиот претставник. {4C 393.2}

Многумина наши проповедници прават голема грешка што во своите излагања се занимаваат само со докажување. Има слушатели кои со задоволство ја слушаат само теоријата за вистината и се воодушевуваат од тоа, и ако тогаш во еден дел од излагањето се истакне Христос како Спасител на светот, посеаното семе може да никне и да донесе род на слава на Бога. Но во многу излагања, на Христовиот крст воопшто и не се укажува. Некои можеби ја слушаат последната проповед во својот живот, а некои можеби никогаш веќе нема да имаат прилика така јасно да им се прикаже поврзаноста на вистината и нејзиното практично делување на нивното срце. И така се пропушта златна прилика засекогаш. Ако во поврзаност со теоријата за вистината е истакнат Христос и Неговата спасоносна љубов, овие души би можеле да бидат придобиени да се одлучат за Него. {4C 393.3}

Души кои искрено сакаат да сфатат како да му пријдат на Исуса, има многу повеќе отколку што ние претпоставуваме. Многумина, по слушањето на популарните предавања од катедрата, за начинот на кој можат да го најдат Исуса и Неговиот мир - за кој толку копнеат - не знаат повеќе отколку што знаеле и пред тоа. Проповедниците кои ја извршуваат последната порака на милост никогаш не смеат да губат од вид да го истакнат Христа како единствено засолниште за грешниците кои се каат. Многу проповедници мислат дека покајанието и верата како и предавањето на срцето исполнето со љубов кон Бога не е потребно да се проповеда, сметајќи дека нивните

слушатели веќе добро се запознати со евангелието и дека затоа мора да им се изнесе нешто друго за да се привлече нивното внимание. Ако слушателите внимателно ги слушаат, тие тоа го сметаат за знак на успех. Меѓутоа, луѓето малку знаат за планот на спасението и за тој толку важен предмет треба да им се зборува повеќе отколку за било што друго. {4C 394.1}

Духовните потреби и очекувања на оние кои се собираат да ја слушнат вистината треба навистина да се задоволи, како што го очекувале тоа Корнелиј и неговите пријатели. „Сега значи, сите стоиме пред Бога да слушнеме сè што ти е заповедано од Бога". {4C 394.2}

Теориското излагање е битно за слушателите да го сфатат обликот и начинот на учење и за да увидат како вистината, како алки во синџирот, складно се поврзува во совршена целина. Меѓутоа, проповедта не треба да се заврши а да не се истакне Христос, и тоа распнатиот Христос како темел на евангелието, да се објасни практичната примена на изнесените вистини и впечатливо да се нагласи фактот дека Христовото учење не е Да и Не, туку Да и Амин во Христа Исуса. {4C 394.3}

Бидејќи теориски ја изложил вистината, на проповедникот му преостанува напорниот дел од работата. Заинтересираните за вистината не би требало да се остават неупатени во поглед на практичните вистини кои се однесуваат на нивниот секојдневен живот. Тие мораат да се осведочат дека се грешници, и дека како такви им е неопходно обратување. Треба на највпечатлив начин да им се прикаже што зборувал Христос, што направил и што учел. {4C 395.1}

Работата на проповедникот штотуку започнува кога вистината ќе продре до свеста на неговите слушатели и ќе ги отвори нивните срца и ум за разбирање. Христос е наш Посредник и Тој во улога на Првосвештеник пред Таткото постојано се залага за нас. Тој на Јован во визија му е прикажан како Јагне кое е заклано за со самиот акт на пролевање на Неговата крв да му овозможи на грешникот простување. Кога пред грешникот ќе се изнесе Божјиот закон кој ја открива сета длабочина на неговите гревови, тогаш треба да му се укаже на „Божјото Јагне кое ги зема на Себе гревовите на светот". Треба исто така да го поучи искрено да се покае пред Бога и да верува во Исуса Христа -нашиот Господ. Така работата на Христовиот претставник ќе биде ускладена со делото кое сам Христос го извршува во небесното светилиште. {4C 395.2}

Во настојување да допрат до срцата на своите слушатели, проповедниците би биле значително поуспешни кога повеќе би се задржувале на практичната побожност. Во напорите вистината да ја пренесат во нови области, нивната работа често се сведува само на теориско излагање. Слушателите се незацврстени. Тие ја увидуваат силата на вистината и силно сакаат да имаат сигурен темел. И кога во нив ќе се пробудат такви чувства, тогаш пред сè друго е битно да се нагласи дека Христовата религија треба да се прифати со срце и совест; меѓутоа, проповедта често се завршува, а за слушателите не се прави токму она што е битно за нивната одлука. Напорите на ваквите проповедници многу се слични на Каиновиот принос, принос кој за Бога бил потполно неприфатлив затоа што му недостига крвта на закланата жртва. Каин бил во право што принел жртва, но го изоставил токму она што на жртвата и дава вредност и смисла - а тоа е крвта на откупување. {4C 395.3}

Причина што многумина во своите излагања толку се задржуваат на теоријата, а толку малку на практичната побожност е токму во тоа што Христос не им е во срцето, и тоа е многу тажно. Тие не одржуваат жива врска со Бога. Многу души се одлучуваат за вистината само врз основа на силните докази, додека всушност не се обратени. Ако

вистината на таквите, покрај теориските излагања била прикажана и практично, тие би ја прифатиле нејзината убавина и складност од љубов кон Зачетникот и би биле посветени со послушност во сите нејзини барања. Работата на проповедникот не е завршена сè додека своите слушатели не ги осведочи во неодложноста на потребата да го ускладат својот карактер со начелата на чистата вистина која ја примиле. {4C 395.4}

Треба да се плашиме од формалните религии, бидејќи во нив нема Спасител. Своите излагања Христос ги изнесувал јасно, одредено, продорно и практично. И Неговите претставници треба во секое свое излагање да се држат за Неговиот пример. Бидејќи во сè е едно со Својот небесен Татко, Христос извршувал сè што ќе побарал Таткото од Него. Како таков, Тој во сè ни е совршен Пример. Во Него го открив Јехова. Божеството е облечено со човечка природа и човекот е прифатен во прегратката на бескрајната љубов. Кога проповедниците во понизност би седнале крај Христовите нозе, набргу би стекнале вистинска претстава за Божјиот карактер и тогаш би биле во состојба правилно да ги поучуваат и другите. Некои го прифаќаат проповедничкиот повик иако немаат вистинска љубов ниту кон Бога ниту кон ближните. Себичноста и самољубието се главни обележја на таквите; и додека овие непосветени и неверни стражари служат само на себе наместо да го пасат стадото и да ги извршуваат своите пастирски должности, народот пропаѓа во недостаток на правилно поучување. {4C 396.1}

Во секоја проповед слушателите треба најсесрдно да се повикуваат да раскинат со своите гревови и да му пријдат на Христа. Треба да се осудуваат гревовите и попуштањата во она што денес е популарно во светот, нагласувајќи ја потребата за практична побожност во секојдневниот живот. Проповедникот треба да биде длабоко искрен кон самиот себе, зборувајќи од длабочината на душата и едвај задржувајќи ги солзите поради загриженоста за душите на мажите и жените за кои Христос умрел. За нашиот Учител псалмистот вели: „Зашто ревноста за Твојот дом Ме изеде”. Иста таква сесрдност треба да покажуваат и Неговите претставници. {4C 396.2}

За откупување на човекот поднесена е непроценлива жртва, но за сите оние кои нема да го прифатат понуденото спасение таа жртва ќе остане залудна. Колку тогаш е значајно оној кој ја изнесува вистината да го прави тоа со чувство на најголема одговорност. Каква нежност, сочувство и учтивост тој морал да покаже во постапувањето со душите заинтересирани за вистината, кога Откупителот на светот покажал дека толку високо ги цени! Христос го поставува прашањето: „Кој е тој верен и мудар слуга кој го постави неговиот господар над своите домашни да им дава храна на време?” Кој е таков слуга? Христос прашува, а секој проповедник на евангелието треба во срцето да си го постави ова прашање на себе. Имајќи ја на ум сериозноста на вистините кои му се доверени и живата претстава за верниот и мудар повереник овде споменат, тој би морал да биде трогнат до најдлабоките длабочини на својата душа. {4C 396.3}

Секому му е дадена работа; и никој нема да има изговор дека бил исклучок. Улогата на секој поединец е соодветна на неговите можности; и на оној кој ја изнесува вистината лежи одговорноста внимателно и со молитва да ги препознае способностите на сите кои ќе ја прифатат вистината; и потоа чекор по чекор да ги упатува да го сфатат товарот на одговорност кој Бог во Своето дело токму нив им го наменил. Треба повеќе пати да им се нагласува дека никој нема да може да им се спротивстави на искушенијата, ниту да одговори на Божјата намера и да живее христијански живот ако не ја прифати својата животна задача, без разлика дали таа е мала или голема,

извршувајќи ја верно и совесно. Сите, покрај тоа што редовно посетуваат богослужение и го слушаат излагањето на Божјата реч, се должни и нешто да направат. Сите се должни вистината што ја запознале практично да ја исповедаат, применувајќи ги нејзините начела во својот секојдневен живот. Во работата за Христа сите треба да учествуваат постојано и тоа не од себични побуди, туку имајќи ја пред очите единствено славата на Оној Кој бил подготвен на секоја жртва за да ги спаси од вечна пропаст. {4C 397.1}

На оние кои ќе ја прифатат вистината, проповедниците треба живо да им втиснат во душата свест за постојаната потреба од Христовото присуство во нивниот дом, за постојаната зависност од Неговата благодат и мудрост за правилно да ги водат и контролираат своите деца. Љубезноста и учтивоста на проповедникот треба да се огледа и во неговото однесување со децата. Тој секогаш треба да има на ум дека децата се помлади членови на Господовото семејство. Децата и младите можат да му бидат многу блиски и драги на Учителот, и ако правилно се упатат и дисциплинираат ќе Му служат верно уште во својата младост. На Христа му задава болка секој груб, остар и непромислен збор упатен на децата. Нивните права не се почитуваат секогаш и со нив често се постапува како да немаат своја индивидуалност која треба да се развива правилно и непречено, за Божјата намера во нивниот живот да не остане неостварена. {4C 397.2}

Тимотеј од своето детство бил запознаен со учењето на Светите Списи и тоа знаење го сочувало од негативните влијанија со кои бил опкружен и од искушението уживањето и попуштањето на себичните задоволства да ги стави пред должностите. Таква заштита е неопходна за сите наши деца и должност на родителите и на Христовите претставници е правилно да ги запознаат децата со учењето на Божјата реч. {4C 398.1}

За да заслужи пофалби и одобрување од страна на својот Учител, проповедникот мора најсесрдно да се залага да го покаже „секој човек совршен во Исуса Христа". Со својот начин на работа тој не смее да остави впечаток дека му е речиси сеедно; дали оние за кои се залага ја прифаќаат вистината или не и дали се навистина побожни или само се прикажуваат такви; напротив, во својата верност и самопожртвување треба да биде доследен за грешникот навистина да се осведочи дека се во прашање неговите вечни интереси и дека душата му е во опасност ако не одзве на толку сесрдно залагање за неговото спасение. Во животот на оние кои од темнината на заблудата се повикани во светлината на вистината треба да дојде до големи промени, и ако неопходноста од потполна реформа со често нагласување не се втисне во свеста, тие ќе бидат слични на човекот кој, погледнувајќи во огледало во Божјиот закон ги воочува недостатоците во својот морален карактер, но одејќи си „заборава каков бил". Чувството на духовна одговорност верникот мора секогаш да ја има на ум и постојано да го поттикнува, или ќе се врати во состојбата на безгрижна нечувствителност и ќе стане уште полош отколку што бил. {4C 398.2}

Задачата на Христовите претставници е многу поголема и поодговорна отколку што многумина замислуваат. Тие не треба да бидат задоволни со својот резултат сè додека, со Божја помош и Негов благослов, со своето сесрдно залагање не успеат оние кои се доверени на нивна грижа да ги направат вистински христијани, секогаш свесни за своите одговорности и подготвени да ја прифатат улогата која им е наменета во животот. Со правилно залагање и соодветни поуки, на работа во Божјото дело ќе бидат поттикнати мажи и жени со силен карактер и толку цврсто осведочување дека никакви

себични побуди нема да ги спречат во нивната работа, да ја ослабнат нивната вера ниту да ги одвратат од патот на должноста. Ако проповедникот правилно ги поучувал оние кои се доверени на негова грижа, тогаш во делото нема да има замрсени нејаснотии кога тој ќе биде повикан во друго поле на работа, бидејќи сè е сигурно и правилно ставено на своето вистинско место. Ако оние кои ќе ја прифатат вистината не се потполно обратени и ако во нивниот живот и карактер не доаѓа до коренита промена, тоа значи дека со срцето и душата не се врзани за вечната Карпа; и кога со престанок на проповедничките напори ќе попушти и занесот за новитетот, примените впечатоци бргу исчезнуваат, вистината нема веќе сила да ги воодушевува, и тие не се ниту посвети ниту подобри отколку што биле пред да ја запознаат. {4C 398.3}

Ме изненадува што - и покрај толку очевидни докази за тоа што човекот би можел да биде и што би можел да постигне - не сме поттикнати на поревно натпреварување во добрите дела. Не можат сите да заземаат некои истакнати положби во животот; сепак секој може да биде корисен и, извршувајќи ги совесно и истрајно должностите кои му се доверени, да направи многу повеќе добри дела отколку што може и да замисли. Оние кои ќе ја прифатат вистината треба сесрдно да копнеат за што подобро разбирање на Светите Списи и искуствено спознавање за животот на својот Спасител. Силите на умот и помнењето се развиваат и облагородуваат со постојано вежбање. Секоја неактивност и мрзливост на умот е грев, а духовната затапеност е смрт. {4C 399.1}

О, кога би можела да најдам зборови со кои би можела на своите соработници во службата на евангелието да оставам таков длабок впечаток каков што сакам! Браќа мои, вие со проповедање и проучување на зборовите на животот се занимавате како со свое секојдневно занимање; со својата работа вие влијаете на умот на своите слушатели, кои со правилно насочување би можеле да се развијат до највозвишен степен во духовниот развој. Меѓутоа, во своите излагања вие премногу се истакнувате себеси. Издигнувањето на распнатиот Христос на крстот на Голгота, Христос Кој повторно се вознел на небото, Христос Кој наскоро повторно доаѓа, тоа треба ја омекне, исполни со радост и да ја обземе душата на проповедникот, за да може тој тие вистини да ги изнесува со љубов и најдлабока сесрдност. Тогаш проповедникот како личност се губи од вид, а се издигнува и велича само Христос. Слушателите се толку трогнати од предметите на кои говорникот го насочил своето внимание, така што со најголемо воодушевување зборуваат само за тоа, и не доаѓаат во опасност да го издигнуваат говорникот, кој е само орудие. Меѓутоа, ако слушателите издигнувајќи го проповедникот малку внимание посветуваат на изнесените вистини, тогаш тој треба да знае дека вистината не ја посветила ниту неговата сопствена душа. Тој не проповеда на таков начин за неговите слушатели да го слават Исуса и да ја величаат Неговата љубов. {4C 399.2}

Христос вели: „Така да светли вашата светлина пред луѓето, за тие, гледајќи ги вашите добри дела да го слават вашиот Татко Кој е на небото". Светлината на вашите светилки нека блеска така што славата за тоа ќе се припишува на Бога, а не на вас. Ако пофалбите и признанијата ви се упатат вам, тогаш треба да затреперите и да бидете посрамени, бидејќи со тоа големата цел е осуетена; не е воздигнат Бог, туку човекот кој е само слуга. „Така да светли вашата светлина", вели Христос. Ако тие со своите зраци насочуваат на патот кон небото, откривајќи ја возвишеноста и совршенството на Христовиот карактер, тогаш светлат како што треба. Но ако таа светлина е свртена кон вас, ако истакнувајќи се себеси ги наведувате луѓето да ви се восхитуваат и да ве

воздигнуваат, тогаш би било подобро потполно да се повлечете, бидејќи вашите светилки светлат на погрешен начин. {4C 400.1}

Христови проповедници, својата поврзаност со Бога можете да ја одржувате само со будно стражење и молитва. Вашите зборови нека бидат секогаш зачинети со сол, а вашето однесување обележено со христијанска учтивост и особини кои го облагородуваат човекот и вистински го издигнуваат. Ако Божјиот мир владее во вашето срце, Неговата сила не само што духовно ќе ве зацврсне, туку и ќе го омекне вашето срце и вие ќе бидете доследни Христови претставници. Оние кои тврдат дека веруваат во вистината, се оддалечуваат од Бога. Христос наскоро доаѓа, а тие се неподготвени. Проповедниците посебно треба да се издигнат на повисоко ниво на побожност; нивната вера треба да биде поцврста, а секојдневното христијанско искуство многу поживо и поттикнувачко, а не да делуваат така негативно како и оние кои ја исповедаат верата само со зборови. Пред вас во Божјата реч се поставува возвишена цел. Дали сте подготвени во пост и молитва со сите сили да се борите за усовршување и доследност на христијанскиот карактер? Вие треба да ја израмните патеката со своите нозе, па ни оние што уште кријат да не застранат од патот. Тесната поврзаност со Бога ќе ви ја донесе во вашата работа онаа животворна сила која ја буди совеста, го осведочува грешникот за неговата вина и го наведува да извикне: „Што треба да правам за да се спасам?” {4C 400.2}

Пред Своето вознесение на небото, Христос им дал налог на Своите ученици: „Одете и научете ги сите народи, крштавајќи ги во името на Таткото, Синот и Светиот Дух, учејќи ги да држат сè што ви заповедав. И еве Јас сум со вас во сите дни до крајот на светот”. Во Својата молитва за нив, Тој исто така нагласува: „Не молам само за нив, туку и за оние кои поради нивните зборови ќе поверуваат во Мене”. Овој налог се однесува и на оние кои во Неговата реч ќе поверуваат преку Неговите ученици. И сите оние кои се од Бога повикани да бидат Христови претставници треба да се учат на практична побожност од поуките дадени во Неговата реч и како такви да ги пренесуваат на своите слушатели. {4C 401.1}

Христос пред Своите ученици ги отворал Светите Списи, почнувајќи од Мојсеј и пророците, и ги упатувал во сè што се однесувало на Него,

а исто така им ги објаснувал и пророштвата. И апостолите обично ги започнувале своите излагања од Адамовите денови, ги воделе своите слушатели преку пророштвата и ја завршувале историјата со Христа и Неговото распнување, повикувајќи ги грешниците да се покаат, да ги отфрлат своите гревови и да се вратат кај Бога. Угледувајќи се на нивниот пример, Христовите претставници и денес треба во секое свое излагање да го издигнуваат и величаат Христа како Највозвишен и како Оној Кој за нив е сè. {4C 401.2}

Формализмот сè повеќе зазема замав не само во таканаречените цркви, туку во загрижувачки обем се шири и меѓу оние кои тврдат дека ги држат Божјите заповеди и ја очекуваат скората појава на Христа на небесните облаци. Да не бидеме ограничени во своите погледи, ниту пак да ги ограничуваме своите можности да правиме добро; сепак додека настојуваме своето влијание и својата дејност да ја проширime во склад со можностите за кои Бог во Своето провидение ни го отвора патот, мораме многу посериозно да се чуваме од идолопоклонството на овој свет. Додека правиме сè што е во наша моќ за да ја зголемиме својата корисност, мораме со иста сесрдност да бараме од Бога мудрост за во сите гранки на делото да се раководиме според Неговиот налог, а не според гледиштата на овој свет. Ние не треба да се поведуваме според обичаите

на овој свет, но никако не треба да ги пропуштиме можностите кои Бог ни ги става на дофат за на народот да му ја изнесеме вистината. {4C 401.3}

Кога како народ би настојувале нашите дела да одговараат на верата која ја исповедаме, би постигнале многу повеќе отколку што тоа досега било случај. Кога ќе имаме луѓе толку посветени и верни на Бога како што бил Илија и вера каква што имал тој, ќе видиме како Бог ќе ни се открие како што им се откривал на луѓето во старо време. Кога ќе имаме луѓе кои, свесни за своите недостатоци, во најсердна вера и молитва ќе се борат со Бога како Јаков, ќе ги видиме истите резултати. Силата ќе дојде од Бога како одговор на молитвата со вера. Во светот има толку малку вера. Многу малку се оние кои живеат близу до Бога. И како можеме да очекуваме Бог да ни се открие во поголема сила кога Неговата реч толку се занемарува и кога срцата не се посветени од вистината? Луѓето кои ниту самите не се обратени, кои се самоуверени и потполно задоволни со својата состојба, ја проповедаат вистината на другите. Но Бог не може да соработува со таквите, бидејќи не се свети во срцето и во животот. Тие не „одат во понизност со својот Бог”. Мораме да имаме обратени проповедници, и тогаш ќе видиме како Божјата сила и светлина ги следат сите нивни напори. {4C 402.1}

Стражарите кои во старо време биле распоредени на ѕидовите на Ерусалим и другите градови заземале најодговорни положби. Од нивната верност зависела сигурноста на сите кои живееле во областа на тие градови. Кога би се заканила опасност, тие не смееле да молчат ниту дење ниту ноќе. На неколку моменти тие морале да се довикуваат еден со друг за да се уверат дали се сите будни и на некој од нив да не му се случила несреќа. Стражарите биле поставени на истакнати места за набљудување од кои тие можеле да ги видат сите важни положби кои требало да се чуваат, и од тие места за набљудување одѕвонувал глас на предупредување или пак некои добри вести. Тој глас бил будно пренесуван од еден стражар до друг, и секој ги повторувал зборовите што ги слушнал, сè додека веста не го обиколила цел град. {4C 402.2}

Овие стражари ги претставуваат проповедниците, од чија верност зависи спасението на душите. Овие поверенци на Божјите тајни треба да стојат будно како стражари на ѕидовите на Сион; и кога ќе видат дека доаѓа меч, тие треба со јасен глас на трубата да предупредат на опасноста која надоаѓа. Ако тие спијат на своето стражарско место, и ако нивните духовни сетила толку отапеле што воопшто не ја гледаат и не ја сфаќаат опасноста додека неизвестениот народ гине и пропаѓа; крвта на така загинатите Бог ќе ја бара од рацете на стражарите. {4C 402.3}

„И тебе сине човечки, те поставив за стражар над Израелевиот дом; слушај ја речта од Моите усни и опомени ги од Мене”. Стражарите треба да живеат многу близу до Бога, за да ја слушнат Неговата реч и постојано да бидат под влијание на Неговиот Дух, за народот да не гледа залудно во нив. Кога ќе му кажам на безбожникот: безбожнику, ќе загинеш; а ти не го опоменеш безбожникот да се врати од својот лош пат; тој безбожник ќе погине за своето беззаконие; но крвта негова ќе ја барам од твоите раце. Но ако го опоменеш безбожникот да се врати од својот пат, а тој не се врати, тој ќе загине за своето беззаконие, а ти ќе ја сочуваш својата душа”. Христовиот претставник мора да се чува поради своето неверство да не ја изгуби и сопствената душа и душата на оние кои го слушаат. {4C 403.1}

Покажани ми се припадниците на црквата во разни области кои тврдат дека го држат Божјиот закон и го очекуваат второто Христово доаѓање, додека меѓу нив во вознемирувачка мера преовладува рамнодушност, горделивост, љубов кон светот и

студен формализам. По недостатокот на побожност тие се многу слични на старозаветниот Израел. Многумина од нив се прават многу побожни, додека воопшто не се во состојба да владеат со себеси. Тие немоќно му попуштаат на апетитот и страстите и најмногу го истакнуваат сопственото „јас". Многумина се самоволни, диктаторски настроени, властољубиви, фалбаџии, горделиви и непосветени. Некои од нив се дури и проповедници, кои по својата должност би требало да се занимаваат само со ширење на светите вистини. Нивниот свеќник, ако не се покаат, ќе биде отстранет од своето место. Проклетството кое Христос го изрекол над неродната смоква ја претставува најдобрата проповед за сите такви формалисти и лицемери кои пред светот се расфрлаат само со лисјата, додека се потполно лишени од плодот. Каков укор за оние кои имаат обличје на побожност, но со својот нехристијански живот во потполност се откажуваат од нејзината сила! Оној кој секогаш така милостиво и сочувствително постапува и со најголемите грешници, кој никогаш не ја отфрла со презир вистинската понизност и каење, колкава и да е вината на престапникот, најостро ги осудува оние кои се прават многу побожни, но ја негираат својата вера со делата. {4C 403.2}

Начин на говорење

Некои од нашите најталентирани проповедници си нанесуваат себеси голема штета со својот погрешен начин на говорење. Додека своите слушатели ги поучуваат на нивната должност да се покоруваат на моралниот Божји закон, тие сами не би смееле да ги престапуваат Неговите закони во поглед на здравјето и животот. Проповедниците зад катедрата треба да стојат потполно исправени, да зборуваат полека, одлучно и разбирливо, вдишувајќи воздух со полни бели дробови кај секоја реченица и изговарајќи зборови секогаш со помош на стомачните мускули. Придржувајќи се за овие едноставни правила и внимателно почитувајќи ги законите на здравјето и сите останати, тие можат да го сочуваат својот живот и да бидат корисни значително подолго отколку луѓето од било која друга професија. {4C 404.1}

Со правилно школување на својот глас, градниот кош се проширува и говорникот ретко кога засипнува, дури и ако постојано зборува. Наместо разорно да се исцрпуваат од говорите, нашите проповедници можат, со неопходно внимание, да ја избегнат секоја склоност кон такво исцрпување. Сакам да им кажам на своите браќа проповедници: Ако не научите во начинот на говорење да ги почитувате природните закони, ќе го жртвувате својот живот и многумина ќе ве оплакуваат како „маченици поради вистината", додека всушност факт е дека попуштајќи на погрешните навики сте направиле неправда и на себе и на вистината што ја застапувате и на тој начин и на Бога и на светот сте му ја ускратиле службата која сè уште сте можеле да ја извршувате. На Бога би му било драго уште да живеете, но вие постепено сами се уништувате. {4C 404.2}

Начинот на кој вистината се изложува често пресудно влијае на тоа дали таа ќе биде прифатена или пак отфрлена. Сите кои соработуваат во големото дело на реформа ревно да се трудат како успешни работници да бидат што поплодоносни во добрите дела и со своите недостатоци да не ја намалуваат силата на вистината. {4C 404.3}

Проповедниците и учителите мораат дисциплинирано и истрајно да создаваат навики да зборуваат јасно и разбирливо, нагласувајќи го правилно секој збор. Оние кои зборуваат пребрзо, голтајќи или спојувајќи зборови и подигајќи го тонот до неприродна висина, набргу ќе засипнат и изговорените зборови губат половина од силата што би ја

имале ако биле изговорени бавно, разбирливо и не толку гласно. Гледајќи дека прават насилство над самите себе, слушателите почнуваат да го сожалуваат говорникот и да стравуваат дека во секој момент би можел да падне. Паѓањето во занес, вештачкото возбудување и гестикулирање не се никаков доказ за верноста и ревнувањето кон Бога. „Бидејќи телесната обука", вели апостолот, „е малку корисна". {4C 405.1}

Спасителот на светот сака Неговите претставници вистински да го претставуваат; доколку човекот е потесно поврзан со Бога, дотолку побеспрекорен ќе биде неговиот начин на обраќање кон луѓето, неговото однесување, неговиот став и движења. Грубо и недолично однесување никогаш не можело да се види кај Христа, Кој во сè претставува наш совршен Пример. Тој бил претставник на небото и Неговите следбеници треба да бидат слични на Него. {4C 405.2}

Некои сметаат дека Господ со посредство на Светиот Дух ќе ги оспособи да зборуваат онака како што Тој сака; меѓутоа Господ нема намера да го прави она што му го дал како задача на човекот. Тој ни дал умни способности и можности да создаваме најдобри навики во секој поглед, па и во своите манири. И кога со најдобро користење на предностите и можностите кои ни се пружаат ќе направиме сè што е во наша моќ, тогаш со сесрдна молитва можеме да очекуваме дека Бог со Својот Дух ќе го направи за нас она што самите не сме во состојба да го направиме и секогаш ќе најдеме сила и ефикасност во нашиот Спасител. {4C 405.3}

Оспособување за проповедничкиот повик

На младите луѓе често им се нанесува голема штета што им се дозволува пристап зад проповедалната кога Светите Списи уште не ги познаваат доволно за да можат нашата вера да ја образложат на разумен начин. Некои од нив се потполно неупатени во Светите Списи, а неоспособени се и неподготвени во сè друго. Тие дури не се во состојба ниту да читаат како што треба; пелтечејќи, погрешно изговарајќи ги и голтајќи ги зборовите, тие ја злоставуваат Божјата реч. На таквите кои не се оспособени да ја изложуваат вистината на правилен начин треба јасно да им се стави до знаење дека тие треба да бидат ученици, а не учители. Посетувањето на нашиот колеџ за млади кои сакаат да се оквалификуваат за проповеднички повик претставува голема благодат; но за да се оспособат за добри говорници потребни им се и други предности. Треба да се ангажира учител кој практично ќе ги упатува младите како во говорот да не ги преоптоваруваат говорните органи. {4C 405.4}

На манирите исто така треба да им се посвети внимание. Некои од младите почетници не успеваат во своето настојување да поучуваат други затоа што самите не се научени. Оние кои уште не се во состојба правилно да читаат, треба да научат; за да можат успешно да ги поучуваат другите, тие треба да се подготват за тоа пред да се обидат да излезат пред јавноста. Учителите во нашите училишта се обврзани сами трудољубиво да учат, за да можат успешно да ги поучуваат другите. Тие учители не се примаат во служба додека не поминат низ строга проверка и додека нивните способности да ги учат другите не ги утврдат оние кои се за тоа меродавни. Слична претпазливост треба да се применува во проверка на идните проповедници; оние кои се нафаќаат за светата задача да ја пренесуваат библиската вистина на другите треба многу грижливо да ги преиспитаат верни и искусни луѓе. {4C 406.1}

За таквите сè уште мора да се направи нешто, дури и тогаш кога ќе стекнат извесно искуство. Треба во најсесрдна молитва да се претстават на Господа, за Тој со Својот Свет

Дух да покаже дека ги признава како прифатливи за таа должност. Апостолот вели: „Рацете веднаш не ги положувај на никого”. Во деновите на апостолите Божјите проповедници, во изборот и примањето на луѓе за оваа света служба, не се осмелувале да се потпрат само на својот суд. Оние кои според нивно мислење биле прифатливи, тие ги издвоиле од останатите, а потоа во молитва ги изнеле пред Господа за да се покаже дали Тој ги прифаќа како Свои претставници. И она што денес се бара не е ништо помалку од ова. {4C 406.2}

Во многу места сретнуваме луѓе кои избрзано се поставени на одговорни положби како старешини на црквите, иако им недостигаат квалификации за таквата положба. Тие не се примерни во владеење на самите себеси, и нивното влијание не е добро. Таквите цркви постојано имаат тешкотии и проблеми предизвикани од карактерните недостатоци на нивните водачи. Рацете премногу брзо биле положени на таквите луѓе. {4C 406.3}

Проповедниците треба да бидат луѓе кои уживаат добар глас, луѓе способни пробудените интереси разумно да ги одржуваат. Особено ни се потребни соодветни луѓе кои ќе донесуваат чест, а не срам на црквата и на делото кои го претставуваат. Со посебна проверка треба да се утврди дали тие разумно ја сфаќаат вистината за нашето време - за во своите излагања, без разлика дали зборуваат за пророштвата или за практичните поуки, да делуваат поврзано и убедливо. Ако не се во состојба библиските предмети да ги изложат јасно и разумно, тогаш уште треба да бидат слушатели и ученици. Тие мораат ревно и со најсесрдна молитва да ги проучуваат Светите Списи и добро да се запознаат со нив, за да може тоа знаење како учители да го пренесуваат и на другите. Сето ова треба да се разгледа многу грижливо и со молитва за луѓето да не се примат избрзано на работа. {4C 407.1}

Планот кој црквата го усвоила за проповедникот Смит да одржува библиски семинари во разни држави, Бог го одобрува. Благодарение на тие семинари остварени се добри резултати; но на таа работа, иако се покажа многу корисна за нашите млади проповедници и за Божјото дело воопшто, не се посветува доволно време. Плодовите од вложените напори никогаш нема во потполност да бидат сфатени во овој живот, но ќе се видат во вечноста. {4C 407.2}

---

37. ПРОПОВЕДНИЦИ НА ЕВАНГЕЛИЕТО

Брате А, покажано ми е дека не си подготвен за успешно делување во проповедничка служба. Твоите напори за извесно време беа проследени со успех; но наместо тоа да те инспирира со поголема сесрдност и ревност, се случи спротивното. Свеста за Божјата љубов и добрина, би требало да те поттикнува и понатаму да работиш во понизност и да не се потпираш на себе. Меѓутоа, ти особено по своето ракоположување почна како професионален проповедник да се чувствуваш во потполност дораснат на својот повик, способен да ја проповедаш вистината во големите градови; и стана нетрудољубив, не чувствувајќи товар на загриженост за душите, така што твојата работа оттогаш донесува сè помалку корист на Божјото дело. Изобилувајќи со физичка сила, ти не сфаќаш дека за користење на истата си одговорен пред Бога исто така како и богаташот за употребата на своите пари. Не сакаш да работиш со своите

раце; додека токму твојата конституција бара најсериозни физички напори за да го одржиш телесното здравје, а со тоа да ги зајакнеш и своите умни и духовни сили. Што се однесува до здравјето, физичките напори би биле најголема благодат за сите наши проповедници; и секогаш кога тоа обврските во нивниот повик им дозволуваат, тие треба да ја сметаат физичката работа за своја должност со цел на издржување на семејствата. {4C 407.3}

Брате А, ти значителен дел од своето време безделнички поминуваш во спиење, што за твоето здравје не само што не е корисно, туку напротив делува штетно. Записите за тие драгоцени часови кои безгрижно ги пропушташ, не правејќи добро ниту на себе ниту на другите, сведочат против тебе во небесните книги. Го видов твоето име под насловот: „Мрзливи слуги". Твоите дела нема да можат да го издржат испрашувањето на судот. Толку драгоцено време поминуваш во спиење така што твоите способности се како парализирани. Здравјето, кое претставува вистинска добивка и тоа добивка со камата, можеме да го сочуваме само со правилни животни навики. Но тој капитал, подрагоцен од било кој депозит вложен во некоја банка, можеме неразумно да го жртвуваме на неумереноста во јадењето и пиењето или пак дозволувајќи животните органи да ни 'рѓосуваат поради неактивност. Склоноста кон мрзливост и попуштањето на телесните желби мораме одлучно да ја отфрлиме и конечно да победиме. {4C 408.1}

Неумереноста во јадењето, прекумерното земање на храна и недоволното физичко движење се главни причини што многу наши проповедници се жалат на болест. Тие не сфаќаат дека таквиот начин на живот ја доведува во опасност и најсилната телесна градба. Оние кои по својата природа се склони на неактивност, како и ти, треба во земањето на храна да бидат што поумерени и да не ги одбегнуваат физичките напори. Многумина од нашите проповедници со свои заби си копаат себеси гроб. Поради постојана преоптовареност на органите за варење страда целиот организам, а најголемото оптоварување паѓа на мозокот. За секое прекршување на законите на здравјето и животот, престапникот мора да плати со сопственото битие. {4C 408.2}

Кога не бил зафатен со редовни активности во проповедање на евангелието, апостол Павле го работел својот занает како изработувач на шатори. Тоа морал да го прави затоа што се определил за непопуларната вистина. Пред да го прифати христијанството, тој се наоѓал на висока положба и не морал да се издржува од сопствената работа. Кај Евреите, секое момче, без оглед каков повик го очекувал во животот, по обичај учел некој занает, за во случај на изменети околности или некоја непредвидена неволја во животот да може да се издржува со сопствената работа. Во склад со овој обичај, и Павле го учел занаетот, и кога сè што имал потрошил во помагање на Христовото дело, тој прибегнал кон својот занает за да заработи средства за сопствено издржување. {4C 409.1}

Ниту еден од учениците во својата работа за Христа не бил поревен, поенергичен и пожртвуван од Павле. Тој бил еден од најголемите учители на светот. На своите мисионерски патувања крстарел по море и копно, така што поголем дел од тогаш познатиот свет од неговите усни ја слушнал вистината за Христовиот крст. Срцето му горело од силна желба луѓето кои пропаѓаат да ги запознае со вистините за Спасителовата љубов. Со сета сила на својата душа бил, врзан за делото на евангелието и со длабока болка се одвојувал од тоа дело за со физички напори да го заработува својот насушен леб и најосновните телесни потреби; сепак ја прифатил напорната работа во својот занает за да не им биде на товар на штотуку основаните цркви кои биле притиснати од сиромаштија. Иако бил основач на многу цркви, не се согласил тие да го

издржуваат, плашејќи се неговата корисност и успех во својство на проповедник да не бидат осуетени со сомнеж и искреност на неговите побуди. Сакал на непријателите да им ја одземе секоја можност со сомневање да го прикажат онаков каков што не е и на тој начин да ја ослабнат силата на неговата порака. {4C 409.2}

Своите браќа во Коринт Павле ги повикува да го сфатат фактот дека тој како работник во евангелието има полно право да живее од евангелието, а не сам да се издржува; но тој доброволно се откажал од тоа право, стравувајќи дека со таквото примање би му наштетил на своето дело и би ја ослабнал својата корисност. Иако со слабо здравје, тој во текот на денот работел на Христовото дело, а потоа и голем дел од ноќта, а често и цела ноќ, ја поминувал во напорна физичка работа за да ги подмири секојдневните потреби и за себе лично, а и за другите. Апостолот исто така сакал да им пружи добар пример на своите браќа и да ги истакне достоинството и корисноста на трудољубивата работа. Додека се жалат на страдањата и лишувањето на кое се изложени во Христовото дело, нашите проповедници треба со својата фантазија да се пренесат во Павловата работилница, имајќи го на ум фактот дека овој Божји избраник, изработувајќи шаторско платно, го заработува насушниот леб кој веќе праведно го заработил со своите напори како апостол на Исуса Христа. На повик на должноста, овој голем апостол ја оставил работилницата за да им се спротивстави на најжестоките противници и ги запрел во нивното горделиво фалење, по што повторно се вратил на својот скромен занает. Неговата побожност и трудољубивост во работата претставуваат голем укор за немарноста и мрзливоста на некои помеѓу нашите проповедници. Секогаш кога ќе им се укаже прилика со некоја корисна работа да придонесат за сопственото издржување треба тоа да го прифатат со радост. {4C 409.3}

Божја намера никогаш не била човекот да го минува животот во безделничење. Уште додека бил во Едемската градина, Бог на Адама му дал можности за корисно занимање. Иако трката не ја добива секогаш најбрзиот, ниту битката најсилниот, сепак фактот дека оној кој ја работи својата работа мрзливо и нетрудољубиво, останува сиромашен. Оние кои се трудољубиви во својата работа можеби нема никогаш да бидат наградени со успех; но мрзливоста и дремењето секогаш му нанесуваат тага на Божјиот Дух и ја уништуваат вистинската побожност. Водата во отстоената бара станува одвратна; додека чистиот поток со својот жуборлив тек донесува здравје и радост каде и да помине. Човекот кој е истраен во трудољубивата работа насекаде донесува благослов. Активирањето на сите човечки физички и умни сили е неопходно за негов потполен и соодветен развој. {4C 410.1}

Младите проповедници треба да настојуваат секогаш и на секое место да бидат корисни. Кога се повикани да дојдат во некоја посета, тие не треба да седат и да безделничат, не трудејќи се на било кој начин да укажат помош на оние чие гостопримство го уживаат. Обврските се взаемни; проповедникот кој го ужива гостопримството на своите пријатели должен е да возврати на нивната љубезност со внимание од своја страна. Можеби домаќините се зафатени со своите грижи и напорна работа. Покажувајќи склоност не само да очекува внимание, туку и да го укаже кога ќе биде потребно, проповедникот може да најде пристап кон срцето и отворен пат за прифаќање на вистината. {4C 410.2}

Во Своето дело Бог не може да прифати мрзливи и нетрудољубиви луѓе; Тој бара промислени, благи, љубезни и сесрдни работници. Само делотворната активност може да ги направи нашите проповедници успешни во нивниот повик. Мрзливоста е доказ за изопаченоста. Секоја умна способност, секоја коска и секој мускул на нашето тело

покажуваат дека Божја намера од самото создавање е тие способности да се користат, а не да останат неактивни. Брат А е премногу мрзлив и немарен за својата енергија да ја посвети на Божјото дело и да ја ангажира во истрајните напори. Луѓето кои без потреба ги минуваат драгоцените часови во спиење, не ја сфаќаат непроценливата вредност на тие златни моменти. Таквите луѓе ќе се покажат само како проклетство за Божјото дело. Брат А негува премногу високо мислење за себе и полн е со гордост. Тој не ја проучува Библијата темелно и внимателно и затоа не го постигнува она што би требало и што би можел да го постигне со сесрдно залагање. Тој понекогаш ќе се пробуди и ќе направи нешто; но неговата мрзливост и вродена љубов кон удобноста го наведуваат повторно да се врати во истата неактивност. Оние кои навреме не стекнале навики за трудољубивост и правилно користење на време треба себеси да си постават одредени правила кои секогаш ќе ги поттикнуваат на редовност и трудољубивост во работата. {4C 411.1}

Вашингтон, големиот американски државник, бил во состојба успешно да ги заврши своите многубројни работи и обврски затоа што секогаш и во сè се држел за редот и точно пропишаните правила. Секој акт имал свое место и свој датум, така што никогаш не морал да губи време барајќи нешто што било загубено. Луѓето кои Бог ги повикува во Својата служба мораат да бидат трудољубиви во проучувањето, сесрдни во стекнувањето на знаење, никогаш не пропуштајќи залудно ниту еден драгоцен момент. Со истрајни напори тие можат да се издигнат до највисок степен на примерност како христијани, како луѓе со силно влијание и углед. Но многумина од нив никогаш не постигнуваат забележителен успех ниту на катедрата ниту во деловниот живот затоа што им недостига цврста сосредоточеност во намерата и што од младоста не навикнале да бидат трудољубиви и одлучни. Во сè на што ќе се нафатат тие покажуваат немарност и невнимание. Ненадејниот излив на моментални чувства, кои се јавуваат одвреме навреме, не се никаков доказ дека дошло до вистинска реформа во животот на овие нетрудољубиви и саможиви луѓе; тоа е задача која бара трпение и истрајност во напорите да се прави добро. Деловните луѓе можат навистина да бидат успешни само ако постојано и строго се држат за одредено време на станување, за молитва, јадење, за работа и за одмор. Ако работата и регуларноста се толку неопходни во деловниот живот, колку повеќе се неопходни во Божјото дело! {4C 411.2}

Прекрасните утрински часови, кога блескавите зраци на сонцето будат сè на нов живот, многумина ги минуваат во кревет. Тие драгоцени часови, еднаш загубени, никогаш повеќе не можеме да ги повратиме, и тоа време е загубено засекогаш. Ако на таков начин загубиме само по еден час секој ден, колку е тоа во текот на една година! Оние кои спијат сериозно нека размислат за тоа, прашувајќи се каква сметка ќе полагаат пред Бога поради така пропуштените прилики. {4C 412.1}

Своето време проповедниците треба да го посветат на читање на Божјата реч, на проучување, побожно размислување и молитва. Тие треба да го збогатуваат својот ум со корисни занимања, учејќи напамет делови од Светите Списи, следејќи го исполнувањето на пророштвата и проучувајќи ги поуките кои Христос им ги дал на Своите ученици. Понесете секогаш книга за да читате во воз или додека чекате на некоја станица. Искористете го секој слободен момент да работите нешто корисно. На тој начин успешно ќе ја затворите вратата пред илјадници искушенија. Ако цар Давид се занимавал со некое корисно занимање, тој не би станал виновен за убиството на Урија. Сатаната секогаш будно чека да го вработи умот и мислите на оние кои безделничат. Умот кој постојано е зафатен со стремеж да се издигне на што повисоко ниво на

интелектуално и духовно спознавање нема време за ништожни и нечисти мисли кои ги раѓаат сите можни пороци. Меѓу нас има исклучително талентирани луѓе кои, со правилно насочување и постојано развивање на своите способности, би можеле да станат многу корисни; но тие го избегнуваат секој напор, и не увидуваат колкаво зло прават со тоа што своите од Бога дадени способности не ги користат на најдобар начин, туку продолжуваат по линијата на полесен отпор и остануваат неуки и непросветени. Многу малку се оние кои се трудат во сè да одговорат на Божјата намера. Секој мрзлив и немарен слуга Бог ќе го запраша: „Што направи со талентите кои ти ги доверив?" Многумина тој ден ќе бидат затекнати во положба на слугата кој го врзал својот талент во крпа и го закопал во земја. Таквите како мрзливи и бескорисни слуги ќе бидат фрлени во затвор; додека оние кои своите таленти со правилно вложување ќе ги умножат, ќе слушнат зборови на одобрување и пофалба: „Добро извршено, добар и верен слуго, во малку ми беше верен, над многу ќе те поставам; влези во радоста на својот Господар". {4C 412.2}

Кога некому треба да му се доверат одредени одговорности не се поставува прашањето дали тој е добар говорник или богат во материјален поглед, туку: дали е чесен, верен и трудољубив; бидејќи колку и да е образован и стручно оспособен, без овие квалификации тој не е потполно соодветен за било која доверлива положба. Многумина кои животната кариера ја започнуваат со убави изгледи, доживуваат неуспех затоа што им недостигаат трудољубивост и волја за работа. Младите луѓе кои во помали групи обично се собираат пред некои продавници или на улица, секогаш желни за расправање и оговарање, никогаш нема да се издигнат на ниво на урамнотежени, стабилни и разумни луѓе. Со постојана примена на стекнатото знаење во животната пракса, човекот може да постигне повеќе отколку на било кој друг начин. Вистински успех во животот постигнуваат само оние кои не се задоволни ако секој ден немаат лично осведочување за да направат чекор напред. {4C 413.1}

Многумина доживуваат неуспех и тоа изразен неуспех таму каде што можеле да успеат. Тие не чувствуваат товар на одговорност за делото; и сè земаат така лесно, како за работата на спасување на души да имаат на располагање уште илјада години. Поради толкави недостатоци на сесрдност и ревност, многумина стекнуваат впечаток дека тие и самите не веруваат во она што го зборуваат. На Божјото дело не му се толку неопходни оние кои само држат проповеди како ревни и истрајни работници за Учителот. Само Бог може да ги одмери и процени способностите на човечкиот ум. Негова намера не била човекот да се задоволи со останување во низината на незнаењето, туку - користејќи ги дадените предности - да се издигне на што повисоко ниво на умна просветеност. Секој маж и жена треба да се чувствуваат обврзани интелектуално да се издигнат на што повисоко ниво. Иако никој не би смеел поради стекнатото знаење да стане вообразен, предност на секој поединец е да наоѓа среќа и задоволство во сознанието дека со секој чекор и интелектуално усовршување станува сè поспособен да го слави и издигнува Бога. На сите кои сакаат интелектуално да се усовршуваат, достапен им е Изворот на неисцрпна мудрост и знаење. {4C 413.2}

Во Христовото училиште, студентот се подготвува својот стремеж во стекнување на знаење да го продолжи без никаква опасност дека ќе добие вртоглавица од висината на која ќе се искачи. Напредувајќи во познавање на вистината и стекнувајќи сè појасна претстава за чудесните закони на природата и науката, тој сè повеќе се воодушевува со зачудувачкото манифестирање на Божјата љубов кон човекот. Тој со духовни очи го набљудува совршенството на Божјото знаење и мудрост, кои се протегаат во

бесконечност. Како што неговата моќ се шири и зајакнува, зраците на чистата божествена светлина сè повеќе продираат во неговата душа. Доколку сè повеќе се напојува на Изворот на премудрост, дотолку е почиста неговата претстава за бесконечноста на Семоќниот, и подлабок неговиот копнеж за мудрост, неопходна да ги сфати длабочините на Божјата љубов и сила. {4C 413.3}

Интелектуална просветеност е она што нам како на народ ни е неопходно и што мораме да го имаме за да одговориме на барањата на времето. Сиромаштијата, скромното потекло и неповолното опкружување не треба да бидат препрека за просветување на умот. Умните способности мораат да се држат под контрола на волјата и на мислите не треба да им се дозволи да се насочуваат на различни предмети во исто време, бидејќи во тој случај ниту еден нема да ги совлада во потполност. На тешкотии во учењето мора да наидувате, без разлика што проучувате; но никогаш не се откажувајте поради обесхрабреност. Истражувајте, проучувајте и молете се; спротивставете се на секоја тешкотија машки и енергично; повикајте ја на помош моќта на волјата и доблеста на трпение и тогаш копајте уште поревно сè додека скапоцениот камен на вистината не заблеска пред вас во сета своја убавина; и што повеќе труд вложувате за да го откриете, дотолку повеќе тој за вас ќе станува подрагоцен. Потоа не се задржувајте постојано само на таа една точка, сосредоточувајќи ги сите сили на својот ум само на тоа, настојувајќи упорно тоа да им го наметнете и на другите, туку грижливо преминете на проучување и на други предмети. Така пред вашето сфаќање ќе се откриваат тајните една по друга и ќе стекнете две значајни победи. Со вежбање на умот не само што ќе стекнете корисно знаење, туку и значително ќе ги зајакнете своите умни способности. Клучот со кој сте отклучиле една тајна може да открие и други скапоцени камења со досега неоткриено знаење. {4C 414.1}

Многумина од нашите проповедници можат за нашето учење да изнесат само неколку предавања. Со исто толку напори и труд, тие би можеле исто така добро да се запознаат и со останатите точки. Сите тие треба да бидат темелно запознаени не само со пророштвата, туку и со останатите точки на нашето учење. Но некои кои веќе со години се занимаваат со проповедање се задоволуваат со ограничување на само неколку предмети, бидејќи се премногу немарни ревно и со молитва да ги истражуваат Светите Списи, за да се оспособат за правилно разбирање на библиските учења и Христовите практични поуки. Нивниот ум треба да изобилува со познавање на вистините содржани во Божјата реч, за да бидат подготвени во секој момент, кога тоа од нив ќе се побара, од таа ризница да изнесуваат и „ново и старо". Умот закржлавува и слабее поради недостаток на ревност и сесрдни напори. Дојде време кога Бог бара: „Одете напред и развивајте ги способностите со кои ве надарив". {4C 414.2}

Светот е преполн со заблуди и измислици. Новостите во облик на сензационални драми, кои имаат цел во потполност да го обземат човечкиот ум, постојано се во пораст и сè повеќе има апсурдни теории толку погубни за моралниот и духовниот напредок. На Божјото дело му се потребни луѓе со просветен ум, луѓе мислители, луѓе добро упатени во Светите Списи за да можат да ѝ се спротивстават на плимата на спротивставување која сè повеќе зема замав. Ароганцијата, ограниченоста и едностраноста на погледите и недоследноста, не можеме да ги одобриме, колку и тие особини да се облекуваат во облеки на божемна побожност. Убедливо влијание на добро можат да имаат само оние чии срца се посветени со силата на вистината. Таквите себеси можат да си дозволат да останат мирни и спокојни, знаејќи дека поборниците на заблудите не можат вистината ниту да ја творат ниту да ја уништат. {4C 415.1}

Не е доволно нашите проповедници да имаат само површно познавање на вистината. Прашањата и расправите со кои луѓето со изопачен ум настојуваат да ја побијат вистината постојано се појавуваат и упорно се наметнуваат. Занесеништвото и верската затолченост мораат да се отфрлат. На сатанските измами на овој век мораме мудро и одлучно да се спротивставиме со Божјата реч, која претставува духовен меч. Таа иста невидлива рака која управува со планетите во нивното бескрајно движење и ги одржува световите со својата сила, му овозможува и на човекот создаден според Негово обличје во извршување на своите должности на Земјата да биде само малку помал од ангелот. Луѓето на кои им е доверена најсвечената вистина која некогаш му била дадена на човекот, не одговориле на Божјата намера. Бог сака да напредуваме сè повеќе и повеќе, настојувајќи на секој чекор сè што правиме да биде на слава и чест на Него. Човекот не се познава самиот себеси. Нашите одговорности се во потполн сооднос со светлината, приликите и предностите што ни се дадени. Пред Бога ќе бидеме одговорни за сè што сме можеле да направиме, но така немарно сме ја пропуштиле можноста да се поправиме иако ни биле на дофат. {4C 415.2}

Библијата, таа драгоцена Божја книга, содржи животни правила за луѓето од сите сталежи и сите животни повици. Тука се наоѓаат примери кои секој треба не само да ги проучува туку и да ги следи. „Човечкиот Син", како што вели Христос за Себе, „не дошол да Му служат, туку да служи". Вистинската чест и слава на Христовиот слуга не е во бројот на одржани проповеди и напишани книги, туку во верното служење на потребите на народот. Ако тој го запоставува овој дел од работата, тогаш нема право да се нарекува проповедник. {4C 416.1}

Во ова време потребни се луѓе кои се во состојба да ги разберат потребите на народот и се подготвени да служат на нивните потреби. Христовиот проповедник треба будно и совесно да стои на своето стражарско место, да опоменува, укорува, советува, сесрдно преколнува и да ги храбри своите ближни, за со помош на Светиот Дух и благодарение на Неговата сила да го прикаже секој поединец совршен во Исуса Христа. Таков човек на небото се признава како проповедник кој оди по стапките на својот голем Пример. {4C 416.2}

Нашите проповедници не се доволно внимателни во поглед на своите навики во исхраната. Во еден оброк тие земаат количински премногу и премногу разновидна храна. Некои од нив се реформатори само по име. Тие во поглед на исхраната не почитуваат никакви правила, туку попуштајќи на барањата јадат овошје или јаткасти плодови меѓу оброците и на тој начин ги преоптоваруваат органите за варење. Некои од нив земаат три оброци дневно, додека двапати би било многу покорисно за нивното телесно и духовно здравје. За прекршување на од Бога одредените закони кои треба да владеат со човечкиот организам, казната неизбежно мора да следи. {4C 416.3}

Поради неразумност во јадењето, слушнав некои како да се полупарализирани, така што тие секогаш делуваат успорено и поспано. Со бледи лица и страдајќи поради последиците на себичното попуштање на апетитот, таквите проповедници не се никаква препорака за здравствената реформа. Кога некој е преморен со претерана работа, би било многу подобро понекогаш да се исфрли еден оброк, давајќи му на тој начин на својот организам шанса да се опорави. За напредок и препорака на здравствената реформа, нашите работници можат да направат многу повеќе со својот пример, отколку со проповедање. Кога пријателите добронамерно ќе подготват богата трпеза, тие паѓаат во големо искушение да ги занемарат начелата: но одбивајќи ги привлечните јадења, слатките, богатите зачини, чајот и кафето, тие би докажале дека

навистина се здравствени реформатори. Некои и сега страдаат поради последиците од кршењето на животните закони и на тој начин фрлаат лага на делото на здравствената реформа. {4C 417.1}

Претерувањето во јадењето, пиењето, спиењето и грижата за земниот живот, претставува грев. Складното и здраво делување на сите сили на телото и умот донесува среќа; и ако е повозвишена и поблагородна целта со која тие сили се зголемуваат, дотолку среќата е почиста и ништо не може да ја замати. Бесцелниот живот е жива чума. Силите на умот треба да се вежбаат со проучување и длабоко размислување за она што се однесува на нашите вечни интереси. Тоа ќе придонесе за здравје на телото и на духот. Постојат многумина, дури и меѓу нашите проповедници, кои сакаат да се издигнат во животот без никакви напори од своја страна. Тие имаат амбиции да направат нешто големо, додека ги занемаруваат обичните секојдневни должности кои би ги направиле корисни и подготвени како проповедници да го извршат Христовиот налог. Тие ја посакуваат работата која е ставена во задача на другите, но не се согласуваат на дисциплина која е неопходна за да се подготват за тоа. Во својот неостварен копнеж да направат нешто што ги надминува нивните сегашни можности, таквите неизбежно доживуваат неуспех на самиот почеток. Тие со негодување одбиваат да се качуваат упорно чекор по чекор по скалите на успехот, сакајќи на врвот да стигнат по некој помалку напорен процес. {4C 417.2}

---

38. НАШИОТ КОЛЕЏ

Воспитувањето и образованието на младите е значајна и сериозна задача. Голема цел која треба да се оствари е правилниот развој на карактерот, за да може воспитаникот да се оспособи за извршување на своите должности во овој живот и за конечното влегување во идниот, бесмртен живот. Само вечноста ќе открие како и на кој начин оваа задача е извршена. Кога проповедниците и учителите во потполност би биле свесни за својата одговорност, ние денес би виделе поинаква состојба во општеството. Но тие се премногу ограничени во своите погледи и намери. Тие не го сфаќаат значењето на својата задача како ниту неговите последици. {4C 418.1}

Бог не можел да направи повеќе за човекот од она што го направил давајќи го Својот љубен Син, ниту можел да направи помалку, а сепак да го осигура откупувањето на човекот и да го сочува достоинството и непроменливоста на Својот закон. Тој ни ги ставил на располагање сите богатства на вселената бидејќи, жртвувајќи го Својот Син, ширум ја отворил златната врата на небото, давајќи на тој начин неизмерен дар на оние кои се подготвени да ја прифатат таа жртва и за возврат да останат потполно верни на Бога. Христос дошол на нашиот свет поттикнат со вечна љубов, нудејќи да го направи човекот наследник на Своето богатство и слава. Со оваа постапка Тој му го открил на човекот карактерот на Својот Татко, покажувајќи му на секое човечко суштество дека Бог може да остане праведен, а во исто време да ги оправда оние кои веруваат во Исуса. {4C 418.2}

Како величество на небото, Тој никогаш и во ништо не си угодувал Себеси. Сè што правел било во интерес на спасување на човекот. Себичноста во сите свои облици била посрамена во Неговото присуство. Тој ја зел нашата природа за да страда поради нас и го дал Својот живот на жртва за гревот. Бил ранет и мачен за да го спаси човекот од

несреќата што ја заслужил престапувајќи го Божјиот закон. Со светлината која блеска од крстот, Христос сака да го привлече кај Себе секое човечко суштество. Неговото благородно срце копнее за секој припадник на човечкиот род. Неговите раце секогаш се раширени да ги примат сите и Тој ги повикува сите да дојдат кај Него. Неговиот живот на Земјата бил живот на постојано самооткажување и благонаклоност. Кога човекот бил толку драгоцен во очите на небото - цената била животот на љубениот Божји Син - со колкаво внимание проповедниците, наставниците и родителите треба да постапуваат со оние кои се доверени на нивната грижа и се наоѓаат под нивно влијание. Да се работи на насочување на човечкиот ум не е ниту малку лесна задача, и на тоа треба да се пристапи во страв и трепет. Воспитувачите на младите мораат да го сочуваат совршеното владеење со себеси. Да се уништи влијанието на едно човечко суштество поради нетрпение или во настојување да се сочува незаслуженото достоинство и надмоќ е ужасно промашување, бидејќи на тој начин една душа може да биде засекогаш изгубена за Христа. Со неразумно постапување умот на младите може така да се изопачи, така што причинетата штета никогаш нема во потполност да се отстрани. Христовата вера треба да има пресудно влијание во воспитувањето и образованието на младите. Спасителовиот пример на самооткажување, бескрајна добрина и љубов која долго трпи, треба да биде укор за проповедниците и учителите кои немаат трпение. На така избувливите наставници, Тој им го поставува прашањето: „Зар тоа е начин на кој треба да се постапува со душите на оние за кои Јас го дадов Својот живот? Зар толку малку ја цените неизмерната жртва со која го платив нивното откупување?” {4C 419.1}

Сите кои работат во нашите училишта мораат да бидат мажи и жени кои имаат Божји страв пред очите и Негова љубов во своето срце. Тие треба да ја направат својата вера привлечна за младите кои се наоѓаат во сферата на нивното влијание. Професорите и наставниците треба секогаш да бидат свесни за својата потполна зависност од Бога. Нивната работа е на овој свет, но Изворот на мудроста и знаење на кој постојано треба да се напојуваат се наоѓа горе. Сопственото „јас” никогаш не смее да господари. Сите мораат да бидат под контрола на Светиот Дух. Сите мораат да одат понизно со Бога и секогаш да бидат свесни за својата одговорност, која не е ништо помала од одговорноста на проповедникот. Влијанието кое професорите и наставниците во нашите училишта го пренесуваат на младите, тие ќе го понесат подоцна со себе каде и да појдат. Од сите училишта треба да се шири светото влијание кое ќе ги оспособи младите да се спротивстават на моралната темнина која преовладува насекаде. Кога Божјиот ангел ми покажа дека треба да се основаат институции, видов дека тоа ќе биде едно од најуспешните од Бога одредени средства за спасување на душите. {4C 419.2}

Оние кои сакаат во воспитување на младите да бидат успешни мораат да бидат подготвени да ги прифатат такви какви што се, не какви што би требало да бидат, ниту онакви какви што ќе бидат кога ќе го завршат школувањето. Со оние кои бавно учат ќе имаат маки, но трпеливо и упорно мораат да се борат против нивното незнаење. Со чувствителните и нервозни студенти мораат да постапуваат нежно и многу љубезно, имајќи го секогаш на ум фактот дека еден ден ќе се сретнат со нив на Христовиот суд. Свеста за сопствената несовршеност треба постојано да ги наведува воспитувачите да негуваат чувства на нежна наклонетост и трпение кон оние кои се борат со слични тешкотии. На своите студенти тие можат да им помогнат, не со преминување преку нивните недостатоци, туку со совесно исправување на таков начин што укорениот уште повеќе ќе го приврзат за срцето на Учителот. {4C 420.1}

Во Своето провидение Бог настојува младите и постарите да ги поврзе со законот на меѓусебна зависност. Едукаторите на младите треба да покажат несебичен интерес за тие јагнињa на Христовото стадо, како што Тој тоа го покажал со личен пример додека живеел на овој свет. Во држењето на професорите и наставниците има премалку сочувство и нежности, а премногу нескршливо достоинство на строг судија. Точно, непристрасно и совесно треба да се постапува секогаш и кон секого, бидејќи тоа го бара Христовата вера; но секогаш треба да се има на ум фактот дека цврстината и правдата имаат сестра, која се вика милост. Да се оддалечиш од студентите, да бидеш рамнодушен кон нив, непристапен, груб и престрог - тоа е спротивно на Христовиот Дух. {4C 420.2}

Секој од нас лично и поединечно неопходно е своето срце да го отвори на Божјата љубов, да ја победи себичноста и грубоста и да дозволи на Христа да ја запоседне душата. Воспитувачот на младите добро би направил кога секогаш би го имал на ум фактот дека и сам -покрај сите предности кои му ги пружаат годините, образованието и животното искуство - сè уште не е совршен победник, дека и самиот греши и доживува неуспеси. Како што Христос постапува со нив, така и тој треба да постапува со младите кои се доверени на негова грижа и кои во поглед на предностите и поволното опкружување се помалку повластени од него. Христос трпеливо го поднесува заблудениот покрај сета негова изопаченост и побуна. Неговата љубов и залагање за грешникот не престануваат и Тој не го препушта на ударите и нападите на сатаната. Со раширени раце Тој чека повторно да го прегрне заблудениот, побунетиот, па дури и оној кој потполно отпаднал. Во воспитанието и образованието на младите, учителите треба и со поука и со пример да се угледаат на Христа и на денот на судот кога ќе бидат повикани да се соочат со своите студенти и со записите за своето постапување со нив, да не мора да се срамат. {4C 420.3}

Воспитувачот на младите често со својата појава во училницата внесува мрачни сенки кои ја обвиткуваат неговата душа. Тој е очевидно преморен и нервозен, или диспепсијата дава мрачна боја на сè за што ќе се нафати. Влегувајќи во училницата со така растреперени нерви и раздразнет стомак, тој остава впечаток дека сè е насочено против него; и мислејќи дека неговите студенти сакаат да му покажат непочитување, почнува најостро да критикува и да укорува без разлика. {4C 421.1}

Можеби еден или неколкумина од нив направиле грешка или биле непослушни; но тој го преувеличува целиот случај, станува неправеден, престрог и зајадлив во прекорите, па дури и ги кара оние за кои смета дека згрешиле. Таа иста неправда го спречува подоцна да ја признае направената грешка. За да го сочува достоинството на својата положба, тој пропушта златна прилика да го покаже Христовиот Дух, со што можеби би спасил една душа. {4C 421.2}

Искусните мажи и жени треба да имаат на ум дека времето во кое живееме е полно со опасности особено за младите. Искушенијата ги опкружуваат од сите страни; и додека е лесно да се плови низводно, потребни се најголеми напори за да се весла наспроти поплавата на злото. Сатаната прави сè што е во негова моќ за да ги задржи младите во гревот, бидејќи тогаш е сигурен дека светот е на негова страна. Секој напор направен со копнеж младите да се насочат на прав пат ја предизвикува неговата најогорчена омраза. Тој ги мрази сите оние кои на другите им даваат правилна претстава за Бога и за нашиот Спасител и своите напори тој особено ги насочува против оние кои се во поволна положба да примат небесна светлина. Тој знае дека секој чекор од нивна страна да му се приближат на Бога ќе им даде сила да се спротивстават на

неговите лукавства. Оние кои мирно остануваат во своите гревови сигурно се наоѓаат под неговото знаме. Но штом некој ќе се обиде да се ослободи од неговата власт, неговиот гнев се распламтува и тој со сите сили настојува да ги осуети Божјите намери ако тоа некако е можно. {4C 421.3}

Кога влијанието на нашите училишта би било такво какво што треба да биде, младите кои во нив стекнуваат образование, би биле оспособени да го препознаат Бога во сите Негови дела и да Му оддадат слава; усовршувајќи ги на тој начин своите способности кои им ги дал, би се подготвиле во работата за Него да бидат уште поуспешни. Нивниот ум, посветен со вистината, би ја отворал ризницата на Божјата реч за разбирање и на другите, наведувајќи ги и тие да бараат и собираат скапоцени камења на вистината. Запознавањето на богатствата на Неговата благодат ја облагородува душата на верникот, и благодарение на поврзаноста со Христа тој станува соучесник во божествената природа и стекнува сила да се спротивстави на нападите на сатаната. {4C 422.1}

На студентите мора да им се втисне во свеста фактот дека знаењето, во рацете на непријателот на правдата и вистината, може да претставува сила за нивно уништување. Тој некогаш бил херувим со исклучително силен ум и заземал висока положба меѓу ангелите, но на крајот станал бунтовник; и денес многумина луѓе со најголеми умни достигнувања стануваат немоќни робови на неговата измамничка сила. Вистинска мудрост е само онаа која доаѓа од Бога, го посветува животот на верниот истражувач и го наведува со стекнатото знаење да го слави Неговото свето име. {4C 422.2}

Задачата на просветните работници во нашите училишта не е ниту малку лесна. Меѓу оние кои ги посетуваат тие училишта ќе има и такви кои не се ништо друго туку сатански агенти. Не покажувајќи ниту малку почит и обѕир кон правилата на училиштето, тие ги деморализираат и сите останати кои се дружат со нив. Бидејќи наставниците прават сè што е во нивна моќ да ги реформираат таквите и бидејќи со лични напори и најсердно преколнување со молитва се обидуваат да допрат до нивното срце, а тие сето тоа го одбиваат и продолжуваат да тонат во гревот, тогаш станува неопходно да ги отстранат од училиштето, за со своето лошо влијание да не ги трујат и другите. {4C 422.3}

За во примена на неопходната дисциплина сепак да биде сочувствителен, љубезен и благ кон оние кои му се доверени на негова грижа, на учителот му е потребна постојана поддршка на Божјата мудрост и Неговата благодат. Поредокот мора да се одржува; но оние кои ги љубат душите откупени со Христовата крв треба да направат сè што е во нивна моќ да ги спасат заблудените. Тие престапници премногу често се оставени во темнината на заблудата да продолжуваат по својот пат, а оние кои би требало да им помогнат едноставно ги препуштаат на нивната судбина. Својата немарност во погледот на тие лесноумни несреќници многумина ја оправдуваат укажувајќи на големите верски предности кои им се дадени во Батл Крик. Ако сето тоа не ги наведе на покајание, заклучуваат тие, тогаш ништо и никој друг не може да им помогне. Присуствувањето на саботната школа и слушањето на проповед од катедрата, претставуваат навистина драгоцени предности; меѓутоа, тие можат покрај сето тоа да останат потполно незаинтересирани, но ако некој вистински заинтересиран им се приближи на таквите во сочувство и љубов, можеби ќе успее да допре до нивното срце. Покажано ми е дека разумно преземените лични напори, во случај на толку непристапни поединци, можат да бидат многу успешни. Многумина не се толку закоравени во срцата како што изгледаат однадвор. Нашите верници во Батл Крик

треба да покажат подлабок интерес за младите кои со Божје провидение се доведени во сферата на нивното влијание. Ние видовме колку добро е направено за спасение на многумина кои дошле во нашиот колеџ, но со лични напори би можело да се направи многу повеќе. {4C 422.4}

Себичната љубов кон „себе и своите" спречува многумина во извршување на должностите и обврските кон другите. Сметаат ли таквите навистина дека единствена должност им е да се грижат за себе и за своите деца? „Кога не направивте", вели Христос, „на еден од овие мои мали браќа, ниту Мене не ми направивте". Зар вашите деца во Божјите очи се повредни од децата на вашите ближни? Бог не гледа кој е кој. Во цел на спасување на души треба да направиме сè што е во наша моќ. Не смееме да поминеме рамнодушно ниту покрај едно дете затоа што тоа нема домашно и верско воспитување како децата кои живеат во поповолни околности. Ако тие заблудени и запоставени момчиња би уживале исти предности во домот и во црквата, можеби би се покажале поблагородни во својата душа, поталентирани и покорисни во животот отколку многумина над кои будно се бдеело ден и ноќ со најголема загриженост и љубов. Ангелите со длабоко сожалување гледаат на тие заскитани јагнишња на Христовото стадо; ангелите плачат, додека човечките очи и човечките срца се потполно затворени за нив. Ако Бог не ми доделеше други должности, јас би земала за своја животна задача да се грижам за таквите за чие спасение други толку малку се загрижени. {4C 423.1}

Некој во денот на Божјиот суд ќе мора да одговара за загубата на тие драги души. {4C 424.1}

Родителите кои ги запоставуваат тие од Бога дадени одговорности, ќе мораат да одговараат за тоа на денот на судот. Тогаш Господ ќе ги запраша: „Каде се децата кои ви ги дадов да ги воспитате за Мене? Зошто сега не ми се од Моја десна страна?" Многу родители дури тогаш ќе увидат дека неразумната љубов ги заслепила нивните очи за да не ги видат недостатоците на своите деца, допуштајќи да развијат деформиран карактер и да останат недостојни за небото. Други ќе увидат дека на своите деца не им подарувале доволно време, должно внимание, љубов и сочувство, и дека токму тие со запоставување на своите должности ги направиле децата такви какви што се. Учителите ќе увидат каде сè можеле да работат за Господа трудејќи се да ги спасат навидум непоправливите ученици кои ги отфрлиле во младоста на најчувствителните години. А членовите на црквата ќе увидат дека можеле поуспешно да работат за Учителот трудејќи се да им помогнат на оние на кои помошта им била најпотребна. Додека својата љубов и интерес толку себично ги посветувале само на членовите на своите семејства, имало многу млади и неупатени кои можеле срдечно да ги примат во својот дом, и чии драгоцени души би можеле да бидат спасени со нивниот интерес и љубезност. {4C 424.2}

Воспитувачите треба да бидат добро упатени како да го сочуваат здравјето на своите студенти. Тие мораат да внимаваат нивните умни сили да не ги преоптоварат со прекумерно напрегање во студиите. Ако тие го напуштаат колеџот збогатени со научни сознанија но со скршено здравје, тогаш би било подобро да не тргнеле на школување. Некои родители сметаат дека образованието на нивните деца е вредно за внимание и углед, па ги поттикнуваат и убедуваат што повеќе да напредуваат во своите студии. Затоа студентите премногу се оптоварuваат со учење за да го завршат школувањето за што пократок период. Професорите на некои студенти им дозволуваат премногу бргу да напредуваат. Додека некои треба да се поттикнуваат, други, напротив, треба да се

задржуваат. Студентите секогаш треба да бидат трудољубиви во учењето, но својот ум не би смееле да го оптоваруваат до таа мера за да станат диспептичари. Не треба толку да се притискаат со студиите за да ја запоставаат културата на манири и убаво однесување; а над сè, не смее да се дозволи било што да ги пореметува во молитвата, бидејќи таа претставува непосредна врска со Најголемиот Учител кој светот некогаш го имал - со Исуса Христа. Во никој случај не треба да се лишуваат од верските привилегии. Ставајќи ги студиите на прво место, многу студенти ја занемаруваат тајната молитва, присуствувањето на саботната школа и на богослуженијата. Поради таквото запоставување на должностите, тие се враќаат во своите домови како отпадници од верата. Занемарен е најзначајниот дел од нивното образование. На она што претставува основа на секое вистинско знаење не смее да му се дава второстепено значење. „Почеток на мудроста е стравот во Господа", вели псалмистот, а Христос нагласува: „Туку најнапред барајте го Божјото царство и Неговата правда". Тоа не смее да се става на последно, туку на прво место. На студентите мора да им се пружи прилика да се запознаат со Библијата. Затоа ним им е неопходно време. Студентот кој за успех во своите студии во сè се потпира на Бога и добива духовна просветеност од Неговата реч, со тоа полага темел за сестрано образование. {4C 424.3}

Бог сака критериумот за умна и морална просветеност кој се стекнува на нашиот колеџ во Батл Крик да биде повисок отколку во било која друга институција од таков вид во оваа земја. На младите треба да им се предочи важноста на образованието и вежбањето на физичките, умните и моралните способности, не само за да бидат успешни во стекнувањето на научни сознанија, туку за со потполна претстава за Бога да бидат оспособени стекнатото знаење да го употребат на Негова слава; на тој начин тие со рамномерен развој на карактерот ќе се подготват да бидат корисни во овој живот и морално оспособени за вечен живот. {4C 425.1}

Кога би можела да најдам вистински зборови, би сакала да ја изразам важноста и значењето на нашите училишта. Сите треба да сфатат дека тоа е еден од начините на кои знаењето за Бога поуспешно се пренесува на човекот. Учителите и наставниците би можеле да направат значително повеќе отколку што тие досега планирале. На обликувањето на умот и развојот на карактерот треба да се пристапи со совесно проверување на прифатените методи. Во Божји страв треба да се охрабри секој напор да се развијат повеќе способности, дури и ако тоа се прави на несовршен начин. Многумина од младите се богато надарени со таленти кои не се искористени, затоа што не им се пружени можности да ги развијат своите способности. Тие со вежба ги зајакнувале само своите физички сили, додека умните способности останале скриени, затоа што воспитувачот не ја употребил својата остроумност и од Бога дадената тактичност за да ги открие и активира тие способности. На младите во нивниот напор да се развијат треба сесрдно да им се помага; треба да се стимулираат, храбрат и постојано да се поттикнуваат на активност. {4C 425.2}

Работници се потребни насекаде низ светот. Божјата вистина треба да се носи во сите земји за светлината на вистината да допре до оние кои сè уште се наоѓаат во темнината на заблудата и незнаењето. Бог бара во тој поглед да бидеме многу поревни отколку досега. Како народ, ние сме речиси парализирани. Не правиме ниту дваесетти дел од она што би можеле да го направиме, затоа што меѓу нас во голема мера преовладува себичност. Сега во Божјото дело се потребни образовани луѓе, бидејќи неуките не можат да работат онака како што би требало. Бог сака нашите училишта да бидат орудие во образованието на работниците за кои Тој нема да мора да се срами.

Висината до која човекот може да се издигне со правилно воспитување и образование досега не е постигната, иако бројот на талентираните и способни за тоа меѓу нас е поголем од просечниот. Кога нивните способности и таленти би се искористиле, би имале дваесет проповедници таму каде што сега имаме само еден. {4C 426.1}

Должност на учителот и предавачот не е на своите студенти да им предава само вообичаени училишни предмети и не смеат да се задоволат со тоа. Тие мораат да бидат свесни за фактот дека имаат најзначајно мисионерско поле на светот. Кога сите кои работат во нашите училишта би ги користеле своите способности онака како што Бог сака, тие би биле најуспешни мисионери. Од навиките кои младите ги стекнуваат во училиштето, до деведесет проценти од случаите зависи каква ќе биде нивната иднина. Влијанието на општеството и опкружението кое сега го бираат и начелата кои притоа ги усвојуваат ќе ги следи низ целиот живот. {4C 426.2}

Ужасен е фактот поради кој срцата на родителите треба да затреперат дека високите училишта на кои тие ги испраќаат своите синови и ќерки во цел на образование го загрозуваат нивниот морал. Како што невините момчиња во друштвото на криминалци ќе се научат на злосторства за кои порано и не сонувале, така и момчињата кои од дома поаѓаат со чисти срца, со дружење со изопачените во училиштето, ја губат чистотата на својот карактер и стануваат жртви на порокот и пониженоста. Родителите би требало да ја сфатат сета сериозност на својата одговорност кога ги испраќаат младите во такви училишта каде што ги чека само морално изопачување и пропаст. Нашиот колеџ во Батл Крик треба во морален поглед да биде на повисоко ниво од било која образовна институција во оваа земја, за да не биде загрозена моралната безбедност на младите кои се доверени на нивна грижа. Ако учителите и наставниците ја извршуваат својата задача во Божји страв, залагајќи се во Христов дух за спасение на душите на своите студенти, Бог ќе ги круниса нивните напори со успех. За родителите кои се бојат од Бога поважен е фактот со каков карактер се враќаат нивните деца од студиите, отколку каков успех постигнале во самото учење. {4C 426.3}

Ми беше покажано дека нашиот колеџ треба многу да придонесе за делото на спасување на души. Талентите на поединци најуспешно можат да бидат употребени само ако се потполно под контрола на Светиот Дух. Почитувањето на прописите и начелата на верата се први чекори во стекнување на знаење и претставуваат темел на вистинско образование. Знаењето и науката мораат да бидат оживотворени со силата на Божјиот Дух за да можат да служат на најблагородни цели. Правилно да го употреби стекнатото знаење може само вистинскиот христијанин. За да биде правилно сфатена, науката мора да се набљудува од верски став. Вистинската вредност на образованието најдобро може да ја сфати само срцето кое е облагородено со Божјата благодат. Божествените обележја и Неговите особини, кои можеме да ги видиме во Неговите создадени дела, можат правилно да се сфатат само ако го познаваме Творецот. За да ги приведат младите кон изворот на Вистината - кон Божјото Јагне кое на Себе ги зема гревовите на светот - учителите мораат да бидат запознаени не само со теоријата на вистината, туку животот на посветеност мораат да го покажат и со личен пример. Знаењето е моќ само кога е споено со вистинската побожност. {4C 427.1}

Должност на родителите кон колеџот

Помагањето на оваа институција подигната во склад со Божјата намера, сите наши браќа и сестри треба да ја сметаат за своја должност. Некои од студентите се враќаат дома полни со негодување против колеџот, а родителите и членовите на црквата подаруваат внимание на нивното едностранo кажување. Тие добро би направиле кога би имале на ум дека тие приказни имаат и друга страна; но наместо тоа, дозволуваат тие неточни тврдења да подигнат препрека помеѓу нив и колеџот. Потоа почнуваат да изразуваат стравување, сомневање и недоверба во поглед на раководење со оваа институција. Ширењето на таквото влијание е многу штетно. Зборовите на незадоволство се шират како заразна болест; така создадениот впечаток многу е тешко да се неутрализира. Приказната се проширува со секое повторување сè додека не поприми гигантски размери; додека проверувањето би го покажало фактот дека кај учителот и професорот всушност немало никаква вина. Тие едноставно ја извршувале својата должност во спроведување на училишните правила, кои мораат да се применуваат за во училиштето да не дојде до потполна деморализација. {4C 428.1}

Родителите не постапуваат секогаш мудро. Многумина се премногу упорни во настојувањето на другите да им ги наметнат своите идеи, и кога тоа нема да им појде од рака, тогаш стануваат нетрпеливи и диктаторски се обидуваат тоа да го постигнат со сила; меѓутоа, кога од нивните деца во училиштето се бара да ги почитуваат постоечките правила и прописи, и кога тие деца се лутат поради неопходното ограничување, нивните родители додека тврдат дека се бојат од Бога - најчесто им се придружуваат на децата, наместо да ги укоруваат и исправуваат. Тоа често се покажува како пресвртница во карактерот на нивните деца. Се кршат сите правила и не се почитува никаков поредок, а дисциплината се фрла под нозе. Таквите деца мразат секакво ограничување и со презир зборуваат за институциите на црквата во Батл Крик. Кога родителите самокритички би размислиле за тоа, би ги виделе злите последици на таквото свое држење. Би било навистина најпрекрасно нешто кога во едно училиште со четиристотини студенти - со кое раководат мажи и жени подложни на човечки слабости - секоја постапка да биде така совршена и толку беспрекорна да не предизвика никаква критика. {4C 428.2}

Кога родителите би се ставиле во положба на професори и наставници и би виделе со какви тешкотии неизбежно се сретнуваат во раководењето со училиштето со неколку стотици студенти од различни генерации и степени на интелигенција, би размислувале сосем поинаку. Би требало да сфатат дека некои од тие момчиња никогаш во својот дом не биле дисциплинирани. Со оглед на тоа дека секогаш им се попуштало и дека никогаш не биле навикнати на послушност, за таквите е голема предност што ќе бидат оддалечени од своите неразумни родители и потчинети на строги правила, дисциплина и вежбање слично на војниците во војска. Ако за таквите, кои несовесните родители толку жално ги запуштиле, и на овој начин ништо не би било направено, тие и за Христа би останале потполно неприфатливи; ако контролата на извесен начин не им била со сила наметната, тие би останале потполно безвредни во овој живот и без никаква надеж за идниот, вечен живот. {4C 429.1}

На небото владее совршен ред, совршена послушност, совршен мир и хармонија. Оние кои не ги почитуваат редот и дисциплината во овој живот не би го почитувале ниту поредокот кој владее на небото. Тие никогаш не можат да бидат примени на небо, бидејќи сите кои ќе се удостојат да влезат во небото уште овде го почитуваат редот и дисциплината. Карактерот формиран во овој живот ќе ја одлучи идната судбина. При Своето доаѓање, Христос нема да го менува карактерот на било кој поединец.

Драгоценото време на милост и проба ни е дадено сега за на време да ги испереме облеките на својот карактер и да ги обелиме во крвта на Јагнето. Делото на каење и победа на гревот е доживотна задача. Потребно е секој ден да вложуваме нови напори во поглед на воздржување и самооткажување. Секој ден мораат да се водат нови борби и да се стекнуваат нови победи. Секој ден во душата мораме најсесрдно да се молиме на Бога и да се залагаме за силни победи на крстот. Родителите никако не смеат да занемарат ниту една должност кон своите деца и младината. Тие треба да ги воспитуваат така што на овој свет ќе бидат благослов за општеството и на крајот ќе наследат вечен живот. {4C 429.2}

---

39. БОЖЈОТО ДЕЛО ВО АЈОВА

Покажано ми е дека Божјото дело во Ајова се наоѓа во многу жална состојба. Во разни гранки на делото учествуваат млади луѓе чија духовна состојба не служи на добробит на народот. Во тамошното дело учествуваат приличен број на неискусни и неделотворни луѓе кои би морале прво да се реформираат во многу нешта. {4C 430.1}

Студенти од нашиот колеџ

Влијанието на братот Б не е во потполност онакво какво што би требало да биде. Додека бил на школување во Батл Крик, во многу нешта бил примерно момче; но во друштво на други момчиња и девојки, кришум, отишол на екскурзија во _____. Тоа не била благородна, искрена ниту пак правилна постапка. Сите тие знаеле дека со тоа ги кршат правилата, но сепак ризикувале да тргнат по патеката на престапот. Со оваа своја постапка и со своето недолично однесување потоа, овие млади предизвикале многу неповолни коментари и неоправдани приговори на сметка на Батл Крик. {4C 430.2}

Водечките луѓе во Ајова погрешиле што го примиле братот Б на работа под такви околности. Ако продолжат така да постапуваат и во случаите на другите, ќе го предизвикаат големото Божје незадоволство. Фактот дека тој бил само момче со примерно однесување му дал голем углед кај останатите, така што со своето однесување наспроти правилата, авторитетот и дисциплината на училиштето влијаел и на другите да се однесуваат како него. Ако водечките браќа преминат преку ова, законите и правилата според кои се раководи училиштето ќе бидат потполно омаловажени. Деморализирачкото влијание непречено ќе продолжи да се шири во училиштето. Многумина едвај чекаат да покажат дух на бунт и самоволие штом попушти строгиот надзор и будните напори стандардите на училиштето да се одржат со строги правила за регулирање на однесувањето на студентите. {4C 430.3}

Бог нема да ги прими напорите на братот Б додека тој во потполност не ја увиди и не ја признае својата вина и додека не вложи одлучни напори да го неутрализира негативното влијание кое се ширело кршејќи ги правилата на колеџот. Да не бил овој несреќен престап, од Ајова би дошле многу повеќе студенти. Кога ти, брате Б, би ги сфатил сите последици на својот погрешен чекор и чувствата на злоба и омраза кои ги негуваш во своето срце против професорот Браунбергер затоа што ја осуди твојата

постапка, би затреперил гадејќи се над самиот себеси и над ликувањето на оние кои не поднесуваат никакви ограничувања и дрско војуваат против правилата и прописите кои не им дозволуваат да го спроведуваат своето самоволие. Твојата одговорност во ширењето на таквото влијание е дотолку поголема, бидејќи тврдиш дека си ученик на понизниот и кроток Исус. {4C 430.4}

Брате Б, се надевам дека внимателно ќе го преиспиташ својот став и ќе увидиш дека отстапувањето од училишните правила било првото искушение на кое подлегна. Внимателно проучи го начинот на раководење со тоа наше училиште. Правилата кои тука се применуваат не се престроги. Но твојот разум, во налет на гнев, за извесно време бил фрлен од престолот и твоето срце станало плен на неконтролирана страст. И пред да станеш свесен за тоа, направи чекор кој неколку часа порано не би го направил ниту под било каков притисок на искушение. Моменталниот нагон ја потиснал власта на разумот и ти не беше во состојба да сфатиш колку со тоа си наштети и себеси и на угледот на една Божја институција. Нашата единствена безбедност под сите околности е секогаш да владееме со себеси во силата на Исуса Христа, нашиот Откупител. {4C 431.1}

Нашиот колеџ во одржување на својот поредок и во применување на своите правила не може да се повикува на влијанието на јавното мнение, како што е тоа случај со другите училишта. Тој по својата намена е верско училиште; но ако не бидеме повнимателни, тој ќе поприми карактер и влијание на световност. Студентите кои ја празнуваат саботата мораат да покажат повеќе морална храброст отколку што правеле досега, за да се сочува моралното и верското влијание и углед на училиштето, или тоа ќе се разликува од сличните институции на другите верски заедници само по име. Овој колеџ е подигнат по Божја намера да служи исклучиво на верските цели и секоја генерација на студенти кои тука доаѓаат необратени, се враќаат во своите домови како увежбани војници на Христовиот крст. {4C 431.2}

Професорите и наставниците се должни да мислат за тоа како посебноста на нашиот колеџ да се одржи и сочува на најдобар начин; и сите останати треба високо да ги ценат предностите кои ни ги дава една ваква институција и дека е совесно да го поддржуваат и чуваат нејзиниот углед. Себичноста лесно може да го олади ревнувањето и енергијата на студентите, така што духот на овој свет ќе стекне преовладувачко влијание во целото училиште. Тоа би го предизвикало Божјото негодување против оваа установа. {4C 432.1}

Оние студенти кои тврдат дека го љубат Бога и дека се покоруваат на вистината, треба во потполност да владеат со себеси за да постигнат таква постојаност во начелото која ќе ги оспособи во Христова сила да се спротивстават на секое искушение во самиот колеџ, во студентскиот дом и на секое друго место. Религијата не треба да ни служи како прекривка која ќе ја носиме само во Божјиот дом, туку по нејзините начела мораме да бидеме препознатливи во сè во животот. Оние кои се напојуваат на изворот на животот нема, како припадниците на овој свет, да копнеат само за промена и задоволување на телесните желби. Во нивното однесување и карактер ќе се видат мир, спокојство и среќа кои можат да се најдат во Христа кога сите свои товари и грижи секој ден ќе ги положиме покрај Неговите нозе. Тие покажуваат дека задоволството и радоста се наоѓаат само на патеката на послушното извршување на должностите. Влијанието кое ваквите студенти го пренесуваат на своите другари се чувствува во целото училиште. Овие совесни поборници на вистината, редот и верноста ќе ги закрепнат и зацврснат рацете на своите професори и наставници во нивниот напор да

се спротивставаат на секој вид на неверство, неслога и неприлагодување на правилата на училишната дисциплина. Влијанието на таквите ќе биде спасоносно; нивните дела ќе ја издржат проверката во големиот Господов ден и ќе ги следи на оној свет; резултатот од нивниот живот овде, ќе зборува низ бескрајните времиња на вечноста. Сериозното, совесно и верно момче во училиштето е од непроценлива вредност. Божјите ангели со љубов бдеат над него. Неговиот драг Спасител го љуби, и во небесните книги верно се запишува секое негово добро дело, секој отпор на искушението и секоја победа над злото. На тој начин тој „полага добар темел за иднината, за да добие вечен живот". {4C 432.2}

Однесувањето на братот Ц, кој за време на своето школување во нашиот колеџ постојано барал друштво на млади девојки, било погрешно. Тоа не била целта на неговото доаѓање во Батл Крик. Студентите не доаѓаат ваму за да бараат симпатии, да им се додворуваат на девојките и да се забавуваат, туку за да стекнат образование. Кога би им се дозволило да ги задоволуваат своите склоности во тој поглед, деморализацијата набргу би го зафатила цел колеџ. Многумина и покрај вниманието на професорите и наставниците, своите драгоцени училишни денови ги поминувале во тајно состанување поради забавување и додворување. Ако некој од наставниците, користејќи ги предностите на својата положба, настојува да ги придобие симпатиите на своите студентки со намера да се жени, неговата постапка заслужува најстрога казна. {4C 433.1}

Влијанието на синовите на братот Д и уште некои од Ајова, а исто така и на госпоѓата Е од државата Илиноис не е благотворно за нашето училиште. Роднините и пријателите на тие студенти ги поддржувале во фрлањето на неповолна светлина на нашиот колеџ. Синовите на братот Д се многу способни и остроумни, што на родителите им причинува големо задоволство; но кога тие момчиња ги злоупотребуваат своите способности, кршејќи ги утврдените правила и прописи на однесување во училиштето, тоа во ничие срце не би требало да предизвика задоволство. Кога записот за толку острото и толку лукавото критикување на еден од професорите на нашиот колеџ ќе биде читан на денот кога Бог ќе ги изнесе на виделина делата на секој поединец, тогаш тоа сигурно нема да причинува такво задоволство. Братот и сестрата Д тогаш ќе увидат што направиле во обидот со привидно прикривање на фактите да го оправдаат својот син. Тогаш тие ќе мораат да одговараат за негативното влијание кое го ширеле против училиштето кое претставувало орудие во Божјите раце, и за своите претерани изјави со кои ги спречувале младите да се запишуваат на колеџ, каде што можеле да се школуваат под благотворното влијание на вистината. Поради ова нивно погрешно влијание некои души ќе бидат изгубени засекогаш. Големиот ден на Божјиот суд ќе го открие влијанието на секој изговорен збор и секој став кој сме го зазеле. Братот и сестрата Д ги занемаруваат и своите семејни должности. Опиени од грижите за овој живот, тие се во постојано брзање и зафатеност со земните работи; и духот на световност со кој постојано се исполнети се одразува и во нивниот однос кон децата, кон црквата и кон светот што ги опкружува. Тоа ли е примерот на оние кои исправно се држат за вистината и кои треба да го осудат светот? {4C 433.2}

Опстанокот и трајноста на институциите кои се од Бога одредени да послужат како орудие за унапредување на Неговото дело во голема мера зависи од младите во нашата црква. Оваа голема одговорност лежи на младите кои денес стапуваат на сцената на дејноста. Никогаш толку како сега не зависела од една генерација; колку затоа е важно младите да се оквалификуваат за големата задача која им претстои, за

Бог да може да ги употреби како Свои орудија. Она што Тој како Творец со право го очекува од нив е поважно од сè друго. {4C 434.1}

Бог е Тој кој им го дал животот и сите физички и умни сили кои ги имаат. Тој ги надарил со тие способности за мудро да ги искористат и за да може да им го довери делото од неминлива вредност. За возврат за сè што им дал, Тој очекува тие своите умни и морални сили да ги развиваат употребувајќи ги. Тој не им ги дал тие способности само затоа за да им служат за забава и за да ги злоупотребат постапувајќи спротивно на Неговата волја и на Неговото провидение, туку да го шират во светот знаењето за вистината и светоста. За добрината и милоста која постојано им ја укажува, Тој ја очекува нивната љубов, благодарност и заслужена почит. Тој од нив со право бара послушност на Неговите закони и сите мудри прописи дадени со намера да ги зауздаат во нивната младост, чувајќи ги од сатанските лукаво поставени стапици и да ги водат на патот на мирот. Кога младите би можеле да увидат дека покорувањето на законите и правилата на нашите установи има за цел да обезбеди достоинство на нивната положба во општеството, морално и умно да ги издигне, облагороди и усреќи, тие не би се бунеле против потполно оправданите и корисни правила и прописи, ниту би поттикнувале сомневање и предрасуди против тие институции. На нашите млади им е неопходна цврстина на карактерот, верност на Бога и подготвеност да го извршат она што се бара од нив и тоа ќе биде гаранција за нивниот успех. Разузданоста и немарноста на младите на нашите денови е појава која го раскинува срцето. Вината за тоа во голем дел ја сносат родителите. Без Божји страв никој не може да биде вистински среќен. {4C 434.2}

Оние студенти кои, не поднесувајќи го училишниот авторитет, ги напуштиле студиите и по враќањето дома рашириле лош глас за нашиот колеџ, мораат да ја увидат погрешноста на својата постапка и да направат сè за да го неутрализираат негативното влијание на тоа, за повторно да го стекнат Божјото одобрување. Верниците во Ајова го предизвикале против себе Божјото негодување затоа што во својата лесноумност поверувале во невистинитите приказни на овие незадоволници. Требало секогаш да бидат на страната на редот и дисциплината, а не да го охрабруваат попуштањето на гревот. {4C 435.1}

Едно момче дојде од некоја далечна држава за да земе учество во благодетите кои ги пружа колеџот во Батл Крик. Тој заминал од својот дом со благослов и одобрување на своите родители. Секој ден слушал најсесрдни молитви зад семејниот олтар и затоа очевидно бил добро насочен во живот на благородност и чистота. Тој поаѓа од својот дом со најдобра намера и сосем јасно осведочување. Меѓутоа, во Батл Крик тој се сретнува со другари од сите слоеви. Се запознава со некои кои се вистински благослов за сите кои доаѓаат во сферата на нивното влијание. Од друга страна, се запознава и со такви кои се привидно добри и интересни и кои го воодушевуваат со својата интелигенција, но верски и морално се на ниско ниво. Извесно време тој успешно се спротивставува на секое наговарање да им попушти на искушенијата; но гледајќи дека оние кои за себе тврдат дека се христијани наоѓаат задоволство во дружењето со тие неверници тој почнува да се колеба во својата првобитна благородна одлучност. Тој ужива во привлечните досетки и веселото расположение на тие момчиња и речиси незабележливо сè повеќе и повеќе го привлекува нивното друштво. Неговите потпорни точки почнуваат постепено да откажуваат; неговата дотогашна вера сè повеќе слабее. Го повикуваат да појде со нив во кафеана, а потоа го одведуваат во крчма. Порачуваат остриги и други јадења и пиења, а тој се срами да биде поинаков од нив и да ја одбие

понудата. Пречекорувајќи ја еднаш границата на дозволеното, тој оди сè понатаму. Сметајќи дека да испие чаша пиво не е никакво зло, го прифаќа и тоа; но сепак сè уште чувствува извесна грижа на совест. Не осмелувајќи се отворено да застане на страна на Божјата вистина и правда, тој под влијание на тие измамници, чие друштво сè повеќе го освојува, оди и чекор понатаму. Неговите искушувачи го убедуваат дека да одигра партија карти или да набљудува како се игра билјард е сосем безопасно, и тој попушта и на тоа искушение. {4C 435.2}

Во нашиот колеџ има момчиња чии родители и оние на чија грижа се доверени сметаат дека е потполно исправно тие да одат во кафеана, да пијат пиво и да играат карти и билјард. Сето тоа тие го држат во тајност меѓу себе, додека професорите и наставниците немаат поим дека сатанското дело сè повеќе зема замав. Кога таквите и ова момче ќе го намамат на некој погрешен чекор кој мора да се крие, тој има борба со својата совест; но склоностите однесуваат победа. При своето доаѓање во Батл Крик тој навистина имал намера да остане христијанин, но бил наведен постојано и неизбежно да паѓа сè подлабоко. Лошите другари и заводници - синови на нашите членови од Батл Крик - гледајќи дека лесно можат да го наведат да подлегне на искушението, потајно ликуваат поради својата моќ и фактот дека тој во својата слабост толку брзо и без отпор паѓа под нивното заводничко влијание. Тие гледаат како тоа несреќно момче можат лесно да го посрамат и да го збунат оние кои имале светлина, но попуштањето на гревот ги направило толку дрски. Токму такво нешто може да се види таму каде што младите се дружат со полоши од себе. {4C 436.1}

Доаѓа време кога овој младич, кој од татковскиот дом тргнал искрен, честит и со благородни намери, ќе биде потполно упропастен. Тој создал навика да го прифати злото, а да го отфрли доброто. Тој не е свесен за опасноста во која се наоѓа, не се наоружал со будност и молитва. Не се ставил под будна грижа и заштита на црквата. Го убедиле дека мажот треба да биде независен, не дозволувајќи никој да ја ограничува неговата слобода. Го учеле како да ги игнорира правилата и дека дрско да се кршат законите значи да се биде потполно слободен, дека само робот секогаш трепери, стравувајќи нешто да не згреши. Тој паднал под влијание на безбожните момчиња кои под маската на привлечна надворешност кријат измамнички дух, ништожност и беззаконие; и кои го презираат и исмеваат затоа што толку лесно дозволил да биде измамен. Се здружил со такви од кои не може да се очекува ништо свето и добро. Ги прифатил животните навики и зборови кои ниту малку не облагородуваат ниту издигнуваат. Многумина се во опасност со такво незабележливо застранување да одат толку далеку што на крај ја губат секоја вредност и достоинство дури и во своите сопствени очи. За да го стекнат одобрувањето на бесчувствителните и безбожни другари, тие ја жртвуваат честитоста и благородноста на своето достоинство и стануваат робови на сатаната. {4C 436.2}

Млади проповедници

Покажано ми е дека црквата во Ајова според критериумот на чистота и побожност далеку заостанува зад другите држави ако се дозволи на водењето на тамошното дело да влијаат млади луѓе, кои очевидно не се поврзани со Бога. Морам да нагласам - бидејќи тоа го чувствувам како своја најсвета должност - дека духовната состојба во Ајова денес би била подобра ако браќата Ф и Г би молчеле. Тие немаат никакво лично

искуство во побожниот живот, како тогаш можат да водат и упатуваат други на Изворот кој на нив самите им е потполно непознат? {4C 437.1}

Скептицизмот и недовербата во Сведоштвата на Божјиот Дух сè повеќе земаат замав, а тие млади го охрабруваат неверството и сомневањето наместо тоа да го отстрануваат, бидејќи и самите ги игнорираат духот, силата и значењето на Сведоштвата. Сè додека се така непосветени во срцето, нивната работа не може да му донесе никакво добро на народот. Тие можеби делумно и ќе ги убедат слушателите дека ние ја имаме вистината, но каде се Божјиот Дух и Божјата сила да ја втиснат вистината во срцето и да ја пробудат свеста за гревот? Каде е силата која ќе ги осведочи грешниците во неопходноста од напредување и искуствено спознавање за животворната побожност? Такво знаење немаат ниту тие самите и како тогаш можат да ја претставуваат Христовата вера? Ако младите луѓе сакаат да бидат применети во работата, не е мудро да ги обесхрабруваме; но прво треба да ги упатиме и да ги поучиме во таа работа. {4C 437.2}

Во своите напори братот Г можел да им се придружи на лекарите во нашиот санаториум, но тој не бил во состојба да се усклади со нив. Бил премногу голем во сопствените очи за сега да биде ученик. Бил самобендисан и полн со себе. Пружени му се исто толку добри можности и изгледи како и на останатите млади; додека тие биле подготвени да примаат поуки и да ја прифатат секоја положба на која нивните способности би биле најдобро искористени, тој не сакал да се прилагодува на постоечките околности. Се сметал премногу способен и мудар за да прифати подредена положба. Не се трудел да остави добар впечаток на пациентите. Бил толку горделив и диктаторски настроен, така што неговото влијание не смеело да се толерира во нашиот санаториум. Не му недостигале способности и стручна подготовка и ако се согласил да биде поучуван, можел да стекне практично знаење и драгоцено искуство во лекарската пракса. Ако негувал дух на христијанска понизност и трпение можел навистина да биде успешен. Но тој не ги увидел ниту искоренил вродените недостатоци на својот карактер. Бил склон кон измама и недоследност, што го прави секој човек некорисен во животот и што сигурно ќе му ја затвори вратата за проповедничкиот повик. Требало најодлучно да се држи за вистината и да се чува од секоја лага и измама како од губа. Тој се чувствувал непријатно и поради својот низок раст. Тоа не може да се излекува, но во негова моќ било да ги излекува и отстрани недостатоците на својот карактер, само ако сакал. Со согласност на волјата, умот и карактерот можат да се обликуваат според божествениот Пример. {4C 437.3}

Она што човекот го прави голем е благородноста на душата, а не лажното чувство на супериорност. Правилно развиените духовни и умни сили го прават човекот онаков каков што треба да биде. Тие облагородувачки способности ни се дадени за да развиеме христијански карактер и за да се удостоиме за идниот - вечен живот. Човекот е создаден за едно повозвишено и посвето задоволство отколку што може да го даде овој свет. Тој е создаден според Божје обличје за толку возвишена и благородна цел, така што внимание на тоа подаруваат и самите ангели. {4C 438.1}

Денешните млади, општо земено, ниту длабоко размислуваат ниту мудро живеат. Кога би биле свесни за опасноста која им се заканува на секој чекор, би биле повнимателни и би одбегнале многу стапици кои сатаната ги поставува под нивните нозе. Внимавај, брате мој, да не се прикажеш онаков каков што не си. Лажните имитации лесно се препознаваат од чистото злато. Преиспитај го внимателно не само својот личен живот, туку и ставот кој го зазема секој поединечен член од твоето

семејство. Размисли за минатото на секој од вас и за последиците од сè што правите. Размисли зашто оние кои се навистина добри и совесни верници ги сакаат извесни поединци и ги почитуваат, додека други ги презираат и одбегнуваат. Настојувај сето тоа да го гледаш во светлината на вечноста и кога ќе видиш во што другите грешеле, внимавај да не одиш по нивната трага. Добро е да се има на ум фактот дека склоностите и карактерните особини на родителите наследно се пренесуваат и на децата. Размисли сериозно за сето тоа и тогаш во Божји страв наоружај се за животната борба со наследените склоности, угледувајќи се само на Христа Кој е наш божествен Пример. За да постигнеш успех во животот, мораш да се залагаш истрајно, постојано и ревно. Мораш да извојуваш победа над самиот себе, а тоа за тебе ќе биде борба потешка од секоја друга. Со најодлучно спротивставување на своите лични склоности и лоши навики ќе стекнеш драгоцени и неминливи победи. Меѓутоа, сè додека негуваш извесни склоности на својот карактер, копнеејќи да водиш и учиш други наместо да бидеш воден, нема да имаш никаков напредок во духовен поглед. Многу си чувствителен и ако будно не бдееш над себе, многу бргу пламнуваш со сета своја жестина. Младите ќе мораат да преземат на себе големи одговорности и значајни должности; дали ти се подготвуваш во Божји страв да го преземеш својот дел? {4C 438.2}

Брат Ф не е оспособен за својата работа. Од своето детство тој не е воспитан да биде верен и добар работник, подготвен да го носи товарот на одговорност. Не увидува ниту чувствува што би требало да направи за другите. Вообразен и полн со себе, се преправа дека знае повеќе отколку што навистина знае. Кога потполно би се посветил со Божјиот Дух и би ја сфатил сета сериозност на одговорноста на Христовиот проповедник, и сам би увидел дека е потполно неподготвен за таа задача. Полн со недостатоци во секој поглед, тој ги пренесува своите недостатоци и на другите, што на светот му дава неповолен впечаток за карактерот на нашето дело и за проповедниците кои учествуваат во него. Тој мора да се привикне на товарите и должностите на практичниот живот за да може да се оспособи за најдрагоцената задача која некогаш му била доверена на смртникот. Сите млади проповедници, за да станат успешни учители, прво мораат да бидат ученици. Повикувајќи ги младите да се посветат на повикот на проповедник, би рекла: Бог ме овласти посебно да им ја нагласам неопходноста од подготовка за делото на кое имаат намера да се посветат. {4C 439.1}

Ниту еден од браќата Ф не е склон трудољубиво да се нафати на работата и на товарот на одговорностите. Во сè што работат се огледува немарност и несовршеност. Невнимателни се во своите разговори и во своето однесување. Сериозноста, возвишеноста и благородноста на карактерот кои треба да бидат обележје на секој Христов проповедник, нема да се покажат во нивниот живот сè додека потполно не се изменат по угледот на својот божествен Пример. Себичноста и сопственото „јас" доаѓаат до израз помалку или повеќе кај секој од нив, иако во помала мера отколку кај другите. Духот на самоиздигнување и вообразеност кој постои во тие млади луѓе ги прави несоодветни за Божјото дело. Тие треба сериозно да се дисциплинираат за да може Бог да ги прифати како соработници во Своето дело. Тие мораат да ја победат мрзливоста на кој се склони по својата природа, и да поминат низ совесна подготовка неопходна и за земните работи. Мораат да покажат подготвеност да учат; и дури кога ќе се покажат успешни во помалку одговорните должности, можат да им се доверат поголеми. За црквата во многу места би било подобро без вакви неделотворни работници. За преземање на товарите и грижите за душите тие во својата непосветена

состојба се понесоодветни од малите деца. Во поглед на вистинската побожност тие се вистински незнајковци и неопходно им е потполно обратување за да станат христијани. {4C 440.1}

На братот А Ф му е неопходна потполна и темелна обука во нашиот колеџ. Тој има сериозни недостатоци во говорот. Груб е, невнимателен во начинот на однесување со другите; но покрај сето тоа, тој е самоуверен и има многу високо мислење за своите способности. Всушност тој воопшто не верува во Сведоштвата на Божјиот Дух, затоа не ги проучува ниту ги спроведува во живот вистините кои се наоѓаат во нив. Сè додека се наоѓа на толку ниско ниво на побожност тој нема да биде во состојба да го сфати значењето на Сведоштвата ниту нивната вистинска цел. Тие момчиња ја читаат Библијата, но имаат незначително искуство во молитвата и во сесрдното и понизно истражување на Светите Списи што би можело потполно да ги усоврши и подготви за секое добро дело. {4C 440.2}

Да се поттикнуваат и охрабруваат оние кои не чувствуваат вистински товар за душите да се посветат на Божјото дело е многу опасно. Тие можеби ќе бидат во состојба да ги заинтересираат луѓето и да се ангажираат во расправите и препирките, но тоа не значи дека се луѓе кои длабоко размислуваат и кои копнеат своите способности да ги развијат и да ги употребат на добро. Таквите проповедници се недораснати за својот повик и се полни со недостатоци. Ако оние кои ја проповедаат вистината не се со сето срце во Христа, под нивно влијание моралот ќе опаѓа, а верскиот критериум ќе биде сè понизок, каде и да ги толерираат како такви. Ним им е даден совршен пример - а тоа е Христос. „Сето Писмо е од Бога дадено и корисно е за учење, за карање, за поправање, за поучување во правдата, за да биде совршен Божјиот човек, подготвен за секое добро дело". Во Библијата имаме непогрешливо дадени Божји совети. Нејзините учења, практично применети во животот, ги оспособуваат луѓето за секоја одговорна задача. Тоа е Божјиот глас кој секој ден ѝ зборува на душата. Колку тогаш внимателно младите треба да ја проучуваат Божјата реч, чувајќи ги во своето срце како најдрагоцено богатство нејзините поуки според кои треба да се управуваат во сите животни прилики. Нашите млади проповедници, дури и оние кои веќе извесно време зборуваат од проповедалната, покажуваат забележливи недостатоци во разбирање на Светите Списи. Улога на Светиот Дух е да го просветли замраченото разбирање, да го омекне срцето скаменето од себичност, да го потчини непокорниот престапник и да го спаси од изопачувачкото влијание на овој свет. Во молитвата за Своите ученици, Христос нагласува: „Освети ги со Својата вистина, Твојата реч е вистина. Божјата реч, како духовен меч, го прободува срцето на грешникот и го крши. Кога теоријата на вистината ја изнесува говорник кој притоа сам не го почувствувал нејзиното свето влијание во својата душа, тоа на слушателите нема никакво делување; вистината изнесена на таков начин тие ја отфрлаат како заблуда, а одговорноста за загуба на душата паѓа на говорникот. Ние би морале да бидеме сигурни дека нашите проповедници се потполно обратени луѓе, понизни и кротки во срцето. {4C 441.1}

При изборот и примањето во проповедничка служба мора да дојде до одлучна промена. Во поглед на квалификациите за проповедник неопходна е многу построга проверка. Мојсеј бил од Бога насочен во Мадијамската земја да стекне искуство во совесното и одговорно водење на грижа за Јоторовото стадо, за - кога Тој ќе го повика - да биде подготвен како верен пастир да го води Неговото стадо. Слично искуство е неопходно и на оние кои се ангажирани во големото дело на проповедање на вистината. За да ги доведе заинтересираните за вистината кон животворниот извор,

проповедникот прво мора сам да се напојува од тој извор. Тој секогаш пред своите очи мора да ја има непроценливата жртва која Божјиот Син ја поднел за спасение на паднатите луѓе, така што и неговата душа да биде исполнета со духот на таа неминлива љубов. Ако Бог ни наменил некоја тешка задача, мораме тоа да го прифатиме без мрморење. Ако патот на кој сме повикани е тежок и опасен, Божја волја е покорно да продолжиме по истиот, барајќи од Него сила и помош. Од искуствата на некои од нашите проповедници, кои за тешкотиите и неволите релативно ништо не знаат, а сепак за себе мислат и говорат како маченици, треба да се извлече поука. Тие допрва треба да научат со благодарност да го прифатат патот кој Бог го избрал за нив, имајќи го на ум Зачетникот на нашиот Спасител. Должностите на проповедникот треба да се извршуваат со повеќе сесрдност, енергија и ревност отколку било кои земни работи, бидејќи тие должности се неспоредливо посвети и според своите резултати многу поважни. Записот во небесните книги за секој наш работен ден би требало да се завршува со оценка: „добро извршено", така што -дури и кога не би преостанал ниту еден ден за работа - нашето дело би било во потполност завршено. Нашите проповедници, посебно младите, треба да ја сфатат неопходноста од подготовка која ќе ги направи соодветни за нивната света должност и достојни за друштвото на светите ангели. За да се чувствуваме на небото како дома, мораме уште овде да го имаме небото во своето срце. Ако тоа не е случај со нас, тогаш би било подобро во Божјото дело да немаме никакво учество. {4C 442.1}

Непосветените проповедници го срамат и изопачуваат проповедничкиот повик. Ако за проповедничкиот повик во целина не се постави повисок и подуховен критериум, вистината на евангелието ќе има во светот сè помала сила и влијание. Човечкиот ум е прикажан како плодно земјиште во една градина. Ако трудољубиво и внимателно не се обработува, градината набргу ќе зарасне во плевелот и трњето на незнаењето. Умот и срцето секој ден треба духовно да се просветуваат, а занемарувањето на тоа ќе донесе само зло. Ако Бог нè надарил со поголеми природни способности, ние сме должни со употреба постојано да ги развиваме, и поголема е нашата одговорност своето време и таленти да ги употребиме на слава на Неговото име. Умот не смее да се остави неактивен. Ако не се активира со стекнување на корисни знаења, ќе потоне во провалијата на незнаењето, суеверието и фантазиите. Ако своите умни способности не ги развиваме правилно да послужат на слава на Бога, тие ќе станат моќно орудие во рацете на непријателот, така што ќе одведуваат во пропаст. {4C 442.2}

Додека треба да се чуваат од фалење со личната независност, младите постојано треба да копнеат по усовршување на сите свои способности. Тие треба да ја искористат секоја своја можност која ќе им се пружи што повеќе да ги развиваат благородните и позитивни црти на својот карактер. Кога младите во потполност би се чувствувале зависни од Бога и кога молитвата би била дишење на нивната душа на секое место и во секој момент, тие многу повеќе би ја познавале Божјата волја. Но мене ми е покажано дека браќата Ф и Г се потполно незапознати со делувањето на Божјиот Дух. Работејќи во својата сопствена сила и потполно обземени и занесени сами со себе, тие воопшто не го увидуваат своето духовно сиромаштво и беда. Тие со омаловажување и презир зборуваат за Сведоштвата кои се од Бога дадени за добро на Неговиот народ и критички го изнесуваат својот суд и мислење за нивната содржина, додека би направиле подобро кога би ставиле рака на своите усни и ничкум би паднале во прав; бидејќи за Сведоштвата не знаат ништо повеќе отколку и за Божјиот Дух за чие делување немаат поим. {4C 443.1}

Тие се почетници во вистината, а во верското искуство се вистински џуџиња. Најголемите победи во Божјото дело не се стекнуваат со грижливо подготвени аргументи, со изобилство способности, влијание и пари, туку во најсердна тајна молитва кон Бога, кога со рацете на верата грчевито ќе се фатиме за раката на Семоќната сила. Кога Јаков во својата осаменост, потполно скршен и совладан, се нашол во крајно безнадежна положба, тој во најсердна молитва ја излеал својата душа пред Бога. Божјиот ангел со кој се борел во агонијата на својата душа рекол: „Пушти ме", но Јаков не дозволил да биде одбиен. Погоден од силен удар и страдајќи од остри физички болки, Јаков упорно го продолжил своето преколнување со смелост која може да ја даде само живата вера: „Нема да те пуштам додека не ме благословиш". {4C 443.2}

Во Божјата реч има длабоки тајни кои умот на смртникот, без помош на Светиот Дух никогаш нема да ги открие. Во планот на спасението исто така има тајни кои ограниченият човечки ум никогаш не може да ги сфати. За младите и сè уште неискусни би било подобро своите умни способности да ги развиваат со сердно настојување правилно да го сфатат она што веќе е откриено; бидејќи ако во поглед на духовната просветеност останат на сегашното ниво, ќе им биде потребен цел живот да ја дознаат откриената Божја волја. Дури кога светлината која веќе ја имаат ќе ја прифатат со цело срце и практично ќе ја применат во секојдневниот живот, ќе бидат во состојба да напредуваат чекор понатаму. Божјото провидение е доживотно училиште во кое Тој постојано ги води луѓето да ги запознаат вистинските цели во животот. Никој не е премногу млад, ниту пак премногу стар за во тоа училиште со трудољубива работа да не може да се научи на послушност и практична примена на поуките кои ни ги оставил Големиот Учител. Тој е вистински Пастир кој ги вика Своите овци по име, така што и оние кои ќе заскитаат можат да го слушнат и да го препознаат Неговиот глас кој им зборува: „Ова е патот, одете по него". {4C 444.1}

Младите луѓе кои не биле успешни во своите секојдневни земни работи, исто така ќе бидат неподготвени и за повозвишени должности. Верското искуство се стекнува само преку борба, разочарувања, строго самосовладување и сердна молитва. Фаќајќи се со жива вера за сигурните Божји ветувања, многумина од молитвата се враќаат со насмеани лица, зборувајќи како Јаков во свое време: „Го видов Бога лице во лице и душата моја се избави". {4C 444.2}

На патот кон небото мораме постојано да напредуваме; секој чекор направен со цел за напредување ни дава нова сила за следниот. Преобразувачкото влијание на Божјата благодат врз човечкото срце претставува процес кој малкумина од нив го сфаќаат, бидејќи се премногу мрзливи за да вложат неопходни напори. Поуките кои нашите млади проповедници, така неподготвени за својот повик, ги изнесуваат пред своите слушатели, остваат на нив деморализирачко влијание. Ним им недостига знаење неопходно за положбата на која се наоѓаат, а сепак се држат за неа. Не се урамнотежени со цврстина во начелото. Зборуваат за нешто што не го знаат и затоа оние кои ги прифаќаат како учители остануваат во заблуда. Еден таков може да ги затруе мислите на слушателите со скептицизам до таа мера што подоцна неколкумина од нив, правејќи го најдоброто што е во нивна моќ, не можат да ги неутрализираат последиците на таквото влијание. Луѓето со ограничени погледи наоѓаат задоволство во потсмевањето, критикувањето и во настојувањето да изнајдат нешто што може да се доведе во прашање, сметајќи го тоа како знак на својата остроумност додека всушност тоа е знак на нивната неблагородност и нискост. Таквите би направиле многу подобро кога би настојувале со стекнување на неопходно образование да го облагородат и

морално да го издигнат својот ум. Како што цветот се врти кон сонцето за со своите блескави зраци да придонесе кон усовршување на неговата убавина, така младите треба да се свртуваат кон Сонцето на правдата за да ги осветли со небесна светлина, усовршувајќи го нивниот карактер и давајќи им подлабоко и потрајно искуство во познавањето на Божјата волја. Дури тогаш тие ќе бидат во можност отсјајот на божествената светлина да го пренесуваат и на други. Оние кои ќе се одлучат да собираат само сомнежи, неверство и скептицизам никогаш нема да доживеат со напредување во благодатта и духовноста да се оспособат за сериозната одговорност на пренесување на вистината на другите. {4C 444.3}

Светот треба да биде предупреден за пропаста која му претстои. Духовната дремка на оние кои пропаѓаат во гревот и заблудата е длабока како смртен сон и само гласот на духовно пробудениот проповедник може да ги разбуди. Сè додека проповедниците не бидат потполно обратени, тоа не може да се очекува ниту од народот. Студениот формализам кој денес преовладува меѓу нас мора да отстапи место на оживувачката енергија на искуствената побожност. Теоријата на вистината која ја проповедаме е беспрекорна; таа е совршено јасна и складно поврзана. Младите проповедници можат течно и навидум уверливо да зборуваат за вистината, а сепак да немаат вистинска претстава за зборовите што ги изговараат. Тие не ја ценат вредноста на вистината која ја изнесуваат и малку знаат колку таа ги чинела оние кои - со најсердни молитви и солзи, преку искушенија и спротивставувања - ја истражувале како сокриено богатство. Секоја нова алка во синџирот на вистината за нив била драгоцена како злато прочистено во оган. Тие алки сега се споени во совршена целина. Со најсердни молитви за божествена просветеност и духовно спознавање тие вистини се ископани под длабоките наслаги на ништожностите на суеверието и заблудите и прикажани му се на народот како драгоцени бисери од непроценлива вредност. {4C 445.1}

Евангелието е откровение кое на човекот му донесува зраци на светлина и надеж од неминливиот свет. Таа светлина не ни се открива одеднаш, туку нè осветлува постепено, колку што можеме да поднесеме. Умот кој копнее за сознание во поглед на Божјата волја никогаш не се задоволува со она што го постигнал; доколку повеќе истражува, дотолку повеќе го увидува своето незнаење и дотолку повеќе жали и се кае поради својата заслепеност. Човекот и не претчувствува колку возвишените и благородни достигнувања му се ставени на дофат на раката ако своите човечки напори ги здружи со благодатта на Оној кој е извор на сета мудрост и сила. А тоа е вечна и од сè поважна слава на вечноста. „Што окото не виде и увото не слушна, и во срцето човечко не дојде, тоа Бог го подготви за оние кои Го љубат”. {4C 446.1}

Ние имаме најсвечена порака на вистината која некогаш му била упатена на светот. И самите неверници сè повеќе оддаваат признание на оваа вистина затоа што е неоспорна. Имајќи го во вид тој факт, нашите млади луѓе стануваат самоуверени и самодоверливи. Како поборници на вистината кои други ја откриле, тие без проучување и сесрдна молитва излегуваат пред противниците и се впуштаат во борба во која користат остри и зајадливи зборови и дофрлања, ласкајќи си сами себеси дека тоа е задача на проповедникот на евангелието. За да се оспособат за Божјото дело, тие луѓе би морале да доживеат потполно обратување како што тоа бил случај со Павле. Вистините кои ги проповедаат, проповедниците треба практично да ги применуваат во својот живот. Нивниот живот треба да биде значително подуховен и со многу повеќе природна едноставност. Зборовите кои се пренесуваат на народот мораат да бидат од Бога примени за да можат вистински да го привлечат вниманието на слушателите.

Нашата порака е животен мирис за живот, или смртен мирис за смрт. Судбината на душите е на мерила. Мноштво неопределени се наоѓаат во долината на одлуката. Треба да се слушне гласот со јасен повик: „Ако е Господ, одете по Него; ако е Ваал, одете по него”. {4C 446.2}

Душите на неодлучните кои сè уште се колебаат можат да се спасат само со брзо, енергично и ревносно делување. Никој не може да каже колку се губи со обидот вистината да се проповеда без помазание од Светиот Дух. На секој собир има души кои се речиси потполно осведочени во вистината, но сè уште се колебаат. Одлуката се донесува за сега и за вечноста; меѓутоа премногу често проповедникот не чувствува дух и сила на пораката во сопственото срце и затоа пропушта непосредно да апелира на оние кои треперат во чувството на неодлучност. Впечатокот оставен на срцето на осведочените не бил доволно длабок и тие на состанокот заминуваат помалку склони да го прифатат служењето на Христа отколку кога дошле. Тие донесуваат одлука да почекаат поповолна прилика, но таква прилика не се повторува. Во таквото проповедање лишено од Божјиот Дух, слично како и во Каиновиот принос, нема Спасител. Златните прилики се пропуштаат и судбината на тие души е одлучена. Да се проповеда рамнодушно и без чувство на одговорност за душите кои слушаат - не значи ли тоа премногу да се става на коцка? {4C 446.3}

За душите во овој век на морална темнина да се поттикнат за вистината потребно е нешто повеќе од само теорија. Проповедниците би морале постојано да одржуваат жива врска со Бога. Тие мораат да проповедаат така што ќе се види дека навистина се осведочени во она што го зборуваат. Живите вистини, симнувајќи се од усните на Божјиот човек, ќе го поттикнат грешникот да затрепери и осведочен да извикне: „Господ е Бог; одлучив да бидам на Господова страна!” Божјиот гласник никогаш не би смеел да биде помалку истраен во барањето на светлина и сила од небото. Сред обесхрабреноста и темнината, тој треба во молитва и надеж да вложува постојани напори, цврсто решен да стекне што поцелосно познавање на Светите Списи и да не запостави ниту еден духовен дар. Сè додека постои макар една душа на која може да ѝ се помогне, тој мора да ги продолжи своите напори со нова сила и одлучност. Задачата доверена на слугите на евангелието е многу сериозна и мора да се изврши. Душите за кои Христос умрел се во постојана опасност. Сè додека во молитва можеме да се повикуваме на Христовото ветување: „Нема да те оставам, ниту ќе отстапам од тебе”, сè додека венецот на правдата му се нуди на победникот и сè додека нашиот Застапник пред Таткото се залага за грешниците, Христовите проповедници треба да работат во надеж, со неуморна енергија и истрајна вера. {4C 447.1}

Меѓутоа, сè додека Божјата вистина ја проповедаат млади и неискусни луѓе чии срца се едвај допрени со Божјата благодат, делото ќе малаксува. Браќата Ф и Г се повеќе склони да се расправаат и дискутираат отколку да се молат; поподготвени се да расправаат отколку да ги уверуваат луѓето, трудејќи се свечениот и возвишен карактер на делото за ова време да го втиснат во срцето. Луѓето кои ќе ја прифатат одговорноста Божјата реч да ја пренесат на народот таква каква што излегла од Неговите усни, ќе мораат пред Бога да полагаат сметка како го правеле тоа и каков впечаток оставиле на своите слушатели. Ако навистина во потполност се посветат на Бога, тие нема да се потпираат на себе, туку на Оној Кој работи во нив и преку нив. Тие не се издигнуваат себеси, ниту вниманието на слушателите го свртуваат на некои свои способности и на својата остроумност, туку секогаш се свесни за својата одговорност и работат со духовна енергија, продолжувајќи по патот на самооткажување по кој одел и нивниот Учител. На

секој нивен чекор се гледа самопожртвуваност и тие жалат што не се во можност да направат уште повеќе за напредок на Божјото дело. Нивниот пат е пат на неволи и судир, но е обележан со стапките на нивниот Откупител, Кој како Предводник во делото на спасение се усовршил преку страдањата. {4C 447.2}

Потпастирите во својата работа мораат строго да се држат за упатствата на пастирскиот Поглавар и во сè да го манифестираат Неговиот дух. Скептицизмот и отпадништвото ги сретнуваме на секој чекор. Во Божјото дело се потребни луѓе кои се цврсти во вистината како челик и кои бестрашно и непоколебливо се држат за чесноста и исправноста без оглед на околностите. Во бурите на искушенијата и неволите, кога сè изгледа мрачно, тие се исти такви како и кога изгледите за успех го расветлуваат нивниот животен пат и кога сè во нивното опкружување е такво какво што само може да се посака. Опкружен со божествената светлина, Даниел во лавовската јама бил истиот оној Даниел кој некогаш стоел пред царот на неговиот возвишен престол. Во темнината на затворот, Павле, додека очекувал суровиот Нерон да му изрече неотповиклива пресуда, бил истиот оној Павле кој некогаш зборувал пред собирот на најучени луѓе и стоички мудреци на Аеропагот. Човекот кој со сето срце се потпира на Бога во моментот на најголемите искушенија и најнеповолни околности е ист онаков како и кога бил опкружен со светлината и очевидните знаци на Божјото одобрување. Верата допира до невидливиот и се фаќа за она што е вечно и неминливо. {4C 448.1}

Многумина меѓу таканаречните верници во Ајова повеќе сакаат да рушат отколку да градат, повеќе го шират неверството и духовната темнина отколку од Бога дадената светлина; и затоа Божјото дело во таа држава омалаксува додека би требало да цвета и напредува. На проповедниците им е неопходна храброст за да бидат искрени. Павле му пишувал на Тимотеј: „Никој да не те презира поради твојата младост; туку биди им углед на верните во зборовите, во живеењето, во љубовта, во духот, во верата, во чистотата". „Во ова поучувај се, во ова стој, за да се покаже твојот напредок во сè. Внимавај на себе и на науката и стој во тоа; бидејќи правејќи го ова, се спасуваш себеси и оние кои те слушаат". Божјата реч и неговата волја ја напишале во Светите Списи вдахновени писатели. Ние секогаш треба да го имаме тоа како челник меѓу своите очи и да живееме во склад со тие прописи; само на тој начин ќе бидеме сигурни на својот животен пат. Секое поглавје и секој стих од Светото Писмо претставува комуникација помеѓу Бога и човекот. Проучувајќи ја Божјата реч, душата гладна и жедна за правда ќе биде трогната од начинот на божественото изразување. Скептицизмот нема никаква сила над душата која во понизност ги истражува Светите Списи. {4C 449.1}

---

40. НАШИТЕ ИЗДАВАЧКИ КУЌИ

Бог сака сите кои со својата дејност се поврзани со Неговите институции да бидат способни, остроумни и промислени. Тој сака тие да станат мажи и жени интелектуално просветени, не заостанувајќи ниту во една квалификација; и кога тие лично ќе ја увидат потребата да бидат такви и да се потрудат во тој правец, Исус ќе им помогне во нивните напори. Додека тие во стекнување на духовните доблести работат на планот на додавање, Бог во нивна корист работи на планот на умножување на истите. Поврзаноста со Бога духовно го усовршува човекот, го облагородува, го преобразува и

прави свесен за неговите можности; таквата поврзаност му дава на поединецот појасно чувство на одговорноста што ја има, за да може мудро да ги искористи способностите со кои Бог го надарил. 4C 449.2}

Секој треба да биде многу штедлив во трошењето на пари; а уште посовесен во настојувањето во ракување со она што не е негова своина да постапува исто како со свое. Но ретки се тие кои прават така. Ниту еден поединец нема лична корист од остварената добивка на нашите издавачки куќи, ниту пак трпи штета поради нивните загуби; меѓутоа, тоа е Господов имот и начинот на раководење со тие работи материјално ги погодува интересите на Неговото дело. Иако изворите на нашите приходи се ограничени, можело да се направи големо и значајно дело ако немало немарност. {4C 450.1}

Иако штедењето секогаш треба да се практикува, никогаш не треба да се дозволи тоа да се изроди во скржавост и себичност. Сите кои работат во управните тела на нашите институции мораат да бидат свесни за фактот дека ракуваат со Божји имот, дека се одговорни за зголемување на средствата вложени во тоа, и дека на денот на Божјиот суд ќе полагаат сметка ако вложените инвестиции поради невнимателно ракување се намалат во нивните раце. Од сите се бара строго да го избегнуваат непотребното трошење на пари и време. Според верноста или неверноста на работниците во она што му е овде доверено, ќе се одлучи дали е достоен во вечноста да му се довери она што е неминливо. Бог од секој поединец бара задачата која му е доверена да ја изврши во потполност и на време, со точност, трудољубивост и промислено постапување. Од своја страна, секој поединец треба да служи како пример на другите. Со сесрдна и совесна верност во сè, земјата може да се приближи до небото, а драгоцените родови можат да се донесуваат и за овој и за идниот живот. {4C 450.2}

Работниците вработени во разните гранки на нашата издавачка дејност не работат толку колку што би се барало од нив во секоја друга установа од сличен вид. Многу драгоцено време се губи во непотребни разговори со честите посетители, што значително го успорува производството. Во некои гранки загубите се зачестени затоа што вработените не се навикнати грижливо да работат и разумно да го користат времето. Некои од нив кога би работеле на некоја своја работа, би направиле еден до три пати повеќе отколку сега. Други пак не би направиле ништо повеќе отколку што направиле досега. {4C 450.3}

Работното време треба совесно да се искористи. Расипнички да се пропушта времето и да се упропастува материјалот е нечесно пред Бога. По бесцелно пропуштените моменти, тука или таму, во текот на седмицата ќе се насобере толку што тоа ќе изнесува речиси колку цел еден ден, а понекогаш и повеќе. „Времето е пари”, вели поговорката; а изгубеното време се изгубени пари кои во овој случај наменски му припаѓале на Божјото дело. Кога оние кои тврдат дека се верници толку неодговорно и безгрижно го пропуштаат времето, покажувајќи дека се потполно незаинтересирани за напредок на делото, неверниците кои се тука вработени уште полесно се поведуваат по нивниот пример. Кога сите вработени на најдобар начин би го користеле своето време, колку пари би се заштедиле за напредок на делото на вистината! Кога срцето е во делото, тогаш се работи совесно, брзо и со волја. Сите треба будно да гледаат што сè треба да се направи, и тоа подготвено и брзо да го завршат, работејќи како под непосреден надзор на големиот Учител, Исус Христос. {4C 451.1}

Загубите често се создаваат и поради несовесно ракување со материјалот и машините. Грешка е што, и во поголемите и во помалите работи, не се внимава ништо

да не се фрли или оштети поради нечие невнимание. Загубите направени со мало расфрлање, тука и таму, во текот на годината нараснуваат во голема сума. Некои своите способности никогаш не ги користат во собирање и корисна употреба на остатоците, иако Христос јасно нагласил: „Собирајте ги парчињата, за ништо да не пропадне". Материјалите никогаш не треба брзоплето да се сечат за да се дојде до помали парчиња. Со малку повеќе грижливост би се пронашол начин порационално да се употребат остатоците кои сега се отфрлаат. Штедење треба да се применува дури и во таквите ситници како што се остатоците од хартија, бидејќи и тоа може да се претвори во пари. {4C 451.2}

Многу нешта што со мало внимание во вистински момент би можеле да се сочуваат, се упропастуваат поради недостаток на лична заинтересираност. „Заборавив", тоа е најчест изговор за пропустите и загубите во нашите институции. Поединци не покажуваат никаков интерес за работата или било што друго што не спаѓа во нивна непосредна задача. Тоа е потполно погрешно. Себичноста најчесто наведува на заклучок: „Не е мое да водам грижа за тоа;" но верноста и чувството на должност го поттикнуваат секој верен работник да води сметка за сè што ќе забележи. Вработените во книжарница, поведувајќи се по примерот на главниот мајстор, стануваат безгрижни и немарни; така што штетата настаната со непотребно уништување на материјал изнесува толку колку и нивната плата. Кога со таа гранка на дејност би раководел совесен човек, печатницата годишно би заштедила стотици долари. {4C 451.3}

Со принципот на економија треба да се раководат сите кои работат во нашите установи. За да заштедиме пари, мораме да водиме сметка за секоја потрошена пара и за секоја ситница. Луѓето кои се познати по успехот во своите работи секогаш биле економични, истрајни и енергични. Сите кои учествуваат во Божјото дело нека учат да бидат совесни чувари на она што ќе им се довери. Дури ако нивната работа и не биде ценета на оваа земја, никогаш не смеат себеси да се деградираат со несовесно работење во било кој потфат. Потребно е време за човекот да се навикне на одреден начин на живеење и во тоа да наоѓа среќа и уживање. Ние лично, и за овој живот и за вечноста, ќе бидеме само она што од нас ќе го направат нашите навики. Животот на оние кои ќе стекнат добри навики и кои верно ги извршуваат своите секојдневни должности ќе блескаат како запалени светилки, осветлувајќи го патот и пред другите; но ако несовесноста ни стане навика, ако дозволиме во нас да преовладува мрзливост и лесноумност, облак потемен од полноќ ќе се испречи меѓу нас уште во овој живот и засекогаш ќе ни го затвори патот кон идниот живот. {4C 452.1}

Секоја себична мисла која ја негуваме, секоја занемарена должност, го подготвуваат патот за следните уште полоши чекори. Она што само еднаш сме се осмелиле да го направиме, следниот пат ќе го направиме уште полесно. Навиките на умереност, самосовладување, штедливост, здрав и беспрекорен говор, трпение и вистинска трудољубивост не се стекнуваат без постојано и будно стражење над самите себе. Оддавањето на неморал и изопаченост е многу полесно отколку да се победуваат своите недостатоци, да се владее со себе и да се развиваат вистински особини. За постојано да ги усовршуваме особините на христијанството во својот живот, мораме да бидеме подготвени на истрајни напори. {4C 452.2}

Во нашите институции мора да дојде до значајни и коренити промени. Да се одложува за некое подобро време она што мора да се направи веднаш, погрешно е и донесува само загуби. Поправката често чини двојно повеќе отколку што би чинела ако на тоа било подарено соодветно внимание во вистинско време. Многу страшни загуби

и кобни несреќни случаи уследиле поради одложување на нешто на што веднаш требало да му се посвети внимание и без никакво колебање. Времето кога требало одлучно да се делува е пропуштено во колебање дека тоа може да се направи и утре; меѓутоа, утре често било предоцна. Нашите институции секој ден трпат финансиски загуби поради неодлучност, колебање, немарност и рамнодушност, па дури и отворена нечесност од страна на поединци. Во тие установи има поединци кои се однесуваат толку рамнодушно како Бог да не им дал никакви умни способности неопходни за чување на она што е доверено на нивна грижа. Таквите се недостојни за доверба, бидејќи на нив никој не смее да се потпре и никогаш не може да им се даде било каква доверлива должност. Мажите и жените кои одбегнуваат должности, од страв од тешкотиите кои должностите со себе неизбежно ги донесуваат, ќе останат секогаш слаби и неделотворни. {4C 452.3}

Оние кои ќе се научат својата должност да ја извршуваат брзо, успешно и економично, сами ќе ги водат своите работи наместо да очекуваат тоа за нив да го направи некој друг. Тие нема секогаш да се наоѓаат во некое брзање и збунетост затоа што работите им се несредени. За постигнување на успех незаменливо се неопходни особините на трудољубивост и сесрдна предаденост. Секој час од нашето работно време се прегледува пред Бога и се запишува како верност или како неверност. Кога на судот ќе се отворат книгите на записникот и кога на секој ќе му се суди според она што е запишано во тие книги, ќе се сретнеме и со записот за секој пропуштен момент и секоја неискористена можност. Оние кои негуваат себичност, завист, горделивост, љубомора и мрзливост, или било кој друг грев во своето срце, нема да бидат примени во блаженството на небото. „Кого го слушате, негови слуги сте”. {4C 453.1}

Поради недостаток на стабилни, верни и постојани луѓе, нашите институции постојано трпат штета. Кога ми беше покажано едно одделение по друго, забележав дека работите се извршуваат незаинтересирано. Луѓето на одговорни положби го поддржуваат расипништвото. Недостатокот на совесност е очевиден. Додека едни паѓаат под товарот на грижи и одговорности, други, наместо со нив да ги поделат товарите, со своите постапки уште повеќе ја зголемуваат нивната загриженост и напори. Оние кои во детството и младоста не научиле да бидат економични и своето време да го искористат на најдобар начин, нема да бидат разумни ниту штедливи ниту во една работа на која ќе се нафатат. Да се занемари развојот на своите способности, па поради тоа да не можеме правилно да ги употребиме на слава на Бога е грев. Секој има некоја одговорност која треба да ја преземе, од тоа никој не е ослободен. {4C 453.2}

Луѓето значително се разликуваат според своите умни способности, но сите помалку или повеќе мораат да се обучуваат. На секој потфат во Божјото дело треба да се пристапува промислено и одлучно. Без одлучност, човекот е нестабилен и колеблив како водата и никогаш не постигнува некој вистински успех. Сите кои тврдат дека веруваат во Христа треба да бидат трудољубиви работници. Во домаќинството на вистинска вера нема место за мрзливи. Секој член има своја одредена задача и место да работи во Господовото лозје. На Божјите барања можеме да им удоволиме само со истрајни напори во настојувањето да бидеме што покорисни. Само со својата сила, и во најдобар случај, малку можеме да направиме, но со секојдневни напори ќе ги зголемуваме своите способности, па со делотворна работа ќе донесуваме плодови

на слава на Божјото име. {4C 454.1}

Некои не можат да владеат со својот апетит, туку попуштајќи на вкусот го нарушуваат своето здравје. Како резултат на тоа, мозокот е замрачен, мислите успиени

и тие не успеваат да го постигнат она што би го постигнале ако биле подготвени на самооткажување и воздржување. Таквите му ги ускратуваат на Бога своите физички и умни сили кои би можеле да ги посветат во Негова служба кога во сè би биле умерени. Апостол Павле бил здравствен реформатор. Тој вели: „Туку го поробувам своето тело и го потчинувам, за проповедајќи им на другите, самиот да не бидам отфрлен". Се чувствувал одговорен сите свои сили да ги сочува во најдобра кондиција, за да може да ги употреби на слава на Бога. Ако Павле бил во опасност од неумереност, ние сме во уште поголема опасност, бидејќи не ја чувствуваме и не ја сфаќаме толку јасно како него потребата да Го славиме Бога и „со тело и со душа, кои се Негови". Неумереноста во јадењето е грев на ова време. {4C 454.2}

Гревот на неумереност во јадењето, во Божјата реч се става на истиот список со пијанството. Овој грев во Божјите очи е толку одвратен така што Тој преку Мојсеј дал налог: дека детето кое не може да се контролира во поглед на незаситниот апетит и алчност родителите мораат да го изведат пред старешините во Израел и да го каменуваат. Духовната состојба на неумерениот во поглед на јадењето се сметала безнадежна. Таквиот не може да биде од никаква корист за другите, а и самиот на себе служи само на проклетство. На него не е можно да се потпрете. Своето влијание како заразна болест тој го пренесува и на другите и затоа би било најдобро на светот да нема такви, за нивните страшни мани да не продолжуваат во бесконечност. Никој, свесен за својата одговорност пред Бога, не може и нема да дозволи животинските склоности во него да го надвладеат разумот. Оние кои тоа си го дозволуваат себеси не се христијани, без оглед кои се, на каква положба се наоѓаат во животот и каква вера исповедаат. Христовиот налог гласи: „Бидете совршени како што е совршен вашиот небесен Татко". Со ова Тој ни покажува дека ние во својот делокруг можеме да бидеме толку совршени како што бил совршен Бог во Својот делокруг. {4C 454.3}

Вработените во нашите издавачки куќи не ги извршуваат своите работи онака како што тоа Бог го очекува од нив. Тие покажуваат недостаток на сериозност и на несебичен интерес за работите што им се доверени. Од тие работници ангажирани во Неговото дело, Бог бара секој ден да напредуваат во стекнувањето на знаење. Тие се должни мудро да ги користат своите од Бога дадени способности, за како делотворни и ревни работници совесно да ги извршуваат своите должности без никакви загуби на сметка на установата. {4C 455.1}

И најмудрите луѓе можат да се поучат од најситните суштества на земјата. Трудољубивата пчела им дава на умните луѓе пример на кој навистина би требало да се угледаат. Овие инсекти имаат совршен поредок и во нивната кошница нема неработници. Своите задачи тие ги извршуваат разумно и вредно така што тоа ја надминува моќта на нашето сфаќање. Мравките, на кои најчесто се гледа како на вистинска напаст која треба да се згази и уништи, го надминуваат човекот во многу нешта, бидејќи тој не ги користи мудро Божјите дарови. Мудриот Соломон нè повикува да подариме внимание на тие ситни суштества на земјата: „Оди кај мравката, мрзливецу, гледај ги патиштата нејзини и стани мудар. Нема водач ниту управител, ниту господар; и пак себеси во лето си подготвува храна, собира од жетвата јадење за себе". „Мравките, кои се слаб народ, сепак си подготвуваат себеси храна во лето". Поуката за трудољубивост и точност можеме да ја научиме и од тие ситни учители. Кога со слична трудољубивост би ги развивале особините со кои премудриот Творец нè надарил, колку би се зголемиле нашите способности да бидеме корисни во животот! Бог подарува внимание и на најситните суштества на земјата; и зар тогаш, нема од човекот кој е

создаден според Негово обличје да бара на соодветен начин да Му ја возврати благодарноста и почитта за сите предности кои му ги дал? {4C 455.2}

Издавачките установи мораат да се доведат во ред. Оние кои работат во тие установи треба да имаат повозвишени цели и побогати искуства во познавањето на Божјата волја. Нивното влијание треба да биде спасоносно и секогаш на страна на правдата. Сите кои се нарекуваат христијани треба да ги сметаат должностите кои им се доверени за своја најголема предност и да ги извршуваат без мрморење и жалење. Нивните зборови и разговори треба да бидат од таков карактер што мислите на другите секогаш ги насочуваат на она што е благородно и возвишено. Фактот дека Божјата добрина и љубов толку малку се спомнуваат ја покажува очевидната неблагодарност и докажува дека Христос не се наоѓа во срцето. {4C 456.1}

Овие установи нема да напредуваат сè додека работниците вработени во нив не бидат поодлучни во своите настојувања да бидат несебични, дека навистина се бојат од Бога, дека се полни со самооткажување и дека совесно се залагаат за Бога и за правдата. На локалниот уредник на списанијата Преглед и Гласник му се пружа можност да говори сесрдно и одлучно. Тој треба да застане во одбрана на вистината и правдата, правејќи сè што му овозможува неговата положба. Проповедникот Вагонер се наоѓа во незавидна положба, но не е оставен сам. Бог му помогнал и тој благородно ја извршувал својата должност и под тие околности. Господ не го ослободил од таа должност, и тој сè уште мора да продолжи да работи во Оукленд и Сан Франциско. {4C 456.2}

Од оние на кои многу им доверил Бог многу и очекува, додека од оние кои помалку имаат, соодветно на тоа помалку и очекува; но сите можат во потполност да Му се предадат и со своите постапки да покажат предаденост на драгоценото Христово дело. Со намалување на своите лични издатоци многумина би можеле да станат подарежливи за Христовото дело. Самооткажувањето поради Христа - тоа е борбата која ни претстои. {4C 456.3}

„Бидејќи Божјата љубов", вели Павле, нè поттикнува". Тоа било делотворно начело на неговиот живот; тоа била неговата придвижувачка сила. Ако некогаш неговата ревност на патот на должноста за момент попуштала, еден поглед на крстот и чудесната Христова љубов која се покажала во Неговата неспоредлива жртва, за него било доволно повторно да ги „препаша бедрата на својот ум" и да продолжи понатаму по патот на самооткажување. Во залагањето за своите браќа Павле многу се повикувал на покажување на бескрајната љубов која се манифестирала во чудесното Христово понижување со сета своја сила на предаденост, сила која просто поттикнува и принудува. {4C 457.1}

Колку е сесрден и трогателен овој негов повик: „Бидејќи ја знаете благодатта на нашиот Господ Исус Христос Кој богат, поради вас осиромаши, за со Неговото сиромаштво вие да се обогатите". Познати ви се висините од кои дошол; запознати сте со длабочината на понижувањето до кое се спуштил. Тргнувајќи по патот на самооткажување и самопожртвуваност, Тој не скршнал од тој пат сè додека не го положил и Својот живот. На патот помеѓу небесниот престол и крстот на Голгота за Него немало одмор. Љубовта кон човекот Го навела доброволно да се согласи на секакво понижување и да ја поднесе секоја навреда. „Јас се посветувам (жртвувам) себеси за нив", нагласува Тој. Сета Своја слава и самиот себеси Тој се посветил на делото на спасување на човекот. Колку малку има денес такви кои се подготвени така да се посветат на Божјото дело, за преку нив душите да бидат спасени! {4C 457.2}

Павле нѐ предупредува и советува: „Не гледајте ги само своите лични интереси, туку и интересите на другите”. Тој нѐ повикува да се угледаме на Оној Кој е наш голем Пример и да мислиме за она „што е во Исуса Христа Кој, иако бил во Божје обличје, не сакал да се споредува со Бога; туку се понижил себеси земајќи обличје на слуга, станувајќи како другите луѓе, се понижил себеси станувајќи послушен до смрт, и тоа смрт на крст”. Во ова опишување апостолот се задржува на секој детаљ за да може нашиот ум во потполност да го сфати чудесното понижување на Спасителот поради грешникот. Тој ни го прикажува Христа во Неговата положба кога бил еднаков со Бога и Кого ангелите Го обожавале, а потоа го изложува Неговото спуштање до крајните длабочини на понижувањето, за со Својата човечка рака да може да достигне до паднатиот човек и од неговата деградација да го издигне во атмосфера на надеж, радост и спасение. {4C 457.3}

Изложувајќи ја длабочината на Христовото понижување, Павле со сето срце копнеел луѓето тоа да го увидат и да го сфатат; бидејќи бил осведочен дека разбирањето на восхитувачката жртва која ја поднело Величеството на небото би ја оттргнало од нивните срца секоја себичност. Тој вниманието и мислите на читателите ги насочува прво на положбата која Христос ја заземал на небото, во најблизок однос со Својот Татко; потоа Го прикажува како се откажува од таа Своја слава, доброволно се потчинува на сите понижувачки околности на човечката природа, ги презема на себе одговорностите на слуга и станува послушен до самата смрт, и тоа најнедостојната, најодвратната, најсрамната и најтешката - смрт на крстот. Можат ли христијаните на тоа чудесно манифестирање на Божјата љубов кон човекот, да останат рамнодушни, да не бидат трогнати од чувството на љубов и да не бидат свесни за фактот дека навистина не се свои? На Господа не може да Му се служи од корист и себични побуди и со мрморење. {4C 458.1}

„Знаејќи” вели Петар, „дека со пропадливо сребро или злато не сте откупени од своето суетно живеење”. О, ако со тоа можеше да се купи спасението на човекот, колку тогаш би било полесно за Оној Кој со право вели: „Мое е среброто и Мое е златото”. Но престапниците на светиот Божји закон можеле да бидат откупени само со драгоцената крв на Божјиот Син. Оние, кои не ценејќи ја чудесната жртва поднесена поради нив, ги ускратуваат своите финансиски средства и своите физички, умни и морални сили во служба за Бога и за ближните, ќе пропаднат во својата себичност. {4C 458.2}

„Кој нема (кој на најдобар начин нема да ги употреби своите способности и своите средства), ќе му се земе и она што го има”. Оние кои се премногу бавни за да ги сфатат своите обврски и своите способности со вежба да ги усовршуваат, нема да примат Божји благослов; способностите кои ги имаат ќе им бидат одземени и дадени на активните и ревни работници кои со постојана употреба ги зголемуваат своите таленти. „Таквите ќе стојат пред цареви, а нема да стојат пред просјаци”. Оној кој трудољубиво работи по упатствата на Божјиот Дух ќе има моќ и влијание; бидејќи во него сите ќе го видат духот на неуморна предаденост на Божјото дело во секоја гранка на делото која должноста ќе му ја одреди. {4C 458.3}

Сите вработени во нашите институции треба да ја користат секоја можност за создавање и развој на добри и исправни навики. Неколку драгоцени моменти секој ден треба да се посветат на молитва и проучување на Светите Списи за, со учење на одреден текст напамет, духовниот живот да се одржи во душата. Разновидните прашања од областа на Божјото дело поттикнуваат на духовно размислување и даваат вдахновение за молитва. Разговорот со Бога во молитва е многу битен за духовното здравје и само

на тој начин се стекнуваат мудрост и исцрпно расудување толку неопходни во извршување на секоја должност. {4C 459.1}

Силата стекната во молитва, обединета со личните напори на поединците да го навикнат својот ум на сериозно размислување и внимателност во подготвувањето на работниците за секојдневните должности и да го одржува неговиот дух спокоен под сите околности, колку и тие да се тешки. Искушенијата на кои секојдневно сме изложени ја наметнуваат неопходноста од постојана молитва. За со помош на Божјата сила да се одржиме во верата, желбите на нашите души треба постојано да се издигнуваат кон Бога во тивка молитва за помош, за светлина, за сила и знаење. Но размислувањето и молитвата не можат да бидат замена за ревното и совесно користење на времето. Во усовршувањето на христијанскиот карактер неопходни се работа и молитва. {4C 459.2}

Мораме да живееме двоен живот - живот на размислување и активност, тајна молитва и ревна работа. Сите кои ја прифатиле светлината на вистината треба да сметаат за своја должност со зраците на примената светлина да го осветлуваат и патот на оние кои сè уште не се покајале. Тие треба да бидат сведоци за Христа и на своето работно место и во црквата. Бог од нас очекува да бидеме живи посланија, кои ќе можат да ги читаат сите со кои доаѓаме во допир. Душата која секој ден во најсердна молитва му се обраќа на Бога за сила, поддршка и моќ, ќе има благородни желби, јасна претстава за вистината и должноста, возвишени цели во животот и постојано ќе биде гладна и жедна за правда. Со одржување на постојана поврзаност со Бога во молитва ќе бидеме оспособени и на другите, дружејќи се со нив, да им ги пренесеме светлината, мирот и ведрината кои владеат во нашето срце и ќе бидеме за нив пример на непоколеблива верност на интересите на делото во кое сме ангажирани. {4C 459.3}

Љубов и Божји страв речиси во потполност им недостигаат на многумина кои работат во нашите установи. Себичноста пропишува правила на однесување, себичноста владее, а Бог и небото потполно се губат од вид. Кога таквите би можеле да увидат дека се наоѓаат на самиот раб на вечноста и дека со своите сегашни постапки ја одредуваат својата вечна судбина, би дошло до видна промена во секоја гранка на дејност во овие установи. {4C 460.1}

Меѓутоа, многумина кои учествуваат во светото Божје дело сатаната потполно ги парализирал со своите измами. Тие спијат на маѓепсано тло. Минуваат денови и месеци, а тие остануваат безгрижни и незаинтересирани како да не постојат ниту Бог ниту иднината, ниту било каква казна за неисполнување на должностите или одбегнување на одговорностите. Но бргу се приближува денот кога судбината на секој поединец ќе биде одлучена според неговите дела. Записниците во небесните книги се полни со страшни записи за многу вакви поединци. {4C 460.2}

Кога работниците би ги сфатиле своите одговорности, кога би ја признале својата обесветеност пред Бога токму таква каква што е, кога најсердно би го молеле Бога решени да се фатат за Неговата сила, би се уверile дека Тој е решен да ги слушне и услиши нивните молитви. Кога би се пробудиле, би сфатиле што сè изгубиле поради својата рамнодушност и неверство. Тогаш би увиделе на колку ниско ниво се наоѓаат, иако со своите умни способности и со искрено каење би можеле да стекнат богато искуство и да бидат Божје орудие во спасување на своите ближни. И дури и кога на крајот би биле спасени, низ сета вечност пред нивните очи живо би им излегувала загубата на така лесно пропуштените прилики во текот на времето на милоста. {4C 460.3}

Вработените во тие установи премногу често ги занемаруваат своите верски предности. Во Божјото дело никако не треба да учествуваат оние кои толку рамнодушно се однесуваат кон тие привилегии; бидејќи сите такви се поврзани со злите ангели и како мрачен облак претставуваат само пречка и за другите. За да биде работата успешна, во секоја просторија од нашите установи би требало да бидат присутни Божјите ангели. Кога би му се дозволило на Светиот Дух да влијае на срцето, чистејќи го храмот на душата од световната нечистотија и љубовта кон задоволствата, сите би присуствувале на состаноците за молитва, совесно би ги извршувале своите должности и ревно би настојувале да не пропуштат ниту една благодат која им стои на располагање. Работникот кој совесно работи за Учителот со задоволство го прифаќа секој зрак на светлина која доаѓа од Божјиот престол, а потоа таа светлина верно ја пренесува и на другите. {4C 461.1}

И не само што треба верно да се присуствува на молитвените состаноци, туку секоја седмица треба да се одржува и по еден состанок на благодарност. На тие собири треба да се зборува за Божјата добрина и за многубројните дарови на Неговата милост. Кога така би ја изразувале својата благодарност за даровите на милост кои постојано ги примаме како што зборуваме за своите неволи, сомнежи и неверство, би можеле во срцето на другите, наместо обесхрабрување и потиштеност, да внесуваме радост и мир. Оние кои постојано се жалат и мрморат и кои пред себе секогаш го гледаат само она што обесхрабрува и зборуваат само за искушенија и тешкотии, треба повеќе да размислуваат за неизмерната жртва која Христос ја поднел поради нив. Тогаш сите свои благодати ќе можат да ги проценуваат во светлината на крстот. Гледајќи постојано на Христа, Зачетникот и Свршителот на нашата вера, Кој бил толку рануван за нашите гревови и оптоварен со нашите неволи, ќе најдеме безброј причини да Го фалиме и славиме, а сите наши мисли и желби ќе бидат доведени во покорност на Неговата волја. {4C 461.2}

Во благословите со кои толку милостиво нè опсипува нашиот небесен Татко можеме да видиме безбројни докази на Неговата љубов која е бесконечна и Неговата нежна сомилост која го надминува сочувството на мајката кон нејзиното несреќно дете. Кога Божјиот карактер го проучуваме во светлината на крстот, гледаме само милост, нежност и простување споени со правдата и судот. Тогаш заедно со Јован можеме да извикнеме: „Гледајте каква љубов ни даде Таткото, да се наречеме Божји деца!” На престолот го гледаме Оној Кој на Своите раце, нозе и ребра ги носи лузните од претрпените маки за да го помири човекот со Бога и Бога со човекот. Милоста која нема споредба ни го открива Таткото, Кој нема почеток ниту крај, и Кој претстојува во светлина на која не може да ѝ се пристапи, а сепак нè пушта кај Себе поради заслугите на Својот Син. Облакот на одмазда, кој ни се заканува со болка и очај, во отсјајот на светлината која доаѓа од крстот ни ја открива Божјата порака: „Живеј грешнику, живеј! Живеј, покајничка душо која верува, живеј! Јас го платив откупот!” {4C 461.3}

Мораме во мислите и срцето да се собереме околу крстот. Христос, и тоа распнатиот Христос мора да биде предмет на нашето размислување, нашите разговори и најдлабоки изливи на нашата радост. Треба да се одржуваат посебни состаноци со цел во своите мисли постојано да го освежуваме сето она што сме го примиле од Бога, за да изразиме благодарност за Неговата голема љубов и подготвеност сè да предадеме во рацете кои поради нас биле приковани на крстот. Тука мораме да се учиме да зборуваме на ханански јазик и да пееме сионски песни. Преку тајната и славата на крстот можеме да ја процениме вредноста на човекот, и тогаш ќе ја сфатиме

и почувствуваме важноста на залагањето за нашите ближни, за да можат и тие да се издигнат до Божјиот престол. {4C 462.1}

_____

41. СВЕТОСТА НА ЗАВЕТУВАЊЕТО

Краток, но страшен запис за Ананија и Сафира забележан е со перото на вдахновение за доброто на сите кои тврдат дека се Христови следбеници. Нашиот народ не го сфаќа во потполност значењето и тежината на оваа порака. Би било корисно сите детално да ја разгледаат природата на овој страшен грев поради кој престапниците биле така примерно казнети. Овој толку очевиден доказ за неизбежноста на Божјата правда навистина е страшен и секој поединец треба да го исполни со страв и самиот да не го направи гревот кој довел до толку страшна казна. Големиот грев кој го изопачил карактерот на овој престапнички пар, била себичноста. {4C 462.2}

Ананија и Сафира, заедно со останатите, имале предност да ја слушнат пораката на евангелието која ја проповедале апостолите. Проповедањето на Речта било проследено со Божјата сила која длабоко ги осведочувала сите присутни. Благотворното влијание на Божјата благодат делувало на нивните срца и ги ослободувало од себичноста со која толку грчевито биле врзани за својот земен имот. Под непосредно влијание на Божјиот Дух, Ананија и Сафира направиле завет дека ќе му дадат на Господа една своја нива; но кога веќе не биле под тоа небесно влијание, применот впечаток не бил веќе толку силен и тие почнале да се колебаат дали во потполност да го извршат она што го ветиле. Помислувајќи дека избрзано го дале ветувањето, сакале за тоа повторно да размислат. На тој начин ја отвориле вратата на која сатаната веднаш влегол и загосподарил со нивниот ум. {4C 463.1}

Овој случај треба да послужи како опомена на сите да се чуваат од сатанското приближување. Ананија и Сафира прво дозволиле лакомството да загосподари со нивното срце; а потоа, посрамени што нивните браќа знаат дека од себичност го повлекуваат она што свечено го ветиле на Бога, одлучиле да се послужат со лага. По дополнителниот договор, дефинитивно и со предумисла одлучиле да задржат дел од парите добиени за продадената земја. Но во истиот момент кога нивната лага била откриена, ги стигнала смртна казна. Биле осведочени дека Господ, од кого се обиделе да затаат, ги чита нивните срца; бидејќи Петар нагласил: „Ананија, зашто сатаната го исполни твоето срце да го излажеш Светиот Дух и да сокриеш од парите што ги зема од нивата? Кога беше кај тебе, не беше ли твоја? И кога ја продаде, не беше ли во твоја власт? Зашто таква работа стави на своето срце? Не ги излажа луѓето, туку Бога". {4C 463.2}

Овој исклучителен пример бил неопходен за младата црква да се сочува од изопаченост, бидејќи бројот на нејзините членови нагло се зголемувал. Така на сите христијани на она време и на сите подоцнежни времиња им е дадена опомена дека Бог бара верност во исполнување заветот. Но и покрај ова толку истакнато казнување поради лага и измама, истите гревови се често повторувани во христијанската црква, а и денес сè повеќе земаат замав. Покажано ми е дека Бог го дал овој пример како опомена на сите кои ќе се најдат во искушение да постапат на сличен начин. Во ускратување и задржување на она што Бог со право го бара, во црквата секој ден се

гледаат себичност и лага. На тој начин, луѓето се спротивставуваат на извршувањето на Неговиот налог светлината и познавањето на вистината да се шират по сета земја. {4C 463.3}

Во Својата мудрост Господ предвидел напредокот на Неговото дело да зависи од личните напори на Неговите следбеници и од нивните доброволни прилози. Прифаќајќи ја соработката на човекот во големиот план на откупување, Тој му укажал исклучителна чест. Проповедникот не може да проповеда ако не биде испратен. Делото на ширење на светлината не зависи само од проповедникот. Секој поединец, кога ќе стане член на црквата, се заветува дека ќе биде Христов претставник, живеејќи во склад со вистината што ја исповеда. Христовите следбеници треба да го продолжат делото кое Тој им го дал како задача кога се вознел на небото. {4C 464.1}

Институциите кои претставуваат Божје орудие во ширењето на Неговото дело на земјата, мораат да се поддржуваат. Мораат да се подигаат молитвени домови, да се основаат училишта, а издавачките куќи да се снабдуваат со сè што е неопходно во нивната голема задача, за вистината во печатен облик да може да стигне во сите делови на светот. Овие институции се основани по Божји налог и треба да се одржуваат со десетоци и доброволни прилози. Бидејќи делото се шири, ќе бидат потребни сè повеќе средства за да може успешно да се развива во сите свои гранки. Оние кои со прифаќање на вистината станале соучесници во Божјата благодат можат со своите жртви и доброволни прилози да станат Христови соработници. Кога членовите на црквата ќе посакаат во своето срце повеќе да не им се упатуваат никакви повици за финансиска помош, тие со тоа практично зборуваат дека се задоволни Божјото дело повеќе да не напредува. {4C 464.2}

„И Јаков направи завет, зборувајќи: ако Бог биде со мене и ме сочува на патот по кој одам и ми даде леб да јадам и облека да се облечам, и ако се вратам во мир во домот на својот татко, Господ ќе ми биде Бог; а каменот кој го утврдив за спомен ќе биде Божји дом; и од сè што ќе ми дадеш, десетти дел ќе ти дадам на Тебе”. Околностите кои го навеле Јаков да направи завет со Господа биле слични на оние кои и денес ги наведуваат мажите и жените да му се заветат на Господа. Тој дошол до благослов со погрешна постапка, благослов за кој знаел дека му е наменет со непогрешливата реч на Божјото ветување. Со таквата своја постапка покажал голем недостаток на вера во Божјата моќ да ги оствари Своите намери, колку и моменталните изгледи да биле безнадежни и обесхрабрувачки. Наместо да ја стекне положбата за која толку копнеел, бил принуден со бегство да го спасува животот од заканите на својот разбеснат брат. Само со стап во раката морал да пешачи стотина километри преку пусти и ненаселени области. Обесхрабрен и притиснат од мрачни претчувства и грижа на совест, одбегнувал средби со луѓето, за разгневениот брат да не му влезе во трага. Утеха не можел да бара ниту во мирот со Бога, бидејќи постојано го вознемирувала и мачела мислата дека ја проиграл божествената заштита. {4C 464.3}

Завршувал и другиот ден од неговото мачно патување. Уморен, гладен и без покрив над главата, чувствувал како и Бог да го напуштил. Знаејќи дека сето ова го навлекол на себе по сопствена вина, се чувствувал потполно отфрлен, додека мрачните облаци на очајот сè повеќе му ја обземале душата. Срцето му било исполнето со неискажан страв, и едвај се осмелил да се моли. Но во таа страшна осаменост почувствувал потреба за Божја заштита како никогаш дотогаш. Плачејќи и исповедајќи ги своите гревови пред Бога, најсердно се молел за било каков доказ дека не е сосема отфрлен. Но за неговото потиштено срце, притиснато од толку неподнослив товар, немало олеснување. Губејќи

ја довербата во себе, стравувал дека го отфрлил и Богот на неговите татковци. Но Бог, во Својата бескрајна милост и сочувство не заборавил на овој осамен и од болка скршен човек кој, ставајќи си себеси камен под глава, лежел на гола земја додека прекривка му била небесниот свод. {4C 465.1}

Таа ноќ, во визија Јаков видел таинствени скали чиј долен крај се потпирал на земјата додека врвот допирал до небото. Видел како ангелите се качуваат и симнуваат по тие блескаво осветлени скали, покажувајќи му дека патот кој го поврзува небото и земјата не е прекинат. Потоа слушнал глас кој му го повторил ветувањето на милост, заштита и идни благослови. Кога се пробудил од овој прекрасен сон, Јаков извикал: „Навистина Господ е на ова место, а јас не знаев!" Гледал околу себе како со поглед да ги бара небесните гласници, но во темнината само ги забележувал рабовите на ридовите што го опкружувале, а над сè блескавото ѕвездено небо. Исчезнале скалите и светите гласници, додека Возвишеното Величество на небото можел да го гледа само во својата имагинација. {4C 465.2}

Длабоката тишина на ноќта и незаборавниот впечаток дека се наоѓал во непосредна Божја близина го исполниле Јаков со длабоко стравопочитување. Срцето му било полно со благодарност што не бил уништен. Таа ноќ сон не му доаѓал на очите; длабока и сесрдна благодарност, измешана со света радост, го исполнувала неговото срце. „И стана Јаков рано и го зема каменот што му беше под глава, го утврди за спомен и го прелеа со масло". Потоа на тоа место направил свечен завет со Бога. {4C 466.1}

Јаков го направил својот завет додека росата на божествената благодат ја крепела неговата душа и додека се чувствувал толку охрабрен од сигурноста на Божјата присутност. Меѓутоа, кога божествената слава исчезнала, тој имал свои искушенија, како што и денес луѓето имаат искушенија; но останал верен на својот завет и не ни помислувал на можноста да се ослободи од обврската која ја примил на себе. Можел да констатира, што всушност денес многумина прават, дека тоа откровение всушност било само еден сон, дека бил претерано возбуден и дека затоа нема потреба да се држи за тоа; но тој не подлегнал на тоа искушение. {4C 466.2}

Поминале многу години пред Јаков да се осмели повторно да се врати во својата татковина; но кога се вратил, верно и совесно го одолжил својот долг на Господа. Во меѓувреме, тој станал богат, и голем дел од неговиот имот преминал од неговиот посед во Господовата ризница. {4C 466.3}

Во наши денови многумина доживуваат неуспех таму каде што Јаков успеал. Оние на кои Бог најмногу им дал најчесто се склони себично да ги задржуваат своите средства, бидејќи би требало да даваат износ кој е во сооднос со вредноста на нивниот имот. Јаков дал десетти дел од сè што имал, а потоа пресметал и камата од десетокот кој го користел за себе сè додека живеел во идолопоклоничката земја каде што не можел да го исполни својот завет. Тоа количински било навистина многу, но тој не се притеснувал: она што го заветувал на Бога тој не го сметал за свое, туку за Господово. {4C 466.4}

Делот кој се бара од нас е во сооднос со она што ни е дадено. Доколку е поголем капиталот кој Бог ни го доверил, дотолку е поголем и износот кој Тој бара да Му го вратиме. Ако еден христијанин поседува десет или дваесет илјади долари, Бог од него со право го бара не само Неговиот дел по системот на десеток, туку и покајничките прилози и дарови на благодарност. Левитскиот систем се одликувал со посветување на имотот. Кога за десетокот зборуваме како за критериум на еврејските давања за верски цели, ние не зборуваме со доволно разбирање. Господ ги ставал Своите барања над сè

друго. И речиси во секоја поединост тие се потсетувани на Дародавецот да му го вратат она што Тој го бара. Од нив е барано да платат откуп за првороденият син, за првината од добитокот и за првите плодови од жетвата. Исто така, барано е и аглите од своите ниви да ги остават за сиромашните. Сè што би се расеало при жетвата или бербата, било оставано за сиромашните, а секоја седма година сè што би се родило само од себе, исто така било оставано за сиромашните. Покрај тоа, тие давале и разни прилози и ги простувале сите долгови секоја седма година. Исто така, постоеле многубројни издатоци за гостопримство и за сиромашните, а и нивните имоти биле оданочувани. {4C 467.1}

За да се сочува неприкосновеноста на законот, Израелците повремено биле проверувани дали верно ги исполнуваат своите завети. Некои совесни поединци Му враќале на Бога третина од сите свои приходи за верски цели и за сиромашните. Прилози се барани не само од посебните слоеви на општеството туку од сите, во сооднос со она што го поседувале. Покрај овие систематски и редовни давања, имало и посебни потфати кои биле помагани со доброволни прилози, како што се подигнување на скинијата во пустината и изградба на храмот во Ерусалим. Сето тоа Бог го барал од Израелците поради нивно добро, а и поради одржување на Неговата служба. {4C 467.2}

Во поглед на ова прашање треба да се пробудиме и како поединци и како народ. Малку се такви кои чувствуваат грижа на совеста што ја занемаруваат својата должност во поглед на добредетелството и што секојдневно го крадат Бога. Ако еден христијанин финансиски, намерно или случајно, го краде својот ближен или одбие да го подмири својот долг, неговата совест, ако не отапела, ќе го вознемирува; тој не може да остане мирен иако за тоа можеби освен него никој друг не знае. Меѓутоа, многумина ги занемаруваат своите завети и не ги исполнуваат ветувањата дадени на Бога, а сепак поради тоа не се многу вознемирени. Колку малку се оние кои се чувствуваат виновни поради таквото кршење на должностите! Мораме за тоа да имаме поинакво и подлабоко осведочување. Совеста мора да се пробуди и на ова прашање мора да се посвети многу повеќе внимание; бидејќи Божјите барања мораат да бидат подмирени и на крајот ќе полагаме пред Него сметка за сè. {4C 468.1}

Одговорностите на христијанинот во финансиски поглед, без оглед дали неговиот капитал е мал или голем, точно се соодветни на она што го примил од Бога. Измамата на богатството упропастува илјадници и милиони луѓе. Тие имотни луѓе често забораваат дека се само повереници и дека се приближува денот кога од нив ќе се побара: „Дај сметка како ја градеше куќата”. Како што е покажано во параболата за талантите, секој е должен мудро да ги употреби примените дарови. Несреќниот слуга во параболата кој, затоа што добил најмал дар, мислел дека нема обврски кон Господарот и не го искористил талантот што му бил доверен, поради тоа бил фрлен во затвор. {4C 468.2}

Кога Христос рекол: „Колку им е тешко на богатите да влезат во небесното царство”, за Неговите ученици тоа било изненадување. Кога еден проповедник кој е толку успешен во доведување на души кај Христа и вистината ја напушти својата света задача за да стекне минливо земно богатство, тој станува отпадник и ќе одговара пред Бога за талантите кои ги злоупотребува. Кога деловните луѓе; земјоделците, занаетчиите, трговците, правниците и сите останати - ќе станат членови на црквата, тие стануваат Христови слуги; и иако нивните таланти можат да бидат сосем различни, нивната одговорност во помагање на Божјото дело со лични напори и финансиски средства не

е помала од одговорноста на проповедникот. Проклетството кое паѓа на проповедникот ако не го проповеда евангелието, паѓа исто така и на деловниот човек ако тој со своите различни дарови не соработува со Христа во остварување на истите цели. Кога ова ќе им се објасни, многумина слично на седумдесетминатa одговараат: „Ова е тврда беседа". Сепак, тоа е вистина, иако многумина кои тврдат дека се Христови следбеници постапуваат спротивно. {4C 468.3}

Како што Својот народ во пустината го хранел со чудото на Својата милост, на сличен начин Господ можел да им подари сè друго што било неопходно за верска служба; но Тој не го направил тоа, бидејќи во Својата бескрајна мудрост видел дека моралната дисциплина на Израелците како Негов народ зависи од нивната соработка со Него; секој треба нешто да направи. Сè додека вистината треба да се шири, Бог од луѓето со право бара одреден дел од она што им го доверил да го приложуваат токму за таа намена. Со планот на систематско добродетелство Бог, како Творец на сè, направил во делото на спасение да учествуваат сите; секој според своите способности. Секој треба да биде повереник за себе, давајќи во склад со намерите на своето срце. Меѓутоа, некои сносат вина за истиот грев како и Ананија и Сафира, бидејќи задржувајќи дел од она што по системот на десеток му припаѓа на Бога, мислат дека нивните браќа за тоа никогаш нема да дознаат. Така мислел и овој несреќен брачен пар чиј пример ни е даден како опомена. Во овој случај Бог покажал дека Тој ги испитува срцата. Од Него не можат да се скријат дури ниту побудите на најскриените намери на срцето. Оваа вечна опомена Тој ја оставил запишана за христијаните на сите времиња за да се чуваат од гревот на кој човечките срца секогаш се склони. {4C 469.1}

Иако таквиот грев каков што го направиле Ананија и Сафира Бог денес не го казнува така видливо како во нивно време, тој грев во очите на Божјите луѓе е исто толку одвратен и престапникот неизбежно ќе биде казнет на денот на судот, а многумина ќе ги стигне проклетство уште во овој живот. Кога нешто е ветено за Божјото дело, тоа е завет направен на Господа и тоа треба да се смета за светилиште. Ако за себе го користиме она што еднаш сме го ветиле за напредок на светото Божје дело, тоа во Божјите очи е исто што и осквернување на светилиштето. {4C 469.2}

Кога во присуство на нашите браќа усно или писмено сме ветиле дека ќе приложиме извесна сума за Божјото дело, тогаш тие браќа се видливи сведоци за договорот склопен помеѓу нас и Бога. Тоа е завет направен не на човекот, туку на Бога; тоа е исто како меница која сме ја потпишале на својот сосед. Ниту една законска обврзница за плаќање на пари не е толку задолжителна за христијанинот како ветувањето и заветот даден на Бога. {4C 470.1}

Оние кои така ќе се заветат пред своите ближни, воопшто не мислат да бараат ослободување од дадените обврски. Заветот даден на Бога - Дародавецот на сите благодати и добра - е уште позначаен; зошто тогаш би барале да се ослободиме од заветите дадени на Бога? Смета ли човекот дека неговото ветување дадено на Бога помалку обврзува, и дека тој завет не е толку полноважен затоа што не е заверен пред судот на овој свет? Зар човекот кој јавно признава дека е спасен со Христовата крв и со Неговата неизмерна жртва „ќе го краде Бога?" Зар неговите завети и секоја негова постапка нема да се одмерува на мерилата на правдата пред небесниот суд? {4C 470.2}

За конечната и вечна судбина на секој од нас одлучува небесниот суд. Треба ли нашето однесување да биде Сведоштво против нас? Случајот на Ананија и Сафира бил исклучително тежок. Задржувајќи дел од парите добиени за продадената нива, тие го излажале Светиот Дух. Иста вина го товари секој поединец кој прави сличен грев. Кога

срцата на луѓето ќе омекнат од неодоливото присуство на Божјиот Дух, тие се поподложни на Неговото свето влијание и полесно се одлучуваат на самооткажување и жртва за Божјото дело. Кога божествената светлина со необична јаснотија и сила ќе ги осветли одаите на умот, непосветените склоности стануваат совладани. Себичноста ја губи власта над срцето и во нас се буди желба во самооткажување и добродетелство да се угледаме на Христа, Кој е наш совршен Пример. По својата природа, срцето склоно на себичност станува благо, полно со сочувство кон изгубените грешници и подготвено на свечениот завет со Бога, како што во свое време тоа го направиле Аврам и Јаков. На таквите прилики небесните ангели присуствуваат со задоволство. Љубовта кон Бога и спасувањето на изгубените триумфира над љубовта кон минливите интереси на овој свет. Тоа се случува кога говорникот, во Божјиот Дух и сила, го изнесува планот на откупението, кој Христос, како Величество на небото, го создал заедно со Таткото, а со Својата жртва на крстот и го остварил. Од следните библиски цитати можеме да видиме како Бог гледа на заветите. {4C 470.3}

„Потоа Мојсеј им рече на началниците на Израелевите колена: 'Господ го заповеда ова: Ако некој човек направи завет или ако се обврзе со заклетва дека ќе се одрече од нешто; нека не ги нарушува своите зборови; нека исполни сè што излегло од неговата уста'" (Броеви 30:1,2). „Не давај им на своите усни да го наведуваат на грев твоето тело и не зборувај пред ангелот дека било несакајќи. Зашто би се гневел Бог на твоите зборови и би го сотрел делото на твоите раце?" (Проповедник 5:6). „Ќе влезам во Твојот дом со сепаленица, ќе Ти ги исполнам моите завети, што ги изговорија усните мои и ги искажа устата моја кога бев во неволја" (Псалм 65:13,14). „Стапица е за човекот набрзина да вети жртва, а по жртвата да се кае" (Изреки 20:25). „Кога ќе направиш завет со Господа својот Бог, не се колебај да го исполниш, зашто ќе го бара од тебе твојот Господ Бог и на тебе ќе падне грев. Ако пак не си ветил, нема да имаш грев. Она што ќе излезе од устата твоја, запазувај го и исполнувај го, бидејќи со образ си Му ветил дар на Господ, твојот Бог и доброволно си го кажал со устата своја" (Второзаконие 23:21-23). {4C 471.1}

„Заветувајте се на Господ, вашиот Бог и исполнувајте ги заветите; сите што сте околу Него, принесувајте дарови на Страшниот" (Псалм 75:11). „А вие го сквернавевте со тоа што велите - трпезата Господова не заслужува почитување и храната на неа е безвредна! А притоа велите уште: ете колку голем труд, а можеше и без тоа, вели Господ Саваот; принесувате крадено, куцо и болно, а притоа принесувате уште и таков лебен дар: па можам ли со благонаклоност да го примам тоа од вашите раце? - вели Господ Саваот. Нека е проклет оној што лаже, оној кој во стадото свое има здрав овен, а дал и завет, па во жртва на Господ Му принесува јалова овца! Зашто Јас сум Цар голем и името Мое е почитувано меѓу народите, вели Господ Саваот" (Малахија 1:12-14). {4C 471.2}

„Кога ќе направиш завет со Бога, не се колебај да го исполниш, зашто не му се мили безбожниците; што и да заветуваш, исполни. Подобро е да не заветуваш отколку да заветуваш, па да не исполниш" (Проповедник 5:4,5). {4C 472.1}

Бог му пружа можност на човекот да учествува во спасување на своите ближни. Учествувајќи во делата на милосрдие и добродетелство тој може да соработува со Христа. Но да откупи тој не може никого, бидејќи не е во состојба да ги задоволи барањата на навредената правда. Тоа можел да го направи Божјиот Син, откажувајќи се од Својата чест и слава, облекувајќи го Своето божество со човечка природа и

доаѓајќи на оваа земја да се понижи и да ја пролие Својата крв за паднатиот човечки род. {4C 472.2}

Со Својот налог на учениците: „Одете по целиот свет и проповедајте го евангелието на секое создание", Христос го доверил делото на ширење на евангелието на луѓето. Додека едни проповедаат, останатите се повикани со своите десетоци и доброволни прилози да ја поддржат работата на проповедникот и печатењето на Божјата реч, помагајќи го на тој начин ширењето на вистината по овој свет. На тој начин Бог сака да го облагороди човекот. Токму таква улога му е потребна на човекот, бидејќи тоа буди најдлабоки чувства на неговото срце и ги поттикнува највисоките способности на неговиот ум. {4C 472.3}

Сето добро што го имаме на оваа Земја доаѓа од дарежливата Божја рака како израз на Неговата бескрајна љубов кон човекот. Сиромашните се Негови и делото на спасување е Негово. Финансиските средства кои, како Негови дарови се потребни во делото на спасување на душите, Тој ги ставил во човечки раце. Секој има своја одредена задача во големото поле на евангелието; а сепак никој не треба да мисли дека Бог зависи од човекот. Изговарајќи само еден збор, Тој би можел да направи секој сиромашен да стане богат. Сите припадници на човечкиот род Тој би можел да ги исцели за еден момент од секоја нивна болест. Би можел да ги ослободи сите проповедници од нивните обврски и да ги направи ангелите гласници на Својата вистина. Би можел да ја напише вистината на небесниот свод, на листовите на дрвата или на полското цвеќе; или пак да ја објави од небото со таков глас што секој ќе може да ја слушне и да ја разбере. Но Сезнајниот Бог во Својата мудрост не избрал ниту еден од овие начини; бидејќи знае дека и човекот мора нешто да направи од своја страна за животот да му служи на благослов. Златото и среброто му припаѓаат на Господа и кога би сакал, би можел да направи тоа да паѓа како дожд од небото; но наместо тоа, Тој го направил човекот Свој повереник, доверувајќи му парични средства не за да ги натрупува, туку да ги употреби на добро на другите. На тој начин Тој го направил човекот Свој посредник кој благословите примени од Него треба да ги дели и со останатите на земјата. Воспоставувајќи систем на добродетелство, Тој сака човекот, слично на својот Творец, да биде милостив и несебичен и на крајот да биде соучесник со Него во вечната и славна награда. {4C 472.4}

Бог делува преку човечките орудија; и сите оние кои настојуваат да ја пробудат совеста на своите ближни, поттикнувајќи ги на добри дела и на искрено залагање за напредок на Божјото дело, не го прават тоа сами од себе, туку се поттикнати од Светиот Дух кој делува во нив. Заветите направени под такви околности имаат свето обележје, бидејќи се плод на делување на Светиот Дух. Кога таквите завети ќе се исполнат, Небото ги прифаќа приносите, а дародавците го вложуваат своето богатство во небесната банка. Таквите полагаат добар темел за својата иднина и ќе наследат вечен живот. {4C 473.1}

Меѓутоа, кога присуството на Светиот Дух не се чувствува толку впечатливо и кога умот се занимава со минливите интереси на овој живот, тогаш луѓето доаѓаат во искушение да ја доведат во прашање задолжителноста на ветувањата кои доброволно му ги дале на Бога; и попуштајќи на сатанските дошепнувања, тие констатираат дека ветувањата ги дале под притисок и во момент на возбудување; дека потребите за средства во Божјото дело биле преувеличени; дека со неточни тврдења биле наведени да се заветуваат, не сфаќајќи во потполност што направиле и затоа сакаат да се ослободат од така дадените завети. Дали проповедниците се овластени, прифаќајќи

такви изговори, да кажат: „Не морате да ги одржите ветувањата на таков начин; ослободени сте од својот завет?” Кога би се осмелиле така да направат, тие би станале соучесници во гревот на оној кој го задржува она што Му го ветил на Бога. {4C 473.2}

Од секој свој приход прво треба да го одвоиме она што му припаѓа на Господа. Според системот на добродетелство, кој Евреите го поддржувале, од нив е барано да Му принесуваат на Господа првина од сите Негови дарови; првина од своите стада и добиток, ситен или крупен, првите плодови од своите ниви, овоштарници и лозја, или тоа да го откупат со соодветен износ во пари. Колку сето тоа денес се изменило! Господовите барања, ако им се подари било какво внимание, остануваат на последно место; иако потребите на делото денес се десетпати поголеми отколку што биле во времето на стариот Израел. Големиот налог даден на апостолите бара евангелието да се проповеда по сиот свет. Тоа ја покажува големината на задачата и проширената одговорност на Христовите следбеници во нашите денови. Ако десетокот и приносите со закон се барани илјадници години пред нас, колку тоа е битно сега! Кога од Евреите во времето на Стариот завет е барано и богатите и сиромашните да даваат во сооднос со својот имот, денес тоа е двојно поважно. {4C 474.1}

Повеќето од оние кои тврдат дека се христијани многу тешко се одвојуваат од своите пари. Многумина од нив не враќаат ниту дваесетти дел од своите приходи на Бога, а многумина и многу помалку од тоа. Многумина го крадат од Бога тој мал десеток, додека други даваат само десеток. Кога сите десетоци и приноси на нашиот народ би пристигнувале во Господовата ризница како што би требало, тие би примиле такво изобилство на благослови, така што даровите и прилозите за свети цели би се зголемиле десет пати, и така тој канал помеѓу Бога и човекот постојано би бил отворен. Христовите следбеници не би смееле да чекаат потресните повици на мисионерите да будат на активност. Ако се духовно свесни за својата должност, тие во секој свој приход, примен седмично или месечно, без разлика дали е мал или голем, би го слушнале и совесно би одговориле на барањето на Оној Кој десетокот и приносот ги бара со право, бидејќи тие му припаѓаат. {4C 474.2}

Даровите и личните напори на Христовите следбеници не само што се пожелни, туку се и неопходни. Цело небо е заинтересирано за спасување на човекот и очекува и луѓето да се заинтересираат за своето спасение, како и за спасението на своите ближни. Сè е подготвено и чека, но членовите на црквата како да се наоѓаат на маѓепсано тло. Кога тие ќе се пробудат, и своето богатство, својата енергија и сите свои извори во молитва ќе ги положат пред Христовите нозе, делото на вистината ќе триумфира. Ангелите се вчудовидени што христијаните толку малку прават кога го имаат пред себе примерот на самиот Спасител Кој не се плашел од ништо до самата смрт - и тоа толку срамна смрт на крстот. Тие се чудат зашто верниците кога ќе дојдат во допир со себичноста на овој свет, и самите во духовен поглед стануваат толку кратковиди и себични. {4C 475.1}

Еден од најголемите гревови на денешниот христијански свет е дволичноста и лакомството во односот кон Бога. Многумина стануваат сè понемарни во извршувањето на заветот и обврските кон верските установи и нивните потфати. На самиот акт на заветување многумина гледаат како на нешто што им е наметнато и што поради тоа и не ги обврзува. Кога ќе дознаат дека вложувајќи ги своите пари во банка или во некоја стока би можеле да остварат поголема добивка, или ако поединците вработени во институцијата на која ѝ ветиле помош не одговараат на нивните очекувања, тие се чувствуваат слободни своите средства да ги употребат по свое лично убедување. Овој

недостаток на доследност сè повеќе преовладува и кај оние кои тврдат дека ги држат Божјите заповеди и дека ја очекуваат скората појава на својот Господ и Спасител. {4C 475.2}

Планот на систематско добродетелство го воспоставил сам Бог, но верното исполнување често се одбива или одложува, како сите тие свечени ветувања да немаат никакво значење. Затоа што членовите на црквата не се верни во десетокот и не ги исполнуваат своите завети и обврски, нашите институции не се слободни од финансиските тешкотии. Кога сите, и богати и сиромашни, би ги донеле сите десетоци во ризницата би имало доволно средства црквата да се ослободи од финансиските тешкотии и благородно да ги продолжи своите мисионерски дејности во разни гранки. Сите оние кои веруваат во сегашната вистина Бог ги повикува да Му го вратат она што му припаѓа Нему. Оние кои мислат дека крадејќи му го на Бога она што е Негово ќе остварат некоја добивка, ќе ги снајде само Неговото проклетство. Ништо освен потполна спреченост не може да го оправда било кој да ги занемари своите обврски кон Господа. Со рамнодушноста во овој поглед покажувате дека сте духовно слепи и измамени и недостојни за христијанското име. {4C 475.3}

За заветните ветувања на поедини членови одговорна е црквата. Ако се види дека еден брат не ги исполнува со завет прифатените обврски, со него треба да се разговара љубезно, но отворено. Ако навистина не е во можност да го исполни својот завет, а се гледа дека е достоен за членство и со сето срце сака да го исполни своето ветување, тогаш членовите на црквата сесрдно треба да му помогнат. Така можат да му излезат во пресрет да ги преброди тешкотиите и самите да примат благослов. {4C 476.1}

Господ сака членовите на Неговата црква своите обврски кон Него да ги сметаат исто толку задолжителни како и своите долгови кон некој трговец или кон било кој. Секој нека го преиспита својот живот за да види да не занемарил да исполни некој свој завет; и тогаш нека вложи краен напор за да плати сè „до последен денар", зашто на крајот сите ќе мораме да се најдеме пред судот на кој ќе може да се одржи само исправноста и вистината. {4C 476.2}

---

42. ТЕСТАМЕНТИ И ЗАВЕТУВАЊА

„Не собирајте си себеси богатство на небото, каде што молецот и рѓата уништуваат и каде што крадците поткопуваат и крадат; туку собирајте си себеси богатство на небото, каде што ниту молецот ниту 'рѓата не уништуваат и каде што крадците не поткопуваат и не крадат". Себичноста е грев кој ја уништува душата. Таа раѓа алчност, која е „идолопоклонство". На Бога му припаѓа сè. Секој успех кој ќе го постигнеме во животот, било во материјален или во било кој друг поглед, е дар на божествената милост и добрина. Бог е голем и милостив Дарител; и кога Тој бара од нас да Му вратиме еден дел од она со што нè надарил, Тој не го бара тоа за да се збогати со нашите дарови, бидејќи Нему не му е потребно ништо од нашата рака; туку за да ни даде можност да покажеме самооткажување, љубов и сочувство кон своите ближни и благодарение на тоа да се издигнеме на повисоко ниво на духовност и благородност. Во сите времиња, од Адамовите па сè до наши дни, Бог полагал право на имотот на секој човек велејќи: Јас сум законски сопственик на вселената; затоа посветувајќи ми ги

своите првини вие давате доказ за својата верност; враќајќи Ми го она што е Мое, вие ја признавате Мојата врховна власт; тогаш слободно држете и уживајте ги Моите дарови и ќе ве следи Мојот благослов. „Почитувај го Господа со својот имот и со првините од својот добиток". {4C 476.3}

Божјите барања секогаш треба да ни бидат на прво место. Ние не ја извршуваме Неговата волја ако Му го посветуваме само она што ни останало од нашите приходи откако сме ги задоволиле сите свои вообразени потреби. Пред да употребиме дел од својата заработувачка, треба да одвоиме и да му принесеме на Господа дел кој Нему по правило Му припаѓа. Во времето на Стариот завет во знак на благодарност на Господа на олтарот постојано биле принесувани сепаленици, со што симболично се укажувало на човековата бескрајна обврска кон Бога. Ако сме успешни и напредни во своите земни работи, тоа е затоа што Бог ни го дава Својот благослов. Еден дел од своите приходи треба да го поделиме на сиромашните, а поголемиот дел треба да се приложи за потребите на Божјото дело. Кога ќе Му го вратиме на Господа она што по правило Му припаѓа Нему, на она што ќе остане за наша употреба ќе биде со Неговото одобрување и Неговиот благослов. Но кога човекот го краде Бога, задржувајќи го она што му припаѓа Нему, проклетство неизбежно доаѓа на целокупната сума. {4C 477.1}

Бог ги направил луѓето канали преку кои постојано треба да пристигнуваат дарови неопходни за одржување на Неговото дело на овој свет. Тој им дал имот за да можат мудро да го употребат, а не себично да натрупуваат и расипнички да трошат на раскош и задоволување на својата суета во облекување и проширување на своите куќи. Тој им доверил пари да ги помагаат проповедниците, мисионерите и институциите на нашата црква подигната во склад со Неговите планови. Оние кои се радуваат во драгоцената светлина на вистината треба да чувствуваат огнена желба нејзините спасоносни зраци да допрат во сите краеви на светот. Малку се верни знаменосци кои никогаш не бегаат кога е во прашање должност ниту пак одбегнуваат одговорност. Нивните срца се отворени за секој повик да се приложуваат средства за напредок на Божјото дело. Некои се навистина подготвени да дадат дури и повеќе отколку што им налага должноста, како да стравуваат да не пропуштат прилика за вложување во небесната банка; додека други настојуваат да дадат што е можно помалку. Тие натрупуваат залихи, или расипнички трошат на своите барања, одвојувајќи со мрморење некоја бедна милостина за Божјото дело. Ако и направат некој завет со Бога, подоцна се каат и го одложуваат извршувањето на истото колку што е можно повеќе, ако дури и потполно не го избегнат. Тие настојуваат и својот десеток да го направат што е можно помал, како да се плашат дека она што Му го вратиле на Бога е всушност изгубено. Кога нашите установи, кои како Божји орудија придонесуваат светлината на Неговата вистина да го осветли светот, ќе се најдат во финансиски тешкотии, ваквите се однесуваат како да им е сеедно дали тие напредуваат или не. {4C 477.2}

На нашите установи не им се ветени имоти и некои големи дарови, како што тоа се прави со слични установи во светот; а сепак Бог обилно ги благословил и ги направил Свои орудија на среќа и благослов на многумина. Меѓу нас има стари мажи и жени чиј животен пат се ближи кон крајот, но нивниот имот преминува во рацете на оние кои му служат на сатаната, затоа што ни недостигаат остроумни и далековидни луѓе кои навреме би се заземале тие средства да му припаднат на Божјото дело. Имотот и средствата со кои располагаат, Бог им ги дал како заем и со право очекува тоа да Му го вратат; но во девет од десет случаи овие браќа, заминувајќи од животната сцена, својот од Бога доверен имот го остават несреден, така што тоа ниту малку не служи на Негова

слава, бидејќи ниту еден денар не доаѓа во Неговата ризница. Во некои случаи овие делумно добри верници имаат непосветени советници, кои ги советуваат раководејќи се според своите човечки мислења, а не во склад со Божјата волја. Имотот често се остава во наследство на децата и внуците и тоа најчесто на нивна штета. Тие немаат љубов кон Бога и кон вистината, и на тој начин сите средства кои всушност Му припаѓаат на Господа, преминуваат во редовите на оние кои се под сатанска контрола. Сатаната многу повеќе се бори, користејќи ги сите свои измами и остроумност, за да ги задржи тие средства под своја контрола отколку што тоа го прават нашите браќа за да го осигурат тоа за Господа и за Неговото дело. Некои тестаменти се составени толку невешто и неодредено, така што законите за наследството ги прогласуваат невалидни и така Божјото дело губи илјадници долари. Нашите членови треба да се чувствуваат сериозно одговорни и како верни Божји слуги совесно и на време да го употребат своето знаење во тој поглед, така што тоа што Му припаѓа на Господа сигурно да оди во Неговата ризница. {4C 478.1}

Многумина покажуваат непотребна чувствителност во тој поглед. Тие сметаат дека да се испитуваат старите и изнемоштени за тоа каква намера имаат со својот имот значи да се стапи на забрането тло. Но ова претставува исто толку света должност колку што е и должност да се проповеда Божјата реч со цел на спасување на души. Мораме да го имаме на ум фактот дека овде се во прашање поединци кои во свои раце држат средства или имот кој Бог им го доверил и дека тие имаат намера својата должност во својство на повереници да ја пренесат на други. Треба ли да се дозволи средствата кои Бог им ги позајмил за да ги вложат во Неговото дело, да дојдат во рацете на неверниците само затоа што тие им се роднини? Зар христијаните, загрижени за идното добро на таквите свои браќа и за доброто на Божјото дело, не треба да им помогнат во правилна распределба на нивниот имот и во мудра употреба на талентите кои Господ им ги дал? Зар нивните браќа мирно да гледаат како тие го завршуваат својот живот, а не престанале навреме да го ускратуваат она што ѝ припаѓа на Божјата ризница? Тоа би преставувало страшна загуба и за нив самите и за Божјото дело; бидејќи оставајќи ги сите свои средства во рацете на оние на кои им е грижа за Божјата вистина, тие практично би направиле исто што и оној слуга во Христовата парабола кој го замотал својот талент во крпа и го закопал во земја. {4C 479.1}

Господ сака Неговите следбеници да го распределат својот имот додека уште се во можност тоа сами да го направат. Некои можеби ќе запрашаат: „Зар навистина мораме сами да се лишиме од сè што е наше?” Можеби не се бара тоа да го направиме веднаш сега; но мораме да бидеме подготвени за Христа да направиме сè. Мораме да признаеме дека нашиот имот во потполност му припаѓа Нему, а тоа практично ќе го докажеме давајќи ги своите пари секаде каде што ќе затреба за ширење на Неговото дело. За да се испраќаат мисионери во други земји

и за да се печатат публикации за вистината која треба да се шири по целиот свет како есенско лисје, недостигаат средства затоа што тие кои ги поседуваат најчесто не ги слушаат таквите повици. Своето лакомство тие го оправдуваат со тврдењето дека својот имот го ветиле за добротворни цели, докажувајќи со тоа дека мислеле на Божјото дело додека го правеле тестаментот. Затоа живеат живот на скржавци кои Го крадат Бога во десетокот и во приносите, додека со својот тестамент Му враќаат само мал дел од она што им го позајмил, а најголемиот дел го оставаат на своите роднини кои не покажуваат никаков интерес за вистината. Ова е нивен начин на ускратување. Тие не престануваат

да Му го ускратуваат на Бога она што Му го должат, не само во текот на целиот живот, туку дури и по смртта. {4C 479.2}

Неразумно е да се одложува подготовката за идниот живот до последниот момент во овој живот. Исто така, голема грешка е да одложувате да одговорите на Божјите барања за помагање на Неговото дело сè додека не дојде време својата должност во својство на повереници да ја префрлите на други. Оние на кои им ги доверувате своите таленти можеби со нив нема да направат толку добра колку што вие сте направиле. Како имотните луѓе се осмелуваат да се изложат на толкав ризик! Оние кои со распоредување на својот имот чекаат до својата смрт, всушност сè што имаат го предаваат на смртта, а не на Бога. Правејќи така, тие постапуваат потполно спротивно на Божјиот јасно изложен план во Неговата реч. За да постапат правилно, тие неодложно треба да ги користат сегашните златни моменти правејќи најдобро што можат, стравувајќи да не пропуштат животна шанса. {4C 480.1}

Оние кои, занемарувајќи ги познатите должности одговорат на Божјите барања за време на својот живот, ја смируваат совеста со планирање своите тестаменти да ги средат на смртната постела, нема да слушнат ниту еден збор на пофалба од Христовите усни ниту ќе бидат наградени. Тие не покажуваат никакво самооткажување, туку себично ги задржуваат средствата и парите под своја контрола сè додека можат, испуштајќи ги од своите раце дури тогаш кога смртта тоа ќе го побара од нив. Многумина до смртниот час одложуваат со она што навистина вистинските христијани го прават додека уште се во силата на животот; додека посветувајќи се и себе и својот имот на Бога како Негови повереници тие можат да најдат вистинско задоволство во извршување на своите должности. Извршувајќи ги совесно своите должности и обврски, тие самите ги задоволуваат Божјите барања, наместо своите одговорности да ги префрлаат на други. Ние себе треба да се сметаме за повереници на Господовиот имот а Него како апсолутен сопственик, на Кого сме должни да Му го вратиме Неговото секогаш кога Тој тоа ќе го побара. Кога Тој на крајот ќе дојде да го земе своето со добивка, лесноумниот скржавец ќе увиди дека - наместо примените таленти со употреба да ги умножи - со своето богатство само навлекол на себе проклетство на лош слуга. {4C 480.2}

Господ одредил смртта на Неговите слуги да се смета за загуба поради позитивното влијание кое го ширеле за време на животот и поради многубројните доброволни прилози со кои ја дополнувале Неговата ризница. Тестаментот на оној кој умира претставува бедна замена за добродетелството кое требало да се прави за време на животот. Своите тестаменти Божјите слуги треба да ги извршуваат секој ден со своите добри дела и доброволни прилози за Божјото дело. Тие не смеат да дозволат она што ќе Му го дадат на Бога да биде несоодветно малку во споредба со она што го задржуваат за своја употреба. Правејќи ги своите тестаменти, тие секогаш ќе ги имаат на ум оние цели и пријатели кои заземаат највисоко место во нивното срце. Нивен најдобар пријател е Исус. Тој дури го дал Својот живот за нив. Поради нив станал сиромашен, за да можат тие да се обогатат благодарение на Неговото сиромаштво. Тој навистина заслужува цело срце, сиот имот, сè што имаат и што се. Меѓутоа, многумина кои тврдат дека се христијани не ги исполнуваат Неговите барања во текот на својот живот и Го навредуваат давајќи Му на смртната постела само бедна милостина. Сите кои прават така нека имаат на ум дека ова крадење на Бога не е случајна постапка, туку чин со предумисла, бидејќи во уводот на својот тестамент нагласиле „при чиста свест”. Бидејќи го краделе Божјото дело во текот на животот, тие го продолжуваат тоа и по

својата смрт. И тоа го прават со согласност на сите умни способности. На тој начин многумина ги сметаат своите тестаменти за перница на која ќе умрат. Тестаментот за нив е дел од подготовката за смрт и составен е така што прашањето на наследство да не ги вознемирува во последните моменти на животот. Можат ли таквите со задоволство да размислуваат за денот на конечната пресметка кога Господ ќе побара од нив да положат сметка во својство на повереници? {4C 481.1}

Ако сакаме да наследиме иден, вечен живот, мораме да се збогатиме со добри дела уште во овој живот. Кога на заседанието на Божјиот суд ќе се отворат книгите на записникот, секој ќе прими плата „според своите дела". Во матичните книги на црквата запишани се имињата на многумина покрај чие име во Небесната книга пишува дека Го краделе Бога. Ако таквите не се покаат, и со несебично залагање за Христовото дело не ги поправат своите пропусти, тие неизбежно ќе ја доживеат судбината на неверниот повереник. {4C 481.2}

Често се случува активен деловен човек да умре одненадеж, без никакви навестувања дека му претстои смрт и кога ќе се разгледа неговото водење на работите се испоставува дека сè е во крајна несреденост. Во настојување да се среди со неговиот имот, трошоците на адвокатските услуги однесуваат најголем дел, ако не и целиот имот, додека сопругата и децата, како и Христовото дело, се потполно запоставени. Верните повереници на Господовиот имот знаат како стои нивниот имот и како мудри луѓе, подготвени се на секакво изненадување. Ако нивното време на милост и проба нагло се прекине, тие нема да остават толкава заплетканост врз оние кои се повикани да го средат нивниот оставен имот по нив. {4C 482.1}

Многумина не одлучуваат да напишат тестамент додека уште се во здравје и сила. Меѓутоа, нашите браќа треба да ја преземат таа мера на предострожност. Тие во секое време треба да знаат каква е нивната финансиска состојба, не дозволувајќи имотот да им остане несреден. Нивните имотно-правни работи треба секогаш да бидат така средени, што во секој момент можат мирно да ги остават. {4C 482.2}

Тестаментот треба да биде така составен да одговара на законските прописи. Откако ќе се напише, тестаментот може да стои со години и нема да биде нарушен ако од ветениот имот одвреме навреме се даваат прилози за потребите на делото. Смртта нема да дојде ниту ден порано, браќа мои, само затоа што сте ја напишале својата последна волја. Кога им го оставате имотот на своите роднини, никако не заборавајте на Божјото дело. Бидејќи како Негови повереници го држите Неговиот имот, Неговите барања треба да ви бидат на прво место. На својата сопруга и деца, природно, не треба да заборавите; оставете им го делот кој им припаѓа ако тој им е потребен. Но не внесувајте во својот тестамент долг список на роднини на кои вашиот имот не им е потребен, туку тоа само се прави затоа што е таков обичајот. {4C 482.3}

Имајте го секогаш на ум фактот дека постоечкиот систем на себична распределба на имотот не е од Бога одреден, туку тоа го измислиле луѓето. Христијаните како реформатори не треба да се држат за постоечките обичаи, туку на составувањето на тестаментот треба да му дадат потполно нова форма. Божјата волја и по ова прашање за нас треба да биде закон. Кога некој пријател би ве избрал за извршител на својот тестамент, зар не би ја прочитале внимателно неговата волја, така што ниту најмал износ на пари не би биле погрешно употребен. Вашиот небесен Пријател ви го доверил Својот имот и јасно ви ставил до знаење на кој начин треба да го употребите. Ако сте подготвени Неговата толку јасно изразена волја несебично да ја прифатите, тогаш тоа што Му припаѓа на Бога нема да биде злоупотребено. Божјото дело срамно се

занемарува иако луѓето се доволно снабдени со средства за да можат да ги задоволат сите потреби на истото, само кога со благодарност во срцата би биле подготвени на послушност. {4C 482.4}

Оние кои ќе составаат тестамент не треба да мислат дека веќе немаат никакви должности и обврски; туку користејќи ги талентите што им се доверени, постојано треба да придонесуваат за напредок на Божјото дело. Бог предвидел планови сите да можат рационално да ги употребат своите средства. Тој нема намера Своето дело да го одржува со чуда. Тој тоа го очекува од Своите верни повереници кои знаат да штедат и со своите средства да го помагаат напредокот на Неговото дело. Но такви се малку. Самооткажувањето и добродетелството се исклучок, а би требало да бидат правило. Растечките потреби на Божјото дело бараат средства. Гласници подготвени да ја носат светлината и пораката на вистината се бараат на сите страни. Тоа ја наметнува потребата за нови работници и дополнителни средства за нивно издржување. {4C 483.1}

Количината на пари наменети за делото на спасување на души е скромна и многу бавно пристигнува во Господовата ризница, а и таа скромна сума се добива со тежок труд. Кога сите би можеле да увидат колку алчноста, која сè повеќе зема замав, го попречува напредокот на Божјото дело во поглед на десетоците и приносите, кај многумина би дошло до одлучна реформа; и не би се осмелувале повеќе како досега да го попречуваат напредокот на Божјото дело. Припадниците на црквата не се свесни колку би можеле да направат кога би биле подготвени сè да жртвуваат поради Христа. Вистинскиот дух на самопожртвување би бил моќен доказ за силата на евангелието, доказ кој светот не би можел да го негира или погрешно да го толкува, а црквата би примила изобилство на благослови. {4C 483.2}

Ги повикувам нашите браќа да престанат да Го крадат Бога. Оние кои мораат да составаат тестамент нека внимаваат да не им оставаат на своите синови и ќерки средства кои треба да течат во Божјата ризница. Таквите тестаменти често стануваат предмет на кавга и расправии. Како што стои запишано, старите луѓе од минатото живееле на слава на Бога и Тој не се срамел тие да Го нарекуваат свој Бог; причината за тоа се наоѓа во фактот дека тие не се лакомеле себично за земно богатство ниту барале среќа во земните задоволства, туку себеси и сè што имале со доверба го ставале во Божји раце. Тие живееле само за слава на Божјото име, покажувајќи јасно дека бараат подобра земја - нераспадливо наследство. Од таквите луѓе Бог не се срамел и тие никогаш не Го срамеле во очите на овој свет. И Христос - Височеството на небото - не се срами таквите да ги нарече Свои браќа. {4C 484.1}

Многумина нагласуваат дека за Божјото дело не можат да направат повеќе отколку што правеле досега; меѓутоа, тие не даваат во склад со своите можности. Очите на таквите заслепени од себичност, Господ понекогаш ги отвора со едноставно намалување на нивните приходи на износ кој се подготвени да го десеткуваат. На нивите или во шталите можат да се најдат мртви коњи, куќите или житниците да бидат уништени од пожар, а годишните приходи од жетвата и бербата можат да бидат значително под просек. Во многу случаи Бог ги проверува луѓето со давање или ускратување на Своите благослови; и ако тие се покажат неверни во десетокот и во приносот, Тој го повлекува Својот благослов. „Кој скржаво сее, скржаво и ќе жнее". Христови следбеници, ве молам поради Христовата милост и богатството на Неговата добрина и поради честа на вистината и верата - да се посветите повторно себеси и својот имот на Бога! Имајќи ја во предвид Христовата љубов која Го навела напуштајќи

ги царските дворци, да прифати толкави страдања, самооткажување, понижување и смрт поради нас, секој од нас треба да се запраша: „Колку му должам на својот Господар?” и тогаш вашите дарови на благодарност ќе бидат во склад со тоа колку го цените големиот дар на небото во Божјиот љубен Син. {4C 484.2}

Кога одлучувате за износот кој ќе го дадете за Божјото дело, бидете сигурни дека секогаш е подобро тоа да биде повеќе, а не помалку од она што го бара должноста. Размислувајте кому вие давате, и таа мисла ќе го отстрани духот на алчност и себичност. При самата помисла за толкавата Христова љубов која Го навела на сè што направил за нас, ќе ни се пристори дека и нашите најголеми дарови не се вредни за Тој да ги прифати. Кога Христос е предмет на нашата љубов, свесни колку ни простил токму затоа што нè љуби, нема да застануваме да ја проценуваме вредноста на садот од алабастер во кој се наоѓа драгоценото миризливо масло. Тоа го правел лакомиот Јуда; додека оној кој го цени и прифаќа дарот на спасение ќе жали што мирисот на неговиот прилог не е за Бога уште поскапоцен и поприфатлив. Христијаните треба себеси да се сметаат само како канали преку кои милоста и благословите од Изворот на сите добра се излеваат на нивните ближни, со чие обратување тие можат да праќаат на небо нови бранови на слава со благодарност и дарови од оние кои на тој начин стануваат учесници со нив во Големиот небесен дар. {4C 485.1}

---

43. ОДНОСИ МЕЃУ ЧЛЕНОВИТЕ НА ЦРКВАТА

Секој кој копнее во борбата против гревот и злото да стане победник мора да се бори против сопствените слабости; но на секој му е многу полесно да ги забележи недостатоците на своите браќа отколку своите сопствени; и затоа треба многу потрудољубиво да се преиспитуваме и да се критикуваме себеси отколку другите. {4C 485.2}

Сите членови на црквата, за да можат како вистински Божји синови и ќерки да бидат светлина на светот, мораат да поминуваат низ процес на дисциплинирање. Бог не може да ги направи мажите и жените канали на Својата светлина сè додека тие се во темнина и остануваат такви, не вложувајќи посебни напори да се поврзат со Изворот на светлина. Оние кои ги увидуваат своите потреби, длабоко размислуваат за тоа и ревно истрајуваат во молитвата и работата, ќе примат божествена помош. Многу од своите вкоренети навики мораме да отфрлиме; од многу нешта мораме да се одучиме, но исто така и многу да научиме. Само со ревно настојување да ги отфрлиме своите грешки, со потполно прифаќање на вистината и со практична примена на нејзините начела, со Божја благодат можеме да стекнеме победа. {4C 485.3}

Единствена надеж за секого од нас поединечно е само во постојаната поврзаност со Бога; тоа сакам да го нагласам и највпечатливо да им го предочам на сите. Мораме да стекнеме чистота на срцето и душата; за да го постигнеме тоа; треба да се преиспитуваме самите себе, да ја победиме својата себичност и самољубие, а за сето тоа е неопходна постојаност и најсесрдна молитва. {4C 486.1}

Оние кои се груби и остри во критикувањето на другите, често го оправдуваат својот недостаток на христијанска угладеност со тоа што се повикуваат на некои од реформаторите кои работеле во таков дух, тврдејќи дека и денес е потребно да се биде

таков; но тоа не е така. Многу е подобро на секое место, па дури и во друштвото на најгрубите, да се биде благ и потполно да се владее со себе. Лутото ревнување никому не може да му послужи на добро. Реформаторите на кои се повикуваат, Бог не ги избрал затоа што биле со заповеднички дух и жестока природа. Тој ги прифатил такви какви што се, и покрај таквите црти на карактерот; меѓутоа, ако биле попонизни и ако во потполност владееле со себеси, Тој би им доверил десетпати поголеми одговорности. Иако Христовите проповедници мораат да го осудат гревот и беззаконието, нечистотијата и лагата, иако понекогаш мораат да го разоткријат беззаконието не само на малите туку и на големите, нагласувајќи дека Божјиот гнев нема да ги одмине престапниците на Неговиот закон, тие притоа не треба да покажуваат заповеднички и тирански дух; тие треба да покажуваат дух на љубов и добрина, дух кој настојува да спаси, а не да уништи. {4C 486.2}

Проповедниците и сите кои сакаат да бидат Христови соработници, Божјото долготрпение ги учи на непогрешливи поуки на трпение и љубов. Христос го врзал за себе и лакомиот Јуда и избувливиот Петар, не затоа што Јуда бил лаком, а Петар избувлив, туку затоа што двајцата учеле од Него, од својот Голем Учител, и за да станат како Него: несебични и понизни. Тој во двајцата видел добар материјал. Јуда имал финансиски способности и да ги прифател поуките кои Христос ги упатувал осудувајќи ја секоја себичност, скржавоста и измамата во најситните поединости на животот, би можел да биде корисен за црквата. Поуките како што се: „Кој е верен во малку и во многу ќе биде верен, а кој е неправеден во најмалото, и во многу е неправеден", Христос често ги повторувал. {4C 486.3}

На овој начин Спасителот настојувал да ја втисне вистината во свеста на слушателите дека оној кој се користи со лукавство за да го измами ближниот во безначајните ситници, би го направил истото тоа и во поголеми размери, кога за тоа би му се укажала поволна прилика. Најмалото застранување од строгата исправност ги руши сите огради и го подготвува срцето за уште поголема неправда. Христос и со зборови и со пример учи во секоја постапка кон ближните да се раководиме со крајна честитост. „Сè што сакате да ви прават луѓето, правете им го и вие на нив". Христос постојано ги разобличувал недоследностите во животот на фарисеите и ги укорувал. Тие тврделе дека го држат Божјиот закон, но во секојдневниот живот постојано правеле беззаконие. За да ја задоволат својата незаситна желба за добивка, тие лишувале многу вдовици и сирачиња и од она најскромното што го поседувале во животот. {4C 487.1}

Ако во своето срце сакал да се обрати, Јуда можел да ги користи сите овие поуки; но незаситната желба за добивка била посилна од него и љубовта кон парите станала владеечка моќ во неговата душа. Тој ја чувал благајната со пари наменети за ширење на Христовото дело и од тој скромен износ, одвреме навреме, земал за своја употреба. Од себични побуди јавно ѝ замерил на Марија што поради Христа го жртвувала садот од алабастер со миризливо масло и ја осудил нејзината постапка како неразумно трошење. На тој начин, наместо да се однесува како ученик, тој сакал како учител и на Христа да му пружи поука во поглед на тоа дали чинот на Марија доликувал или не. {4C 487.2}

Јуда и Петар имале еднакви можности и предности постојано да примаат поуки од Христа, да се угледаат на Неговиот пример и да ги исправуваат негативните црти на својот карактер. Додека слушале како го осудува лицемерството и изопаченоста на горделивите, виделе дека токму тие кои ги жигосал биле предмет на Неговата загриженост и Неговите најсесрдни напори во настојувањето да ги реформира.

Темнината на заблудата на која ѝ робувале, многупати ги предизвикувала Неговите солзи. Длабоко трогнат од сочувство и љубов кон жителите на Ерусалим, повикал: „Колку пати сакав да ги соберам Своите чеда, како што кокошката ги собира своите пилиња и не сакавте!” {4C 487.3}

Петар секогаш бил брз и подготвен на акција, смел и бескомпромисен; и Христос во него гледал особини кои можат да бидат од голема вредност за црквата. Затоа трајно го врзал за Себе за да сочува во него сè што било добро и вредно, за со Своите поуки и пример, да го ублажи она што било нагло и избувливо во неговата природа и да поправи сè што било грубо во неговото однесување. Ако срцето навистина се промени под влијанието на божествената благодат, тоа ќе се види и однадвор во вистинска благост, добрина, сочувство и учтивост. Исус никогаш не бил студен и непристапен. Оние кои биле во неволја и болните често го прекинувале Неговиот мир во моментот кога освежувањето и мирот Му биле најпотребни, но Тој имал љубезен поглед и охрабрувачки збор за секого. Тој навистина бил пример за вистинска учтивост. Во еден момент Петар се откажал од својот Учител, но подоцна се покајал и длабоко се понижил поради својот голем грев; и Христос покажал дека му простува на Својот заблуден ученик со тоа што го удостоил да го спомне неговото име по Своето воскреснување. {4C 488.1}

Јуда, подлегнувајќи на искушенијата на непријателот, го предал својот најдобар Пријател. Меѓутоа, на Петар му користеле Христовите поуки, бидејќи дозволил да биде поучен; тој го продолжил делото на реформа кое на апостолите им го оставил нивниот Господ кога се вознел на небото. Овие двајца луѓе претставуваат две категории на Христови следбеници кои Тој ги врзува за Себе, пружајќи им предност - слушајќи ги Неговите поуки и набљудувајќи го примерот на Неговиот несебичен живот - да научат од Него. {4C 488.2}

Ако човекот, набљудувајќи го ликот на својот Спасител, подобро се запознае со Него, тој станува посличен на Него и според карактерот и според постапките. Времето во кое живееме бара реформа на дело. Светлината на вистината која нè осветлува бара луѓе подготвени на акција, луѓе со непоколеблив морал кои се вредни трудољубиво и истрајно да работат на спасување на сите оние кои сакаат да се одѕвијат на повикот на Божјиот Дух. {4C 488.3}

Љубовта која треба да постои помеѓу членовите на црквата често го отстапува местото на критицизмот и осудувањето; и тоа често се манифестира дури и за време на богослуженијата во гласни упаѓања за време на проповедта и во остри лични напади. Поддршка на тоа не треба да даваат ниту проповедниците, ниту старешините, ниту верниците. Кога се во прашање службите во црквата, пред очите треба да се има само славата на Божјото име. Кога во членството на црквата ќе дојдат луѓе кои припаѓале на разни организации и кои меѓусебно значително се разликуваат, ако божествената вистина не ги ублажи и не ги потчини грубите црти на нивниот карактер, црквата ќе биде изложена на постојани непријатности; нејзиниот мир и единство ќе бидат жртвувани на себичните и незаситни барања на таквите. Додека будно внимаваат да ги откријат недостатоците на своите браќа, многумина занемаруваат да го преиспитаат и очистат своето срце и својот живот. Тоа го предизвикува Божјото незадоволство. Секој член на црквата треба највнимателно да ја преиспита својата душа и самокритички да ги разгледа своите постапки за, поведувајќи се по себичните побуди, да не стане камен на сопнување за своите послаби браќа. {4C 488.4}

Бог ги зема луѓето такви какви што се, со сите нивни човечки слабости и ги подготвува за Своја служба ако се согласат да бидат дисциплинирани и да учат од Него. Коренот на горчина, завист, недоверба, љубомора, па дури и омраза која постои во срцето на поедини членови на црквата е сатанско дело. „Не знаете ли дека малку квасец скиселува цело тесто?" Верското ревнување кое некои го манифестираат во нападите на своите браќа е ревнување, но не според разумот. Христос нема ништо заедничко со сведоштвата на таквите. {4C 489.1}

---

44. НЕЧЕСНОСТ ВО ЦРКВАТА

„Зашто корен на сите зла е среброљубието". Некои кои ја исповедаат вистината не можат да се спротивстават на искушението од овој вид. Најголемите злосторства меѓу луѓето на овој свет се прават токму од љубовта кон парите. Ако не можат да се збогатат со трудољубива и чесна работа, луѓето прибегнуваат кон кражба, измама и криминал за да дојдат до пари. Чашата на беззаконието е речиси полна и праведната Божја казна: да врати секому според неговите дела, само што не се спуштила на главата на виновниците. Адвокатите и таканаречените добронамерни пријатели земаат од вдовиците и од оние малку средства што ги имаат за живот и сиромашните се принудени да се лишуваат од најнужните животни потреби затоа што ваквите сакаат со нечесност да си овозможат себеси раскошен живот. Страшните записи за разновидните злосторства кои се случуваат во светот, се такви што на човекот од тоа му се смрзнува крвта во жилите и душата му се исполнува со страв и ужас; но фактот дека истите зла кришум се вовлекуваат и меѓу оние кои тврдат дека веруваат во вистината и дека тие во помала или поголема мера попуштаат на истите гревови, ги повикува на најдлабоко каење и понижување на душата. {4C 489.2}

Човекот кој искрено се бои од Бога повеќе ќе прифати мачно да работи ден и ноќ, да поднесува лишување од секој вид, во сиромаштво да јаде леб, отколку да се богати со угнетување на вдовиците и сирачињата и на странецот да му ги скратува човечките права. Злосторствата кои се прават со желба за раскошен живот и натрупување на пари го претвораат светот во засолниште на крадци и разбојници и ги наведуваат ангелите да плачат. Но христијаните тврдат дека не се жители на оваа земја, дека тука како странци на минување запираат за да преноќат. Нашиот дом е во дворците кои Исус отишол да ги подготви за нас. Овој живот е толку минлив како пареа која исчезнува во неповрат. {4C 490.1}

Натрупувањето на богатство кај некои станува вистинска манија. Златното правило на евангелието постојано се крши и Христос се запоставува во лицето на Неговите светии. Секое искористување на ближните, без разлика дали тие се верници или не, во небесните книги се запишува како измама. Божја намера е ние, правејќи им добро на другите и учествувајќи во светата должност на издигнување на човечкиот род, со својот живот да го прикажуваме Оној Кој во сè е наш Голем Пример. Таквата работа никогаш нема да биде овенчана со достоинство и слава во овој живот, но затоа ќе биде признат и заслужно ценет во идниот живот. Записите за добрите дела и благородни постапки ќе останат низ сета вечност. Доколку човекот повеќе ја користи несреќата на своите

ближни, дотолку повеќе неговата душа станува непристапна за влијанието на Божјиот Дух. Добивката стекната на таков начин всушност е страшна загуба. {4C 490.2}

Има луѓе и на одговорни положби кои не ги чуваат интересите на своите браќа. Тие се толку обземени со своите лични интереси така што потполно го занемаруваат угледот на црквата. Себичноста и алчноста претставуваат за нив силна препрека за постојано пред своите очи да ја имаат славата на Божјото име. Црквата како целина во извесна мера е одговорна за гревовите на своите членови, бидејќи не подигнувајќи го својот глас против постоечкото зло, таа всушност го одобрува. Божјото одобрување отсуствува и тоа од повеќе причини. Неговиот Дух е ожалостен поради себичност, раскош, нечесност и измама со кои се служат и некои кои исповедаат побожност. Сето тоа придонесува Бог да не биде задоволен од Својот народ. {4C 490.3}

Прикажани ми се неверството и гревовите на стариот Израел, и гледам дека слични зла и беззаконија постојат и во современиот Израел. Перото на вдахновение ги забележало нивните престапи за добро на оние кои живеат во овие последни денови; затоа да внимаваме да не тргнеме по нивниот пат. Станувајќи алчни за пленот заробен од непријателите, Ахан земал шипка злато и скапоцена вавилонска наметка и ги сокрил во својот шатор. Меѓутоа, Господ го прогласил градот Ерихон за проклет и на Израелците им наредил да не ги користат предметите запленети од непријателот. „Но чувајте се од проклетите работи за и самите да не бидете проклети земајќи што е проклето и да не навлечете проклетство. Туку сето сребро и злато и садови од бакар и од железо нека бидат посветени на Господа, нека влезат во Господовата ризница". {4C 491.1}

Но Ахан, од Јудиното племе, земал од проклетите работи и Господовиот гнев се распалил на Израелевите синови. Кога Израелците потоа тргнале во борба против непријателот, биле одбиени и поразени, а некои од нив и загинале. Тоа делувало многу обесхрабрувачки на сиот народ. Исус Навин, како нивен водач, бил страшно вчудоневиден. Во најдлабока понизност и очај, тој паднал со лицето на земја и во молитва рекол: „Господе, што да кажам кога Израел го сврте грбот пред своите непријатели? Ќе слушнат Хананејците и сите жители од таа земја, и ќе го истребат нашето име од земјата; и што ќе направиш од Своето големо име?" {4C 491.2}

Господовиот одговор на Исус Навин бил: „Стани, што си паднал на своето лице? Израел згреши, и го престапи Мојот завет; бидејќи земаа од проклетите работи и украдоа и ги сокрија меѓу своите работи". Ахан го украл она што требало да го издвои за Господа и да го стави во Неговата ризница; тој му го додал на својот грев и тоа што не го признал својот престап кога видел дека целиот народ страда поради него, а ги слушнал Господовите зборови кои Исус Навин му ги пренел на народот дека проклетство ќе падне на цел Израел, ако некој присвои од она што Бог го одредил за Себе. {4C 492.1}

Неговата радост поради нечесно стекнатиот плен исчезнала кога слушнал дека ќе се спроведе истрага. Тоа го вознемирило. Сепак, во себе постојано повторувал: Што им е на нив гајле! Јас одговарам за своите постапки. Се држел горделиво и најстрого го осудувал виновникот. Да признал навреме можел да биде поштеден; но гревот го прави срцето уште потврдо и тој продолжил да ја истакнува својата невиност. Се надевал дека нема да биде откриен во толкаво мноштво. За да се пронајде престапникот, било одлучено да се фрли ждрепка и било избрано Јудиното племе. Аховото срце почнало да трепери во страв и чувство на вина, бидејќи припаѓал токму на тоа племе; но сè уште си ласкал себеси дека ќе ја избегне казната. Повторно фрлената ждрепка паднала токму

на семејството на кое му припаѓал. Тогаш Исус Навин ја прочитал вината на неговото бледо лице. Последната, поединечно фрлена ждрепка го покажала несреќниот човек кој стоел покажан со Божјиот прст како виновник кој ги предизвикал сите овие неволи. {4C 492.2}

Ако Ахан, кога подлегнал на искушението да земе забранети работи, бил запрашан дали сака да нанесе пораз и смрт на сиот Израелев народ, тој би одговорил: „Не, не! Зар слугата твој е пес за да направи толкаво големо зло". Но тој се колебал пред искушението да ја задоволи својата алчност, и кога му се пружила прилика отишол и понатаму отколку што имал намера во своето срце. На сличен начин и поедини членови на црквата незабележливо стануваат наведени да го жалостат Божјиот Дух, да ги крадат своите ближни и да го навлечат Божјиот гнев на црквата. Никој не живее само за себе. Гревот на еден човек донел срам, пораз и смрт на многумина во Израел. Заштитата која би ја засолнила главата на секој од нив во денот на битката, исчезнала. Разните гревови кои ги прават и одобруваат и оние кои за себе тврдат дека се христијани го навлекуваат Божјиот гнев на црквата. Во денот кога небесните книги ќе се отворат, Судијата нема да мора со зборови да ја изразува вината на престапникот, туку ќе биде доволно да упати само еден продорен поглед и секое дело и секоја трансакција во животот ќе оживее во сеќавањето на сторителот. За престапникот нема да мора, како во деновите на Исус Навин, да се трага од племе до семејство, туку тој со сопствени усни ќе го признае својот срам, својата себичност, алчност, нечесност, лага и измама. Гревовите на секој поединец, сокриени од луѓето, тогаш ќе бидат објавени како од „покрив". {4C 492.3}

Црквата не треба толку да стравува од отворените престапници, неверници и богохулници, колку од влијанието на недоследните христијани. Тоа се тие поради кои црквата не прима Божји благослов, поради кои често е толку слаба и изложена на срам кој не може лесно да се избрише. Додека Исус Навин лежел со лицето на земја, излевајќи ја болката на својата душа пред Бога во агонија и горчливи солзи, Божјата заповед била: „Стани, што си паднал на своето лице?" {4C 493.1}

Популарните цркви се полни со луѓе кои тврдат дека Му служат на Бога, а всушност се крадци, убијци, прељубодејци и блудници; но оние кои ја исповедаат нашата скромна вера треба да копнеат по повисок критериум. Тие треба да бидат библиски христијани, проучувајќи ја внимателно Божјата реч како правило на својот живот. Грижливо и со молитва тие треба да ги преиспитаат побудите кои ги поттикнуваат нешто да направат. Оние кои сакаат во потполност да Му се предадат на Христа треба без одложување да ја проучуваат привлечноста на крстот. Ако биле христијани на дело, тие својата подготвеност да го слушаат Бога и да се плашат од Него мораат да ја покажат токму сега. Тие можат да ги спасат своите души од пропаст и со успех да стекнат вечен живот, само ако тоа вистински го сакаат. {4C 493.2}

Обичајот во трговијата да се стекне претерана заработувачка, што во светот секаде се практикува, не треба да биде пример за вистинските христијани. Тие не треба да отстапуваат од совршената чесност, дури ниту во таканаречените ситници. Да се продаде некој продукт поскапо отколку што му е неговата вистинска вредност, користејќи се притоа со незнаењето на купувачот, тоа е измама. Незаконската заработувачка, ситничарските измами во трговијата, претерувањето, нелојалната конкуренција, продавањето поевтино од некој брат кој се труди чесно да работи - сето тоа ја валка чистотата на црквата и ја поткопува нејзината духовност. {4C 494.1}

Однесувањето во деловниот живот не е надвор од границите на Божјото владеење. Христијанството не е облека со која треба фалбаџиски да се покажуваме само во сабота

и кога доаѓаме на богослужение, туку карактер кој треба да го манифестираме секој ден во седмицата и на секое место. Начелата на христијанството мораат да се почитуваат на работното место, било со членовите на нашата црква или со останатиот свет. Кај многумина љубовта кон привлечностите на овој свет ја фрла во сенка вистинската претстава за христијанските обврски. Христовата религија има толку силно влијание на срцето, така што ја контролира секоја постапка во животот. Оние кои поседуваат вистинска вера ќе покажат и во своите деловни односи исто толку јасна претстава за она што е право и исправно како и кога ги упатуваат своите молитви кон престолот на благодатта. Нашиот живот, со сите можности кои со себе ги донесува, Му припаѓа на Бога и треба да го употребиме на слава на Неговото име, а не да се изроди во служење на штета на нашите ближни. {4C 494.2}

Сатаната на многумина им се наметнува како добронамерен советник, нагласувајќи дека мораат да ги слушат неговите совети ако сакаат да бидат успешни во животот: „Не бидете премногу совесни во поглед на честа и чесноста; гледајте го пред сè личниот интерес и не дозволувајте на вас да влијаат сожалувањето, благоста и благородноста. Не е ваше да водите грижа за вдовиците и сирачињата. Не ги навикнувајте да очекуваат ваша помош и да зависат од вас; пуштете ги сами да се грижат за себе. Не прашувајте дали имаат што да јадат, или можете ли да ги усреќите со својата внимателност и грижливост. Грижете се само за себе. Земајте сè што ќе ви падне во раце и сè што можете. Угнетувајте ги вдовиците, сирачињата, немоќните и на туѓинецот ускратувајте му ги неговите права и секогаш ќе имате можност да ги задоволите сите свои потреби". Прифаќајќи вакви сугестии, многумина со презир го отфрлаат библиското правило: „Вера чиста и без мана пред Таткото е оваа: посетувајте ги сирачињата и вдовиците во нивните неволи и држете се себеси неопоганети од светот". {4C 494.3}

Сатаната им го нуди на луѓето царството на овој свет под услов да му се поклонат и да ја признаат неговата превласт. Многумина прават така, жртвувајќи ги спасението и вечниот живот. Подобро е да се умре, отколку да се греши; подобро е да се оскудева, отколку да се мами; подобро е да се гладува, отколку да се лаже. Сите оние кои се искушуваат во овој поглед нека се спротивстават на сатаната со следниве зборови на Псалмистот: „Блазе на секој кој се бои од Господа, кој оди по Неговите патишта! Зашто ќе јаде од трудот на своите раце!" Овде дадениот услов и ветувања се толку јасни, така што не можат погрешно да се разберат. Вистинската среќа и напредок се условени со верното служење на Господа. {4C 495.1}

---

45. ЗНАЧЕЊЕТО НА САМОКОНТРОЛА

Сестро Х, за твојот живот пред јавно да се изјасниш за Христа, не знам многу; но оттогаш не стана вистински обратена жена, не го претставуваш правилно Христа како свој Учител. Ти ја прифати теоријата на вистината, но таа вистина не те посвети во потполност. Во недостаток на самосовладување, ти постојано попушташ на своите

желби и барања, жртвувајќи го притоа и своето здравје и вера. Лесно се возбудуваш и наместо строго да внимаваш на своите зборови и постапки, потполно се предаваш на своите страсти. Нашиот ум е под влијание на Христовата или на сатанската сила; и кога не се трудиш да владееш со себе, сатаната презема контрола над твојот ум и те наведува и со зборови и со постапки да го манифестираш токму она што е сатанско. Тоа се повторувало толку често, така што потполно ти преминало во навика. {4C 495.2}

Откога живееш со својот сегашен сопруг си дозволуваше себеси да те раздразни и натажи секоја и најбезначајна ситница; и во таквите моменти просто те обзема некоја луда лутина, додека сатаната се наоѓа покрај тебе и се смее на несреќата која ја нанесуваш и на себе и на оние кои по своја должност треба да ги направиш среќни. Твоите деца на кои во наследство им ги пренесе своите карактерни особини, покрај тоа, постојано го гледаат и го копираат толку негативниот пример на твојата слепа и нескротлива страст, нетрпение и лоша волја. {4C 495.3}

По својата природа, човечкото срце е склоно на себичност и изопаченост кои можат да се совладаат само со најстрога дисциплина и строго ограничување; а некогаш се потребни дури и години на трпеливи напори и најодлучно спротивставување на искушенијата. Бог дозволува да ги искусиме тешкотиите на сиромаштијата и нè доведува во најтешки положби во животот за да се покажат недостатоците на нашиот карактер и да се измазнат неговите грубости и нерамнини. Но доколку поединците и покрај предностите и приликите кои Бог им ги дава, и покрај можноста да ја сфатат вистината, изнаоѓаат изговор за изопаченост на својот карактер и упорно продолжуваат во својата себичност и злоба; нивните срца стануваат тврди како гранит; и тогаш, без примена на длето, чекан и алатки за мазнење веќе не е можно да се исправат. {4C 496.1}

Ми беше укажано на твојот христијански живот кога прв пат дојде во _____. Твоето однесување не беше доследно; твоето друштво не беше исправно. Ја посетуваше со своите деца градината каде што се продава пиво, што на набљудувачите остави неповолен впечаток во поглед на твојот морален углед. Тоа се тажни поглавја во твоето искуство. Ја имаше светлината и познавањето на вистината, но твоите склоности и неразумност те одвоија од Бога. {4C 496.2}

Покажани ми се многу поединости од твојот живот додека престојуваше во _____. Твојата силна и изопачена волја те наведува често да ја срамиш вистината која ја исповедаш. Твоето однесување пред светот не може да се оправда. Казнувањето на кое беше изложена твојата ќерка во училиштето поради својата самоволја и непослушност ти ги преувеличуваше до таа мера така што, сметајќи го тоа за ужасна навреда, дури побара заштита од законот. Измамувањето на јавноста со кое се користеше и преувеличувањето на она што навистина се случило го претстави во многу неповолна светлина христијанскиот морал. Тоа е запишано покрај твоето име во небесните книги. Склона си на тврдоглавост и неподготвена во понизност да ја признаеш својата грешка; упорно го оправдуваш своето однесување пред луѓето без оглед

како тоа изгледа во Божјите очи. Треба ли тогаш да се чудиш што твојата ќерка, во услови на толку погрешно воспитување, станала таква каква што сега ја гледаш? Какво влијание можело да има твоето воспитување на умот на една млада девојка, отколку да доведе до заклучок дека никој нема право да ја контролира нејзината изопаченост и самоволја? Семето што го посеа со сопствена рака изникна, израсна и роди горчлив плод. {4C 496.3}

Љубовта кон твојата душа ме поттикнува да ти пишам во овој момент. Се чувствувам притисната од тежок товар на одговорност додека ти ги пишувам овие

редови. Со своето однесување ти ја затвораш вратата на небото и пред себе и пред своите деца, бидејќи со сегашните недостатоци во карактерот никогаш нема таму да влезете. Сестро моја, жалосната улога која на овој начин ја играш во животот, донесува само загуба. Светите ангели те набљудуваат со тага и болка, а злите духови ликуваат гледајќи колку бргу ги губиш драгоцените особини кои го красат христијанскиот карактер, додека сатаната веднаш ги занемарува истите со своите зли особини. {4C 497.1}

Ти толку се оддаваш на читање на романи и измислени приказни, така што живееш во свет на фантазија и илузии. Влијанието од таквото читање е штетно и за умот и за телото; тоа ти го слабее интелектот, а страшно ги оптоварува и физичките сили. Твојот ум понекогаш едвај функционира, бидејќи фантазијата ти е потполно болна и пренадразнета од читање на такви измислици. Умот треба да се навикнува сите негови сили складно да се развиваат. Извесен начин на однесување во развојот на личноста може да придонесе за јакнење на некои способности, додека други истовремено остануваат неупотребени и така закржлуваат. Читањето на погрешно избрани книги делува многу штетно на помнењето, бидејќи ја исфрлува од рамнотежа силата на поимање и создава нервоза, исцрпеност на мозокот и малаксаност на целиот организам. Ако фантазијата постојано се храни и стимулира со читање на измислици таа наскоро станува вистински тиранин кој ги контролира сите останати способности на умот и прави вкусот да стане многу непостојан, а склоностите изопачени. {4C 497.2}

Твоите умни сили се заболени од диспепсија. Ти постојано го преоптоваруваш својот ум со знаења од секој вид, како што се: политика, историја, теологија и анегдоти, а твоето лесно злоупотребено помнење може да задржи само извесен дел од сето тоа. Правилно насоченият ум, со многу помалку информации, би ти бил од многу поголема вредност. Својот ум не си го навикнувала на она што е битно за животот; затоа твојата непосветена волја и личните склоности потполно завладеале со тебе и станале твои господари, наместо да ти бидат слуги. Неизбежна последица од тоа е губење на физичките и умните сили. {4C 497.3}

Твојот ум со години наликува на поток чие жуборење се слуша, но е толку полн со камења и треви, така што водата во својот тек потполно му се губи. За да ги посветиш своите сили на повисоки цели, не мораше да станеш таков инвалид каков што си сега. Си вообразила дека мораш да му попушташ на својот нестабилен апетит и на своето прекумерно читање. Видов како светло гори на полноќ во твојата соба, додека ти, наведната над некоја возбудлива приказна, до крајни граници го напрегнуваш и онака исцрпениот мозок. Ваквиот начин на работа го намалува твојот изглед за живот и ги слабее твоите умни, физички и морални сили. Неуредноста во животните навики создаде неред во твојот дом, и ако и понатаму така продолжиш, тоа ќе те доведе дотаму што твоите умни сили ќе завршат во малоумност. Го злоупотреби своето од Бога дадено време на милост и проверка и залудно го пропушти од Бога даденото време за живот. {4C 498.1}

Бог ни ги дал талентите мудро да ги употребиме, а не да ги злоупотребуваме. Воспитувањето има за цел да ги развива физичките, умните и морални способности на човекот за што поуспешно да ги извршува своите должности во животот. Со читањето на несоодветни книги се стекнува лажно воспитување. Моќта, издржливоста, силата и активноста на мозокот, можат да се намалат или пак да се зголемат, во зависност од начинот на кој ги употребуваме. Мораш да се ослободиш од својата склоност да читаш такви книги. Отстрани ги од својот дом. Не држи го пред своите очи тоа искушение кое

ја изопачува твојата фантазија, го исфрла од рамнотежа твојот нервен систем и ги упропастува твоите деца. Со своето претерано читање ти се онеспособуваш за совесно извршување на должноста на сопруга и мајка и всушност стануваш неспособна за било кое добро дело. {4C 498.2}

Ти не ја проучуваш Библијата како што треба; затоа не си упатена во мудроста на Светите Списи ниту си плодна во добрите дела. Читањето на романи и измислени приказни го возбудува умот и го слабее интересот за читање на Божјата реч. Ти упорно ги уверуваш другите дека си добро запозната со учењето на Светите Списи; но тоа не е така, бидејќи твојот ум е полн со секакви ништожности. Истражувањето на Библијата бара темелно проучување и сесрдна молитва. Тука не е доволно само делумно и површно читање. Додека некои стихови се потполно јасни, така што не е можно погрешно да се сфатат; други, напротив, се значително посложени и бараат посериозно и потрпеливо проучување. Како што драгоцените метали се сокриени во утробата на ридовите и планините, скапоцените камења на вистината треба да се откриваат и чуваат во просториите на своето помнење за да можеме да ги употребиме секогаш кога ќе затреба. О, кога сите толку трудољубиво и истрајно би го барале небесното злато како што се трудат за стекнување на пропадливо злато! {4C 498.3}

Кога Светите Списи ги истражуваш со сесрдна желба да ја запознаеш вистината, Бог со Својот Дух влијае на твоето срце и светлината на Неговата реч продира во твојот ум. Библијата е сама свој толковник, така што еден внимателно прочитан стих објаснува други. Споредувајќи ги меѓусебно стиховите кои се однесуваат на ист предмет, ќе воочиш склад и убавина за кои не си ни сонувала. Нема книга која умот на читателот толку го јакне, крепи, воздигнува и облагородува како што тоа го прави оваа Книга над книгите. Проучувањето на Библијата му дава на умот нова сила, доведувајќи го во врска со нови предмети кои бараат сериозно размислување и сесрдно обраќање на Бога во молитва за да ги сфати откриените вистини. Ако умот се занимава само со вообичаени предмети, не впуштајќи се во потешки и посложени проблеми, тој се спушта на ниво на она на што постојано се задржува и конечно ја губи моќта да се развива. {4C 499.1}

Она што е најтажно во твојот случај е фактот дека твоите заблуди и грешки се повторуваат во твоите деца. Твојата ќерка е постојано обземена со читање. Навиката која и со наследство и со пример ја прима од тебе е убиствена за нејзините умни сили. Поради тоа таа нема ниту склоности ниту способности за учење. Умот е најподложен на впечатоци во детството и младоста. Затоа доброто семе треба навреме да се сее на добра земја, за да роди плод за вечен живот. {4C 499.2}

Навиките стекнати во младоста, иако можат да се изменат до извесна мера, во многу ретки случаи можат потполно да се отфрлат. На сиот твој подоцнежен живот битно влијаело наследството кое на тебе е пренесено со раѓањето. Изопачената природа на твојот татко се појавува и во неговите деца. Преку Божјата благодат тие лоши склоности можат да се победат; но за таа цел мора да се води голема борба. Така е и со твоите деца. Им дозволуваш во сѐ да ја спроведуваат својата волја како што си дозволуваш и на самата себе. Ти немаш ниту волја ниту сила да се спротивставуваш на барањата на твојот апетит, и со тоа страшно ги оптоваруваш своите органи за варење. Ниту една жена која ѝ попушта на својата вообразеност како што тоа го правиш ти, не може да има добро здравје. {4C 499.3}

Ова е исто толку болна вистина и за твоите деца. Со погрешна дисциплина додека беше во можност да се грижиш за нив, и оставајќи ги подоцна толку долго без мајчински надзор, ги доведе речиси до потполна пропаст. Сепак, со цврст и непоколеблив став тие

сè уште би можеле во многу нешта да се поправаат, тие не застраниле сосем, иако сега е многу потешко да се направи од нив она што можеле да бидат ако родителите правилно ги воспитувале. Како мајка, ти треба да ги увидиш последиците од својот погрешен став во животот; ако сакаш, сè уште можеш да се реформираш и да ги исправиш своите сериозни пропусти. Патот по кој сега тргнуваат твоите деца може да ги води во доблест или во порок, во чест или срам, во спасение или пропаст. Влијанието на побожната мајка останува за сета вечност. Продолжува да трае и по нејзината смрт. {4C 500.1}

Брате и сестро X, ниту еден од вас не увидува во каква жална состојба се наоѓаат вашите деца. Брате X, ти занемари да заземеш поодлучен став и да ги контролираш своите деца. Вашето мало момче во голема мера господари со вашето домаќинство. Своите постари деца, ти сестро, ги воспитуваше сосем погрешно. Додека братот X понекогаш беше премногу строг и непопустлив, барајќи го од нив она што не би го барал од своите родени деца, ти правеше многу повеќе грешки. Ти ја држиш страната на децата во нивно присуство и така во нивното младо срце го потпалуваш огнот на одмаздољубивост. Отворено ги учиш на непокорност и со нескриено омаловажување зборуваш пред нив за својот сопруг. На тој начин со предомислување ги наведуваш со презир да го отфрлаат секое ограничување. Тоа остава неизбришлива трага на нивниот ум. {4C 500.2}

Последиците од ваквото воспитување ти сега почнуваш да ги увидуваш во однесувањето на своите постари деца; па сепак во голема мера исто така постапуваш и со децата кои Бог оттогаш ти ги доверил на твоја грижа. Твојот недоследен и неконтролиран ум постојано се пренесува на нив како отров. Тие особини на твојата природа се пренесуваат на карактерот на твоите деца, не како отпечатоци на песок, туку како на цврста карпа; и тоа со години подоцна ќе сведочи за твоето дело. {4C 500.3}

Сестро моја, твојата совест е сè помалку чувствителна. Размисли најсериозно какви навики создаваш и моли се сесрдно за твојот изопачен карактер да може да се испере од секоја нечистотија во крвта на Јагнето. За да се угледаш на Божјото царство, мораш духовно да се пробудиш и со просветена совест да ги контролираш своите страсти и да негуваш љубов кон вистината во својата душа. {4C 501.1}

Во сè во животот треба цврсто да се држиш за одредени начела. Сатаната ти е сè уште зад петици. Твоја единствена надеж сега е во потполна обратеност на Бога. Не се лажи, со Бога нема шега. Кога времето на твојата проверка денес би завршило, не би имала никаква надеж за спасение. Твоето здравје во физички, умен и морален поглед зависи од тоа колку владееш со своите лични склоности. Ти, без сомневање, ќе наидуваш на тешкотии кои ќе го вознемируваат твојот дух и ќе претставуваат за тебе тежок испит; но во Христова сила е можно да се владее со себе. Оној кој може да владее со себе, Соломон го става над освојувачот и победникот во војната. „Подобар е спор на гнев, отколку јунак. И господарот на своето срце е подобар од оној кој ќе заземе град”. {4C 501.2}

Дозволувајќи си себеси безгрижно и прекумерно да се возбудуваш, ти го доведуваш својот организам во таква состојба што - ако не се промениш - може да биде и смртоносно. Ти го запоставуваш својот сопруг; и му упатуваш такви тешки зборови кои како сопруга никогаш не би требало да ги изговориш. Секогаш беше неискрена кон него и во тоа одеше толку далеку, така што со предомислување зборуваше невистина за да ги остваришсвоите цели. Подготвеноста по секоја цена и во секој случај да се спроведе

твојата лична волја претставува водечка и највпечатлива карактеристика на твоето семејство. {4C 501.3}

Однесувањето на братот Х не е такво какво што би требало да биде. Тој многу бурно покажува што сака, а што не, бидејќи своите чувства не ги држи под контрола на разумот. Брате Х, прекумерното земање на храна и тоа уште во несоодветно време, во голема мера го нарушува твоето здравје. Тоа предизвикува концентрација на крвта во одреден дел на телото. Во мозокот доаѓа до збрка и ти губиш контрола над себе. Изгледаш како човек со неурамнотежен ум. Правиш нагли движења, многу лесно се возбудуваш и сè гледаш во претерана и извртена светлина. За твоето здравје е многу важно што повеќе да се движиш на чист воздух и умерено да се храниш. Ти не треба да јадеш повеќе од двапати на ден. Ако навечер почувствуваш силна потреба за јадење, напиј се чаша студена вода и изутрина ќе се чувствуваш многу подобро токму затоа што не си јадел. {4C 501.4}

На децата не им дозволувајте да јадат слатки, овошје, јаткасти плодови или било што друго помеѓу редовните оброци. Два оброци дневно и за нив би биле подобри отколку три. Ако родителите пружаат добар пример и се раководат според начелото, децата бргу ќе се угледаат на нив. Нередовноста во земањето на храна го загрозува здравјето на органите за варење, па кога вашите деца и млади ќе седнат зад семејната трпеза не се задоволни од здравата храна; нивниот расипан апетит го бара токму она што за нив е најштетно; и поради така неправилна исхрана тие често страдаат од треска, а за тоа сте одговорни вие како родители. Учејќи ги своите деца да создаваат корисни навики за чување на здравјето, родителите можат да ги поштедат од многу неволи и опасности. {4C 502.1}

На братот Х му се заканува опасност од потполна одземеност, и ако и понатаму продолжи да ги престапува законите на здравјето, неговиот живот може одненадеж да прекине. Дали како семејство ќе бидете среќни или несреќни, тоа зависи од вас самите. Со својот начин на живеење вие одлучувате за својата иднина. Вие двајцата морате да настојувате да ги ублажите острите црти на својот карактер, трудејќи се зборовите што ги изговарате да бидат само такви, да не морате да се срамите од нив на денот на Божјиот суд. Цврстата решеност да не скршнете ниту лево ниту десно од патот на должноста нека ви биде животно правило. Наспроти бројните искушенија кои ве опсипуваат, трудете се да бидете верни на Бога и да имате чиста совест и тогаш патот пред вас ќе биде израмнет. Расправајќи се околу ситници кои не заслужуваат да им се подари внимание, сами себеси си создавате непотребна вознемиреност. Патот на праведникот е пат на мир, пат така израмнет и јасен што кротките и богобојазливи мирно одат по него, не сопнувајќи се и не застранувајќи од него. Тој пат е тесен, но по него можат да одат и патници со различни темпераменти, само ако верно го следат Војсководецот на своето спасение. Оние пак, кои сакаат да ги задржат своите зли склоности и себични навики не можат да одат по тој пат, бидејќи тој е премногу тесен за такви бремиња. {4C 502.2}

Колку труд и пастириска грижа нашиот Голем Пастир вложува во настојувањето секој од Своите овци да ги вика по име и трпеливо да ги насочува да одат по Неговата трага. Тој ги бара заблудените и со светлината на Својата реч брзо и благовремено им укажува на опасноста. Со посредство на укори и опомени од небото, Тој ги повикува да се вратат на вистинскиот пат. Тој се труди да им помогне на заблудените со присуство на Светиот Дух и ги подигнува кога ќе паднат. Но многумина толку долго оделе по патот на гревот, така што не сакаат да го слушнат Неговиот глас. Отфрлајќи сè што би можело

да им ги врати сигурноста и мирот, тие се предаваат на лажниот водач и дрско продолжуваат во слепата самодоверба, оддалечувајќи се сè повеќе од светлината на мирот, од спокојството и од вистинската среќа. {4C 503.1}

Ве преколнувам да ја прифатите светлината која Бог ви ја упатува и да се реформирате. Христовиот крст е наша единствена надеж. Тој ни ја открива големината на љубовта на нашиот небесен Татко и фактот дека Христос како Височество на небото се согласил на толкави понижувања, навреди и страдања за на крајот да се радува, гледајќи ги во Своето царство спасените и оние души кои биле спасени на самиот раб на пропаста. Ако ги сакате своите деца, главна цел нека ви биде да ги подготвите за вечниот живот со славна иднина. Со несреќните наклоности кои сега ги имаат, тие никогаш нема да го здогледаат изгубениот рај. Работете додека е ден; откупете го пропуштеното време и борете се да стекнете круна на бесмртна слава. Спасувајте се себеси и своите деца, бидејќи спасението на душите претставува најдрагоцена добивка. {4C 503.2}

---

46. НЕБИБЛИСКИ БРАКОВИ

Ние живееме во последните денови, во денови кога манијата на женидба и мажачка станува еден од знаците на скорото Христово доаѓање. Божјиот совет во тој поглед веќе воопшто не се бара. Религијата, должноста и начелата - сè се жртвува за да се остварат желбите и страстите на непосветеното срце. При склопувањето на бракови не би требало да има раскош и претерана веселба. Од стотина вака склопени брачни врски нема ниту една која вродила со вистинска среќа, ниту една која го заслужува Божјото одбрување и Неговиот благослов и која ги довела сопружниците во поповолна положба, за со својот живот да служат на слава на Бога. Лошите последици од таквите несреќни бракови се безбројни. Таквите бракови најчесто се склопуваат под влијание на неконтролирани емоции. За ова толку сериозно прашање ретко се размислува совесно, а уште поретко отворено се зборува со постарите и поискусните, бидејќи тоа се смета за старомодно. {4C 503.3}

Наместо чиста љубов, во срцето владеат само страсти и моментални емоции. Влегувајќи во брачна врска само за да ги задоволат своите желби, многумина ја изложуваат на опасност својата душа и го навлекуваат на себе Божјото проклетство. Покажани ми се случаи на поединци кои тврдат дека веруваат во вистината, но направиле голема грешка стапувајќи во брак со неверните. Таквите обично се надеваат дека неверната страна подоцна ќе ја прифати вистината; меѓутоа, кога неверниот партнер ќе ја оствари својата цел, тој е подалеку од вистината отколку што бил пред тоа. Тогаш непријателот го продолжува своето подло делување вложувајќи крајни напори да го одвои од вистината и оној кој во срцето сè уште верува. {4C 504.1}

Многумина денес губат интерес и доверба во вистината затоа што стапиле во брачна врска со неверните. Во таков брак тие постојано вдишуваат атмосфера на сомневање, нагаѓања и неверувања. Тие постојано гледаат и слушаат само неверство, така што на крај и самите тоа го прифаќаат. Некои имаат храброст извесно време да се спротивстават на влијанијата на неверната страна; меѓутоа, во повеќето случаи верата незабележливо се поткопува и конечно станува уништена. Така сатаната успева во

својата намера. Преку своите агенти тој работи толку подло и незабележливо, така што бариерите на верата и вистината се отстранети пред оние кои некогаш биле верници додека тие и не забележуваат колку се оддалечиле од вистината. {4C 504.2}

Многу е опасно да се стапи во брачна врска со неверници. Сатаната добро знае дека оној момент кога момче или девојка од Божјиот народ стапуваат во таков брак, за многумина од нив претставува последна страница на нивното верско искуство и нивната корисност. На тој начин многумина се засекогаш загубени за Христа. Тие можат извесно време да се обидуваат да живеат христијански живот, но постојаното влијание од спротивната страна ги уништува сите нивни напори. Да зборуваат со задоволство за својата христијанска надеж за нив некогаш било вистинска предност, но сега тоа веќе и не го спомнуваат, знаејќи дека нивниот брачен сопатник, со кој ја поврзале својата животна судбина, тоа воопшто не го интересира. Како краен исход, верата во драгоцената вистина изумира во нивното срце, додека сатаната подло плете околу нив мрежа на сомневање и неверство. {4C 504.3}

Претерувањето и во она што со закон не е забрането претставува тежок грев. Оние кои ја исповедаат вистината ја престапуваат Божјата волја стапувајќи во брачни врски со неверници; тие го губат Неговото одобрување и преземаат чекор поради кој горко ќе се каат. Неверната страна може да има одлични карактерни особини; но самиот факт дека (тој или таа) не се одзива на Божјите барања и ја отфрла големата понуда на спасение е доволна причина таквата врска да не се прифати. Карактерот на неверниот партнер може да биде сличен на карактерот на она момче на кое Христос му ги упатил зборовите: „Уште едно ти недостига". А тоа „едно" е она што е неопходно. {4C 505.1}

Како изговор често се наведува дека идниот неверен партнер е наклонет на верата и дека ги има сите особини на добар брачен другар, со исклучок на една - не е член на нашата црква. Иако здравиот разум не му препорачува на верникот да стапи во доживотна врска со неверна личност, сепак во деведесет од сто случаи емоциите го надвладуваат разумот. Духовното опаѓање започнува оној момент кога ќе се положи заклетва пред олтарот. Ревнувањето за верата опаѓа, а духовните утврдувања се рушат едно по друго, додека на крај не застанат рамо до рамо под црното знаме на сатаната. Уште на самата свадбена свеченост духот на световност триумфира над совеста, верата и вистината. Во новиот дом нема време за часови на молитва. Младоженецот и невестата си се доволни еден на друг и за Исуса повеќе нема место. {4C 505.2}

Во почетокот на заедничкиот живот, неверната страна можеби нема веднаш да покаже знаци на некое спротивставување; но штом ќе се поведе збор за библиските вистини и вниманието ќе се насочи на тоа, чувствата почнуваат да се будат и неверниот партнер нагласува: „Ти стапи во брак со мене знаејќи кој сум и каков сум и не сакам да ме вознемируваш. Од денес, знај дека разговор за твоите посебни сфаќања и погледи не може да има!" Доколку верната страна би покажала некое посебно ревнување за својата вера, тоа на неверниот сопружник, кој за христијанството нема никаков интерес, може да изгледа како укажување невнимание кон него, па дури и како дрскост. {4C 505.3}

Затоа верната страна заклучува дека во првите денови на бракот мора нешто и да му попушти на животниот сопатник кој самата го избрала. Тие заедно ги посетуваат местата за забави и друштвен живот на овој свет. На почетокот, верната страна со незадоволство учествува во сето тоа, но интересот за вистината со текот на времето сè повеќе слабее во нејзината душа и на крајот во неа наместо вера, преовладува сомнеж и неверство. Никој не би можел ниту да помисли дека личноста која некогаш била толку

совесна и постојана во верата и така верен Христов следбеник некогаш ќе почне да се сомнева и да се колеба. О, каква промена поради толку неразумно стапување во брак! {4C 506.1}

Како треба да постапи секој христијанин кога ќе се најде во мачната положба која претставува проверка за цврстината на неговите верски начела? Со цврстина достојна за почит, тој отворено треба да каже: „Јас сум совесен христијанин. Верувам дека саботата е библиски ден за одмор. Мојата и твојата вера, моите и твоите начела не можат да се ускладат. Ние во заедничкиот живот не би можеле да бидеме среќни; зашто додека јас - со желба совршено да ја запознаам Божјата волја - станувам сè посличен на Христа, а сè помалку на овој свет, а ти -продолжувајќи во Христа и во вистината да не наоѓаш никаква привлечност - сè повеќе ќе го сакаш овој свет кој јас не можам да го сакам, додека пак јас ќе ја сакам побожноста која ти не можеш да ја сакаш. Духовните поими духовно се разгледуваат. Без духовно расудување ти нема да можеш да сфатиш: што Бог бара од мене ниту моите должности и обврски кон Учителот кому Му служам: затоа ќе сметаш дека те запоставувам поради своите верски должности. Ќе бидеш несреќна и љубоморна што својата љубов и чувства му ги подарувам на Бога и на тој начин јас ќе бидам потполно осамен во својот верски живот. Додека ти не ги промениш своите сфаќања, додека не бидеш во срцето подготвена да се одзовеш на Божјите барања и да Го љубиш мојот Спасител, нашата врска не може да се обнови”. {4C 506.2}

На тој начин верната страна поради Христа поднесува една жртва која ја одобрува нејзината совест и со која покажува дека вечниот живот за неа е премногу голема вредност за да може тоа да го ризикува поради било што во овој живот. Таа смета дека е подобро никогаш да не стапи во брачна врска отколку за цел живот да се поврзе со личност која повеќе го сака овој свет отколку Исуса и која би ја навела да го отфрли Христовиот крст. Но многумина не сфаќаат колку е опасно да се подари својата љубов на неверниците. Во мислите на младите, бракот обично е завиткан со романтика и многу е тешко да се симне од него тој волшебен превез со кој го обвиткува фантазијата и да им се предочат реално тешките одговорности кои брачниот завет ги донесува со себе. Тој завет ја поврзува судбината на двете личности со такви врски кои ништо не би смеело да ги раскине до самата смрт. {4C 506.3}

Зар верникот кој копнее по слава, чест и бесмртност на идниот живот да стапи во брачна заедница со некој кој нема да се придружи на Христовите следбеници и да појде со Него земајќи го крстот? Зар некој од вас кои тврдите дека сте го избрале Христа за свој Учител и сте одлучиле во сè да Му бидете послушни Нему, би ги обединиле своите животни интереси со некој кој е под власт на кнезот на темнината? „Ќе одат ли двајца заедно ако не се слагаат?” „Ако двајца од вас се согласат околу нешто , што и да побараат, ќе им даде небесниот Татко Кој е на небесата”. Но колку е тоа чудна глетка! Додека еден од двајцата споени со најтесна врска на бракот Му се моли на Бога, другиот останува потполно рамнодушен и безгрижен; додека еден копнее за патот на вечниот живот, другиот се наоѓа на широкиот пат кој води во смрт. {4C 507.1}

Стапувајќи во брачна врска со необратени личности стотици од нив го жртвувале Христа и своето спасение. Зар за нив Христовата љубов и заедништвото со Него се од толкава мала вредност, така што повеќе го бираат друштвото на несреќни смртници? Зар тие толку малку го ценат небото, така што доброволно ги ризикуваат неговите неминливи блаженства и радости поради некој кој не Го љуби драгиот Спасител? {4C 507.2}

Среќата и успехот во брачниот живот зависат од единството и слогата на сопружниците. Како телесниот начин на размислување може да се усклади со размислувањето на оној кој е обединет со Христа? Еден од сопружниците сее за телото, мисли и работи во склад со побудите на сопственото срце; другиот сее за Духот, трудејќи се да ја потисне себичноста, да ги победи склоностите и желбите на телото и да живее во послушност на Господа за чиј слуга се прикажува. Така меѓу нив постои постојана спротивност и разлика во вкусот, склоностите и целите. Доколку верната страна со своето цврсто држење на начелата сепак не успее да го придобие својот неверен другар, таа, како што најчесто се случува, ќе биде обесхрабрена и ќе ги жртвува своите верски начела поради својот несреќен сопатник во животот кој нема никаква врска со небото. {4C 507.3}

На Својот народ од дамнешни времиња Бог строго му забранил да стапува во мешани брачни врски со други народи. Денес многумина застапуваат мислење дека целта на оваа забрана било спречување на брачни и семејни врски помеѓу Евреите и идолопоклоничките незнабошци. Меѓутоа, незнабошците од тоа време биле во многу поповолна положба отколку непокајаните престапници на Божјиот закон во нашите денови кои, иако имаат толкава светлина на вистината, упорно одбиваат да ја прифатат. Денешниот грешник е поголем виновник од незнабошците, бидејќи светлината на евангелието со полн сјај блеска околу него. Тој ја гази својата совест и станува непријател на Бога со предумисла. Причината која Бог ја наведува во забранувањето на ваквите бракови, буквално гласи: „Зашто тие ќе ги одвратат синовите твои, за да им служат на други богови". Секој поединец во времето на старозаветниот Израел кој би се осмелил да ја погази оваа Божја забрана, на тој начин ги жртвувал начелата на својата вера. Исклучителен пример на такво однесување претставува Соломоновиот случај. Неговото срце го одвратиле од Бога токму неговите жени. {4C 508.1}

---

47. ГОСПОДОВИТЕ СИРОМАСИ

Покажано ми е дека нашите членови кои живеат надвор од Батл Крик не знаат да ги ценат грижите и товарите на одговорноста на оние кои работат во овој центар на делото. Тие дозволуваат членовите на црквата кои не се во можност сами себеси да се издржуваат да доаѓаат во Батл Крик, сметајќи дека можат да добијат вработување во нашите овдешни установи. Тие пропуштаат прво да се информираат има ли изгледи и можности за нивно вработување; туку сами се наметнуваат на црквата, сметајќи притоа дека и многу други, иако излишни, се вработени само затоа што се во слична материјална состојба како и тие. Одговорните ги примаат од сожалување и ги држат на работа не затоа што се корисни за установата, туку само затоа што се наоѓаат во тешка положба. {4C 508.2}

Во Батл Крик има семејства и поединци кои помагале во основањето и одржувањето на тие установи, на кои исто така им е потребно вработување, а тоа и го заслужуваат, но сепак не можат да бидат применети затоа што други од страна би биле позагрозени од нив доколку не се вработат. Тоа ја оптоварува црквата, а одговорните во овие установи ги доведува во непријатна положба, бидејќи не е лесно да се постапи мудро во сите такви случаи, никој да не биде навреден и на секого да му се излезе во

пресрет. Во желба да им помогнат на најзагрозените и вработувајќи луѓе со слабо здравје на кое не можеме да се потпреме, нашите установи работат со загуба. Ако наместо такви, се земени способни и продуктивни работници, Божјото дело би можело да биде поштедено од големи загуби. {4C 509.1

Членовите на црквата во секое место се должни да водат грижа за сиромашните од своето опкружување. Но многумина себично се задоволуваат со тоа своите сиромашни да ги испратат во Батл Крик, за да не мораат тие да се грижат за нив. Црквата во Батл Крик секоја година троши сто до петстотини долари за помагање на сиромашните и болните, чии семејства би морале да оскудеваат кога не би била оваа милосрдна помош. На Бога не би му било по волја кога оваа црква би дозволила на сиромашните од нејзините редови да им недостигаат животните потреби; од тие причини од сите кои живеат во овој центар на делото постојано се бараат посебни прилози. {4C 509.2}

Членовите на поедини цркви би морале сиромашните од своите редови да ги задржат во своите домови, па дури и да ги вратат оние кои веќе очекуваат помош од црквата во Батл Крик. Тие би можеле да направат многу повеќе за сиромашните од своите редови кога би им нашле работа, помагајќи им на тој начин самите себе да си помогнат. Би било многу подобро на таквите да им дадете најобична работа, отколку да ги испраќате во центарот на Божјото дело, оптоварувајќи ги нашите институции со тие непродуктивни работници. За работата во Батл Крик се потребни само мажи и жени кои се образовани и просветени, духовно, умно и физички силни, подготвени да го носат товарот на грижите и одговорностите, навикнати да мислат само со својот мозок, а не во сè да се потпираат на другите. Сметате ли дека е препорачливо, браќа мои, во одговорните институции да се натрупуваат луѓе кои не се во состојба сами да се издржуваат ниту во најобичните земни работи? {4C 509.3}

Има млади кои треба да се поучат како да ги користат своите способности и знаења токму тука каде што се наоѓаат. Тоа не е пријатна должност, но секоја црква е одговорна за своите членови; и на таквите кои на село не се во состојба да живеат од својата работа никако не треба да им се дозволува да заминуваат во Батл Крик. Браќата на село имаат сопствен имот и не мора да ги купуваат животните артикли; затоа е многу полесно сиромашните да се издржуваат на село каде што храната е поевтина отколку да се испраќаат во Батл Крик, каде што мораат постојано да се помагаат со пари од благајната кои се наменети за потребите на црквата и на нејзините институции. Животот во градот, каде што сè мора да се купи, е значително поскап, и затоа грижата за сиромашните тука претставува голем издаток. Браќа и сестри во помалите цркви, ако Бог ви дал задача да се грижите за Неговите сиромаси, да ги тешите скршените по дух, да ги посетувате болните и да им давате на оние кои имаат потреба, не бидете толку „великодушни" и сите благослови кои произлегуваат од тоа да ги препуштите на црквата во Батл Крик. Право на благословите кои Бог ги ветува на оние кои се грижат за сиромашните и сочувствуваат со оние кои страдаат, имате и вие. {4C 510.1}

Треба да се основа добротворен фонд за потребите на сиромашните на кои сепак мора да им се дозволи да дојдат во Батл Крик. Санаториумот секоја година издвојува илјадници долари за лекување на пациентите кои се толку сиромашни што не можат да го платат лекувањето; но кој го цени тој голем товар кој го носи оваа установа? Сепак не треба да се дозволи ниту еден член чие име е запишано во книгите на црквата со години да страда од некоја болест, ако неколку месеци поминати во санаториумот би му донеле олеснување и би му пружиле драгоцено искуствено спознавање: како во случај на болест да си помогне и себеси и на другите. Грижата за болните од своите

редови и за достојните сиромаси секоја црква треба да ги смета за своја христијанска должност. {4C 510.2}

Кога на едно достојно Божје дете ќе му затреба помош од санаториумот, а може да подмири само мал дел од своите трошоци, неговата матична црква со благороден чин на дарежливост нека му го исплати преостанатиот долг. Некои можеби не се во можност да даваат ниту најмало учество во плаќањето на своето лекување; не дозволувајте таквите да страдаат поради вашата себичност. Испратете ги во санаториум, но испратете ја со нив и својата гаранција дека ќе ги подмирите трошоците за нивното лекување. Правејќи така, ќе заслужите голем благослов. Одржувањето на ваква институција како што е санаториумот бара многу средства и затоа не може да се очекува таа бесплатно да ги лекува сиромашните. Кога би можел да се надополни износот кој оваа институција го потрошила на бесплатно лекување на сиромашните и загрозените, би се направил голем чекор во отстранување на нејзините сегашни материјални тешкотии. {4C 510.3}

Браќа, не ја префрлајте на институциите во Батл Крик грижата за сиромашните и загрозените од своите редови, туку благородно прифатете ја својата должност. Откажете се од нешто во својот дом и во своето облекување, и така издвојте одредена сума за потребите на сиромашните. Износот на вашиот десеток и дарови на благодарност нека не биде поради тоа помал, туку тоа додајте го како посебен прилог. Бог нема намера средствата за помош на сиромашните да ги испраќа од небото како дожд, бидејќи Своите добра и во таа цел ги ставил во рацете на Своите повереници на Земјата. Тие треба да Го препознаат Христа во лицето на Неговите светии. Сето она што ќе го направат за Неговите деца страдалници го прават всушност за Него, бидејќи Тој ги поистоветува Своите интереси со интересите на оние кои страдаат на овој свет. {4C 511.1}

Бог ги повикува младите да се откажат од непотребно украсување и парите кои ќе ги заштедат на тој начин, макар тоа да бидат и само неколку денари, да ги стават во кутија за добротворни цели. Исто така, Тој ги повикува и возрасните кога ќе сакаат да си купат златен часовник или ланец, или некој скап дел од мебел, да се запрашаат: дали е исправно да се дадат толку пари за нешто без што се може, кога и поевтина работа може исто така да послужи? Откажувајќи се од себе и земајќи го крстот поради Христа, Кој поради нас станал сиромав, можете да направите многу за сиромашните во својата средина; и угледувајќи се така на примерот на својот Господ и Учител, ќе го примите Неговото одобрување и Неговиот благослов. {4C 511.2}

---

48. БОЖЈОТО ДЕЛО ВО БАТЛ КРИК

Многумина кои доаѓаат во Батл Крик не го прават тоа со намера да понесат товар на одговорност, ниту затоа што им е грижа за напредокот на овдешното дело, туку поради своите лични интереси. Тие посакуваат за себе да обезбедат предности кои им ги нудат овдешните наши институции, а притоа да немаат никакви лични одговорности. {4C 511.3}

Некои кои во Батл Крик дошле уште порано со намера да дојдат до поповолна положба за стекнување на лична корист, сносат вина за себично, па дури и измамничко

однесување кон браќата кои доаѓаат од други места. Ако некому би припаѓала предноста да оствари некоја добивка, тогаш на прво место тоа се нашите установи, а не таквите поединци кои не придонеле за подигање на тие институции и кои себично се грижат за своите лични интереси. Многумина кои доаѓаат во Батл Крик не претставуваат во верски поглед никаква помош за делото. Тие во срцето се слични на Корej, Датан и Авирон; и само кога би им се укажала поволна прилика, тие би се угледале на примерот на тие безбожници. Својата нечесност во деловните трансакции тие можат да ја сокријат пред очите на своите браќа, но Бог гледа и знае сè што прават тие и на крајот ќе наплати секому според неговите дела. {4C 512.1}

Некои кои одамна се наоѓаат во Батл Крик и кои би требало да се однесуваат како одговорни луѓе, заземаат одговорни положби само по име. Тие се поставени за чувари на нашите установи; но со својот начин на однесување тие покажуваат дека за тие институции не чувствуваат никаков посебен интерес ниту се залагаат за нив. Во своите мисли тие се сконцентрирани само на себе. Судејќи според нивните дела, ни се наметнува заклучокот дека тие своите сили ги сметаат премногу драгоцени за да ги посветат на тие божествени орудија, освен ако од тоа не можат да извлечат некоја лична земна добивка. Тие не ја чуваат тврдината, не затоа што не се во состојба да прават, туку што себично се грижат само за себе и што самите себеси задоволно се успиваат во колевката на телесната сигурност. {4C 512.2}

Луѓето чии цели и смисла на животот се единствено личната корист и угодувањето на себе не би смееле да останат на толку важни положби. Тие немаат никакви права за тоа, бидејќи претставуваат пречка за Божјото дело. Оние кои ги занемаруваат Господовите сиромаси, не чувствуваат товар на одговорност за вдовиците и сирачињата, и не се залагаат непристрасно за правда и еднаквост помеѓу човекот и човекот, го запоставуваат Христа во лицето на Неговите светии, бидејќи она што не го знаат, тие и не настојуваат да го дознаат. Тие не прифаќаат никаков товар на одговорност ниту вложуваат било какви напори за правдата и вистината. Ако во овој голем центар на Божјото дело не вложат најгрижливи напори за да се заштитат интересите на истото, во црквата ќе дојде до иста таква изопаченост како и во другите верски заедници. {4C 512.3}

Сите кои живеат во Батл Крик страшно ќе одговараат пред Бога ако го трпат гревот на некој брат. Загрижувачки е фактот дека рамнодушноста, дремката и потполната нечувствителност во духовен поглед претставуваат обележје на луѓето на одговорни положби и дека горделивоста и запоставувањето на опомените на Божјиот Дух сè повеќе земаат замав. Се рушат оградите кои Бог во Својата реч ги подигнал околу Својот народ. Луѓето на кои им е познато како Бог го водел Својот народ во минатото, наместо да „прашуваат за старите патеки" и да застануваат во одбрана на нашата положба како посебен и избран народ, сè повеќе се поврзуваат со светот. Најмногу вознемирува фактот дека гласот на опомена, укор и сесрдно преколнување сè помалку се слуша. Очите на Божјиот народ како да се заслепени, додека црквата како да е гонета со некоја сила, па сè повеќе оди по патот на овој свет. {4C 513.1}

Бог не сака луѓето кои треба да ги чуваат интересите на црквата и на нејзините институции да бидат со толку дрвени срца, туку бара живи, делотворни луѓе - луѓе способни и остроумни, чии очи се ширум отворени, а срцето е приемчиво за влијанието на Неговиот Дух. Тој ги смета потполно одговорни луѓето кои се задолжени за чување на Неговото дело во Батл Крик. {4C 513.2}

Во Батл Крик има поединци кои дадените опомени и укори никогаш не ги прифатиле во потполност. Тие продолжуваат по патот кој самите го избрале. Тие дури, во поголема или помала мера, застануваат против оние кои имаат смелост да ја бранат правдата и да го осудат злото. Влијанието на таквите над поединците кои ги примаат како потстанари е многу негативно. Тие во срцето на тие новодојдени верници внесуваат сомнежи во поглед на Сведоштвата на Божјиот Дух. Тие погрешно ги толкуваат Сведоштвата; и наместо своите потстанари да ги учат да Му се посветат на Бога и да го слушаат гласот на црквата, тие ги поттикнуваат да бидат независни и да не се осврнуваат на мислењето и судот на другите. Своето влијание таквите го шират постојано и скриено. Некои не се ни свесни за штетата што ја нанесуваат, но бидејќи и самите се непросветени, горделиви и бунтовнички настроени, тие наведуваат и други на погрешен пат. Тие непосветени луѓе оддишуваат со отровна атмосфера. Крвта на душите кои ги завеле се наоѓа на облеките на таквите и Христос на денот на конечната пресметка ќе им каже: „Отстапете од Мене сите кои творите направда”. Тие ќе бидат вчудовидени; но нивниот таканаречен христијански живот всушност бил само лага и измама. {4C 513.3}

Кога сите во Батл Крик би живееле според светлината која Бог им ја дал, кога совесно би ги чувале интересите на црквата и би ја сфатиле вредноста на душите за кои Христос умрел, таму би се чувствувало сосем поинакво влијание. Но ние гледаме дека овде во голема мера се повторува искуството на Израелевите синови. Додека стоеле под Синајската гора, слушајќи го Божјиот глас, биле под толку силно влијание за Неговата света присутност што повлекувајќи се во страв, повикале кон Мојсеј: „Зборувај и ќе те слушаме, а нека не ни зборува Бог за да не умреме”. Тука под Синај тие направиле свечен завет дека ќе Му бидат послушни на Бога; но штотуку стивнале грмотевиците, трубите и застрашувачкиот одек на Божјиот глас, тие заборавиле на својот завет и почнале да се поклонуваат пред обични идоли. Густиот облак, со кој целата гора била обвиткана, го засолнил нивниот водач од нивните очи, додека разговарал со Бога. {4C 514.1}

Како Мојсеев најблизок соработник, кому му била доверена светата одговорност да води грижа за Израелците, Арон го слушнал нивното мрморење што ги напуштил Мојсеј и ја слушнал нивната јавно изразена желба да се вратат во Египет, но сепак, од страв да не ги навреди, кукавички молчел. Тој не стоел бестрашно на Божја страна, туку, за да му угоди на народот, се согласил да се направи златно теле, како во тоа воопшто да не гледал почеток на злото. Штом биле изговорени првите бунтовници зборови, Арон можел тоа енергично да го спречи; но тој толку се плашел да не ги навреди престапниците, така што делумно се согласил со нив и на крајот се согласил да се направи златно теле и сите да му се поклонуваат. {4C 514.2}

Проповедниците како будни стражари први морале да го воочат злото и да го предупредат народот. Тие мораат постојано да им укажуваат на членовите на опасностите што им се закануваат. „Карај”, му нагласил апостолот на својот млад соработник Тимотеј, „укори, поттикнувај со долготрпение и учење”. {4C 515.1}

Во Батл Крик се склопувани брачни врски со кои Бог нема ништо заедничко. Во некои случаи во брачна врска се споени личности кои воопшто не одговараат една на друга, а во други, тие врски се склопувани предвремено. Христос нè предупредил дека пред Неговото второ доаѓање таквите појави ќе зачестат. Тоа претставува еден од знаците на последните денови. Слична состојба во светот била и пред потопот. Човечкиот ум бил потполно маѓепсан со размислување само за женидба и мажачка.

Кога знаеме дека постојат толкави неизвесности и толку големи опасности, нема причина за време на свадбената свеченост да приредуваме толку големи паради и раскош, дури и кога брачните страни потполно одговараат една на друга, што дури подоцна ќе се покаже. {4C 515.2}

Кога оние кои тврдат дека се реформатори и дека живеат со понизен живот ја поддржуваат модата и обичаите на богатите на овој свет, тоа нанесува срам на нашата вера. На некои од таквите, Бог им упатувал зборови на опомена; но дали тоа ги запрело? Не; тие покажуваат дека не се плашат од Бога, бидејќи се потполно маѓепсани од сатанската сила. Охрабрувајќи ги тие заслепени поединци да постапуваат по сопствено убедување, и многумина од Батл Крик ја неутрализираат својата корисност и го губат Божјото одобрување. {4C 515.3}

Бог сака луѓето да ја облагородуваат и развиваат силата на својот карактер. Оние кои се верни само под извесни околности не се оние кои на крајот ќе примат пофалба и богата награда. Бог сака оние кои работат во Неговото дело да бидат остроумни и луѓе со здраво расудување. Тие треба да бидат умерени во јадењето; богата и раскошна храна никогаш не треба да се најде на нивната трпеза. Кога мозокот постојано се оптоварува, а недостасува соодветно физичко движење, тогаш и едноставната и здрава храна треба да се зема поумерено. За својата бистрина на умот, цврстината во намерата и интелектуалната способност во стекнување на знаење, Даниел во голема мера требало да биде благодарен на едноставноста на својата исхрана и на постојаната поврзаност со Бога во молитва. {4C 515.4}

Првосвештеникот Илија бил добар човек, побожен и човек со морални побуди, но премногу попустлив. Тој се изложил на Божјото негодување затоа што не се трудел да ги зајакне слабите црти на својот карактер. Тој не сакал да повреди било чии чувства и немал морална храброст да го укори и осуди гревот. Синовите му биле неморални и лоши луѓе, но тој сепак не ги отстранил од нивните истакнати положби. Со таквото свое однесување тие го срамеле Божјиот дом. Знаејќи за тоа, тој искрено тагувал, бидејќи со сето срце бил за чистота и правда; но немал доволно морална сила да се спротивстави на злото. Копнеејќи за мир и хармонија, станувал сè повеќе нечувствителен кон нечистотијата, беззаконието и злосторството. Така големиот Бог морал да ја преземе работата во Свои раце. Кога бил укорен преку едно дете, примил укор, сметајќи дека тоа во потполност го заслужил. Не покажувал никаква омраза кон Самоил како Божји гласник, туку и понатаму го сакал, осудувајќи се само себеси. {4C 516.1}

Потонати во грев, Илиевите синови и двајцата загинале во битка. Веста за нивното загинување тој ја поднел, но кога слушнал дека Божјиот ковчег е заробен, тоа не можел да го поднесе. Сфаќајќи дека со својот пропуст - да се залага за правда и да го спречи злото - конечно го лишил израелскиот народ од Неговата моќ и слава, мртовечко бледило го обзело неговото лице, така што „Илија паднал од столот, го скршил вратот и умрел”. {4C 516.2}

Каква поука ова содржи за родителите, воспитувачите на младите и проповедниците во Божјата служба! Кога одговорните луѓе нема да го искоренат постоечкото зло, затоа што се незаинтересирани и немарни да ги вложат сите свои сили и во сесрдно настојување да го очистат семејството или Божјата црква, тие ќе бидат одговорни не само за постоечкото зло, туку и за сите зла кои можат да произлезат од тоа што ја занемариле својата должност. За злата кои сме можеле да ги искореними со укор, опомена и примена на родителски или проповеднички авторитет, а не сме го

направиле тоа, ќе бидеме одговорни пред Бога како и самите тоа да сме го направиле. {4C 516.3}

Како првосвештеник, Илија бил должен во сузбивање на злото прво да се обиде со поблаги мерки; но ако тоа не би дало резултати, би требало да преземе и најостри мерки. Угледот и честа на Божјото дело мораме да ги чуваме како светилиште, дури и ако поради тоа би морале да се одвоиме и од најблиските роднини. Еден недостаток во карактерот на оние кои инаку се талентирани и способни може да ја доведе во прашање нивната корисност во овој живот и да бидат причина Христос на денот на судот и ним да им ги упати зборовите: „Отстапете од Мене сите кои творите неправда". {4C 517.1}

За првосвештеникот Илија може да се каже дека бил благороден, љубезен и благ, вистински заинтересиран за Божјата служба и за напредок на Неговото дело и човек со сесрдна молитва. Никогаш не се спротивставувал на Божјата реч. Но сериозно му недостигала цврстина на карактерот и одлучност да го осуди гревот и праведно да го казни престапникот; поради тоа Бог не можел да се потпре на него да го одржи чист израелскиот народ. На својата вера тој не ѝ додавал особини на храброст и сила одлучно, во вистински момент и на вистинско место да каже: „Не". Гревот е грев, а правдата е само правда. На трубата мора да и се даде сосем јасен и одреден звук. Ние живееме во време на страшна безбожност. И ако на секоја одговорна положба не бидат луѓе со широко отворени очи, служењето на Бога ќе се изроди во обична форма. Денес не е време било кој себично да гледа само на своите лични интереси. Ниту за еден збор кој Бог го изговорил, не смее да се дозволи да падне на земја - да не му се посвети соодветно внимание. {4C 517.2}

Поедини членови во Батл Крик, иако декларативно веруваат во Сведоштвата, практично ги фрлаат под нозе. Многу се малубројни оние кои тие книги ги читаат со интерес, а уште помалку оние кои живеат според нив. Во служењето на Бога сè повеќе се вовлекува попуштање на себе, горделивост, мода и фалење. Бог бара одлучни и делотворни луѓе, луѓе кои нема да можат да гледаат како се подигаат идоли и внесуваат гнасотии, а да не го подигнат својот глас како труба, укажувајќи му на народот на неговите беззаконија и на Јаковвиот дом за неговите гревови. {4C 517.3}

На самиот почеток на Својата служба како судија во Израел - иако млад - Самоил на сеопштиот собор во Миспа го повикал народот на длабоко каење пред Бога во пост и молитва. Најсвечено им го пренел сериозното сведоштво од Божјите усни; и тие почнале да увидуваат во што се наоѓа нивната сила. Го преколнувале Самоил да не престанува да го моли Бога за нив, бидејќи ги опколиле непријателите со намера да ги уништат; но Бог ги услишил Самоиловите молитви и Тој се борел со нив, така што победата била на страната на Израел. {4C 517.4}

Така во Батл Крик би требало да се изврши едно големо дело. Многу должности се занемарени и значајни доверби се изневерени. Дошле луѓе кои не придонесуваат за угледот и силата на делото, туку постојано работат само на тоа скромните средства кои други ги собрале да ги преземат во свои раце, и на тој начин ја крадат Божјата ризница. Вродената себичност на нивното срце доаѓа до израз секаде каде што ќе им се укаже поволна прилика да профитираат на сметка на другите. Така постапувајќи, паѓале сè подлабоко, сè додека потполно не се спуштиле на нивото на световност, и денес во начинот на постапување речиси не се разликуваат од останатиот свет. {4C 518.1}

Нашите членови во Батл Крик имаат поголеми одговорности отколку оние кои живеат во други места. Сите оние кои ќе одлучат да се доселат ваму, не треба тоа да го

прават од корист и себични побуди, туку имајќи ја пред очите само славата на Божјото име. Тие таму мораат да бидат подготвени да го понесат товарот на одговорност секогаш кога тоа ќе се побара од нив, и самопожртвувано да ги помагаат установите кои се подигнати тука со Божје одобрување. Оние кои не се подготвени на такви напори и жртви треба да одат таму каде што не ги очекуваат толкави големи и тешки одговорности. На оваа значајна сцена, каде што толку многу зависи од личните напори, секој мора најодлучно да придонесува свој дел, внимавајќи будно Господовото дело да не изгуби ниту една душа. Многумина не успеваат да достигнат евангелски критериум затоа што себично ги гледаат само своите лични интереси, а ги занемаруваат дадените можности да бидат благослов за своите ближни. Христос не сака неработници во Своето лозје. Тој од секој очекува да работи и за овој живот и за вечноста. {4C 518.2}

---

49. УСОВРШУВАЊЕ НА СПОСОБНОСТИТЕ

Божја намера е усовршувањето на личните способности да биде животна задача на секој Христов следбеник и сите тие во тоа да се раководат од правилното искуство. Вистински човек е оној кој е подготвен да ги жртвува своите лични интереси за добро на другите и кој од искуство знае како треба да ги превива раните на оние кои се со скршено срце. Многумина, кои штотуку почнале да ја сфаќаат вистинската цел на животот, сè што е реално и суштински битно во животот, жртвуваат поради своите омилени заблуди. {4C 519.1}

Светот ги признава Нерон и Цезар за великани; меѓутоа, дали Бог ги смета такви? Не; тие не биле со жива вера поврзани со големото Срце на хуманост и човекољубие. Тие живееле во светот, јаделе, пиеле и спиеле како и сите останати луѓе на светот; но според својата свирепост биле сатанисти. Секаде каде што ќе поминеле, како чудовишта на светот, нивните чекори ги следеле крвопролевање и уништување. Додека живееле, светот морал да ги слави; но кога биле погребани, светот се радувал. Во голема спротивност со животот на овие луѓе бил животот на Мартин Лутер. Тој не бил роден како принц ниту носел царска круна. Неговиот глас се слушнал од ќелијата на еден манастир и оттаму се ширело неговото влијание. Со благородно срце кое делувало за добро на другите, тој храбро и смело се залагал за вистина и правда и одлучно истапил против целиот свет за да го направи големото дело за своите ближни. {4C 519.2}

Човекот, според божественото мерило, не го прават она што тој треба да биде само неговите интелектуални способности. Ако е посветен и воден од влијанието на Божјиот Дух, умот е сила многу посупериорна од богатството и од физичката и материјалната моќ, но сепак мора да облагородува за да го направи човекот она што тој треба да биде. Правото на поединецот навистина да биде човек го одредува тој самиот со правилна употреба на своите интелектуални способности. Бајрон, големиот англиски поет, бил човек со голем ум и длабоки мисли, но неговиот живот не одговарал на божествениот критериум. Оддавајќи се неконтролирано на своите огнени страсти, тој бил сатански агент. Целиот свој живот сеел семе кое донело жетва на изопаченост. Со своето животно дело тој го спуштал мерилото на вистината сè пониско. Иако светот го цени и издигнува како голем и славен човек, Господ сепак не го признава како таков туку само

како престапник кој ги злоупотребил своите од Бога дадени таленти. Големиот скептик Гибон, како и многу други кои Бог ги надарил со силен ум во настојувањето да ја изопачат вистината и да ги уништат душите, се сместуваат под неговото црно знаме. Големиот ум, кога ќе се стави во служба на непријателот, станува вистинско проклетство не само за оној кој го поседува туку и за сите кои паѓаат под неговото влијание. {4C 519.3}

Вистински благослов за човечкиот род донесува само духовниот живот. Ако човекот е навистина во хармонија со Бога, тој секогаш и во сè ќе се чувствува зависен од Него. „Бидете совршени", вели Христос, „како што е совршен вашиот небесен Татко". Животна задача на христијанинот е постојано да копнее по усовршување на својот христијански карактер, настојувајќи во сè да се покорува на Божјата волја. Усовршувањето започнато на земјата ќе продолжи и во вечноста. Бог од човекот очекува сè повеќе да се издигнува и облагородува и ако тој се издигне до своето од Бога дадено достоинство, ќе стане посреќен во овој живот и поподготвен за слава и вечна награда во идниот живот. {4C 520.1}

Членовите на човечкото семејство со право можат да се наречат мажи и жени само доколку своите таленти на секој начин ги употребат за добро на другите. Христовиот живот ни служи како пример и човекот тесно соработува со Бога само ако, слично на ангелите, сочувствително ги ублажува неволите и страдањата на другите. Суштината на христијанството е токму во тоа да ги направи среќни и семејствата и општеството во целина. Сите оние кои поседуваат прав Христов Дух ќе ја отфрлат секоја неслога, себичност и кавга. {4C 520.2}

Оние кои станале соучесници во Христовата љубов немаат право на било која начин да ги ограничуваат своите напори насочени кон доброто на човечкиот род. Дали Христос се изморил во Своите напори на спасување на изгубените? Во своите напори во Божјото дело треба да бидеме одлучни и истрајни; и секогаш ќе имаме што да работиме сè додека Господ не нареди своето оружје да го положиме покрај Неговите нозе. Бог е наш Владетел во морален поглед и ние мораме, покорувајќи се на Неговата волја, да бидеме подготвени радосно и без одложување да појдеме на својата должност во секое време и секаде каде што за тоа ќе се укаже потреба. {4C 520.3}

Ангелите се ангажирани ден и ноќ во Божјата служба на подигање и облагородување на човекот во склад со планот на спасението. Од човекот се бара својата највозвишена љубов и внимание да Му ги посвети на Бога, да Го љуби со сето срце, сиот ум и сета своја сила, а ближниот како самиот себе. Тој не може тоа да го оствари сè додека во потполност не се откаже од самиот себе. „Ако некој сака да оди по Мене", вели Христос, „нека се откаже од себе, нека го земе својот крст и нека врви по Мене". {4C 521.1}

Да се откаже од себе значи страстите кои копнеат да загосподарат да се потчинат на власта на умот; значи да се спротивставиме на искушението на критикување и осудување на другите; да се има трпение со непослушните деца кои нè растажуваат со своите постапки; да се остане на својата должност и кога другите ќе попуштат во тоа; да ја преземете на себе одговорноста секогаш кога ќе можете, не поради аплауз или лична корист, туку поради Учителот Кој ни го доверил делото да го продолжиме со непоколеблива верност; тоа значи дека кога ќе ви се укаже можност да се издигнете и фалите себеси, тоа понизно да им го препуштите на другите. Самооткажувањето значи да се дава предност на другите, наспроти својата природна склоност за лично задоволство и угодување на себе. Иако вашите ближни можеби никогаш нема да знаат

да ги ценат вашите напори ниту да ве пофалат за тоа, сепак настојувајте да истраете во тоа. {4C 521.2}

Внимателно преиспитувајте се себеси и ќе видите дали вистината која сте ја прифатиле станала ваше цврсто начело. Дали Христос останува во вас и кога ќе го напуштите местото на својата тајна молитва? Дали со вера ја чувате вратата на своите усни? Дали во вашето срце има сочувство и љубов и кон оние кои не се членови на вашето семејство? Дали ревно настојувате што подобро да ги сфатите вистините на Светите Списи, за вашите запалени светилки да светлат и на другите? Одговорите на овие прашања можете да ги дадете во своите души. Вашите зборови нека бидат зачинети со благодат и својата христијанска возвишеност покажете ја со своето однесување. {4C 521.3}

Отпочна една нова година. Што е запишано во небесните книги за вашиот христијански живот? Ве повикувам најсесрдно и без одложување во потполност да Му се предадете на Бога. Дали срцето и чувствата ви биле поделени? Предадете ги сега во потполност на Господа. Вашиот живот во годината што претстои нека се разликува од минатогодишниот. Понизете се во својата душа пред Бога. „Блазе на човекот кој ќе издржи во искушението; зашто кога ќе биде искушан, ќе го прими венецот на животот, кој Бог им го вети на оние кои Го љубат". Отфрлете го секое преправање и секоја извештаченост. Бидете едноставни и природни. Бидете вистинити во секоја мисла, во секој збор и секоја постапка и „со братска љубов бидете еден кон друг љубезни. Со чест правете го другиот поголем". Секогаш имајте на ум дека моралната природа мора постојано да се зацврстува со постојана будност и молитва. Сè додека својот поглед го насочувате кон Христа, ќе бидете сигурни; но оној момент кога ќе почнете да мислите на своите жртви и тешкотии, кога ќе почнете да се сожалувате самите себеси, вие ја губите својата поддршка во Бога и се изложувате на голема опасност. {4C 521.4}

Многумина го ограничуваат божественото провидение издвојувајќи ја милоста и љубовта од Неговиот карактер. Тие сметаат дека на Бога, во Неговата возвишеност и величество му е под чест да се интересира за грижите и слабостите на своите созданија. Но Христос вели: „Не се продаваат ли две врапчиња за еден денар? Па ниту еден од нив не може да падне на земјата без знаење на вашиот небесен Татко. А вам ви е косата на главата избројана. Не плашете се, вие сте повредни од многу врапчиња". {4C 522.1}

На оние чиј ум се занимава со работите од големо значење, тешко им паѓа своето внимание да го посветат и на помалку важни прашања. Но зар не би требало да мислиме и за тоа? Човекот создаден според Божје обличје треба да посвети внимание и на поголемите и на помалите одговорности. Обземен со грижи за потфатите од огромна важност, би можел да ги запостави упатствата кои се толку потребни за Неговите деца; сметајќи го тоа за ситна животна должност, додека тоа всушност претставува темел на човечкото општество. Среќата на семејството и црквата зависи од домашното влијание. Од правилното и совесно извршување на должностите во овој живот зависат вечните интереси. На светот не му се толку потребни луѓе со голем ум, колку добри и побожни луѓе кои ќе претставуваат благослов за своето семејство. {4C 522.2}

50. БОЖЈИ СЛУГИ

Бог го избрал Аврам за Свој гласник за да ја пренесува примената светлина на жителите на светот во свое време. Нему му е упатена Божјата реч не ветувајќи му никакви ласкави изгледи во овој живот, како што се: голема плата, углед во општеството и чест во овој свет. Божјата порака упатена на Аврам гласела: „Оди од својата земја и од својот род и од домот на својот татко во земјата што јас ќе ти ја покажам". Во беспрекорна послушност, патријархот тргнал „не знаејќи каде оди", за да ја носи Божјата светлина и на земјата да го чува Неговото име од заборав. Го напуштил својот роден крај, својот дом, своите роднини и сите драги спомени од својата младост за да стане патник во минување, доселеник и странец. {4C 523.1}

Често е многу битно оние кои се повикани да ја сфатат неопходноста од раскинување на своите поранешни врски, за да оние кои треба да зборуваат „наместо Христа" бидат во положба каде што Бог може да ги воспитува и квалификува за Неговото големо дело. Роднините и пријателите често пати вршат влијание за кое Бог смета дека тоа би било во голема спротивност со упатствата кои Тој има намера да им ги даде на Своите слуги. Со своите сугестии оние кои не се во тесна поврзаност со небото, ќе ги одвратат Божјите слуги од нивната света должност да бидат светлина на светот, доколку тие им обрнат внимание. {4C 523.2}

За да може да го употреби во Својата служба, Аврам морал да се ослободи од својата дотогашна поврзаност со роднините и пријателите, за да не паѓа под нивно влијание и за да не се потпира на човечка помош. И бидејќи потполно се посветил на Бога, овој човек во иднина морал да живее меѓу туѓинци. По својот посебен карактер морал да се разликува од сите останати луѓе. Своите постапки и однесување не можел секогаш да ги објасни дури ниту на своите роднини и пријатели, бидејќи тие биле идолопоклоници. Прашањата од областа на духовниот живот можат да ги сфатат само оние кои се духовни; затоа неговите побуди и неговите постапки ја надминувале моќта на сфаќање на неговите роднини и пријатели. {4C 523.3}

Аврамовата безусловна послушност претставува еден од најистакнатите примери на вера и доверба во Бога кои можат да се најдат во светите записи на Библијата. Само врз основа на ветувањата дека Ханан ќе му припадне на неговото потомство, без никакви надворешни докази, тој одел таму каде што Бог го пратил, покорувајќи се искрено и потполно на Неговите услови и цврсто осведочен дека Господ во потполност ќе го одржи даденият збор. Патријархот подготвено ја прифаќал секоја од Бога одредена должност; бестрашно поминувал низ пустини и заминувал меѓу идолопоклонички народи со една единствена мисла: „Бог рече; јас го слушам Неговиот глас; Тој ќе ме води и штити". {4C 524.1}

Токму таква доверба каква што имал Аврам им и е потребна и на денешните Божји гласници. Но многумина кои Господ би можел да ги употреби не се подготвени да појдат покорувајќи се само на еден глас и слушајќи го без оглед на сè што зборуваат другите. Роднинските и пријателските врски, поранешните обичаи и општеството премногу често имаат силно влијание на Божјите слуги така да Тој може да им даде само малку поуки, само ограничено да им ги открие Своите намери. Поради тоа, по извесно време Тој ги остава таквите и наместо нив повикува други, кои исто така ги

проверува на ист начин. За Своите слуги Господ би направил многу повеќе, кога тие во потполност би се посветиле на Него, ценејќи ја Неговата служба како поважна од сите роднински врски и секое земно друштво. {4C 524.2}

Проповедниците на евангелието имаат света должност. Тие имаат за светот порака со најсериозна опомена - порака која треба да биде животен мирис за живот или смртен мирис за смрт. Тие се Божји гласници испратени на човечкиот род, и затоа никогаш не смеат да ја изгубат од вид својата мисија и своите одговорности. Тие не се исто што и луѓето од овој свет, ниту смеат да бидат како нив. Ако сакаат да бидат верни на Бога, должни се да ја сочуваат својата посебност, своето свето обележје. Ако престанат да одржуваат постојана врска со небото, ќе се најдат во поголема опасност отколку останатите, бидејќи нивното влијание во погрешен правец може да биде исклучително силно. Сатаната постојано го вперува својот поглед во нив, чекајќи да покажат некоја слабост со помош на која би можел што поуспешно да ги изведува своите напади. Колку тој ликува кога ќе постигне успех; бидејќи ако Христовите пратеници не се доволни будни, големиот противник со сигурност држи во своја власт многу души. {4C 524.3}

Оние кои се тесно поврзани со Бога можат да ги следат чести неуспеси во земниот живот; тие можат да бидат болно испитани и горко натажени. Јосиф бил наклеветен и свирепо фрлен во затворот само затоа што цврсто се држел за своите доблести и честитост. Давид, тој Божји избраник, безбожните непријатели го прогонувале толку немилосрдно како што див ѕвер го прогонува својот плен. Поради својата верност и непоколеблива верност на Бога, Даниел бил фрлен во лавовска јама. Јов бил лишен од сè што имал на овој свет, а потоа и заболел од толку страшна болест што од него се гаделе и роднините и пријателите, а сепак не престанал да се држи за својата честитост и својата верност кон Бога. Пренесувајќи го само она што Бог му го ставил во уста и изнесувајќи го јасно своето сведоштво, Еремија толку го разбеснил царот и кнезовите, така што го фрлиле во одвратна јама со кал. Стефан го каменувале само затоа што бестрашно го проповедал Христа и тоа распнатиот. Павле повеќе пати бил затворен, свирепо мачен, каменуван и конечно погубен затоа што останал верен Божји гласник во објавувањето на евангелието на незнабошците. Љубениот Јован бил прогонет на пуст остров „поради Божјата реч и сведоштвото на Исуса Христа”. {4C 525.1}

Овие примери на човечка цврстина и постојаност во сила на божествената моќ, сведочат на светот за вистинитоста на Божјите ветувања - за Неговото постојано присуство и закрепнувачката сила на Неговата благодат. Ако на овие понизни луѓе се гледа од ставот на овој свет, тогаш не е можно да се сфати нивната морална вредност пред Бога. Да се потпреме мирно на Бога и во најмрачните часови - во колкава и страшна бура на искушенија и неволи да се наоѓа човекот, да се чувствува дека раката на небесниот Татко е секогаш на кормилото - тоа е дело на верата. Само окото на верата, гледајќи над земните минливости, може да ја процени вредноста на вечното и неминливото богатство. {4C 525.2}

Големите војсководачи кои освојуваат царства и претставуваат страв и трепет за армиите на овој свет, често умираат разочарани и во прогонство. Филозофите кои исполнуваат вселенски пространства, наидувајќи секаде на очевидни докази за Божјата сила и восхитувајќи се на нивниот склад, често не успеваат во тие чудесни творби да ја видат раката на Оној Кој сето тоа го создал. „Човекот кој има чест, а не е разумен, е како стоката што ја носат на колење”. Никаква надеж на величествената бесмртност не ја осветлува иднината на Божјите непријатели. Но хероите на верата имаат ветување дека

ќе добијат наследство подрагоцено од секое земно богатство - наследство кое ќе ги задоволи копнежите на душата. Тие можеби се непознати и непризнати во овој свет, но во небесните книги се запишани како граѓани на небесното царство. Возвишената големина, вечниот живот и неминливата слава ќе бидат конечна награда за оние кои Бог ќе ги направи наследници на сè. {4C 526.1}

Проповедниците на евангелието треба да ги направат божествените вистини предмет на своето проучување, размислување и разговор. Постојаното размислување за она што Бог како Своја волја му го открил на човекот, го прави посилен умот на истражувачот. Оние кои Божјата

реч ја читаат и проучуваат со сесрдна желба за божествено просветлување, без разлика дали се проповедници или не, набргу во Светите списи ќе ја откријат убавината и складот кои ќе го привлечат нивното внимание, издигнувајќи ги нивните мисли, давајќи им вдахновение и сила на аргументите кои ќе имаат сила да ги осведочуваат и обраќаат душите. {4C 526.2}

Постои опасност проповедниците кои тврдат дека веруваат во сегашната вистина да се задоволат само со изложувањето на теоријата, додека во својата душа не ја чувствуваат нејзината посветувачка сила. На некои им недостига Божјата љубов во срцето која би ја ублажила нивната природа, би го обликувала и облагородила нивниот живот. За побожниот човек, псалмистот вели: „Туку му омиле Господовиот закон и за Неговиот закон размислува ден и ноќ". Повикувајќи се на своето лично искуство, тој заклучува: „Колку го љубам Твојот закон! Постојано размислувам за него". „Очите мои ги престигнуваат ноќните стражи, за да размислувам за Твојата реч". {4C 526.3}

Сè додека преобразувачкото влијание на божествената вистина не го почувствува во сопствената душа, човекот не е квалификуван да застане зад светата проповедална. Само тогаш, и дури тогаш, тој може со поука и пример правилно да го претставува Христовиот живот. Меѓутоа, многумина во својата работа повеќе се издигнуваат и истакнуваат себеси отколку својот Учител и народот се обраќа кон проповедникот наместо кон Христа. {4C 526.4}

Многу сум загрижена и тажна знаејќи дека некои кои ја проповедаат сегашната вистина всушност не се обратени луѓе. Тие не се поврзани со Бога. Тие ја имаат религијата само во главата, но во срцето се потполно необратени; и токму таквите најмногу се склони кон самодоверба и вообразеност, што ги спречува да стекнат искуство толку неопходно за да станат делотворни работници во Господовото лозје. О, кога би можела да ги пробудам оние кои тврдат дека се стражари на ѕидовите на Сион да ја сфатат својата одговорност! Тие треба да се пробудат и во својата служба на Бога да заземат многу поодлучен став, бидејќи поради нивната немарност душите пропаѓаат. Тие мораат ревно да се посветат на Бога, што ќе ги наведе да гледаат онака како што гледа Бог и со зборови на опомена кои доаѓаат од Него, како труба за узбуна, да ги предупредат оние на кои им се заканува опасност. Господ никогаш не ја крие Својата вистина од верниот и совесен стражар. Оние кои сакаат да ја творат Божјата волја ќе го препознаат Неговото учење. „Разумните ќе разберат" додека „безбожниците ќе работат безбожно, и ниту еден безбожник нема да разбере". {4C 527.1}

На Своите ученици Исус им рекол: „Научете се од Мене; зашто Јас сум кроток и понизен во срцето". Сите оние кои ја прифатиле должноста на учител најсесрдно ги повикувам прво да станат понизни ученици и како учениците во Христовото училиште секогаш да бидат подготвени да примаат поуки од Големиот Учител за кротоста и

понизноста на срцето. Понизноста на духот комбинирана со ревно делување ќе вроди во спасување на души кои се толку скапо откупени со Христовата крв. Проповедникот може да ја сфати теоријата на вистината, да поверува во неа и вешто да им ја проповеда на другите; но тоа не е сѐ што се бара од него. „Верата без дела е мртва". Нему му е неопходна онаа вера која работи преку љубовта и ја чисти душата. Живата вера во Христа ја доведува секоја постапка во животот и секоја емоција во хармонија со Божјата вистина и со Неговата правда. {4C 527.2}

Мрзоволноста, издигнувањето на самиот себеси, горделивоста, страста и секоја друга особина неслична на карактерот на Оној Кој е наш свет пример мора да се победат: и тогаш понизноста, кротоста и искрената благодарност кон Исуса за Неговото големо дело на спасение постојано ќе извира од чистиот извор на препороденото срце. Христовиот глас треба да се слушне во пораката која доаѓа од усните на Неговиот пратеник. {4C 527.3}

Ние мораме да имаме обратени проповедници. Напорите на вистински обратениот проповедник ќе ги прати успех и сила од кои ќе затреперат лицемерите и грешниците во Сион ќе се исплашат. Знамето на вистината и светоста се влече во прав. Кога оние кои звучно ги објавуваат сериозните опомени за ова време би ја увиделе својата одговорност кон Бога, би сфатиле колку им е неопходна сесрдна молитва. Додека жителите на градовите и селата мирно спиеле со полноќен сон, кога веќе секој се повлекол во својот дом поради одмор, Христос, нашиот Пример - заминувал на Маслинската гора и тука под дрвјата цела ноќ поминувал во молитва. И самиот Тој Кој бил без никаква дамка од гревот - ризница на Божјите благослови; чиј глас на небесната смиреност го слушнале исплашените ученици над разбранетите бранови на езерото во четвртата ноќна стража, чии зборови подигале мртви од гробовите - се молел осамен со болни воздишки и солзи. Тој тогаш не се молел за Себе туку за оние поради чие спасение дошол на светот. Станувајќи понизен молител, барајќи од Татковите раце нова сила и освежување, и враќајќи се од молитвата освежен и зацврснат како човекова замена, Тој се поистоветил со страдалниците пружајќи им личен пример за неопходноста од молитва. {4C 528.1}

Неговата природа била без ниту една дамка од гревот. Како Син човечки, Тој му се молел на Таткото, покажувајќи со тоа дека на човечката природа ѝ е неопходна божествена помош која човекот може да ја добие за да закрепне за својата должност и да се подготви за искушението. Како Кнез на животот, Тој успешно се залагал кај Бога за Својот народ. Тој Спасител, Кој тогаш се молел за оние кои не чувствувале потреба за молитва и плачел за оние кои не чувствувале потреба за солзи и сега пред престолот ги прима и ги пренесува на Таткото молитвите на оние за кои се молел додека бил на Земјата. И ние треба да се угледаме на Христовиот пример. Во работата на спасување на души молитвата секогаш ни е неопходна. Само Бог може да направи семето кое го сееме да никне и да донесе род. {4C 528.2}

Ние често во својата работа доживуваме неуспех затоа што не сфаќаме дека Христос со Својот Дух е со нас исто така како и кога во деновите на Своето понижување видливо одел по Земјата. Поминувањето на времето не изменило ништо во Неговото ветување кое го дал на апостолите при Своето вознесување на небо: „И еве Јас сум со вас во сите дни до крајот на светот". Тој одредил, со применот авторитет од првите учители на христијанската вера, проповедањето за Христа и тоа распнатиот постојано да продолжува. Големиот Учител за таа служба ги овластил Своите слуги кои „го имаат

ова богатство во земјени садови”. Тој раководи со работата на Своите пратеници ако тие од Него бараат и очекуваат упатство и водство. {4C 529.1}

Проповедниците кои навистина се вистински Христови претставници секогаш ќе бидат луѓе на молитва. Со сесрдност и вера која не дозволува да се одбие, тие Му се молат на Бога за сила неопходна во должностите и неволите кои им претстојат и да ги очисти нивните усни со жив јаглен од олтарот, за Неговите зборови да можат беспрекорно да се пренесуваат. „Господ, Бог ми даде учен јазик за да можам да проговорам прав збор на уморниот; го буди секое утро, ми ги буди ушите да слушам како учениците”. {4C 529.2}

Христос му рекол на Петар: „Симоне, Симоне, еве сатаната ве бара за да ве расее како пченица. Но јас се молев за тебе твојата вера да не престане”. Кој може да ги процени резултатите на Христовите молитви во својство на Откупител и Спасител на светот? Кога Христос, гледајќи го трудот на Својата душа, конечно ќе биде задоволен, дури тогаш ќе се види и во потполност ќе се сфати значењето и вредноста на Неговите сесрдни молитви упатувани во времето кога Неговото божество било облечено со човечка природа. {4C 529.3}

Исус се молел не само за Петар, туку и за сите Свои ученици: „Татко, сакам и оние кои ми ги даде да бидат со Мене таму каде што сум и Јас”. Продирајќи со Својот поглед низ темната завеса на иднината, Тој ја читал животната историја на секој Адамов син и ќерка. Тој го чувствувал товарот и болката на секоја од искушение нападната душа, и затоа со Својата сесрдна молитва ги опфатил не само учениците кои тогаш живееле, туку и сите Свои следбеници до крајот на времето. „Не молам само за нив”, нагласил Тој, „туку и за оние кои ќе поверуваат во Мене поради нивните зборови”. Да, со таа Христова молитва сме опфатени дури и ние. Секогаш нека нè бодри и нека нè теши мислата дека на небото имаме Голем Застапник кој ги изнесува нашите молитви пред Бога. „Ако некој згреши”, вели љубениот ученик, „имаме застапник кај Таткото, Исуса Христа праведниот”. Во моментот на најголема потреба и неволја, кога обесхрабреноста ќе ја совлада душата, будното Христово око ќе види дека ни е потребна Неговата помош. Времето кога човекот е во неволја и кога му е најпотребна помош, за Бога е вистинска шанса да му ја укаже неопходната помош. Кога секоја човечка помош и поддршка ќе изостане, доаѓа Исус да ни помогне и со Своето присуство Тој ги растерува облаците на темнина и потиштеност. {4C 529.4}

Во Својот мал чамец на брегот на Галилејското море, сред разбеснетите бранови и злобната темнина, учениците вложувале крајни напори да стигнат до брегот, но сите нивни напори останале потполно безуспешни. И кога веќе биле потполно обземени со очај, го здогледале Исуса како чекори по површината на пенливите бранови. Бидејќи не можеле веднаш да Го препознаат, се уплашиле уште повеќе мислејќи дека тоа е некое привидување, се додека Неговиот глас: „Не плашете се, Јас сум, не плашете се”, не го растерал нивниот страв и им донел надеж и радост. И тогаш колку волно овие преморени ученици престанале со своите напори и се потпреле во потполност на својот Учител! {4C 530.1}

Овој необичен настан впечатливо го илустрира искуството на Христовите следбеници. Колку често и ние се напрегаме и весламе сами, како сè да можеме со својата сила и со својата мудрост, додека не се осведочиме дека нашите напори се потполно напразни. И дури тогаш, со затреперени раце и потполно исцрпени, сè доверуваме во Христови раце, признавајќи дека сами не сме во состојба да ја остариме својата цел. Нашиот сочувствителен Откупител има многу разбирање и

милост кон нашите слабости; и со задоволство го зема нашиот товар и со леснотија го извршува она што нам ни изгледало толку тешко и речиси неостварливо. {4C 530.2}

Историјата на Божјиот народ од библиското минато ни пружа многу охрабрувачки примери за силата на молитвата. Кога Амаликијците го нападнале израелскиот табор во пустината, Мојсеј знаел дека неговиот народ не е подготвен да се впушти во борба со нив. Го испратил Исус Навин со одреден број на војници да му се спротивстави на непријателот, додека тој сам, со Арон и Ор, зазел положба на еден рид од кој можело да се набљудува бојното поле. Тука овој Божји човек во својата молитва го изнел случајот пред Оној Кој единствено можел да им подари победа. Подигајќи ги своите раце кон небото, Мојсеј најсесрдно се молел за успех на израелската војска. И додека се гледало дека неговите раце се испружени кон небото, Израелците го потиснувале непријателот; но штом тој, заморен од таквата положба, би морал да ги спушти своите раце, победувале Амаликијците. Затоа Арон и Ор стоеле покрај Мојсеј држејќи ги неговите раце подигнати кон небото. Сè додека победата не била потполно на страна на Израел и додека непријателот не бил принуден да се повлече. {4C 530.3}

Овој пример претставува поука за сите кои се вбројуваат во новозаветниот Израел, и јасно зборува дека Бог е сила и одбрана на Својот народ. Израелците триумфално победувале додека Мојсеј ги држел своите раце издигнати кон небото и се молел за нив, а така и припадниците на духовниот Израел победуваат само затоа што семоќниот Спасител презел на Себе да ги штити нивните интереси и да се бори за нив. Мојсеј не барал од Господа ниту верувал дека Тој ќе ги победи нивните непријатели, а притоа Израелците ништо да не преземат од своја страна. Тој ги организирал израелските сили и ги испратил опремени со најдоброто што го имале во постоечката ситуација, а тогаш цел потфат го изнел пред Бога во молитва. Мојсеј Му се молел на Господа на ридот, додека Исус Навин долу со своите храбри војници направил сè што било во човечка моќ да ги одбие нападите на оние кои биле непријатели на Бога и на Неговиот народ. {4C 531.1}

Сесрдната и силна молитва која доаѓа од срце полно со вера има чудесна сила, таквата молитва значи навистина многу. Бог не одговара на нашите молитви секогаш онака како што ние тоа го очекуваме, бидејќи можеби не го бараме она што за нас би било најдобро; меѓутоа, во Својата бескрајна љубов и мудрост, Тој секогаш ќе ни го даде она што во тој момент ни е најпотребно. Среќен е оној проповедник кој ги има своите верни Арон и Ор да го крепат и јакнат кога ќе му се закани опасност да му се скрши духот, и неговите раце да бидат издигнати во вера и молитва. Таквата поддршка е голема помош на Христовиот слуга во неговата работа и често придонесува делото на вистината славно да триумфира. {4C 531.2}

Кога Израел ја престапил Божјата заповед и направил златно теле, Мојсеј во својата молитва и тогаш се залагал кај Бога за својот народ. Тој добро ги познавал оние кои биле доверени на неговата грижа, ја познавал изопаченоста на човечкото срце и бил длабоко свесен за тешкотиите со кои ќе мора да се бори. Но тој од искуство научил дека успешно може да влијае на својот народ само ако биде наоружан со сила добиена од Бога. Читајќи ја искреноста и несебичноста на побудите во срцето на Својот слуга, Господ се спуштил да зборува „лице в лице" со слабиот смртник, како што човек зборува со својот пријател. Заедно со својот товар кој го измачувал, Мојсеј се фрлил пред Бога и отворено ја излеал својата душа пред Него. Господ не го прекорил Својот слуга, туку се наведнал за да ја слушне неговата молитва. {4C 531.3}

Длабоко чувствувајќи ја својата недостојност и својата неспособност за делото на кое Бог го повикал, Мојсеј најсесрдно се молел Господ да оди пред нив. Одговорот уследил веднаш, „Моето лице ќе оди напред, и ќе ти дадам одмор". Но Мојсеј чувствувал дека во своето барање не може да застане на ова. Добил навистина многу, но сепак копнеел уште повеќе да Му се приближи на Бога, за уште подлабоко да се осведочи во Неговата постојана присутност. Тој носел тешко бреме на грижа и одговорност за Израелевите синови; болно страдал од грижа на совест кога тие грешеле, како сам да ја сноси вината за тоа; и сега душата му ја притискало чувството на страшните последици ако Бог ги препушти Израелците на необратеноста на нивните срца. Во својот бунт тие отишле толку далеку така што дури не би размислувале да го убијат Мојсеј и во својата избувливост и изопаченост набргу би станале лесен плен на своите непријатели, со што би се посрамило Божјото име пред незнабошците. Својата молба Мојсеј ја изнел со таква сесрдност и со таков жар, така што очекуваниот одговор уследил веднаш: „Ќе го направам и тоа што го кажа, бидејќи најде милост пред Мене и те знам по име". {4C 532.1}

По ова, ние навистина би очекувале пророкот да престане со своето залагање; но не, охрабрен од својот успех, тој се осмелува уште повеќе да се приближи до Бога во света блискост која речиси ги надминува границите на нашето сфаќање. Тој го бара токму она што ниту едно човечко суштество никогаш не го побарало. „Те молам, покажи ми ја Својата слава". Какво барање од еден обичен смртник! Но зар Бог го укорил за дрско пречекорување на дозволеното? Не; уследиле милостивите зборови: „Ќе направам сето Мое добро да помине покрај тебе". {4C 532.2}

Откриената Божја слава никој не можел ја види и да остане жив; сепак Мојсеј добил уверување дека од божествената слава ќе здогледа толку колку што е во состојба да издржи еден смртник. Раката која го создала светот, која ги одржува планините на нивното место, го зела овој човек од прав - но човек со силна вера - и милостиво го засолнила во пукнатината на една карпа додека сета Божја слава и Неговото добро поминувало покрај него. Треба ли тогаш да се чудиме што возвишената слава, која зрачи од присуството на Семоќниот, отсјајувала и од лицето на Мојсеј кога се вратил од гората, така што народот не можел да гледа во него? На него се гледал одраз на божествената слава, што го правело сличен на блескавите ангели околу Неговиот престол. {4C 533.1}

Ова искуство, а пред сè друго, сигурноста дека Бог ја слушнал и услишил неговата молитва и дека постојано ќе го следи со Своето присуство, било за Мојсеј подрагоцено отколку сета ученост стекната во Египет и сите негови достигнувања во воената доктрина. Никаква земна сила, вештина или ученост не можат да го заменат непосредното Божје присуство. Од Мојсеевото искуство гледаме дека тесното одржување на врска со Бога е предност која човекот може да ја има. За престапникот е навистина страшно да падне во рацете на живиот Бог. Но Мојсеј не се плашел така да му се приближи на Авторот на Законот кој со толку застрашувачко величество е објавен од Синајската гора, бидејќи неговата душа била во потполност во склад со волјата на Творецот. {4C 533.2}

Молитвата е отворање на срцата на Бога како на пријател. Окото на верата во молитва го препознава Бога во непосредна близина и молителот стекнува драгоцено осведочување за божествената љубов и грижа за него. Меѓутоа, зошто на многу молитви нема одговор? Псалмистот вели: „Кон Него повикав со своите усни и со јазикот свој Го прославив. Ако видов беззаконија во своето срце, не би ме услишил Господ".

Преку друг пророк, Господ ни дава ветување: „Ќе Ме барате и Ќе Ме најдете, кога ќе Ме побарате со цело срце”. За другите Тој вели „Зашто не Ме побаравте со сето свое срце”. Молитвите на таквите се само формалност, само служба со усни, која Господ не ја прима. {4C 533.3}

Молитвата која Натанаило ја упатил додека осамен клечел под смоквата, дошла од искрено срце и затоа била бргу услишена. Во одговор на таа молитва, Христос за него вели: „Еве вистински Израелец во кој нема лукавство”. Господ ги чита срцата на сите кои Му се молат и ги познава нивните побуди и цели. „Молитвата на праведните Му е угодна”. Тој никогаш не пропушта да ја слушне молитвата на оние кои, отворајќи го своето срце пред Него, не се издигнуваат себеси, туку искрено ја чувствуваат својата голема слабост и недостојност. {4C 534.1}

Потребата на душите е често сесрдна, силна и огнена молитва - молитва која доаѓа од длабочината на срцето - како што биле молитвите на вдахновените библиски писатели запишани во Псалмите: „Како што срната бара потоци, така мојата душа те бара Тебе, Боже”. „Копнеам за Твоите наредби и заповеди”. „Жеден сум за Твоето спасение, Господе”. „Гине мојата душа сакајќи во Господовите дворови; моето срце и моето тело сака кај живиот Бог”. „Изнемошти мојата душа сакајќи да ги познае Твоите судови”. {4C 534.2}

Во својата молитва кон Бога, Даниел не се издигнува себеси ниту на било кој начин полага право на Неговата добрина: „Господе, услиши, Господе, прости, Господе, внимавај и направи”. Тоа апостол Јаков го нарекува сесрдна молитва на праведник, која може многу да помогне. За Христа е запишано: „Знаејќи дека Му наближува часот, се молеше уште посесрдно”. Во каква спротивност е ова преколнување на небесното Височество со безживотните и формални молитви кои често Му се упатуваат на Бога? Многумина се задоволуваат со формална „служба на усните”, но многу малку се оние кои во молитва сесрдно и силно го излеваат копнежот на својата душа за Бога. {4C 534.3}

Во разговор со Бога - во молитва - душата стекнува внатрешно спознавање на Неговата волја. Но многумина кои ја исповедаат верата не знаат што е вистинско обратување. Тие немаат никакво искуство во општењето со Таткото преку Исуса Христа и никогаш не ја почувствувале силата на божествената благодат која го посветува срцето. Тие се молат и грешат, грешат и се молат и нивниот живот е полн со злоба, измама, завист, љубомора и самољубие. Молитвите на таквите му се одвратни на Бога. Молитвата ја ангажира енергијата на душите и делува поттикнувачки на животните стремежи. Оној која така ги изнесува своите желби и потреби пред Бога ја чувствува ништожноста на сè друго под небото. „Господе, пред Тебе се сите мои желби”, вели псалмистот, „и моето дишење не е скриено од Тебе”, „жедна е мојата душа за Бога, живиот Бог; Кога ќе дојдам и ќе се покажам пред Божјото лице?” „Душата моја се пролева кога ќе се опоменам од тоа”. {4C 534.4}

Бидејќи нашиот број се зголемува, мораме да поставиме насоки за да одговориме на барањата и потребите на времето; но ние не ги увидуваме посебните потреби за зголемување на сесрдната побожност, христијанската едноставност и ревна предаденост. Членовите на црквата изгледа се задоволуваат само со првите чекори во обратувањето. Тие повеќе се склони на активни напори отколку на скромен живот со вистинска побожност - повеќе се посветуваат на надворешните верски служби отколку на внатрешната промена на срцето. Поради сè поголема забрзаност се занемарува побожното размислување и молитва. Религијата мора да отпочне со ослободување на срцето од сè што е несвето и нечисто и да се одржува со секојдневна молитва. {4C 535.1}

Постојаниот напредок на нашето дело и сè поповолните можности за работа, ги исполнуваат срцата на многумина во нашиот народ со задоволство и горделивост, што многу нè загрижува и се заканува да го заземе местото на Божјата љубов и душа. Претежното занимавање исклучиво со механичкиот дел дури и во Божјото дело, може до таа мерка да ги обземе нашите мисли и сето наше внимание, така што ќе ја занемариме молитвата; и самоизвишувањето и задоволството од својата состојба - особини кои се толку склони на луѓето - можат да го заземат местото на вистинската побожност, кротост и понизност на срцето. Можат да се слушнат ревносни изјави: „Господова црква, Господова црква е ова" и „Ајде со мене, и види ја мојата ревност за Господа!" Но каде се оние кои се подготвени да го понесат бремето на одговорност? Каде се татковците и мајките во Израел? Каде се оние кои во срцето чувствуваат товар и грижа за душите кои во сочувство им приоѓаат на своите ближни, подготвени на секоја жртва и откажување за да ги спасат од вечна пропаст? {4C 535.2}

„Не со сила ниту со крепост, туку со Мојот Дух, вели Господ Саваот". А Христос нагласува: „Вие сте светлина на светот". Колкава одговорност? Навистина е потребно во пост и сесрдна молитва длабоко да се понизиме пред Бога поради толкаво опаѓање на ревноста и исчезнувањето на духовноста меѓу нас. Љубовта на многумина оладила. Напорите на многу проповедници не се на висина на очекуваното. Кога во недостаток на Дух и Божја сила ќе влезат во нови полиња, некои од нив веднаш почнуваат да ги напаѓаат другите верски заедници, мислејќи дека своите слушатели ќе ги осведочат во вистината, укажувајќи им на недоследностите на популарните цркви. Во некои случаи можеби е неопходно да се зборува и за тоа, но со тоа најчесто само се продлабочуваат предрасудите против нашето дело и се затвораат душите на многумина кои инаку би ја слушале вистината. Кога тие учители би биле потесно поврзани со Христа, тие во божествена мудрост би знаеле како треба да им приоѓаат на луѓето. Така тие не би заборавиле брзо како темнината на заблудата, страстите и предрасудите и нив самите некогаш ги спречувале да ја прифатат вистината. {4C 535.3}

Кога тие учители би работеле во Христов Дух, резултатите од нивната работа би биле сосем поинакви. Во кротост и трпение, со многу внимание и љубов, но сепак одлучно и сесрдно, тие би настојувале на тие заблудени души да им укажат на распнатиот и воскреснат Спасител. Постапувајќи така, би виделе како Бог чудесно делува на срцата на луѓето. Големиот апостол вели: „Зашто ние сме Божји соработници". Каква задача за сиромашните смртници! За да можеме успешно да се бориме во „добра борба на верата" ние сме снабдени со сите духовни оружја, но некои од севкупното небесно наоружување користат само стрели на закани и осуда. До кога мора да постојат такви недостатоци? {4C 536.1}

Среде најголемиот пробуден интерес за верата, некои го занемаруваат најважниот дел од работата. Тие пропуштаат лично да се запознаат со заинтересираните кои редовно доаѓаат да го слушаат излагањето на Божјата реч и да ги посетуваат во нивниот дом. Преку разговор за верските прашања и сесрдна молитва во право време и на право место, многумина од таквите би можеле да се утврдат во правилно насочување. Проповедниците кои ја занемаруваат својата должност во овој поглед, не се вистински пастири на стадото. Токму во времето кога би требало да бидат најактивни во посетување, разговори и молитви со заинтересираните, некои од нив се занимаваат со пишување на долги писма на личностите потполно непристапни за вистината. О, што направивме за Учителот? Кога времето на милост ќе заврши, многумина ќе увидат колку поволни можности и прилики пропуштиле за да му послужат на својот драг

Учител Кој го дал Својот живот за нив. Дури и оние кои се сметаат најверни ќе увидат дека можеле да направат многу повеќе ако привлечностите на светот не ги одвратиле од тоа. {4C 536.2}

Ги повикуваме гласниците на Христовото евангелие: не дозволувајте никогаш да се обесхрабрите во својата работа, не сметајте никогаш дека и најзакоравениот грешник е надвор од дофатот на Божјата благодат. Оној кој ги обраќа срцата на луѓето како што ги свиткува планинските потоци може и најсебичната и од грев потполно затапена душа да ја наведе да Му се предаде на Христа. Зар за Бога нешто е претешко и невозможно? „Мојата реч", вели Тој, „нема да се врати кај Мене празна, туку ќе направи што ми е драго и ќе успее во она за што ќе ја испратам". {4C 537.1}

Своето одобрување и благослов Бог не може да им го даде на оние кои се себични, немарни и кои гледаат само да си угодат себеси - кои нема да преземат на себе никаков товар на одговорност во Неговото дело. Пофалбите „Добро извршено, добар и верен слуго", ќе бидат упатени само на оние кои правеле добро. Секој ќе биде награден „според своите дела". Нам ни се потребни делотоворни проповедници - луѓе кои во молитва се борат со Бога како Јаков, велејќи: „Нема да Те пуштам додека не ме благословиш". Во борбата за победничкиот венец мораме да се напрегаме со сите сили. Нема да бидеме спасени во неактивност. Да се биде невработен во Господовото лозје значи да се изгуби секое право за наградата на праведникот. {4C 537.2}

---

51. ПРЕДУПРЕДУВАЊА И ПОТТИКНУВАЊА

На дваесет и трети ноември 1879. година покажани ми се некои поединости во поглед на должностите и опасностите на оние кои заземаат одговорни положби во нашите установи. Видов дека тие луѓе се повикани како орудие во раце да извршат посебно дело и како такви треба да бидат водени и контролирани од Неговиот Дух. Тие се должни, одговарајќи на Божјите барања, никогаш да не мислат дека се свои и дека своите способности и дарови можат да ги користат по свое лично убедување. И покрај своите најдобри намери да постапуваат правилно, тие неизбежно ќе прават грешки доколку постојано не учат во Христовото училиште. Нивна единствена сигурност е секогаш понизно да се држат до Господовите патишта. {4C 537.3}

Опасности демнат на секој чекор и оној кој од сè ќе излезе како победник навистина ќе пее победнички песни во Божјиот град. Некои имаат силно изразени црти во својот карактер кои мораат постојано да се потиснуваат. Ако ги држат под контрола на Божјиот Дух, тие особини можат да послужат на благослов; во спротивно тие ќе се покажат како вистинско проклетство. Ако оние кои сега гордо пливаат на бранот на популарноста не ги фати вртоглавица тоа ќе биде само чудо на Божјата милост. Ако се потпираат на својата мудрост како што правеле многумина во слична ситуација, нивната мудрост ќе се покаже како лудост. Меѓутоа, ако несебично се посветат на Божјото дело, не застранувајќи ниту малку од начелата, Господ ќе ги земе под заштита на Својата вечна мишка и ќе се покаже како нивен моќен Откупител. „Оние кои ме почитуваат Мене и Јас ќе ги почитувам", вели Тој. {4C 538.1}

Ова е време полно со опасност за сите оние кои своите таленти би можеле мудро и успешно да ги употребат во Божјото дело; зашто сатаната постојано ги напаѓа таквите

со своите искушенија, настојувајќи да ги исполни со горделивост и славољубие; и кога Бог сака да ги употреби, многу често се случува да станат независни и вообразени, сметајќи се способни да стојат самостојно. Таа опасност ви се заканува и вам, браќа мои, ако вашиот живот не биде постојано живот на вера и молитва. Имајќи длабока и силна претстава за вечните и неминливи вредности, вие можете да чувствувате иста таква љубов кон човечкиот род каква што покажувал Христос во Својот живот. Тесната поврзаност со небото може да даде прав тон на вашата верност и да биде темел на вашите успеси. Вашето чувство на зависност од Бога ќе ве поттикнува на молитва, а чувството на должност ќе ве повикува на постојани напори. Молитви и напори, напори и молитва - тоа ќе биде ваша животна задача. Морате да се молите знаејќи дека благодарноста за успехот му ја должите само на Бога и да работите како да сте должни сè сами да направите. Ако ви недостига сила, можете да ја добиете; таа подготвено чека во подготовка, потребно е само да ја побарате. Само верувајте Му на Бога, држете Го за збор, работете со вера и благословот сигурно ќе дојде. {4C 538.2}

Генијалноста, логиката и ораторството во овој поглед не се доволни и малку значат. Бог ги прифаќа оние кои понизно и потполно се потпираат на Него и молитвите на таквите со задоволство се слушаат; а кога Бог помага, сите препреки можат да се совладаат. Колку луѓе со исклучителни способности и високи наобразби доживуваат неуспех на одговорните положби во животот, додека други интелектуално послаби и под неповолни околности остваруваат чудесни успеси. Тајната е во тоа што првите се потпираат на себе, додека другите се обединуваат со Оној Кој е „прекрасен во советот и има голема моќ” за да го оствари она што е Негова волја. {4C 539.1}

На некои, поради постојана зафатеност и неодложни работи, им е тешко да најдат време за побожно размислување и молитва; но тоа никако не би смееле да го пропуштат. Благословот од небото кој доаѓа како одговор на секојдневната молитва претставува за душата леб на животот, а на молителот му овозможува духовно и морално постојано да јакне и напредува, „како дрво насадено покрај поток, кое својот род го донесува во свое време и на кое листот не му венее”. {4C 539.2}

Некои сериозно грешат занемарувајќи го присуствувањето на јавните богослужениja. Предноста да присуствуваат на богослужениjата и за нив би било исто толку корисно и битно како и за другите. Тие можеби нема да бидат во можност секој пат да ги користат тие благодети како останатите. Лекарите често се повикани и во сабота да ги посетуваат болните, така што тоа се претвора за нив во ден на исцрпувачки напори. Меѓутоа, таквата работа со која се ублажуваат страдањата на болните е дело на милосрдие и според Христовите зборови, не претставува престап на саботата. Но оние кои и во сабота редовно се занимаваат со пишување или со некоја друга своја работа, не правејќи никаков исклучок, ѝ штетат на својата душа, даваат пример на кој никако не треба да се угледаме и не укажуваат должна почит кон Бога. {4C 539.3}

Некои не увидуваат колку всушност губат што не присуствуваат на верските состаноци, бидејќи на тој начин тие пропуштаат прилика нешто да кажат за Христа и за вистината. Пропуштајќи со совесно извршување на сите христијански должности и обврски духовно да јакнат, доаѓајќи во сè потесна и посвета врска со својот Откупител, моралната сила на ваквите сè повеќе ќе опаѓа. Доколку не го променат својот живот во овој поглед, нивната духовност неизбежно ќе исчезне. {4C 539.4}

На луѓето кои се вработени во нашите установи им се доверуваат значајни и одговорни должности. Тие се потребни на своите водечки места, но затоа не треба да мислат дека се незаменливи. Бог секогаш може и без нив, но тие не можат без Него.

Тие мораат сесрдно да се залагаат во работата секогаш да бидат сложни. За да можат чесно да ги извршуваат своите одговорни положби, сите мораат да ги чуваат финансиските интереси на институциите доверени на нивна грижа. Над сè, тие луѓе мораат строго да се чуваат да не ја гледаат само онаа гранка на делото која е доверена на нивна грижа, не водејќи сметка и за другите исто толку значајни гранки. {4C 540.1}

Браќа, вие сте во опасност да направите сериозни грешки во своите деловни потфати. Бог ве предупредува: бидете многу внимателни и не се однесувајте угнетувачки еден кон друг. Чувајте се строго од тактиката на измамничките стапици, бидејќи тоа нема да го издржи испитот на Божјиот суд. Остроумноста и точното водење на сметка се потребни, бидејќи имате работа со секакви луѓе; вие морате да ги чувате интересите на нашите установи или илјадници долари ќе отидат во рацете на нечесни луѓе. Но тие особини нека не станат владеечка сила во вашата работа. Под соодветна контрола, тие можат да бидат важни фактори во карактерот; и доколку Божјиот страв ви е постојано пред очите, а Неговата љубов во срцето, ќе бидете безбедни. {4C 540.2}

Подобро, многу подобро да се пропушти некоја можна добивка, отколку да се биде со лаком дух и тоа да стане закон на природа. Со големиот меч на вистината, ние сме одвоени од овој свет. Негативните црти на својот карактер ние самите често не сме во можност да ги увидиме, додека другите јасно ги забележуваат. Меѓутоа, времето и околностите сигурно ќе покажат какви сме и ќе го изнесат на светлина златото на карактерот или пак ќе разоткријат безвреден метал и троскот. На луѓето не им е дадено да го читаат срцето ниту можат да знаат и да видат какви сме, сè додека Бог не нè испита во вжарената печка на неволја. Секоја нечиста мисла, секоја погрешен постапка, открива некој недостаток во карактерот. Овие грубости мораат да бидат отстранети со примена на длето и чекан во големата Божја работилница, и така со Божја благодат мораме да бидеме подготвени за да заземеме соодветно место во величествениот Божји храм. {4C 540.3}

Овие браќа Бог може да ги направи подрагоцени од офирско злато, доколку бидат подготвени да се предадат во Неговите семоќни раце. Тие треба да бидат одлучни во настојувањето секоја способност и секоја можност која ќе им се пружи да ја искористат на најблагороден начин. Божјата реч треба да биде предмет на нивното постојано проучување и нивниот критериум во одлучувањето што е најдобро во секој случај. Христовиот беспрекорен карактер, како што е изложено во евангелието, тие треба да го проучуваат со најдлабок интерес. За нив е најважно да го сфатат фактот дека само побожноста му дава вистинска големина на човекот. Бог нека нè ослободи од филозофијата и мудрувањето на овој свет. За навистина да бидеме мудри, во очите на светот мораме да бидеме луди. {4C 541.1}

Најслабиот Христов следбеник е во сродство и сојуз со бесконечната сила. Во многу случаи Бог малку може да направи со високообразованите затоа што тие не чувствуваат потреба да учат од Него, Кој претставува извор на секоја мудрост; затоа Тој, по проверката, ги остава на страна и зема помалку талентирани луѓе, луѓе кои се подготвени во потполност да се потпрат на него, луѓе утврдени во побожност, вистина и непоколеблива предаденост, луѓе кои не се поведуваат по ништо што би можело да остави било каква дамка на совеста. {4C 541.2}

Браќа мои, ако со жива вера се поврзете со Бога, Тој ќе ве направи духовно силни луѓе. Ако пак, се потпирате само на својата сила и мудрост, сигурно ќе доживеете неуспех. На Бога не му е по волја што сте толку незаинтересирани за верска служба. Вие сте претставници на црквата и на нејзините институции и како такви имате поголемо

влијание отколку личностите на помалку истакнати положби. Секогаш треба ви биде на прво место Божјото царство и Неговата правда. Трудете се да бидете активни, заинтересирани работници на црквата, развивајќи ги своите верски способности и држејќи ги своите души во Божја љубов. Во тој поглед Господ има Свои оправдани барања во однос на вас, барања кои не можете лесно да ги занемарите; вие морате или да напредувате во благодатта или пак, да станете вистински џуџиња и инвалиди во духовен поглед. Вие имате не само предност туку и должност да изнесувате сведоштва за Христа секаде каде што ќе ви се укаже можност за тоа; вежбајќи го својот ум во тој правец, ќе развивате во себе љубов кон сè што е свето. {4C 541.3}

Ние сме во опасност да ги сметаме проповедниците како обични луѓе, не признавајќи ги како Христови претставници. Сите лични заклучоци, обѕири и побуди треба да ги отфрлиме; мораме да имаме на ум дека всушност ја слушаме Божјата реч преку Неговите пратеници. Христос секогаш испраќа Свои пораки на оние кои се подготвени да го слушаат Неговиот глас. Онаа ноќ кога нашиот Спасител ја преживувал Својата агонија во Гетсиманската градина, заспаните ученици не го слушнале Неговиот глас; тие имале само нејасна претстава за присуството на ангелот кој бил испратен да го утеши Христа во Неговите најтешки моменти, но поради поспаност и изненадени од славата од неочекуваната појава ја пропуштиле приликата да примат докази кои би ги зацврстиле нивните души за страшните настани кои им претстоеле. Исто така токму оние на кои божествената поука им е најпотребна често пропуштаат да ја примат затоа што не се вклучуваат во комуницирање со небото. Сатаната секогаш копнее на некој начин да влијае на човечкиот ум и да го задржи под своја контрола и никој од нас не е сигурен доколку не одржува постојана врска со Бога. Помошта што доаѓа од небото ни е потребна во секој момент; и ако сакаме да бидеме заштитени од Божјата сила, мораме да се покоруваме на сите Негови барања. {4C 542.1}

За да можете да донесувате духовен род, морате да бидете и да останете на живата Лоза. „Останете во мене, и Јас ќе бидам во вас”, вели Христос. „Како што прачките не можат да родат сами ако не останат на лозата, така и вие ако не останете во Мене. Јас сум лозата, а вие сте прачките. Кој останува во Мене и Јас во него, тој донесува род, бидејќи без Мене не можете да правите ништо. Кој не остане во Мене, ќе се исфрли надвор отсечен како лоза и ќе се исуши, и ќе ја соберат, ќе ја фрлат во оган и ќе ја запалат”. {4C 542.2}

Сите ваши добри намери и најдобри понуди нема да ве оспособат да се спротивставите на искушенијата. Морате да бидете луѓе од молитва. Вашите молитви нека не бидат несигурни, површни и повремени, туку сесрдни, постојани и истрајни. За да се молите, не е неопходно да бидете сами или секогаш да клекнете на колена, туку во душата можете да Му се обратите на Бога и да барате Негова помош и сила и во текот на својата работа; тоа ќе ви овозможи да бидете луѓе со возвишени и свети цели, луѓе со благородно држење и честитост, кои никакви обѕири нема да ги наведат да скршнат од патот на вистината и правдата. {4C 542.3}

Вие сте притиснати од голем товар на грижи, обврски и должности; но доколку е поголем притисокот, а бремето потешко, доколку ви е потребна божествена помош, Исус ќе биде ваш помошник. Вам постојано ви е потребна светлината на животот за да ја осветли вашата животна патека, и за да можете нејзините божествени зраци да ги пренесувате и на други. Божјото дело претставува совршена целина, бидејќи е совршено во сите свои делови. Совесното подарување на внимание и на она што светот го смета за безначајно, претставува вистинска убавина и успех во животот. Мали дела

на милосрдие, неколку зборови на љубезност, мали докази на самооткажување, мудрото искористување на скромните можности, грижливото усовршување на малуброjните таленти - тоа ги прави луѓето големи во Божјите очи. Кога верно и совесно ги извршувате и најситните животни должности, кога особините на благодат ви се во срцето и се множат, тоа ќе ве направи совршени и подготвени за секое добро дело. {4C 543.1}

Не е доволно само да се биде подготвен на финансиско помагање на Божјото дело. Тој бара безрезервно да Му ги посветиме сите сили на своето битие. Неподготвеноста да Му се предадете е најголема грешка во вашиот живот. Можеби сметате дека на положба каква што е вашата многу е тешко да се одржува тесна поврзаност со Бога; меѓутоа, ако ја пропуштите таа предност, вашата работа ќе биде десетпати потешка. Сатаната нема да престане да ве напаѓа со своите искушенија и победа ќе стекнете само преку Христа. Таа иста нескршлива волја која донесува успех во интелектуалните стремежи е важна и во христијанскиот живот. Ние мораме да бидеме Христови претставници во секој поглед. Во усовршување на христијанскиот карактер треба да бидете поенергични и поистрајни отколку во остварување на било која друга цел, колку што вечноста е позначајна од сè земно. {4C 543.2}

За да постигнете успех во христијанскиот живот секогаш морате да бидете одлучни во настојувањето да бидете луѓе по Божје срце. Господ сака со своето влијание во црквата и во светот да го издигнувате критериумот на христијанството. Христијанскиот карактер треба да биде обележан со таква цврстина на намерата и со толку нескршлива одлучност која не можат да ја променат ниту земјата ниту пеколот. Оној кој не е слеп за привлечностите и почестите на овој свет, кој не е бестрашен пред заканите и рамнодушен кон примамливите понуди, ќе подлегне на лукавствата на сатаната кога тоа ниту сам нема да го очекува. {4C 543.3}

Бог бара потполна посветеност и совршена предаденост и не прима ништо помалку од тоа. Доколку вашата положба е потешка и поодговорна, дотолку Исус ви е попотребен. Божјата љубов и страв го одржале Јосиф чист и неопоганет на царскиот дворец. Тој бил издигнат од затворската ќелија до највисоката положба, богатство и слава, така што според рангот бил прв до царот; и таа промена на подобро уследила не само брзо туку и ненадејно. А на голема висина не е можно да се стои без опасност. Бурата, која нежното цвеќе во долината го остава недопрено, на врвовите на планините го крши и турка и најсилното дрво. Има многу луѓе кои Бог со чудесен успех може да ги користи додека се притиснати со сиромаштија - Тој може корисно да ги употреби овде и да ги круниса со слава и бесмртност во идниот живот - но благосостојбата ги упропастува; тие паѓаат во стапица затоа што забораваат да бидат понизни, забораваат дека Бог е нивна сила и затоа што стануваат независни и задоволни сами со себе. {4C 544.1}

Јосиф во неволја ја докажал цврстината и постојаноста на својот карактер; и тоа злато не потемнело ниту во благосостојба. Божјата волја за него била неприкосновена и кога се наоѓал покрај царскиот престол и кога бил затвореник во затворската ќелија. Јосиф секогаш ја носел својата вера во душата каде и да се наоѓал, и во тоа се криела тајната на неговата непоколеблива верност. Сè што мора да преземете како одговорни луѓе и како претставници на делото мора да биде исполнето со сила на вистинска побожност. Морам да ви кажам во Божји страв, пред вас се многу опасности кои вие не ги гледате и за кои воопшто не сте свесни. Морате да бидете скриени во Исуса Христа. Сигурни можете да бидете само ако цврсто се фатите за Неговата рака. Морате будно

да се чувате од сè што личи на дрско пречекорување на дозволеното и секогаш да настојувате повеќе да се согласите на страдање и штета отколку на грев. Ниту една победа не е толку драгоцена како победата над самиот себеси. {4C 544.2}

---

52. МОРАЛНА И ИНТЕЛЕКТУАЛНА КУЛТУРА

Во визија која ми е дадена на 9 октомври 1878 година покажано ми е каква улога треба да има нашиот санаториум во Батл Крик и какви по својот карактер треба да бидат сите кои работат во него. Оваа значајна институција е основана благодарение на Божјото провидение и Неговиот благослов е неопходен за нејзиниот успех. Нашиот санаториум не го водат надрилекари и неверници, туку луѓе кои го познаваат човечкиот организам и користат најдобри методи на лекување - луѓе кои се бојат од Бога и кои најискрено се заинтересирани за моралното и духовно добро на пациентите. Тој свој интерес за духовното исто така како и за телесното здравје на своите пациенти, одговорните луѓе во нашиот санаториум никако не треба да го кријат. Со живот на вистинска христијанска честитост тие можат да му бидат пример на светот, пример достоен за имитирање; исто така, тие не треба да го кријат фактот дека со своето стручно знаење во лекувањето на болните, постојано ја додаваме мудроста и знаењето кои секој ден ги добиваме од Христа, најголемиот Учител за кој некогаш знаел светот. За да бидат навистина успешни во својата работа, тие постојано мораат да бидат поврзани со Него, Кој е извор на секоја мудрост. {4C 545.1}

Вистината има моќ оној кој искрено ќе ја прифати постојано да го издигнува и облагородува. Со своето посветувачко влијание на срцето и карактерот, библиската вистина го прави човекот поинтелигентен. Вистински поврзан со Христа, Кој како Божје Јагне го дал Својот живот за спасение на светот, христијанинот појасно и поцелосно ги сфаќа своите должности кон Бога и кон своите ближни. Само со постојан развој на своите умни и морални сили можеме да одговориме на намерата на нашиот Творец. {4C 545.2}

Бог не е задоволен од оние кои се премногу безгрижни и немарни за да се развијат во успешни и добро известени работници. Според интелигенцијата и способноста за расудување, христијанинот треба да биде поостроумен од луѓето на овој свет. Проучувањето на Божјата реч постојано ги проширува областите на спознавање и ги зајакнува умните способности. На издигнувањето и облагородувањето на карактерот и јакнењето на секоја способност на еден христијанин ништо не му дава толкав поттик како постојаното настојување да ги сфати тешко разбирливите и значајни вистини. {4C 545.3}

Човечкиот ум закржлавува и слабее ако постојано се занимава само со вообичаените секојдневни настани и ако никогаш не се издигне над она што е минливо и земно - за да ги сфати тајните на невидливото. Умот постепено се привикнува да остане на ниво на она со што постојано се занимава. Умните способности слабеат и опаѓаат ако постојано не ги користиме во стекнување на нови знаења за божествената сила откриена во природата и во Неговата света реч. {4C 546.1}

Меѓутоа, самото познавање на фактите и теориите, колку и тие да се значајни сами по себе, немаат голема вредност ако стекнатото знаење не се примени во практичниот

живот. Постои реална опасност оние кои своето знаење го стекнале од книги да не го сфатат фактот дека во поглед на искуственото спознавање тие се сепак почетници. Ова особено со право може да се каже за вработените во нашиот санаториум. На оваа установа ѝ се потребни луѓе со исклучителни способности. Лекарите, управникот, главната сестра, како и помошниот персонал, сите треба да бидат просветени и искусни луѓе. Меѓутоа, некои, не сфаќајќи ги вистинските потреби на ваквата институција, мачно се провлекуваат од година во година, остварувајќи никаков забележителен напредок. Тие се слични на ист отпечаток од некоја матрица, бидејќи секој нивен ден е само повторување на претходниот. {4C 546.2}

Способностите на таквите, кои работат само механички, се осиромашени со еднолично повторување на веќе направеното. Ним не им се скратени можностите со трудољубиво учење да стекнат драгоцено образование; но тие не ја ценат таквата предност. Никој не би требало да остане задоволен со сегашниот степен на својата просветеност. Со секојдневно оспособување секој може да се подготви за некоја доверлива должност. {4C 546.3}

Многу е значајно оној кому му се доверува грижа за духовните интереси на пациентите и болничарите да биде човек со здраво расудување и непоколеблива начелност, човек кој има морално влијание и знае како ѝ се приоѓа на душата. Тоа треба да биде мудар и образован човек, чувствителен и духовен. На почетокот, тој можеби нема да може во потполност да одговори на сите потреби, но со сериозно размислување и развивање на своите способности тој треба постојано да се оспособува за таа значајна задача. На таква положба човекот треба да биде исклучително мудар и благороден, а покрај сето тоа и чесен, бидејќи мора да се соочува со предрасуди, верско занесеништво и заблуда од секој вид. {4C 546.4}

Такво место не треба да зазема човек со раздразлива природа и воинствен дух. Мора строго да се внимава Христовата религија со грубост или нетрпение да не се направи одбојна или дури одвратна. Божјиот слуга треба со кротост, благородност и љубов правилно да ја претставува нашата света вера. Иако никогаш не смее да го прикрива крстот, тој во исто време треба да ја прикаже љубовта на нашиот Спасител која со ништо не може да се спореди. Работникот мора да биде потполно исполнет со Христовиот Дух и тогаш богатството на душата ќе биде изложено на зборови кои ќе најдат пат до срцата на оние кои го слушаат. Влијанието на Христовата религија, потврдено со секојдневниот живот на Неговите следбеници, ќе направи двојно повеќе отколку најубаво составените проповеди. {4C 547.1}

Богобојазливите работници со своето мудро промислено постапување можат да направат навистина многу во реформирањето на оние кои како инвалиди доаѓаат да се лекуваат во нашиот санаториум. Тие лица се заболени не само физички, туку и ментално и морално. Многумина од оние се погрешно воспитани и на погрешните навики им робувале цел живот. Создавањето на правилни навики бара голема промена која тие не можат да ја извршат за неколку дена. За да го увидат тоа и да се научат на подобар пат, мора да им се даде време. Ако сите вработени во санаториумот коректно ја претставуваат вистината за здравствената реформа и за нашата света вера, тие позитивно ќе влијаат на духовниот развој на своите пациенти. Спротивноста која постои помеѓу погрешните навики и оние кои се во склад со божествената вистина има убедувачка моќ. {4C 547.2}

Човекот не е она што би можел да биде и што според Божја волја би требало да биде. Сатаната со својата моќна сила го задржува човечкиот род на толку ниско ниво;

но дека сепак не би морало да биде така, најдобро покажува примерот на Енох, кој духовно толку се издигнал и облагородил, така што живеел според Божјата волја. Во интелектуален и духовен поглед човекот треба да се развива и напредува во текот на целиот свој живот. Но умот на многумина е толку обземен со самиот себе и со своите себични интереси, така што нема ниту место ниту време за повисоки и поблагородни мисли. Затоа развојот на интелектуалните и духовните достигнувања е на толку ниско ниво. Многумина се задоволни со својата духовна состојба и достигнувања доколку се наоѓаат на одговорна положба; бидејќи потполно погрешно сфаќаат дека положбата му дава карактер на човекот. Малку се оние кои сфаќаат дека постојаниот развој во особините, како што се: трпението, сочувството, милосрдието, совесноста и верноста - треба да бидат суштинско обележје на оние кои се наоѓаат на одговорни положби. Сите кои работат во санаториумот треба неприкосновено да ги почитуваат правата на другите, бидејќи тоа е всушност покорување на начелата на Божјиот закон. {4C 547.3}

На некои во оваа установа жално им недостигаат квалификации толку битни за среќата на сите со кои доаѓаат во допир. Лекарите и помошниот персонал во разни одделенија треба внимателно да се чуваат од себичното студенило, непристапноста и недруштвеноста, бидејќи поради тоа се губи наклонетоста и довербата на пациентите. Во санаториумот доаѓаат многу образовани и чувствителни пациенти кои знаат што е префинетост и тактичност и кои остроумно ги проценуваат другите. Таквите веднаш ги забележуваат спомнатите пропусти и стават оправдани приговори. Да се љуби Бог повеќе од сè и ближниот како самиот себе, а во исто време во однесувањето со другите да се биде студен како санта мраз, едноставно не е можно. Должната љубов, внимание и почит таквите ги ускратуваат не само на Бога, туку исто така сето тоа им го ускратуваат и на своите ближни. Љубовта е билка од небесно потекло и мора да се чува и многу грижливо да се негува. Оние чии срца се полни со љубов, вистинољубивост и добрина, со љубезни зборови внесуваат среќа и мир во своето семејство и благотворно влијаат на сите кои се наоѓаат во сферата на нивното влијание. {4C 548.1}

Оние кои своите предности и прилики ќе ги искористат на најдобар начин, ќе се изградат во талентирани и образовани луѓе во библиска смисла; тоа значи да се има не само училишна обука, туку и убаво воспитување кое се огледува во карактерот, во манирите и во однесувањето. Тие секогаш ќе бидат учтиви, нежни, сожаливи и љубезни. Според она што ми е покажано, тоа Бог го бара од вработените во нашите установи во Батл Крик. Бог ни подарил способност со воспитување и правилна употреба да ги развиваме и јакнеме. Со размислување и внимателно заклучување можеме правилно да го утврдиме односот помеѓу причините и последиците. Применувајќи го тоа и практично во секојдневното искуство, многумина посериозно ќе размислуваат за своите зборови и постапки, и така да одговорат на намерата која Бог ја има за нив. {4C 548.2}

Да го имаме на ум фактот дека во овој живот не сме само ученици туку и учители, со цел и себе и другите да ги подготвиме за повисока сфера на активност во идниот живот. Човекот е корисен во животот толку колку што ја извршува Божјата волја. Во наша моќ е своите умни способности и своите манири постојано да ги усовршуваме, така што Бог не мора да се срами поради нас. Духовниот критериум во нашиот санаториум би морал да биде на поголема висина. Ако во нашите редови има образовани луѓе со интелектуални и морални способности, треба да ги повикаме да ги заземат испразнетите места во нашите установи. {4C 549.1}

Лекарите треба да бидат беспрекорни во секој поглед. Пред нив се отвора широко поле на корисност и успех, и ако не остваруваат никаков напредок во своето стручно оспособување, вината за тоа треба да ја бараат во себе. Тие мораат да бидат трудољубиви студенти и строго подарувајќи внимание на секоја поединост, сами треба да водат грижа за совесно извршување на своите должности. Никој без посебна потреба нека не оди по нив проверувајќи дали своите должности ги извршуваат беспрекорно. {4C 549.2}

Оние кои се наоѓаат на одговорни положби треба да подлегнат на таква самоконтрола и дисциплина, така што сите кои ќе дојдат во сфера на нивното влијание јасно гледаат што може да постигне човекот кога е постојано поврзан со Бога - изворот на мудроста и силата. И зошто човекот кој има такви предности да не стане интелектуално силен? Луѓето на овој свет често со потсмев нагласуваат дека оние кои веруваат во сегашната вистина се неуки, необразовани и луѓе без положба и углед. Ние знаеме дека тоа не е вистина, но да се запрашаме да не постои сепак некоја причина за тие нивни тврдења? Многумина помеѓу нас сметаат дека незнаењето и необразованоста претставуваат доказ за понизност, а тоа е заблуда. Таквите всушност не знаат што ја сочинува вистинската понизност и христијанска кротост. {4C 549.3}

---

53. ДОЛЖНОСТ КОН СИРОМАШНИТЕ

Управителите на нашиот санаториум не треба да се раководат според принципите на другите институции од сличен вид во кои премногу често, поради што поголема добивка, големо внимание им се подарува на богатите, додека сиромашните се запоставуваат. Токму на сиромашните често им се најпотребни сочувство и совети, кои не ги добиваат секогаш, иако во Божјите очи, според моралната вредност можеби се многу повредни од многумина богаташи. Советот на апостол Јаков во поглед на христијанското постапување кон луѓето, без разлика дали се богати или сиромашни, потполно е одреден и јасен: {4C 550.1}

„Ако дојде на вашиот собор човек со златен прстен и во светла облека, а дојде и сиромав во бедна облека, и погледнете на оној во светла облека и му кажете: Ти седи овде, а на сиромашниот: Ти застани таму; или седи овде меѓу моите нозе, зар со тоа не правите разлика и станувате судии со лоши мисли? Слушнете, драги мои браќа, не ги избра ли Бог сиромашните од овој свет да бидат богати со вера и наследници на царството кое им го вети на оние кои Го љубат?” {4C 550.2}

Иако ги имал сите богатства на небесните дворови, Христос станал сиромав поради нас на овој свет, за да нè обогати со Своето сиромаштво. Тој им укажал голема чест на сиромашните, согласувајќи се со нив да ги дели нивните скромни животни услови. Од евангелските записи за Неговиот живот треба да учиме како да постапуваме со сиромашните. Во должностите на добродетелство и милосрдие некои одат во крајност и така на сиромашните всушност им нанесуваат штета со претераното залагање за нив. Сиромашните не се секогаш толку вредни и трудољубиви во работата како што би требало да бидат. Ние не смееме да ги занемариме и да ги пуштиме да оскудеваат, но и тие мораат да научат сами себе да си помагаат. {4C 550.3}

Не смееме да го занемариме Божјото дело за прво да им подариме внимание на сиромашните. Христос им дал многу значајна поука на Своите ученици по тоа прашање. Кога Марија го излеала скапоценото миризливо масло на Христовата глава, Јуда, во своето лакомство, лицемерно се заземал за сиромашните, мрморејќи против чинот кој, според негово мислење, бил расипничко трошење на пари. Но Исус ја оправдал оваа постапка, велејќи: „Оставете ја, што ѝ пречите? Таа прави добро дело на Мене. Зашто сиромашните ги имате секогаш со себе, и секогаш кога сакате можете да им правите добро; а Мене ме немате секогаш". „Секаде каде што ќе се проповеда евангелието по сиот свет, ќе се кажува ова во нејзин спомен". Од ова произлегува дека Христос треба да го почитуваме, посветувајќи Му го најдоброто што го имаме во својот живот. Ако своето внимание и сите свои напори ги насочиме само на ублажување на потребите на сиромашните, Божјото дело ќе биде занемарено. Доколку како Божји повереници, совесно ги извршуваме своите должности, никој нема да мора да трпи оскудица, но Божјото дело треба да ни биде на прво место. {4C 550.4}

Со сиромашните треба да се постапува со исто толку внимание и обзир како и со богатите. Да им се укажува посебна почест на богатите, а да се запоставуваат сиромашните е вистинско злосторство во Божјите очи. Оние кои се опкружени со сите можни комфори во животот и кои сите ги галат затоа што се богати, не чувствуваат толку голема потреба за сочувство и нежен обзир како личностите кои целиот свој живот го поминале во постојана борба со сиромаштвото. Бидејќи во животот имале многу малку среќни и радосни моменти, таквите знаат да го ценат секој израз на љубов и внимание кој ќе им се укаже. Лекарите и болничарите во никој случај не би смееле да го запоставаат овој слој на луѓе, бидејќи со тоа би го занемариле Христа во лицето на Неговите светии. {4C 551.1}

Нашиот санаториум е подигнат за да послужи на благослов на страдалниците и болните ширум светот, без оглед дали тие се богати или сиромашни. Многумина од нашите верници од други места и краеви малку внимание подаруваат на оваа установа, иако имаат толку очевидни докази дека таа претставува едно од Бога одредените орудија мажите и жените да бидат доведени под влијание на вистината и на тој начин многу души да бидат спасени. Верниците во чија средина има сиромашни не треба да ја занемарат својата должност во својство на повереници и грижата за своите сиромашни да ја префрлат на санаториумот. Членовите на секоја црква пред Бога се одговорни за оние кои се во неволја и грижата за нив сами треба да ја сносат. Ако во својата средина имаат такви болни за кои се подготвени да ги платат трошоците на лекување, нека ги пратат во санаториум. Правејќи така, тие не само што финансиски ја поддржуваат установата која е подигната по Божји налог, туку ги помагаат и оние на кои помошта навистина им е неопходна, бидејќи Бог со право бара од нас да се грижиме за сиромашните. {4C 551.2}

Божја намера никогаш не била на светот да нема сиромашни. Општествените сталежи никогаш не биле еднакви, бидејќи различните сталежи и различната имотна состојба - толку карактеристична за човечкиот род - претставува едно од средствата со кои Бог го проверува развојот на карактерот. Многумина со голем ентузијазам го истакнуваат тврдењето дека сите луѓе треба да имаат еднаков удел во земните благодати кои Бог му ги дал на светот, но тоа не е во склад со намерата на Творецот. Христовите зборови: „Бидејќи сиромашните секогаш ги имате со себе", значат дека меѓу нас секогаш ќе има и сиромашни и богати; и меѓу оние кои тврдат дека се Негови следбеници, во повеќето случаи, најверно Му служат првите, додека овие другите,

држејќи се грчевито за своето земно богатство, често го забораваат Христа. Животните грижи и ненаситната алчност за богатство фрлаат сенка на славата на неминливиот свет. Најголема несреќа која би можела да го снајде човечкиот род би се случила кога сите би биле изедначени во земните поседи. {4C 551.3}

---

54. ЗДРАВЈЕ И РЕЛИГИЈА

Господовиот страв за покровителите на санаториумот и сите кои редовно го посетуваат ќе направи многу повеќе отколку било кое средство кое може да се употреби во цел на обновување на здравјето. Религијата во никој случај не треба да се потиснува во позадина, како штетна за оние кои тука доаѓаат да се лекуваат. Напротив секогаш треба да се истакнува фактот дека Божјите закони, и во природата и во откровението се „живот за оние кои ги наоѓаат и здравје за сето нивно тело". {4C 552.1}

Горделивоста и модата ги држат мажите и жените во најлошо робување на модните навики, кои судбоносно го загрозуваат нивното здравје, па дури и самиот живот. Апетитот и страстите гласно бараат да им се попушти, фрлајќи ги под нозе и разумот и совеста. Тоа е свирепо дело на сатаната, и тој постојано вложува најодлучни напори да ги зацврсне затворските синџири со кои ги врзал своите жртви. Оние кои во текот на целиот свој живот им попуштале на лошите навики најчесто не увидуваат никаква потреба за промена. И многумина продолжуваат да ги задоволуваат своите барања за грешни задоволства по секоја цена. Ако успееме да ја пробудиме совеста на таквите, многу сме постигнале. Само Божјата милост може да го осведочи и обрати човечкото срце; само на тој начин робовите на навиките можат да добијат сила да ги раскинат синџирите со кои се врзани. Оние кои немоќно попуштаат на своите барања мораат да се наведат да ја увидат и да ја почувствуваат големата потреба за морална обнова за да можат да одговорат на барањата на божествениот закон; храмот на душата е обесветен и сите такви Бог ги повикува да се пробудат и со сите сили да се борат да го повратат своето од Бога дадено достоинство кое го жртвувале на грешното попуштање. {4C 552.2}

Божествената вистина може да влијае на нашиот ум додека нашите обичаи и животните навики се во спротивност со нејзините начела. Оние кои сакаат да се информираат за тоа колку попуштањето на грешните задоволства е штетно по здравјето и кои почнуваат да се реформираат, макар тоа и да е од себични побуди, се стават во положба каде што Божјата вистина може да најде пристап до нивното срце. Од друга страна, оние кои совесно ја прифаќаат библиската вистина со самото тоа стануваат приемчиви и за поуката во поглед на здравјето. Тие ја увидуваат неопходноста да се ослободат од своите тирански навики и барања на кои толку долго им робувале. Многумина ја прифатиле вистината на Божјата реч, бидејќи врз основа на здравиот разум се осведочени во несомненоста на изнесените докази; но телесните желби кои упорно бараат задоволување, го надвладуваат разумот и тие ја отфрлаат Божјата вистина како лага, затоа што таа е во спротивност со нивните страстни склоности. {4C 553.1}

„Почеток на мудроста е стравот во Господа". Кога робовите на лошите навики и грешниот живот ќе се потчинат на божествените вистини на Божјата реч која „ги просветлува и вразумува неуките", се внесува духовна просветеност во одаите на

нивните души. Вистината делува на срцето, а моралните сили кои биле потполно парализирани, повторно оживуваат. Примателот стекнува појасна моќ на поимање отколку што имал порано. Тој ја утврдува својата душа на Вечната Карпа. Самото чувство на потполна сигурност во Христа влијае многу поволно на здравјето. И така религијата и законите на здравјето одат потполно паралелно. {4C 553.2}

---

55. ВЕРНИ РАБОТНИЦИ

Управувањето со една толку голема и значајна институција како што е нашиот санаториум неизбежно бара големи одговорности и во материјален и во духовен поглед. Многу е важно тоа засолниште на заболените и со тело и со душа да биде такво како сам Исус, Најголемиот лекар, да претседава меѓу нив и да сè што се презема биде под контрола на Неговиот Дух. Сите вработени во оваа установа треба да се оквалификуваат за верно и совесно објавување на своите од Бога дадени одговорности. И најмалата своја должност, тие треба да ја извршат исто толку совесно и одговорно како и најголемата. Сите треба со молитва во срцето да се залагаат трудејќи се да бидат што покорисни, за ова засолниште на болните да оствари најголем успех. {4C 554.1}

Ние и не сфаќаме со колкав страв доаѓаат пациентите со своите разни болести во нашиот санаториум; сите тие очекуваат помош, но некои се сомневаат и не можат да веруваат, додека други имаат повеќе доверба дека тука ќе најдат олеснување. Оние кои првпат доаѓаат во ова установа будно го забележуваат секое навестување кое покажува за какви принципи се држат нејзините раководители. {4C 554.2}

Оние кои тврдат дека се Божји деца постојано мораат да го имаат на ум фактот дека во својата работа која ги доведува во врска со најразлични луѓе, пред сè треба да бидат мисионери. Тука ќе има и фини и груби, скромни и горделиви, религиозни и скептични, доверливи и колебливи, образовани и неуки, богати и сиромашни; всушност, меѓу пациентите во санаториумот ќе се најдат луѓе со различни карактери и од сите општествени слоеви. Оние кои ќе дојдат во ова лекувалиште, доаѓаат затоа што им е потребна помош; и со самото тоа, без оглед на нивната состојба и животните услови, тие покажуваат дека сами не можат да си помогнат. Со овие толку различни поединци не може да се постапува на ист начин; но на секој од нив, без разлика дали се богати или сиромашни, високи или неуки, зависни или независни, потребна им е љубезност, сочувство и љубов. Во меѓусебното контактирање со другите нашето држење секогаш треба да биде благородно. Сите ние, меѓусебно поврзани со нераскинливи врски на човечкото братство, зависиме еден од друг. {4C 554.3}

Небото, одредувајќи секој да зависи од некој друг, без разлика дали тој е господар, слуга или роб - секој од друг за помош вика, се додека слабоста на едниот не стане сила за сите. {4C 555.1}

Во контакт со светот, христијанството доаѓа токму преку општествените врски. Од секој христијанин и христијанка кои ја искусиле Христовата љубов и ја примиле во своето срце божествената светлина, Бог бара со таа светлина да ја осветлуваат мрачната патека на оние кои сè уште не знаат за подобриот пат. Секој работник во нашиот санаториум треба во исто време да биде и сведок за Исуса. Општествениот углед,

посветен со Христовиот Дух, мора да се искористи со цел за придобивање на души за Спасителот. {4C 555.2}

Оние кои во својот повик мораат да работат со личности со толку различен карактер, темперамент и природни склоности, ќе наидуваат на непријатности, заплети и судири, дури и кога ќе направат најдобро што можат. Можеби ќе им се згади незнаењето, горделивоста и независноста на оние за кои се залагаат; но тоа не смее да ги обесхрабри. Тие треба да бидат толку цврсти и постојани секогаш да влијаат на другите, а не другите да влијаат на нив. Во начелото цврсти како карпа, во верата разумни, тие треба да останат нерасипани од негативното влијание на околината. Како припадници на Божјиот народ, тие не смеат да се прилагодуваат на различните влијанија на кои неизбежно се изложени, туку цврсто ќе останат на Христова страна и со помош на Неговиот Дух позитивно ќе влијаат на оние кои се изопачени од лошите навики и извалкани од гревот. {4C 555.3}

Христос не треба да биде сокриен во нашето срце, не треба да биде заклучен како сокриено богатство на светоста во која слатко ќе уживаме само ние. Тој треба да биде во нашето срце извор на жива вода која тече во вечен живот, освежувајќи ги сите со кои доаѓаме во допир. Ние треба да Го исповедаме Христа отворено и слободно, покажувајќи ја Неговата кротост, милосрдие и љубов во својот карактер, сè додека луѓето не станат восхитени од убавината на светоста. Да се држи својата вера како мирис строго затворен во некое шише, од страв да не изветрее, не е најдобар начин да го сочуваме. {4C 555.4}

Судирите и одбивањата на кои наидуваме треба само да нè направат уште посилни и да ја зацврстат нашата вера. Не смееме, како трска на ветрот, да се поведуваме по секое влијание кое може да се појави. Загреана и зацврстена со вистините на евангелието и освежена со божествената благодат, нашата душа треба да се отвора како цвет на сонцето, ширејќи го своето мирисно влијание и на другите. Вооружени со сето оружје на правдата, можеме да се спротивставиме на секое влијание и да останеме чисти и неопоганети. {4C 556.1}

Божјите барања сите треба да ги сметаме поважни од сè останато. Секому од нас Бог ни дал способности со чија употреба треба да му оддадеме слава на Дародавецот. Секој ден треба да остваримe извесен напредок. Ако вработените во санаториумот излегуваат од него онакви какви што дошле, не постигнувајќи вистински напредок во знаењето и духовната сила, тогаш тоа е само изгубено време. Божја намера е христијаните постојано да се развиваат, да се издигнат до потполна висина на мажи и жени во Христа Исуса. Сите оние кои духовно не зацврстуваат и кои сè поцврсто не се вкоренуваат во вистината, всушност постојано назадуваат. {4C 556.2}

Посебни напори треба да се вложат за да може за оваа служба да се осигурат совесни христијански работници. Божја намера е здравствените институции да ги организираат и контролираат исклучиво адвентистите на седмиот ден; зашто ако на одговорни положби се постават неверници, се појавува влијание кое наголемо зборува против санаториумот. На Бога не му е по волја со оваа установа да се раководи по углед на било која установа од сличен вид во оваа земја, туку таа во Неговите раце да биде едно од најуспешните орудија преку кои Тој може да ја испраќа Својата светлина на светот. Наоружана со стручно знаење и способности, со морална и духовна сила, таа треба да стои како верен стражар на реформата во сите нејзини ограноци; и сите вработени во оваа институција исто така треба да бидат реформатори, почитувајќи ги

нејзините правила во склад со светлината на здравствената реформа со која како народ денес сме осветлени. {4C 556.3}

Секој од нив може да послужи на благослов на другите ако се постави така што верно и совесно ќе ја претставува религијата на Исуса Христа. Но тие многу повеќе се грижат со својот надворешен изглед и со своето држење во секој поглед да ги задоволат пациентите со световни погледи и склоности, отколку да одржуваат жива врска со небото, будно да стражарат во молитва за да може оваа установа, како орудие во Божјите раце, да биде што поуспешна во лекување на телото и душата на своите пациенти. {4C 556.4}

Што би можело да се каже и што да се направи за да се пробуди осведочување во душата на сите оние кои се поврзани со оваа значајна институција? Што би можело да ги наведе да ги сфатат опасностите на своите погрешни постапки со исклучок на секојдневното живо искуство во молитва и душевна борба со Бога? Кога своето влијание би го ускладиле со верата, лекарите би можеле многу позитивно и насочувачки да влијаат на сите кои се поврзани со оваа институција. Положбата на која тие се наоѓаат претставува едно од најдобрите мисионерски полиња на светот, и сите кои се наоѓаат на толку одговорни положби треба да одржуваат тесна врска со Бога и постојано да примаат светлина од небото. Во историјата на нашиот санаториум немало позначаен период од денешниот, и никогаш не било толку многу во прашање како сега. Опкружени сме со опасностите на последните денови. Фрлен од небото, сатаната работи со голема сила и „со секоја измама на неправда меѓу оние кои пропаѓаат”, бидејќи знае дека времето му е кратко. Затоа светлината која треба да ја шириме со своите зборови и постапки уште појасно нека го осветлува патот на оние кои сè уште се наоѓаат во темнината на заблудата. {4C 557.1}

На оние кои поради својата грубост, свирепост и острина ниту од далеку не се она што Господ би сакал да бидат, неопходно им е ублажувачко и потчинувачко влијание на Божјиот Дух. Да се земе својот крст и да се појде по патеката на самооткажување никогаш не било пријатно, но тоа сепак мора да се направи. Бог на сите им овозможува со Неговата благодат и под влијание на Неговиот Дух да го направат пријатен својот живот. Некои се премногу независни, задоволни со себе и неподготвени да се советуваат со други како што би требало. {4C 557.2}

Браќа мои, ние живееме во многу сериозно време. Исклучително значајна задача треба да извршиме за своето лично спасение, или ќе се соочиме со бескрајна загуба. Преку Божјата благодат мораме да бидеме преобразени, или ќе го загубиме небото и со своето влијание ќе повлечеме во пропаст и други. Бидете сигурни дека мачните напори и судири кои мораме да ги издржиме во извршувањето на своите должности, самооткажувањето и жртвите кои мораме да ги поднесеме за верно да Му служиме на Христа, не ги создава Тој. Тоа не ни го наметнал со некоја самоволна или непотребна заповед, ниту е последица од престрогиот живот кој Тој бара да го водиме во Негова служба. Ако би ја одбиле послушноста кон Христа и би станале слуги и робови на гревот, би наишле на уште поголеми и побројни тешкотии и неволи. {4C 557.3}

Исус нè повикува кај Себе за да го симне тешкиот товар од нашите уморни рамена и во замена за тоа Тој ни го нуди Својот јарем, кој е благ, и Своето бреме, кое е навистина лесно. Патот на кој Тој нè повикува никогаш не би ни задавал болка кога не би застранувале од него. Патувањето станува мачно и трновито дури кога ќе застраниме од патеката на должноста. Жртвите кои мораме да ги поднесуваме за да Го следиме Христа, претставуваат само чекор кој е неопходен за да се вратиме на патот на

светлината, мирот и среќата. Налетите на сомневање и стравување се сè почести доколку повеќе им попуштаме, и што повеќе им се предаваме, тоа е потешко конечно да ги победиме. Најсигурни ќе бидеме кога, не очекувајќи никаква земна помош, цврсто ќе се фатиме за раката на Оној кој го спасил Својот ученик кога веќе почнал да потонува во брановите на разбранетото море. {4C 558.1}

Бог нè повикува на силата и мажевноста да им ги придружиме едноставноста и довербата на едно дете. Тој сака ние да го развиваме својот карактер така што ќе биде чист како злато, и ние можеме да го постигнеме тоа, благодарение на Неговите заслуги. Мојата душа ја притиска тешко бреме на загриженост за оние кои не ја сфаќаат потребата од постојана поврзаност со небото, за да ја извршуваат совесно и верно својата должност во својство на Божји стражари. {4C 558.2}

Религијата е наша вистинска потреба. Ние треба да го јадеме лебот на животот и да ја пиеме водата на спасението. Треба да негуваме љубов во срцето, не онаа која лажно се нарекува милосрдие и која нè наведува да го љубиме гревот, а грешникот да го оправдаме, туку библиска љубов и библиска мудрост, која е „најнапред чиста, а потоа миротворна, кротка, послушна, полна со милост и добри плодови”. {4C 558.3}

Сите влијателни и одговорни луѓе во нашиот санаториум должни се во понизност да се потчинат на Божјата волја и да го отворат своето срце на благотворното влијание на Христовиот Дух. Златото прочистено во оган ги претставува љубовта и верата. Многумина се речиси во потполност лишени од љубов. Задоволството со сопствената состојба ги заслепува нивните очи до таа мера што воопшто не го гледаат своето големо сиромаштво. Затоа секојдневното духовно будење и новото, длабоко искуство во верскиот живот станало нужна неопходност. {4C 558.4}

Духовно пробудување им е потребно особено на лекарите за најсесрдно да копнеат по онаа мудрост која само Бог може да ја даде; бидејќи штом наседнат на самодовербата тие стануваат препуштени сами на себе и се поведуваат по склоностите на своето непосветено срце. Кога гледам што овие лекари со секојдневното одржување на врска со Христа би можеле да станат, и што не можат да станат ако таа врска не ја одржуваат постојано, стравувам дека тие се задоволуваат со постигнување на земните критериуми и дека во нив нема сесрдна желба ниту глад и жед за убавината на светоста - за внатрешните украси на кроткиот и понизен дух, што е толку драгоцено во Божјите очи. {4C 559.1}

Христовиот мир, Христовиот мир - тоа е богатство кое не може да се купи за пари, ниту да се обезбеди со било какво знаење и таленти; тоа е Божји дар. Христовата религија - о, како би можела на сите да им го предочам фактот колку е огромна загубата да не се држиме за нејзините свети начела во својот секојдневен живот! Кротоста и понизноста - тие Христови особини - претставуваат сила во животот на христијанинот. Тоа богатство е навистина подрагоцено од сè што може да се постигне со човечкиот гениј или земното богатство. Од сè за што треба да копнееме, што заслужува љубов и внимание, ништо во Божјите очи нема толкава вредност како чистото срце и дух исполнет со благодарност и мир. {4C 559.2}

Ако божествениот склад на вистината и љубовта постои во срцето, тоа нескриено ќе се одразува во зборовите и постапките. Мрзоволието, зајадливото расудување и постојаното изразување не е можно да се прикрие ниту со најгрижливо негување на надворешната префинетост. Дух на вистинско човекољубие и добрина мора да престојува во срцето. Љубовта на оние кои ја поседуваат дава љубезност, достоинство и убаво однесување; таа го осветлува лицето, го ублажува гласот, ги издигнува и

облагородува сите човечки особини. Љубовта на човекот го доведува во склад со Бога, бидејќи претставува една од најистакнатите карактеристики на небото. {4C 559.3}

Многумина се во опасност своите професионални обврски како што се: пишување, лекарска пракса или извршување на други должности ги сметаа за доброволен изговор да ја занемарат молитвата, празнувањето на саботата и присуствувањето на богослужението. Светите обврски се сведуваат на ниво на обично, додека должностите, самооткажувањето и крстот се остваат потполно настрана. Ниту лекарите ниту помошниот персонал не би требало да пристапуваат на својата работа, а претходно да не најдат време за молитва. Господ е подготвен да им помогне на сите оние кои Го љубат, доколку тие, свесни за својата слабост, со вера и молитва побараат Негова помош. Ако пак, во својата работа се одвојат од Него, сета нивна мудрост ќе се покаже како лудост. Сè додека тие се чувствуваат мали и слаби во своите очи и се потпираат во потполност на Бога, Тој ќе биде нивна сила и нивните напори ќе бидат проследени со успех; но ако дозволат во душата да се одвојат од Бога, тогаш сатаната презема контрола над нивните мисли и го изопачува нивното расудување. {4C 560.1}

Никој не се изложува на поголема опасност од оној кој смета како што вели псалмистот „дека неговата гора стои цврсто". Додека мисли така, неговите стапала почнуваат да се лизгаат. Искушенијата кои доаѓаат едно по друго, незабележливо остваат толку негативно влијание на неговиот живот и карактер така што, незаштитен од божествената сила, духот на овој свет ќе го изопачи до таа мера што воопшто нема да биде во состојба да ја оствари намерата која Бог ја има за него. Сè што има човекот, го примил од Бога, и оној кој своите способности ги користи на слава на Бога станува Негово орудие на добро; меѓутоа, без постојана будност во молитвата и верските должности не е можно да се одржува духовниот живот, како што не можеме да имаме ниту физичка сила ако не земаме телесна храна. Секој ден треба да седнуваме зад Господовата трпеза. За да се храниме духовно и да јакнеме, секој ден мораме да примаме сила од Живата Лоза. {4C 560.2}

Начинот на кој некои се обидуваат да ги остварат своите цели, служејќи се со лукавството и мудрувањето на овој свет, не е во склад со Божјата волја. Тие го гледаат злото кое заслужува секаква осуда и кое треба да се отстрани, но не се осмелуваат тоа да го укорат за да не се изложат на непријатности; и наместо храбро да се спротивстават на таквите појави, тие го префрлаат товарот кој самите го одбегнуваат на други за тие да се соочат со тешкотиите кои самите ги одбегнале и во најголем број на случаи оној кој отворено кажува што мисли, се прави голем престапник. {4C 560.3}

Браќа мои, ве преколнувам во сè што работите пред очите да ја имате само Божјата слава. Неговата сила во сè нека биде ваша поддршка, Неговата благодат ваша сила. Настојувајте со проучување на Светите Списи и сесрдна молитва да стекнете јасна претстава за својата должност, а потоа верно и совесно извршете ја. Битно е да се покажете верни „во малку", на тој начин создавате навика својата честитост да ја покажете и во поголемите одговорности. Ситните поединости од секојдневниот живот често остануваат незабележани, но токму тие поединости го обликуваат карактерот. Секој настан во животот придонесува за нашата определеност: за добро или за зло. За да стекнеме сила неопходна за отпор во секоја тешкотија и изненадување, силите на умот треба да се вежбаат секој ден. Во деновите на неволја и опасност ќе ви биде неопходна сила за одлучно да стоите на страна на правдата, наспроти секое противничко влијание. {4C 561.1}

Бог сака да направи многу за вас, само ако вие увидувате колку ви е потребна Неговата помош. Исус ве љуби. Настојувајте во склад со примената светлина секогаш да одите по патот на Божјата мудрост и среде сите тие промени кои животот ги носи со себе, не мирувајте додека не сте потполно сигурни дека вашата волја е во хармонија со волјата на вашиот Спасител. Со вера во Него можете да добиете сила да се спротивставите на секое искушение и од секое искушение да излезете уште посилни во морален поглед. {4C 561.2}

Ако со сета сила на својата волја, обединета со Божјата волја, сесрдно се заложите за Божјото дело, вие можете да станете доверливи и влијателни луѓе. Развивајте ги своите умни способности со постојана употреба, но во никој случај не ги занемарувајте ниту своите физички сили. Не дозволувајте интелектуалната мрзливост да ви го затвори патот во стекнување на уште поголемо знаење. Научете се она што сериозно сте го проучиле, и да го размислувате, така што вашите умни сили ќе се развиваат и зацврстуваат. Никогаш не мислете дека доволно сте научиле и дека можете да здивнете од своите напори. Човекот се цени по тоа колку ги развил своите умни способности. Вашето образование и воспитување треба да продолжи во текот на целиот живот; секој ден треба да учите и стекнатото знаење да го применувате во пракса. {4C 561.3}

Со негување на особините и исправноста во срцето и животот, можете да се издигнете до вистинско достоинство и морална вредност. Не дозволувајте никако вашиот карактер да го затруе грубата себичност. Благородноста на душата, обединета со просветеноста на умот, ќе ве направи луѓе кои Бог може да ги употреби на положбите на света доверба. {4C 562.1}

Прва задача на сите кои се повразни со таа значајна институција е самите да бидат исправни пред Бога и тогаш со Христова сила ќе можат да се спротивстават на злите влијанија на кои ќе бидат изложени. Ако тие ја земат Божјата реч за темел на својот карактер во секој поглед, тие на секое место на кое Тој, во Своето провидение ќе ги повика, ќе можат да се одржат, и покрај сите штетни влијанија на кои ќе бидат опкружени да не застранат од правиот пат. {4C 562.2}

Многумина, затоа што не сфаќаат колку е големо влијанието на нивните зборови и постапки, доживуваат неуспех токму таму каде што би требало да бидат најуспешни. Тие дозволуваат на нив да влијаат околностите и сметаат дека, живеејќи само за себе, можат слободно да продолжат по патот кој ним им се допаѓа, без оглед како тоа се одразува на другите. Таквите обично се задоволни сами со себе и се недоверливи. Својот став и своите одговорности тие не ги разгледуваат во дух на побожност и сесрдна молитва и затоа не сфаќаат дека само со верното исполнување на должностите во овој живот можат да се надеваат на иден, бесмртен живот. {4C 562.3}

Кога таквите би ја направиле Божјата реч предмет на постојано проучување и свој водач, би се осведочиле дека „никој од нас не живее само за себе”. Со проучување на тие вдахновени записи, тие би научиле колку Бог високо го цени човечкото семејство. За сè што било создадено за првите пет дена, била кажано дека е добро; но за човекот, создаден според Божје обличје, било изјавено дека е „многу добро”. На ниту едно од Своите созданија Бог не им подарува толкава љубов и внимание како на човекот. И кога, со падот во грев, сето тоа било изгубено, Бог го дал Својот љубен Син со Својата жртва да го откупи паднатиот човечки род. Тој сака ниту еден кој ќе поверува во Него да не пропадне во своите гревови, туку да живее користејќи ги своите способности на благослов на светот и во слава на својот Творец. Таканаречените христијани кои не живеат за добро на другите, поведувајќи се по својата изопачена волја наспроти

Божјата волја, Тој ќе ги повика на одговорност поради злоупотреба на благословите кои Тој им ги дал. {4C 562.4}

Исус, како Височество на небото, ги напуштил Своите царски дворци за да дојде на овој свет толку изопачен и жигосан со проклетството на гревот. Тој ја зел на Себе нашата природа за со својата човечка рака да го прегрне паднатиот човечки род, додека со Својата божествена рака цврсто се држел за Семоќниот, поврзувајќи ги на тој начин обичните смртници со неограниченият Бог. Спасителот дошол на светот со пример да покаже како човекот треба да живее за да добие вечен живот. Давајќи го Својот Син да умре за паднатиот човек, нашиот небесен Татко се согласил на најголема жртва која не може да се спореди со ништо. Цената платена за нашето откупување треба да ни пружи возвишена претстава за она што можеме да станеме благодарение на Христа. {4C 563.1}

Набљудувајќи ја големината, длабочината и широчината на Татковата љубов кон изопачениот човечки род, Јован бил исполнет со воодушевување и стравопочитување. Бидејќи не можел да најде соодветни зборови со кои би ја изразил таа љубов, тој го повикува светот да ја набљудува. „Гледајте", нагласува Тој, „каква љубов ни даде Таткото, да се наречеме Божји деца!" Каква вредност му се придава на човекот! Со падот во грев, човечките синови станале сатански поданици. Со непроценливата Христова жртва и вера во Неговите заслуги, Адамовите потомци повторно добиваат право да се наречат Божји деца. Земајќи на Себе човечка природа, Христос го издигнал човештвото. На паднатите луѓе им е пружена уште една можност на проверка и ставени се во положба, благодарение на поврзаноста со Христа, да можат да учат, да се поправаат и навистина да се удостојат за името „Божји синови". {4C 563.2}

Тоа е љубов која со ништо не може да се спореди. Исус со право бара оние кои се откупени со цената на Неговиот живот на најдобар начин да ги употребат талентите кои Тој им ги доверил. Тие треба постојано да растат во познавање на Божјата волја, усовршувајќи ги своите интелектуални и морални сили сè додека по совршенството на карактерот не бидат само малку помали од ангелите. {4C 563.3}

Кога оние кои тврдат дека веруваат во сегашната вистина навистина би биле нејзини претставници, живеејќи доследно на светлината која го осветлува нивниот пат, тие постојано би ширеле позитивно влијание оставајќи на тој начин осветлена патека кон небото за сите оние кои со нив доаѓаат во допир. Меѓутоа, недостатокот на верност и чесност меѓу оние кои тврдат дека се Христови следбеници претставува сериозна пречка за напредокот на Божјото дело. За санаториумот, црквата и за останатите наши институции во Батл Крик помала опасност претставуваат неверниците и отворените богохулници отколку недоследните членови. Во црквата се наоѓаат Ахани кои постојано ѝ нанесуваат срам и пораз. Тоа се оние поради кои Бог ги скратува Своите благослови и кои ги обесхрабруваат ревните работници подготвени на самооткажување поради Божјото дело. {4C 563.4}

Во нивното однесување кон пациентите сè треба да произлегува од возвишени побуди, а не од лични интереси и себичност. Сите тука вработени треба да почувствуваат дека санаториумот е орудие во Божјата рака кое на душата заболена од гревот, покрај лекување, ја упатува на Оној Кој ги лекува и телото и душата. Покрај специјалните должности кои им се доверени како лекари, секој од нив треба да се интересира за духовното добро на другите. Себичноста е спротивна на духот на христијанството. {4C 564.1}

Во една од драгоцените поуки дадени на Своите ученици, Спасителот вака ја опишал Божјата грижа за секое Негово создание: „Не се ли продаваат пет врапци за две

пари? И ниту еден од нив не е заборавен пред Бога. А на вас и секое влакно на главата е избројано". Оној Кој не ги остава ниту тие безначајни птици, подарува посебна грижа и внимание на секоја гранка на Своето дело. Сите кои се вработени во нашите институции постојано се под присмотра на Семоќниот. Тој гледа дали тие ги извршуваат своите должности совесно и во потполност или на безгрижен и нечесен начин. Ангелите, невидливи за човечките очи, минуваат низ секое одделение од тие установи и постојано одат на небо, носејќи ги своите извештаи со радост или пак, со тага. Секоја постапка направена совесно и верно, точно се запишува; но и секоја нечесна постапка исто така се запишува; и секој на крајот ќе прими плата според своите дела. {4C 564.2}

---

56. ХРИСТИЈАНСКО ВЛИЈАНИЕ

Сите вработени во санаториумот кои се сметаат за Христови следбеници должни се и во своите меѓусебни односи да ги издигнуваат мерилата на христијанството. Се притеснував да пишувам за ова затоа што оние кои секогаш се склони на екстремни сфаќања веднаш заклучуваат дека и со пациентите треба опширно да расправаат за доктрината на нашата вера, и подготвени се и на верските собири во санаториумот да зборуваат онака како што зборувале за нашите браќа во молитвениот дом. Не покажувајќи мудрост во изнесувањето на своите излагања на тие мали собири наменети за пациентите, некои се залетуваат во својата ревност и зборуваат за пораката на Третиот ангел и за други важни точки на нашата вера, додека пациентите од сето тоа не разбираат повеќе отколку кога би им се зборувало на грчки јазик. {4C 565.1}

Добро е тие прашања да се изнесуваат на состаноците за молитва, на кои присуствуваат главно верници, но не и на состаноците предвидени за оние кои за нашата вера не знаат ништо. Нашите молитви и излагања треба да бидат прилагодени на приликите и друштвото на присутните. Оние кои не се во состојба тоа да го направат, не се потребни на таквите состаноци. Има предмети за кои христијаните можат да зборуваат на секое место и во секое време, како што се: христијанското искуство, Христовата љубов и едноставноста на верата; и ако нивните срца се исполнети со Христова љубов, тие ќе ја видат светлината во секоја проповед и во секоја молитва. Кога плодовите на вистината која посветува и побожниот пример ќе се видат во животот на говорникот, тогаш неговите излагања ќе имат таков впечаток што никакво противничко влијание тоа нема да може да го осуети. {4C 565.2}

На христијанското влијание му нанесува срам фактот дека во животот на многумина кои го исповедаат Христа има толку малку цврстина и вистинска побожност. Штом дојдат во допир со влијанието на овој свет, во нивното срце се појавува сомнеж и двоумење. Тие повеќе се потпираат на светот отколку на Христа. Со исклучок на некое силно возбудување кое ги поттикнува чувствата, по нивното однесување никогаш не би можело да се заклучи дека ја љубат вистината и дека се христијани. {4C 565.3}

Некои ќе ја признаат вистинитоста на ова што го напишав, но нема радикално да се променат; тие не го препознаваат измамничкото делување на непрепороденото срце и поради својата духовна заслепеност ќе паднат под заводничкото влијание кое ја изопачува и уништува душата. Маѓепсничката моќ на искушенијата ќе ги заведе сите оние кои во тоа не увидуваат никаква опасност. Непријателот на душите во секоја

поволна прилика настојува да ги употреби како свои агенти, поттикнувајќи ги сите изопачени елементи кои постојат во нивната непосветена природа. Тие постојано копнеат по она што е погрешно и лошо. Апетитот и страстите бурно бараат да им се попушта. Долгогодишните навики не можат да се прикријат под силата на сатанските искушенија. Кога таквите би биле стотици километри оддалечени од секоја наша институција во Батл Крик, Божјото дело многу подобро би напредувало. {4C 565.4}

Таквите би можеле да се реформираат само кога, увидувајќи ја својата вистинска состојба, и убиствената штетност на своето влијание врз другите, би преземале одлучни напори да ги исправат своите грешки. Но тие не се посветуваат на читање на Светите Списи, на молитва и побожно размислување што толку добро би им дошло. Тие се лекомислени и непостојани, и никаде не се утврдени. За оние кои искрено сакаат да бидат верни и да шират спасоносно влијание на другите, ваквите претставуваат камен на сопнување и нивните напори ги прават десетпати потешки. {4C 566.1}

Покажано ми е дека лекарите во својата работа треба да бидат потесно поврзани со Бога, чувствувајќи се многу позависни од Неговата сила, бидејќи извршуваат одговорни должности. Често не е во прашање само животот на нивните пациенти, туку исто така и спасението на нивните души. Многумина од нив, покрај телесното оздравување, можат во исто време да примат и голема духовна помош. Од начинот на кој лекарите постапуваат во голема мера зависи и телесното оздравување и спасение на душата. Од пресудна важност е тие правилно да постапат, покрај научното и стручното знаење треба така добро да ја познаваат Божјата волја и Неговите патишта. Одговорностите на лекарот се навистина големи. {4C 566.2}

Браќа мои, вие треба да ја увидите и да ја сфатите сериозноста на своите одговорности и, имајќи го тоа во вид, да се понизите во душата пред Бога барајќи ја секогаш Неговата мудрост. Сè уште не сфаќате во потполност колку спасението на душите на вашите пациенти зависи од вашите зборови, вашите постапки и вашето однесување. Имајте на ум дека секоја ваша постапка ќе биде проверувана на судот. Чувајте се строго од гревот на себичноста, самоиздигнувањето и вообразеноста. {4C 566.3}

Вие треба да го чувате своето христијанско достоинство, но одбегнувајте секаква извештаченост. Бидете строго исправни и чесни во срцето и животот. Вашата вера, како палмино стебло, нека продира со својот корен длабоко под она што се гледа, црпејќи духовно освежување од живиот извор на Божјата благодат и милост. Тоа е извор чија вода тече во вечен живот. Вие морате постојано да примате живот од тој скриен извор. Отфрлајќи ја себичноста и јакнејќи ја својата душа со постојано одржување на врска со Бога во молитва, можете значително да придонесете за среќата на сите со кои доаѓате во допир. Укажувајќи внимание на запоставените, поучувајќи ги неуките, храбрејќи ги потиштените и малодушните, и правејќи сè што е во ваша моќ за да ги ублажите страдањата на болните - вие не само што ќе им укажувате на другите на патот кој води во небото, туку и самите успешно ќе продолжувате по тој пат. {4C 567.1}

Никогаш не се задоволувајте само со површно знаење. Не се издигнувајте кога ви ласкаат ниту се обесхрабрувајте кога ви замеруваат и постојано ви пронаоѓаат грешки. Поттикнувајќи во вас амбиција луѓето да ви се восхитуваат и да ви ласкаат, сатаната ви подметнува големо искушение, но вие треба да ги забележите неговите лукавства. Вие сте слуги на живиот Бог. {4C 567.2}

Вашето залагање за болните и постојаниот контакт со нив претставуваат исцрпувачки процес - и кога не би имало промена, можност за рекреација и заштита на

небесните ангели - тоа постепено би ги исцрпело и изворите на вашиот живот. Кога би можеле да ги видите многубројните опасности од кои тие небесни гласници секојдневно безбедно ве избавуваат, вашите усни би биле полни со благодарност која извира од длабочината на срцето. Ако извор на својата сила најдете во Бога, ќе можете и под околности кои најмногу обесхрабруваат да се издигнете до онаа висина на христијанскиот карактер за која сте мислеле дека е недостижна. Вашите мисли ќе станат возвишени, желбите благородни, сфаќањето на вистината јасно и во побудите кои ве поттикнуваат нешто да направите нема да има ништо што е ниско и нечисто. {4C 567.3}

За да се постигне совршенство на карактерот потребно е да се мисли на тоа, но и да се работи на тоа. Бидејќи сте во постојан контакт со луѓето од овој свет, морате да внимавате да не копнеете премногу за нивното одобрување и да не живеете за тоа тие да ве фалат и издигнуваат. За да бидете сигурни на својот животен пат, чекорете секогаш внимателно; негувајте во себе особина на понизност и секогаш во беспомошноста на својата душа со вера потпирајте се на Христа. Вие можете да бидете Божји слуги во секој поглед. Сред конфузијата и искушенијата кои владеат во светот, вие можете во совршена смиреност да ја сочувате потполната независност на својата душа. {4C 568.1}

Ако секој ден во молитва одржувате врска со Бога ќе научите и да ги цените луѓето и со задоволство ќе одговорите на секој повик да ги ублажите страдањата на болните и унесреќените. Вие не сте само свои; вашиот Господ со право ги бара вашите најсветли чувства и највозвишената служба на вашиот живот. Тој со полно право очекува целото свое битие: духот, душата и телото во потполност да ги посветите на слава и чест на Неговото име. Колку и да тежок крстот кој треба да го носите, какви и да се напорите и страдањата кои ги дозволува Неговата рака, сето тоа треба да го прифатите без мрморење. {4C 568.2}

Оние за кои се заложувате претставуваат ваши браќа во неволја, страдалници кои страдаат поради некое физичко пореметување или поради духовната губа на гревот. Ако во нешто сте подобри од нив, за тоа треба да бидете благодарни на Христовото страдање на крстот. Многумина на овој свет се без Бога и без никаква надеж. Тие се грешни, изопачени и понижени, немоќни робови на сатанското лукавство. Сепак и поради нив Христос се симнал од небото за да ги откупи. Токму таквите треба да бидат предмет на најнежно сочувство, љубов и неуморни напори, бидејќи се наоѓаат на самиот раб на пропаста. Тие страдаат поради неостварените желби, неконтролираните страсти и осудите на својата сопствена совест; тие се несреќни во полна смисла на тој збор, бидејќи им се чини дека изгубиле сè и дека немаат никаква надеж ниту за овој ниту за идниот живот. {4C 568.3}

Пред вас е многу значајно поле на работа и вие морате да бидете исклучително активни и будни, одзивајќи се со задоволство и без никаков приговор на повикот на својот Учител. Секогаш имајте го на ум фактот дека вашите напори во настојување да ги реформирате другите мораат да бидат исполнети со дух на непоколеблива љубезност. Држејќи се високо над оние на кои сакате да им укажете помош, ништо не можете да постигнете. На своите пациенти секогаш нагласувајте им го фактот дека, препорачувајќи им ја реформата во поглед на нивните животни навики и обичаи, всушност им нудите нешто што не само што не е штетно, туку и спасоносно за нивниот живот; и дека откажувајќи се од она што порано го ценеле и сакале, градат на поздрави и посигурни темели. Иако за реформа треба да се залагаме цврсто и одлучно, внимателно треба да се одбегнува секој призвук на верска затолченост и заповеднички дух. Христос ни дава

драгоцени поуки на трпение, долготрпение и љубов. Непрофинетоста не е енергија, ниту заповедничкиот дух некое јунаштво. Божјиот Син го стекнувал вниманието на своите слушатели затоа што со доследниот живот секогаш делувал потполно уверливо. Неговите следбеници мораат внимателно да го проучуваат Неговиот живот и посовесно да се држат за Неговиот пример, без оглед на жртвата која произлегува од тоа. Повикот на реформа треба постојано да се истакнува пред народот, но учењето кое го застапувате морате да го поткрепите и со личен напор. {4C 568.4}

Прикажан ми е случајот на пророкот Даниел. Иако бил човек со исти склоности како и ние, перото на вдахновение го опишува како човек со беспрекорен карактер. Неговиот живот ни е даден во Библијата како блескав пример на она што човекот може да стане уште во овој живот, ако изворот на својата сила го наоѓа во Бога и мудро ги користи предностите и можностите кои му стојат на располагање. Даниел бил џин во интелектуален поглед, но сепак постојано копнеел за ново сознание, за повисоки достигнувања. И другите млади луѓе имаат исти предности, но тие своите енергии не ги сосредоточуваат, како него, на стекнување на драгоцено знаење за Бога, како што е откриено во Неговата реч и во Неговите дела. Иако бил еден од великаните на овој свет, Даниел не бил ниту горделив ниту вообразен. Чувствувал потреба својот духовен живот постојано да го освежува со молитва и секој ден наоѓал време во најсесрдна молитва да Му се обраќа на Бога. И не се согласувал да се лиши од предностите дури ниту кога му се заканиле дека, ако продолжи да се моли, ќе биде фрлен во лавовска јама. {4C 569.1}

Даниел Го љубел Бога и во стравопочит ги држел Неговите заповеди. Меѓутоа, тој не се повлекувал од светот за да се заштити од неговото изопачувачко влијание. Во Божје провидение му било одредено својот живот да го помине во светот на незнабоштво, а сепак да не биде од светот. Иако опкружен со сите искушенија на дворскиот живот, ја сочувал чистотата на својата душа и во начело останал непоколеблив и цврст како карпа. Сила и сигурност наоѓал само во Бога и Тој не го напуштил ниту во времето на неговата најголема неволја. {4C 569.2}

Даниел бил верен, благороден и великодушен. Иако сакал да биде во мир со сите луѓе од своето опкружување, по никоја цена не сакал да скршне од патеката на должноста. Со задоволство се покорувал на претпоставените, доколку тоа не се косело со начелата на вистината и правдата; но ниту царевите ниту неговите декрети не можеле да го принудат да се откаже од својата верност кон Царот на царевите. Даниел имал само осумнаесет години кога бил доведен на незнабожечкиот дворец за да му служи на вавилонскиот цар, и неговата благородна одлучност да се спротивстави на злото и непоколебливо да застане на страна на правдата, толку возвишена и достојна за восхит ја овозможува токму неговата младост. Неговиот благороден пример треба да влева сила и храброст на оние кои доаѓаат во слични искушенија и во наши дни. {4C 570.1}

Непоколебливоста во прифаќањето на библиските барања донесува благослов и среќа не само на душата, туку исто така и на телото. Духовните родови не се само: љубов, радост и мир, туку исто така и умереност и воздржување. Исто така, Библијата нè поучува да не го осквернуваме своето тело, бидејќи тоа тело треба да биде храм на Светиот Дух. Данieловиот случај ни покажува дека младите, држејќи се за начелата на верата, можат да триумфираат над сите желби на телото и да останат верни на Божјите барања дури и со најголеми жртви. Што би било на самиот почеток да се согласил на компромис со своите назнабожечки старешини, земајќи ја вообичаената храна и

пијалак на Вавилонците? Тој погрешен чекор веројатно би го навел да попушта и по други прашања, неговата поврзаност со небото сè повеќе би слабеела и на крајот, со силата на искушението, би бил потполно совладан. Меѓутоа, додека со непоколеблива доверба цврсто се држел за Бога, на него се спуштил духот на пророчкиот дар. Додека луѓето го упатувале во должностите на дворскиот живот, Бог му дал мудрост да ги чита тајните на идните векови. {4C 570.2}

---

57. ШТЕДЕЊЕ И САМООДРЕКУВАЊЕ

Штедливоста во трошењето на пари е голема одлика на христијанската мудрост. Меѓутоа, оние кои заземаат одговорни положби во нашите установи не подаруваат доволно внимание на ова прашање. Парите се драгоцен Божји дар. Во рацете на Божјите деца, парите претставуваат храна за гладните, пијалак за жедните, облека за необлечените, можност за одбрана на угнетените и средство за оздравување на болните. Паричните средства не треба без потреба и лесноумно да се трошат на задоволување на горделивоста и славољубието. {4C 571.1}

За да ги задоволиме вистинските потреби на оние со кои доаѓаме во допир, мораме строго да се раководиме според начелата на верата. Во меѓусебните односи со световните луѓе, христијаните никогаш не треба да се прилагодуваат на нивните сфаќања. Спротивноста и разликата помеѓу едните и другите мора да биде јасна и очевидна. Тие се слуги на спротивни господари. Едните се трудат во понизност да одат по патеката на послушност на сите Божји барања - по патеката на едноставност, кротост и понизност - угледувајќи се во сè на Христовиот пример. Другите во секој поглед се суштинска спротивност на првите. Живеејќи само за овој свет и копнеејќи по неговите суети, тие во потполност се оддаваат на претерување во модата и задоволувањето на апетитот. Тоа е област во која Христос на вработените во нашиот санаториум им дава посебна задача. Разликата помеѓу нас и оние кои живеат само за овој свет не смееме никако да ја намалуваме со прифаќање на неговите критериуми и застранување од патеката која Господ ја одредил за откупените. Напротив, со убавината на христијанското живеење - со применување на начелата во секојдневниот живот, со потчинување на апетитот, со контрола на разумот, со едноставноста во облекувањето и водењето на свети разговори - ние треба постојано да го осветлуваме патот пред оние кои сè уште не ги победиле нездравите навики. {4C 571.2}

Голема слабост и недоследност покажуваат оние кои, во недостаток на длабоко осведочување и начелност, толку лесноумно дозволуваат неразумните робови на модата со своето погубно влијание, да ги одвојат од едноставноста на евангелието. Ако оние кои за себе тврдат дека се реформатори, под влијание на околностите, му попуштаат на апетитот и се облекуваат во склад со барањата на постоечката мода, тоа робовите на попуштање на себе и на своите склоности само уште повеќе ги зацврстува

во нивните изопачени навики. Тие доаѓаат до заклучок дека не застраниле од правиот пат и дека не им е неопходна некоја голема промена. Издигнувајќи го високо критериумот на исправност, Божјиот народ со своето влијание треба да им помогне на оние кои се поклонуваат пред олтарот на модата да се ослободат од таа волшебна привлечност со која сатаната ги маѓепсува нивните јадни души. На оние кои се склони кон уживањата на овој свет треба да им се помогне да ја увидат сета спротивност помеѓу нивното неразумно расипништво и едноставноста на реформаторите кои го следат Христовиот пример. {4C 571.3}

Тајната на животниот успех се наоѓа во грижливото подарување на внимание во таканаречените ситници. На развојот на едноставниот лист, ситниот цвет и секоја тревка, Бог подарува исто толкаво внимание како и на создавањето на светот. Сразмерноста на силниот и прекрасен карактер секој христијанин ја изградува со совесно извршување на своите должности. Христовата поука дека и во најмалата должност треба да се биде верен исто така како и во најголемата, сите треба да ја научат. Нашето животно дело нема да ја издржи проверката пред Бога ако не се установи дека сме биле верни, трудољубиви и штедливи и во најмалите ситници. {4C 572.1}

Сите вработени во нашите институции треба будно да внимаваат ништо да не се фрла, дури и кога е во прашање нешто што не спаѓа во делокругот на нивната дејност. Секој може на свој начин да придонесе за штедење со разумно ракување на она што му е доверено. Секој треба верно и совесно да ја извршува својата работа, не затоа за да биде пофален од луѓето, туку затоа што тоа што го работи треба да биде исправно. {4C 572.2}

Поуките за значењето на штедењето Христос им ги дал на Своите ученици по повод еден случај кој заслужува посебно внимание. За да нахрани илјадници мажи, жени и деца кои ги слушале Неговите поуки, Тој извршил чудо; сепак, кога сите се нахраниле, не дозволил остатоците од храна да бидат фрлени. Оној кој со Својата божествена сила може да нахрани толкаво мноштво народ, им наредил на Своите ученици да ги соберат остатоците од храна, за ништо да не пропадне. Оваа поука е дадена не само на оние кои живееле во Христово време туку исто така и за наше добро. Божјиот Син водел грижа и за потребите на секојдневниот живот. Тој не ги занемарил ситните остатоци на храна од оваа единствена гозба, иако таква гозба можел да приготви кога сакал. Вработените во нашите установи би направиле добро кога би ја послушале поуката: „Соберете ги парчињата што останаа за ништо да не пропадне”. Тоа е должност на сите; а оние кои заземаат водечки положби треба да им бидат пример и на останатите. {4C 572.3}

Оние кои со задоволство се одзиваат на повикот со своите средства да го помогнат напредокот на Божјото дело и да ги ублажат страдањата и потребите на сиромашните и оние кои се во неволја, никогаш не се немарни во своите деловни потфати. Тие секогаш внимаваат на тоа своите расходи да ги држат во границите на реалните приходи. Тие ја прифаќаат штедливоста од начело; сметајќи го тоа како своја христијанска должност, бидејќи може да дава само оној кој има нешто. {4C 573.1}

Некои од вработените во нашите институции дозволуваат изопачениот апетит и старите навики да загосподарат со нивното срце. Слично на Израелевите синови во пустината, тие копнеат за египетскиот лук и кромид. Сите кои работат во тие установи должни се строго да ги почитуваат законите на здравјето и животот, за со својот пример и став да не ги охрабруваат другите во нивните погрешни навики. {4C 573.2}

Одвојувањето на душите од Бога обично почнува со престап во таканаречените ситници. Со еден единствен грев, со земање на забранетиот плод, Адам и Ева ги отвориле браните под незадржливиот налет на злото и несреќа која сега го преплавува целиот свет. Некој можеби мисли дека тоа бил сосем безначаен и мал престап, но по неговите последици ние денес гледаме дека тоа не било ниту малку безначајно. Небесните ангели имаат далеку поголем и повозвишен делокруг на работа отколку ние, но од нив, како и од нас, се бара и со право се очекува исправност пред Бога. {4C 573.3}

Кога раководечките луѓе умесно ги осудуваат постоечките зла во нашите установи и од сите вработени бараат да бидат исправни, штедливи и самопожртвувани, тоа никако не треба да се смета како скржавост и ситничарење. На таквите не им е под достоинство да ги чуваат интересите на нашите институции и во тој поглед. Раководечките луѓе треба строго да се држат за чесноста и исправноста во своите постапки и тогаш тоа можат и треба да го бараат и од сите кои работат под нивен надзор. {4C 573.4}

На принципиелните луѓе не им се потребни ограничувања, катанци и клучеви; над нив не е потребно будно стражарење. Тие работат верно и чесно во секое време; кога се потполно осамени, кога ничие око не ги гледа, се однесуваат така како и кога се пред очите на јавноста. Чистотата на својата душа тие нема да ја извалкаат за никаква добивка, ниту за каков и да е личен интерес. Тие ја презираат секоја подмолност. И кога никој друг не би дознал за направениот прекршок, тие самите знаат и тоа би ја уништило нивната самопочит. Оние кои не се совесни и верни во малите работи не би се поправиле во тој поглед ниту со силата на законот, ограничувања и казни. {4C 573.5}

Малку се оние кои имаат морална сила да се спротивстават на искушенијата, особено на искушенијата во поглед на апетитот, и да стекнат навика на самооткажување. За поединци кога ќе видат некој да јаде и трет оброк (вечера), тоа претставува толку големо искушение на кое не можат да се спротивстават; тие вообразуваат дека се гладни иако тоа чувство не претставува барање на желудникот за храна, туку желба на умот кој не е зацврснат со цврстината на начелата ниту со дисциплина е привикнат на самооткажување. Во никој случај не смее да се дозволи бедемите на самоконтрола и владеење над себеси да ослабат и да се урнат. Како апостол на незнабошците, Павле вели: „Туку го совладувам своето тело и го потчинувам, та проповедајќи им на другите да не бидам и самиот исфрлен”. {4C 574.1}

Оние кои нема да победат во мали работи нема да имаат морална сила да се спротивстават на поголеми искушенија. Сите кои сакаат со апостолот на крајот да можат да кажат: „сребро или злато или облека, не побарав од никого”, треба будно да се чуваат и да ја направат чесноста владеечко начело во своите секојдневни животни должности. Сè додека се задоволни кога имаат едноставна храна и соодветна облека нема да им биде тешко своите раце и срце да ги одржат чисти и неопоганети од лакомство и нечесност. {4C 574.2}

Навиките стекнати во детството и младоста имаат поголемо влијание отколку сета природна надареност да ги направи мажите и жените интелектуални великани, или пак вистински џуџиња и инвалиди во духовен поглед; зашто со лошите навики можат да се изопачат и ослабнат и најдобрите таленти. Карактерот во голема мера се обликува во раните години. Навиките на честитост и исправност стекнати во детството и младоста, го обележуваат патот на човекот низ целиот негов живот. Во повеќето случаи се покажало дека оние кои Го почитуваат Бога и копнеат по исправност, тие поуки ги примале во детството додека светот сè уште не го втиснал својот жиг на гревот и

изопаченоста во нивната душа. Повеќето мажи и жени во зрели години за прифаќање на нови впечатоци и сфаќања се нечувствителни како гранитна карпа; но

умот на младите е приемчив, и во тој период многу полесно се изградува христијанскиот карактер. {4C 574.3}

Оние кои се вработени во нашите установи имаат многу поголеми предности да стекнат добри навики, отколку останатите. Никој не е надвор од дофатот на искушението, бидејќи во карактерот на секој поединец има слаби точки кои се покажуваат дури кога искушението ќе наиде. Оние кои исповедаат христијанство, не треба како лицемерни фарисеи, да наоѓаат големо задоволство во набројување на своите добри дела, туку својата морална сила треба да ја освежуваат со постојана будност. Како верни стражари тие треба да ја чуваат тврдината на душата, свесни дека ниту за момент не смеат да попуштат во својата будност. Нивната сигурност се наоѓа само во најсесрдната молитва и жива вера. {4C 575.1}

Оние кои лесноумно поаѓаат по сопствен пат, дури и пред да бидат свесни за тоа, се заплеткуваат во мрежи од кои самите нема да можат да се ослободат. Раководечко начело за сите вработени во нашите институции треба да биде строгата исправност и чесноста. Без разлика дали се богати или сиромашни, опкружени со пријатели или потполно осамени, тие со Божја помош мораат да бидат цврсто решени под ничие влијание да не се согласат на било каков погрешен чекор. Сите тие мораат да го имаат на ум фактот дека од секој од нив лично, во извесна мера зависи напредокот на институциите кои Бог ги засновал меѓу нас. {4C 575.2}

---

58. УЛОГАТА И РАБОТАТА НА САНАТОРИУМОТ

Во текот на своето неодамнешно патување по државата Мејн се запознавме со сестра А, која ја прифати вистината за време на својот престој во нашиот санаториум. Нејзиниот сопруг некогаш бил богат индустријалец, но западнал во неволја и осиромашил. Губејќи го така своето здравје, сестра А дошла во нашиот санаториум да се лекува. Тука ја примила сегашната вистина што го потврдува со доследен христијански живот. Има четири прекрасни и интелигентни деца. Сите во потполност ја прифатиле здравствената реформа и можат да ги објаснат причините за таквиот свој став. Такво семејство може да направи многу добра во своето опкружување, бидејќи има силно и многу благотворно влијание. {4C 575.3}

Многумина кои во нашиот санаториум ќе дојдат на лекување, тука ја запознаваат и сегашната вистина и така наоѓаат не само телесно здравје туку и мрачните одаи на нивните души стануваат осветлени со светлината на љубовта на нашиот драг Спасител. Меѓутоа, колку повеќе добра би можеле да се направат кога сите кои работат во таа установа со одржување на постојана врска со Бога ќе станат канали на светлината за други луѓе. Но кај нив премногу често се појавуваат навиките и обичаите на светот, горделивост, мода, себичност и самофалење, а тие гревови во животот на таканаречените Христови следбеници му се толку одвратни на Бога, така што Тој со Својот Дух не може да работи за нив ниту преку нив. {4C 576.1}

Оние кои не се верни во земните работи нема да бидат верни ниту во духовните. Од друга страна, немарноста кон Божјите барања наведува на немарност и кон

човечките барања. Неверноста е преовладувачка појава во ова време на изопаченост и таа појава се вовлекува и во нашите цркви и установи. Насекаде се наидува на нејзината валкана трага. Тоа е еден од распространетите гревови на овој век и ќе однесе илјадници и десет илјади луѓе во пропаст. Кога вработените во нашите установи во Батл Крик кои ја исповедаат вистината би биле живи Христови претставници, тие би имале сила која би се чувствувала насекаде. Сатаната тоа добро го знае и затоа тој со сета сила на измамата и неправдата работи во оние кои пропаѓаат, за Христовото име да не се слави во оние кои тврдат дека се Негови следбеници. Срцето ме боли кога гледам како Христос се обесчестува со недостојниот живот и карактер на оние кои би можеле да служат на пофалба и чест на Неговото дело. {4C 576.2}

Искушенијата со кои сатаната го облетувал Христа во пустината -апетитот, љубовта кон светот и пречекорување на дозволеното -претставуваат три најглавни искушенија на кои луѓето најчесто им подлегнуваат. Управителите на нашиот санаториум често ќе доаѓаат во искушение да отстапат од начелата според кои треба да се управува со таква установа. Но тие никако не би смееле да застрануваат од вистинскиот пат за да ги задоволат склоностите и да им угодат на изопачениот апетит и барањата на богатите пациенти или своите пријатели. Таквото постапување секогаш има само лоши последици. Отстапувањето од поуките дадени од проповедалната или преку нашите публикации се одразува многу неповолно на угледот и моралот на самата установа и во голема мера ги неутрализира сите преземени напори во настојувањето жртвите на изопачениот апетит и страсти да се реформираат и приведат кон Христа - единственото сигурно засолниште. {4C 576.3}

Меѓутоа, злото не завршува само на ова. Ваквиот став негативно влијае не само на пациентите, туку и на работниците. Кога бариерите еднаш ќе се срушат, тогаш чекор по чекор се оди сè понатаму во погрешна насока. Сатаната им нуди многу ласкави изгледи на успех на оние кои ќе се согласат да отстапат од начелата и да ги жртвуваат чесноста и христијанската чест за да го стекнат одобрувањето на безбожните. Тој премногу често успева во своите напори и стекнува победа таму каде што би требало да наиде на отпор и да претрпи пораз. {4C 577.1}

Христос се спротивставил на сатаната во наша корист и Неговиот пример треба да нè охрабри и зацврсти во одлучноста и ние да му се спротивставиме; меѓутоа, и покрај тоа, многумина подлегнуваат на измамата на искушувачот, а што е уште полошо не подлегнуваат само тие. Секој оној кој ќе пропушти да стекне победа, со своето влијание заведува и други. Оние кои, затоа што не одржуваат постојана врска со Бога, не ја примаат Неговата благодат која христијанскиот живот ја облагородува и издигнува, ќе бидат одговорни за доброто кое можеле да го направат, но не го направиле, бидејќи се задоволуваат со земскиот начин на размислување и пријателство со непосветени. {4C 577.2}

Цело небо е заинтересирано за спасението на човекот и подготвено е да го опсипе со изобилство на своите благотворни дарови само ако тој се согласи на условите кои Христос ги поставува: „Излезете помеѓу нив и одвојте се, вели Господ и не допирајте се до нечисто”. {4C 577.3}

Одговорните луѓе во нашиот санаториум мораат особено да внимаваат разонодите и занимањата кои им ги препорачуваат на пациентите да не бидат од таков карактер да го намалуваат критериумот на христијанството, спуштајќи ја оваа институција на ниво на останатите, бидејќи на тој начин слабее силата на вистинската побожност во душите на оние кои тоа го прават. Световните и театарските приредби нема да придонесат ниту

за напредок на санаториумот ниту за здравјето на пациентот. Колку и да им пружите задоволства од таков вид, тие нема да бидат задоволни сè додека не им овозможите тоа постојано да го гледаат. Нивниот ум е постојано во трескавично исчекување на нешто ново и возбудливо, а токму тоа не би требало да се поттикнува. Таквите приредби, кога еднаш ќе се дозволат, пациентите кои се склони на тоа, ќе ги бараат и очекуваат повторно, и веќе не наоѓаат задоволство во некое едноставно занимање. Меѓутоа, на многу болни одморот и мирот им одговараат повеќе отколку возбудувањата. {4C 577.4}

Набргу по воведувањето на ваков вид на приредби и забави, во душите на многумина би исчезнала секоја забелешка против театарот, а залагањето сценариото на сцената да биде со морално-поучен карактер би ја срушило и последната препрека. Оние кои се за тоа во нашиот санаториум да се дозволи таков вид на разонода, подобро би направиле ако бараат од Бога мудрост која тие сироти гладни и жедни души би ги привела кон Изворот на вистинската радост, мир и среќа. {4C 578.1}

Кога еднаш ќе се застрани, не е ниту малку лесно да се врати на правиот пат. Препреките се срушени, мерките на безбедност отстранети. Еден чекор во погрешна насока го подготвува патот за друг. Една единствена чаша на вино може да ја отвори вратата на искушението, па тоа да прерасне во навика, а таквата навика конечно ја претвора жртвата во пијаница. Желбата за одмазда, ако се негува во срцето, го отвора патот на низа чувства кои завршуваат со убиство. Најмалото отстапување од исправноста води кон одвојување од Бога и може да заврши со отпад. Она што еднаш ќе го направиме, природно е дека другиот пат ќе го направиме уште полесно; и да продолжиме по вообичаениот пат, без разлика дали тој е добар или погрешен, полесно е отколку да појдеме по некој нов пат. Да се биде секогаш на страна на правдата и вистината, така што тоа ќе ни стане навика, е многу потешко отколку да се изопачи својот пат пред Бога. Еднаш стекнатите и врежани навики, без разлика дали тие се добри или погрешни, човекот тешко ги менува. {4C 578.2}

Водечките луѓе во нашиот санаториум можат без никакво двоумење и одложување да заклучат дека барањата на таквите кои среќата ја бараат само во нешто ново и возбудливо никогаш нема да можат да ги задоволат. На многумина од нив тоа им била духовна храна во текот на целиот живот; многумина страдаат од диспепсија, не само во физички туку и во духовен поглед. Душевните страдања на таквите го загорчуваат животот многу повеќе отколку болеста на телото и тие себеси не можат да си најдат олеснување во ништо сè додека не му се обратат на Христа, Кој е единствен извор на животот. Само тогаш ќе престане нивното лелекање поради заморот, осаменоста и незадоволството. Задоволството и радоста ќе донесат сила и бистрина на нивниот ум, и здравје и животна енергија на телото. {4C 578.3}

Ако лекарите и помошниот персонал си ласкаат себеси дека пронашле универзален лек за своите пациети, препорачувајќи им разноди слични на оние кои биле проклетство за нивниот живот, ќе се разочараат. На разонодите со таков карактер не треба никако да им се придава она што може да се најде само на Живиот извор. Гладните и жедни души ќе продолжат да гладуваат и да бидат жедни сè додека се обидуваат да најдат задоволување на такви извори. Но оние кои се напојуваат на Изворот на жива вода нема веќе да жеднеат за ништожностите на сетилните возбудувања кои ги нудат таквите разноди. Начелата на верата, кои ја издигнуваат и облагородуваат душата, ќе ги зацврстат силите на умот и ќе ги неутрализираат нездравите барања за такви задоволства. {4C 579.1}

Товарот на гревот, со своите немирни и недозволени желби, се наоѓа на самиот темел на многубројни болести од кои грешникот толку страда. Моќен Исцелител за душата заболена од грев е само Христос. На тие сироти пациенти им недостига појасна претстава за Христа, бидејќи вистинското знаење за Него донесува вечен живот. Нив треба трпеливо и благо, но сепак сесрдно да ги поучуваме како да ги отворат прозорците на своите души, за блескавите зраци на Божјата љубов да ги осветлат одаите на нивниот ум. Највозвишените духовни вистини срцето може да ги сфати набљудувајќи ги секојдневните појави во природата. Птиците кои весело летаат во воздухот, полското цвеќе во својата убавина, ‘ртењето и развојот на семето фрлено на земја, родните лозја, дрвјата со своите нежни пупки и бујно зеленило, величественото заоѓање на сонцето, бојата на облаците која го претскажува прекрасното утро, редовната смена на годишните времиња - сето тоа ни пружа драгоцени поуки за вистината и за верата. Тука на фантазијата ѝ се нуди плодно поле по кое може непречено да крстари. Просветениот ум со најголемо задоволство може да размислува за поуките на божествената вистина кои Откупителот на светот во Своите параболи со задоволство ги поврзувал со појавите во природата. {4C 579.2}

Христос остро ги укорувал луѓето кои живееле во Негово време затоа што од природата не извлекувале духовни поуки кои можеле да ги научат. Сè во природата, живо и неживо, му пружа на човекот знаење и претстава за Бога. Божјиот создавачки ум кој делува на појавите во природата, исто така му зборува на умот и срцата на човечките синови и поттикнува во нив неискажан копнеж за нешто што го немаат. Работите и вредностите на овој свет не можат да го задоволат копнежот на душата. На секоја душа која чувствува таква жед ѝ е упатена божествената порака: „И Духот и невестата зборуваат: Дојди. И кој слуша нека каже: Дојди. И кој е жеден нека дојде и кој сака нека земе од водата на животот дарум”. {4C 580.1}

Светиот Дух постојано влијае на умот на човекот да копнее за она што единствено може да донесе мир и спокојство на неговата душа - повозвишена, света небесна радост. Христос, како Господар на животот и славата, го дал Својот живот за да го откупи и спаси човекот од робувањето на сатанската власт. Преку видливи и невидливи влијанија, Спасителот постојано делува на човечките срца за да го насочи нивното внимание од суетните земни задоволства на богатството кое можат да го наследат во бесмртната иднина. {4C 580.2}

Бог сака Неговиот народ, со Своите зборови и постапки, да му покаже на светот дека никакви земни привлечности или земното богатство немаат доволно вредност за да ја надополнат загубата на небесното наследство. Оние кои навистина се деца на светлината и денот нема во своите разговори, облекување и однесување да бидат површни ниту лесноумни, туку трезвени и разумни, трудејќи се со своето влијание да придобијат души за Спасителот. Христовата љубов, која зрачи од крстот, постојано се залага пред Таткото за грешниците, врзувајќи ги со јажиња на бескрајната добрина за мир и среќа кои се наоѓаат само во Него. Од сите Свои следбеници Христос бара да бидат живо сведоштво и со начинот на своето однесување, облекување и разговор во сите животни прилики јасно да покажат дека вистинската побожност е корисна за сите и во овој и во идниот живот, дека само така можат навистина да се задоволат потребите на душите. {4C 580.3}

Божјата слава се манифестира во делата на Неговите раце. Со истражување на тајните кои се кријат во тие дела, умот може да се зацврсне и постојано да се развива. И умот кој бил злоупотребуван со читање на човечки измислици може да најде

отворена книга во природата и на нејзините страници насекаде да ја читаат вистината за прекрасните Божји дела. Изобилство на предмети за проучување секој може да најде во обичниот лист на шумското дрво, во секоја тревка која ја покрива земјата со својот прекрасен зелен килим, во растенијата и цвеќињата, во величественото дрво во гората, во високите планини, во гранитните карпи, во вечното бранување на бескрајниот океан, во прекрасните ѕвезди кои го осветлуваат небесниот свод и ја разубавуваат ноќта, во неискажаното богатство на сончевото заоѓање, во свечената убавина на месечината, во студенилото на зимата, во врелината на летната жега, во промената на годишните времиња, во совршениот ред и склад со кој бескрајната сила сето тоа го држи под своја контрола; сето тоа се предмети кои бараат длабоко размислување и крајно напрегање на фантазијата. {4C 581.1}

Кога површните луѓе желни за уживање ќе го активираат својот ум со размислување за она што е реално и вистинито, тие, додека во срцето се восхитуваат на убавините на природата, ќе чувствуваат стравопочит кон Бога како Творец на природата. Набљудувањето на природата и размислувањето за Божјиот карактер, како што Тој се открива во Неговите дела, отвора пред нас ново поле за размислување и го одвраќа од ниските разоноди. Со стекнување на знаење за Божјите дела и Неговите патишта можеме да започнеме на овој свет; тоа проучување ќе продолжи низ бескрајните времиња на вечноста. Бог им дал за размислување на луѓето такви предмети кои ги активираат сите способности на умот. Карактерот на Творецот можеме да го читаме во Неговите дела и на небото и на земјата, така што нашето срце секогаш ќе биде исполнето со благодарност. Секој наш нерв и секое сетило треба да одговараат на изразите на Божјата љубов во Неговите чудесни дела. Сатаната измислува земни привлечности за умот на необратените да се насочува кон она што не може да го издигне ниту да го облагороди; на тој начин умните способности слабеат и закржлуваат, а мажите и жените кои би можеле да достигнат совршенство на карактерот стануваат ограничени, слаби и неделотворни. {4C 581.2}

Божја намера е санаториумот кој е подигнат по Негово упатство цврсто да стои како светилник од кој секогаш ќе одѕвонуваат зборовите на предупредување и опомена. Тој сака да му покаже на светот дека установата која како засолниште за болните ќе се раководи според начелата на верата, може да опстане не жртвувајќи го својот свет карактер на посебноста и останувајќи потполно слободна од сите негативни појави кои можат да се видат во институциите од сличен вид. Нашиот санаториум во Неговите раце треба да биде успешно орудие за спроведување на големи реформи како што се: исправување на погрешните животни навики, издигнување на моралот, промена на вкусот и реформа во облекувањето. {4C 582.1}

Со нездравите обичаи во облекувањето, за да ја следат најновата мода, жените се изложуваат на болести од секој вид и затоа мора да им се предочи фактот дека лекувањето може да успее само ако претходно ја прифатат реформата. На барањата на изопачениот апетит им се попушта сè додека не се појави болест како неизбежна последица од тоа. Така злоупотребените и онеспособени органи не можат да зајакнат и да се опорават без најодлучна реформа. И ако вработените во санаториумот не се доследни претставници на вистината за здравствената реформа во секој поглед, тие први мораат одлучно да се реформираат или мораат да се оддалечат од таа институција. {4C 582.2}

Духовната свест на многумина е на толку ниско ниво така што Бог не може да работи за нив ниту преку нив. Правецот во кој се насочуваат мислите мора да се измени,

моралната чувствителност мора да се пробуди за да можат Божјите барања правилно да се сфатат. Постојаната свест дека со своите зборови, со своето облекување и однесување ја покажуваме својата поврзаност со Бога ја претставува суштината на правата вера. Наместо горделивост, треба да манифестираме понизност; наместо лесноумност, трезвеност; а наместо неверство и безгрижна рамнодушност, вистинска побожност. {4C 582.3}

Оние кои имаат долгогодишно искуство во верскиот живот треба, пред сите останати, најдобро да ги употребат талентите кои Господарот им ги доверил. Меѓутоа, примерот на многумина жално покажува дека премногу се прилагодуваат на овој свет, наместо да го чуваат посебниот и различен карактер на избраниот Божји народ. Тие повеќе попуштаат отколку да се спротивставуваат на барањата на изопачениот апетит и склоностите да се облекуваат во склад со мерилата на овој свет. Сето тоа е во спротивност со она што Бог и ангелите сакаат да го направат за нас - за да нè издвојат и изведат од овој свет. Како народ, треба поцелосно да му се посветиме на делото и од Бога да бараме сила зада можеме да одговориме на потребите на ова време. Колку што беззаконието повеќе се намножува во овој свет, толку Божјиот народ треба потесно да одржува постојана поврзаност со небото. Поплавата на моралното зло продира со таква сила така што доколку не ги чуваме нашите нозе цврсто да стојат на карпата на Исуса Христа - ќе изгубиме рамнотежа и ќе бидеме збришани од нејзините бранови. {4C 582.4}

Напредокот на нашиот санаториум зависи не само од интелигенцијата и знаењето на своите лекари, туку и од Божјото одобрување. Ако биде воден на начин кој Бог може да го благослови, Тој ќе му подари голем успех и ќе биде понапреден од секоја друга институција од тој вид на светот. На водечките луѓе и на сите вработени во таа установа им е дадена голема светлина, големо знаење и извонредна предност; и во сразмер со светлината која ја добиле, но не ја пренесуваат на други, ќе биде и нивната осуда, доколку не се поправат. {4C 583.1}

Некои од нив застрануваат од правиот пат и покажуваат дух на неверство. Тие сметаат дека со причина можат да се сомневаат во Божјата реч и Неговото дело, затоа што однесувањето на некои кои тврдат дека се христијани, според нивно мислење е погрешно. Но зар тоа треба да го разниша темелот на нивната вера? Животот на други не треба да биде основа на нашата вера. Ние во сè треба да се угледаме на Христа, Кој е совршен пример. Оние кои дозволуваат нивната врска со Христа да ослабне затоа што другите грешат, затоа што гледаат недостатоци во карактерот на оние кои ја исповедаат вистината, секогаш ќе стојат на нестабилен песок. Очите на сите нас треба да бидат насочени во „Основоположникот и Завршетокот на нашата вера" и својата душа треба да ја храбриме и зајакнуваме со уверувањето на големиот апостол: „Тврдо стои Божјиот темел имајќи го овој печат: ги познава Господ Своите". Бог не може да се измами. Тој точно го чита карактерот на секој од нас. Тој ги одмерува побудите. На Неговото око кое гледа сè ништо не може да остане незабележано. Мислите, побудите и намерите на срцата - сè пред Него е голо и откриено. {4C 583.2}

За сомневање и скептицизам нема никакво оправдување. Да веруваат можат сите ако сакаат да одлучуваат врз основа на доказите, бидејќи Бог дава доволно причини за тоа. Но оние кои чекаат да се отстрани секоја привидна пречка па дури тогаш да веруваат, никогаш нема да бидат утврдени, вкоренети и втемелени во вистината. Бог никогаш нема да ги отстрани сите привидни тешкотии од нашиот пат. Оние кои сакаат да се сомневаат секогаш ќе најдат прилики за тоа; оние пак, кои сакаат да веруваат ќе најдат изобилство на докази на кои ќе ја засноваат својата вера. Ставот на некои е

необјаснив дури и за нив самите. Тие се препуштаат на околностите и како брод без кормило талкаат во маглата на неизвесност. Сатаната брзо го презема кормилото во свои раце и го води нивниот несигурен брод каде што сака. Оттогаш тие потполно зависат од неговата волја. Ако во своите мисли не ги слушале сатанските дошепнувања, тие не би биле заведени од неговите лукавства; ако биле утврдени на Божја страна не би дозволиле да се збунат и да се измамат. {4C 583.3}

Бог и Неговите ангели будно и со голем интерес го следат развојот на карактерот и ја проценуваат моралната вредност на секоја душа. Оние кои ќе се спротивстават на сатанските лукавства од секое искушение излегуваат како злато прочистено во оган. Оние пак, кои се препуштаат на телесните искушенија, вообразуваат како и Ева во свое време, дека станале чудесно мудри, за да се издигнат над секое незнаење и ограничена совесност; но токму како неа, ќе увидат дека се жално измамени. Заменувајќи ја небесната мудрост со недоверливото човечко расудување, тие всушност се обидуваат да фатат нереална сенка. Малку знаење ги прави вообразени. Меѓутоа, подлабокото познавање на Бога и поцелосното познавање на самиот себе повторно би ги направило душевно здрави и разумни луѓе, стабилно утврдени на страна на вистината, страна на која се и Бог и ангелите. {4C 584.1}

Божјата реч ќе му суди на секој од нас во последниот голем ден. Младите со задоволство зборуваат за науката и ја издигаат својата мудрост над она што е напишано во Светите списи; тие се обидуваат со своето ограничено сфаќање да ги објаснат Божјите патишта и дела; но сето тоа претставува беден неуспех. Вистинската наука и вдахновената Божја реч се во совршен склад. Лажната наука е нешто независно од Бога и претставува претенциозно незнаење. Таа измамничка моќ го заробува и подјармува умот на многумина и тие ја бираат темнината наместо светлината. Тие преминуваат на страната на неверството како да е тоа некоја доблест и како сомнежот да е знак на големиот ум, додека тоа всушност е обележје на умот кој е премногу слаб и ограничен да го препознае Бога во Неговите создадени дела. И да ги напрегаат сите истражувачки сили на својот ограничен ум, тие не можат да проникнат во тајните на Божјото провидение. И бидејќи ограниченият ум на смртникот не е во состојба да го објасни Божјото дело, сатаната со своите лажливи заклучоци ги вовлекува во стапиците на неверство. Кога оние кои се сомневале би сакале потесно да се поврзат со Бога, Тој јасно би им ги открил Своите намери. {4C 584.2}

Духовните прашања треба духовно да се разгледуваат. Телесниот и непрепороден ум не може да сфати такви тајни. Ако оние кои постојано поставуваат некои прашања и се сомневаат и понатаму продолжат да го следат големиот измамник, впечатоците и осведочувањата на Божјиот Дух ќе стануваат сè послаби, а сатанските напади сè почести - сè додека нивниот ум потполно не се потчини на неговата власт. Тогаш Божјата сила и Неговата мудрост за тие заблудени души ќе изгледаат како лудост, а она што Бог го смета за лудост, ним ќе им изгледа како најголема мудрост. {4C 585.1}

Едно од големите зла кое ги следи научните истражувања е фактот дека оние кои се занимаваат со такви истражувања премногу често го губат од вид божественият карактер на чистата и нефалсификувана вера. Филозофите на овој свет се обидуваат со научни методи да го објаснат влијанието на Божјиот Дух на човечкото срце. Но и најмалиот чекор во тој правец ја одведува душата во лавиринтот на скептицизмот. Библиската религија претставува едноставна тајна на побожноста; тоа не може потполно да го сфати и објасни ниту еден човечки ум, а за непрепороденото срце тоа е потполно неразбирливо. {4C 585.2}

Божјиот Син го споредува делувањето на Светиот Дух со ветар кој „дува каде што сака и Неговиот глас го слушаш, а не знаеш од каде доаѓа и каде оди”. На друго место во Светите Списи читаме како Откупителот на светот се израдувал во Духот, велејќи: „Те славам Татко, Господе на небото и земјата, што го сокри ова од премудрите и неразумните, а им го откри на невините”. Спасителот се радувал што планот на спасението е таков што оние кои се сметаат мудри и кои се гордеат со познавање на празната филозофија не можат да ја увидат убавината, силата и тајната на евангелието. Меѓутоа, на сите оние кои се со понизно срце и кои ги примаат поуките како невини деца, сакајќи да ја запознаат волјата на својот небесен Татко и да ја творат - на таквите им се открива Божјата реч како Божја сила за спасение. Делувањето на Светиот Дух на оние кои не се наново родени им се чини како лудост. Апостол Павле вели: „Ако е покриено нашето евангелие, покриено е за оние кои пропаѓаат; во нив богот на овој свет го заслепува разумот на неверниците, за да не им засветли светлината на евангелието на Христовата слава, Кој е обличје на невидливиот Бог за очите на смртникот”. {4C 586.1}

Успехот на санаториумот зависи од тоа колку во него се одржува едноставност на побожноста, а се одбегнуваат лудостите на овој свет во јадењето, пиењето, облекувањето и начинот на забавување. Тој како установа мора да делува реформаторски во секој поглед. Не внесувајте никакви новини за да ги задоволите желбите на поединците, ако тоа ги зазема времето и вниманието кои треба да му се посветат на Христа и на Неговата служба; бидејќи тоа ја слабее и уништува моќта на оваа установа како Божје орудие во обраќањето на сиротите грешници кои, игнорирајќи го патот на животот и мирот, бараат среќа во гордоста и лудостите на суетата. {4C 586.2}

„Биди верен на целите и интересите на Божјото дело”, тоа треба да биде став на сите кои работат во санаториумот. Иако на пациентите не треба со сила да им се наметнува нашата вера ниту да се впуштаме со нив во верски расправи, нашите публикации и списанија, внимателно одбрани и вкусно сервирани, секогаш треба да им бидат пред очи. Верскиот дух треба да се чувствува и преовладува во сè. Тој секогаш треба да биде сила на оваа установа. Не дозволувајте ова засолниште за оние кои бараат оздравување да се изроди во служба на световност и суета на модата. Во нашата земја (се мисли на САД) има многу здравствени установи кои повеќе личат на комфорни хотели отколку на место каде што болните и страдалниците можат да најдат олеснување и оздравување од сите болести. Ова е единствено место каде што душите заболени од грев можат да најдат мир и спокојство во Исуса Христа. Тука верските начела секогаш и во сè треба да бидат на прво место; отфрлете ја горделивоста и секоја желба за популарност и одобрување на овој свет; едноставноста, честитоста, љубезноста и верноста нека се огледуваат во сè; тогаш санаториумот навистина ќе биде она што според Божја намера треба да биде; и тогаш ќе стекне Неговото одобрување. {4C 586.3}

---

59. ВЛИЈАНИЕТО НА ДРУШТВОТО

Во нашите установи, каде многумина работат заедно, влијанието на дружењето е многу големо. Дружењето е нешто за што сосем природно се копнее. Секој во животот наоѓа пријатели или ги создава. И токму во сооднос со длабочината на пријателството ќе биде и силата на влијанието кое пријателите взаемно го вршат еден на друг во позитивна или негативна смисла. Секој има пријатели и секој влијае на некого, а во исто време и сам потпаѓа под влијание на другите. {4C 587.1}

Таинствена врска ги поврзува срцата на оние кои ќе се спријателат, така што склоностите, вкусовите и начелата на двајцата пријатели стануваат слични. Тие се копираат еден со друг во склоностите, во постапките и во начинот на однесување. Како што печатниот восок ги задржува отпечатоците на печатот, така и умот ги задржува впечатоците примени во дружењето и контактирањето со другите. Влијанието може да се пренесува потполно несвесно, но тоа ниту малку не ја намалува неговата сила. {4C 587.2}

Кога би можеле да ги убедиме младите да се дружат со оние кои се морални чисти, промислени и добродушни, последиците од таквото дружење би биле за секоја пофалба. Кога тие би се дружеле само со оние кои се плашат од Господа таквото дружење би ги правело само уште поцврсти во вистината и светото чувство на должност. Влијанието на доследниот христијански живот е вистинска сила на добро. Но од друга страна, оние кои се дружат со лица со сомнителен карактер и погрешни животни погледи, наскоро и самите ќе појдат по нивниот пат. Склоностите на непрепороденото срце водат само на зло. Оној кој се дружи со скептиците, наскоро и самиот станува скептик; оној кој бира друштво на неморални неизбежно и сам станува неморален. Самото присуство на безбожничкиот собир значи да се направи првиот чекор на патот по кој одат грешниците и да се седне во друштвото на злите. {4C 587.3}

Сите оние кои сакаат да изградат примерен христијански карактер треба да се дружат само со оние кои се сериозни, промислени и склони кон побожност. Оние кои сакаат да градат за вечноста и пресметуваат што тоа ќе ги чини, мораат за својата градба да бираат само најдобар материјал. Ако употребуваат градежно дрво кое веќе скапува, ако се задоволуваат со своите карактерни недостатоци, нивната градба е однапред осудена на пропаст. Секој нека внимава како зида и што вградува. Кога бурата на искушенијата, која уништува сè пред себе, ќе се сруши и на нивната градба, таа нема да ја издржи пробата, ако не е цврсто и совесно градена. {4C 588.1}

Доброто име е подрагоцено од злато. Младите се склони да се дружат со оние кои се „пониски" во морален и интелектуален поглед. Каква среќа, реално, една млада личност може да очекува ако по своја волја се дружи со лица чии мисли, склоности и однесување се на толку ниско ниво? Некои имаат сосем изопачен вкус и лоши навики, и сите кои се дружат со таквите, природно се поведуваат по нивниот пример. Времето во кое живееме е полно со опасности пред кои секое срце би требало да затрепери од страв. Сведоци сме како мислите на многумина талкаат по лавиринтот на сомневање и неверство. Причина за тоа се отфрлањето на вистинското знаење, горделивоста и пропустите во изградба на карактерот. Понизноста е лекција која паднатиот човек многу тешко ја учи. Во човечкото срце постои нешто што секогаш се спротивставува на јасно откриената вистина во поглед на односот помеѓу Бога и грешникот, во поглед на престапувањето на Божјиот закон и можностите за простување благодарение на Христовите заслуги. {4C 588.2}

Браќа мои и сестри, и млади и стари, секогаш кога имате слободно време, отворете ја Библијата и збогатете го својот ум со нејзините драгоцени вистини. Додека се

занимавате со својата работа, мислете секогаш на Бога; помалку зборувајте, а повеќе размислувајте. Имајте на ум „дека за секој празен збор кој ќе го изговорат луѓето, ќе дадат одговор на денот на судот". Вашите зборови нека бидат одбрани; на тој начин затворете ја вратата пред непријателот на душите. Започнете го секој ден со молитва; работете како пред Божјите очи. Неговите ангели се секогаш пред вас; тие ги бележат вашите зборови, вашето однесување и начинот на кој ги извршувате своите работи. Ако, отфрлајќи го добриот совет, се дружите со оние кои се очевидно ненаклонети кон верата, иако за себе тврдат дека се христијани, набргу ќе станете како нив. Вие сами се изложувате на искушенија, истрчувате на сатанското бојно поле, и доколку не бидете постојано внимателни, ќе бидете совладани од неговите лукавства. Има поединци кои извесно време се прават побожни, но со својот живот во секој поглед покажуваат дека пред очите не им е ниту Бог ниту просветената совест. Тие се лесноумни и несериозни и разговорите им се на исклучително ниско ниво. Со додворување и сонување за бракот нивниот ум е обземен до таа мера што во него нема место ниту една повозвишена и поблагородна мисла. {4C 588.3}

Друштвото кое вработените во нашите установи сега го бираат ќе ја одлучи нивната судбина и за овој и за идниот живот. Кај некои кои некогаш биле совесни и верни доаѓа до тажна промена; тие ја прекинале својата поврзаност со Бога и сатаната успева да ги намами на своја страна. Потполно лишени од побожност и почит кон верата, тие сега многу негативно влијаат на оние кои дозволуваат лесно да бидат заведени. Лошото друштво го изопачува карактерот и ја поткопува цврстината во начелата. „Кој оди со мудрите станува мудар, а кој се дружи со безумниците станува полош". {4C 589.1}

Младите се наоѓаат во голема опасност; но тие се заслепени и не гледаат каде ги водат нивните склоности и какви ќе бидат последиците од нивните стремежи. Тие наоѓаат задоволство само во недолична забава и со тоа се залудени. Во таквите врски нема ништо благородно, достоинствено или свето. Сатаната наоѓа вистинско задоволство во тоа што го прават таквите, бидејќи токму тој ги поттикнува на тоа. Тие тврдоглаво, самоволно и дрско ја отфрлуваат секоја опомена која ќе им се упати, бидејќи сметаат дека тие опомени, совети и укори, воопшто не се однесуваат на нив. Ниту најмалку не се вознемируваат поради своето однесување кое сè повеќе ги оддалечува од Божјата љубов и светост. Тие губат разбирање за она што е свето и неминливо; и иако формално ги извршуваат своите христијански должности, во тоа воопшто не учествуваат со срце. Предоцна овие измамени души ќе увидат дека „тесната врата и тесниот пат водат во живот и малку се оние кои го наоѓаат". {4C 589.2}

Сите наши зборови, постапки и побуди се запишуваат во небесните книги; но колку малку овие лесноумни, површни и бесчувствителни момчиња сфаќаат дека Божјите ангели верно запишуваат како тие го користат своето драгоцено време. Бог ќе ги изнесе на виделина сите зборови и сите постапки. Тој е на секое место. Неговите гласници, иако невидливи за очите на смртникот, се присутни во секоја работилница и во секоја спална соба. Скриените дела направени во темнина, ќе бидат изнесени на виделина. Секоја помисла, секоја побуда и намера на срцето ќе биде разоткриена. Сè е голо и откриено пред очите на Оној Кому мораме да му положиме сметка за сè. {4C 589.3}

Работниците на нашите установи секогаш и на секое место треба да го имаат Исуса пред себе. Сè што прават христијаните треба да биде направено беспрекорно и темелно, така што може да ја издржи секоја проверка. Совесноста е битна и во секојдневните животни должности исто така како и во оние кои повлекуваат со себе поголеми одговорности. Некои можеби сметаат дека работата со која се занимаваат не

ја облагородува душата; меѓутоа, работата ќе биде токму онаква каква што тие ќе ја направат. Своето занимање тие сами го понижуваат или пак издигнуваат. Ние сакаме свеста за достоинството на работата да го натера секој мрзлив човек да заработува за својот насушен леб; бидејќи работата е благослов, а не проклетство. Со трудољубива работа се чуваме од многу стапици на непријателот, кој секогаш ќе најде штетна и лоша работа за невработените раце. {4C 590.1}

Никој од нас не треба да се срами од работата, колку таа и да изгледа безначајна и долична само за слуга. Работата го облагородува човекот. За работници се сметаат сите кои совесно ги извршуваат своите работи со мозок или со раце. И оние кои перат алишта или садови во кујната ја извршуваат со тоа својата должност и укажуваат почит кон својата вера како и со одењето на богослужение. Додека рацете се вработени со најобични работи, умот може да се издигнува и облагородува со чисти и свети мисли. Работниците кои покажуваат непочитување кон верските обврски треба да се оддалечат од работата. Никој нека не мисли дека установата во која работи не може без него. {4C 590.2}

Оние кои веќе подолго се вработени во нашите установи, сега би требало да бидат одговорни и доверливи луѓе на кои можеме да се потпреме во секој поглед, луѓе кои се толку верни на својата должност како магнетната игла на полот. Ако правилно ги искористиле приликите и можностите кои им биле дадени, би можеле да изградат урамнотежен карактер и ќе стекнеле подлабоко и живо искуство во верскиот живот. Но некои од тие работници го напуштиле Бога и верата, која за нив веќе не е начело вткаено во нивниот живот, начело за кое се држат секогаш и на секое место и кое претставува кормило на нивната душа. Желба ми е сите наши работници да имаат на ум дека успехот во овој живот како и успехот во стекнувањето на вечниот живот во голема мера зависи од верноста и совесното извршување на малите должности. Оние кои копнеат за поголеми положби треба да се покажат верни во оние должности кои засега им се од Бога доверени. {4C 590.3}

Совршенството на Божјото дело може јасно да се види во создавањето на најмалиот инсект како и во обликувањето на најголемата птица која се смета за цар на птичјиот свет. Душата на малото дете кое верува во Христа е драгоцена во Неговите очи како и ангелите кои го опкружуваат Неговиот престол. „Бидете совршени како што е совршен вашиот небесен Татко”. Како што Бог е совршен во Својот делокруг, така и човекот треба да биде совршен во делокругот на својата дејност. Која работа и да ја работиме, треба тоа да го извршуваме добро и до крај. Верноста и чесноста во мали работи, совесното извршување и на најмалите должности и малите дела на добродетелство, ќе ни донесат радост и пријатно расположение на нашиот животен пат; и кога нашиот животен пат на овој свет ќе заврши, секоја од тие мали, но верно извршени должности ќе остане пред Бога незаборавена како драгоцен бисер. {4C 591.1}

---

60. ЗДРУЖЕНИЈА ЗА ПУБЛИКАЦИИ

Во мојата последна визија укажано ми е на развојот и напредокот на делото на сегашната вистина. Кога беше основана нашата издавачка куќа во Батл Крик, наклонети на Божјото дело имаше малку, а нашиот народ беше сиромашен. Но кога и да

побаравме помош, многумина благородно се одзвале и го помогнале делото инвестирајќи во издавачката работа. Духот на пожртвуваност кој тогаш се манифестирал бил навистина по волја на Господа. {4C 591.2}

Оттогаш поминаа дваесет и шест години и благодарение на Божјото провидение светлината на сегашната вистина се шири на сите страни. Почетокот навистина беше скромен и првите поборници на ова дело морале да поднесуваат големи жртви. На секој чекор имаше големи пречки и сериозни препреки кои требаа да се совладаат. Нашите членови кои ги вложиле своите средства во нашата издавачка установа „Преглед" го направија токму она што Господ со право го очекува од нив. Тој им ги доверил нивните средства за да бидат употребени за напредок на Неговото дело. {4C 591.3}

Изминатото време донесе со себе големи промени. Светлината која постепено ја примаме сè повеќе се шири. Додека оние кои копнеат за вистината загрижено се прашуваат: „Стражару, што ќе правиш вечерва?" постојано се упатува мудар одговор: „Доаѓа утро, но и ноќ". Со внимателно проучување на пророштвата увидовме каде се наоѓаме во историјата на светот; и веќе со сигурност знаеме дека Христовото доаѓање е многу близу. Резултатите од тоа проучување мораат да му се прикажат на светот со посредство на нашите публикации. Со оглед на тоа дека делото се шири во секој поглед, од година во година се потребни сè поголеми средства и начинот на работа постојано се усовршува. Делото сè повеќе напредувало, така што и светот се чуди на напредокот кој го следи објавувањето на една толку непопуларна вистина. Но и покрај проширената светлина, докажаните вистини и сè поголемите можности за напредок на делото, резултатите од нашата работа сè уште не одговараат на верата која ја исповедаме. {4C 592.1}

Ако било исправно што членовите вложувале во нашите издавачки установи додека нашата работа со своето влијание била од значително помал обем, зар тоа не е уште попотребно и позначајно денес кога за работата која во меѓувреме толку се проширила се потребни и соодветни средства? Доказите за нашиот став и учење стануваат сè поочевидни и сè побројни секоја година. Имаме непобитни докази дека ја поседуваме вистината јасно откриена во Божјата реч - дека со истакнување на третата ангелска порака не ширите измислени приказни, туку „најсигурната пророчка реч". Ние сега ја имаме библиската вистина во полн сјај на нејзината светлина. {4C 592.2}

Господ го повикува Својот народ да се пробуди и својата вера да ја покаже со дела. Во минатото, кога бевме толку малубројни, кога оние кои имаа финансиски можности сметаа дека е нивна должност да инвестираат во нашите издавачки куќи, нивните молитви и нивните прилози - како плод на истрајното и самопожртвувано залагање - излегуваа пред Бога како сладок мирис на темјан. Нашите браќа и сестри кои го добиваат драгоцениот леб на животот преку нашите публикации би требало да имаат поголема волја да даваат свои прилози за развој на делото отколку оние кои толку очевидно ја сакале вистината во изминатите години. {4C 592.3}

Браќа мои, Бог ќе ве благослови ако за нашите издавачки куќи покажете таков интерес како за своја лична своина. Оние кои сè уште не вложиле свој капитал во тие установи имаат предност со свои средства да го помогнат тоа добро дело. Нам ни се потребни не само вашето разбирање и вашите молитви, туку и вашите финансиски средства. Потребна е ваша сесрдна соработка. Се надеваме дека сите кои со сето срце се на Господова страна ќе бидат подготвени да вложат свои средства во тие установи. Неоспорна е вистината дека ние ја имаме последната порака на милост која треба да

му се однесе на светот. Вистина е исто така дека нашето дело наскоро ќе заврши. Тоа е јасно откриено во Божјата реч. Крајот на сè многу се приближува. Затоа опомената треба што побргу да се однесе во сите краеви на свет. {4C 593.1}

Нашите издавачки куќи станале сила во светот. Дошло до голема промена. Благодарение на поволните прилики и можности со вистината, денес полесно се допира до оние кои сè уште се наоѓаат во темнината на заблудата и ним не им е толку тешко како некогаш да ја препознаат и прифатат. Оние кои на почетокот го предводеле делото биле изложени на комбинирани напади на зли луѓе и зли ангели. Непријателството кое сатаната, делувајќи преку луѓето како свои орудија, нескриено го покажувал, било изненадувачки жестоко. Од друга страна верниците - иако малубројни - сесрдно и ревно застанувале во одбрана на Божјата чест, издигнувајќи го Неговиот закон кој со векови бил газен и потиснувајќи го сатанското делување кое се манифестирало во убиствените заблуди од секој вид. {4C 593.2}

Од првиот момент сатаната се спротивставува на ова дело. Тој е цврсто решен и со сите свои сили настојува да ги замолчи и избрише од лицето на земјата сите оние кои се залагаат за ширењето на светлината и вистината. Со клевета и лажно обвинување кое е насочено кон тоа да ја задуши драгоцената вистина и да ги обесхрабри нејзините поборници, тој до извесна мера и успеал. Големиот противник на разни начини ги користел сите пеколни сили на лагата и измамата и со секој свој напор успевал на своја страна да привлече по еден или повеќе таканаречени Христови следбеници. Оние кои се необратени во срцето и кои повеќе се во хармонија со архиизмамникот отколку со Христа, по извесно време го покажуваат својот прав карактер и се придружуваат на друштвото на оние на кои ѝ припаѓаат. {4C 593.3}

Сатаната држи под своја контрола не мал број на оние кои се сметаат пријатели на вистината и преку нив најуспешно го попречува нејзиниот напредок. Преку таквите тој лукаво сее какол меѓу Божјиот народ. Така и меѓу нас, кога не ни претчувствуваме опасност, постоело големо зло. Но додека сатаната упорно работи со „секоја сила на измама меѓу оние кои пропаѓаат", непоколебливите поборници на вистината со сите сили настојуваат да ја запрат плимата на спротивставување и пораката која ни е доверена да ја сочуваат сред поплавата на ерес. Иако црквата одвреме навреме е ослабена поради многубројните обесхрабрувања и бунтовнички елементи со кои се соочува, вистината по секој судир уште појасно заблескува. Енергијата на Божјиот народ никогаш не се исцрпува потполно. Силата на Божјата благодат секогаш отпочеток ги освежува, оживува и облагородува оние кои остануваат непоколебливи и верни. {4C 594.1}

Старозаветниот Израел во својата историја често бил потресуван со бунтови на некои незадоволници. Тоа не биле секогаш луѓе со слабо влијание. Многупати познати и угледни луѓе, владетели во Израел, се подигнувале против Божјото провидение и избувливо го рушеле она што некогаш самите го граделе. Гледаме дека тоа многупати се повторувало и во наше време. За црквата во било кое место или земја претставува опасност ако членовите се потпираат само на некој омилен проповедник, земајќи го телото за мишка. Само Божјата рака е во состојба да ги одржи сите оние кои се потпираат на неа. {4C 594.2}

Сè додека Христос не се појави на небесните облаци во голема сила и слава, луѓето со изопачен дух ќе отстапуваат од вистината, поведувајќи се по разни измислици. На црквата и претстојат тешки времиња. Таа ќе прорекува облечена во вреќа. Но иако ќе мора да се бори против ересот и прогонството, против неверниците и отпадниците, со

Божја помош таа сепак ќе му застане на глава на сатаната. Господ сака припадниците на Неговиот народ да бидат цврсти како челик и во верата постојани како гранитна карпа. Тие треба да бидат Негови сведоци во овој свет, Негови орудија преку кои Тој сака да заврши едно посебно, величествено дело во деновите на подготовка за Христовото доаѓање. {4C 594.3}

Секој пат кога пораката на евангелието ќе придобие една единствена душа за Христа или ќе најде пристап до нечие срце, тоа на сатаната му задава болна рана. Секој пат кога еден затвореник ќе се оттргне од неговите канџи и ќе се ослободи од неговото ропство, тиранинот доживува пораз. Издавачките куќи и печатот претставуваат орудија во Божјите раце со кои драгоцената светлина на вистината се упатува на секој народ и секој јазик. На тој начин светлината продира дури и во нехристијанските земји и постојано ги разоткрива суеверието и заблудите од секој вид. {4C 595.1}

Проповедниците кои верно и сесрдно ја проповедале вистината можат да станат отпадници и да се придружат во редовите на непријателот; но дали поради тоа Божјата вистина станува лага? „Сепак", вели апостолот, „тврдо стои Божјиот темел". Верата и чувствата на луѓето можат да се променат, но Божјата вистина - никогаш. Пораката на Третиот ангел одѕвонува низ светот јасно и непогрешиво. {4C 595.2}

Никој не може да Му служи на Бога, а да не предизвика против себе омраза и на злите луѓе и на злите ангели. Злите духови будно ја следат секоја душа која сака да се придружи во редовите на Христовите следбеници, бидејќи сатаната настојува на секој можен начин да го поврати пленот кој се оттргнува од неговите канхи. Злите луѓе сами се предаваат под „силата на измамата и веруваат во лагата, за да бидат осудени". Таквите вешто се облекуваат во облека на искреност за да ги измамат ако е можно, дури и избраните. {4C 595.3}

Ние ја имаме вистината - тоа е толку сигурно како што е сигурно дека Бог постои; и сатаната со сите вештини и лукавства на својата пеколна сила, не е во состојба да ја претвори Божјата вистина во лага. Иако големиот противник со сите свои сили ќе настојува да го неутрализира влијанието на Божјата реч, вистината мора да се објавува и држи високо како запалена светилка. {4C 595.4}

Господ нѐ издвоил од останатите и нѐ направил предмет на Својата чудесна милост. Треба ли да се занесуваме со бесмислените приказни на отпадниците? Зар ќе застанеме на страна на сатаната и неговите следбеници затоа што се толку многубројни? Треба ли да се придружиме на престапниците на Божјиот закон? Напротив, молитвата на секој од нас нека биде: „Господе, стави непријателство помеѓу мене и змијата!" Ако не сме во постојано непријателство со сатаната и неговото мрачно делување, тој ќе нѐ привлече во својата силна прегратка, подготвен во секој момент да го зарие своето отровно осило во нашето срце; и затоа треба како на свој смртен непријател секогаш да му се спротивставиме во Христово име. Нашето дело сѐ уште треба да продолжи. Мораме да се бориме за секоја педа од земјата. Сите кои се повикуваат на Христовото име треба да се наоружаат со сето оружје на правдата. {4C 595.5}

Браќа и сестри, во име на нашите издавачки куќи ве повикуваме слободно да вложувате во тие установи. Немате од што да се плашите; вложувајте свои средства таму каде што ќе бидат употребени за добро. На тој начин придонесете зраците на светлината да допрат во најмрачните краеви на светот. Во таа работа нема неуспех. Сега е ваша предност и должност да го направите она што го направиле вашите браќа кога имало малку приврзаници на вистината. Вложувајќи свои средства во нашите издавачки установи, и самите ќе станете позаинтересирани за нивниот напредок.

Многумина вложуваат свои средства во разни шпекулации од световен карактер кои често ги лишуваат и од последниот денар. Ние без принудување ве повикуваме вложувајќи свои средства во нашата издавачка установа да ја покажете својата дарежливост. Тоа ќе биде за ваше добро. Парите кои ќе ги дадете за таа цел не се изгубени, туку се вложени со камата и го зголемуваат капиталот на вашето богатство на небото. Христос дал сè за вас; што сте подготвени вие да жртвувате за Него? Тој го бара вашето срце, вашите умни способности и вашите парични средства; предајте Му го сето тоа Нему, зашто сè е Негово и сè Нему му припаѓа. „Не сте свои", вели апостолот; „зашто скапо сте купени". Бог со право ве бара и вас и сè што е ваше. Нека зборовите на царот псалмист ги одразуваат чувствата и на вашите срца: „Зашто од Тебе е сè, и примајќи од Твоите раце, Тебе ти дадовме". {4C 596.1}

Дојде време кога сами мораме да знаеме зашто сме ги прифатиле учењата на нашата вера. Мораме цврсто да се држиме за Бога во одбрана на вистината наспроти една лесноумна, неверно настроена генерација. Оние кои некогаш го познавале патот на животот и се свртеле од своето лично осведочување кон лажливите заклучоци на сатаната, стануваат понепристапни и понечувствителни отколку оние кои никогаш не ја почувствувале Христовата љубов. Тие стануваат мудри на злото. И покрај светлината и знаењето што го поседуваат, со своја волја се определуваат за сатаната. Ви велам, мои браќа, вашата единствена надеж и сигурност се наоѓаат само во Бога. За да се спротивставиме на преовладувачкото безбожништво и недостатокот на стравопочит мораме да се облечеме во облеката на Христовата правда. Својата вера мораме да ја покажеме со соодветни дела. Мораме себеси да си поставиме добар темел за времето кое доаѓа, за да можеме да се одржиме и да стекнеме вечен живот. Мораме да работиме, не во своја сила, туку во силата на нашиот распнат и воскреснат Господ. Што сме подготвени да направиме и да жртвуваме за Христа? {4C 596.2}

Нашите издавачки установи се своина на целокупниот наш народ и сите треба да им помогнат да се ослободат од своите материјални неприлики. За да се стават во оптек и да стигнат во рацете на оние на кои им се наменети, нашите публикации се продавани по многу ниски цени; со тоа е остварена добивка која поради тоа што е многу мала не овозможува да се печатат и други книги. Така работејќи, луѓето можеби се раководат според најдобри побуди, но не и според деловното искуство и далековидно расудување. {4C 597.1}

Поради така ниските продажни цени, канцеларијата не можеше да го сочува обртниот капитал, кој е неопходен за успешно да се продолжи работата. Надлежните не го увиделе тоа и не го преиспитале критички. Така ниските цени ги наведуваат купувачите да ги обезвреднуваат понудените книги; притоа не се водело сметка за фактот дека цената на нашите книги - еднаш веќе спуштени - ќе биде многу тешко да се подигнат до нивната вистинска вредност. {4C 597.2}

На нашите проповедници не им се дава доволна поддршка. Тие мораат да имаат потребни средства за живот. Тажниот недостаток на далековидност се огледува во одредувањето на толку ниски цени за нашите публикации, а грешка е и тоа што премијата од добивката се насочува во мисионско-памфлетните друштва. Со тоа се оди во крајност и реакцијата е неизбежна. За да напредуваат мисионските друштва, мораме да обезбедиме развој на оние дејности кои овозможуваат пишување и печатење на книги. Ако ги парализираме овие дејности, ако издавачките куќи ги оптовариме со долгови, тогаш ниту мисионските друштва не можат да се покажат успешни. {4C 597.3}

Во ревност и во силна желба што повеќе да се поттикне мисионската работа, направени се извесни ненамерни грешки. Растурајќи ги на големо списанијата и продавајќи книги и брошури по ниска цена, ги оптоваривме со долгови издавачките куќи и го парализиравме печатењето на тие публикации. Секогаш постои опасност и во добронамерниот потфат да се оди во крајност. На одговорните луѓе им се заканува опасност да станат едностранн, да се сконцентрираат само на една гранка на дејност, занемарувајќи ги притоа останатите делови на големото поле. {4C 597.4}

Како народ, мораме да бидеме внимателни во секој поглед. Никој од нас ниту најмалку не е сигурен освен ако секој ден бараме од Бога мудрост и водство, чувајќи се да не се потпираме на сопствената сила. Секогаш сме опкружени со опасности од сите страни и затоа е неопходна голема внимателност, за ниту една гранка да не биде посебно повластена на штета на другите. {4C 598.1}

Со намалување на цените на нашите публикации направена е грешка за на тој начин да се отстранат извесни тешкотии. Ваквиот став во поглед на нашата литература мора да се измени, иако оние кои го направиле тоа имале искрени намери. Тие мислеле дека со својата благородност ќе ги наведат проповедниците и членовите поревно да работат на ширење на нашите публикации со што природно би придонеле и за поголема побарувачка на истите. {4C 598.2}

Во својата работа со нашите издавачки куќи проповедниците и народот треба да покажат благородност и дух на дарежливост. Наместо неоспорно настојување списанијата, брошурите и книгите да ги добијат по најниска цена, тие се должни на купувачите да им ја предочат вистинската вредност на тие публикации. Иако процентите загубени со намалување на цените изгледаат незначителни, кога ќе се помножат со бројот на продадени публикации, тие ѝ нанесуваат загуба на издавачките куќи кои се искачуваат на илјадници долари, додека поединци не би ни почувствувале дека платиле некој процент повеќе. {4C 598.3}

Нашите списанија: Преглед и Гласник и Знаци на времето се евтини списанија и тогаш кога се продаваат по полна цена. Списанието Преглед е многу драгоцено списание, бидејќи содржи прашања од големо значење за црквата и треба да го има секое семејство на наши верници. Ако некој е премногу сиромашен за да се претплати, црквата на која ѝ припаѓа треба по пат на доброволни прилози да ја собере потребната сума и да плати полна цена на списанијата за потребите на таквите. Тоа за сиромашните би било далеку подобро отколку да се препуштат на милоста на издавачките куќи или мисионските друштва. {4C 598.4}

Сличен став треба да се заземе и кон списанието Знаци на времето. Со мали исклучоци, ова списание сè повеќе го привлекувало интересот на читателите и според моралната вредност било пионерско списание од самото свое создавање. Во објавувањето на двете овие списанија интересот на издавачот е ист. Тие претставуваат две помошни орудија кои на широкото поле на својот домен треба да послужат за одредена намера - ширењето на вистината во ова време на подготовка за Христовото доаѓање. И сите треба искрено и сесрдно да се ангажираат во помагање и на едното и на другото. {4C 598.5}

„Господовите очи се обратени на проповедниците, и Неговите уши на нивните молитви". Христос секогаш ќе укаже помош на сите оние кои од Него ќе побараат мудрост и сила. Ако во средба со искушенијата и својата должност појдат во понизност на душата, потпирајќи се на Христа, Неговите моќни ангели ќе бидат секогаш околу нив и Оној на кого се потпираат со полна доверба, ќе им биде Семоќен помошник во секое

изненадување. Оние кои се наоѓаат на одговорни положби во црквата секој ден треба да стекнуваат сè поцелосна претстава за Христа и за Неговата возвишена љубов и верност; така што, како и апостолот во свое време, со сигурност можат да извикнат: „Знам кому му верував”. Тие треба да соработуваат како браќа, без и најмала сенка на нетрпеливост или судир. Секој треба да ја извршува својата должност, знаејќи дека Божјото око ги гледа побудите и намерите и ги чита најскриените чувства на душите. Божјото дело е единствено. И кога водечките луѓе не би се раководеле по сопствените идеи, менувајќи ги Господовите намери со човечки мислења, помеѓу овие две гранки на истото дело би постоел најсовршен склад. {4C 598.6}

Нашиот народ треба да вложи поголеми напори за да се зголеми циркулацијата на списанието Преглед. Тоа би можело да се оствари само кога нашите браќа и сестри би покажале поголема сесрдност и би вложувале истрајни напори во таа насока. Тоа списание треба да се наоѓа во секое наше семејство. И кога би се откажале од своите омилени луксузи, чајот и кафето, многумина кои сега го немаат овој седмичен благослов, би заштедиле доволно средства за претплата и ова списание на светлината редовно би го посетувало и нивниот дом. Речиси секое семејство зема по едно или повеќе светски списанија, кои често содржат љубовни приказни и возбудливи описи на злосторства и убиства, што е толку штетно и погубно за умот на сите кои тоа го читаат. Оние кои не го земаат списанието Преглед и Гласник не знаат колку губат. Со посредство на Неговите страници, преку опомени, укори и совети може да им проговори и сам Христос, што би можело да го измени текот на нивните мисли и за нив да биде како леб на животот. {4C 599.1}

Нашите списанија не треба да бидат полни со долги полемики и доктринарни аргументи, што само би ги заморувало читателите; туку треба да содржат кратки и интересни статии за нашето учење и пракса. Цените на нашите списанија не би смееле да бидат толку ниски што не би останало никаков профит за да може да продолжи понатамошната работа. Истиот интерес кој е покажан за ширењето на списанието Знаци на времето треба исто така да се покаже и во ширењето на Преглед и Гласник. Така вложените напори ќе бидат проследени со очекуван успех. {4C 599.2}

Ние се наоѓаме на маѓепсано тло и сатаната постојано се труди да го залула нашиот народ во колевката на телесната сигурност. Постои рамнодушноста и недостатокот на ревност кое ги парализира сите наши напори. Исус бил ревен работник; и само потпирајќи се во потполност на Него и работејќи како што работел Тој, Неговите следбеници можат да ги остварат саканите резултати. Мораме да се потрудиме на нашите публикации да им дадеме права вредност и постепено да ги вратиме на соодветна основа. Не смееме да покажуваме склоност кон шпекулации и богатење. Нашите издавачки установи треба стабилно да работат, не дозволувајќи да ги поколебаат приговорите ниту да ги расипат аплаузите. Да се врати работењето на правилните основи е потешко отколку што многумина претпоставуваат, но тоа мора да се направи за да ги поштедиме нашите установи од материјални неприлики. {4C 600.1}

Во своите планови и работа нашите браќа не смеат да се затвораат во некои однапред создадени рамки. Тие често трошат многу време и пари подготвувајќи строго одреден правец на делување, како предвидената задача да мора да се изврши само на тој начин или нема да биде извршена како што треба. Така постапувајќи, постои опасност премногу да бараат. Треба повеќе и погрижливо да настојуваме да одбегнеме големи трошоци за транспортирање на книгите и персоналот. Тоа многу неповолно влијае на интересите на Божјото дело. Браќа, вие треба да работите внимателно,

штедливо и разумно. Пред нас е уште голема задача, а нашите издавачки куќи се во долгови. Во издавачките институции во Батл Крик има луѓе кои совесно ги извршуваат своите работи, а не добиваат соодветна награда за својата работа. На тие луѓе им се прави неправда. На некое друго место тие би можеле да заработат двојно повеќе, но тие совесно ги извршувале своите работи затоа што чувствуваат дека на Божјото дело му е потребна помош. {4C 600.2}

Во овие денови на подготовка за Христовото доаѓање треба да се изврши голема задача во создавање и спроведување на плановите за напредок на Неговото дело. Нашите публикации треба да се печатат во поголем тираж и да се шират на сите страни, бидејќи тие треба да одиграат голема улога. На полето на мисионството би требало да се направи многу повеќе. Но според она што ми е покажано постои опасност тоа да се извршува многу механички, толку комплицирано и сложено, така што се постигнува помалку отколку тоа да се работело едноставно, непосредно, просто и одлучно. Ние немаме ниту време ниту средства сите делови на таквата машинерија да ги одржуваме во складна активност. {4C 600.3}

Нашите браќа кои се одговорни за планирање и развој на оваа гранка на Божјото дело мораат да го имаат на ум фактот дека извесен степен на образование и обука е неопходен за таквите работи да се извршуваат стручно, но во исто време дека е опасно да се придава на тоа големо значење. Ако стекнеме најпотполно образование во сите поединости, а ги запоставиме животно битните начела, ќе прераснеме во студени, бесчувствителни и само формални работници. За оваа одговорност соодветни се само оние чии срца сакаат Бог да делува преку нив со Својата милост. {4C 601.1}

Бог бара работа која се прифаќа со цело срце. Тој прифаќа само несебични намери, чисти и благородни начела, возвишени и свети побуди. Неговата благодат и сила ги следат само таквите напори. Сите оние кои сфаќаат дека подготвувањето на народот за Христовото доаѓање претставува Божје дело, ќе најдат во своите несебични напори места и прилики за ширење на литературата и за мисионска работа. Меѓутоа, се трошат премногу пари и време за да може точно да се прецизира секоја поединост и секоја минута. Така се запоставува работата прифатена од срце само за да се сочува студената формалност. {4C 601.2}

Ви кажувам отворено дека Исус и Неговата милост се оставени по страна. Последиците ќе покажат дека механичката работа го зазела местото на побожноста, понизноста и светоста на срцето и животот. Духовните, побожни и понизни работници веќе не можат да најдат место на кое би можеле да се одржат и затоа остануваат настрана. Млади и неискусни го прифаќаат надворешниот формализам и својата работа ја извршуваат само механички; но вистинска љубов и товар за душите тие не чувствуваат. Помалку задржување на надворешната формалност, помалку механичка работа, а повеќе сила на вистинската побожност - тоа е она што е битно во овие сериозни денови на страшна одговорност. {4C 601.3}

На небото владее ред; и редот и системот мораат да се почитуваат и на земјата за да може делото да напредува слободно од конфузијата и фанатизмот. Нашите браќа треба да работат во тој правец; но додека некои од нашите проповедници, чувствуваат товар за душите, постојано настојуваат да го издигнуваат народот на повисоко ниво на духовност, дотогаш оние кои не се толку совесни и кои не го носат Христовиот крст ниту вредноста на душите ја проценуваат во светлината од Голгота, стануваат само формалисти, учејќи и други на механичка работа и на тој начин не го приведуваат народот кон Спасителот. {4C 601.4}

Сатаната секогаш настојува службата на Бога да се претвори во празна форма и така да стане потполно немоќна во процесот на спасување на душите. Додека енергијата, сесрдноста и делотворноста на работниците се исцрпуваат со постојани настојувања сè да се одвива строго систематски, нашите проповедници се преморуваат со тешки напори за да можат таа сложена машинерија да ја одржуваат во движење, што им одзема толку време, така што духовната работа се запоставува. Таквиот начин на работа, имајќи ја во предвид сета нејзина сложеност, бара толку големи финансиски издатоци, така што другите гранки на делото изумираат затоа што не им се подарува потребното внимание. {4C 602.1}

Иако тие нечујни гласници на вистината (нашите книги и списанија) треба да се шират на сите страни како есенско лисје, нашите проповедници не треба формално да се занимаваат со таа работа, оставајќи ја настрана посветеноста и вистинската побожност. Десет вистински обратени, ревни и несебични работници можат на полето на мисионството да направат многу повеќе отколку стотина такви кои своите напори ги сведуваат на утврдени форми се држат за механички правила, работејќи без длабока љубов за душите. {4C 602.2}

Внимателно извршената мисионска работа во никој случај не смее да се занемари. Со таквата работа е направено многу за спасување на душите. Успехот на Божјото дело во голема мера зависи токму од тоа; но оние кои учествуваат во таа работа треба да бидат духовни; нивните писма треба да зрачат со светлина, со Христова љубов и со чувство на одговорност за Божјото дело. Тоа треба да бидат мажи и жени кои во молитва постојано одржуваат тесна врска со Бога. Тие треба да имаат добро расудување, посветена волја и здрав разум. На најуспешниот начин во обраќање кон луѓето, тие треба да се научат од божествениот Учител. Своите задачи тие треба да ги учат во Христовото училиште; и во својата работа секогаш треба да ја имаат на ум само Божјата слава. {4C 602.3}

Без вакво воспитување и покрај сите поуки кои сте ги добиле од своите инструктори во поглед на формите и правилата, колку и тие поуки да се коректни, сè уште во работата ќе бидете само неискусни почетници. Морате постојано да учите од Христа и да бидете подготвени да се откажете од сè поради Него, да го ставите својот врат во Христовиот јарем и трпеливо да го носите Неговото бреме. Морате да имате на ум дека не сте свои, туку Христови слуги, верно извршувајќи ја задачата која ви ја доверил, не поради лично задоволство, чест или слава туку поради Него. Сè што правите треба да биде проткаено со Неговата благодат, Неговата љубов, Неговата ревност, Неговата неуморна истрајност и неговата несовладлива енергија, што ќе ја одреди вашата судбина за овој живот и за вечноста. {4C 602.4}

Мисионството во комбинација со продажбата на нашите книги е добар начин на работа. Тоа е Божјото дело. Тоа во никој случај не смее да се омаловажува; но постои постојана опасност во тоа да се оддалечиме од она што е вистинска цел на таквата работа. Колпортерската работа во мисионското поле е многу пожелна. Личности со нељубезно и грубо однесување не се соодветни за таква работа. Успешни во таа работа можат да бидат мажи и жени кои се тактични, далековидни и остроумни; кои во контакт со другите имаат добар пристап, кои ја чувствуваат и можат да ја проценат вредноста на душите. {4C 603.1}

Колпортерската работа е возвишена и ќе биде крунисана со успех, ако колпортерот е чесен, сесрден и трпелив, извршувајќи ја доследно работата за која се нафатил. Тој мора да биде со сето срце во таа работа. Тој мора да станува рано и да работи

трудољубиво, користејќи ги правилно способностите со кои Бог го надарил. Тешкотиите со кои мора да се соочуваат во својата работа можат да се совладаат само со непопустлива истрајност. Со учтивост и љубезност може многу да се постигне. Сето тоа му овозможува на работникот да развие складен карактер. Големината на карактерот се создава со верност во малите потфати и истрајни напори. {4C 603.2}

Постои опасност на нашите проповедници да не им се дава доволна финансиска потпора. Покажано ми е дека поединците кои Бог ги повикал да работат како проповедници заминуваат на терен да работат како колпортери. Тоа е одлична подготовка, доколку нивна цел е светлината откриена во Божјата реч да ја пренесуваат на заинтересираните непосредно во нивниот семеен круг. Во разговор често ќе им се пружа поволна прилика да зборуваат за библиската вера. Кога на оваа работа ќе ѝ се пристапи како што треба, семејствата редовно се посетуваат, работниците во своето срце чувствуваат искрена и вистинска љубов кон душите, нивните разговори и однесување оддишуваат со мирисот на Христовата благодат и резултатите од таквата работа се многу добри. Такво искуство би претставувало одлична подготовка за сите кои сакаат да се посветат на проповедничкиот повик. {4C 603.3}

Меѓутоа, многумина во колпортажата ги привлекува продажбата на книги и сликовници кои не ја одразуваат нашата вера, а на оние кои тоа го купуваат не им донесува никаква светлина. Тие се занимаваат со таа работа поради поволните финансиски изгледи. Таквите не се соодветни на тој начин да се оспособуваат за проповедничкиот повик. Тие не стекнуваат искуство кое би ги подготвило за таа работа, туку на тој начин само го губат времето. Не се учат да го носат товарот на одговорност за душите и секојдневно да стекнуваат знаење за најуспешниот начин на придобивање на души за вистината. Таквите често се спротивставуваат на сведоштвата на Божјиот Дух и нивниот карактер го добива обележјето на овој свет. Тие забораваат колку му должат на својот Господ кој го дал Својот живот за нив и своите способности ги користат во свои себични цели, одбивајќи да работат во Господовото лозје. {4C 604.1}

Сериозно се загрижив кога видов какви мрежи сатаната плете околу оние кои Бог сака да ги употреби, одвраќајќи ги на тој начин од проповедање на евангелието. Неизбежно ќе дојде до недостаток на работници доколку на заинтересираните не им се пружи поголема поддршка и охрабрување во настојувањето да ги усовршуваат своите способности со цел да станат Христови проповедници. Сатаната постојано и упорно ги истакнува финансиските добивки и земната предност, обземајќи го со тоа умот и способностите на нашите работници и одвраќајќи ги од должностите кои се битни за да стекнат искуство во духовниот и на Бога угоден живот. И кога ќе види дека тие се подготвени да продолжат со објавувањето на вистината на оние кои сè уште се наоѓаат во темнината на заблудата, тој прави сè што е во негова моќ за да ги турне во некоја крајност и на тој начин да го ослабне нивното влијание и да го спречи напредокот кој би можеле да го постигнат кога би биле урамнотежени со посредство на Светиот Божји Дух. {4C 604.2}

Покажано ми е дека нашите проповедници го загрозуваат своето здравје со невнимателно користење на сопствените говорни органи. Во вид на предупредување и упатства дадени со посредство на Светиот Дух, ним веќе им е свртено вниманието на тоа важно прашање. Нивна должност е да научат како говорните органи да се употребуваат најправилен начин. Како дар од небото, гласот претставува моќно орудие на добро и ако не се изопачи, може успешно да послужи на слава на Бога. Сè што неопходно во тој правец е да научат и совесно во пракса да применуваат неколку

едноставни правила. Меѓутоа, наместо самите да се учат на помали и едноставни вежби врз основа на здравиот разум, тие изнајмуваат професори за ораторство (говорништво). {4C 604.3}

Како резултат на тоа, многумина кои ја прифатиле од Бога дадената задача да поучуваат други на вистината, сега се занесуваат и залудуваат со ораторство. На сите такви им било доволно само да им се предочи тоа привлечно искушение. Тој новитет, толку привлечен за младите, почнал да го привлекува вниманието и на некои проповедници. Тие го напуштаат своето поле на работа - ги занемаруваат своите обврски во Господовото лозје - и ги трошат своите пари и своето драгоцено време посетувајќи училиште за ораторство. Кога ќе се вратат од таа обука, тие раскинуваат со верата и предадеността кон Божјото дело, а одговорноста и товарот за душите го симнуваат од себе како што би соблекле некоја облека. Тие ги прифатиле сатанските сугестии и сега тој ги води каде што сака. {4C 605.1}

Некои се прогласуваат за учители по ораторство, додека за тоа немаат ниту разумност ниту способности и самите себе се дискредитираат пред јавноста, бидејќи и знаењето кое го стекнале таму не знаат правилно да го употребат. Нивните настапи се лишени од достоинство и здрав разум. Со таквите потфати од своја страна, тие пред сите кои ги познаваат ја затвораат вратата за секое влијание кое во иднина би можеле да го имаат како луѓе кои на светот му ја носат пораката на вистината. Токму тоа била и сатанската замисла. Добро е и корисно да се поправат говорничките способности; но да се троши своето време и пари само на тоа и сите свои умни сили да се оптоваруваат само со тоа, значи да се оди во екстремизам и да се покажува голема слабост. {4C 605.2}

Млади луѓе кои се нарекуваат почитувачи на саботата му ја додаваат на своето име титулата „професор” и така нанесуваат штета на угледот на црквата со она што всушност не го разбираат. Многумина на тој начин неправилно ја прикажуваат светлината која Бог им ја дал. Ним им недостига толку битната урамнотеженост на умот. Ораторството им станало изрека. Тоа наведува и други да прифатат работа за која немаат квалификации, а ја пропуштаат онаа работа во која, доколку би ја извршувале понизно, во Божји страв, би можеле да постигнат прекрасен успех. Тие млади луѓе би можеле да се развијат во корисни работници на поле на мисионството и како ревни поборници на вистината. Како колпортери и верски учители би можеле да се подготвуваат за проповедничкиот повик, работејќи не само за овој живот, туку и за вечноста. Но залудени од идејата да станат учители по ораторство, тие се заплеткуваат во мрежите кои сатаната ги поставува пред нивните нозе и се смее што толку лесно стануваат негов плен. {4C 605.3}

Божјите слуги секогаш треба да бидат единствени. Контролирајќи ги и отстранувајќи ги силно изразените црти на својот карактер, тие внимателно треба да размислуваат за природата и склоностите на таа жива структура која секојдневно ја изградуваат. Дали тие се навистина благородни христијани во својот секојдневен живот? Дали во нивниот живот се гледаат благородни и возвишени дела кои градбата на нивниот карактер ја прават соодветна за храм на Светиот Божји Дух? Како што поради една неквалитетна греда вградена во дрвената конструкција на чамецот може да потоне целиот чамец и како што поради пукнатина во една алка целиот синџир ја губи својата вредност, така една деморализирачка црта на карактерот, манифестирана во зборови или на дело, може судбоносно да делува, и ако не се победи, ќе ги поткопа и неутрализира сите доблести. {4C 606.1}

Секоја способност во структурата на човечкото битие претставува по еден работник кој гради за време и за вечноста. Структурата секој ден се зголемува, иако сопственикот за тоа не е свесен. Така подигнатата градба останува да стои или како впечатлив знак на предупредување поради својата деформираност, или пак како структура на која ѝ се восхитуваат Бог и ангелите поради нејзината сличност со божествениот Пример. Умните и моралните сили кои Бог ни ги дал не го сочинуваат карактерот. Тие претставуваат таленти кои со користење треба да ги вежбаме и усовршуваме и кои, доколку правилно ги искористиме, ќе формираат во нас беспрекорен карактер. Човекот може во свои раце да го има драгоценото семе, но семето не е овоштарник. Семето мора да се посее во земја за да изникнат растенија кои дури подоцна ќе формираат стебла. Во преносна смисла умот е градина или бавча, а карактерот претставува плод. Нашите способности ни се од Бога дадени за да ги негуваме и развиваме. Со својот сопствен начин на живеење ние одлучуваме каков ќе биде нашиот карактер. Во секојдневното вежбање на своите умни способности и во формирањето на складен и беспрекорен карактер се наоѓа нашата задача, која никој друг не може да ја изврши за нас освен ние самите. {4C 606.2}

Оние кои имаат остри и груби црти на карактерот ќе бидат виновни пред Бога ако секој ден не се трудат да го потиснат и задушат секој корен на огорченост кој постои во нивната природа. Да се попушта на нетрпението и лошата волја, значи да му се служи на сатаната. „Не знаете ли дека кому се давате себе за слуги во послушноста, слуга сте на оној кого го слушате". Добриот карактер во Божјите очи е подрагоцен од офирското злато. Господ сака луѓето да се залагаат за она што има вредност не само овде туку и во вечноста. И доброто и злото во својата природа ние го примаме со законот на наследство, но со негување или пак отстранување на своите склоности, ние можеме да го направиме злото уште полошо, а доброто уште подобро. Треба ли злото да ја стекне својата надмоќ, како што тоа се случило кај предавникот Јуда, или пак да биде потполно искоренето од нашата душа, а доброто да триумфира? {4C 606.3}

Начелноста, правдата и чесноста треба секогаш да се негуваат. Чесноста не може да опстане таму каде што се кријат лукавство и човечко надмудрување. Тие две спротивни особини никогаш не можат да се сложат. Едната е Божје начело, а другата е определување за Ваал. Господ бара од Своите слуги чесност не само во постапките, туку и во побудите. Секое лакомство и скржавост мораат да се победат. Оние кои се определени за чесност го покажуваат тоа во сите свои постапки. На многумина таквите не им се по волја, но затоа на Бога му се исклучително драги. {4C 607.1}

Сатаната настојува да се пикне секаде и во сè. Тој ги раздвојува најдобрите пријатели. Има поединци кои постојано зборувајќи, секогаш некого оговараат, лажно сведочат, сеат семе на раздор и неслога и предизвикуваат кавга. Небото ги смета таквите најделотоворни слуги на сатаната. Но оние на кои на тој начин им се прави неправда и им се нанесува навреда, се наоѓаат во далеку побезопасна положба отколку да им ласкаат и да ги издигнуваат поради некои мали напори кои се покажале успешни. Пофалбите и комплиментите од страна на привидните непријатели се поопасни од прекорите и срамот. {4C 607.2}

Секој човек кој самиот себе се издигнува и фали, го намалува со тоа сјајот на своите најдобри напори. Човек со вистински благороден карактер нема воопшто да запира за навредено да негодува поради лажните обвинувања на злобните непријатели. Секој така изговорен збор немоќно паѓа на земја, не причинувајќи им никаква штета, бидејќи всушност само ја зајакнува силата на она што не може да се сруши. Господ сака како

Негов народ уште посилно да се поврземе со Него, покажувајќи ја во својот живот Христовата љубов и Неговото бескрајно трпение. Никој нека не се осмелува да го омаловажува угледот или ставот на другите; тоа е самољубие кое говори: „Јас сум толку подобар и понадарен од тебе, така што и сам Бог ми дава предност. Ти не вредиш многу". {4C 607.3}

Нашите проповедници на одговорни положби се луѓе кои Бог ги прифатил. Не е битно од какво потекло се ниту каква била порано нивната општествена положба: дали оделе по плугот, работеле дрводелски занает, или имале факултетско образование; кога Бог ги прифатил, секој нека внимава да не ги потценува и не ги омаловажува. Никогаш не зборувајте со презир ниту за еден човек; бидејќи можеби токму тој е голем во Божјите очи, додека оние луѓе кои се сметаат големи пред Бога ќе се најдат лесни поради изопаченоста која ја кријат во своето срце. Наша единствена сигурност е да паднеме ничкум кај крстот, да бидеме мали во своите очи, потпирајќи се само на Бога; зашто само Тој може да нè направи големи. {4C 607.4}

Нашите проповедници се наоѓаат во опасност успесите кои ќе ги постигнат во делото да си ги препишат себеси како заслуга. Мислејќи дека Бог им е посебно наклонет, тие стануваат независни и вообразени и тогаш Тој ги препушта на ударите на непријателот. За нашата работа да биде прифатлива за Бога, мораме да негуваме дух на кротост и љубезност, правејќи се еден со друг по чест поголеми од себе. Во прашање се големи интереси. Неопходни се способностите и расудувањето на сите. Задачата на секој поединец е доволно значајна за да мора да му се пристапи сериозно, совесно и со полна одговорност. Ниту еден човек не може да работи за сите. Секој има свое одредено место и своја посебна задача, и секој мора да има на ум дека на Божјиот суд ќе мора да полага сметка како и на кој начин ја извршувал својата должност. {4C 608.1}

Задачата која се поставува пред нас е значајна и многу опсежна. Господовиот ден се приближува и сите работници на Неговото големо поле треба да бидат мажи и жени кои копнеат да се усовршат во сè, да бидат без недостатоци и да не заостануваат ниту во еден дар додека ја очекуваат појавата на Човечкиот Син на небесните облаци. Да не жртвуваме ниту еден момент од драгоценото време во убедување на другите да прифатат некои лични идеи и ставови. Луѓето кои соработуваат во ова големо дело Бог ги поучува и постепено ги води до највозвишената вера и до потполн развој на христијанскиот карактер. {4C 608.2}

Луѓето имаат различни дарови и способности, и некои се значително посоодветни за една гранка на делото отколку за друга. Она што на еден не му поаѓа од рака, неговиот брат во проповедничка служба може сосем успешно да го изврши. Работата на секој поединец е битна во неговата служба. Разумот на ниту еден човек не смее да владее со разумот и совеста на другите. Ако еден човек смета дека никој не треба да влијае на него, дека тој поседува расудување и способности за секоја гранка на делото, таквиот човек нема да ја задобие Божјата благодат. {4C 608.3}

Мојот сопруг има искуство и квалификации што е многу драгоцено во работата ако е посветено со Христовата благодат. Бог ги прави неговите напори потполно прифатливи ако постојано се угледува на Оној Кој во сè ни е пример. {4C 609.1}

Бог сака проповедниците: Хаскел, Батлер, Витни и Вајт да бидат што поблиску поврзани со Него. Овие луѓе имаат драгоцени квалификации, но ако тие во својот карактер не го откриваат Христа, сите нивни способности не би биле поприфатливи пред Бога од Каиновиот принос. Неговиот принос сам по себе е добар, но во него го немало она што укажува на Спасителот. {4C 609.2}

_____

61. ЉУБОВ КОН СВЕТОТ

Драги браќа и сестри во _____, вие живеете во една богата и прекрасна земја која со даровите на Божјото провидение е опсипана со дарежлива рака; но ако тие благослови не се употребуваат мудро, тие се претвораат во проклетство. Некои од вас се презаситени со грижите

за овој живот, а некои просто се опиени со духот на овој свет. Положбата во која се наоѓате е опасна, посебно за младите. Родителите не се поврзале блиску со Бога, за да можат мудро, во Негов Дух и сила, да работат на обратување и осведочување на своите деца. Со самото повторување на зборовите нема да ги обратите. Често се неопходни и укори и зауздувања; но и со тоа често се претерува, особено кога во животот на оние кои ја применуваат дисциплината не се огледува вистинска побожност. {4C 609.3}

Нашите зборови и дела ги сочинуваат плодовите кои ги донесуваме во животот. Посветениот живот претставува секојдневна, жива проповед. Меѓутоа, внатрешната и вистинска побожност сè почесто го отстапува местото на надворешните формалности. Чиста и беспрекорна вера е она што најмногу им недостига на верниците во _____. Секој од нив поединечно треба повеќе да се приближи кон Бога. Никој не може да биде спасен преку некој полномошник, туку секој мора лично да го гради своето спасение со страв и треперење. Над некои кои ја исповедаат вистината сатаната има поголема власт отколку што многумина можат и да замислат. Во нивното срце наместо Христос владее себичност. Самоволието, себичноста и зависта го исклучуваат Божјото присуство. {4C 609.4}

Божјата љубов мора да владее во душата за да можат во неа да се покажат плодовите на правдата. Опасно е да ѝ се попушта на суетата и на горделивоста, како и на желбата за добивка. Да се задава некому болка, да се обвинува и да се напаѓа затоа што нема никаква власт и што оној кој на тој начин го малтретирате не е во состојба да го спречи - е најлош вид на себичност. Себичноста создава неслога во семејниот круг и во црквата. Необратеното срце во кое го нема Христа ниту Неговата љубов секогаш пронаоѓа големо зло во другите, иако тоа всушност не постои и се задржува на ситници сè додека не успее да ги прикаже како нешто важно и големо. На Своите следбеници Бог им дава задача сами да ги средат тие ситни прашања кои на некои им изгледаат толку големи. Не дозволувајте тие безначајни ситници да станат корен на горчина во црквата, кој може да опогани и обесвести многумина, Срцето во кое Христос постојано престојува ќе биде толку облагородено со љубовта кон Бога и ближните, така што во него нема да има место за зајадливост, пронаоѓање на туѓи грешки, расправање и кавга. Христовата религија во срцето на оној кој навистина ја поседува стекнува победа над вакви и слични страсти, кои настојуваат да загосподарат во душата. {4C 610.1}

Христос вели: „Туку најнапред барајте го Божјото царство и Неговата правда; и сите тие (потребни) работи ќе ви се додадат". Ова ветување никогаш не престанало да важи. Не можеме да очекуваме Божје одобрување ако не ги исполниме условите под кои е ветено тоа ветување. Ако ги исполниме тие услови ќе ги најдеме оној мир, задоволство и мудрост, кои овој свет не може ниту да ги даде ниту да ги одземе. За да можете како црква да примите изобилство на Божји благослови, Тој мора на сите да ви биде прв и последен и најдобар во сè што мислите и правите. Послушноста кон Бога е прва христијанска должност. Понизниот дух и благодарното срце ја издигнуваат душата над

сите ситни искушенија како и над сите тешкотии. Доколку сме помалку сесрдни, енергични и внимателни во службата за Учителот, дотолку повеќе размислуваме за себе, преувеличувајќи ги тешкотиите во планини со несовладливи препреки. Во такво расположение ни се чини дека нѐ навредуваат и малтретираат дури и тогаш кога очевидно не постои таква намера. {4C 610.2}

Товарот на Божјото дело положен на Мојсеевиот грб го направил тој голем човек уште посилен. Како долгогодишен пастир на стадата на Јотор, тој стекнал искуство кое го научило на вистинска побожност. Сепак Божјиот повик го затекнал Мојсеј, како што нѐ затекнува и нас, неподготвен, неодлучен и без самодоверба. Налогот да тргне и да ги ослободи Израелевите синови делувал вчудовидувачки на него; но во Божји страв Мојсеј сепак ја прифаќа понудената доверба. Да обратиме внимание на исходот од ова. Не обидувајќи се да го спушти ова дело на нивото на својата несовршеност, Мојсеј со Божја сила најсесрдно се залагал да се издигне до највисоко ниво и со сето срце да се посвети на оваа света задача. {4C 611.1}

Мојсеј никогаш не би се подготвил за оваа толку доверлива положба ако очекувал Бог да го направи и она што тој како човек можел да го направи. Небесната светлина ќе им биде испратена на оние кои чувствуваат дека таа навистина им е неопходна, и кои ја бараат како сокриено богатство. Но ако ние, потполно потонувајќи во состојба на неактивност, се препуштиме на сатанската контрола, Бог нема со сила да ни го наметне Своето вдахновение. Ако максимално не ги напрегнуваме силите кои ни се дадени од Бога, ќе останеме секогаш слаби и безуспешни. Многу молитви и најенергични напрегања на умните способности се неопходни за да се подготвиме за делото кое Бог ни го доверил. Многумина никогаш не се издигнуваат до положбата која би можеле да ја заземат, затоа што очекуваат Бог да го направи за нив и она што - со силата примена од Него - би можеле и сами да го направат. Сите оние кои во животот би можеле да бидат корисни, мораат да се обучуваат за тоа со најстрога умна и морална дисциплина и тогаш Бог ќе им помогне, комбинирајќи ја Својата божествена сила со нивните човечки напори. {4C 611.2}

Многумина во _____ не постигнуваат успех затоа што не го следат напредокот на делото и што со својот секојдневен живот не ја претставуваат правилно вистината која би ги посветила. Тие во својот духовен живот не се издигнуваат до од Бога одредениот критериум, како што тоа го направил Мојсеј. Ако направеле така, многумина би се придружиле на нивните редови, радувајќи се во вистината. Ужасна е помислата дека со својот непосветен живот ги оддалечуваме душите од Христа. Ние мораме да ја прифатиме нашата религија не само со разум. За да се види нејзиното позитивно влијание во нашиот живот, таа мора потполно да го обземе срцето. Лошите навики не можат едноставно да се совладаат со еден единствен напор. Сопственото „јас" може да се победи само со долга и тешка борба. Членовите како поединци мораат лично да вежбаат во тоа да ја отстрануваат правта која се насобрала на вратата на срцето, за да можат да Му служат на Бога имајќи пред очите само една цел и украсувајќи ја својата вера со добро среден христијански живот и побожни разговори. Дури тогаш тие можат да ги поучуваат грешниците на вистината и да придобиваат души за Христа. {4C 611.3}

Во таа црква има луѓе кои се чувствуваат повикани други да поучуваат за вистината, додека тие самите се мрзливи, нетрпеливи, критичари и кавгаџии во сопственото семејство. Таквите сѐ уште треба да бидат ученици додека не научат да бидат трпеливи и богобојазливи во своето семејство. Тие прво треба да ги научат начелата на правата религија. Тие треба најсесрдно да бараат од Бога милост и простување, бидејќи досега

биле само камшик за своето семејство и за браќата во црквата пустошна бура која само уништува. Ниту еден од таквите не заслужува да се нарече маж или „куќен покрив", бидејќи не го поврзува семејството со христијанска љубов, сочувство и вистинско достоинство на побожен живот и христијански карактер. {4C 612.1}

Сериозната и света вистина - одлучувачката порака која Бог ни ја дал да му ја објавиме на светот - претставува за секој од нас најстрога обврска да ги реформираме својот живот и карактер, така што вистината што ја изнесуваме да биде претставена во сила. Постојано треба да ги имаме на ум краткото време и страшните настани кои според пророштвото мораат бргу да се одвиваат. Таа вистина не станала наша животна реалност затоа што во животот не сме доследни на она што го исповедаме. Многумина ги сокриваат во земја талентите кои би требало со употреба да ги умножиме за да можеме како такви да му ги вратиме на Господа кога ќе побара: „Дај сметка за твоето повереништво". Мојсеј станал голем пред Бога затоа што своите таленти ги употребил на Божјото дело и затоа му биле дадени уште поголеми таленти. Тој станал добар говорник, трпелив, доверлив и оспособен за најголемите дела кои некогаш му биле доверени на смртен човек. Таков карактер се обликува кога човекот ќе Му се предаде на Бога со сето срце и со сета душа и кога ги слуша Неговите заповеди и ги извршува. {4C 612.2}

Доброволната послушност на Божјите заповеди дава животна енергија и моќ на душата. Делото кое е трајно колку и сонцето е направено и за самиот евангелски работник и за оние за кои тој се залага. Колку и да се ограничени способностите на оној кој учествува во тоа дело, работата која тој ја извршува во својот скромен делокруг ќе биде прифатена и призната од Бога. {4C 613.1}

„Нема секој кој ми вели: Господе, Господе, да влезе во небесното царство; туку оној кој ја твори волјата на Мојот Татко, Кој е на небесата. Многумина ќе ми кажат во оној ден: Господе, Господе, зар во Твое име не пророкувавме, и со Твоето име демони изгонувавме, и со Твоето име чуда правевме? И тогаш Јас ќе им кажам: Никогаш не ве познавав; бегајте од Мене вие кои правите беззаконие. Секој, кој ги слуша Моите зборови и ги извршува, ќе го споредам со мудар човек кој ја сида својата куќа на камен; и навалија дождови, и надојдоа реки, и дувнаа ветрови, и навалија на таа куќа и таа не падна; зашто беше утврдена на камен. А секој кој ги слуша овие Мои зборови и не ги извршува, ќе биде сличен на луд човек кој ја сосида својата куќа на песок; и навалија дождови, и надојдоа реки, и дувнаа ветрови и навалија на таа куќа и падна и се распадна". {4C 613.2}

Причина што припадниците на нашиот народ немаат повеќе сила е во тоа што тие само ја исповедаат вистината, но не ја спроведуваат на дело. Има многу малку вера и доверба во Бога. Малку се оние кои се подготвени да го понесат товарот на одговорност во Неговото дело. Тој бара сила на умот, коските и мускулите; но сето тоа премногу често Му се ускратува, а се подарува на овој свет. Служењето на Бога добива второстепено значење, додека на интересите на овој свет се подарува најголемо внимание. Така она што е незначително по своите последици се смета важно, додека Божјите барања и она што е духовно и вечно се смета безначајно, како нешто што може да се земе или остави, како кому му се допаѓа. Ако мислите се насочени кон Бога, ако вистината со своето посветувачко влијание го облагородува срцето, сопственото „јас" би било сокриено во Христа. Кога навистина би ја сфатиле важноста на вистината која ја исповедаме, би ја почувствувале и светоста на мисијата која ни е доверена како и

одговорноста која повлекува со себе вечни последици. Тогаш сите земни прашања би биле подредени на тоа. {4C 613.3}

Браќа, во _____ вие не ги сфаќате своите обврски кон Бога како ниту задачите со кои ве задолжил секој од вас лично. Вие ја имате теоријата на вистината, но не ја чувствувате нејзината сила во својата душа. Неплодната смоква ги издигнувала своите бујни гранки кон небото; но кога Откупителот ги побарал плодовите, нашол само листови. Ако и како поединци и како црква не се промените од корен, неизбежно ќе ве снајде проклетство и Божја осуда како и таа неплодна смоква. {4C 614.1}

Членовите на црквата во _____ имаат таленти кои со правилна употреба би можеле да бидат многу корисни. Слабите поединци можат да станат силни, плашливите и неодлучните да станат храбри и одлучни - кога ќе се осведочат дека Бог и нивните напори ги смета доволно важни за да може да ги прифати. {4C 614.2}

Бог сака припадниците на спомнатите цркви да станат сестрани работници во Неговото дело и тие треба да бидат свесни за тоа. Некои од нив, доколку упорно продолжат по својот сегашен пат, ќе се најдат во положбата на фарисеи на кои Христос морал да им ги упати следните зборови: „Вистина ви велам дека цариниците и прељубодејците пред вас ќе влезат во Божјото царство". Многумина се чувствуваат сигурни само затоа што ја исповедаат вистината, иако нејзиното посветувачко влијание воопшто не го чувствуваат во своето срце ниту напредуваат во побожниот живот. {4C 614.3}

Браќа, вие како народ тврдите дека имате светлина многу поголема од другите верски заедници, но вашите дела не се во склад со она што го исповедате. Многумина кои биле во темнината на заблудата со задоволство ја прифаќаат вистината кога таа ќе им се изложи така јасно што ќе можат да ја сфатат. Иако целиот свој досегашен живот го поминале во грев, сепак Бог со задоволство ги прима кога покајнички ќе Му се обратат, свесни за својата грешност. Таквите се во многу поповолна положба да го усовршат христијанскиот карактер отколку оние кои имаат голема светлина, но не ја користат неа и не се поправаат. Мажите и жените остануваат во темнина затоа што ја занемаруваат добиената светлина и ја пропуштаат можноста да се поправат. На Христа му се одвратни сите кои себе дрско си придаваат заслуги и права кои ги немаат. Додека бил на Земјата, Тој секогаш сочувствително ги прифаќал покајниците, дури и кога тоа биле најголеми грешници: но непоштедно го жигосал лицемерието. {4C 614.4}

Бог на секој поединец му одредил негова работа која никој друг не може да ја одработи за него. О, кога секој од вас би го користел мелемот за очи кој го препорачува Верниот сведок, за да ги увиди своите недостатоци и да сфати како Бог гледа на љубовта кон светот која ја потиснува од срцето љубовта кон Бога. Ништо не може да ви даде таква сила, таква самодоверба во позитивна смисла, таква благородност на душата и таква свест за достоинството на вашата работа како осведочувањето дека соработувате со Бога во добрите дела и спасувањето на душите. {4C 615.1}

Божјиот Син дошол на овој свет за да ни пружи пример за совршен живот. Се согласил на најголема жртва поради радоста која Го очекувала - радоста да ги види душите ослободени од сатанското ропство и спасени во Божјото царство. „Појдете по мене", гласи Неговиот налог. Оние кои се подготвени да Го следат, ќе учествуваат со Него во делото на спасување на душите и на крај ќе влезат во радоста на својот Господар. {4C 615.2}

И денес има многу понизни луѓе кои Господ може, како некогаш Аврам, да ги нарече Свои пријатели. Тие луѓе го одобруваат само она што Бог го одобрува, и го

осудуваат сето она што Тој го осудува. Во нивно присуство дури и непокајаните чувствуваат некоја стравопочит и некоја воздржаност; затоа што Бог е со нив и што тие претставуваат живи посланија, кои ги познаваат и читаат сите луѓе. Во нивниот живот и однесување се чувствува благост, нежност, достоинство и исправност пред Бога, што им дава сила позитивно да делуваат на срцата на своите ближни. {4C 615.3}

Следејќи го Христовиот пример, угледувајќи се на Него како на Основоположник и Завршеток на својата вера, вие ќе чувствувате дека работите пред Неговите очи, дека сте под непосредно влијание на Неговото присуство и дека Тој ги познава вашите побуди. На секој свој чекор вие понизно ќе се прашувате: Дали тоа што го правам е по волја на Исуса? Дали со ова ќе Го прославам Бога? Наутро и навечер вие сесрдно ќе упатувате свои молитви на Господа за Негов благослов и Негово водство. Вистинската молитва нè поврзува со Семоќниот и ни овозможува победа. Сила за успешно да се спротивстават на секое искушение, христијаните стекнуваат токму на своите колена. {4C 615.4}

Таткото како „куќен покрив" во своето семејство треба со жива вера да ги поврзува своите деца со Божјиот престол. Не надевајќи се во својата сила, тој со сета своја душа треба да се потпре на Исуса, барајќи сила од Семоќниот. Браќа, молете се кај семејниот олтар наутро и навечер, молете се сесрдно во својата тајна молитва; и додека се занимавате со секојдневни работи издигнете ја својата душа кон Бога во молитва. Така живеел Енох еднакво по Божја волја. Нечујната, но сесрдна молитва ги издигнува душите кон престолот на благодатта како мирис на темјан и Тој ја прифаќа исто како да е упатена од молитвениот дом. На сите кои така Го бараат Христос им доаѓа на помош секогаш кога Неговата помош ќе им затреба; и Тој ќе биде нивна сила во деновите на неволја. {4C 616.1}

Божјата реч треба да биде светилка на нашите нозе и светлина на животниот пат. „Во срцето ја затворив Твојата реч за да не грешам", вели псалмистот. Оној чие срце секогаш е обземено со Божјата реч е наоружан против сатаната. Оние кои го земаат Христа за свој секојдневен сопатник и семеен пријател ќе почувствуваат дека невидливата сила на Божјата реч е насекаде околу нив; и гледајќи постојано во Исуса, тие ќе се преобразат во Неговото обличје. Гледајќи во Исуса, тие стануваат слични на божествениот пример и по карактерот благи и благородни, достојни за небесното царство. {4C 616.2}

Браќа од црквата _____ ако со својот карактер и со своите дела покажувате вистинска ревност, во ваше присуство и во вашите постапки неверниците ќе почувствуваат мир кој им е непознат, спокојство кое им е потполно туѓо. Ќе бидат осведочени дека работите за Бога, бидејќи вашите дела ќе бидат направени во Него. Покажано ми е дека тоа се обележја на вистинскиот христијанин. Сатаната уништил многумина наведувајќи ги сами да се изложуваат на искушенија. Приоѓајќи им како што му пришол на Христа во пустината на искушувањето, тој ги наведува својата љубов и внимание да му ги подарат на овој свет. Им сугерира дека добро ќе направат ако своите средства ги вложат во овој или оној потфат, и тие лесноумно ги прифаќаат неговите упатства. Набргу потоа доаѓаат во искушение во желбата за што поголема добивка и заработка да ја жртвуваат чесноста. Нивните постапки можат да изгледаат исправни и законски според мерилата на овој свет, но не ги исполнуваат високите критериуми на Божјиот закон. Побудите според кои се раководат во своите постапки будат оправдани сомневања кај нивните браќа дека всушност себично се служат со нечесност со цел да заработат, жртвувајќи го така својот углед кој би требало свето да го чуваат поради

напредок на Божјото дело. Работите кои во рацете на еден измамник подготвен да ја продаде и својата душа за минлива добивка донесуваат финансиски успех, не му прилегаат на еден Христов следбеник. {4C 616.3}

Сите вакви шпекулативни работи ги следат скриени неволи и потешкотии, и тоа претставува страшно проклетство за сите кои се занимаваат со тоа. Често се појавуваат факти кои природно фрлаат сенка на сомневање во побудите на овие браќа; но иако некои поединости можат да ни изгледаат сосем погрешни, сепак тоа не треба да се зема како неоспорен доказ за нивниот карактер. Сепак тоа често претставува пресвртна точка во искуството и судбината на тие луѓе. Карактерот се менува под силата на околностите и приликите на кои поединците сами се изложуваат. {4C 617.1}

Покажано ми е дека нашите луѓе со вакви шпекулативни работи се впуштаат во многу опасен експеримент. На тој начин тие сами се стават на подрачјето на непријателот и неизбежно доживуваат големи искушенија, разочарувања, тешкотии и загуби. Тоа внесува во душата немир, неодолив копнеж да се заработи повеќе и побргу отколку што е можно под постоечките услови. Во копнеж и надеж да остварат поголема добивка тие го менуваат опкружувањето. Но нивните очекувања често не се остваруваат и тие стануваат обесхрабрени бидејќи и материјално назадуваат повеќе отколку што напредуваат. Токму тоа се случило на некои во _____. Тие отпаднале од Бога. Ако на некои од тие наши браќа Господ им дал успех во нивните шпекулативни работи, тоа би се покажало како нивна вечна пропаст. Бог го љуби Својот народ како и оние кои се унесреќени на тој начин. Ако тие ја прифатат поуката која Тој им ја пружа во тоа, нивниот неуспех на крајот ќе се покаже како драгоцена победа. Љубовта кон светот потполно ја истиснала од нивното срце љубовта кон Христа. Кога ќе се отстранат ништожностите натрупувани на вратата на нивните срца, таа ширум ќе се отвори за Христа и Тој слободно ќе влезе и ќе го заземе храмот на душата. Тие би можеле да бидат поштедени од многу искушенија кога би подарувале повеќе внимание на следниве зборови на вдахновениот апостол: {4C 617.2}

„Не бидете сребролупци, бидете задоволни со она што го имате, зашто Тој рече: Нема да те оставам ниту ќе отстапам од тебе". „А побожноста е голема добивка кога сме задоволни со она што го имаме. Зашто ништо не донесовме на светот; јасно е дека ништо не можеме ниту да однесеме. А кога имаме храна и облека, да бидеме задоволни со тоа. А оние кои сакаат да се збогатат, упаѓаат во искушенија и стапици и во многу луди и погубни желби кои го потопуваат човекот во пропаст и погибел. Зашто корен на сите зла е сребролубието и оние кои му се предадоа застранија од верата и навлекоа на себе големи маки. А ти, Божји човеку, бегај од тоа, и оди по правдата, побожноста, верата, љубовта, трпението и кротоста. Бори се во добра борба на верата, мачи се за вечниот живот на кој си повикан и ќе примиш добро признание пред многу сведоци". {4C 618.1}

Сега е времето за нашата проверка. На секој поединец му е доверен некој посебен дар или талент кој треба да се употреби во ширење на царството на Откупителот. На секој Свој претставник, од најмалечките и непознатите до оние кои се наоѓаат на високи положби во црквата, Господ им доверил Свои добра. На спасување на душите можат да работат и останатите, а не само проповедникот. И оние кои имаат помалку дарови должни се да ги користат на најдобар начин, бидејќи така можат да ги умножат талентите кои ги примиле. Да се омаловажат моралните одговорности и да „се презре денот на малите работи" не е ниту малку безопасно. Во Своето провидение, Бог на секој поединец му доверува одговорности во склад со неговите способности. Никој не треба

да се жали затоа што не може да Го слави Бога со таленти кои не ги примил и за кои не е одговорен. {4C 618.2}

Една од големите причини за слабоста на верниците во _____ е во тоа што своите таленти, наместо да ги користат на слава на Бога, ги замотуваат во крпа и ги закопуваат во земја. Доколку некој примил само еден талент, со правилна употреба и тоа може да го умножи. Нашата служба Бог ја вреднува според она што го имаме, а не според она што го немаме. Ако своите секојдневни должности и обврски ги извршуваме верно и со љубов, ќе примиме пофалба и одобрување од Господарот како да сме направиле нешто големо. Да не копнееме за високи положби и умножување на бројните таленти, кога имајќи само неколку таленти сме задолжени за поскромни должности во животот. Занемарувајќи ги малите секојдневни должности и копнеејќи за поголеми одговорности, ние доживуваме потполн неуспех токму во она со што Бог нè задолжил. {4C 618.3}

О, кога би можела на членовите на оваа црква да им го втиснам во срце фактот дека Христос со право бара од нив да Му служат! Браќа мои и сестри, дали вие се согласивте да бидете Христови слуги? Како ќе му положите сметка на Господарот во својство на повереник, кога најголем дел од своето време го минувате во себично служење на своите лични интереси? Талентите што ни се доверени не се наша сопственост, било тоа да се дарови на материјален имот, физички сили и умни способности. Ако злоупотребиме било кој од овие дарови, ќе бидеме праведно осудени поради проневера во служба на повереници. Колку тогаш е голема нашата одговорност да Му го вратиме на Бога она што всушност е Негово. {4C 619.1}

Ако членовите на оваа црква не се пробудат од својата духовна нечувствителност и не го отфрлат духот на овој свет, тие горко ќе зажалат кога конечно ќе увидат дека засекогаш ги изгубиле своите драгоцени прилики и предности; но тогаш ќе биде предоцна. Господ понекогаш ги испитува припадниците на Својот народ, давајќи им напредок во земните добра. Нивниот имот, нивното време, нивната сила и нивните предности - сето тоа се Негови дарови. За сето тоа тие ќе мораат да полагаат сметка на Оној Кој им го дарувал сето тоа. Ускратувајќи ја очевидно неопходната помош на загрозените браќа, кога веќе сме ги задоволиле своите потреби, ние ја занемаруваме должноста која јасно е откриена во Божјата реч. Тој постојано ни дава великодушно за и ние да даваме на другите. Дарежливоста ја победува себичноста, а душата ја облагородува и ја чисти од грев. Затворајќи ги своите очи да не ги видат потребите на Божјото дело и занемарувајќи го гласот на должноста да ги нахранат гладните и да ги облечат голите, многумина ги злоупотребуваат своите од Бога дадени таленти. Додека тврдат дека се Божји деца, тие едвај чекаат да ги вложат своите средства во некои земски потфати за да имаат изговор што во дарови и приноси не му ги враќаат на својот Дародавец. Тие забораваат на својата од Бога одредена мисија, и доколку и понатаму продолжат да се раководат според желбите на своето себично срце, трошејќи го драгоценото време и пари на задоволување на својата горделивост, Бог ќе дозволи да доживеат неуспех во своите планови и тие ќе ги почувствуваат ударите на немаштија поради својата неблагодарност. Своите таленти Тој ќе им ги довери на поверни повереници, кои ќе ги признаваат Неговите барања и Неговите права. {4C 619.2}

Богатството е сила со која може да се направи или добро или зло. Правилно употребено, тоа станува извор на постојана благодарност на Бога и Неговото име се издигнува и слави со тоа што Неговите дарови се користат во склад со Неговата волја. Оние кои ги ускратуваат прилозите неопходни за одржување на Божјото дело и

помагање на сиромашните, Го крадат Бога и нема да бидат поштедени од Неговата праведна осуда. Нашиот небесен Татко Кој ни ги дава Своите добри дарови има сожалување за нашето незнаење, нашите слабости и нашата безнадежна состојба. Тој го дал Својот љубен Син за да нѐ спаси од смртта. Сѐ што Тој бара од нас е всушност она што ние само мислиме дека е наше. Да се запоставаат Неговите сиромаси и страдалници значи да се запостави Христос, бидејќи Тој вели дека тие се Негови претставници на Земјата. Сочувството и добродетелството укажано на таквите, Христос го прифаќа како да му е укажано на Него самиот. {4C 620.1}

Сите оние кои ги занемаруваат Господовите сиромаси или ги дочекуваат со студени погледи и груби зборови нека имаат на ум дека го запоставуваат Христа во лицето на Неговите светии. Нашиот Спасител ги поистоветува Своите интереси со интересите на страдалниците и немоќните. Како што срцето на нежните родители сочувствува со секое свое дете кое страда, така срцето на нашиот Спасител сочувствува со најсиромашните и најмалите од неговите земни деца. Тој ги упатува таквите меѓу нас за во нашето срце да пробуди љубов каква што Тој покажува кон оние кои се во неволја и кои се угнетени, и секој кој ги навредува, омаловажува и малтретира сиромашните ќе ги стигне Неговата праведна казна. {4C 620.2}

Да имаме на ум дека Исус ги зел на Себе болките, страдањата, сиромаштијата и страдањето на сите луѓе и ги направил составен дел на своето лично искуство. Иако бил Кнез на животот, на овој свет не ја делел судбината на големите и почитуваните, туку на понизните, угнетените и страдалниците. Бил презрен Назареец. Немал каде да ја засолни Својата глава. Се согласил да стане сиромав поради нас, за ние да се збогатиме со Неговото сиромаштво. Сега Тој е Цар на славата и наскоро доаѓа крунисан со величество кога милиони луѓе ќе Му укажат царска почит. Тогаш сите ќе се натпреваруваат да Му укажат што поголема почест, повикувајќи се на некои свои заслуги и причини поради кои наводно можат да се најдат во Неговата присутност. Меѓутоа, сега ни се пружа прилика да Го примиме и признаеме Христа во лицето на Неговите светии. Бог сака да ги цените Неговите дарови и да ги употребите на слава на Неговото име. Ве преколнувам да го отворите своето срце за вистинското и несебично добродетелство. {4C 620.3}

Драги браќа, вие како црква тажно ги занемаривте своите должности кон децата и младината. Додека во постапувањето со нив применувате начела и ограничувања, треба да им подарите многу повеќе внимание за да ја покажете христијанската страна на својот карактер, а не сатанската. На децата и на младите им е потребно постојано внимание и љубов. Приврзете ги за своето срце и всадете им во душата љубов и Божји страв. Татковците и мајките не одржуваат контрола над својот дух и затоа не се во состојба правилно да ги водат и насочуваат другите. Не е сѐ во тоа своите деца и млади само да ги ограничувате и опоменувате. Вие самите морате прво да научите да правите што е правилно, да ја љубите милоста и да одите понизно со Бога. Сѐ остава длабок впечаток врз умот на младите. Тие внимателно го следат изразот на лицето, тонот на гласот и точно го имитираат однесувањето на постарите. Кога се мрзоволни и лошо расположени, татковците и мајките им даваат на своите деца такви поуки од кои подоцна се срамат и гадат и би дале сѐ на светот само кога би можеле да ги одучат од тоа. Со својот секојдневен живот родителите мораат да им покажат на своите деца дека навистина се доследни на верата која ја исповедаат. Тие можат да го обликуваат христијанскиот карактер во животот на своите деца само со доследен живот и постојана вежба во самосовладувањето. {4C 621.1}

Во својот семеен живот ние внесуваме премногу грижи и товари, додека премалку се негуваат природната едноставност, мир, среќа и пријатно расположение. Помалку треба да се грижиме за тоа што ќе каже околината, а многу повеќе внимание да се посвети на членовите на семејниот круг. Помалку извештаченост и световна измазнетост, а многу повеќе нежност, љубов, пријатно расположение и христијанска учтивост. Многумина допрва треба да учат како може домот да се направи привлечен - место за уживање и вистинска радост. Благодарните срца и љубезното меѓусебно уважување вредат многу повеќе од секое богатство и раскош; задоволството со мали нешта го прави домот вистински среќен ако во него владее љубов. {4C 621.2}

Христос, нашиот Откупител, поминал низ овој свет со достоинство на еден Цар; но сепак бил и останал „кроток и понизен во срцето". За секој дом во кој би влегол, Тој бил светлина и вистински благослов, бидејќи со Своето присуство внесувал ведрина, надеж и храброст. О, кога би се задоволиле помалку да копнееме по скапоценото и тешко достапно надворешно украсување на своите домови и своето тело, а повеќе да ја цениме кротоста и понизноста на духот, што пред Бога е поскапоцено од бисери и скапоцени камења! Благодатите на едноставноста, кротоста и вистинското сочувство можат да го претворат и најскромниот дом во рај. Подобро е радосно да се поднесуваат сите можни непријатности отколку да се жртвува мирот и задоволството. {4C 622.1}

Ваша најважна и најголема потреба е да се понизите во срцето пред Бога за да ја увидите жалната состојба во која се наоѓаат вашите деца и млади - без Бога и без надеж во овој свет. Тие не го ценат и разликуваат светото од обичното, ставајќи ги земните работи и вредности на исто ниво со вечните и неминливи интереси. Меѓу вас има млади чија служба Бог би ја прифатил кога тие би му ги предале своите срца и би се поврзале со Него, како што тоа го направиле Даниел и неговите другари. Но малку се оние кои имаат вистинска претстава за опасностите кои денес им се закануваат на младите. Потребна е голема морална храброст и постојано спротивставување на искушенијата за да се постигне благородна мажевност. Неизвалканиот карактер пред Бога денес е голема реткост. Многумина кои имаат Божји страв пред своите очи и кои по широкиот пат одат во пропаст подготвено чекаат да се дружат со вашите деца. Желба ми е на младите да им ги отворам очите за тие опасности, особено за опасноста која им се заканува од несреќните брачни врски. {4C 622.2}

Драги млади пријатели, она малку време кое ќе пропадне во вашите краткотрајни авантуристички задоволства, донесува жетва која ќе ви го загорчи целиот живот; еден момент на невнимание, едно попуштање на искушението, може целиот ваш живот да го насочи во погрешен правец. Младоста можете да ја имате само еднаш во животот, затоа направете ја корисна. По патот по кој еднаш сте тргнале низ животот, никогаш не можете да се вратите за да ги исправите своите пропусти. Оние кои не одржуваат постојана врска со Бога во молитва и самите се изложуваат на искушенија, неизбежно ќе доживеат пад порано или подоцна. Бог го проверува секој од младите. Својата безгрижност и невнимателност многумина ја оправдуваат со погрешениот пример на таканаречените верници кои се постари и поискусни од нив. Но тоа не би требало никого да заведе од правиот пат. На денот на конечната пресметка нема да можете да се повикувате на вакви изговори како што го правите тоа денес. Ќе бидете осудени затоа што сте го знаеле патот, а сепак не сте сакале да одите по него. {4C 622.3}

Сатаната, кој како архиизмамник се претвора во ангел на светлината, им приоѓа на младите со своите посебни искушенија и успева, чекор по чекор, да ги заведе од патот на должноста. Тој во Библијата е опишан како измамник, како татко на лагата, крвник и

убиец. „Оној кој твори грев е од ѓаволот”. Секој престап го изложува престапникот на осуда и го предизвикува Божјото незадоволство. На Бога му се познати дури и мислите и побудите на нашето срце. Ако негуваме нечисти мисли, не е неопходно тоа да го изразиме со зборови и дела за да направиме грев и за да ја заслужиме божествената праведна осуда. На тој начин чистотата на душата е извалкана и искушувачот ликува како победник. {4C 623.1}

Поведувајќи се по своите сетилни страсти и заведување, човекот станува искушан. Попуштајќи им на своите природни склоности, тој застранува од патот на доблеста и од она што навистина е добро. Кога младите би поседувале морална честитост би можеле да се спротивстават и на најтешките искушенија. Работа на сатаната е да ви подметнува искушенија, но ваше е да не им подлегнувате на тие искушенија. Ниту сите војски на сатанските зли ангели не можат да го принудат искушаниот на престап. Затоа за гревот нема никакво оправдување. {4C 623.2}

Додека некои од младите ги растураат своите сили на суета и лудории, други го дисциплинираат својот ум, собираат знаење, се наоружуваат за животната борба, цврсто решени од таа борба да излезат како победници. Но колку и да вложуваат труд за да се издигнат, тие нема да имаат успех ако својата љубов и своите стремежи на ги сосредоточат на Бога. Ако со сето срце Му се обратат на Господа, отфрлајќи ги ласкањата на оние кои на таков начин се обидуваат да ја ослабнат нивната решеност да продолжат по правиот пат, тие ќе најдат сила и поддршка во Бога. {4C 623.3}

Младите кои сакаат друштво толку ѝ попуштаат на таа своја склоност, така што таа често станува нивна најсилна страст. Облекувањето, заминувањето на забава, смеата и разговарањето за предмети кои се потполно безначајни и бесмислени - тоа е целта и смислата на нивниот живот. Читањето на Библијата и размислувањето за небесните и духовни вистини за нив е неподносливо. Несреќни се сè додека не најдат нешто што би ги возбудило. Во своето духовно издигнување и облагородување тие не наоѓаат никаква среќа, туку бараат задоволство во друштвото на лесноумните и безгрижните, какви што се и тие самите. Силите кои би можеле да се употребат за благородни цели тие ги растураат на лудории и развратен живот. {4C 624.1}

Младите кои наоѓаат среќа и радост во читањето на Божјата реч и во часовите на молитва, постојано се освежуваат на Изворот на животот. Тие достигнуваат висина на морална возвишеност и широчина на мислите кои другите и не ги насетуваат. Постојаното одржување на заедница со Бога поттикнува добри мисли, благородни намери, јасна претстава за вистината и возвишени цели на делување. Оние кои во душата така се поврзуваат со Него, Бог ги признава како Свои синови и ќерки. Тие постојано се издигнуваат сè повеќе и повеќе, стекнувајќи сè појасна претстава за Бога и за вечноста, така што Господ може да ги направи канали на светлината и духовно спознавање за оние кои сè уште се наоѓаат во темнината на заблудата. {4C 624.2}

Некои од младите во _____ сè повеќе потонуваат во грев; тие се неизделкани, неучтиви, сурови и бунтовнички настроени. Имале голема светлина, но ја отфрлиле. Ако сега одлучат да се вратат на патот на мирот, мораат тоа да го направат од начело, а не само од чувства. Помеѓу гревот и светоста нема компромис. Библијата не содржи никакво одобрување за безбожноста и гревот, ниту слатки зборови на попуштање и милосрдие за оние кои упорно остануваат во непокајание. Исус дошол да ги привлече сите луѓе кај Себе и Неговите следбеници мораат да одат во светлината на Неговиот возвишен пример, колку и поради тоа да мораат да ја жртвуваат својата удобност или

углед во овој свет и колку тоа и да го загрозувало нивниот земен имот или дури и живот. Само на тој начин можат успешно да се борат во добра борба на верата. {4C 624.3}

На младите сè уште им се нуди драгоцен бисер на вистината, тие можат да продадат сè и да го купат тој бисер, а можат и да ја одбијат понудената можност и поради тоа да доживеат вечна и непроценлива загуба. Сите кои ќе ги прифатат условите изложени во Божјата реч можат да добијат спасение и вечен живот. Нашиот Откупител бил послушен до самата смрт, и го дал Својот живот на жртва за гревовите на светот. Вие сте откупени „со скапоцената крв на Исуса Христа, како невино и пречисто Јагне". „Крвта на Исуса Христа, Неговиот Син, нè чисти од секој грев". Млади пријатели, вие можете да си ласкате себеси дека можете да продолжите по правиот пат и без благотворното влијание на Божјиот Дух, кој треба да ги контролира вашите срца; но на таков начин нема да бидете среќни. Вашиот немирен дух бара промени и сетилни задоволства, забави и веселби во друштвото на вашите млади врсници. Вие себеси си градите распукани цистерни кои не држат вода. Измамничката сила на заводникот го контролира вашиот ум и вашите постапки. Вистинска среќа можете да најдете само во покајание пред Бога и во вера во нашиот Господ Исус Христос; бидејќи вашите срца се преполни со бунт и непослушност тоа нескриено се одразува и во вашите зборови. Со своите себични молитви и формално исповедање на верата вие можеби се обидувате да ја смирите својата совест, но тоа само уште повеќе ја зголемува опасноста во која се наоѓате. Вашата природа не е обновена ниту духовно препородена. {4C 625.1}

Христовата драгоцена крв е извор подготвен за чистење на душата од нечистотијата на гревот. Кога ќе одлучите да го земете Него за свој најдобар пријател, ќе бидете трајно осветлени со нова и силна светлина која допира од Неговиот крст. Вистинска и длабока свест за големината на жртвата и за посредувањето на драгиот Спасител ќе ги скрши вашите срца потонати во грев; а љубовта, благодарноста и понизноста ќе ви ја обземат душата. Потполното предавање на срцето на Исуса го претвора бунтовниот грешник во понизен покајник, и тогаш душата во послушност може да каже: „старото помина, сè ново стана". Тоа е вистинската библиска религија. Сè што е помало од тоа претставува измама. {4C 625.2}

Младите не сфаќаат дека вистинска слобода и светлина се наоѓаат само во постојаното самооткажување, во постојаната будност и молитва и во потполно потпирање на заслугите на Христовата крв. Кога Светиот Дух ќе ја исполни душата на верникот, волјата и сите способности на неговото битие се потчинуваат на божественото влијание. Оние кои трајно остануваат во Исуса Христа, се чувствуваат среќни, радосни и блажени во Бога. Духот на благородност кој ја ублажува природата се чувствува во нивниот глас, стравопочитување кон она што е духовно и неминливо се покажува во нивните постапки, а песни на радост и благодарност пријатно одзвонуваат од нивните усни, бидејќи тоа доаѓа од Божјиот престол. Тоа е тајната на побожноста, која не е лесно да се објасни, но сепак во неа со задоволство може да се ужива. Непопустливо упорното и бунтовнички настроеното срце може само да ја затвори вратата за сите предности на благотворното влијание на Божјата благодат и за секоја радост во Светиот Дух; но патиштата на мудроста се патишта на задоволство и среќа и сите нејзини патеки водат во мир. Доколку поблиску сме поврзани со Христа, дотолку нашите зборови и нашите постапки подлабоко ја одразуваат силата на Неговата благодат која ја облагородува и преобразува душата. {4C 625.3}

Со ова најсесрдно ги повикувам младите во _____ да ги разгледаат своите патишта и да го променат начинот на својот живот пред да биде предоцна. Некои од

вас се гордеат со своите способности; но доколку талентите кои ви се доверени се подрагоцени, дотолку повеќе ќе бидете осудени ако тие дарови на небото ги употребите во сатанска служба. Бог може без вас, но вие не можете без Него. Вие ќе страдате без Исуса. За некои од младите во _____ Божјите заповеди им се како трње и како бодликаво дрво. Познавањето на вистината им задава тешки маки кога им попуштаат на грешните задоволства, бидејќи не можат потполно да го потиснат од својата свест она што Бог со право го бара од нив. Во нив се буди нетрпеливост кон ограничувањата кои им се наметнуваат на тој начин. Тие се обидуваат да побегнат од тој глас кој постојано предупредува, но спротивставувајќи се на трнот, самите себеси си нанесуваат штета. О, кога би се вратиле на Изворот на жива вода пред и за последен пат да го отфрлат советот и да го ожалостат Божјиот Дух! {4C 626.1}

Уште неколку зборови за членовите на оваа црква. Христос вели: „Ако некој сака да оди по Мене, нека се откаже од себе, нека го земе својот крст и нека врви по Мене". Ние не треба сами себеси да си правиме крстови; облекувајќи се во вреќи, ранувајќи го своето тело или откажувајќи се од здрава и корисна храна. Ние не треба да се повлекуваме во манастири и да се затвораме во манастирски ќелии, што подалеку од светот, и да не им правиме добро на нашите ближни, мислејќи дека тоа значи да го носиме крстот кој Христос ни го препорачува. Од нас не се бара без потреба да го изложуваме на опасност своето здравје и својот живот, ниту пак по висорамнината на христијанскиот живот да одиме плачејќи, сметајќи дека грев е да се биде пријатно расположен, задоволен, среќен и радосен. Сето тоа се крстови кои луѓето си ги прават сами на себе, но тоа не е крстот кој Христос го препорачува. {4C 626.2}

Да се носи Христовиот крст значи да се држат под контрола грешните страсти, да се негува христијанската учтивост и љубезност дури и тогаш кога тоа не е ниту малку лесно и пријатно, да се забележат потребите на сиромашните и потиштените и да се откажете од сè за да им се помогне на нив, тоа значи да се отвори своето срце и вратата на својот дом на бездомните сирачиња, иако тоа бара и материјални средства и големо трпение. Таквите деца се помлади членови на Божјото семејство и треба да им се укажува љубов, внимание и грижа, воспитувајќи ги во склад со Господовите совети. Тоа е крстот кој - ако радосно го носиме поради Христа - ќе биде венец на слава во Божјото царство. {4C 627.1}

Браќа мои, збогатете го својот живот со добри дела поради Христа, дури и ако на овој свет не се цени вашиот труд и не се признаат вашите заслуги. Тоа е самооткажување. Себичноста е јарем кој најболно ранува и кој членовите на црквата не треба да го стават на својот врат, а сепак многумина кои тврдат дека се Христови следбеници со задоволство го земаат таквиот јарем. Сè што имате Му припаѓа на Бога. Внимавајте залихите на изобилство кои ви се од Бога дадени за добро на вдовиците и сирачињата да не ги користите себично само за себе. Христос ја оставил сета Своја слава, Своите почести и Својата возвишена положба и поради нас станал сиромав, за да можеме ние да се збогатиме со Неговото сиромаштво. И сега ни се наметнува прашањето: Што ние секој поединечно ќе направиме за Исуса Кој го дал Својот живот за овој изгубен свет? {4C 627.2}

_____

62. ЕДНОСТАВНОСТ ВО ОБЛЕКУВАЊЕТО

Во Својата беседа на гората, Христос ги предупредува Своите следбеници да не дозволат мислите да им бидат обземени со земските привлечности. Тој јасно вели: „Не можете да Му служите на Бога и на мамона. Затоа ви велам: Не грижете се за својот живот, што ќе јадете, или што ќе пиете, ниту за своето тело во што ќе се облечете. Не ли е животот повреден од храната и телото од облеката?" „И што се грижите за облека? Погледнете ги лилјаните во полето како растат; не се трудат, ниту предат. А Јас ви велам дека ниту Соломон во сета своја слава не се облече како еден од нив". {4C 628.1}

Овие зборови се полни со значење и ја имаат сета своја важност и примена и денес како и во Христовите денови. Исус овде ја истакнува спротивноста помеѓу природната едноставност на полското цвеќе и украсувањето во облекувањето. Тој нагласува дека ниту Соломон во сета своја слава не може да се спореди со еден полски цвет во неговата природна убавина и нежност. Овде се наоѓа поука за сите оние кои сакаат да ја запознаат и да ја творат Божјата волја. Исус забележал колку грижа и внимание се посветува на облекувањето и Тој нè предупредува, и повеќе од тоа, Тој ни налага да не мислиме премногу за тоа. Важно е грижливо да обратиме внимание на Неговите зборови. Соломон бил толку обземен со мислите за надворешната големина, што го запоставил облагородувањето на својот ум со постојано одржување на врска со Бога, Кој е извор на мудроста. Во настојувањето да постигне надворешна убавина, го запоставил совршенството и убавината на карактерот. Ја продал својата чест и својата чесност настојувајќи да се издигне и прослави пред светот себеси, така што на крајот се изродил во самоволен тиранин чиј раскош со угнетувачки даноци го плаќал народот. Најнапред дозволил тоа зло да најде место во неговото срце, потоа се оддалечил од Бога и конечно станал идолопоклоник. {4C 628.2}

Загрижени сме и вознемирени кога гледаме како нашите сестри во поглед на облекувањето се оддалечуваат од едноставноста и сè повеќе се прилагодуваат на модата на овој свет. Продолжувајќи по тој пат, тие се одвојуваат од Бога и го занемаруваат внатрешното украсување на срцето. Своето од Бога дадено време тие немаат право да го трошат на непотребно украсување на своите облеки. Колку би било подобро тоа време да го посветат во истражување на Светите Списи, стекнувајќи така поцелосни знаења за пророштвата и практичните поуки кои Христос ни ги дава. {4C 628.3}

Како христијани не треба да се занимаваме со било која работа за која по своја совест не можеме да бараме Божји благослов. Сестри мои, дали ви е чиста совеста додека своето драгоцено време го поминувате во непотребна работа на украсување на своите облеки? Можете ли додека умот ви е збунет со изработка на разновидни украсни детали, како што се: машнички, чипки и слично, во молитва да барате од Бога да ги благослови вашите напори? Времето кое го минувате на таков начин би можеле да го посветите на добри дела за другите и за облагородување на сопствениот ум. {4C 629.1}

Многумина од нашите сестри се многу способни личности, и кога своите таленти би ги употребиле на слава на Бога би биле поуспешни во придобивање на души за Христа. Зар тие нема да бидат одговорни пред Бога за душите кои можеле да бидат спасени со нивно залагање, ако претерувањето во облекувањето и грижите за овој свет не ги парализирале до таа мера нивните од Бога дадени сили што повеќе не чувствуваат товар на одговорност за Божјото дело? Модата ја измислува сатаната за да го обземе

разумот на жените со прашањето за облекувањето до таа мера што постојано ќе мислат за тоа. {4C 629.2}

Должностите кои се доверени на мајките да ги воспитуваат своите деца во склад со Господовите совети, тие воопшто нема да можат да ги исполнуваат доколку продолжат со својот сегашен начин на облекување. Тие немаат време за молитва и проучување на Светите Списи за да можат да ја сфатат вистината и за тоа да ги поучуваат своите деца. Меѓутоа, сатаната успешно ја остварува својата цел кога ќе пронајдат нешто со што ќе биде обземен нивниот ум до таа мера што тие свети должности ќе бидат практично оневозможени. Причина што многумина од нив не присуствуваат на состаноците за молитва и не ги исполнуваат своите верски обврски е во тоа што нивните мисли се обземени со друга содржина. Во поглед на модата тие постојано се прилагодуваат на светот; и додека тие продолжуваат така, душите на кои можеле да им помогнат со светлината на добриот пример, уште повеќе се зацврстуваат во своето неверство поради недоследниот живот на таканаречените христијанки. {4C 629.3}

На Бога би му било по волја кога нашите сестри, облекувајќи се соодветно, уредно и едноставно, би имале повеќе време ревно да се посветат на Неговото дело. Тие имаат способности и кога правилно би ги употребиле талентите со кои располагаат, нивниот успех значително би се зголемил. Кога времето кое сега го поминуваат во потполно непотребна работа би го посветиле на проучување на Божјата реч и во објаснување на тие зборови на другите, нивниот ум би се збогатил со бисери на вистината. Настојувајќи на другите да им ги објаснат причините на нашата вера, тие во исто време и самите би зајакнале во верата и би се облагородиле. Кога нашите сестри како совесни христијанки трудољубиво би ја искористиле секоја можност да ја пренесат примената светлина и на другите, многу души би ја прифатиле вистината благодарение на нивните самопожртвувани напори. Сестри мои, ќе сакате ли на денот на конечната пресметка со радост и задоволство да се сеќавате на својот изминат живот или конечно ќе увидите дека, копнеејќи по надворешна убавина, речиси во потполност сте ја занемариле внатрешната убавина на душата? {4C 629.4}

Зар нашите сестри немаат доволно ревност и морална сила без никаков изговор да го прифатат библискиот став? Во тој поглед апостолот дава сосем јасни упатства: „Жените да бидат во пристојна облека, со срам и честитост да се украсуваат себеси, не со плетенки, ниту со злато, ниту со сребро, ниту со скапоцени облеки, туку со добри дела, како што им прилега на жени кои исповедаат побожност". Овде Господ преку апостолот зборува против украсувањето со златен накит. Оние кои имаат таков обичај нека внимаваат со својот пример да не наведуваат и други на погрешен пат. Прстенот кој го имате на својот прст може да биде многу едноставен, но не е потребен, и носејќи го негативно влијаете на другите. {4C 630.1}

Сопругите на нашите проповедници посебно треба да внимаваат во поглед на облекувањето да не се оддалечуваат од толку јасното библиско учење. Многумина сметаат дека овие препораки на апостолот се премногу старомодни за денес да заслужуваат внимание; но Оној Кој ги дал на Своите ученици ги имал во предвид опасностите на нашето време во тој поглед и затоа ни ги упатува овие зборови на предупредување и опомена. Дали сме подготвени да ги прифатиме овие опомени и разумно да постапуваме? Раскошот и претерувањето во поглед на облекувањето сè повеќе земаат замав, и на тоа нема крај. Модата постојано се менува и нашите сестри будно ја следат, не штедејќи притоа ниту време ниту пари. Големи суми пари кои би

требало да се вратат на Бога како на Дарителот на сè што имаме, се трошат на такво облекување. {4C 630.2}

Едноставното и соодветно облекување на сиромашните слоеви е во очевидна спротивност со раскошно украсената облека на нивните побогати сестри и таа разлика често предизвикува чувство на непријатност на страната на сиромашните. Некои, во настојување да не заостануваат зад своите побогати сестри, своите облеки од лош квалитет ги украсуваат со дополнителни карнери, чипки и украси според современата мода, само за да бидат што послични на нив во начинот на облекување. Сиромашните девојки кои за својата работа добиваат едвај два долари седмично, целата своја заработувачка ја трошат на облекување само за да бидат слични на другите кои не живеат од својата заработувачка. Таквите девојки не можат да одвојат ништо за Божјата ризница. За да ги украсат облеките според последната мода, како што тоа го прават нивните сестри, тие се толку зафатени што немаат време за облагородување на својот ум, за проучување на Божјата реч, за тајна молитва и за присуствување на богослуженијата. Сите мисли се сосредоточени само на тоа да изгледаат исто како и нивните сестри. За да ја остварат таа цел, тие го жртвуваат своето физичко, умно и морално здравје. Среќата и Божјото одобрување се полагаат на олтарот на модата. {4C 631.1}

Многу сестри дури ниту во сабота не одат на богослужение само затоа што нивните облеки според кројот и украсите се разликуваат од облеките на нивните сестри во верата. Ќе сакаат ли моите сестри ова прашање да го разгледаат во вистинска светлина и да ја увидат сета погубност на своето негативно влијание на другите? Одејќи самите по таа забранета патека, тие заведуваат и други на патот на непослушноста и отпадништвото. Христијанската едноставност се жртвува на раскошот и надворешното украсување. Сестри мои, како да го промениме сето тоа? Како да се ослободиме од таа стапица на сатаната и да ги раскинеме синџирите кои нè врзуваат во немоќното робување на модата? Како да ги надополниме пропуштените можности и прилики? Како да ги употребиме сите свои сили во здрава и животворна делотворност? Постои само еден единствен пат, а тоа е да ја земеме Библијата како правило на својот живот. Залагајќи се сесрдно за добро на другите и стражејќи будно во молитва, секој треба да го земе својот долго занемарен крст и да ги послуша опомените и налозите на Оној Кој нагласува: „Ако некој сака да оди по Мене, нека се откаже од себе, нека го земе својот крст и нека врви по Мене”. {4C 631.2}

Сестри мои во Христа, погледнете го своето лице во огледалото на Божјиот закон - и преиспитајте го својот живот врз основа на првите четири заповеди. Тука е одредена нашата должност кон Бога. Тој бара неподелена љубов; а сè што придонесува во корист на непријателот да ги обземе нашите мисли и да ги одврати од Бога станува наш идол. Вистинскиот и жив Бог се потиснува од мислите и од срцата, а храмот на душата се осквернува со обожавање на други богови наместо Господа. „Немој да имаш други богови освен Мене”, гласи Неговата заповед. Да го преиспитаме своето срце, да го споредиме својот живот и карактер со прописите и уредбите на Јехова, и одлучно да настојуваме да се поправиме. {4C 632.1}

Последните шест заповеди ги одредуваат должностите на човекот кон ближните. Овде се истакнуваат сериозните и свети обврски кои оние кои тврдат дека ги држат Божјите заповеди а секој ден ги престапуваат. Оние кои се просветлени преку Божјата благодат, кои со посвојување се примени во Неговото царско семејство, не би требало постојано да останат деца во духовен развој. Ако мудро ја употребат добиената

благодат, нивните знаења и способности постојано ќе се зголемуваат и божествената сила ќе им биде доверена во уште поголема мера. Настојувајќи сесрдно со правилно насочени напори да го пренесат стекнатото знаење за вистината и на своите ближни, тие ќе стануваат силни во Господа; и залагајќи се за вистина и правда на земјата, како награда ќе добијат вечен живот во небесното царство. Тие предности ги имаат и нашите сестри. И кога гледам како своите од Бога дадени време и пари ги употребуваат на непотребно украсување на своите облеки, морам да ги опоменам дека со тоа ги престапуваат не само првите четири, но и последните шест заповеди на Божјиот закон. На тој начин, Бог за нив не е врховен и единствен предмет на обожавање, ниту пак своите ближни ги љубат како самите себе. {4C 632.2}

Христос е наш Пример кој постојано треба да го имаме пред очите, како и Неговата неизмерна жртва која ја поднел за да нè откупи од безнадежното робување на гревот. Кога - набљудувајќи се себеси во светлината на Божјиот закон како во огледало - ќе заклучиме дека Тој нè осудува, не смееме и понатаму да се изложуваме на опасностите на престапот, туку мораме да се поправиме и облеките на својот карактер - за да станат беспрекорни - да се исперат во крвта на Јагнето. Да повикаме во својата молитва, како и псалмистот во свое време: „Отвори ги моите очи, за да ја видам чудесноста на Твојот закон!” Оние кои своите од Бога доверени време и пари, наместо на добробит на човештвото, себично и без потреба ги трошат само на себе и на своите деца, ќе мораат да полагаат страшна сметка на Божјиот суд. {4C 632.3}

„Зашто гледај, доаѓа денот кој гори како печка и сите кои безбожно работат ќе бидат како стрниште кое ќе го запали денот кој доаѓа, вели Господ Саваот; и нема да им остане ниту корен ниту гранки”. Оние кои не веруваат, наскоро ќе мораат да размислат за нешто што потполно ќе го фрли во сенка облекувањето и надворешниот изглед; вхашени и вчудовидени во својот очај, нема веќе да имаат никаква прилика за обратување. Тие не се „слуги на надежта” за да се вратат во утврдениот град, срцата ќе им изнемоштат од тага, негодување и страв. Тие не го избрале Бога за свое засолниште и затоа тогаш нема да можат да бараат во Него утеха и поддршка. „Јас ве викав, а вие не сакавте, ви ја пружав Својата рака, но никој не мареше; затоа и Јас ќе се смеам на вашата неволја, ќе се потсмевам кога ќе дојде она од што се плашите”. {4C 633.1}

Оние помеѓу нас кои подлегнуваат на влијанието на овој свет ќе бидат испитани. На опасностите од последните денови сме изложени на секој чекор и одиме во средба на неволи кои многумина меѓу Божјиот народ и не ги претчувствуваат. Вистинитоста на нивната вера ќе биде проверувана. Многумина потполно се поистоветуваат со светот во горделивоста, суетата и љубовта кон уживањето, измамувајќи се самите себеси дека и покрај тоа можат да останат христијани. Но токму таквите попуштања ги одвојуваат од Бога и ги прават деца на овој свет. Христос не ни оставил таков пример. Вистински Негови следбеници се само оние кои се откажуваат од себе, живеејќи трезвен, понизен и свет живот; таквите не наоѓаат задоволство во друштво на оние кои го љубат овој свет. {4C 633.2}

Многумина се облекуваат како останатиот свет за да имаат поголемо влијание на неверниците; но во тоа прават тажна грешка. Ако сакаат нивното влијание навистина да биде спасоносно, нека живеат во склад со верата што ја исповедаат, нека ја потврдуваат својата вера со соодветни дела, покажувајќи дека помеѓу христијаните и оние кои живеат само за овој свет постои јасна разлика. Со своите зборови, со својот начин на облекување и со своите дела тие треба да сведочат за Бога. Тогаш насекаде околу себе ќе шират спасоносно влијание и по тоа дури и неверниците ќе познаат дека тие

навистина биле со Исуса. Оние кои сакаат со своето влијание да сведочат во корист на вистината, нека живеат во склад со верата што ја исповедаат и нека го следат примерот на својот понизен Спасител. {4C 633.3}

Горделивоста, незнаењето и лудоста секогаш одат заедно. На Господа му е одвратна горделивоста која се манифестира и меѓу припадниците на народот кој исповеда вера во Него. Со своето прилагодување на нездравата, нескромната и скапа мода на овој изопачен свет, тие навистина Го обесчестуваат. {4C 634.1}

Модата господари со светот; таа е немилосрден тиранин кој ги принудува своите поданици да се потчинат на најголемите непријатности и незгоди. Својот тежок данок таа го наметнува без основа и го собира без милост. Таа има волшебна моќ и подготвена е да ги понижува и постмева сиромашните ако не ѝ се прилагодат по секоја цена, изложувајќи го на опасност дури и својот живот. Сатаната ликува гледајќи дека неговите подли планови толку добро успеваат, а смртта се смее на лудостите толку штетни по здравјето и на слепото ревнување на оние кои се поклонуваат пред олтарот на модата. {4C 634.2}

За да ги заштитиме припадниците на Божјиот народ од изопаченото влијание на овој свет и да го сочуваме нивното физичко и морално здравје, воведовме реформа во поглед на облекувањето. Цел на оваа реформа не е да стане ропски јарем, туку благослов; работите околу подготовката и трошоците за облекување, таа не треба да ги зголемува, туку напротив да ги намали. Таа треба јасно да ја истакне разликата помеѓу Божјиот народ и овој свет и да служи како брана против сè поголемите лудости на светската мода. Оној кој на секој почеток однапред го гледа крајот, кој ја познава нашата природа и нејзините потреби - нашиот сочувствителен Откупител - бидејќи во Својата милост ги гледа опасностите и тешкотиите со кои се соочуваме, навреме ни упатил опомени и поуки во поглед на нашите животни навики, па дури и во правилниот избор во поглед на исхраната и облекувањето. {4C 634.3}

Сатаната постојано измислува нешто ново во поглед на облекувањето што се покажува штетно за физичкото и моралното здравје и ликува кога гледа дека и оние кои тврдат дека се христијани со задоволство ја прифаќаат модата која тој ја лансира. Не е можно да се проценат сите физички и духовни страдања предизвикани со неприроден и нездрав начин на облекување. Поради потчинување на суровите барања на модата, многу жени стануваат духовни инвалиди. Меѓу лошите последици од модерниот начин на облекување се наоѓаат искривувањето на рбетниот столб и деформација на другите органи, рак и други страшни болести. {4C 634.4}

Многу кроеви на облека се потполно непрактични и неадекватни, па дури и смешни, но се прифаќаат затоа што тоа е во мода. На така погубната мода и припаѓаат широките здолништа растегнати со обрач во облик на ѕвоно кои често непристојно го откриваат телото. Во спротивност со тоа, со реформа во облеката препорачан е скромен и соодветен начин на облекување без тие широки и тешки здолништа, со кои правилно би биле заштитени нозете. Но, со реформата во облекувањето опфатено е нешто повеќе од самото кратење на здолништата и покривање на нозете. Со неа е опфатен секој дел од облеката; тежината на облеката од колковите е пренесена на раменатa. Укинати се тесните мидери кои ги стегаат белите дробови, абдоменот и другите внатрешни органи и предизвикуваат деформација на кичмата и речиси бескрајна низа на болести. Реформата во облеката обезбедува заштита и правилен развој на речиси сите делови на телото. {4C 635.1}

Реформата во облекувањето претставува вистински благослов за сите оние кои ќе ја прифатат, доследно ја применуваат и сфаќајќи ги нејзините предности радосно ја отфрлаат горделивоста и модата. Правилно сфатена, таа пропишува здрав и пристоен начин на облекување кој е препорачлив не само за нас туку и за сите кои се со искрен дух, дури и ако не припаѓаат на нашата вера. {4C 635.2}

Може да се постави прашањето: „Зашто тој начин на облекување е оставен по страна и зошто престанало препорачувањето на реформата во облекувањето?" Ќе ги наведам накратко причините за оваа промена. Многу наши сестри ја прифатиле оваа реформа од начело, додека други се спротивставувале на едноставниот и здрав стил на облекување кој го препорачува таа реформа. Биле потребни многу напори таа реформа да се внесе во нашите редови. За да се осведочат нашите сестри дека таквиот начин на облекување и Бог го одобрува, објаснувани им се предности на предложената реформа, но сето тоа се покажало како недоволно. Модата толку загосподарила над нив така што тие тешко се ослободуваат од нејзината власт, дури и кога тоа јасно им го наложува гласот на разумот и совеста. Многумина декларативно ја прифаќаат реформата, но своите лоши навики во облекувањето не ги менуваат, со исклучок на тоа што престанале да ги кратат своите широки здолништа и да ги покриваат своите нозе. {4C 635.3}

Но тоа не било сè. Некои од оние кои ја прифатиле реформата не се задоволуваат со тоа со пример да ги покажат сите предности на таквото облекување, наведувајќи свои причини за тоа кога некој ќе ги запраша, и не одејќи подалеку од тоа. Тие се обидуваат да ја наметнат својата совест како мерило за другите, мислејќи дека реформата која тие ја прифатиле мораат да ја прифатат и сите наши сестри. Тие забораваат дека на реформата во поглед на облекувањето никого не треба да го принудуваат. {4C 636.1}

Моја должност не беше прашањето на реформата во облекувањето упорно да им го наметнувам на своите сестри. Изложувајќи им го сето тоа онака како што ми беше покажано, им го препуштив останатото на нивната совест. Реформата на дело секогаш бара жртва. Таа бара желбата за удобен живот, себичните интереси и славољубие да се потчинат на начелата на исправност. Сите кои имаат храброст да се одлучат за реформа мораат да наидуваат на препреки. Тие неизбежно доаѓаат во судир со конзервативните сфаќања на сите кои поради деловните врски или поради уживање ги бранат себичните интереси на поборниците на модата. {4C 636.2}

Постојаното истакнување и повикување на нашите сестри да ја прифатат реформата на облеката предизвикало многу непријатни чувства. Екстремно настроените сметаат дека таа реформа претставува совршенство и суштина на нашата вера. Таа постојано е предмет на нивните разговори и бреме на нивното срце; тоа ги одвраќа нивните мисли и од Бога и од вистината. Поради тоа, во однесувањето со другите, ним им недостига Христовиот Дух и вистинска учтивост. Наместо овој начин на облекување да го ценат и препорачуваат поради неговите предности, тие се изгледа горди токму поради неговата необичност. Можеби меѓу нас не се појавило ниту едно прашање во кое нивниот вистински карактер би се открил толку јасно како што е токму оваа реформа во облекувањето. {4C 636.3}

Додека многу млади сестри ја прифатиле оваа облека, некои, во настојување да го одбегнат крстот, додаваат некои недолични дотерувања и скратувања, со што наместо во благослов ја претвораат во проклетство. За оние кои ги прифаќаат таквите облеки само од чувство на должност, но без волја, тоа станува тежок јарем. Други пак, кои

изгледаат најревни реформатори, манифестираат во своето облекување кобен недостаток на уредност и чистота. Тие не ги шијат своите облеки според препорачан крој. Некои сакаат да имаат комбинирана облека - наметка од еден материјал, горниот дел од облеката од друг, а долниот дел од трет материјал. На некои горниот дел од облеката им е толку долг, така што долниот дел под него се гледа само неколку сантиметри, што ја прави облеката несоодветна и невкусна. Овие чудни и невкусни костими одбиле многумина кои со задоволство би прифатиле соодветна реформна облека. {4C 636.4}

Некои беа многу вознемирени што прашањето на облекувањето не го поставив како услов за членство, а други што на оние жени чии мажи и деца не се верни не им препорачав да ја прифатат реформата во облекувањето, бидејќи тешкотиите предизвикани со тоа би можеле да го осуетат сето добро кое го донесува реформата со себе. Со години го носев товарот на тоа дело во настојување во поглед на облекувањето да се воведе еднообразност меѓу нашите сестри. {4C 637.1}

Во визијата која ја имав во Батл Крик на 3 јануари 1875 година покажана ми е ситуацијата која овде ја изложив и видов дека големата разновидност во облекувањето нанесува штета на делото на вистината. Она што би претставувало благослов ако едообразноста била единствено прифатена и правилно спроведена, претворено е во срам. {4C 637.2}

Некои од оние кои носеле такви облеки воздивнувале поради тоа како да имаат некој голем товар. Во своето срце тие постојано мрмореле: „Сè друго, само не ова. Само да се ослободиме од овој чуден стил, со задоволство би прифатиле едноставни облеки со соодветна должина и без никакви украси. Така нозете би ни бие покриени и затоплени и би имале здрава облека со многу помалку непријатности и напори. За да се подготви реформната облека на правилен и пропишан начин, потребно е да се вложи многу труд”. Со мрморење и постојано негодување вистинската побожност е речиси потполно уништена. {4C 637.3}

Во поглед на реформните облеки во тоа време не ми се давани никакви сведоштва, така што носењето на истите не ги препорачував ниту осудував во своите изјави. Тоа беше Божјата намера за да ги провери оние кои тврдат дека се Негов народ и да се покаже што им е во срцето. На јавните состаноци ретко кога нешто напоменував за тој предмет. И во писмата одбегнував да одговарам на таквите прашања. {4C 637.4}

Меѓутоа, прашањето за облекувањето повторно ми беше предочено пред една година. Покажано ми е дека нашите сестри се оддалечуваат од едноставноста на евангелието. Токму оние кои сметаат дека реформата во поглед на облекувањето не бара непотребни напори и кои тврдеа дека не се поведуваат по влијанијата на овој свет и неговиот дух, сега ја прифаќаат модата која некогаш ја осудувале. Својата облека тие ја украсуваат со сите можни непотребни накити на начин кој не прилега на христијанки и кој е потполно во спротивност со нашата вера. {4C 637.5}

Така горделивоста завладеала со срцето и на оние кои тврдат дека излегле од светот и дека се одвоен и посебен народ. Вдахновението вели дека пријателството на овој свет е непријателство на Бога; па сепак оние кои тврдат дека дека се Негов народ, своите од Бога дадени време и пари ги жртвуваат на олтарот на модата. {4C 638.1}

Нашиот народ во поглед на реформата постојано назадува. Мудроста и здравото расудување како да се потполно парализирани. Себичноста и желбите за уживање го изопачуваат срцето и го деморализираат карактерот. Сè поголема е склоноста

здравјето и Божјото одобрување да се жртвуваат на олтарот на модата која вечно се менува и чии барања не е можно да се задоволат. {4C 638.2}

И за персоналот кој работи во нашиот санаториум најсоодветна е реформната облека. Мислењето на оние кои сметаат дека тоа би можело да му наштети на достоинството и угледот на оваа установа е погрешно. Идејата да се носи таква облека токму тука, никако не треба да се отфрли. Во таква облека персоналот би можел да ги извршува своите работи со многу помалку напор отколку што е сега потребно. За поборниците на модата таквата мода сама по себе претставува проповед. Спротивноста помеѓу нивните нездрави, богато набрани здолништа кои се влечат по земја, и реформните облеки, правилно прикажани, кои овозможуваат лесно движење на нозете, би била многу поучна. Многу од пациентките многу побргу би се опоравиле ако ја прифателе реформната облека. {4C 638.3}

Ние жалиме што некои го злоупотребуваат своето влијание во спротивставување на оваа соодветна, скромна и здрава облека. Необратеното срце секогаш копнее за одобрување, благонаклоност и за обичаите на овој свет и секое влијание е десетпати посилно кога е насочено во негативна насока. {4C 638.4}

Иако никој не бил принуден да ја прифати реформата во поглед на облекувањето, нашиот народ ја имал таа предност и требало таа реформа правилно да ја сфати и да ја прифати како благослов. Лошите последици на спротивната струја сега можат да се видат на секој чекор. Лекарите и помошниот персонал во санаториумот сè повеќе се оддалечуваат од насоките кои Господ ни ги дал во поглед на облекувањето. Едноставноста во тој поглед е сè поретка. Наместо соодветна и едноставна облека пропишана со перото на вдахновение, денес меѓу нас може да се види речиси секој стил на последната мода. Овде, како и на сите други места, токму оние кои се жалат дека подготовката на реформна облека бара големи и непотребни напори, најмногу одат во крајност со непотребно украсување. Сето тоа бара многу време и труд, така што жените се принудени да плаќаат скапи шнајдерки и тоа ги чини двојно повеќе од едноставноста која доликува на жените кои исповедаат побожност. Шиењето на модерни облеки чини многу повеќе отколку самата облека. А за украсите често се дава двапати повеќе отколку што чини самиот материјал. Во тоа се огледува само суета и горделивост и голем недостаток на вистинска начелност. Многу жени кои живеат од својата скромна заработувачка би можеле и самите да ги кројат и шијат своите облеки, кога би биле подготвени да се задоволат со едноставен и скромен начин на шиење; но тоа сега е речиси незамисливо и сметките на шнајдерите одземаат значителен износ од нивните скромни примања. {4C 639.1}

Божја волја е реформата во облекувањето за нашите сестри, кои се склони да се поведуваат по модата на овој свет, да послужи како ограда која ќе ги чува тоа да не ги одвои од Него. Оние кои ја отстрануваат таа ограда не го преземаат на себе товарот на одговорност за да ги спречат опасностите кои неминовно произлегуваат од тоа. Поедини луѓе на одговорни положби со своето влијание го охрабруваат попуштањето на модата и обичаите на светот, што е во потполна спротивност со библиските мерила. Тие се соучесници во сето она што довело до сегашната состојба на световност и отпадништво од Бога. {4C 639.2}

Бог го проверува Својот народ. Тој дозволил сведоштвото за реформата во поглед на облекувањето да стивне за нашите сестри, поведувајќи се по своите склоности, да ја покажат вистинската состојба на своето горделиво и непрепородено срце. Реформата во поглед на облекувањето е препорачана за да се спречи прилагодувањето на светот

кое денес е толку очевидно. Многумина се потсмевале на идејата дека реформата во облекувањето треба да ги штити од попуштање и робување на модата, но Господ на овој начин дозволил да се разоткријат горделивоста и суетата кои ги негуваат во своето срце и да се покажат токму такви какви што се. Сега се покажало дека ограничувањето пропишано со реформа во поглед на облекувањето е навистина неопходно. {4C 639.3}

Кога сите наши сестри би ја прифатиле оваа едноставна облека со умерена должина и без непотребни украсувања, еднообразноста која би ја постигнале на тој начин би го заслужила Божјото одобрување и би имала поблаготворно влијание на светот отколку разновидноста што ја имаме во последните четири години. Меѓутоа, бидејќи повеќето наши сестри не ја прифаќаат реформата на облеката таква каква што е првобитно замислена, сега прикажуваме друг крој кој, се надеваме, ќе има помалку приговори и замерки. Тој е ослободен од непотребни украси и тешки здолништа со широк појас чиј товар виси на колковите. Се состои од едноставна облека или пак блуза доволно широка за да не го стега телото, а здолништата се доволно долги за да не собираат кал и прав од улиците. Материјалот треба да биде без впечатливи шари и со едноставна боја. На заштитата на нозете треба да им се подари исто толкаво внимание како и на должината на облеката. {4C 640.1}

Ќе сакаат ли моите сестри да се согласат да го прифатат овој стил на облекување и да престанат да се поведуваат по модата која ја измислува сатаната и која постојано се менува? Никој не може да каже какви ќе бидат следните грдосии и чудовишта на модата. Примерите на овој свет чија единствена грижа е: „што ќе јадеме и што ќе пиеме и во што ќе се облечеме", не треба да бидат наш критериум. {4C 640.2}

Некои жени велат: „Кога овие облеки кои сега ги носам нема да бидат за употреба, ќе сошијам други поедноставни". Меѓутоа, ако сегашното прилагодување кон модата и обичаите на светот е исправно пред Бога и ако Тој може тоа да го одобри, зошто тогаш некаква промена? Но ако тоа е погрешно, зар треба да се продолжи по погрешниот пат еден момент повеќе отколку што е потребно да се изврши промена? Токму овде сакаме да ве потсетиме на фактот колкава ревност, вештина и истрајност сте покажале во подготовката за тие свои облеки според постоечката мода. Зар не би било вредно за пофалба кога би покажале барем толку сесрдност и труд тие свои облеки да ги прилагодите според Божјите мерила? Драгоцените од Бога дадени време и пари ги трошевте без никакво штедење за да имате облеки според светската мода; а на каква жртва сте подготвени сега за да го поправите лошиот пример кој во тој поглед им го дававте на другите? {4C 640.3}

Срам е за нашите сестри толку да го забораваат своето свето обележје и своите должности кон Бога и да се поведуваат според модата на овој свет. За тоа не постои друга причина туку изопаченост на срцето и телесните желби. На таков начин не можеме позитивно да влијаеме на својата околина. Тоа е толку недоследно и неспоиво со верата која ја исповедаме за да нè направи смешни во очите на овој свет. {4C 641.1}

Горделивоста и љубовта кон светот кои доаѓаат до израз во начинот на облекување на нашите сестри одбиваат од вистината многу души кои биле потполно осведочени од неа. Објавената вистина делува толку јасно и складно што заинтересираните чувствуваат дека со прифаќање на истата мораат да земат и тежок крст. Но кога ќе видат толкаво расфрлање во облекувањето на нашите сестри, тие заклучуваат: „Овие верници во начинот на облекување воопшто не се разликуваат од нас. Тие всушност не веруваат во она што го исповедаат; и на крајот на краиштата, тие мора да се измамени. Кога навистина би верувале дека Христос наскоро доаѓа, кога судбината на секоја душа

засекогаш ќе биде одлучена за вечен живот или смрт, тие не би жртвувале толкаво време и пари за да се облечат според последната мода". Колку малку знаат овие таканаречени сестри каква проповед исповедаат со својот начин на облекување! {4C 641.2}

Нашите зборови, нашите постапки и нашиот начин на облекување јасно и недвосмислено зборуваат дали ние собираме со Христа или пак растураме. Тоа не е безначајна ситница преку која можеме лесно и со насмевка да преминеме. Прашањето за облекувањето бара да размислиме за тоа најсериозно и со молитва. Многу неверници увидуваат дека е погрешно што си дозволуваат себеси да бидат робови на модата; но кога ќе видат дека оние кои се прават многу побожни се поведуваат по модата како и останатиот свет и уживаат во друштво на лесноумните, тие заклучуваат дека не е никакво зло ако и самите прават така. {4C 641.3}

„Зашто ние сме", вели вдахновениот апостол, „гледање на светот, на ангелите и на луѓето". Цело небо будно и со голем интерес набљудува какво влијание шират околу себе оние кои се сметаат за Христови следбеници. Сестри мои, вашата облека зборува или за Христа и за Неговата света облека или за овој свет. За кого сведочиме со својот изглед? Да имаме секогаш на ум дека мораме да полагаме сметка пред Бога и за влијанието кое сме го ширеле. {4C 641.4}

Не сакаме на било кој начин да ја охрабруваме лесноумноста и немарноста во поглед на облекувањето. Нашата облека треба да биде соодветна и пристојна. Ако е од најобичен материјал таа секогаш треба да биде чиста и соодветна. Ако не носиме плесирани облеки, секогаш ќе бидеме во можност да заштедиме нешто со самото тоа што таквите облеки можеме сами да ги шиеме, переме и пегламе. Поедини семејства, за да ги облечат своите деца според барањата на модата, се изложуваат на исклучително големи трошоци. Каква загуба во средства и во време! Доколку се држат чисто и уредно, девојчињата можат да изгледаат убаво и многу привлечно и без плесирани облеки и посебни украси. Во одржувањето, перењето и пеглањето на плесираните облеки, мајките често губат многу време, и тоа за нив претставува огромен товар. {4C 641.5}

Зошто нашите сестри, робувајќи ѝ на современата мода, да Му ја ускратуваат на Бога службата што Му ја должат и средствата со кои можат да го помогнат Неговото дело? Првите и најдраги мисли се посветуваат на облекувањето; на тоа немилосрдно се трошат и време и пари. Се запоставуваат просветувањето на умот и облагородувањето на срцето. Помалку внимание се подарува на изградување на карактерот отколку на облекувањето. Внатрешниот украс на понизниот и кроток дух пред Бога има непроценлива вредност; и најголема лудост е поради такви безвредни работи да се пропушти можноста да се стекне тој драгоцен украс на душата. {4C 642.1}

Сестри мои, ние можеме да направиме благородно дело за Бога ако сакаме. Жената не е свесна за своите можности. Не е Божја намера жената да ги сведе сите свои способности само на прашања, како што се: Што ќе јадеме? Што ќе пиеме? Во што ќе се облечеме? Постојат повисоки и поблагородни цели во животот на кои жената може да се посвети. Таа треба да ги развива сите свои од Бога дадени способности за да може да ги употреби во големото дело на спасување на душите од вечна пропаст. {4C 642.2}

Популарните цркви во недела повеќе личат на некој театар отколку на место за богослужение. Тука можат како на некоја изложба да се видат разновидни облеки според последната мода. Сиромашните немаат смелост ниту да влезат во такви цркви. Со свои уши слушнав како еден од посетителите на овие модерни цркви го опишува

своето забележување: „Тука ми се дава ретка можност за студирање на последната мода. Тука можам да видам каков впечаток оставаат поедини кроеви; и да знаете, многу ми користи во мојот занает што тука имам можност да видам како поедини кроеви одговараат со разни облици и боја на косата. Дали ја забележавте онаа прекрасна шапка со голем накит? Јас знам како се изработува бидејќи тоа ми е занает кој го работам секој ден, а овде имам можност да видам како тоа изгледа практично”. {4C 642.3}

Ниту еден збор не е изговорен за Христа ниту за проповедта која е одржана тој ден. Помислете само: како Исус го набљудува тоа друштво со сите негови нападни украси и раскошно претерување во облекувањето? Какво обесчестување на Божјиот дом! Кога Христос би бил сега на земјата и би влегол во една од ваквите цркви, зар не би, како некогаш од ерусалимскиот храм, ги избркал сите оние кои го обесветуваат домот на Неговиот Татко? {4C 643.1}

Но најголемо зло е влијанието кои ваквите појави го имаат на децата и младите. Од своето најрано детство тие стануваат жртви на модата и на нејзините немилосрдни барања. За модата тие слушаат од малечки и тоа многу повеќе отколку за своето спасение. Тие гледаат како нивните мајки подаруваат повеќе внимание на модните журнали отколку на Библијата. Мајките почесто одат во модните салони и кај модните креатори отколку во црква. На надворешното украсување и на облеките им се подарува повеќе внимание отколку на украсување на карактерот. Постојаното укорување и казнување поради тоа што ја извалкале својата фина облека, го прави духот на децата уште пораздразлив. {4C 643.2}

Мајките не се вознемируваат толку поради изопаченоста на карактерот на своите деца колку поради нивната извалкана облека. Детето многу повеќе слуша за облеката отколку за доблестите, бидејќи мајките подобро ја познаваат модата отколку својот Спасител. Нејзиниот пример премногу често ги опкружува децата и младите со отровна атмосфера. Така порокот, облечен во облека на модата, се вовлекува меѓу децата. {4C 643.3}

Едноставноста во облекувањето и дава на жената најубав изглед. За карактерот на една личност ние обично судиме според начинот на нејзиното облекување. Кичестото облекување ја покажува суетата на душата и слабоста на карактерот. Понизната и побожна жена тоа го покажува и со скромност во своето облекување. Во изборот на едноставен и соодветен начин на облекување се откриваат облагороден вкус и просветен ум. {4C 643.4}

Постои украс кој е непропадлив, кој служи на благослов и среќа на сите кои нè опкружуваат во овој живот и кои ќе блескаат со ненамален сјај преку бескрајните времиња на вечноста. Тоа е украсот на кроткиот и понизен дух. Бог нè повикува да ја облечеме својата душа со најскапоцената облека (со Христовата правда). Секој пат кога во огледало ќе го погледне своето украсено тело со облека и накит, обожавателката на модата треба да помисли колку поради тоа ја занемарува својата душа. Секој час пропуштено време во надворешно украсување би требало да ѝ биде прекор што го занемарува облагородувањето на својот ум. Тогаш би дошло до реформа која би ги издигнала и облагородила сите животни копнежи и намери. Наместо желба за скапоцено надворешно украсување, посесрдно би ја барале онаа мудрост која е повредна од офирско злато и од најскапоцените камења. {4C 643.5}

На олтарот на модата, нејзините поборници, најчесто ги жртвуваат и цврстината на карактерот и своето здравје. Тие не живеат за никаква цел и затоа и не постигнуваат

ништо вредно за почит. Насекаде наидуваме на жени чии ум и срце се обземени само со љубовта кон модата и надворешното украсување. Душата на таквите жени е закржлавена и понижена и сите нејзини мисли се сосредоточени само на едно јадно и бедно „јас". Кога за една модерно облечена девојка, додека минувала по улицата, некој запрашал: која е таа: му одговориле: „Таа е луксузен украс во домот на својот татко, но освен тоа не е од никаква корист". Тажно е кога оние кои се сметаат Христови следбеници мислат дека е отменост да се подржува модата и манирите на таквите потполно бескорисни „луксузни украси". {4C 644.1}

Драгоцени поуки во поглед на облекувањето на вистинската христијанка дава апостол Петар: „Вашето украсување да не биде надворешно: во плетење на косата и во украсување со злато или во облекување; туку во понизното срце, во непропадливоста на кроткиот и тивок дух, што е скапоцено пред Бога". Сè што ние препорачуваме е да се потчиниме на советите на Божјата реч. Ја читаме ли Библијата и се управуваме ли според нејзините упатства? Ќе Му служиме ли на Бога или на мамона? Можеме ли да го очекуваме Божјото одобрување и мир во својата душа додека живееме во спротивност со учењата на Неговата реч? {4C 644.2}

Апостол Павле ги советува христијанките да не се прилагодуваат на овој свет, туку да се променат во „обновување на својот ум, за да можете", нагласува тој, „да искусите која е добрата и совршена Божја волја". Но многумина кои тврдат дека се Божји деца не чувствуваат воопшто дека ги обвинува совеста што во носењето на златни украси, бисери и раскошни облеки се прилагодуваат на обичаите на овој свет. Оние христијанки на кои совеста не им дозволува така да се однесуваат се сметаат за личности со тесни погледи, премногу плашливи, па дури и фанатици. Но Господ сметал дека е добро во поглед на облекувањето да ни остави вакви упатства; тие упатства доаѓаат од изворот на бескрајната мудрост, и сите оние кои ги презираат и отфрлаат се изложуваат на опасност и вечна загуба. Срцата на овие таканаречени христијанки кои толку неразделно се врзани за украсувањето кое е забрането во Божјата реч, се полни со горделивост и суета. Тие сакаат на себе да привлечат внимание. Со своето облекување тие како да зборуваат: „Гледајте во Мене, восхитувајте ми се!" На тој начин попуштањето на суетата која е родена во човечката природа постојано се поттикнува и зголемува. Кога единствена цел би ни била само да Му угодиме на Бога, секое непотребно разубавување на нашата надворешност потполно би исчезнало. {4C 644.3}

Наспроти надворешното украсување, апостолот ја истакнува вредноста на кроткиот и тивок дух, а потоа нагласувајќи ја неспоредливата вредност на внатрешната убавина заклучува дека тоа е драгоцено пред Бога. Значи постои очевидна спротивност помеѓу љубовта кон надворешното украсување и особините на кротост и тивок и благ дух. Само кога настојуваме потполно и во сè да се прилагодиме на Божјата волја, Неговиот мир и вистинска радост ќе владеат во нашата душа. {4C 645.1}

Љубовта кон украсувањето го загрозува моралот, и жената која како христијанка треба да се одликува со невиност, разумност и чистота, ја прави спротивна на она што би требало да биде. Облеките кои впечатливо го истакнуваат телото често поттикнуваат сетилност во срцето на оние кои ги носат и будат ниски страсти во срцето на оние кои ги набљудуваат. Бог однапред гледа дека пропаста на карактерот често доаѓа како последица на попуштањето на горделивоста и суетата во поглед на облекувањето и дека раскошното облекување ја задушува желбата да се прави добро. {4C 645.2}

Доколку повеќе трошите на своето скапо облекување, дотолку сте помалку во можност да ги нахраните гладните и да ги облечете голите; реката на добродушност

која би требало постојано да тече, на тој начин пресушува. Секој денар кој ќе го заштедиме откажувајќи се од некое некорисно украсување може да му се даде на некој сиромашен или да се приложи во Божјата ризница и на тој начин да се помогне ширењето на евангелието и да се пратат мисионери во туѓи земји, или да се печатат книги - за да можат зраците на светлината да допрат и до оние кои сè уште се наоѓаат во темнината на заблудата. Секој непотребно потрошен денар нè лишува од драгоцената можност да направиме некое добро дело. {4C 645.3}

Сестри мои, колку драгоцено време трошите на непотребното украсување, време за кое ќе морате да полагате сметка пред Бога? Колку пари трошите за да ги задоволите своите фантазии и да предизвикате восхит на оние кои во срцето се полни суета исто како и вие? Тие пари Му припаѓаат на Господа. Колку добра можевте да направите со тоа! А колку губите и во овој и во идниот живот што не го направивте тоа! Секому ќе му биде судено според она што го направил или пак го пропуштил во овој живот. Бог ги чита нашите мисли и побуди на нашите срца. Пред Неговото око кое гледа сè, е откриено секое дело и секоја тајна. Ниту една мисла, ниту еден збор и ниту една постапка во животот не остануваат незабележани од Него. Тој знае дали ние го љубиме и славиме Него или пак себично си угодуваме себеси. Тој знае дали копнееме по она што е горе, каде што Христос седи од десната страна на Таткото, или пак за она што е земско, сетилно и ѓаволско. {4C 646.1}

Секој пат кога на својата облека ќе ставите некој скап, а потполно непотребен украс, вие им ускратувате на оние кои немаат во што да се облечат. Секоја пат кога на својата трпеза иснесувате непотребни, разновидни и раскошни јадења, им ускратувате храна на гладните. Дали вие, кои тврдите за себе дека сте христијани, размислувате како изгледаат записите за вас во небесните книги? Не трошете го на луди и штетни задоволства она што Му припаѓа на Бога и она што треба да го поделите на сиромашните, ве преколнувам. Не украсувајте се со скапоцени облеки, туку со добри дела, како што им прилега на жените кои исповедаат побожност. Не дозволувајте молбите на запоставените вдовици и сирачиња да допрат до небото. Не дозволувајте на вашите облеки да се најде крвта на изгубените. Не го поминувајте драгоцената време на милост и проба во задоволување на горделивоста на своето непрепородено срце. Зар нема сиромашни кои треба да се посетат и на кои треба да им се помогне, неупатени на кои треба да им се чита Божјата реч? Зар нема обесхрабрени и очајни на кои толку добро би им дошол секој збор на утеха и охрабрување и вашите молитви? {4C 646.2}

Зар вашата горделивост и вашата суета станаа сè поизразени доколку Бог ви давал повеќе успех и напредок во земските добра? Посветувајќи драгоцено време на своето надворешно украсување, вие го занемарувате внатрешното украсување; затоа не напредувате во благодатта. Наместо своите мисли сè повеќе да ги насочувате кон небото, вие сè повеќе се сосредоточувате на она што е земско. Лудите и штетни желби, сетилните и понижувачки страсти го засолнуваат од вашите очи сето она што е свето и возвишено. Зашто сите оние кои тврдат дека го љубат Христа не бегаат од тие попуштања толку погубни за душата? Залуденоста со модата и копнежот за задоволства го преплавува светот. Неморалот е во постојан пораст. Зашто христијанките не се трудат да бидат доследни на својата возвишена вера? {4C 646.3}

Христос се срами од ваквите Свои следбеници. Со што и во што ние покажуваме било каква сличност со Него? Во што се согласува нашиот начин на облекување со библиското учење? Не сакам гревовите на овој народ да бидат на мене, и затоа на

трубата и давам вака јасен звук. Веќе со години пишувам и зборувам за тоа прашање. Моето сведоштво во тој поглед е сосем јасно и одлучно. Не одбегнувам Божјите совети да ги објавам во потполност. Сакам да бидат чиста од крвта на сите. Фактот дека световноста и горделивоста сè повеќе преовладуваат не е изговор за христијанката да се поведува според останатите. Бог јасно вели: „Не оди со мнозинството на зли места". {4C 647.1}

Сестри мои, не играјте си повеќе со спасението на својата душа. Со Бога не треба да се шегуваме. Покажано ми е дека љубовта кон облекувањето е главна причина на вашето духовно назадување. Тоа доведува до занемарување на сериозните одговорности, и во вашето срце едвај постои искра на љубов кон Бога. Раскинете без одложување со оваа причина на вашето назадување, бидејќи тоа претставува грев и против вашата душа и против Бога. Не дозволувајте срцето да ви одрвени од измамата на гревот. Модата го изопачува умот и ја поткопува духовноста на нашиот народ. Робувањето на модата сè повеќе зема замав и меѓу адвентистите на седмиот ден и прави многу повеќе од сè друго за да го одвои нашиот народ од Бога. Покажано ми е дека правилата на нашата црква во тој поглед се непотполни. Секое манифестирање на горделивост во облекувањето, кое е забрането во Божјата реч, би требало да биде доволна причина за примена на црквена дисциплина. Доколку некоја сестра, и покрај сите опомени, повици и молби продолжува да ја спроведува својата изопачена волја, тоа може да се смета за јасен доказ дека нејзиното срце не е обединето со Христа. „Јас" и само „јас" станува предмет на обожавање и една таква побожна христијанка може многумина да одврати од Бога. {4C 647.2}

За нас како народ е многу тежок грев што дозволуваме членовите на нашата црква да се облекуваат на начин кој не е во согласност со нашата вера. Мораме веднаш да се пробудиме и да ја затвориме вратата пред заводливите искушенија на модата. Ако не го направиме тоа, нашите цркви ќе се деморализираат. {4C 648.1}

---

63. ПРАВИЛНО ОБРАЗОВАНИЕ

Правилното образование не е само знаење стекнато од книги и интелектуално усовршување, туку тоа е обука која обезбедува здрав морал и коректно однесување. Ние стравуваме дека и многумина од оние кои примаат студенти во своите домови не ја сфаќаат својата вистинска одговорност и не вршат добро влијание на тие млади. Таквите студенти ги немаат сите оние предности кои би можеле да ги имаат на колеџот. Премногу често се слуша прашањето: „Зар јас сум чувар на својот брат?" Каква грижа, каков товар или одговорност треба да сносам за студентите кои само живеат во мојот дом? Мојот одговор на таквите гласи: Должни сте да водите грижа за нив исто како и за своите деца. {4C 648.2}

Христос вели: „Љубете се еден со друг како што Јас ве љубам". Душите на тие млади кои сте ги примиле под својот покрив се драгоцени во Господовите очи исто така како и душите на вашите драги деца. Тие момчиња и девојки, напуштајќи го својот дом, се лишени од сите предности на позитивното домашно влијание затоа оние кои што ќе ги примат кај себе се должни тој стан да го направат влијателен и пријатен за нив. Грижејќи се така за овие млади тие би надополниле еден голем недостаток во нивниот

живот, а пред Бога би го направиле истото што го прави и проповедникот зад проповедалната. Да се оградуваат овие млади со влијание кое ќе им биде заштита од искушенијата и подготовка за вечноста, да се приведат кон Христа - тоа е делото кое небото го признава и цени. Оние кои живеат во големиот центар на нашето дело каде што постојат значајни интереси кои треба да се помагаат, имаат сериозни одговорности. Оние кои ќе одлучат да живеат во Батл Крик треба да бидат мажи и жени на вера, духовна мудрост и молитва. {4C 648.3}

Во училиштето се состануваат стотици млади со различни склоности и различно воспитување и затоа е потребно големо внимание и многу трпение за умот на оние кои се развивале под погрешни влијанија да се насочи на добар пат. Некои од нив никогаш не биле дисциплинирани, други пак биле под премногу силна дисциплина така што сега, ослободени од раката која будно, а можеби и премногу круто ги зауздувала и контролирала, се чувствуваат слободни да работат што им е волја. Таквите ја презираат дури и самата помисла на било какво ограничување. Собрани во нашиот колеџ, овие разновидни елементи задаваат грижи, претставуваат товар и одговорностите ги прават уште потешки, не само за учителите, туку и за целата црква. {4C 649.1}

Студентите во нашиот колеџ се изложени на многубројни искушенија. Тие тука доаѓаат во контакт со поединци со секаков морал и различни погледи. Оние кои имаат какво-такво верско искуство заслужуваат секаква осуда ако одлучно не се спротивстават на злите влијанија. Но многумина од нив повеќе сакаат да се поведуваат по своите склоности. Тие не сфаќаат сериозно дека својата среќа сами ја создаваат или пак уништуваат. Во нивна моќ е своето време и можности да ги искористат така што ќе изградат карактер кој ќе ги направи среќни и корисни во животот. {4C 649.2}

Младите кои живеат во Батл Крик се во постојана опасност затоа што не одржуваат постојана врска со небото. Кога навистина би биле верни на својата вера, би можеле да бидат живи мисионери за Бога. Со манифестирање на христијански интерес, симпатии и љубов кон младите кои доаѓаат во Батл Крик од други места, тие за нив би можеле да бидат вистински благослов. Треба да се вложат најсесрдни напори за тие нерасипани момчиња и девојки кои доаѓаат од страна да не западнат во друштво на несовесни и површни кои само бараат друштво и забава. Таквите шират деморализирачко влијание насекаде - и во колеџот, и во санаториумот и во издавачките установи. Бројот на нашето членство постојано се зголемува, додека будноста и ревноста во чување на тврдината се наоѓаат во постојано опаѓање. Кога би биле подготвени да гледаат со отворени очи, сите би можеле да увидат каде води сето тоа. {4C 649.3}

Многумина се доселуваат во Батл Крик само за да им овозможат на своите деца школување во нашиот колеџ, но не увидуваат колкава одговорност повлекува тоа со себе. Тие не сфаќаат дека постои нешто на што би требало да посветат повеќе внимание отколку на своите лични себични интереси; не сфаќаат дека со своето доаѓање можат да станат пречка, а не благослов, доколку не доаѓаат со цврста намера тамошните благодати не само да ги примаат, туку и да ги делат со другите. Сепак никој со доаѓањето во Батл Крик не мора да ја изгуби својата духовност; ако сме цврсто решени да Го следиме Христа, не постои сила која може да нè наведе да застраниме од патот по кој, според Божја намера, треба да одат избавените. Никој не може да биде принуден да ги повторува грешките на оние кои се христијани само по име. Гледајќи ги грешките и недостатоците на другите, ние сме должни и пред Бога и пред ближните да им пружиме подобар пример. Меѓутоа, некои со грешките и слабостите на другите ги оправдуваат своите карактерни недостатоци, и дури со дела ги поддржуваат токму

оние негативни особини кои ги осудуваат со зборови. На тој начин тие всушност ги охрабруваат оние за кои мислат дека застраниле од христијанскиот пат. Тие со отворени очи одат во стапица на непријателот. Во Батл Крик не се малку оние кои упорно продолжуваат по таквиот пат. Доселувајќи се во место каде што се сконцентрирани нашите институции, некои се раководат според себичната желба за заработувачка и стекнување на пари. Таквите не можат да дадат никаква помош на младите студенти ниту со поука ниту со пример. {4C 650.1}

Опасностите на кои се изложени младите се зголемуваат кога тие ќе се најдат во друштво на голем број свои врсници со различен карактер и животни навики. Во такви околности, многу родители се склони на попуштање наместо да ги удвојат своите напори да ги чуваат и будно контролираат своите деца. На тој начин тие го префрлаат огромниот товар на одговорните во училиштето и во црквата, кои и така се чувствуваат одговорни. Кога таквите родители ќе увидат дека децата им се изопачуваат, тие се склони да ги обвинат оние кои го носат товарот на делото, додека злото всушност е предизвикано од погрешното насочување на своите родители. {4C 650.2}

Наместо да се обединат со оние кои го носат товарот на одговорност, подигнувајќи го знамето на моралот и залагајќи се со цело срце и душа во Божји страв да ги исправат грешките на своите деца, многу родители ја смируваат сопствената совест зборувајќи: „Моите деца не се полоши од другите". Стравувајќи да не ги повредат своите деца и тие поради тоа да не тргнат по уште полош пат, родителите настојуваат да ги прикријат нивните грешки, што на Бога му е одвратно. Ако во срцето на децата се наоѓа дух на бунт и непослушност, многу е подобро да се задуши веднаш отколку да се дозволи со попуштање сè повеќе да зацврсне и да зајакнува. Кога родителите исправно и совесно би ја извршувале својата должност, ситуацијата би била сосем поинаква. Многумина од тие родители застраниле и се одвоиле од Бога. Затоа им недостига Неговата мудрост за да ги препознаат сатанските лукавства и да ги избегнат неговите стапици. {4C 650.3}

Во ова време на земната историја треба будно да се стражари над децата и младите. Треба да се советуваат и ограничуваат. Првосвештеникот Илија го снашло проклетство и Божја казна затоа што не ги зауздувал своите безбожни синови. Во Батл Крик има родители кои во своето постапување со децата не се ништо подобри од Илија. Тие не се осмелуваат да ги контролираат своите деца. Иако гледаат дека нивните деца во многу нешта му служат на сатаната, тие преминуваат преку тоа како преку нужно зло кое мора да се поднесува едноставно затоа што тоа е неизлечиво. {4C 651.1}

Секој син и секоја ќерка ако навечер се оддалечат од домот треба да се повикаат на одговорност. Родителите треба да знаат во какво друштво се наоѓаат и движат нивните деца и во чиј дом го минуваат своето време. Некои деца и млади, служејќи се со лага, ги измамуваат своите родители за да го одбегнат разоткривањето на своите лоши постапки. Таквите бараат друштво на изопачени другари и тајно посетуваат кафеани и други забранети места по градот. Има студенти кои одат во билјардски сали, каде што играат карти, лажејќи се дека во тоа нема никаква опасност. Бидејќи нивна цел не е ништо друго освен разонода, тие се чувствуваат сосем сигурни. Тоа не го прават само оние на кои им недостига соодветно воспитување. Дури и некои од оние кои се многу грижливо воспитувани и учени да гледаат на тоа со гадење и одвратност, се осмелуваат да зачекорат на тоа забрането тло. {4C 651.2}

Младите треба да се контролираат со цврстина во начелото, за да можат правилно да ги користат способностите кои Бог им ги дал. Меѓутоа, тие до таа мера се поведуваат по моменталните побуди, без оглед на начелата, за на тој начин постојано да се

изложуваат на опасности. Бидејќи не можат постојано да бидат под водство и заштита на родителите и душегрижниците, тие мораат да се научат сами да ги контролираат своите постапки. Мораат да се научат да мислат и да постапуваат совесно, раководејќи се секогаш според одреденото начело. {4C 651.3}

Оние кои се занимаваат со студии треба и да се опуштат. Умот не смее постојано да биде окупиран со напорно размислување, бидејќи со тоа се исцрпува и преморува умствената машинерија. Но во разонодата е потребна умереност како и во сè друго. Карактерот на таквата разонода треба внимателно и темелно да се разгледа. Секој од младите треба себеси да си го постави прашањето: Како оваа разонода ќе влијае на моето физичко, умно и морално здравје? Нема ли можеби таа до таа мера да ме залуди да заборавам на Бога? Нема ли можеби поради тоа да ја изгубам од вид Божјата слава? {4C 652.1}

Играњето карти треба да се забрани, бидејќи неговата цел претставува опасност. Во коцкарниците и насекаде каде што се играат карти, претседава кнезот на темнината. Злите ангели на такво место се вообичаени гости. Во таквиот вид на забава навистина нема ништо корисно ниту за душата ниту за телото, ништо што го зајакнува умот, или што би го збогатило со идеи корисни за идна употреба. Разговорот најчесто се сведува на недолични шеги, подли и валкани зборови кои го понижуваат и рушат вистинското достоинство на човекот. Таквите игри претставуваат најбесмислено, најнекорисно и најопасно занимање со кое младите воопшто можат да се занимаваат. Картањето силно ги возбудува оние кои се оддаваат на овој порок и тие набргу ја губат волјата и поттикот за било кое корисно и чесно занимање. Вештината во картањето често доведува до желба тоа знаење и вештина да се искористат во стекнување на лична добивка. На коцка прво се става мал износ на пари, а потоа сè поголем и поголем, сè додека на крајот не се западне во права коцкарска страст, која води во неизбежна пропаст. Колкумина од нив оваа погубна разонода ги довела до сите можни пороци: до сиромаштво, до убиство, до затвор, до разбојништво и конечно до бесилка! И покрај сето тоа, многу родители не го гледаат амбисот на пропаст кој со ширум отворени вилици се заканува да ги проголта нашите млади. {4C 652.2}

Меѓу најопасните места на кои луѓето често се состануваат со цел за уживање и разонода спаѓа театарот. Наместо да биде училиште на морал и доблест, како што тоа често се тврди, театарот претставува расадник на неморалот. Со таква разонода се зајакнуваат и утврдуваат порочните навики и грешни склоности. Песни со понижувачки карактер, разуздани гестови, изрази и движења кои го поттикнуваат порокот, ја изопачуваат фантазијата и го понижуваат моралот. Секое младо битие кое по навика присуствува на таквите претстави неизбежно ќе се расипе. Во нашата земја нема влијание кое посилно би можело да ја затруе нашата фантазија, да ги уништи верските впечатоци и да ја затапи желбата за невозбудливи задоволства и трезвени реалности на животот, отколку што тоа го прават театарските забави. Љубовта кон ваквите сцени зајакнува со секоја претстава, исто така како што со честата употреба на алкохол за зајакнува и желбата за опојни пијалаци. Единствен сигурен пат е да ги одбегнуваме театрите, циркусот и секое друго сомнително место за забава и разонода. {4C 652.3}

Има рекреации кои се навистина многу корисни и за умот и за телото. Раководејќи се според просветениот ум, кој знае да прави разлика помеѓу доброто и злото, може да се најде изобилство на начини за приредба и разонода чии извори не само што не се опасни, туку и поучни. Рекреацијата на чист воздух и набљудувањето на Божјите дела во природата претставуваат најголема благодат. {4C 653.1}

Големиот Бог, чија слава го осветлува небото и Кој со Својата семоќна рака одржува милиони светови, е и наш Татко. Ние треба да Го љубиме, со вера да се потпираме на Него со таква доверба како малите деца на своите родители; и Тој ќе нè прегрне како Свои синови и ќерки и ќе нè направи наследници на неискажаната слава на вечниот живот. Тој ги учи сите кртоки и понизни на вистината, „ги учи кротките да одат по Неговиот пат". Ако во послушност продолжиме да ја твориме Неговата волја, учејќи ги со задоволство и трудољубивост поуките кои ни ги дава во Своето провидение, наскоро ќе го слушнеме Неговиот глас: Деца, дојдете дома во небесните живеалишта кои Јас ги подготвив за вас. {4C 653.2}

---

64. ОДГОВОРНОСТ ПРЕД БОГА

Бог од нас со право очекува сите свои умни и физички сили мудро да ги употребиме и пред Него сме одговорни за тоа. Кој може да ја измери тежината на своите одговорности? Ќе мораме да положиме сметка за влијанието кое го ширирме. Она што нам можеби ни изгледа како мал недостаток во нашиот карактер се репродуцира и кај другите во многу поголем степен и така нашето влијание на зло може да се шири во недоглед и постојано да продолжува. {4C 654.1}

Никој нека не се осмелува лесноумно да зборува за предупредувањата и опомените на оние чија должност е да го чуваат моралот и духовното добро на оние кои се доверени на нивна грижа. Може да ни изгледа дека зборовите имаат мало влијание и дека кај слушателите создаваат само моментално влијание. Но тоа не е сè. Во многу случаи тие зборови наоѓаат одѕив во непосветеното срце на младите кои никогаш не се потчинувале на предупредувањата или ограничувањата. Еден непромислено изговорен збор може да влијае на вечната судбина на некоја душа. Секој поединец на извесен начин влијае на животот на другите. Со своето влијание ние делуваме или како светлина која осветлува и внесува ведрина во животот на другите, или пак како пустошна бура која уништува сè. Оние со кои се дружиме со своето влијание ги издигнуваме кон среќата и вечниот живот, или ги водиме кон несреќа и вечна пропаст. Никој не пропаѓа сам во своето беззаконие. Колку и да е ограничена сферата на нивното влијание, тој сепак шири влијание или на добро или на зло. Еден човек на својата смртна постела рекол: „Соберете го моето влијание и погребете го заедно со мене". Но може ли тоа да се направи? Не, не! Тоа како семе на троскот, разнесено преку другите на сите страни, фатило длабок корен и неизбежно донесува своја жетва. {4C 654.2}

Малку се оние кои создаваат лоши навики со предумисла. Со често повторување на погрешните постапки, навиките се создаваат несвесно и со текот на времето толку ќе се вкоренат и зацврстат што подоцна и со најистрајни напори, многу тешко се менуваат. Затоа никако не треба да постои колебање што побргу да се раскине со секоја грешна навика. Лошите навики, доколку не ги победиме, на крајот нè победуваат нас и ја уништуваат нашата среќа. Има толку бедни и несреќни човечки суштества, очајни и деградирани до таа мера што претставуваат проклетство за сите кои ги опкружуваат, а можеле да бидат корисни и среќни членови на човечкото семејство ако правилно ги

искористиле можностите кои им биле дадени. Многумина од младите пропуштаат драгоцени часови од својот живот во бескорисно мечтаење за она што е неостварливо. Таквите обично немаат ниту сила на карактерот ниту цврстина на начелата. Многумина се препуштаат на околностите, па дозволуваат како играчка на својата променлива природа да бидат носени по текот на животот. Тие секогаш бараат нечија наклонетост и симпатии, залудно очекувајќи среќа од другите. Сите кои продолжуваат по таквиот пат, ќе доживеат бродолом на своите надежи и за овој и за идниот живот. {4C 654.3}

Младите личности кои се дружат меѓусебно, можат едни за други да бидат или благослов или пак проклетство. Тие можат меѓусебно морално да се издигнуваат, облагородуваат и зајакнуваат, усовршувајќи се во начинот на однесување, во природата и во стекнувањето на знаење; но исто така можат да шират и изопачувачко влијание ако си дозволат себеси да станат безгрижни и неверни. {4C 655.1}

На сите кои својата доверба ја полагаат на Христа, Тој секогаш ќе им биде вистински помошник. Среќни се навистина оние кои одржуваат постојана врска со Него. Тие радосно одат по патот по кој Тој ги води, распнувајќи го поради Него своето „јас" заедно со сите сласти и телесни желби. Темелите на својата надеж тие ги имаат во Христа и никаква бура на неволи нема да ги поколеба, бидејќи својата вера ја градат на сигурен темел. {4C 655.2}

Од вас самите, драги момчиња и девојки, зависи дали ќе станете доверливи, честити и навистина корисни во животот. Бидете подготвени и цврсто решени секогаш да бидете на страна на правдата, без оглед на околностите. Своите лоши навики никако не можеме да ги понесеме на небо, и ако овде не ги совладаме, тие ќе нè исклучат од тоа среќно престојувалиште каде што живее правдата. Лошите навики многу силно се спротивставуваат на секое настојување да ги искорениме; но сепак можеме да ги совладаме ако во таа борба останеме непоколебливо одлучни и истрајни. {4C 655.3}

За да создадеме исправни навики, треба да се дружиме со личности со здрав морал и силно верско влијание. Да имаме секогаш на ум дека уште овде треба да се удостоиме за живот во небесните дворови. Драгоценото време на милост и проверка ни е дадено за да го отстраниме секој недостаток од својот карактер; и во тој правец треба да го вложиме секој напор, не само затоа за да наследиме вечен живот во иднина, туку и во овој живот да бидеме корисни. Момчињата и девојките треба да го сметаат добриот карактер капитал повреден од злато и сребро. Тоа е неуништлив капитал и ќе претставува непроценлива добивка тогаш кога секое земно богатство ќе ја изгуби вредноста. Младите треба да имаат повозвишена и поблагородна претстава за вредноста на христијанскиот карактер. Гревот ги заслепува очите и го осквернува срцето. Честитост, цврстина и истрајност се особини кои треба најсесрдно да се негуваат; бидејќи тие особини претставуваат неодолива сила за оној кој ги поседува - сила која го прави силен да прави добро, да се спротивстави на злото и трпеливо да ги поднесува страдањата и неволите. Во тоа блескавите особини на карактерот блескаат со најизразен сјај. {4C 655.4}

Силата на карактерот ја сочинуваат моќта на волјата и моќта на владеењето над самиот себе. Многу млади погрешно мислат дека силните и незауздани страсти се знак на силен карактер; меѓутоа, вистина е дека оној со кој господарат неговите страсти всушност е слаб. Вистинската големина и благородност на човекот се мерат со силата на чувствата кои тој може да ги контролира, а не со силата на чувствата кои го совладуваат него. Најсилен човек е оној кој, иако чувствителен на неправда и навреда,

може да ги заузда своите страсти и да им прости на своите непријатели. Таквите луѓе се вистински херои. {4C 656.1}

Многумина имаат така ограничена претстава за она што би можеле да станат, па поради тоа засекогаш ќе останат џуџиња во духовен поглед; додека, со правилно користење на способностите со кои Бог ги надарил, би можеле да развијат благороден карактер и со своето влијание да придобиваат души за Христа. Знаењето е моќ; но умните способности, без побожност и добрина на срцето, претставуваат сила на зло. {4C 656.2}

Нашите умни способности и моралната сила ни ги дава Бог; но секој поединец во голема мера сам е градител на својот карактер. Зградата на карактерот се sида секој ден. Бог во Својата реч нè предупредува да внимаваме како sидаме, за зградата на нашиот карактер да биде цврсто втемелена на вечната Карпа. Доаѓа време кога она што сега го sидаме ќе се покаже токму такво какво што всушност е. Сега е време да ги развиваме сите свои од Бога дадени способности, за да изградиме карактер кој ќе нè направи корисни во овој живот и достојни за повозвишен живот во царство на славата. {4C 656.3}

Секоја постапка во животот, колку и да изгледа безначајно, влијае на обликувањето на нашиот карактер. Добриот карактер е подрагоцен од богатството на целиот свет; и да се работи на изградување на карактерот е најблагороден потфат на кој луѓето можат да се посветат. {4C 657.1}

Карактерот формиран во постојано прилагодување на околностите е нестабилен, променлив, неурамнотежен и полн со спротивности. Оние кои поседуваат таков карактер немаат никаква повозвишена цел во животот. Тие не влијаат благотворно на изградбата на карактерот на другите, и потполно се бесцелни и беспомошни во животот. {4C 657.2}

Времето на живот кое овде ни е дадено е толку кратко што може да се измери со педа и треба мудро да се искористи. Бог сака Неговата црква да биде жива, посветена и делотворна заедница. Но нашиот народ, како целина, е уште далеку од тоа. Бог бара силни и храбри луѓе, живи и активни христијани кои, следејќи го Оној Кој ни оставил вистински пример, се подготвени со своето влијание одлучно да се заложат за интересите на Неговото дело и за правдата. Господ ни ги доверил Своите најзначајни и најсвечени вистини како свет залог, и ние треба да го покажеме нивното влијание во својот секојдневен живот и карактер. {4C 657.3}